УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” – СКОПЈЕ

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” – СКОПЈЕ

м-р Илија Ѓорѓи Јованов

ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ ВО СУЗБИВАЊЕТО НА ПОЛЕСНИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛИТЕТ

- ДОКТОРСКИ ТРУД -

Скопје, 2025 година

UNIVERSITY „SS. CYRIL AND METHODIUS“ – SKOPJE

„IUSTINIANUS PRIMUS“ FACULTY OF LAW – SKOPJE

Ilija Gjorgji Jovanov, LL.M.

ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF THE APPLICATION OF ALTERNATIVE SANCTIONS IN THE SUPPRESSION OF LIGHTER FORMS OF CRIMINALITY

- DOCTORAL DISSERTATION -

Skopje, 2025

Докторанд:

м-р ИЛИЈА Ѓорѓи ЈОВАНОВ

Тема:

„ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ ВО СУЗБИВАЊЕТО НА ПОЛЕСНИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛИТЕТ“

Ментор:

проф. д-р АЛЕКСАНДРА ГРУЕВСКА ДРАКУЛЕВСКИ
редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Комисија за одбрана:

проф. д-р МЕТОДИЈА КАНЕВЧЕВ
редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р НИКОЛА ТУПАНЧЕСКИ
редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ
редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р АЛЕКСАНДРА ГРУЕВСКА ДРАКУЛЕВСКИ
редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р АЛЕКСАНДРА ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА
редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Научно-истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно-истражувачко поле: Правни науки
Научна област: Казнено право

Датум на одбрана: _____

БЛАГОДАРНОСТИ

На самиот почеток би сакал да изразам благодарност до сите оние кои на различни начини придонесоа за финализирањето на оваа докторска дисертација. Пред сè, најголема и искрена благодарност од сè срце ѝ изразувам на мојата прекрасна менторка, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, за довербата во мене, знаењето, помошта, трудот, времето, посветеноста и несебичната поддршка кои ми ги даваше за целокупното времетраење на докторските студии, особено во текот на подготовката, изработката и стручното обликување на овој докторски труд.

Огромна благодарност ѝ изразувам на проф. д-р Миомира Костиќ за сите совети, помош, време, но и стручна литература кои ми ги посвети за време на мојот студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Република Србија, каде што реализирав меѓународна мобилност. Иако на Правниот факултет во Ниш бев гостин - истражувач докторанд, благодарение на проф. д-р Миомира Костиќ се чувствував многу пријатно како дома.

Искрени благодарности изразувам и до моите почитувани професори д-р Методија Каневчев, д-р Никола Тупанчески, д-р Гордана Лажетиќ и д-р Александра Деаноска Трендафилова, за нивното време кое го одвоија, како и за советите и сугестиите кои ми ги упатија при финализирањето на овој докторски труд.

Целокупното ваше огромно знаење и драгоцено искуство ме охрабруваше и поттикнуваше за целото времетраење на ова мое академско истражување, но и во секојдневниот живот. Среќен сум што токму вие ми бевте инспирација и поддршка во овој академски процес.

Се разбира, најдлабока и неизмерна благодарност за успешното завршување на докторските студии и изработката на докторскиот труд им изразувам на моите прекрасни родители Ѓорѓи и Анка кои секогаш имаат сила, верба, трпение и љубов за да ме поддржат при исполнувањето на моите цели и амбиции и кои ми се вистинска потпора во животот. Со нивната континуирана несебична жртва и неизмерна поддршка успеав да преминам преку многу животни предизвици и да остварам многу во животот,

а токму одбраната на мојата докторска дисертација е една од моите големи и значајни животни желби, како и конкретно достигнување на професионален план.

Оваа докторска дисертација со најголема благодарност им ја посветувам токму ним.

Со почит кон сите вас,

Илија Јованов

Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирав сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамки на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање.

_____

м-р Илија Јованов, с.р.

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

_____

м-р Илија Јованов, с.р.

м-р Илија Ѓорѓи Јованов

ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ ВО СУЗБИВАЊЕТО НА ПОЛЕСНИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛИТЕТ

– Апстракт –

Долгата историја на развитокот на казненото право понудила широка лепеза на различни видови казни кои се применувале спрема сторители на казнени дела. Нивната цел, од една страна, била да ги спречат сторителите во иднина да не вршат казнени дела а, од друга страна, со строгите казни и нивното јавно извршување воспитно да се влијае и на останатите членови на општествената заедница на начин што со стравот од строгите казни би ги одвратиле од евентуално сторување на казнени дела. Меѓутоа и строгите казни со својот ефект за застрашување не придонеле во целост да се постигне превенција на криминалитетот, ниту негова потполна репресија. Честото изрекување на затворски казни, дури и за полесни казнени дела, придонело за намалување на стравот од затворот, а престојот во затворска средина влијаел за ширење на криминалната инфекција. Со други зборови, репресивноста очигледно не влијаела во голема мера врз намалувањето и сузбивањето на криминалитетот. Имајќи го предвид ова, државата морала да изнајде соодветни модели за справување со многубројните и различни типови на криминалитет. Следствено, се појавила идејата за имплементација на алтернативни санкции во казнено-правниот систем кои првенствено биле замислени како одговор во сузбивањето на полесните облици на криминалитет. Оправдувањата за употреба на алтернативните санкции за сузбивањето на полесните облици на казнени дела, од една страна, се наоѓаат во фактот дека акцентот треба да биде ставен на превентивата, а не на ретрибутивната компонента на казната, а од друга страна, во многуте негативни ефекти кои сами по себе ги носи казната затвор по осуденото лице, по неговото семејство и по самата општествена заедница. Сето ова, само ја зголемува шансата сторителот кој веќе извршил казнено дело да стори и ново казнено дело, односно да стане рецидивист, со што превентивната функција на казната затвор евидентно ја покажува својата слабост. Од целокупната анализа опфатена во овој докторски труд, произлегува заклучокот дека македонскиот правосуден систем треба да се стреми кон прифаќање на современиот концепт за казнување и да се залага за адекватна примена на алтернативните санкции првенствено за сторителите на казнени дела од полесен вид и првопрестапниците, притоа задржувајќи ја казната затвор за потешките облици на казнени дела и за нивните сторители.

Клучни зборови: *криминалитет, казнени дела, казни, казнени санкции, алтернативни санкции.*

Ilija Gjorgji Jovanov, LL.M.

ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF THE APPLICATION OF ALTERNATIVE SANCTIONS IN THE SUPPRESSION OF LIGHTER FORMS OF CRIMINALITY

– Abstract –

The long history of the development of criminal law has offered a wide range of different punishments that apply to perpetrators of criminal offenses. Their purpose was, on the one hand, to prevent perpetrators from committing criminal offenses in the future and to deter other members of the social community from committing criminal offenses by instilling fear through severe punishments and their public execution. However, even strict punishments, with their deterrent effect, have not fully contributed to achieving the prevention of crime or its complete repression. The frequent imposition of prison sentences, even for minor offenses, has contributed to reducing the fear of prison, and staying in a prison environment has influenced the spread of criminal infection. Repression clearly did not have a major impact on reducing and suppressing crime. Considering this, the state needed to find models for dealing with the many and diverse types of crime. The idea of implementing alternative sanctions in the criminal justice system emerged, primarily conceived as a response to suppressing lighter forms of criminality. The justifications for the use of alternative sanctions to suppress minor forms of crime, on the one hand, are found because the emphasis should be placed on the preventive rather than the retributive component of the sentence and on the many negative effects that imprisonment itself brings to the convicted person, their family, and the social community itself. All of this only increases the chance that the perpetrator who has already committed a crime will commit a new crime, i.e., become a recidivist; thus, the preventive function of imprisonment evidently shows its weakness. From the overall analysis included in this paper, the conclusion emerges that the Macedonian judicial system should strive to accept the modern concept of punishment and advocate for the adequate application of alternative sanctions primarily for perpetrators of minor criminal offenses and first-time offenders, while retaining prison sentences for more serious forms of criminal offenses and their perpetrators.

Keywords: *criminality, crimes, penalties, criminal sanctions, alternative sanctions.*

ЛИСТА НА НАЈЧЕСТО КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ООН или ОН	Организација на обединетите нации или само Обединети нации
ЕУ	Европска унија
СЕ	Совет на Европа
РМ	Република Македонија
РСМ	Република Северна Македонија
КЗ	Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/2023)
ЗКП	Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018)
ЗП	Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015)
ЗИС	Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 74/2024)
ССРСМ	Судски совет на Република Северна Македонија
ЈОРСМ	Јавен обвинител на Република Северна Македонија / Јавно обвинителство на Република Северна Македонија
ЈО	Јавен обвинител / Јавно обвинителство
УИС	Управа за извршување на санкциите
КПУ	Казнено-поправна установа
КПД	Казнено-поправен дом

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1. Осудени полнолетни лица според видот на изречената казна затвор во временскиот период од 2017 до 2023 година

Табела 2. Вкупен број осудени лица што издржувале казна затвор во КПУ во временскиот период од 2019 до 2023 година

Табела 3. Тренд на затворска популација во Македонија (во периодот од 2000 до 2020 година)

Табела 4. Осудени полнолетни лица според видот на изречените алтернативни мерки во периодот од 2017 до 2023 година

Табела 5. Број на пробациски предмети во државата по одделенија за подрачјата на судовите со проширена надлежност во временскиот период од 2017 до 2024 година

Табела 6. Број на пробациски предмети во државата според видот на изречената пробациска мерка во периодот од 2017 до 2024 година

Табела 7. Структура на изречени осуди спрема полнолетни сторители на казнени дела во периодот од 2021 до 2023 година во Република Хрватска

Табела 8. Осудени полнолетни лица спрема изречените кривични санкции, во периодот од 2013 до 2022 година во Република Србија

ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

Графикон 1. Графички приказ на изречените казни затвор во временскиот период од 2017 до 2023 година

Графикон 2. Графички приказ на изречените алтернативни мерки во периодот од 2017 до 2023 година

Графикон 3. Графички приказ на бројот на пробациски предмети во државата во временскиот период од 2017 до 2024 година

С О Д Р Ж И Н А

Апстракт 6
Abstract 7
ЛИСТА НА НАЈЧЕСТО КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ 8
ЛИСТА НА ТАБЕЛИ 9
ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ 9
СОДРЖИНА 10

ВОВЕД 16
1. Структура на истражувањето 19
2. Предмет на истражувањето 24
3. Цели на истражувањето 25
4. Образложение на работните хипотези и тези 25
5. Методолошки пристап 26

ПРВ ДЕЛ

ГЛАВА I СУЗБИВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ 29
1. БОРБАТА СО КРИМИНАЛИТЕТОТ КАКО ГЛАВНА ЦЕЛ НА КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА 29
2. ЦЕЛ НА КАЗНУВАЊЕТО И ТЕОРИИ ЗА ЦЕЛТА НА КАЗНУВАЊЕТО . 37
2.1. Цел на казнувањето 37
2.2. Теории за целта на казнувањето 40
2.2.1. Апсолутни (ретрибутивни) теории 41
2.2.2. Релативни (утилитаристички) теории 43
2.2.3. Мешовити (еклектични) теории 45
2.2.4. Консеквенцијални теории 45
2.2.5. Реститутивна правда 47
2.2.6. Теорија за човековите природни права 51
3. ЗА ЗАШТИТНАТА ФУНКЦИЈА НА КАЗНЕНОТО ПРАВО 53

ГЛАВА II ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ 63
1. ПОИМ И РАЗВОЈ НА СФАЌАЊАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ 63
1.1. Поим за превенција на криминалитетот 63
1.2. Развој на сфаќањата за превенција на криминалитетот 68
2. ОСНОВНИ МОДЕЛИ (ТИПОЛОГИЈА) НА ПРЕВЕНЦИЈАТА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ 75
2.1. Примарна превенција 75
2.2. Секундарна превенција 75
2.3. Терциерна превенција 76
3. УЛОГАТА НА КАЗНЕНО-ПРАВНИОТ СИСТЕМ ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ 78

ВТОР ДЕЛ

ГЛАВА III КАЗНА ЗАТВОР (ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА) 84

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА КАЗНАТА ЗАТВОР (ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА) 84

2. КАЗНАТА ЗАТВОР ВО ДЕНЕШНО ВРЕМЕ 95

2.1. Кратки казни затвор 100

3. КРИТИЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 108

3.1. Позитивни страни на казната затвор 108

3.2. Негативни страни на казната затвор 111

3.3. Криза на затворот и на казната затвор 120

4. ИДНИНАТА НА КАЗНАТА ЗАТВОР 125

5. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА ОСУДЕНИ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА СПОРЕД ВИДОТ НА ИЗРЕЧЕНАТА КАЗНА ЗАТВОР ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2023 ГОДИНА 128

ТРЕТ ДЕЛ

ГЛАВА IV ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 132

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 132

2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 143

3. ТЕРМИНОЛОШКА НЕУСОГЛАСЕНОСТ ВО КАЗНЕНО-ПРАВНАТА НАУКА ВО ВРСКА СО ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 149

4. ВИДОВИ НА АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 152

5. ЦЕЛИ НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 153

6. ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ОПРАВДАНОСТА И ЦЕЛИТЕ НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 155

7. ПРЕДНОСТИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 160

7.1. Намалување на затворската популација 160

7.2. Намалување на буџетските трошоци 164

7.3. Можност за индивидуализација на казнената санкција 167

7.4. Похуман и помалку репресивен однос кон осуденото лице 169

7.5. Учество на општествената заедница при извршувањето на алтернативните санкции 170

7.6. Промоција на одговорност кај сторителите на казнени дела 171

ГЛАВА V АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО 173
1. ВОВЕДУВАЊЕТО НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ПЕРИОДОТ ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО 173
2. АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО (*DE LEGE LATA*) 177
2.1. Условна осуда 177
2.1.1. Историски развој на условната осуда 177
2.1.2. Поимовно определување на условната осуда 180
2.1.3. Нормираност на условната осуда во македонското казнено законодавство 181
2.2. Условна осуда со заштитен надзор 189
2.2.1. Историски развој на условната осуда со заштитен надзор во македонското казнено законодавство 189
2.2.2. Нормираност на условната осуда со заштитен надзор во македонското казнено законодавство 190
2.3. Условно прекинување на кривичната постапка 193
2.4. Општокорисна работа 194
2.4.1. Поим и правна природа на општокорисната работа 196
2.4.2. Местото на општокорисната работа во казнениот систем 198
2.4.3. Општокорисната работа во македонското казнено законодавство . 198
2.4.4. Предности и недостатоци на општокорисната работа 203
2.5. Судска опомена 206
2.6. Куќен затвор 209
3. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА ОСУДЕНИ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА СПОРЕД ВИДОТ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2023 ГОДИНА 214
4. ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 218
4.1. Неефикасност 218
4.2. Несоодветна примена во практиката 220
4.3. Проблеми со имплементацијата на алтернативните санкции 221
5. ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР 224
5.1. Декриминализација 225
5.2. Реформа на системот на казни 225
5.3. Усовршување на санкциите засновани во заедницата 225
5.4. Развивање на програми за реставративна правда 226
5.5. Обезбедување на поддршка за жртвите на казнени дела 226
5.6. Употреба на технологија во процесот на рехабилитација 226
5.7. Имплементирање на политики засновани на податоци и докази .. 228

5.8. Развивање на програми за подобрување на менталното здравје 228
5.9. Развивање на меѓународна соработка 228

ЧЕТВРТ ДЕЛ

ГЛАВА VI ПРОБАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 231

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ 231
2. ОСВРТ ВРЗ ЕВРОПСКИТЕ ПРОБАЦИСКИ ПРАВИЛА 235
3. ОСВРТ ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ ПРОБАЦИСКИ СИСТЕМ 237
4. ДЕЈНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРОБАЦИЈА 243
4.1. Проценка на ризик на обвинет 243
4.2. Условна осуда со заштитен надзор 244
4.3. Условен отпуст 246
4.4. Општокорисна работа 249
5. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОБАЦИЈАТА 253
6. ЗАКЛУЧОК 259

ПЕТТИ ДЕЛ

ГЛАВА VII АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ 260

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ 260
2. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО СТАНДАРДИТЕ И НОРМИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ 262
Стандардни минимални правила на Обединетите нации за вонинституционални санкции (т.н. Правила од Токио) 262
Основни принципи за третманот на затворениците 262
Основни принципи за употреба на програмите за реститутивна правда во кривичната материја 263
Правила на Обединетите нации за третман на жени затворенички и незатворски мерки за жени престапници (т.н. Правила од Бангкок) 264
Стандардни минимални правила на Обединетите нации за администрирање на малолетничка правда (т.н. Правила од Пекинг) 265
3. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО АКТИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА 267
Европска Конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица 268
Препорака бр. R (79) 14 на Комитетот на министри до државите членки во врска со примената на Европската конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица 270
Препорака Р. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата 271

Препорака Р. (2000) 22 на Комитетот на министри до државите членки за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата 273
Препорака Р. (99) 19 на Комитетот на министри до државите членки во врска со медијацијата во кривичните предмети 274
Препорака бр. R (99) 22 на Комитетот на министри до државите членки во врска со пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација 275
Препорака Rec (2003) 22 на Комитетот на министри до државите членки за условниот отпуст 281
Препорака CM/Rec (2018) 8 на Комитетот на министри до државите-членки во врска со ресторативна правда во кривичната материја 287
Препорака CM/Rec (2010) 1 на Комитетот на министри до државите-членки за Пробациските правила на Советот на Европа 288
Препорака CM/Rec (2014) 4 на Комитетот на министри до државите-членки за електронски мониторинг 289
Препорака на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкции и мерки во заедницата 292
Препорака Rec(2006)2-rev на Комитетот на министри до државите-членки за Европските затворски правила 293
Резолуција (70) 1 за Практична организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените и условно отпуштените лица 294
Резолуција за посебната состојба на жените во затвор и влијанието на затворањето на родители врз социјалниот и семејниот живот 298
Насоки за регрутирање, селекција, образование, обука и професионален развој на затворскиот и пробациски персонал 299
Рамковна одлука на Советот 2009/829/ЈХА 299
Директива 2016/800 на Европскиот Парламент и на Советот од 11.05.2016 година за процедурални заштитни мерки за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривична постапка 300
4. ЗАКЛУЧОК 301

ГЛАВА VIII КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ 302
1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ 302
2. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ФРАНЦУСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 303
3. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ИТАЛИЈАНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 308
4. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ГЕРМАНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 315

5. **АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО СЛОВЕНЕЧКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 329**
6. **АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ХРВАТСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 338**
7. **АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО СРПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО 349**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 364

ПРЕДЛОЗИ И ПРЕПОРАКИ 376

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (БИБЛИОГРАФИЈА) 386

ВОВЕД

Спречувањето на криминалитетот и спроведувањето на законите преку владеењето на правото е централна должност на секоја успешна демократска држава, а еден од главните предизвици со кој се соочуваат креаторите на казнената политика е како општеството да реагира спрема сторителите на казнени дела. Иако државите вложуваат многу во намалувањето на криминалитетот, сепак не постои универзален и унифициран начин за тоа, односно постојат различни пристапи применувани ширум државите во светот. Несомнено дека вообичаената реакција спрема криминалитетот е казнувањето, меѓутоа се поставува прашањето која казнена санкција да се примени кон конкретен сторител за конкретно извршено казнено дело. Законодавецот, во речиси сите светски законодавства, во системот на казнени санкции ги предвидел: казната затвор, паричната казна, споредните казни, како и алтернативните санкции, меѓутоа нивната практична примена зависи од судската власт, односно од самите судии.

Едно од најдинамичните прашања на кривичното право воопшто е прашањето на кривичните санкции. Тоа е старо колку и кривичното право. Уште од најраните времиња на постоењето на кривичното право, се бараат мерки со кои се сака да се постигне ефикасност во заштитата на оние добра што се заштитени со кривичното право. Но, и покрај егзактноста на неговото постоење, се чини дека тоа особено добива на актуелност во времето на кое и самите сме современици. Во последните неколку десетина години, едно од најактуелните прашања за состојбата на кривичното право воопшто е прашањето за кривично-правните инструменти за државна реакција на криминалитетот.[1]

Ова прашање станува актуелно во услови на зголемување на стапката на криминалитет, на зголемен број на тешки облици на криминално дејствување, на постојано појавување на нови облици и на недоволен степен на ефикасност и ефективност на постојните казнено-правни механизми (вклучувајќи ги и казнените санкции).

Неспорен е фактот за постојаниот раст на стапките на криминалитет во светот и во нашата држава, меѓутоа се чини дека судиите во најголем број од случаите прибегнуваат кон изрекување на казната затвор дури и за полесните казнени дела. Ова доведе до зголемен број на изречени казни затвор, особено на кратки казни затвор, а со

тоа и до преоптоварување на пенитенцијарните установи. Сепак, емпириски практиката покажува дека казната затвор е санкција која општеството го чини многу, а притоа не ги дава посакуваните и очекувани резултати. Дополнително, во состојба на емпириски и научно извршена верификација и валоризација на позитивните и негативните страни на казната затвор, при објективно потврдениот факт дека нејзината примена не ги дава очекуваните резултати во врска со сузбивањето и превенирањето на криминалитетот, таа сепак останува најчесто изрекувана казна од страна на судовите. Се поставува прашањето зошто казната затвор е најчесто изрекувана казна од страна на домашните судови?

Во современата казнено правна и пенолошка литература зачестено се пишува за негативностите на казната затвор за која се смета дека не е во можност да ги задоволи самите цели на казненото право и казнената политика, дека со нејзината примена не се сузбива успешно криминалитетот, како и дека не се постигнува ресоцијализација на сторителите на казнени дела. Ова особено се истакнува кај кратките казни затвор за кои се смета дека се несоодветни за примена на методите на ресоцијализација и превоспитување на сторителите на казнени дела.

Имајќи ги предвид стапката на криминалитет, бројноста на затворската популација, статистиката за изрекување на алтернативни санкции од страна на судовите, како и стапката на рецидивизам, се чини дека е неопходно да се преземат низа конкретни чекори во насока на понатамошен развој и подобрување на алтернативното казнување. Еден од начините да се постигнат тие цели е токму со адекватна примена, во соодветна и правична казнена постапка, на алтернативните санкции за казнено-правна репресија на полесните облици на казнени дела.

Имајќи предвид дека речиси секое современо казнено законодавство се залага за рестриктивна примена на казната затвор (лишување од слобода) и овозможување на третман на слобода на сторителите на казнени дела од полесен вид, како и заради жестоките критики спрема концептот на ресоцијализација, се појавила тенденцијата за хуманизација на санкциите во казненото право и законодавствата биле принудени да изнајдат соодветни алтернативни решенија со кои би се остварила целта на казнувањето.

---

[1] Bejatović, S. (2018). Alternativne krivične sankcije i regionalna krivična zakonodavstva (osnovna zakonska obeležja i iskustva u primeni - sličnosti i razlike), *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)*. Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 9-29.

Сето ова влијаело на пронаоѓањето на различни модалитети за санкционирање на сторителите на казнени дела, со што биле воспоставени никулците на алтернативните санкции кај кои ретрибутивниот елемент не бил ставен во преден план. Воедно, со апелите за хуманизација на казнувањето, како и со нагласената заштита на човековите слободи и права, се создал простор не само за едноставна нормираност на алтернативните санкции во казнените законодавства, туку и за нивна соодветна практична имплементација.

Примената на алтернативни санкции има позитивни ефекти како врз ресоцијализацијата на сторителите на казнени дела, така и врз намалувањето на притисокот врз институциите за извршување на затворските санкции. Употребата на алтернативни санкции му овозможува на сторителот да продолжи да работи, да се едуцира, да одржува врски со семејството и други активности кои можат да имаат превентивен ефект врз повторното извршување на казнено дело, но и да спречат стигматизација што тоа лице може да го има по издржувањето на казна затвор во пенитенцијарна установа.

Сведоци сме на постојат пораст на држави што вградуваат алтернативни решенија во своите казнени законодавства, што зборува во прилог на големата актуелност што затворските алтернативи ја имаат.[2]

Современите казнено-правни системи денес се базираат на современ концепт за казнувањето, односно се смета дека казната, покрај тоа што претставува средство за заштита на општеството од девијантни поведенија, таа истовремено претставува и средство за ресоцијализација и реинтеграција на сторителот на казненото дело во општествената заедница.

Сметаме дека и нашата држава треба да се стреми кон прифаќање на современиот концепт за казнувањето и да се залага за адекватна примена на алтернативните мерки и вонинституционален третман на сторителите на казнени дела од полесен вид и примарните сторители, притоа задржувајќи ја казната затвор за сериозните казнени дела и за опасните сторители на казнени дела.

Оправдувањата за употреба на алтернативните санкции за сузбивањето на полесните облици на казнени дела, од една страна, се наоѓаат во фактот дека акцентот треба да биде ставен на превентивата, а не на ретрибутивната компонента на казната, а од друга страна, во многуте негативни ефекти кои сами по себе ги носи казната затвор

[2] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: Студентски збор, стр. 22.

по осуденото лице (трајно обележување како криминалец и робијаш, одвојување од семејството, прекин на образованието, губење на работното место и тешкотиите за наоѓање на ново работно место, како и можноста да се подлегне под лошото влијание на проблематичните затвореници во затворската установа), по неговото семејство и по самата општествена заедница. Сето ова, само ја зголемува шансата сторителот кој веќе извршил казнено дело да стори и ново казнено дело, односно да стане рецидивист, со што превентивната функција на казната затвор евидентно ја покажува својата слабост. Доста сериозен проблем, особено во македонската судска практика, се често изрекуваните кратки казни затвор. Овие затворски казни, од една страна само ги преполнуваат затворските установи, а од друга страна го намалуваат или го елиминираат потполно стравот од затворот.

Идејата на истражувањето на овој докторски труд е резултат на поттикот да се дојде до одредени научни и практични сознанија, како и да се осознаат начините и методите кои придонесуваат кон една сеопфатна анализа, за да се добие целосна слика што всушност се прави на ова поле на истражување. Само преку холистички пристап на правната наука и правната практика можат се изнајдат соодветни модалитети за справувањето со предизвиците во оваа област. Имено, имајќи предвид дека кризата на затворот е реалност, соочени со големиот број на изречени кратки казни лишување од слобода, исправени пред предизвикот за справување со затворската пренатрупаност, ставени сме пред искушение да изнајдеме соодветни алтернативи на казната затвор со кои потполно би се постигнале целите на казнувањето.

Со оглед на недостатокот на соодветна научна опсервација на предностите и недостатоците од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на казнени дела, како и на недостиг на адекватна анализа за ефектите од примената на алтернативните санкции во практиката, се создава простор за анализа на постојните, но и за изнаоѓање на нови модалитети во делот на казнените санкции, а сè со цел сузбивање на казнените дела и намалување на стапката на криминалитет.

СТРУКТУРА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи го предвид вака замисленият и поставен методолошки приод, се определивме композицијата на истражуваната материја во оваа докторска дисертација, да биде структурно поделена во вовед, осум глави, заклучни согледувања и предлози и препораки.

Во правата глава од труд се анализира сузбивањето на криминалитетот. Во првата точка од оваа глава е претставен историскиот развиток на борбата против криминалитетот и општествената реакција кон истиот, како и казнената политика на државите со цел негово сузбивање. Во втората точка од оваа глава е анализирана целта на казнувањето, а се изнесени и бројни теории за целта на казнувањето од античко време до денес. Во третата точка од истата глава е прикажана заштитната функција на казненото право низ историска ретроспектива и е истакнато нејзиното значење.

Втората глава на трудот ја анализира превенцијата на криминалитетот. Во првата точка од оваа глава се обработени поимот и развојот на сфаќањата за превенцијата на криминалитетот од историјата до денес. Во втората точка од оваа глава се претставени основни модели (типологија) на превенцијата на криминалитетот, односно примарната, секундарната и терциерната превенција. Во третата точка од истата глава е анализирана улогата на казнено-правниот систем во превенција на криминалитетот.

Третата глава од трудот е посветена на казната затвор (лишување од слобода). Во првата точка од оваа глава е претставен историскиот развој на казната затвор (лишување од слобода) од античките цивилизации до современото општество. Прикажана е реформата на системот на казнени санкции, како и местото и улогата на казната затвор во истиот тој систем. Во овој дел, посветено е и внимание на пеналниот (пунитивниот, казнениот) популизам кој како релативно нов феномен претставува демагошко заживување на застарени и погрешни идеи за општествената корисност, праведност и потребата од заострување на казнените мерки против сторителите на казнени дела. Во втората точка од оваа глава детално е анализирана казната затвор во денешно време. Воедно, должно внимание е посветено на анализирањето на кратките казни затвор, нивните зачетоци, а изнесени се и аргументи *pro* и *contra* истите. Во третата точка од оваа глава се изнесени и образложени критички забелешки на казната затвор, преку анализирање на позитивните и негативните страни на казната затвор. Воедно, во овој дел се разгледува и кризата на затворот и на казната затвор кои стануваат сè поактуелни. Во четвртата точка од оваа глава се разгледува иднината на казната затвор.

Четвртата глава од трудот се однесува на определување на поимот алтернативи на казната затвор. Во првата точка од оваа глава е прикажан историскиот развој на алтернативите на казната затвор. Втората точка се однесува на определување на поимот алтернативи на казната затвор и во истата се изнесени многубројни дефиниции и

теоретско-правни сфаќања за алтернативите на казната затвор. Во третата точка од оваа глава е посветено внимание на терминолошката неусогласеност во казнено-правната наука во врска со поимот алтернативи на казната затвор. Четвртата точка се однесува на видовите на алтернативи на казната затвор. Петтата точка се однесува на целите на алтернативите на казната затвор. Во шестата точка од оваа глава се изнесени и елаборирани забелешки за оправданоста и целите на алтернативите на казната затвор. Седмата точка од оваа глава ги обработува предностите од примената на алтернативите на казната затвор, односно намалувањето на затворската популација, намалувањето на буџетските трошоци, можноста за индивидуализација на казнената санкција, похуманиот и помалку репресивен однос кон осуденото лице, учеството на општествената заедница при извршувањето на алтернативните мерки, како и промоцијата на одговорност кај сторителите на казнени дела.

Петтата глава од трудот детално ги обработува алтернативните мерки во македонското казнено законодавство. Во првата точка од оваа глава е даден осврт на воведувањето на алтернативните мерки во македонското казнено законодавство во периодот по осамостојувањето. Во втората точка од оваа глава детално се обработуваат алтернативните мерки во македонското казнено законодавство (*de lege lata*), односно условната осуда; условната осуда со заштитен надзор; условното прекинување на кривичната постапка; општокорисната работа; судската опомена и куќниот затвор. Во третата точка од оваа глава се анализираат проблеми и предизвици во примената на алтернативите на казната затвор, односно: неефикасноста, несоодветната примена во практиката, проблемите со имплементацијата на алтернативните санкции. Во последната точка од оваа глава се изнесени предлози за надминување на проблемите и предизвиците во примената на алтернативите на казната затвор.

Шестата глава од трудот ја обработува пробацијата во македонското законодавство. Во првата точка од оваа глава се изнесени воведни напомени за пробацијата, односно различни дефиниции за поимно определување на истата. Во втората точка од оваа глава е даден осврт врз Европските пробациски правила (Препораката CM/Rec(2010)1 на Комитетот на министри до земјите-членки на Советот на Европа за Европските пробациски правила). Во третата точка од оваа глава е даден осврт врз македонскиот пробациски систем од неговите зачетоци до денес. Во оваа точка се обработуваат и дејностите на Секторот за пробација, односно проценка на ризик на обвинет, условна осуда со заштитен надзор, условен отпуст и општокорисна

работа. Исто така, во оваа точка се изнесени и статистички податоци за пробацијата во нашата држава. Кон крајот на оваа глава се изнесени и заклучни согледувања.

Седмата глава од трудот е посветена на алтернативните санкции и мерки во меѓународните документи. На почетокот од оваа глава се дадени воведни напомени за алтернативните на казната затвор во меѓународните документи. Првата точка од оваа глава се однесува на активностите и најважни акти на Обединетите нации. Имено, Обединетите нации имаат усвоено неколку значајни правни инструменти и упатства кои се залагаат за употреба на вонинституционални санкции и мерки како алтернативи на затворот, како што се: Стандардните минимални правила на Обединетите нации за вонинституционални санкции (познати и како Правилата од Токио); Основните принципи за третманот на затворениците; Основните принципи за употреба на програмите за ресторативна правда во кривичната материја; Правилата на Обединетите нации за третман на жени затворенички и незатворски мерки за жени престапнички (познати и како Правилата од Бангкок); како и Стандардните минимални правила на Обединетите нации за администрирање на малолетничка правда (познати и како Правилата од Пекинг). Втората точка од истата оваа глава се однесува на активностите и најзначајни правни инструменти на Советот на Европа, како што се: Европската Конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица; Препораката бр. R (79) 14 на Комитетот на министри до државите членки во врска со примената на Европската конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица; Препораката P. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата; Препораката P. (2000) 22 на Комитетот на министри до државите членки за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата; Препораката P. (99) 19 на Комитетот на министри до државите членки во врска со медијацијата во кривичните предмети; Препораката бр. R (99) 22 на Комитетот на министри до државите членки во врска со пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација; Препораката Rec (2003) 22 на Комитетот на министри до државите членки за условниот отпуст; ревидираната Препорака CM/Rec (2018) 8 на Комитетот на министри до државите-членки во врска со ресторативна правда во кривичната материја; Препораката CM/Rec (2010) 1 на Комитетот на министри до државите-членки за Пробациските правила на Советот на Европа; Препораката CM/Rec (2014) 4 на Комитетот на министри до државите-членки за електронски мониторинг; Препораката на Комитетот на министри до државите-членки

за Европските правила за санкции и мерки во заедницата; Препораката Rec (2006) 2-rev на Комитетот на министри до државите-членки за Европските затворски правила; Резолуцијата (70) 1 за Практична организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените и условно отпуштените лица; Резолуцијата за посебната состојба на жените во затвор и влијанието на затворањето на родители врз социјалниот и семејниот живот; Насоките за регрутирање, селекција, образование, обука и професионален развој на затворскиот и пробацискиот персонал; Рамковната одлука на Советот 2009/829/ЈХА; како и Директивата 2016/800 на Европскиот Парламент и на Советот од 11.05.2016 година за процедурални заштитни мерки за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривична постапка. Кон крајот на оваа глава се изнесени и заклучни согледувања.

Осмата глава од трудот опфаќа преглед на алтернативните санкции и мерки во споредбените правни системи со користење на компаративниот метод на анализа со чија помош се утврдува состојбата на оваа проблематика во анализираните држави, со цел споредба на законодавствата и состојбите во овие држави и доаѓање до сознанија кои можат да бидат од големо значење во подобрувањето на домашното законодавство. Имено, во оваа глава од докторскиот труд се прикажани алтернативните санкции и мерки во француското, италијанското, германското, словенечкото, хрватското и српското законодавство. Она што може да се заклучи од компаративната анализа на наведените правни системи се, првенствено, различното поимање на терминот алтернативи на затворот, различниот степен на развој на алтернативните санкции, како и различните модалитети на нивно извршување. Меѓутоа, она што е заедничко за овие правни системи е заложбата за избегнување на изрекување на кратки казни затвор преку зголемена примена на алтернативните санкции, во насока и кон зголемување на степенот на почитување на човековите права, намалување на затворската пренатрупаност и рецидивизмот.

Кон крајот на трудот се изнесени заклучните согледувања од истражуваната материја предмет на оваа докторска дисертација. Заклучоците природно се надоврзуваат на сè претходно наведено во трудот. Истите се од големо значење во процесот на дефинирање на предлозите *de lege ferenda* со кои ќе може да се коригираат и подобрат постојните законски решенија кои ја уредуваат оваа материја во нашата држава.

По заклучните согледувања, во трудот неминовно се изнесени серија предлози и препораки кои сметаме дека е неопходно да бидат имплементирани со цел постигнување на темелни и содржајни реформи на целокупното казнено законодавство во нашата држава, а во насока на негова хуманизација и модернизација.

Верувам дека обработката на темата на ова истражување на начин како што е претставена во оваа докторска дисертација ќе придонесе за поцелосно согледување на предностите и недостатоците од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на криминалитет, како и дека ќе побуди поширок интерес кај сите оние кои се занимаваат со научно-истражувачка работа во областа на казненото право, но и со практична работа во правосудството.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување се предностите и недостатоците од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на криминалитет. За да ја постигнеме целта за успешна разработка на оваа тематика, како и за да дадеме придонес во казнено-правната литература, мораме теориски и емпириски да ги проучиме и анализираме казната затвор, критичките забелешки кои ѝ се упатуваат на истата, како и видовите на алтернативни санкции и мерки, нивната цел и содржина, нивната поставеност во домашната и меѓународната регулатива, ефектите кои (треба да) ги имаат истите врз сторителите на казнени дела на кои и им се изречени, како и судската казнена политика во однос на изречените алтернативни санкции и мерки.

Во фокусот на истражувањето се законските решенија што се однесуваат на алтернативните мерки кои постојат во македонското казнено законодавство, а кои се воспоставени како посебни и самостојни казнени санкции. Дополнително, анализирани се проблемите и предизвиците во примената на алтернативните мерки, а изнесени се и препораки за надминување на проблемите и предизвиците при нивната имплементација.

Дополнително, во истражувањето земени се предвид алтернативите на казната затвор кои постојат во некои од најзначајните меѓународни документи на Обединетите нации и Советот на Европа.

Покрај наведеното, истражувањето е насочено и кон анализа на законските решенија што постојат во компаративното законодавство, односно во француското, италијанското, германското, словенечкото, хрватското и српското законодавство.

Имено, потребата од анализа на различните облици на алтернативни санкции и мерки кои постојат во компаративните законодавства, придонесе за согледување на нивното значење, целта на нивното изрекување, категориите на сторители на казнени дела кон кои истите можат да се изречат, условите што ќе се наметнат со нивното изрекување, органите надлежни за нивно спроведување, односно извршување, придобивките и ефектите од нив, односно предностите и недостатоците од нивната примена во насока на сузбивање на криминалитетот.

Цели на истражувањето

Целта на истражувањето е да се прикажат предностите и недостатоците од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на криминалитет. Имено, со адекватна примена на алтернативните санкции би се постигнала целта на казнувањето, би се избегнале депривациите кои казната затвор ги предизвикува кај осудените лица, би се намалил ризикот од рецидивизам кај сторителите на казнени дела, би се редуцирале финансиските средства кои се издвојуваат од државниот буџет, а би се придонело и за побезбедна општествена заедница.

Општата научна цел на истражувањето се состои во научна дескрипција на податоците добиени од истражувањето, а преку кои ќе се дојде до соодветни сознанија за степенот на развој на алтернативните санкции во македонскиот казнено-правен систем и за примената на алтернативните санкции во судската практика во насока на сузбивање на полесните облици на криминалитет.

Образложение на работните хипотези и тези

Во оваа докторска дисертација се поаѓа од основната хипотеза дека *целта на казнувањето на виновен сторител на казнено дело од полесен вид и на примарен сторител во голема мера може да се постигне и под услови кои се помалку рестриктивни од условите за издржување на казна затвор во затворска средина, односно со изрекување на алтернативни санкции.*

За целите на докторската дисертација се поставени три посебни (помошни) хипотези кои произлегуваат од поставената основна (главна) хипотеза. Посебните хипотези се поставени во насока на зацврстување на претпоставките поставени со основната хипотеза.

Од вака поставената главна (основна) хипотеза, произлегуваат следниве посебни (помошни) хипотези:

1. *Со примената на алтернативни санкции за сторителите на казнени дела од полесен вид ќе се намали честото изрекување на кратките казни затвор од страна на судовите.*
2. *Алтернативните санкции овозможуваат избегнување на негативните ефекти и деривации кои настануваат во затворската средина врз личноста на осудените лица.*
3. *Примената на алтернативните санкции овозможува хуманизација во казнувањето на сторителите на казнени дела.*

Докажувањето на наведените посебни (помошни) хипотези ќе овозможи дополнување на основната (главната) хипотеза, односно со потврдување на посебните (помошни) хипотези всушност ќе се потврди и основната (главната) хипотеза.

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

За да се постигне објективно и детално истражување, а тргнувајќи од поставените цели на истражувањето и утврдениот предмет и содржина, како и со цел да се потврдат поставените хипотези, во истражувањето се користени соодветни основни и посебни научно-истражувачки методи и тоа: историски метод, нормативен метод, дескриптивен метод, компаративен метод, статистички метод, аналитичко-синтетички метод, метод на деск анализа (деск истражување), како и други помошни методи заради соодветно стручно обликување на самиот труд.

Историскиот метод е користен при обработката и анализата на промените настанати во материјалното казнено право (со измените и дополнувањата на Кривичниот законик), а кои се однесуваат на алтернативните мерки со што се овозможува фактите да се согледаат во време и простор.

Нормативниот метод е користен при обработката и анализата на позитивните национални законодавни решенија со кои се регулираат изрекувањето и извршувањето на алтернативните мерки, односно при анализата на соодветни одредби од Кривичниот законик[3], Законот за пробација[4] и Законот за кривичната постапка[5]. Исто така, овој метод е користен и во анализата на меѓународните правни норми кои се однесуваат на алтернативите на казната затвор. Во докторската дисертација извршена е правно-аналитичка интерпретација на законските прописи што се однесуваат на истражуваната проблематика.

Дескриптивниот метод е искористен во објаснувањето и опишувањето на предметот на истражувањето.

Компаративниот метод е искористен заради споредување на нормираноста на алтернативите на казната затвор во законодавствата на неколку држави од регионот и пошироко; споредување на казнено-правната репресија спрема сторителите на казнени дела; споредување на искуствата на различни држави на планот на превенција и репресија на криминалитетот, како и заради споредување на основните карактеристики на казнените политики на анализираните држави.

Статистичкиот метод е искористен при обработка и интерпретација на бројот на затворската популација на глобално ниво, густината во затворите, просечната должина на затворската казна, како и за трошоците на државата за затворската популација. Воедно, користени се официјални статистички податоци добиени од Државниот завод за статистика.

Аналитичко-синтетичкиот метод е искористен за извлекување на конкретни заклучоци од прибраните, анализирани и обработени податоци.

Методот на деск анализа / деск истражување (*desk research*) вклучува анализа на информации кои веќе постојат, односно кои се веќе објавени, поради што е познат и како секундарно прибирање на податоци. Имено, со примена на овој метод се анализираат информации од достапни секундарни извори, како што се: документи, извештаи, академски публикации и други материјали достапни во библиотеки или на интернет. Воедно, со неговата примена се добива поширока перспектива за проблемот

[3] Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 36/2023 и 188/2023).
[4] Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226/2015).
[5] Закон за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018).

што се проучува во овој труд, а воедно и се дополнува и потврдува знаењето за истражуваната тема.

Со оглед на ширината на истражуваната проблематика, а заради соодветно стручно и финално обликување на самиот семинарски труд, користен е и *методот на дијалектичко единство на индукцијата и дедукцијата*.

Истовремено, правилата на логичко заклучување, вклучително и систематското и телеолошкото толкување, се од несомнено голема помош во потврдувањето на основната теза дека целта на казнувањето на виновен сторител на казнено дело од полесен вид и на примарен сторител во голема мера може да се постигне и под услови кои се помалку рестриктивни од условите за издржување на казна затвор во затворска средина, односно со изрекување на алтернативни санкции. Изворите на сознанија за теоретскиот дел произлегуваат од постојната домашна и странска литература од областите на: казненото право, пенологијата, криминологијата, социологијата, како и од други научни дисциплини.

Со примена на наведената методологија на работа, се овозможува детално и структурно разработување на главите кои се поставуваат во оваа докторска дисертација, се овозможува извлекување на целосни и конкретни заклучоци, како кон поставените хипотези, така и кон поединечни прашања кои се разработуваат низ дисертацијата, а притоа со примената на основните и посебните научно-истражувачки методи сметаме дека темата претставува научно-истражувачки труд кој ќе даде свој придонес како кон научната мисла, така и кон решавање на практичните проблеми од областа на казненото право.

ПРВ ДЕЛ

ГЛАВА I СУЗБИВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

1. БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛИТЕТОТ КАКО ГЛАВНА ЦЕЛ НА КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА

Од најдревните времиња кога животните процеси и меѓусебните односи меѓу луѓето се остварувале во слобода, еднаквост, рамноправност, без наметнување еден над другиот со притисоци и насилство, од времето на полна зависност на човекот од природата, па се до денес кога човекот е на пат да ги совлада и потчини природните сили и закони на своите потреби, да ги спознае спротивностите на општествениот развиток и да пронаоѓа начини за нивно разрешување, останува отворено едно од централните прашања на човечките односи. Тоа е: како и на кој начин да се разрешат спротивностите помеѓу индивидуалните и општествените односи и интереси, како добрата и вредностите што ги создава човекот да се заштитат од неправото, недозволеното. Луѓето што ги напаѓаат тие приватни и општествени вредности и добра, што немаат поведение во сообразност со општоприфатените вредности и општо важечките норми, што имаат криминално поведение, како да се присилат да бидат „добри“, да постапуваат во согласност со владејачките општествени норми.[6]

Развојот на општеството и појавата на криминалитетот се испреплетени феномени кои се истражувани во различни академски дисциплини. Социолозите често анализираат како социјалните промени, како што се урбанизацијата или економските промени, можат да влијаат на стапката на криминалитет. Криминолозите ги проучуваат факторите кои придонесуваат за криминално однесување, вклучувајќи ги социјалните, психолошките и економските аспекти. Историските перспективи откриваат промени во криминалните обрасци со општествените трансформации. Разбирањето на овој однос подразбира испитување на интеракцијата на социјалните структури, културните норми и индивидуалните мотивации во текот на развојот на човековото општество.

Историскиот развој на општеството покажува дека во сите периоди на тој процес постоеле поединци што со своето негативно однесување ги нарушувале или се

[6] Арнаудовски, Љ. (1981). Малолетничко престапништво - предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81. Скопје: НИО Студентски збор, стр. 3.

обидувале да ги нарушат правилата на општествениот живот. Со нивното однесување биле загрозувани или повредувани најразлични добра, интереси, вредности и односи на општеството. Тогаш кога со оглед на општествената опасност на тие однесувања биле напаѓани интересите на класните општества се јавува потребата од нивно инкриминирање како кривични дела врз кои се надоврзува општествена реакција во вид на определена кривична санкција. На тој начин беа идентификувани општествено штетни појави наречени криминалитет што во зависност од условите, местото и времето на нивното јавување се манифестирале во најразлични облици и структури.[7]

Криминалитетот можеме да го дефинираме како „најтешката форма на противправно однесување на човекот која се состои во кршење на законските прописи со кои се заштитени најважните човекови права и слободи, како и темелните вредности на општественото уредување на секој правен систем.“[8]

Историски гледано, кон крајот на дваесеттиот век, се чинеше дека се појавува јасна шема во политиката за контрола на криминалот во современото општество. Од една страна, државата беше подготвена да одговори на загриженоста за монструозните криминалци и демонските други со сè построги казни; од друга, постоеше стратегија за „дефинирање на отстапувањето надолу“, со инкорпорирање на „криминолошка перцепција која сметаше дека криминализацијата на помалите отстапувања е непотребно стигматизирачка и контрапродуктивна.“[9]

Соодветниот одговор на овие „ситни отстапувања“ беше во форма на пренасочување, претпазливост и слично, всушност реагирајќи на нив како вообичаен непроблематичен аспект од секојдневниот живот. Сепак, порастот на казнениот популизам доведе до реорганизација на оваа внимателно моделирана *бифуркација*[10]. За разлика од ова, политиките за контрола на криминалот под влијание на казнениот популизам се со поголема веројатност да ги одразуваат можностите и непредвидените ситуации и се дизајнирани да имаат побарувачка со својата конституенца на „обични луѓе“ и нивните грижи и стравови.

---

[7] Сулејманов, З. (2001). Криминална политика. Скопје: Графохартија, стр. 15.

[8] Јованов, И. (2019). Влијанието на казната затвор во санкционирање на сторителите на кривични дела, во: *Списание на научни трудови од Десеттa Меѓународна Научна Конференција*, год. VI, бр. 2, стр. 1-6. Свети Николе: Меѓународен Центар за Славјанска Просвета.

[9] Garland, D. (2001). The Culture of Control. New York: Oxford University Press. pg. 117-118.

[10] Бифуркацијата означува поделба на нешто на две гранки или делови. Теоријата на бифуркација е математичко проучување на промените во квалитативната или тополошката структура на дадена фамилија криви, како што се интегралните криви на фамилија векторски полиња и решенијата на фамилија диференцијални равенки.

Во современа држава на либерална демократија неопходно е да постои широко споделена рамка на морални вредности и принципи во кои луѓето ќе имаат широки слободи и простор за развивање и остварување на различни цели и ставови. Таа рамка, меѓу другото, се рефлектира и во владеењето на правото. Истовремено, од исклучителна важност е секоја правна држава и нејзината казнена политика да биде сериозно посветена на борбата против криминалитетот преку моделирање на различни казнени санкции и начини на нивно извршување. Воедно, значајно да се напомене е дека честопати несоодветната казнена политика претставува закана за владеењето на правото и правната држава, како и за повреда на човековите слободи и права.

Криминалитетот, како масовна општествено-негативна појава и како индивидуално човеково неприфатливо однесување, со бројни штетни последици за поединецот и за општеството во целост, е повеќекратно детерминиран од разновидни меѓусебно поврзани криминогени фактори, кои, зависно од нивниот интензитет и од останатите компоненти од сиот каузален сплет, предизвикуваат одредени закономерни начини на извршување на конкретни кривични дела од разновидни групации (стопански криминалитет, класичен криминалитет, малолетнички криминалитет итн.). Секоја групација се карактеризира со богата лепеза на појавни облици и типови на криминални напади со сродни или исти криминалистички карактеристики. Соочени сме со евидентен случај на криминалитетот во целост.[11]

Казнено-правната теорија и практика занимавајќи се со основниот проблем - спречување, сузбивање и превенирање на криминалитетот како најголемо, најмасовно, скоро несовладливо општествено зло, постојано се занимава со проблемот на пронаоѓање, избор на средства и методи со кои најуспешно, најефикасно ќе го разрешува проблемот на егзистенцијата на криминалитетот во општеството. Низ целата историја на постоењето на општеството, криминалитетот е присутен секогаш во нови форми и облици што одговараат на степенот на цивилизациски и хуманистички развој на општеството.[12]

Како во минатото, така и во сегашноста, но и во иднина, секоја држава во светот презема бројни криминално-политички активности кои се насочени кон сузбивање на криминалот како најтешка форма на противправно поведение.

[11] Ангелески, М. (1994). Заложби за научен и стручен пристап во борбата против криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*. год. 1, бр. 1, стр. 192-194. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Од една страна општеството не може да се откаже од борбата со криминалот како најголемо и најопасно човечко зло, а од друга страна мора да го заштити сторителот од злоупотреба на државната моќ и овластувањата.[13]

Во сузбивањето на криминалитетот современото општество е исправено пред нужноста да ги разреши проблемите што произлегуваат од спротивностите во животот и односите што самото ги создава, бидејќи казната затвор како и другите кривични санкции, кои сè уште уживаат статус на најпогодни и најефикасни средства за сузбивање на криминалитетот, сè уште се јавуваат како социјален императив, бидејќи современото општество и на сегашниот степен на развој не најде подобри и поефикасни средства.[14]

Борбата против криминалитетот е напорна, тешка и сложена, како што е тежок и сложен и самиот овој облик на социјално-патолошко однесување, кое покажува константност и закономерност во начинот на настанувањето и натамошното опстојување во општествените односи, каде што и неговите корени треба да се бараат (во бројните противречности и тешкотии во развојот на секое организирано општество).[15]

Борбата против криминалитетот е навистина основна цел на казнената политика во многу земји. Казнените политики во сите држави имаат за цел да го одржат јавниот ред и мир, да ја гарантираат безбедноста на граѓаните, како и да го одвратат криминалното однесување. Важно е да се забележи дека ефективноста на казнените политики во борбата против криминалот е тема на тековна дебата. Од една страна се истакнуваат аргументите за порехабилитативен и ресторативен пристап ориентиран кон правдата, фокусирајќи се на решавање на основните причини за криминално однесување и реинтеграција на престапниците во општеството, а од друга страна се нагласува важноста на одвраќањето, казнувањето и неспособноста да се спречи криминалот и да се заштити јавноста. Креаторите на политики често се трудат да

---

[12] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 287.

[13] Арнаудовски, Љ. (2017). За системот на кривично-правните (казнено-правните) науки, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 2, стр. 369-380. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[14] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 152-153.

[15] Ангелески, М. (2007). Вовед во криминалистика. Скопје, стр. 301.

постигнат рамнотежа помеѓу овие перспективи за да создадат сеопфатен и праведен казнен систем.

Соодветната борба против криминалитетот, како главна цел на казнената политика, бара поголемо залагање при изучувањето на етиологијата на криминалитетот во општеството и примена на нови, соодветни и подобри мерки од постоечките со цел да се постигнат целите на казнената политика - сузбивање на криминалитетот. Ниту една држава не успеала да го искорени криминалитетот како негативна и опасна реална општествена појава, но секоја држава презема мерки за контрола и превенција, кои се интегрирани во казнената политика како дел од севкупната политика, со цел криминалитетот да може да се држи под контрола. Не може да се очекува дека ќе биде пронајден лек за антисоцијалното, криминално поведение, како што не може да се очекува да се најде решение за проблемот на криминалот. Реалноста е далеку од бајка. Вистината е дека во светот во кој живееме има луѓе што сторуваат казнени дела, има жртви на криминал, и има казнено-правен систем што произведува значителен број на криминалци. Она кон што треба да се тежнее е да се најде решение за фаќање во костец со причините на криминалитетот, да се преземат активности што ќе го намалат истиот до одреден степен што ќе биде прифатлив и лесно ќе се контролира. А, единствен пристап за сузбивање на криминалитетот секако дека не постои, потребно е да се преземат бројни интервенции со цел максимизирање на ефективноста.[16]

Даниел Гилинг (1997) во делото *Криминална превенција, теорија, начин на работење и политика*[17] заклучува дека имплементацијата на криминална превенција варира во зависност од степенот на разбирање на превенцијата како стратегија за борба против криминалот, развојот на општеството и владините политики во борбата против криминалот.

Со цел справување со проблемот на казнување, во контекст на комплексно современо општество, јасно е дека борбата против вршењето на кривични дела не може да се потпира само и исклучиво на затворањето, односно на затворските казни. Кривично-правниот систем мора постојано да бара нови идеи и решенија преку збогатување на системот на санкции и начините на коишто тие се извршуваат и

[16] Види: Груевска-Дракулевски, А. (2012). Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011, во: *Македонска ревија за кривично право и криминологија*, год. 18 и 19, бр. 1-2, стр. 157-198. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.
[17] Види: Gilling, D. (1997). Crime Prevention: Theory, Policy And Practice (1st Edition). London: Routledge Taylor & Francis Group.

посебно преку интернационалните широко прифатени алтернативни мерки кои што се развиени и спроведени од страна на пробациските служби.[18]

Имено, за спречување и сузбивање на криминалитетот во секоја држава се преземаат бројни мерки и активности кои се дел од казнената политика на државите, а кои се нужно поврзани со општествените и политичките вредности и интереси на секое конкретно општество. Тие мерки претставуваат целесообразен систем на планирани и координирани дејности кои вообичаено се диференцираат на: репресивни мерки и мерки на социјална превенција. Она што е заедничко за овие мерки е нивната примарна цел, а таа е сузбивање на криминалитетот.

Сузбивањето на криминалитетот претставува основна задача на државата. Пандан на нејзиното право на казнување е нејзината должност и одговорност во спречувањето на криминалитетот! Државата не може со друг да ја дели таа одговорност во преземањето на превентивните и репресивните активности. Криминалната превенција треба да претставува планирана и буџетски поддржувана функција на државата и нејзините органи. Една рационална и ефикасна криминална политика не може, се разбира, да остане во тесни државни рамки. Таа мора да смета на институционална и вонинституционална поддршка и на другите општествени фактори кои можат да влијаат врз сузбивањето на криминалитетот: јавноста, средствата за јавно информирање, семејството, образованието, научните институции, доброволните облици на активности на граѓаните итн.[19]

Иако ниедна земја денес не се откажува од казнувањето, сепак, расте свеста за тоа дека казната веќе не е и не смее да биде само гола примена на зло поради сторено зло (ретрибуција), туку мора да биде проследена и со усилби да му се помогне на сторителот да ја сфати и прифати нужноста од однесување сообразно со барањата на општеството изразени преку правото (ресоцијализација). Во оваа смисла казната може да се комбинира (и се комбинира) со мерки чијашто цел е отстранување на состојбите или условите што може да влијаат сторителот в иднина да врши кривични дела (мерки на безбедност).[20]

---

[18] Јованов, И. (2019). Осуденото лице – пред и по издржувањето на казната затвор, во: *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: „Кон подобра иднина: демократија, ЕУ интеграција и криминална правда“*, том 2, стр. 349-355. Битола: Правен факултет – Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола.

[19] Камбовски, В. (1994). Основи и правци на реформата на македонското казнено право, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 1, бр. 1, стр. 27-28. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[20] Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (6. изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 6.

Клучните аспекти на борбата против криминалитетот во казнените политики вклучуваат:

- **Одвраќање**: Казните се дизајнирани да ги одвратат поединците од нивно инволвирање во криминални активности. Стравот од казна делува како пречка, обесхрабрувајќи ги потенцијалните престапници да сторат кривични дела.
- **Казна и одговорност**: Казнените политики ги повикуваат на одговорност поединците кои се одговорни за нивните недозволени постапки. Прекршителите на законот се казнуваат пропорционално на сериозноста на нивните дела, со што се промовира чувство за правда и одмазда за жртвите и општеството.
- **Јавна безбедност**: Со затворањето на опасни поединци, казнените политики ја штитат јавноста од потенцијални штети. Отстранувањето на насилните или вообичаените престапници од општеството помага во одржувањето на јавната безбедност и го намалува ризикот од дополнителни злосторства.
- **Превенција**: Казнените политики имаат за цел да го спречат рецидивизмот преку обезбедување програми за рехабилитација, можности за образование и стручна обука во казнено-поправните установи. Овие иницијативи имаат за цел да им овозможат на прекршителите на законот да стекнат вештини и успешно да се реинтегрираат во општеството.
- **Реституција**: Казнените политики може да вклучуваат компензација на жртвите за нивните загуби преку соодветни програми за реституција. Од прекршителите на законот се бара да им се оддолжат на жртвите, притоа промовирајќи чувство за правда и помагајќи им на жртвите да се опоравaт од влијанието на стореното казнено дело.
- **Рехабилитација**: Некои казнени политики ја нагласуваат рехабилитацијата, обезбедувајќи им на престапниците советување, терапија и едукативни програми за решавање на основните причини за криминално однесување. Рехабилитираните поединци имаат поголема веројатност да се реинтегрираат во општеството без повторно да извршат казнено дело.
- **Заштита на заедницата**: Казнените политики вклучуваат мерки за следење и надзор на ослободените престапници, како што се: програмите за условно ослободување и условна осуда со заштитен надзор. Овие мерки обезбедуваат внимателно следење на поединците кои се реинтегрираат во општеството, притоа намалувајќи го ризикот од штета на заедницата.

Па сепак, искоренување на општественото зло, што го нарекуваме криминалитет, е повеќе од илузорна надеж. Голема заблуда е очекувањето, кривичното право да ги реши сите тешки конфликтни состојби на општеството. Подобро е да се тргне од поставката дека кривичното право е последното и најмалку пожелно средство на правниот поредок во таа борба, дека тоа има супсидијарен (*ultima ratio*) карактер. Едно општество што сака да излезе на крај со појавите кои го загрозуваат неговиот опстанок треба да изнаоѓа други механизми за решавање на конфликтните ситуации, да применува други средства за отстранување на условите и состојбите што го раѓаат престапот.[21]

Предвидувањето на идниот развој на криминалитетот е предизвик поради сложената и повеќеслојна природа на криминалот, под влијание на социјалните, економските, технолошките и културните фактори. Она што е важно да се истакне е дека органите надлежни за спроведување на законите, креаторите на политики и заедницата потребно е да останат проактивни, да се прилагодат на новите трендови, како и да соработуваат при изготвување на стратегии засновани на емпириски податоци. Јавната свест, образованието и ангажманот на заедницата, исто така, играат витални улоги во справувањето со идните предизвици поврзани со криминалното однесување.

Во сообразност со настојувањето за ограничување на кривично-правната принуда, од една страна, и за изградба на Македонија како демократска правна држава, од друга страна, би било и прифаќањето на еден од основните принципи на модерната правна држава: принципот *in dubio pro libertate*. Секогаш кога постои сомневање за тоа дали една човекова дејност треба (или не треба) да се квалифицира како кривично дело и да се подложи на казнување, законодавецот треба да се определи за слободата, за неказнувањето.[22]

[21] Ibid., стр. 6-7.
[22] Ibid., стр. 7.

2. ЦЕЛ НА КАЗНУВАЊЕТО И ТЕОРИИ ЗА ЦЕЛТА НА КАЗНУВАЊЕТО

2.1. Цел на казнувањето

Во човековото општество државата настанала, функционирала и функционира, се изразува и се потврдува како институција преку која класата на власт ја одржува власта, ја остварува својата волја преку примена на различни средства и облици на присила врз народот, врз населението со кое владее. Казните се инструмент (средство) со кое се остварува државната присила низ целата историја на неговото постоење, па сè до денес. Затоа некои автори казната што државата ја пропишува и ја применува преку своите органи на присила ја одредуваат како „социјален императив“ без кој државата не може да функционира и да ги остварува своите цели.[23]

Сепак, одземањето на слободата на сторителот на казнено дело не претставува идеален облик на општествена реакција на криминалитетот.

Оправданоста и целта на казнувањето се предмет на дискусија не само кај теоретичарите на кривичното право, туку и кај бројни филозофи уште од античко време.[24] Притоа, треба да се има предвид дека филозофијата на казнувањето мора да се разгледува во поширокиот контекст на политичката теорија, а особено во светлината на оправдувањето на казната преку оправдувањето на принудната моќ на државата.[25]

Во теоријата не постои спор околу тоа дека казненото законодавство до одреден степен го намалува криминалитетот и го одржува под стапка која би била достигната доколку истото не постои. Основна претпоставка е дека стапката на криминалитет би била многу повисока кога не би постоела казната. Во современите казнени законодавства централно прашање е прашањето за одделните промени во казнувањето со кои може да се постигнат видливи разлики во стапките на криминалитет. Како најзначајни механизми за остварување токму на ова се целите на казнување.[26]

Определувањето на концептот на казнување, како и целта, оправданоста и начинот на казнување на сторителите на кривични дела се менувале низ историјата, а теориите и практиките на казнување поминале низ различни фази. Некои од нив се

[23] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 23.
[24] Stojanović, Z. (2016) Komentar Krivičnog zakonika. Beograd: Službeni glasnik, стр. 211.
[25] Hoskins, Z. (2017) Punishment. *Analysis*, 77(3), 619-632. Red de Servicios Profesionales. https://doi.org/10.1093/analys/anw022
[26] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 193.

карактеризираа со различни форми на суровост, додека за други, вниманието на законодавците беше насочено кон реформативните аспирации и етичките перспективи. Во поновата пенолошка мисла, поимот, целта, ефектот и оправданоста на казнувањето, како и можните алтернативи на казнувањето, се предмет на дебати во кои се конфронтираат бројни, честопати спротивставени теоретски гледишта. Без оглед на различните теоретски појдовни точки, неспорно е дека институцијата и практиката на казнување се длабоко вкоренети во моралните и правните системи, кои најмногу се засноваат на ставот дека казнувањето претставува неизбежен одговор на општеството на кршење на законот.[27]

Во најконцентриран вид антиномичната природа на правната принуда доаѓа до израз кај *јавно-правната казна* како основна санкција на казненото право. Казната е најтежок облик на реактивна (апостериорна) правна принуда. По дефиниција, таа е *справедливо возвраќање за извршеното дело, односно смислено, целно зло што му се нанесува на сторителот поради извршеното дело и во рамките на вината за делото*.[28]

Казната е универзален одговор на криминалитетот и девијациите во сите општества. Воедно, во правната теорија, но и во правната практика, отсекогаш се поставувало прашањето што е целта на казнувањето. Можеме да истакнеме дека преовладува ставот дека целта на казнувањето е остварување на правда, реинтеграција на сторителот на казненото дело во општествената заедница, притоа барајќи од него во иднина да се воздржи од извршување на казнени дела.

Гледано компаративно, можеме да истакнеме дека не сите јурисдикции во светот ги имаат утврдено целите на казнувањето во законите. Кога целта на казнувањето е експлицитно наведена во закон, истата се движи од општа превенција (реафирмирање на валидноста на правната норма нарушена со сторување на казнено дело, со што се задоволуваат очекувањата на заедницата за валидноста на прекршената правна норма), одвраќање, индивидуална превенција, рехабилитација, односно социјална реинтеграција, па сè до одмазда и изразување на социјално неодобрување, односно комбинација од наведените цели.

Државите во кои властите казнената политика не ја остваруваат на соодветен или очекуван начин, било со изрекување казни кои изгледаат недоволно строги, било со казнување недоследно или селективно, може да предизвикаат недоверба и несигурност

[27] Pavićević, O.; Ilijić, Lj.; Batrićević, A. (2024). Moralna i socijalna klima u zatvorima. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, стр. 21.

кај јавноста и да бидат окарактеризирани како неправедни. Истовремено, во одредени ситуации може да се забележи неусогласеност меѓу теоријата на казнување, казнената политика и практиката, односно неусогласеност меѓу декларираните цели и стварното постапување во таа област.[29]

Таква неусогласеност може да доведе до различни недоследности во практиката и, во крајна линија, да го загрози успехот во борбата против криминалот, но и да го доведе во прашање почитувањето на човековите права на осудените лица. Затоа е неопходно да се посочат клучните насоки во врска со определувањето на поимот казна, како и на основните цели кои со казната се планира да се постигнат во современите казнено-правни системи.[30]

Оправданоста на казната, односно на казнувањето, произлегува токму од целта што се обидува да се постигне со казната, односно со казнувањето. Во оваа насока, неминовно е да истакнеме дека, според македонскиот Кривичен законик[31], покрај остварување на правдата, *цел на казнувањето* е:

1) *спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување* и

2) *воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела*.

На овој начин, пропишаната цел на казнувањето во домашното казнено законодавство претставува спој на повеќе различни барања кои се поставуваат пред судот при изборот на видот и мерката на казната што ќе му се изрече на сторителот на казнено дело.

Сметаме дека целта на казнувањето треба да ја прифати општата превентивна цел на казната, заедно со силен фокус на социјалната реинтеграција на осуденото лице, со што во целост би се остварила целта на казнувањето. Дополнително, на овој начин би се зајакнала довербата на јавноста во правосудниот систем на државата.

---

[28] Камбовски, В. (2010). Филозофија на правото. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, стр. 266.

[29] Vasiljević-Prodanović, D. (2011). Teorije kažnjavanja i njihove penološke implikacije. *Specijalna edukacija i rehabilitacija*, vol. 10, br. 3, str. 509-525. Beograd: Univerzitet u Beogradu - Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju.

[30] Pavićević, O.; Ilijić, Lj.; Batrićević, A. (2024). Moralna i socijalna klima u zatvorima. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, стр. 22.

[31] Види: член 32 од Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/2023).

Ако ефектот на казната се гледа како застрашувачки, односно како заплашување, казнувањето е сложен и повеќедимензионален проблем на кој мора да се пристапи од неколку различни аспекти: филозофски, етички, психолошки, социолошки, криминолошки, пенолошки, т.е. правен. Тука треба да се истакне правниот аспект во кој заплашувањето се темели на: *de lege lata* и *de lege ferenda*, при што, како што наведува *Cirkveni*[32] во своето дело, второто бара определување во однос на пожелноста на заплашувањето како инструмент на криминалната политика. Се поставува прашањето како во пракса да се усогласат сите наведени ефекти од казнувањето, бидејќи рехабилитација може да се постигне само со доброволна согласност на сторителот, а тие не се секогаш подготвени за сопствени промени.[33]

2.2. ТЕОРИИ ЗА ЦЕЛТА НА КАЗНУВАЊЕТО

Уште *Платон* ја дефинира ретрибуцијата како фундамент на казната: со неа се израмнува неправдата предизвикана со извршеното дело, но тоа не го исклучува и поправањето на сторителот. Римските правници (*Улпијан*, *Паулус*, *Папинијан*) казната ја објаснуваат претежно како справедлива одмазда за извршеното дело, но не ги исклучуваат и функциите на застрашување и јакнење на јавната дисциплина. Идејата за казната како одмазда и за суровите и несправедливи казни како средства за застрашување и неутрализација доминира сè до појавата на современото право (почетокот на XIX век).[34]

Казните се разликуваат по нивната основна филозофија и форма. Главните филозофии за казнување вклучуваат: одмазда, одвраќање, рехабилитација, онеспособување и поправање. Формата на казнување може да се класифицира како формална или неформална во однос на организацијата и легитимното овластување на телото што санкционира. Санкциите, исто така, се разликуваат и по нивната валентност или насока.[35]

---

[32] .Cirkveni, N. (2010). Zastrašivanje u kaznenoj politici Republike Hrvatske. *Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci*, Vol. 31 No. 1, str. 559-598.

[33] Luketić, I. (2023). *Kratkotrajne kazne zatvora u suvremenom hrvatskom kaznenom pravu (doktorski rad)*. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet, str. 15-16.

[34] Камбовски, В. (2010). Филозофија на правото. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, стр. 266.

[35] Miethe, T. D., & Lu, H. (2004). Punishment Philosophies and Types of Sanctions. In *Punishment: A Comparative Historical Perspective* (pp. 15–49). chapter, Cambridge: Cambridge University Press.

Заради целосно и правилно разбирање на целите на казнувањето, а за да може да се разберат актуелните размислувања за целта на казнувањето, неопходно е да се навратиме на развојот на различните идеи за целта на казнувањето. Главното прашање на кое треба да се одговори е што сакаме да постигнеме, која е целта на казнувањето на сторителот на казнено дело. Во текот на XIX-от и XX-от век се појавиле три главни групи на теории за целта на казнувањето: *апсолутни, релативни и мешовити*.

Како резиме на различните теории и концепти, често во литературата се споменува главната поделба, со оглед на целта на казнувањето, на: апсолутни (ретрибутивни) теории, релативни (утилитаристички) теории и мешовити (еклектични) теории.[36]

- ***Апсолутни (ретрибутивни) теории***

Едно од најстарите и најосновните оправдувања за казнување ги вклучува принципите на одмазда и ретрибуција. Оваа равенка на казната со тежината на престапот е вградена во јудео-христијанската традиција во законите на Мојсеј од Стариот Завет кои ја нагласуваат идејата за „око за око“. Ниту ограничени од прашањата за вината на престапникот ниту насочени кон спречување на идните неправилности, престапниците според ретрибутивната филозофија едноставно го добиваат она што го заслужуваат.[37]

Ретрибуцијата често се учи како една од главните филозофии на казнување, заедно со (нагласеното) одвраќање и (помалку изразената) рехабилитација. Ретрибуцијата уживала големо теоретско „оживување“ во текот на XX-от и XXI-от век, имајќи предвид дека многумина филозофи и правници поминувале време артикулирајќи, бранејќи и разработувајќи најразлични верзии на ретрибутивизмот.[38] Исто така, постои добра причина да се верува дека ретрибутивизмот, во можеби погруба и многу помалку софистицирана форма, исто така, бил влијателен на практично ниво. Барањето за униформност во изрекувањето на казните ја одразува идејата дека казните треба да бидат приближно исти за сите престапници, што ги одразува ретрибутивните идеи за пропорционалност и заслужена казна.

---

[36] Kovčo, I. (2001). Kazna zatvora - zašto i kuda?, *Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu,* vol. 8, br. 2, str. 117-136. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

[37] Miethe, T. D., & Lu, H. (2004). Punishment Philosophies and Types of Sanctions. In *Punishment: A Comparative Historical Perspective* (pp. 15–49). chapter, Cambridge: Cambridge University Press.

[38] Подетално види кај: White, M. D. (ed.). (2011). Retributivism: Essays on Theory and Policy (1st edition). Oxford: Oxford University Press; Tonry, M. (ed.). (2011). Retributivism Has a Past: Has It a Future?, Studies in

Ретрибутивната теорија долго време гордо го држеше местото помеѓу теориите за кривично казнување и во филозофијата и во правото. Се чинеше, во различни времиња, или многу поинтуитивна, или рационално убедлива, или едноставно нормативно поправилна од другите теории. Но, ретрибутивната теорија е ограничена, како во теоријата, така и во практиката и во многу нејзини верзии најдобро е да се сфати не како теорија на казнување сама по себе, туку наместо тоа како стенографија за збир на ограничувања за извршувањето на казната. Дали некоја верзија на ретрибутивната теорија е жива можност во современиот свет, останува многу отворено прашање.[39]

Казната е првенствено ретрибутивна мерка во смисла што ја изразува и во себе ја материјализира преку ограничување на одредени човекови права и слободи општествено-етичката осуда на поединецот за сторено дело, општо јавно неодобрување и прекор за тоа извршено дело. Казната е јавна негативна социјално-етичка осуда на сторителот за извршено кривично дело, а во контекст на тоа и поттик и повик секој да се однесува согласно барањата на општеството. Значи, ретрибутивната природа на казната се состои во тоа што оваа присилна мерка на кривичното право мора да одговара на барањата на социјалната правда. Казната како социјално-етички прекор, се смета дека ја задоволува потребата за правда, а која во човековата душа ја замени потребата за одмазда како основа на репресијата. Понатаму, ретрибуцијата ја дава казната, поврзувајќи ја со праведноста на етичката вредност и димензија, што е неопходно за остварување на социјалната функција на казната на општествено и индивидуално ниво. Само казна поврзана со правдата и праведноста човек може да ја сфати како оправдан општествен прекор за сторено дело. Таквата казна може позитивно да делува на самиот сторител и на другите граѓани да не вршат кривични дела. Ако казната би била исклучиво превентивна мерка, тогаш тоа би значело престанок на казненото право и етичките ставови на современиот човек, во најмала рака, тоа во значителна мерка би ја намалило можноста на казненото право во сузбивањето на криминалитетот.[40]

Penal Theory and Philosophy. Oxford: Oxford University Press; Tonry, M. (ed.). (2011). Why Punish? How Much? A Reader on Punishment. Oxford: Oxford University Press.

[39] Flanders, Chad. (2014). Can Retributivism Be Saved?, in: *Brigham Young University Law Review*, Vol. 2014, Issue 2, p. 309-362.

[40] Види: Ilić, D. (2000). Smrtna kazna i prevencija. Достапно на: https://sirius.rs/clanci/dragan_ilic/smrtna.html#_ftn2. Пристапено на 11.01.2024 година.

Според апсолутните теории, целта на казнувањето е одмазда за тој што казнува и страдање за тој што е казнет. Со казната се враќа злото кое е нанесено со сторувањето на кривичното дело. Целта на казнувањето се исцрпува со фокусирање на минатото (*punitur quia peccatum est*). Казната е цел сама по себе, без разлика дали се применува врз основа на божествена, морална или законска правда.[41] Според теоријата на *божествена правда*, одмаздата, односно осветата, служи за задоволување на божествената правда, бидејќи доведува до помирување со боговите преку страдање на сторителот. Според теоријата на *морална правда*, одмаздата која произлегува од казната служи за задоволување на моралната правда, која според Кант е категоричен императив на човечкиот ум и здравиот разум. Ефектот што го има казнувањето врз општеството е целосно ирелевантен. Застапник на теоријата на *законска правда* е *Хегел*, кој наведува дека целта на казнувањето е да се воспостави закон кој е прекршен со кривично дело. Казната како негација на негацијата (кривичното дело е негација на законот) претставува дијалектичка нужност. Казната е, всушност, право на престапникот затоа што тој со извршување на кривично дело, свесно и доброволно прифаќа да биде казнет.[42]

- ***Релативни (утилитаристички) теории***

Утилитаризмот може да се сфати како гледна точка според која човечките постапки треба да се гледаат врз основа на нивните последици. Логиката на утилитаризмот е интуитивно блиска до човечкиот ум затоа што оправдувањето за примена на казната (што подразбира намерно нанесување болка на осудениот) го наоѓа во потрагата по корисни последици од казната. Таа придобивка треба да ги надмине негативните ефекти од намерното нанесување болка, процедура која е проблематична од морална гледна точка. За утилитаристите кои тргнуваат од сфаќањето дека среќата (задоволството) е единственото суштинско добро, а несреќата (страдањето) единственото суштинско зло, казнувањето е морално проблематично затоа што подразбира нанесување болка и страдање. Утилитаристите го прифаќаат фактот дека намерното нанесување страдање претставува суштинско зло, но дека ефектот на казнувањето, кој го намалува страдањето на жртвата, потенцијалните жртви и заедницата, ги надминува негативните ефекти од казната врз сторителот, неговото

[41] Види кај: Horvatić, Ž.; Novoselec, P. (1999). Kazneno pravo: opći dio. Zagreb: Ministarstvo unutarnjih poslova Republike Hrvatske.

семејство и блиското опкружување. Тие веруваат дека казната може да се оправда само со тоа што ќе покаже дека дава доволно задоволство или спречува доволно болка како би се победило злото. Од друга страна, моралистите кои ги следат Кантовите вредности за автономија и слобода на поединецот сметаат дека казнувањето е проблематично затоа што е принудно, односно се наметнува против волјата на осуденият. Казнувањето е морално проблематично како чин со кој човек нанесува болка и страдање на друг, што не е ниту праведно, ниту природно.[43]

Според релативните теории, казната треба да дејствува само превентивно. Актот на казнување се однесува на задачата за спречување на злосторството. Релативните теории за целта на казнувањето прават разлика помеѓу *позитивна генерална превенција*, односно зајакнување на правната свест и на довербата на заедницата во правниот поредок; *негативна генерална превенција*, односно застрашување на другите; *позитивна специјална превенција*, односно поправање на сторителот и *негативна специјална превенција*, односно обезбедување на општеството од сторителот преку негово затворање.

На релативните теории за целта на казнувањето најмногу им се забележува дека истите не предвидуваат никакво ограничување во однос на степенот на казна.

Се смета дека во групата на релативни теории припаѓаат: *антрополошката теорија*, осмислена од *Ломброзо*; *социолошката теорија* на *Франц фон Лист*; *теоријата за поправање* и *теоријата за општествена одбрана*.

Покрај наведената класификација, неопходно е да се истакне и дека релативните теории уште се нарекуваат и ***теории за превенција***, затоа што кај овие теории се истакнува дека основната смисла и цел на казнувањето во нивното делување врз луѓето е да ги спречат во иднина да вршат кривични дела.

Теоријата за превенција во основа се заснова на правото на државната власт да ги казнува виновниците, како и на правото и должноста на државата да го спречува повторувањето на делото, со тоа што казната ќе има застрашувачки ефект врз сторителите и другите.[44]

---

[42] Види: Kovčo, I. (2001). Kazna zatvora - zašto i kuda?, *Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu,* vol. 8, br. 2, str. 117-136. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu.
[43] Види: Vasiljević-Prodanović, D. (2011). Teorije kažnjavanja i njihove penološke implikacije, u: *Specijalna edukacija i rehabilitacija*, Vol. 10, No. 3, str. 509-525.
[44] Vujaklija, M. (1992). Leksikon stranih reči i izraza. Beograd: Prosveta, str. 711-712.

Релативните теории припаѓаат на периодот на општествено размислување за сузбивање на криминалитетот, па така се напушта идејата за одмазда и во казната се препознава начин за заштита на општеството од криминалитет. Овие теории се насочени кон иднината - се казнува за во иднина да не се греши. Јасно е, значи, дека станува збор за *теории на превенција* - специјални и генерални. Во рамките на овие две групи постои цела низа теории, кои само ќе ги наведеме. Во групата на теории за *специјална превенција* спаѓаат: 1. теорија на заплашување преку извршување на казна, 2. теорија на старателство, 3. теорија на поправање и 4. теорија на ресоцијализација. Во групата на теории за *генерална превенција* спаѓаат: 1. теорија на општо заплашување со предвидување на казна, 2. теорија на општо заплашување со извршување на казна и 3. теорија на опомена.[45]

- ***Мешовити (еклектични) теории***

Еклектизам означува спојување и отсуство на полно единство во поврзувањето на ставови, идеи и начела одбрани и преземени од разни учења.[46] **Мешовитите (еклектични) теории** настојуваат да изнајдат компромис помеѓу тие две спротивставени групи на теории, па основната појдовна точка на оваа група теории е дека казната не само што може, туку и мора да има повеќе цели.[47]

Во овој дел, неминовно е да ги споменеме уште и: консеквенцијалните теории за казнувањето, како и ресторативните теории за казнувањето.

- ***Консеквенцијални теории***

Консеквенцијалните теории, како доминантна пенолошка доктрина од втората половина на XX-от век, постепено отстапија место на ретрибутивните објаснувања на казнувањето. Многу автори посочуваат одредени забелешки за консеквенцијализмот, а една од нив се однесува на неуспехот на програмите за рехабилитација и третманот на престапниците како средство за постигнување на целите на казнувањето. Во врска со ова, беше ревидирана ретрибутивистичката идеја за казнување „според заслугата“, притоа почитувајќи го сторителот како морално суштество и рамноправен сограѓанин. Оваа идеја наиде на одобрување кај неолибералистите и поширокатa јавност. Како

[45] Ibid.
[46] Наведено според: Дигитален речник на македонскиот јазик. Достапно на: http://drmj.eu/
[47] Ibid.

резултат на примената на принципот на пропорционалност на казнувањето, сепак, имаше големо зголемување на бројот на затвореници, проблем со пренатрупаност во затворите и зголемување на трошоците, но и сè поголемо насилство, бунтови и број на рецидивисти. Почитувањето на моралниот статус на престапниците се претвори во практика на „складирање“ на опасните криминалци, кои се етикетирани како отпадници од општеството, во високотехнолошки згради со строг режим на казнување, без речиси никаква конструктивна содржина. Во такви околности, третманот беше во втор план, а безбедноста на затворениците беше во прв план.[48]

Во постмодерното општество, казнената политика е ориентирана кон прагматични цели на социјална контрола, која вклучува управување со ризик со што помалку трошоци. Ваквите „математички задачи“ многу подобро ги решава консеквенцијалната школа. Целта на примената на алтернативни санкции, исто така, не се совпаѓа со целите и вредностите на ретрибутивниот модел на казнениот систем. Оправданоста на алтернативниот начин на реагирање на криминалитетот е поблизок до консеквенционалниот начин на размислување. Промоцијата на процесот на ресторативна правда и зголемениот интерес за правата и интересите на жртвата го надминува барањето за задоволување на правдата. Индивидуализацијата на казната и нејзиното усогласување со карактеристиките на сторителот не е во спротивност со консеквенцијалното разбирање на казнувањето, за разлика од ретрибутивните ставови кои може да ја сметаат оваа практика за проблематична. Сите овие елементи укажуваат на потребата ретрибутивна правда да „бара помош“ од консеквенцијалната етика со цел ревидирање на вредностите и структурирање на казнениот систем кој на најефикасен начин ќе одговори на барањата на постмодерното општество.[49]

Сето ова укажува дека современото општество се стреми кон похуман и пофер начин на реагирање на криминалитетот. Ова најдобро се одразува во концептот на ресторативна правда. Кривичниот закон дава одговор на прашањето кој закон е прекршен, кој го прекршил и каква кривична санкција треба да се изрече на сторителот на делото за да се постигне целта за изрекување на кривични санкции. За разлика од кривично-правниот систем, кој е фокусиран на одмазда, ресторативната правда се фокусира на интересите на сторителите на кривичното дело, оштетеното лице и

[48] Види: Macanović, Nebojša. (2016). Alternativne krivične sankcije - za i protiv, u: *Probacija i alternativne krivične sankcije – mogućnosti i perspective*, Zbornik radova, tom I. Banja Luka: Centar modernih znanja, str. 24-35.

[49] Vasiljević-Prodanović, D. (2011). Teorije kažnjavanja i njihove penološke amplikacije, u: *Specijalna edukacija i rehabilitacija*, vol. 10, br. 3. str. 509-525.

локалната заедница. Ресторативната правда им овозможува на сторителот, жртвата и локалната заедница заеднички да одлучуваат за конкретен општествен одговор за одредено кривично дело.[50]

Неспорен факт е дека во затворите има сè поголем број на рецидивисти и дека е неопходен баланс помеѓу традиционалните и современите видови на казнување доколку сакаме да ја намалиме суровоста на класичниот кривичен систем и да придонесеме за што поуспешна ресоцијализација на сторителите на кривични дела, но да ја повратиме довербата на граѓаните во ефикасноста на правосудниот систем.[51]

Во продолжение на докторскиот труд, ќе ги разгледаме концептот на ресторативна правда и теоријата за човековите природни права.

- ***Ресторативна правда***

Концептот на казна поаѓа од патерналистичко-интервенционистичкиот концепт на државата, во кој државата, користејќи го монополот на сила, однапред им ги пропишува на граѓаните кривичните дела, постапката и казните што можат да им се изречат на сторителите. Меѓутоа, во развојот на современите казнено-правни системи, беше занемарено дека надзорот и дисциплината може да се воспостават како реакција на девијантното однесување во општествената заедница со минимално мешање на државата, а во исто време да бидат поефективна реакција на криминалот. Имено, граѓаните се воздржуваат од извршување на кривични дела не само поради стравот од затвор наметнат од државата, туку пред сè поради стравот од социјалното опкружување во кое живее поединецот, што во поголема или помала мера предизвикува срам кај сторителот.[52]

Филозофско-правна основа на современото сфаќање за казната е учењето за човековите природни права, посебно за правото на „позитивна слобода“! Во светлината на ова фундаментално право, казната е *prima facie* лоша и бара *специјално морално оправдување*. Тоа може да се најде само во повредата на еднаквите права на другите, под тоа подразбирајќи го правото на жртвата, односно на потенцијалните идни жртви.[53]

[50] Macanović, Nebojša. (2016). Alternativne krivične sankcije - za i protiv, u: *Probacija i alternativne krivične sankcije – mogućnosti i perspective*, Zbornik radova, tom I. Banja Luka: Centar modernih znanja, str. 24-35.
[51] Ibid.
[52] Braithwaite, J. (1989). Crime, shame and reintegration. Cambridge University Press.
[53] Камбовски, В. (2010). Филозофија на правото. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, стр. 269.

Современото општество се стреми кон похуман и пофер начин на реагирање на криминалитетот. Ова најдобро се одразува во концептот на ресторативна правда (*restorative justice*). Развојот на концептот на ресторативна правда претставува едно од најзначајните достигнувања на современиот казнено-правен систем и на криминална политика генерално.

Во теоријата се смета дека ресторативната правда е ново движење во областа на виктимологијата и криминологијата. Признавајќи дека криминалот предизвикува повреди на луѓето и заедниците, тој инсистира правдата да ги поправи тие повреди и на страните да им се дозволи да учествуваат во тој процес. Според тоа, програмите за ресторативна правда им овозможуваат на жртвата, на сторителот и на засегнатите членови на заедницата директно да бидат вклучени во одговорот на казненото дело. Тие стануваат централни учесници во процесот на кривичната правда, со владини и правни професионалци кои служат како олеснувачи на процесот кој има за цел одговорност на сторителот, репарација на жртвата и целосно учество на жртвата, сторителот и заедницата.

Ресторативната правда е пристап кон решавање на конфликти (вклучувајќи го и криминалитетот), кој започнува од потребите на жртвата, заедницата и сторителот и ги обединува сите страни во конфликтот за да им помогне да ги решат нивните конфликти и проблеми заедно, мирно, преку дијалог, и да постигнете договор за тоа како може да се поправи или надомести настанатата штета. Ресторативната правда е обновувачка правда: таа настојува да ја поправи/надомести настанатата штета и да ги поправи нарушените односи и да овозможи подобрување на меѓучовечките односи во заедницата. Таа, исто така, се стреми да доведе до зајакнување на жртвата и сторителот и да им овозможи повторно да се интегрираат во општеството.[54]

Со други зборови, ресторативната правда можеме да ја дефинираме како теорија на правдата која го нагласува поправањето на штетата предизвикана или откриена од криминалното однесување, а тоа најдобро се постигнува преку кооперативни процеси кои ги вклучуваат сите засегнати страни.

Ресторативната правда се обидува да го испита штетното влијание на казненото дело, а потоа одредува што може да се направи за да се поправи настанатата штета додека лицето кое го сторило е одговорно за неговите или нејзините постапки. Одговорноста за сторителот значи прифаќање на одговорноста и дејствување за да се

[54] Ćopić, S., Nikolić-Ristanović, V. (2016). Priručnik o najboljim praksama primene restorativnih pristupa u interkulturalnom kontekstu. Beograd: Viktimološko društvo Srbije : Prometej, str. 29.

поправи нанесената штета. Целта е да се поправи штетата и да се решат причините за казненото дело, истовремено намалувајќи ја веројатноста за повторно сторување на исто или друго казнено дело. Наместо да се фокусираат на изречената казна, мерките за реставтивна правда резултираат со тоа колку успешно се санира штетата настаната со извршеното казнено дело.

Дополнително, реставтивната правда настојува да ги вклучи оние кои се најдиректно погодени од казнено дело во судскиот процес, а тоа се жртвите и преживеаните. Со други зборови, наместо процес фокусиран на сторителот, реставтивната правда се фокусира на оние кои биле повредени и на штетите што ги доживеале. Во процесот на реставтивна правда, жртвите се овластени да учествуваат поцелосно отколку во традиционалниот систем на казнена правда. Слично на тоа, заедницата игра важна улога во процесот преку воспоставување стандарди на однесување, помагање да се бара одговорност од сторителот и обезбедувајќи поддршка за вклучените страни и можности да помогнат да се поправи штетата што настанала. Можноста да се поправи штетата што ја доживеала жртвата, целосното учество во одлучувањето, како и поддршката од заедницата, сето тоа помага во заздравувањето на жртвата после извршено казнено дело.

Реставтивната правда ги повикува жртвите на казненото дело и заедницата да учествуваат во процесот на справување со престапниците и поправка на штетата предизвикана од сторителот на казненото дело. Одмаздата и казнувањето, кои се клучните елементи на традиционалниот концепт на казнената правда, играат помала улога во концептот на реставтивна правда. Реставтивната правда се обидува да ги вклучи жртвите и да го натера сторителот на казненото дело да поправи дел од штетата направена врз жртвата и врз заедницата.

Покрај тоа што реставтивната правда може да се примени за решавање на конфликти, таа е важна за зајакнување на односите внатре во заедницата и превенција на нови или ескалација на постоечки конфликти, за што би била потребна интервенција на правосудниот или друг државен систем.[55]

Новозеландскиот криминолог *Алисон Морис*, упатува критики на примената на реставтивната правда, притоа истакнувајќи дека: „...реставтивната правда ги нагризува законските права; реставтивната правда резултира со проширување на мрежата; реставтивната правда го банализира криминалот (особено насилството на

[55] Ibid.

мажите врз жените); ресторативната правда не успева да ги „врати“ жртвите и престапниците; ресторативната правда не успева да изврши вистинска промена и да спречи рецидивизам; ресторативната правда резултира со дискриминаторски исходи; ресторативната правда ги проширува полициските овластувања; ресторативната правда ги остава недопрени дебалансите на моќта; ресторативната правда води кон будност; на ресторативната правда и недостасува легитимитет; а ресторативната правда не успева да обезбеди „правда“[56].

Друга критика на ресторативната правда сугерира дека професионалците честопати се изоставени од разговорот за ресторативна правда. *Алберт В. Џур* и *Сузан М. Олсон*[57] тврдат дека овој сектор на правдата не може да биде успешен без професионалци. Тие тврдат дека професионалците можат да помогнат во избегнувањето на проблемите што се појавуваат со неформалната правда и ја предлагаат теоријата за демократски професионализам, каде што професионалците не се само агенти на државата - како што сугерираат традиционалните сфаќања - туку како медиуми, промовирајќи ја вклученоста на заедницата, додека сè уште ги штитат поединците права.

Дополнително, некои критичари како *Грегори Шанк* и *Пол Такаги*[58] ја гледаат ресторативната правда како нецелосен модел со тоа што не успева да ги поправи фундаменталните, структурни нееднаквости што прават одредени луѓе поверојатно да бидат престапници од другите. Тие и другите ја доведуваат во прашање структурата на општеството и правичноста на институционалните системи во нивната суштина, притискајќи за решавање на основните причини за многу прекршоци еден на еден, како и за создавање социо-економски систем кој ќе биде поповолен за хармоничен, здрав живот воопшто.[59]

Воедно, некои истражувачи се согласуваат дека мора да се спроведат повеќе истражувања за да се поддржи валидноста на ресторативната правда во училиштата, особено за тоа како се спроведува.[60]

---

[56] Morris, Allison (2002). Critiquing the Critics: A Brief Response to Critics of Restorative Justice. Oxford University Press: The British Journal of Criminology. Vol. 42, No. 3: pp. 596-615.
[57] Dzur, Albert W. & Susan M. Olson. (2004). Revisiting Informal Justice: Restorative Justice And Democratic Professionalism. *Law & Society Review*, Vol. 38, No. 1: pp. 139-176.
[58] Shank, Gregory; Paul Takagi. (2004). Critique of Restorative Justice. Social Justice Vol. 31, No. 3: 147-163.
[59] Lofton, Bonnie Price. (2004). Does Restorative Justice Challenge Systemic Injustices?, in *Critical Issues in Restorative Justice*, edited by Howard Zehr and Barb Toews.
[60] Robbins, Brian. (2014). A study of the implementation of restorative justice at a public high school in southern California. *Claremont College*, pp. 1-60.

Во ниту една држава во светот ресторативната правда не е прифатена само како алтернатива на постоечкиот казнено-правен систем, туку нејзините различни елементи, во помала или поголема мера, се интегрирани во постоечкиот систем на државно реагирање на криминалитетот, што доведува до различни степени на остварување на ресторативна правда. Токму поради тоа, тешко е да се прифати дихотомната поделба на ресторативен и ретрибутивен систем, кои би постоеле сосема независно еден од друг, па затоа би требало да се наклони кон сфаќање на компатибилноста на овие два системи, што доведува до приближување на т.н. *максималистички концепт* на ресторативна правда. Имено, ресторативната правда не треба да се гледа како спротивност на репресивниот систем на државна реакција на криминалитетот. Тоа не се два посебни, независни системи на интервенција, туку два краја на еден континуум, интегрални делови на еден единствен систем. Исто така, не треба да се заборави на еден од клучните стандарди за примена на ресторативниот процес, а тоа е *доброволноста*, па така примената на ресторативните механизми се гледа како можност, а не како обврска.

- ***Теорија за човековите природни права***

Теоријата за човековите природни права е единствената основа врз која може да се постигне компромис меѓу редуктивизмот и ретрибутивизмот, со уважување на барањата и за пропорционалитет на казната со стореното дело и за ресоцијализација на сторителот. Правото на ресоцијализација, оттука, е основно човеково право: „Ако сум згрешил, имам право и сакам да бидам справедливо казнет“![61]

Се поставува прашањето, во согласност со оваа концепција, дали денес може да се зборува за едно ново *право на човекот – правото на законита, хумана и справедлива казна*? Еве ја аргументацијата за тврдењето дека правото на таква казна е елементарно право на сторителот на казненото дело! Кога тој не би имал такво право, тоа би значело дека постапувањето со него би било препуштено на *слободно наоѓање на судот*, што значи дека неговиот казнено-правен третман би бил мошне неизвесен и несигурен. Во современата правна држава казната има улога на поставување *цврста правна рамка* на рационалната, хумана и справедлива реакција на извршеното дело. Казната треба да се објаснува во светлината на правото на сторителот да биде казнет, а не третиран, кое е еманација на фундаменталното барање со него да се постапува како со човек.

Негирањето на тоа право имплицира *негирање на сите морални права и должности*, а непостоењето казна, сфатена и како справедливо возвраќање, значи елиминирање на секаква одговорност во општеството.[62]

Со правото на сторителот да биде справедливо казнет кореспондира *забраната за државата* него да го изложи на суров или на понижувачки третман или арбитрарно казнување! Тоа право е и единствена *одбрана од ексцесниот ресоцијализирачки третман* што се претвора во уште потешко ограничување на човековите права, ако поправањето на сторителот се прогласи за врвна цел, остварлива и по цена на нивното негирање (примерот со неопределената осуда во одделни законодавства). Конечно, филозофската и етичката основа на правото на казна изразува еден длабок хуманизам и допира до есенцијалната, антрополошка црта на човекот – неговата потреба за казна (во „Злосторство и казна“ на *Достоевски*, *Расколников* психолошки ја посакува казната, затоа што таа претставува единствената врска на злосторникот со заедницата). Да се откаже општеството од казна значи исто што и злосторникот да се препушти самиот себеси, на својот страшен и бесконечен суд, без шанси да може да каже: „Навистина згрешив, но со казната ја платив сопствената грешка“![63]

[61] Камбовски, В. (2010). Филозофија на правото. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, стр. 269.
[62] Ibid.
[63] Ibid.

3. ЗА ЗАШТИТНАТА ФУНКЦИЈА НА КАЗНЕНОТО ПРАВО[64]

Едно од најинтригантните прашања со кои се соочуваат антрополозите, криминолозите, социолозите и другите научници е како најраните пред писмени општества успеале не само да опстанат, туку и да одржат мир и ред без пишани закони. Има малку аргументи дека најраните закони потекнувале од народните обичаи, кои еволуирале од лабави, но несомнени правила до фиксни, но поспецификни практики. Пред да постојат законите во денешна смисла на зборот, пред да се востанови судски систем и казнено-поправни установи, раните општества се потпирале на непишани обичаи кои често биле поригидни од пишаниот закон каков што го познаваме денес. Воедно, се верува дека правото отсекогаш постоело во еден или во друг облик. Едноставно, без правила за одржување на редот, анархијата го загрозува самото постоење на заедницата како таква. Без постоењето на систем на правни норми и почитување на правото, заедницата и општеството се неорганизирани и во нив владее анархија. Одговорноста, по природа, била колективна, како и казната. Прекршувајќи ги востановените обичаи, поединецот правел сериозен престап и се верувало дека божествата заради тоа бараат тој да биде казнет. Оттука, се верувало дека е неопходно заедницата да го казни поединецот за да ги спречи натприродните сили да се одмаздат на целата племенска заедница. Кога членовите на едно општество веруваат дека последиците од грешниот чин ќе се прошират на целата група, наместо да влијаат само на грешникот, гревовите стануваат злосторства.

Во предписмените култури, кои постоеле во време на палеолитот[65] и неолитот[66], се знаело дека ако членовите треба да живеат заедно во заедници составени од семејство или племе, тие мора да ги почитуваат правата на другите членови на таа заедница. Со текот на времето, овие права станале признати обичаи одобрени од заедницата. Очигледно, потеклото на овие обичаи е нејасно, но нема сомневање дека прифаќањето на одредени правила на однесување им овозможило на семејствата и племињата да еволуираат во поголеми заедници и конечно во национални држави. Па

[64] Во оваа докторска дисертација ќе го користиме терминот *казнено право*, а не терминот *кривично право*, освен, се разбира, кога дословно цитираме одредени автори. Дополнително, би истакнале дека во најголем број законодавства оваа гранка на правото е позната како „*казнено*“, а не како „*кривично*“ право. Така, на пример, овој термин се користи во англо-саксонското (*penal law*), германското (*Strafrecht*), француското (*droit penal*), руското (*уголовное право*), словенечкото (*kazensko pravo*) право итн.

[65] Во археологијата - најраниот период од камената доба. Наведено според: Дигитален речник на македонскиот јазик. Достапно на: http://drmj.eu/

[66] Подоцнежен период од камената епоха, кој се карактеризира со изработка на орудија од делкан, мазнет камен. Наведено според: Дигитален речник на македонскиот јазик. Достапно на: http://drmj.eu/

така, примитивните култури немале потреба да развиваат сложени правни концепти додека не почнале да се собираат во заедници од стотици или илјадници членови. Првата фаза во еволуцијата на правото кај предписмените општества била личната одмазда, имајќи предвид дека не постоел формален апарат за пресудување на недозволеното (криминално) однесување. Како поединци здружени во заедници, конфликтот се сметал за лична работа што треба да се арбитрира приватно помеѓу жртвата и сторителот. Станало прифатливо за роднините на жртвата, а не заедницата, кланот или племето - да извлечат одмазда. Бидејќи овој систем бил прифатен од двете страни, се претпоставувало дека убиството на сторителот ќе го реши конфликтот. Со убиството на сторителот, било јасно дека нема да има повторување на тоа однесување. Со други зборови, реакцијата на заедницата на асоцијалното однесување била управувана од едноставен основен нагон – одмазда. Жртвите првично го одредувале степенот на одмазда кон сторителот, кој речиси секогаш не бил пропорционален на стореното дело. Во такви случаи, пак, не било невообичаено самиот сторител да стане жртва, што доведувало до неопределен циклус на насилна одмазда. Негативните последици од непрекинатиот циклус на одмазда ги навеле предписмените заедници да воспостават ограничувања на одмаздата, што со текот на времето станале првите закони и кодови во историјата. Првиот чекор кон контролирање на степенот на одмазда бил префрлањето на одговорноста за казнување на сторителот во рацете на заедницата, наместо да се дозволи одреден член на семејството да ја изврши одмаздата. Ова претставувало голем исчекор во развојот на правото, бидејќи начинот на одмазда од рацете на член на семејството бил префрлен во колективните раце на заедницата.

Со текот на времето, последиците од ваквото однесување се покажале погубни за заедницата и бил воведен систем на компензација што е следниот голем придонес кон темелите на раниот систем на кривична правда. Откако биле преземени мерки за замена на одмаздата со компензација, овој нов „протокол“ станал покомплексен, бидејќи водачите на заедницата почнале да одржуваат ред и да ги решаваат конфликтите преку низа активности, вклучувајќи судење, посредување и арбитража. Преминот кон правната фаза на владеење се случила кога општеството препознало одредени правила и процедури, ниво на развој што вообичаено бара познавање на пишување. Пишувањето дозволило вообичаените и општоприфатени правила, норми и обичаи да преминат од усната традиција на општеството во целина во писмена форма.

Прашањето за причините за асоцијалното однесување и можните облици на општествен одговор на прекршувањето на прифатените норми и вредносни категории е практично релевантно уште од периодот на првобитните човечки заедници. Вредностите кои се сметале за доминантни ги штителa секоја заедница во согласност со сопствените интереси преку воведување на најстроги казни во случај на нивно прекршување. Прекршувањето на поставените забрани претставувало напад врз општественото организирање и функционирање, со што се загрозувале или повредувале највисоките општествени добра. Оттука, реакцијата на заедницата морала да одговара на последиците, без разлика дали тие биле објективни или во контекст на некој магичен, религиозен контекст.

Како што се развивале човекот, општеството и науката, така целокупната историја на реагирање на криминалитетот следела одреден тек на еволуција. Можеме да кажеме и дека историјата на борбата против девијантните и општествено неприфатливи поведенија била прилично бурна. Различните модели на општествена реакција во литературата најчесто се поделени на два периода, односно период на приватна реакција и период на јавна реакција. Периодот на приватна реакција го опфаќа времето на примитивната човечка заедница, каде формата на државата не постои, ниту институционализираното право како такво, поточно до појавата на приватната сопственост и поделбата на трудот, што направи голем пресврт во понатамошниот глобален развој на општеството.

Два форми на вина се карактеристични за периодот на приватна реакција. Првата форма на вина ги вклучува оние однесувања што им штетат на интересите на племенската заедница, како што се: волшепство, сквернавење на она што се смета за свето, убивање старешина итн. Племињата применувале мерки на смртна казна и прогонство од заедницата. Прогонството од заедницата беше еднакво на смртна казна, бидејќи било тешко да се преживее надвор од заедницата во суровите услови на природата и раздорот. Поради тоа што племенската заедница се засновала на крвно сродство, овде на некој начин се штително целото племе, а не само поединецот. Затоа, прогонството имало за цел да ја врати емотивната стабилност и сигурност во заедницата, бидејќи поединецот што ја предизвикал опасноста бил отстранет.[67]

[67] Подетално види: Međedović, Enver. (2013). Izvršenje kazne zatvora prema ZIKS-u. *Pravne teme*, br. 2, god. 1/2013, str. 148-161.

Втората форма на вина се состоела во неправдата што поединците им ја нанесувале на други поединци од своето или од друго племе. Убиство, телесни повреди, кражби на имот и слично, биле некои од облиците на прекршување на утврдените норми и загрозување на прокламираните вредности. Следејќи го даденият тип на општествена реакција, таа може да се класифицира како приватна реакција, која често вклучувала практика на крвна одмазда.

Со развојот на државната власт, зајакнувањето на структурите и уредувањето на политичките системи, државата ги презела сите функции и мерки на борбата против криминалитетот. Со формирањето на одредени државни органи дошло и до креирање на државна реакција. Во контекст на државната реакција, карактеристично било тоа што казната била индивидуална и се засновала на лична одговорност, а во однос на сторителот реакцијата на казната била колективна, иако директно ја спроведувале претставници на државата.

Првите пишани закони се јавуваат со појавата на државата. Целта на казната била да се воспостави ред и рамнотежа, кои биле нарушени со самото случување на кривичното дело. Исто така, целите на казната биле: да се изедначи страдањето на сторителот на кривичното дело со жртвата на тоа дело. Тенденцијата за казнување на сторителот на кривичното дело поаѓала од субјективната одговорност и настојувањата да се поправи сторителот, да се заплашат граѓаните, за да не вршат кривични дела. Казната беше третирана како застрашувачка мерка која треба да биде пропорционална со штетата предизвикана од стореното кривично дело. На класичната школа ѝ е туѓ индивидуализмот и во казнувањето и во извршувањето на санкцијата.[68]

Корените на казненото право лежат во социјално-етичките претстави на вредностите на правната заедница, односно тие ја градат основата за настанување на правните добра, на правните норми и на законските битија на казнените дела.

Казненото право во раните времиња било резултат на преминот од племенски систем (лојалност кон племе) кон феудален систем (општествена структура фокусирана на поседување земја во замена за труд). Падот на феудализмот довело до ревизија на правосудниот систем во текот на XVI-от и XVII-от век. Органите на кривичната правда почнале да ги казнуваат обвинетите со затворање и принудувајќи ги на присилна работа. И покрај тешките услови, затворските чувари и властите се обидувале да вградат рехабилитациони методи со испорачување на вештини потребни за да се добие

[68] Stevanović, Z.: Penitercijalni sistem u funkciji državne reakcije protiv kriminaliteta, Strategija državnog reagovanja protiv kriminaliteta, Institut za kriminološka i sosiološka istraživanja, Beograd, 2003, str. 473.

работа преку принудна работа. Со ова се надевале дека ќе ја променат ситуацијата на обвинетото лице. Просветителството, кое претставува големо интелектуално движење, поттикнало промена во начинот на кој луѓето го испитуваат човечкото однесување.

Во текот на доцниот XVIII-ти век, она што ние денес го сметаме за класична криминолошка теорија целосно се развила. Телесните казни биле истакнати, иако почнале да се спроведуваат и казни кои се соодветни за извршеното казнено дело. Покрај тоа, мораме да напоменеме дека црквата и религијата почнале да имаат помалку неформална контрола врз тоа како граѓаните го водат својот живот. Следствено, произлегла потребата за воведување на нов казнен систем.

Почетокот на XIX век го назначи раѓањето на современото казнено право врз филозофската платформа на **рационализмот и идеализмот**, како и врз револуционерниот полет во афирмирањето на новите идеи: законитост, еднаквост, ограничување на државната присилба, слобода.[69]

Воспоставувањето на кривичните законодавства и системот за малолетничка правда во текот на XIX-от век го променило лицето на криминалитетот, како и системот на кривичната правда. Така, на пример, од средината до крајот на XIX-от век во Соединетите Американски Држави, правосудниот систем еволуирал користејќи воспоставени правни кодекси и практики.

Казненото право од тој период, а тоа ќе рече и современото казнено право, е создавано брз една високо рационална претстава за општеството и криминалот, како и врз метафизичките и апстрактно-јуридичките сфаќања н класичната школа за неговите основни категории: казненото дело како зло и повреда на вечниот морален закон, казнената одговорност (вината) како морално заснована одговорност на свесен, слободен и оттука одговорен човек, и казната како справедливо порамнување, возвраќање за извршеното злодело! Овие, по својата природа метафизички поими, со проективно, аскриптивно значење, беа генерирани од казнено-правната филозофија на новото време чијашто политичка, акциона и борбена платформа претставуваше француската Декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година.[70]

[69] Камбовски, В. (2002). Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век. Скопје: Бато и Дивајн, стр. 19.
[70] Ibid., стр. 19-20.

Денес, теоретичарите и практичарите кои се занимаваат со казнено право, како и граѓанскиот сектор кој се занимава со оваа проблематика, ги разгледуваат придобивките од системот на казнената правда кој не вклучува казнена компонента за одредени видови на казнени дела.

Казненото право го означува делот од правниот поредок што ги утврдува претпоставките за казнивоста, како и индивидуалните обележја на казнивото однесување, кој се заканува со определени казни и (покрај другите правни последици) предвидува особено поправни мерки и мерки на безбедност.

Казненото право е сублимат на владејачките филозофски, идејни, културни и други погледи на едно општество. Да се проникне во неговата филозофија, значи да се бара одговор на прашањата: како се замислени неговите функции и цели, кои појдовни постулати ги инспирираат неговите основни институти, и каква е неговата ситуираност во конфликтноста на општествените односи, а особено како низ казненото право се решава основната противречност помеѓу индивидуалните слободи и права и државната присилба![71]

Казненото право е дизајнирано да го одржува јавниот ред и да ги заштитува индивидуалните права, како и имот, а со тоа придонесува за целокупната благосостојба на општеството. Всушност, казненото право делува како пречка против штетното однесување и обезбедува рамка за гонење и казнување на оние кои ги прекршуваат општествените норми. Со обезбедување дека најважните правните добра, како што се: животот, слободата и имотот, се заштитени, казненото право игра витална улога во одржувањето на правдата и зачувувањето на законските слободи на кои сите ние се потпираме секојдневно.

Преку заштитата на правните добра, казненото право служи за остварување на општата благосостојба и за зачувување на правната слобода. Всушност, задачата на казненото право е да ги обезбедува елементарните вредности на заедничкиот живот, да го гарантира одржувањето на правната слобода во рамките на социјалниот поредок и да го спроведува правото наспроти неправото во случај на конфликт.

Заштитната функција на казненото право е суштинска за одржување на редот и за заштита на општеството.

[71] Камбовски, В. (1994). Основи и правци на реформата на македонското казнено право, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 1, бр. 1, стр. 22. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Неколку клучни точки кои ја истакнуваат заштитната функција на казненото право се:

- **Одвраќање**: Кривичните закони и казни делуваат како пречка, обесхрабрувајќи ги поединците да се вклучат во незаконски активности поради стравот да се соочат со последици како парични казни, затвор или други казни.
- **Превенција**: Со криминализирање на одредени однесувања, законот ги спречува поединците да вршат штетни дејствија, а со тоа ги штити потенцијалните жртви и целокупната заедница од штета.
- **Ретрибуција (Одмазда)**: Кривичниот закон обезбедува рамка за одмазда, осигурувајќи дека прекршителите се соочуваат со казна пропорционална на нивните злосторства. Ова служи како форма на општествена одмазда и пречка против идното криминално однесување.
- **Рехабилитација**: Иако не е секогаш примарен фокус, казненото право може да ги олесни програмите за рехабилитација во рамките на правосудниот систем, со цел да ги реинтегрира прекршителите во општеството како граѓани кои го почитуваат законот. Ова помага да се заштити општеството со намалување на веројатноста за повторно дело.
- **Реституција**: Кривичниот закон може да бара од прекршителите да им надоместат на жртвите за нивните загуби, обезбедувајќи форма на реституција. Ова им помага на жртвите да ја повратат штетата и го поттикнува чувството за правда, придонесувајќи за социјална хармонија.
- **Јавна безбедност**: Со апсење и затворање на опасни криминалци, казненото право гарантира дека поединците кои претставуваат закана за јавната безбедност се отстранети од општеството, а со тоа ќе се заштитат потенцијалните жртви.
- **Нормативна функција**: Кривичните закони ги одразуваат општествените норми и вредности. Со криминализирање на одредени однесувања, општеството воспоставува стандард на прифатливо однесување, ја зајакнува социјалната кохезија и ги штити заедничките морални принципи.

Сумирано, заштитната функција на казненото право игра клучна улога во одвраќањето на криминалот, спречувањето на штетата, обезбедувањето правда, рехабилитацијата на престапниците, обештетувањето на жртвите, одржувањето на јавната безбедност и почитувањето на општествените норми.

Како **правни добра** ги означуваме животните добра, социјалните вредности и правно признаените интереси на поединецот или на заедницата, кои поради своето посебно значење за општеството **уживаат правна заштита**. Правни добра на поединецот се, на пример: животот, телесната неповредливост, личната слобода, честа, сопственоста, имотот (**индивидуални правни добра**). Правни добра на заедницата се, на пример: опстојувањето на државата и на нејзиното либерално-демократско основно уредување, зачувувањето на државните тајни, правосудството, неподмитливоста на службениците, безбедноста на сообраќајот, доверливоста на исправите во правниот промет (**универзални правни добра**).[72]

Основниот инструмент со кој се остварува заштитната функција на кривичното право е казната, како законски програмирано зло што му се задава на извршителот поради злото што самиот го има сторено во вид на кривично дело. Таа функција се остварува (1) со определување кои поведенија на човекот, како општествено неприфатливи, ќе се сметаат за кривични дела и кои правни последици (казни и други кривични санкции) може да се надоврзат на нивното извршување, (2) со изрекување на тие санкции во постапка утврдена со закон од страна на судовите и, конечно, (3) со нивно извршување.[73]

Според академик *Камбовски*, заштитната функција на казненото право „не се состои во заштита на индивидуалните и општествените вредности и добра, заедничките услови на живот и сл.“[74]

За правната држава и либералното казнено право е релевантна следната дефиниција на неговата заштитна функција: Казненото право ги заштитува од напад или загрозување добрата и вредностите на општеството, изградено врз слободата на човекот! Без оваа додавка "изградено врз слободата!", нема никакви гаранции дека казненото право, и кога поаѓа од начелото на законитост, одговара на постулатите на правната држава. Тоа треба да е законито и во материјална смисла, а такво е кога поаѓа од идејата за материјална праведност, што за свој супстрат ги има човековите слободи и права.[75]

---

[72] Види: Веселс, Ј. и Бојкле, В. (2009). Кривично право – општ дел (кривичното дело и неговата структура). Скопје: Табернакул, стр. 2.

[73] Види: Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (6. изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело АД, стр. 5.

[74] Камбовски, В. (1994). Основи и правци на реформата на македонското казнено право, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 1, бр. 1, стр. 24. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[75] Ibid., стр. 24-25.

Имено, основната цел на казненото право е вршење на заштитна функција, која се остварува со пропишување на одредени однесувања како кривични дела и казнени санкции за тие дела, како и услови за нивна примена спрема сторителите на кривични дела. Основата на легитимноста на казнено-правните норми, во вредносна смисла, претставува сфаќањето дека казнено-правната репресија и казненото право во целина мора во суштинска смисла да бидат оправдани и неопходни, а казнено-правната заштита мора да се сведе на потребниот минимум, односно на заштита на човекот и другите основни вредности на општеството. Казненото право мора да биде *ultima ratio* во сузбивањето на општествено опасните однесувања, а тоа е она што, меѓу другото, ја обезбедува легитимноста на казнено-правната репресија.

Општеството преку кривичното право изразува очекување дека неговите членови ќе се воздржат од вршење на однесувања кои се прогласени за кривични дела. Тоа значи дека примарната цел на кривичното право не е примената на казните и кривичните санкции, туку тоа, напротив, се заснова на претпоставката дека мнозинството граѓани нема да вршат кривични дела. Само во случај кога поединците ќе ги изневерат очекувањата во оваа смисла, на нив се применуваат кривични санкции. Кривичното право може да функционира само ако примената на кривичните санкции претставува исклучок, ако тие се применуваат само во однос на еден мал број членови на тоа општество.[76]

Кривичното право засега го има најзначајното и незаменливо место во политиката за сузбивање на криминалитетот, но неговата улога не е одлучувачка, туку релативна и ограничена.[77]

Иако кривичното право врши и некои други важни функции (како што е, на пример, гарантната функција), негова основна и најважна функција е неговата заштитна функција. Може да се каже дека тоа е основната причина за постоењето на кривичното право. Со кривичното право се сака да се заштитат поединецот и општеството од криминалитет. Или, со други зборови, кривичното право како своја основна цел ја има заштита на највредните добра на поединецот и општеството. Тој инструментален, утилитаристички карактер на кривичното право денес е тешко да се оспори. Барем кога е во прашање политиката за сузбивање на криминалитетот и науката за кривичното право, тешко е сериозно да се негира утилитаризмот на кривичното право во

[76] Види кај: Стојановиќ, З. (2010). Кривично право - општи део. Београд.

гореспоменатата смисла. Тоа, се разбира, не значи дека е оправдано прифаќањето на неограниченият утилитаризам, т.е. заштита по секоја цена. Ова прашање, како и некои други општи прашања на казнено-правната заштита, може да се разгледуваат во склоп на општото прашање за оправданоста и основата на казнено-правната заштита, т.е. нејзината легитимност.[78]

Едно од основните начелни прашања за остварување на заштитната функција на кривичното право е дали со заштитата со кривичното право се обезбедува само генерално во однос на можните напади на заштитените добра, или тоа се прави и во конкретни случаи преку примена на кривичното право. Јасно е дека, пред сè, во првиот случај, кривично-правната заштита може да биде ефикасна и дека во вториот случај не се работи за заштита во вистинска смисла на зборот, за заштита во конкретниот случај е доцна бидејќи веќе дошло до напад на заштитеното добро. Тоа значи дека заштитата се одвива, пред сè, на нормативно, општо, законско ниво. Секако, кривично-правната заштита опфаќа и примена на кривичното право, но не во смисла на заштита во конкретни случаи, туку во смисла на заштита од евентуални идни напади на заштитеното добро. Заштитната функција обезбедува заправо можност за примена на кривичното право, а таа можност, доколку реално не се применува, сама по себе не би значела ништо. Тоа значи дека примената на кривичното право се наоѓа во функција на остварување генерална превенција.[79]

[77] Stojanović, Z. (2023). Politika suzbijanja kriminaliteta (treće izmenjeno izdanje). Beograd: Univerzitet u Beogradu – Pravni fakultet u saradnji sa Krimino loškom sekcijom Srpskog udruženja za krivičnopravnu teoriju i praksu, str. 42.
[78] Ibid.
[79] Ibid., стр. 48.

ГЛАВА II ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

1. ПОИМ И РАЗВОЈ НА СФАЌАЊАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

1.1. ПОИМ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Во овој дел од докторскиот труд ќе посветиме должно внимание на превенцијата на криминалитетот која претставува комплексен механизам насочен кон отстранување на причините, условите и факторите кои го предизвикуваат криминалот и кон спречување на нивното настанување во иднина. Воедно, превенцијата на криминалитетот е основен облик и една од најсериозните активности на полето на спротивставување на криминалитетот.

Во етиолошка смисла, терминот „*превенција*“ потекнува од латинскиот корен на зборот „*praeventionis*“ што значи „*да се попречи*“, односно „*да се спречи*“. Во македонскиот јазик[80], терминот *превенција* означува „претходна, навремена заштита за спречување на нешто лошо, непожелно (болест, казнено дело), преземања на мерки за заштита од нешто.“. Следствено, терминот превенција во борбата против криминалитетот означува тенденција за попречување, односно спречување на причините, условите и факторите кои го предизвикуваат самиот криминалитет.

Долго време во теоријата и во практиката се применувал поимот *криминална превенција*, но во поново време се повеќе се дефинира и применува поимот *превенција на криминалитетот*. Одредени автори го употребуваат и поимот *превенција на криминалот*. Аналогијата на поимот криминална превенција произлегува од науката за криминалната политика чија гранка е криминалната превенција/превенција на криминалитетот.[81] Сепак, иако е жива дебатата за именување на криминалната политика како *политика за контрола на криминалот*, *политика за сузбивање на криминалот*, *политика за сузбивање на криминалитетот* и слични називи, сè уште во казнено-правната теорија, но и во криминолошката наука најчесто доминира

[80] Наведено според: Дигитален речник на македонскиот јазик. Достапно на: http://drmj.eu/. Посетено на 06.04.2025 година.

[81] Панчев, З. (2022). Теоретско-методолошки пристап и имплементација на модел на индивидуална криминална превенција „со посебен осврт на примена на аналитички постапки и техники и управување со ризикот“ (докторска дисертација). Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 48.

употребата на терминот *криминална политика* (анг. *Criminal policy*, гер. *Kriminalpolitik*, франц. *la politique criminelle*, итал. *politica criminale*, шпа. *política criminal*).

Криминалната превенција подразбира низа стратегии насочени кон одвраќање на криминалното однесување и намалување на потенцијалот за криминал. Овој повеќеслоен пристап честопати вклучува комбинација на општествени напори, ангажман на заедницата и технолошки напредок. На општествено ниво, криминалната превенција може да се фокусира на решавање на основните причини за криминалното однесување како што се сиромаштијата, недостатокот на образование и социјалната нееднаквост. Програмите кои се дизајнирани да обезбедат подобри можности за ризичните поединци, да ги подобрат образовните резултати и да ја поттикнуваат социјалната вклученост се од витално значење за спречување на криминалот пред истиот тој да се случи. Стратегиите засновани на ангажман на заедницата честопати вклучуваат заеднички напори помеѓу локалните органи за спроведување на законот и членовите на општествената заедница. Ова вклучува програми за набљудување во соседството, полициско работење во заедницата и иницијативи насочени кон градење доверба и соработка меѓу полицијата и жителите на заедницата. Со поттикнување на силни односи во заедницата, овие пристапи можат да создадат средини кои се помалку погодни за извршување на криминални активности. Технолошкиот напредок во надзорот, предвидливото полициско работење и анализата на податоци направија револуција во спречувањето на криминалитетот. Системите за надзор, вклучувајќи видео надзор и други технологии за следење, играат клучна улога и во одвраќањето на криминалитетот и во помагањето во истрагите. Предвидливото полициско работење, кое користи податоци за предвидување и спречување на потенцијални криминални активности, покажа ветување, но исто така покренува и етички грижи во врска со приватноста и потенцијалните предрасуди. Сумирано, ефикасната криминална превенција бара холистички пристап кој вклучува општествени реформи, ангажман на заедницата и технолошки иновации. Секој елемент од овој повеќеслоен пристап игра клучна улога во создавањето побезбедни заедници и намалувањето на стапката на криминалитет.

Од досегашните научни сознанија можеме да извлечеме заклучок дека криминалната превенција претставува значајна област на проучување со која се занимава криминологијата, а која е фокусирана на креирање стратегии и практики кои се насочени кон намалување на криминалитетот и подобрување на јавната безбедност. Имено, превентивните активности подразбираат смислени и добро организирани мерки

и активности кои ги преземаат органите на државната управа, државните и јавните установи и институции, правосудниот сектор, локалните власти, училиштата, центрите за социјална работа, приватниот сектор, невладините организации и други субјекти, а со кои се придонесува за превенција на криминалитетот. За сите овие мерки и активности да делуваат рационално и ефикасно, нужна е нивна координираност и систематичност со што истите можат да ја остварат целта за превенција на криминалитетот.

Во најшироко значење, превенцијата на криминалот претставува дејност насочена кон спречување на однесување кое со закон е дефинирано како кривично дело, а дефиницијата би била дејност на јавни и приватни субјекти кои се во склад со важечките правни и етички норми, насочени кон отстранување или намалување на негативното влијание на личните (индивидуалните) фактори на ризик во опкружувањето (социјални и ситуациони) кои можат да доведат до извршување на кривични дела, како и зајакнување на заштитните фактори кои можат да ги одвратат лицата од извршување на кривичните дела.[82]

Според професорот *Арнаудовски*[83], превенцијата на криминалот е концепт кој тргнува од сознанијата на сите кривично-правни науки, а во таа смисла и криминологијата и на таа основа поставува научен концепт на превенција на криминалитетот со влијание на општествените, економските, политичките, правните, социјалните, културните и други односи во општеството со средства и мерки што одговараат на тие односи и со цел на отстранување на причините и условите, што и погодуваат на оваа појава. Вака ориентираната криминална политика презема широко организирани општествени акции кои се насочени не само кон спречување и сузбивање на криминалитетот, туку и кон превенција која подразбира отстранување на оние причини, услови и односи што му погодуваат, што претставуваат жариште за појава на криминалитетот.

Авторите *Синѓер, Вукадин и Мраовиќ*[84], превенцијата на криминалитетот ја делат на општа и посебна. Општа превенција се темели на казниот закон, каде за деликвентно однесување се заканува казна, и која влијае на припадникот на општеството да се воздржи во одредена конфликтна ситуација и проблем, да изврши

[82] Подетално види кај: Вуковић, С. (2014). Превенција криминала, друго измењено и допуњено издање. Београд: Криминалистичко-полицијска академија.
[83] Види: Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија. Скопје: 2 Август С-Штип, стр. 89.
[84] Види: Singer, M.; Kovčo Vukadin, I.; Cajner Mraović, I. (2002). Kriminologija, treće, izmenjeno i dopunjeno izdanje. Zagreb: Nakladni zavod Globus.

казнено дело. Посебната или специјална превенција се состои во спречување на сторителот на казнено дело да го повтори истото или друго казнено дело преку изрекување на казна или мерка на безбедност. Според наведените автори, превенцијата, исто така, може да се подели и на превенција во поширока и потесна смисла. Во поширока смисла, превенцијата на криминалитетот подразбира спречување на деликвентно однесување на идни деликвенти преку преземање на општи мерки на сузбивање на криминалитетот со цел отстранување на негативните влијанија на општествената средина и обезбедување на нормални услови за развојот на личноста. Во потесна смисла, превенцијата се однесува на лицата кои веќе извршиле казнени дела, а се реализира преку примена на посебни мерки на воспитување и превоспитување, со цел спречување на повторно извршување на казнени дела во иднина. Постделиктните интервенции се состојат од преземање мерки кон сторители на казнени дела, а во теоријата се познати и како *мерки на секундарна превенција*.

Според *Европската мрежа за превенција на криминалот*[85] (*the European Crime Prevention Network – EUCPN*), превенцијата на криминалитетот ги опфаќа сите мерки со кои се намалува или на друг начин се придонесува за квантитативно и квалитативно намалување на криминалитетот и чувството на несигурност кај граѓаните, било преку директно одвраќање од криминални активности, или преку политика и интервенција осмислени со цел намалување на потенцијалот за криминал и причините за криминалитетот. Ова ја вклучува работа на владата, надлежните власти, локалните власти, правосудните органи, здруженијата на експерти и стручни поединци, приватниот, невладиниот сектор, научници и јавноста потпомогнати од медиумите итн.

Политиката за превенција на криминалитетот, во најголем број држави во светот, освен кон превенција на самиот криминалитет што воглавно подразбира спречување на извршување на казнени дела, сè повеќе е насочена и кон превенција на различни облици на асоцијално однесување кои претставуваат фактори за појава на криминалитетот, што подразбира алкохолизам, наркоманија, проституција и сл. Ваквиот пристап на политиката за превенција на криминалитет подразбира и намалување на стравот од криминалитет, а од едноставна причина што и самиот тој страв може да биде штетен колку и криминалитетот. Имено, стравот од

[85] Европската мрежа за превенција на криминалот била формирана на 28 мај 2001 година, а потоа повторно воспоставена на 30 ноември 2009 година со Одлука на Советот (Council Decision 2009/902/JHA of 30 November 2009 setting up a European Crime Prevention Network (EUCPN) and repealing Decision 2001/427/JHA).

криминалитетот може да предизвика кај општата јавност недоверба во органите на државната управа, во институциите на системот, па и во самата држава.

Појавата и развојот на превенцијата на криминалитетот се некои од важните карактеристики на функционирањето на казнено-правните системи во современите држави во светот и преку нив често се рефлектира глобалниот „трансфер“ на превентивните практики и идеи, на начин на кој тие се инкорпорирани во различни јурисдикции и внатре во самите јурисдикции на одредени држави. Тој начин секогаш е јасно обликуван од различните локални и културни традиции, како и од социјално-легалистичкиот контекст на прашањата што ги регулира. Прифаќањето на превентивните стратегии и технологии, во најширока смисла, е условено од нивната усогласеност со политичките стремежи, од една страна, како и нивната хармонија со културните вредности, од друга страна.[86]

Добро осмислени и соодветно организирани превентивни мерки можат да бидат значително поефикасни во однос на репресивните мерки, кои иако постигнуваат одредени резултати, сепак резултираат со зголемени трошоци за функционирањето на правосудниот систем, зголемување на осуденичката популација во казнено-поправните установи и до зголемување на стапката на рецидивизам.

Прашањата за превенција на криминалот неопходно е да се набљудуваат во однос на минатото, како и современото зголемување на нивото на превентивен менталитет кај луѓето, во еден јасен историски контекст. Потоа, важно е да се согледаат и сфаќањата за криминалот, редот и безбедноста, при што овие три поими се клучот за развојот на превенцијата на злочинот и безбедноста во општествената заедница. Тој осврт кон превенцијата, заедно со дебатите кои се водат за неа, различните практики и технолошките процедури кои се применуваат во превенцијата, не се поставува како премиса заснована на кохерентна теоретска рамка, туку на бројни претпоставки, кои често не се согласуваат една со друга.[87]

Технолошките промени имаа круцијална улога во превенцијата на злосторствата. А сепак, колку и да изгледаат вообичаени на прв поглед, сите технолошки процедури и стратегии во превенцијата на криминалитетот наметнуваат во себе моќни барања за човечкиот напор и можностите за спроведување на превенцијата. Превенцијата на криминалитетот не е само слободно вреднувана „торба за алат“ која

[86] Јовашевиќ, Д. и Костиќ, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 53.

произлегува од практиката, туку е длабоко вградена во концептуалните појдовни точки и предизвикува оспорувања за различни етички и социјални прашања.[88]

Во криминално-политичката литература навистина не е потребно да се прикажат обидите поинаку за различно скицирање на она „што е успешно“ во превенцијата на криминалитетот. Тоа само по себе не значи дека евалуацијата на резултатите од превенцијата на криминалитетот е неважна. Напротив, сознанијата преземени од имплементацијата и исходот на превентивните мерки ја претставува суштината во градењето и разбирањето на можностите и трошоците на преземените мерки во превентивниот пристап кон злосторството и како да се подобрат. Значењето на „успехот“ во никој случај не е одвоено од самата суштина на карактеристиките, гледано културолошки. Дискусиите за тоа „што е успешно“ често претставуваат борба на мислења за местото на одредени критериуми и јавни вредности, кои не можат едноставно да се сведат на универзално прифатлива компонента на ефективност.[89]

1.2. РАЗВОЈ НА СФАЌАЊАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Иако воведувањето и примената на превенцијата на криминалитетот е сепак од понов датум, во некои сфаќања на образованите и визионерските мислители, низ развојните периоди на историјата на човековото општество, можно е да се препознаат извесни идеи за криминалната политика, особено за превенцијата на криминалитетот.[90]

Така, во античка Грција, одредени високообразовани луѓе расправале за различни општествени теми, а патем, го разгледувале прашањето за казнување на криминалците и карактеристиките на личноста кои се значајни за неговото однесување воопшто, па и за криминалното однесување. Големо влијание врз овие сфаќања имала митологијата, што го отежнувало согледувањето на општественото условување на криминалитетот. Најпознати мислители од античката ера, кои пишувале за криминалитетот (злосторството), биле Платон и Аристотел.[91]

---

[87] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Нишу*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.
[88] Јовашевић, Д. и Костић, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 53.
[89] Подетално види во: The Oxford Handbook of Criminology. (2007). (Eds. Mike Maguire, Rod Morgan and Robert Reiner), Oxford University Press, стр. 865-867.
[90] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Нишу*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.
[91] Јовашевић, Д. и Костић, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 54.

Платон (427-347 п.н.е.) во своето дело „*Номои*“ (*Закони*, глава IX), пишува за казнувањето на престапниците за кражби и убиства. Тој сметал дека при пропишувањето на казната законодавецот треба да ги има предвид причините поради кои престапникот погрешил. Ако грешките се направени од слабост и незнаење, сметал Платон, сторителот треба да биде поблаго казнет. При казнувањето за убиство треба да се утврди дали тоа е сторено со предумисла или од раздразнетост, во гнев, од непромисленост или на суров начин, поради внатрешен немир или под други околности. Се залагал за потполност на законот, судијата треба дословно да го применува законот како би се отстраниле нивните слабости. Причините за криминалитетот - злосторствата Платон ги гледал како внатрешни (психолошки извори), кои настануваат под влијание на страста, незнаењето, барањето задоволство, од „болната душа“ и како надворешни (физиолошки), кои произлегуваат од физичката и биолошката конституција. Разликувал поправливи и непоправливи злосторници. За непоправливите, предлагал примена на смртна казна, а за поправливите, „воспитување на телото и душата“, лекување на „болест на душата“ со примена на болка и страдање како главни средства за искупување. Платон го иницирал принципот на индивидуализација на казната, бидејќи предвидувал, во зависност од карактерот на личноста и извршеното дело, примена на „други мерки на поправање“, со кои е можно „да се замрази неправдата и да се засака правдата“.[92]

Аристотел (384-322 п.н.е.) во делото „*Никомахова етика*“ (книга V) истакнува дека со извршувањето на злосторството настанува нееднаквост меѓу луѓето - помеѓу сторителот и повредениот, која судот настојува да ја отстрани со казна. Казнувањето потекнува од гневот на повредениот, во чија основа е и лутината/гневот како реакција на нападот (повредата). Казнувањето го намалува гневот, а чувството на болка се заменува со чувство на задоволство. Причините за злосторството се злосторничките навики и мотиви, бедата, општественото уредување (сиромаштија и богатство), кои водат до деликвентна активност преку претставување на волјата и чувствата. Аристотел напишал: „Некои веруваат дека луѓето стануваат добри по природа, други со вежбање, трети со подучување“. Делот што го дава природата очигледно не зависи од нас, туку е доделен преку одредени божествени причини на вистински среќните“. Злосторниците се непријатели на општеството; врз нив може да се влијае со казна. Оние кои се непоправливи, на кои не делува „силата на спротивното“, треба да бидат уништени или

[92] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног*

протерани од општеството. Дополнително, Аристотел истакнал дека за казнување треба да се користи тепање, „онака како што се тепа непокорено животно под јарем“.[93]

Римскиот државник *Сенека* ја озаконил идејата на Платон дека казната треба да делува поправно на граѓаните, па затоа треба да се применува со визија за идното однесување на граѓаните. И кај правникот *Улпијан* можат да се воочат одредени идеи за превенција на криминалитетот, повторно со цел да се постигне подобра безбедност на граѓаните. Се разбира, сите сфаќања се спорадични и невозможно е да се класифицираат одделно како јасни криминално-политички ставови или, повторно, како ставови поврзани за превенција на криминалитетот.[94]

Во огромниот временски јаз од тогаш до периодот пред современата ера, може да се издвојат и размислувања за превенција на криминалитетот, кои се поврзуваат за периодот на класичниот либерализам во XVIII век, меѓу мислителите во Англија, како и во континенталниот дел на Европа. Сите тие припаѓале на различни филозофски правци или школи на кривичното право, а меѓу нив имало и успешни писатели и теоретичари, кои во текот на својот професионален живот, на еден или на друг начин, се занимавале со прашања од кривичната правда и криминалитетот.[95]

Сепак, вистинските идеи за превенцијата на криминалитетот се појавуваат во науката за криминологијата во текот на втората половина на XVIII век и тоа како последица на развојот на општеството и односите во него. Па така, зачетоците на идеите за превенција на криминалитетот можат да се најдат во класичната правна школа која развила нови концепции и систем на казненото право кои биле прифатени во низа европски држави.

Германскиот правен научник и криминолог *Пол Јохан Анселм Фојербах* (*Paul Johann Anselm Feuerbach*), кој се смета за основач на современата германска казнено-правна теорија и на т.н. *теорија на психолошка принуда*, како и за креатор на баварскиот Кривичен законик од 1813 година, во синопсисот на неговите дела: „Ревизија на начелата и основните концепти на позитивното казнено право“[96] од 1799 година и

факултета у Ниш, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.

[93] Цитирано според: Константиновић Вилић, С., Николић Ристановић, В., Костић, М. (2009). Криминологија. Ниш: Пеликан принт, стр. 263-264. Види и: Јовашевић, Д. и Костић, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 55.

[94] Подетално види кај: Milutinović, M. (1984). Kriminalna politika. Beograd: Savremena administracija, стр. 296.

[95] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.

[96] Revision der Grundsätze und Grundbegriffe des positiven peinlichen Rechts, Theil 1, Erfurt, Henningsche Buchhandlung, 1799.

учебникот за вообичаеното, позитивно право применливо во Германија од 1801 година, објаснува дека не е само извршувањето на казната, туку и заканата со казна она што ги одвраќа луѓето од извршување на кривични дела. Оваа негова теорија уште се нарекува *теорија на одвраќање* или *теорија на Фојербах*. Имено, според *Фојербах*, претставата за казната која ја очекува сторителот на казненото дело ги отстранува мотивите кои евентуално го насочуваат сторителот кон извршување на делото.

Кога говориме за превенција на криминалитетот, неминовно е да го споменеме и делото „За злосторствата и казните“ на италијанскиот правник, криминолог, филозоф и политичар од добата на просветителството *Чезаре Бекарија* (*Cesare Bonesana di Beccaria, Marquis of Gualdrasco and Villareggio*) од 1764 година, во кое тој изнел напредни идеи и предлози, го критикувал дотогашниот казнен систем и ја презентирал новата идеја за превенцијата, која според него значела дека казнувањето не се применува заради извршеното казнено дело, туку за да не се изврши ново казнено дело во иднина.

Идејата за превенција на криминалот продолжила да се јавува во делата на мислителите од XIX век, кога започнал силниот развој на криминолошката мисла, под влијание на антрополошката школа и позитивистичките учења. Основните принципи на класичната школа, инкорпорирани во кривичното законодавство на европските држави, по победата на Француската буржоаска револуција во 1789 година, не дадоа најдобри резултати во однос на намалувањето на обемот на криминалитетот. Напротив, дошло до зголемување на стапката на криминалитет, особено во земјите кои ја прифатија доминацијата на ретрибутивниот пристап, заснован на начелата на легалитет и индетерминизам. Всушност, учењето на класичните школи не придонело за откривање и третирање на причините за криминалот, па самиот тој строг ретрибутивен пристап кон правдата не можел да ги постигне очекуваните резултати во поглед на спречување на рецидивизмот, ниту, пак, примарниот криминалитет.[97]

Во втората половина на XIX век, позитивистичката ориентација во криминологијата, меѓу другото, опфатила и преземање мерки на социјална програма против криминалитетот, кој во суштина е предизвикан од општествените околности. Овие идеи стануваат доминантни во земјите од континентална Европа. Со тоа,

[97] Јовашевиќ, Д. и Костиќ, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 58.

позитивистите го поправаат изворното учење на *Ломброзо* за доминацијата на ендогениот пристап во проучувањето на причините за криминалитетот.[98]

Критиките на модерната кривично правна школа се димензионирани кон кривичното дело и казната како основни феномени кои се разгледуваат, а притоа се заборава општеството и поединецот. Кривичното дело било факт и израз на волјата на поединецот, па затоа воопшто не било потребно да се проучуваат причините за криминалитетот, а истиот може да се сузбие исклучиво со усовршување на системот на казнување.[99]

Без оглед на настојувањата на гореспоменатите мислители и несомнениот придонес и наследство на другите поборници за превенција на криминалитетот (претставници на социолошката и неокласичната школа) до периодот на современото доба, периодот од доцниот XIX век сепак покажува бавен пораст во развојот и сложена поделба на работата во однос на релацијата на задачите што ги поставува контролата на криминалитетот. Добиената структура на кривичната правда беше изградена исклучиво околу: одговорност, процесуирање, потрага по докази и поправање на неговиот објект – откриениот сторител на кривичното дело. Проактивната превенција на криминалитетот заземала малку место, освен во елементот на нејасно општо или индивидуално заплашување, што беше поттикнато од ограничената веројатност за апсење и казнување на оние кои ги прекршиле нормите на кривичното законодавство.[100]

Во последните триесетина години, во современите држави во светот забележана е „експлозија“ на различни иницијативи во спречувањето на злосторничкото однесување, која првенствено била насочена кон превенција, а не кон казнување на сторителите, на последиците, отколку на причините и на самите злосторства, а многу малку на криминалците. Овој современ стремеж му дава примат на идното владеење (безбедност) над оживувањето на минатото (правдата). Според тоа, јасно е дека во современите општества „подемот“ на превенцијата на криминалитетот покажува „фундаментална промена на парадигмата“ во кривичната правда и контролата на злосторството, фундаментално менувајќи го начинот на кој дотогаш се перципираше злосторството и структурата на општествените односи. Како последица на тоа сфаќање

[98] Види: Lombroso, C. (1968). Crime Its Causes and Remedies. Patterson Smith, Montclair, New Jersey.

[99] Панчев, З. (2022). Теоретско-методолошки пристап и имплементација на модел на индивидуална криминална превенција „со посебен осврт на примена на аналитички постапки и техники и управување со ризикот“ (докторска дисертација). Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 43.

[100] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.

се јавува „превентивното партнерство“, како дефиниран облик на современата контрола на криминалитетот. Затоа, *Гарланд* (*Garland*) заклучува: „Повеќе од две децении... составена е целосно нова инфраструктура на локално ниво која се однесува на злочинот и нередот на сосема еден поинаков начин... Новата инфраструктура е силно насочена кон низа на цели и приоритети - превенција, безбедност, намалување на штетата, загубата и стравот - што е сосема различно од традиционалните цели на прогон, казнување и кривична правда“.[101]

Сепак, постојат извесни показатели за оживување на превенцијата на криминалитетот во доцните години на XX век. Имено, статистичките податоци укажуваат на драматичен пораст на обемот на криминалитетот од шеесеттите години на XX век, па наваму, покажувајќи истовремено целосно запознавање со ретрибутивниот систем на кривичната правда. Истовремено, податоците за виктимизација го поттикнаа мислењето дека за најголемиот дел од извршените кривични дела не постојат сознанија во институциите на формалниот систем, при што повторно се поставуваа прашања за ефектот на заплашување кој се остварува со казнување од страна на органите на власта. Потоа, повторно беше забележана важноста на процесот на неформална општествена контрола, која се разви заедно со социјалните и културните ставови кои се појавија во периодот после Втората светска војна, кога дојде до прекин на семејните и роднинските врски и згаснување на односите во локалните заедници. Со првите економски кризи во средината на седумдесеттите години на XX век, владите на европските држави почнаа да бараат начини да направат фискални заштеди. Воспоставените модели за контрола на криминалитетот се чинело дека претставуваат изразена финансиска загуба за јавната потрошувачка, при што се истакнала неопходноста од барање на алтернативни решенија.[102]

Во последните дваесетина години, жртвите на криминалитетот заземаа истакнато место во заинтересираноста на општата јавност за нивната положба. Во светлината на перцепцијата дека жртвите се „заборавени личности“ од страна на системот на казнена правда, како и развојот на чувствителноста кон категориите на ранливи лица, со особено нагласен виктимитет, како што се: децата, жените и постарите лица, новиот политички концепт ги согледува потребите на овие лица кои

[101] Подетално види во: The Oxford Handbook of Criminology. (2007). (Eds. Mike Maguire, Rod Morgan and Robert Reiner), Oxford University Press. Цитирано според: Јовашевиќ, Д. и Костиќ, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 61-62.

произлегуваат од процесот на виктимогенеза, со тоа што е насочен и отворен за усвојување на голем број политички документи, службени декларации и предлози за современи законски решенија.[103]

Во светот се појавуваат бројни размисли за начините за борба против криминалот, и историски се менуваат од репресија кон превенција, од казнување, застрашување, ресоцијализација, социјална интеграција и општа превенција, кон еден нов пристап на индивидуална криминална превенција.[104]

Денес, можеме да констатираме дека во првите декади на XXI век, индивидуалната криминална превенција добива нови димензии, но и практична примена и тоа во високо развиени држави кои се карактеризираат и со висока развиена свест за проблемот со криминалитетот и предизвиците со кои се соочуваат казнено-правните системи во справувањето со истиот.

Значајно е да се спомене и дека во рамки на Економско-социјалниот совет на Обединетите нации постои функционална *Комисија за превенција на криминалот и казнена правда* (*The Commission on Crime Prevention and Criminal Justice*) со седиште во Виена, која развива политика за криминалот преку резолуции и одлуки, стандарди и норми, како и тематски дискусии. Комисијата делува како главно тело за креирање политики на Обединетите нации во областа на превенција на криминалот и казнената правда. Имајќи предвид дека криминалот може да го попречи социо-економскиот развој на државите, Комисијата им нуди на земјите-членки форум за размена на експертиза, искуство и информации со цел да се развијат национални и меѓународни стратегии и да се идентификуваат приоритетите за борба против криминалот.

---

[102] Подетално види во: The Oxford Handbook of Criminology. (2007). (Eds. Mike Maguire, Rod Morgan and Robert Reiner), Oxford University Press. Цитирано според: Јовашевић, Д. и Костић, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 62.

[103] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.

[104] Панчев, З. (2022). Теоретско-методолошки пристап и имплементација на модел на индивидуална криминална превенција „со посебен осврт на примена на аналитички постапки и техники и управување

2. ОСНОВНИ МОДЕЛИ (ТИПОЛОГИЈА) НА ПРЕВЕНЦИЈАТА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Имајќи предвид дека криминалитетот е сложен општествен феномен на кој може да се влијае предикативно, превентивно и реактивно преку комбинација на проактивни, целно насочени и општествено базирани пристапи, оправдано се поставува прашањето за тоа што може да се преземе за истиот да се превенира и сузбие.

Основните модели (типологија) на превенцијата на криминалитетот можат да се класифицираат како: примарна превенција, секундарна превенција и терциерна превенција.

а) Примарна превенција

Примарната превенција се фокусира на решавање на основните социјални, економски и општествени фактори кои придонесуваат за криминално однесување. Истата се заснова на премисата дека криминалот може да се превенира со намалување на факторите кои поттикнуваат средина погодна за криминал. Стратегиите во овој домен вклучуваат подобрување на образовните можности, обезбедување на економска поддршка, зајакнување на кохезијата во заедницата и поттикнување на социјалната инклузија. Целта на примарната превенција е да се создадат услови кои ја намалуваат мотивацијата или потребата за вклучување во криминални активности преку промовирање на позитивен развој и намалување на разликите кои можат да доведат до криминално однесување.[105]

б) Секундарна превенција

Секундарната превенција има за цел да ги идентификува и да интервенира на поединци или групи кои се изложени на поголем ризик да бидат вклучени во криминални активности. Овој пристап се фокусира на рана интервенција и обезбедување услуги за поддршка на оние кои покажуваат фактори на ризик за криминално однесување, како што се: бегство, злоупотреба на наркотични и

со ризикот“ (докторска дисертација). Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 61.

[105] Подетално за ова види кај: Tonry, M., & Farrington, D. P. (Eds.) (1995). Building a Safer Society – Strategic Approaches to Crime Prevention, vol. 19, pp. 1-20. Chicago, IL: University of Chicago Press; Caplan, J. M., & Kennedy, L. W. (2016). Risk Terrain Modeling: Crime Prediction and Risk Reduction. Oakland: University of California Press; Brantingham, P. J., & Faust, F. L. (1976). A Conceptual Model of Crime Prevention. *Crime & Delinquency*, 22(3), 284-296.

психотропни супстанции или дружење со деликвенти. Програмите може да вклучуваат: менторство, советување, образование и обука за вработување, дизајнирани да ги пренасочат ризичните поединци кон позитивни резултати. Целта на секундарната превенција е да ја намали веројатноста за криминални активности уште пред да се случат.[106]

в) Терциерна превенција

Терциерната превенција се занимава со рехабилитација на сторителите и намалување на рецидивизмот. Овој принцип вклучува имплементација на програми и политики дизајнирани да ги реинтегрираат сторителите на казнени дела назад во општеството и да спречат нивното идно криминално однесување. Ефективните стратегии за терциерна превенција вклучуваат програми за рехабилитација кои се однесуваат на злоупотреба на наркотични и психотропни супстанции, проблеми со менталното здравје и промени во однесувањето, како и обезбедување образовна и стручна обука за подобрување на изгледите за вработување на осуденото лице по отпуштањето од казнено-поправната установа. Фокусот на терциерната превенција е на спречување на повторување на прекршоци преку решавање на специфичните потреби и околности на поединци кои веќе се вклучиле во криминално однесување.[107]

Во литературата од оваа област се среќава и т.н. **ситуациска превенција на криминалитетот**, која се однесува на намалување на можностите за криминал. Имено, ситуациската превенција на криминалитетот се занимава со намалување на можностите за криминал преку менување на непосредната средина во која криминалитетот е веројатно да се случи. Овој пристап се заснова на теоријата за рационален избор, која сугерира дека криминалците ги мерат потенцијалните ризици и награди пред да извршат кривично дело. Преку зголемување на согледаните ризици и намалување на потенцијалните награди, ситуациската превенција на криминалитетот има за цел да ги одврати криминалните активности. Стратегиите на ситуациската превенција вклучуваат: подобрување на надзорот, контролирање на пристапот до потенцијалните

[106] Подетално за ова види кај: Farrington, D. P., & Welsh, B. C. (2007). Saving Children From a Life of Crime: Early Risk Factors and Effective Interventions. Oxford, UK: Oxford University Press; Wortley, R., & Mazerolle, L. (Eds.) (2008). Environmental Criminology and Crime Analysis. London: Willan Publishing; Tilley, N. (2009). Crime Prevention. London: Willan Publishing.

[107] Подетално за ова види кај: Andrews, D. A., & Bonta, J. (2010). The Psychology of Criminal Conduct (5th ed.). New York: Routledge; Mears, D. P., & Cochran, J. C. (2014). Prisoner Reentry in the Era of Mass

цели, подобрување на осветлувањето на јавните површини и поставување на аларми, системи за видео надзор и други безбедносни системи. Ситуациската превенција на криминалитетот вклучува и пристапи засновани на заедницата, како што се: програмите за набљудување на соседството и полициското работење во заедницата, кои поттикнуваат активно учество во напорите за спречување на криминалитетот.[108]

Од погоре наведеното, можеме да заклучиме дека со интегрирање на споменатите модели на превенцијата на криминалитетот, можно е да се намали стапката на криминалитет, како и да се ублажи неговото влијание врз поединците и општеството. Увидовме дека ефикасната превенција на криминалитетот бара комплексни и координирани напори во повеќе сектори и од страна на повеќе чинители, вклучувајќи ги и органите за спроведување на законот, образовните институции, социјалните служби, но и општествената заедница во целина. Оправдано се смета дека преку овој холистички и проактивен пристап може да се постигне превенција на криминалитетот.

Incarceration (1st ed.). SAGE Publications; Cullen, F. T., & Jonson, C. L. (2016). Correctional Theory: Context and Consequences (2nd ed.). SAGE Publications.

[108] Подетално за ова види кај: Clarke, R. V. (Ed.). (1997). Situational Crime Prevention: Successful Case Studies (2nd ed.). New York: Harrow and Heston Publishers; Cornish, D., & Clarke, R. V. (1986). The Reasoning Criminal: Rational Choice Perspectives on Offending. Hague: Springer-Verlag; Clarke, R. V., & Felson, M. (Eds.). (1993). Routine Activity and Rational Choice: Advances in Criminological Theory (Vol. 5). New Brunswick (U.S.A) and London (U.K.): Transaction Publishers.

3. УЛОГАТА НА КАЗНЕНО-ПРАВНИОТ СИСТЕМ ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Општата казнено-правна превенција се поврзува со забраните на казненото законодавство и со функционирањето на органите на казненото правосудство (првенствено, полицијата, јавното обвинителство, судовите). Имено, во казнените закони(ци) се нормирани инкриминирачки однесувања дефинирани како казнени дела и се одредени соодветни санкции за извршителите на истите. Органите на казненото правосудство се должни да ги спроведуваат законите во практика, а тоа значи да повикуваат на казнена одговорност за извршено казнено дело. На тој начин се развива нивната активност и функционалност, која делува на потенцијалните деликвенти како предупредување да не вршат казнени дела, па следствено на тоа се очекува како ефект на тие забрани, пропишани санкции и активности на органите на правосудството, воздржување од извршување на казнени дела. На овој начин се исполнува општото казнено-правно превенирање на општествено опасните однесувања, но и се согледува општата улога на казненото право во превенцијата на криминалитетот.

Казненото право веќе два века издржа на основите поставени во почетокот на XIX век: класичната концепција на казненото дело, вината како социјално-етички заснован прекор, ретрибутивната казна со поливалентни функции, од кои сè понагласена е функцијата на ресоцијализација, како и плуралистичкиот систем на санкции што сè повеќе вклучува различни модалитети и алтернативи на казната. Исто така, казнено-правната заштита остана концентрирана врз заштитата на важни индивидуални и општествени добра, во исто време афирмирајќи ја и гарантната функција на казнениот закон (КЗ како *Magna Charta Libertatum!*).[109]

Основната функција на казненото право е заштитата на поединецот и на општеството од поведенија со кои се напаѓаат важни индивидуални слободи и права и заеднички функции на живот. Како општествено зло со сложени појавни форми (феноменологија) и комплексни фактори за неговото појавување (етиологија), криминалот е предмет на различни облици ***социјална контрола***. Нејзиниот *неформален дел* го сочинуваат семејството, училиштето, јавноста, медиумите итн. *Формалниот или институционален дел* на социјалната контрола на криминалот ги опфаќа различните правно-регулирани инструменти на превенција и репресија: активностите на

полицијата, обвинителството, судовите, затворите итн. Казненото право ги определува *основата и рамката на правно-институционалниот дел*, како и содржината и границите на државната присилба во спречувањето на криминалот.[110]

Казненото право, олицетворено во казнените закони(ци), на посебен начин го одредува функционирањето на системот на казненото правосудство, како специфичен општествен систем, кој има задача да се ангажира во борбата против криминалитетот и во тој процес да оствари ефикасно превентивно влијание на членовите на општествената заедница во целина. Во тој систем се важни два елементи. Првиот се однесува на одредување инкриминирачки однесувања и пропишување казни и други санкции, како и на нивното изрекување и извршување, додека вториот се однесува на воспоставување на механизми на општествена и правна контрола за спроведување во практиката на казнено-правните норми. Со други зборови, овие два елементи заеднички ја одредуваат содржината на превенцијата во сферата на казнено-правната дејност.

Казненото право, но и казнено-правниот систем во државата имаат заштитна функција и се дел од инструментариумот со кој државата обезбедува заштита на индивидуалните и општествени вредности. Преку остварувањето на оваа заштитна функција се штитат и поединците и општеството од криминал, но и се заштитуваат основните човекови слободи и права од злоупотреба на власта.

Таа функција се остварува со примена на репресивните средства од страна на државата и, затоа казнено-правниот систем претставува облик на формална контрола на криминалот, за разлика од превентивната политика која се остварува со превентивни мерки и активности, надвор од тој систем. Ваквото разграничување е разбирливо од прагматични причини и се заснова на репресивниот карактер на мерките што претпоставува дека со нив се ограничуваат или контролираат одредени однесувања и појави и се откриваат, спречуваат и казнуваат сторителите. Меѓутоа, кога ја проучуваме превенцијата како широк пристап и одговор на криминалот, ја проучуваме и превентивната улога на казнено-правниот систем. Тоа го правиме од следниве причини: (1) целта на казнено-правниот систем е да го намали обемот на криминалот, и затоа се зборува за неговата функција во превенција на криминалот, (2) целта на кривичните санкции е да го спречи сторителот (и потенцијалните сторители) да извршат кривични

[109] Камбовски, В. (2002). Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век. Скопје: Бато и Дивајн, стр. 67-68.
[110] Камбовски, В. (2011). Казнено право – општ дел (четврто, изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 6-7.

дела и затоа се зборува за превентивни цели на кривичните санкции и (3) активностите и мерките на казнено-правниот систем се преземаат како пред, така и по извршување на одредени дела за да ги спречат, откријат и застрашувачки да влијаат врз идните сторители. Затоа, се зборува за превентивна цел на активностите и на мерките на казнено-правниот систем.[111]

Сите овие дејности (пропишувањето на кривичните дела, заканата со казна, нејзиното изрекување и извршување) може да влијаат врз создавање и зацврстување на правната свест на граѓаните во смисла на послушност спрема законите на земјата, но само ако овие закони не им се сосема туѓи, само ако тие не го нарушуваат драстично постојниот социјално-етички, обичаен, културен и цивилизациски амбиент на определено поднебје. За тоа законодавецот мора да води сметка при прогласувањето на определени дејности за кривични дела, а судијата при изрекувањето на казните за нив.[112]

Фактот дека апостериорната казнено-правна заштита се остварува со посегање по најважните човекови слободи и права, создава, меѓутоа, една привидна ***внатрешна контрадикција***: казненото право од една страна се појавува како *инструмент за заштита* на слободите и правата, а од друга страна како *средство за удар* во нив со примената на казната и на другите санкции. Вистинска противречност не постои ако се уважува следниов постулат: во поставувањето на системот на казните и на другите санкции со кои се посега по слободите и правата на сторителот, казненото право треба да води сметка за *идентични вредносни критериуми*, што го афирмираат и го унапредуваат концептот на човековите слободи и права. Без почитување на ваквиот постулат, што резултира нужно со априорен сомнеж во оправданоста на екстензивна и преостра казнено-правна репресија, казненото право запаѓа во ***хипокризија***: она што сака да го афирмира како објект на заштита, да го урне со поставувањето на заштитните инструменти. Средството – казната и другите санкции, мора да биде приспособено на целта – заштита на слободите и правата.[113]

---

[111] Стефановска, В. (2017). Кривичните санкции и превенција на криминалот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-16. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[112] Марјановиќ, Ѓ., и Каневчев, М. (2016). Македонско кривично право – општ дел (осмо, изменето и дополнето издание). Скопје: Стоби трејд, стр. 5-6.

[113] Камбовски, В. (2011). Казнено право – општ дел (четврто, изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 7-8.

Во светлината на овој пристап може да се објасни и вториот аспект на заштитната функција на казненото право: неговата ***гарантна***, односно ***државно-правна функција***.[114]

Основната смисла на оваа нова функција се состои во следново барање: казненото право *го штити поединецот* од сите посегања по неговите слободи и права, што подразбира напади од поединци, но и *злоупотреби на самата власт* (како да се заштитиме од нашите „заштитници"?). Определувајќи ја сферата на забранетото, *казнениот закон истовремено ја определува и ја гарантира сферата на дозволеното, слободното*, претставувајќи непречекорлива бариера за државното право на казнување.[115]

Казнено-правниот систем, со спроведување на ретрибутивната правда, насочен е да одговори на прашањата за тоа кој закон е прекршен, кој го прекршил и како да се санкционираат виновниците за да се постигне целта за специјална превенција. Ресторативната правда, наместо одмазда, тежнее кон повторно воспоставување на состојбата нарушена со извршеното кривично дело, што се постигнува со примена на различни методи: посредување помеѓу сторителот на кривичното дело и жртвата, извинување, помирување, надомест на штета или други облици на надомест на штета причинета на жртвата.[116]

Заштитата на деликвентот од повраќ, исто така, се смета за функција на казненото право, а датира од зачетоците на идејата за ресоцијализација на сторителот на казнено дело. Ресоцијализацијата на сторителот подразбира враќање на сторителот назад во општеството, притоа очекувајќи од него да ги почитува правните прописи и да се однесува во согласност со истите. За заштитата на деликвентот од поврат може да се подвлече дека претставува многу значајна и легитимна функција на казненото право.

Покрај заснованоста врз општествениот интерес, оваа функција кореспондира со новото право на поединецот – ***правото на ресоцијализација***, кое е плод на современата ера на човековите слободи и права. Не може, имено, за правата на човекот воопшто да постојат некои високи, универзални стандарди, а тие да бидат исклучени кога тој го прекршил законот. Од тие причини, современото казнено право ги напушта безмилосните, *екскомуникативни казни* и се определува за хуман казнен систем.

[114] Ibid., стр. 8.
[115] Ibid.
[116] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.

Престапникот заслужува казна, но таа не треба да води кон негово потполно и *дефинитивно отстранување* од општеството. Исклучоците од ваквиот став се сосема ретки и практично се сведуваат, покрај законодавствата во кои е задржана смртната казна, на можноста за изрекување долготрајни или доживотна казна затвор, чија единствена цел е *неутрализација* на осудениот.[117]

На прв поглед се чини дека примената на казната затвор е антитеза на идеалот за примена на ресторативна правда и дека принципот на ресторативна правда не може да се применува во затворската средина и врз осуденичката популација. Меѓутоа, кога затворот го гледаме како институција во која осудениците се подготвуваат да се вратат во општеството и да престанат да вршат кривични дела, тогаш затворот може да се согледа и како идеална средина за практична примена на ресторативниот процес.[118]

Примената на ресторативна правда во затворските услови има повеќекратни придобивки за затворениците. Можноста за репарација кај затворениците го развива сопственото чувство за вредност, бидејќи тие се во ситуација да им помагаат на другите, на своето семејство и на општеството. Способноста да се биде великодушен е суштински дел од хуманоста. Потоа, ресторативната правда го воведува општеството во затворот и затворениците ги прави повидливи за оние надвор од затворските ѕидови. Ресторативната правда му овозможува на општеството да ја препознае својата одговорност кон затворениците, бидејќи затворите се дел од социјалниот контекст. Сепак, најважно е што примената на ресторативната правда им овозможува на затворениците на вистински начин да го согледаат своето однесување и на штетата која таквото однесување ја предизвикала. Доколку се користи ресторативен пристап за решавање на дисциплинските престапи на затворениците, тогаш целта не е едноставно казнување на затвореникот кој прекршил некое затворското правило, туку целта е да му се помогне на затвореникот да разбере како да живее како дел од општеството внатре во затворот.[119]

Она што не постои во одредбите на домашното казнено законодавство е примената на ресторативната правда во затворите, што би било еден од предлозите за

[117] Камбовски, В. (2011). Казнено право – општ дел (четврто, изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 8.
[118] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.
[119] Види подетално кај: Константиновић Вилић, С., Николић Ристановић, В., Костић, М. (2009). Криминологија. Ниш: Пеликан принт, стр. 111-113.

идните законски решенија и еден од поефикасните начини за спречување идно ново криминално однесување, односно спречување на рецидивизам.[120]

Од погоре наведеното во овој дел од докторскиот труд, можеме да констатираме дека *превенцијата на криминалитетот, покрај законски решенија конципирани во казнено-правниот систем на државата, опфаќа и практики на многу други општествено-социјални чинители, како и политики на цивилниот, односно граѓанскиот сектор.*

Воедно, сметаме дека тежиштето на казнено-правната превенција потребно е да биде ставено на идејата на превоспитување и ресоцијализација на сторителите на полесни казни дела, а не на нивно отстранување од општеството преку изрекување на казни затвор и сместување во затворски установи.

[120] Костић, М. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110.

ВТОР ДЕЛ

ГЛАВА III КАЗНА ЗАТВОР (ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА)

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА КАЗНАТА ЗАТВОР (ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА)

Лишувањето од слобода, односно казната затвор е можеби најпрепознатлива форма на казнена санкција. Истата е воведена во казненото законодавство под влијание на учењето на класичната школа која се залагала за замена на смртната казна како нехуман аи неполезна казна. Историјата на оваа санкција, во многу земји во светот, сведочи дека истата е најстрогата и најскапата казна што може да му се изрече на виновен сторител на казнено дело. Примената на казните затвор како форма на казнување има долг и сложен историски развој кој се протега со векови. Воедно, врската помеѓу извршувањето на казнени дела и казната затвор е практично архетипска за пошироката јавност. По укинувањето на смртната казна, казната затвор е поставена на пиедесталот како најстрога форма на социјална реакција спрема криминалитетот од која се очекува највисок степен на ефективност во контекст на заштитата на самото општество и неговите припадници.

Казните лишување од слобода се воведени во кривичното право на предлог на *Бекарија*. Нив најпрво ги вовел францускиот Кривичен законик од 1791 година, од кој ги преземал и *Code penal* од 1810 година, од каде што продреле и во други законодавства. Затворањето кое до тогаш било применувано имало карактер на обезбедување присуство на сторителот на кривичното дело за да над него би се извршила смртна или телесна казна.[121] Во споредба со телесните казни, сакатењето и тепањето кои се состоеле од мачење и телесно сакатење на сторителот на казнено дело што несомнено оставало трајни последици, воведувањето на казната лишување од слобода претставувало голем исчекор и прогрес на полето на казнениот систем и казненото право воопшто.

[121] Јовашевиќ, Д. и Костиќ, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 297.

Единствено казната затвор (лишување од слобода) се применува низ целата историја на казнување од страна на државата за сторено кривично (казнено) дело. Таа е составен дел на сите казнени системи и врз тој елемент се изведува заклучокот за нејзината нужност. Таа е казна со која се одзема или се ограничува најголемата, највредната човекова вредност – слободата, за време додека трае казната или доживотно. Општеството (државата) низ својот развој на ист начин ја вреднувало и ја заштитувало човековата слобода, но низ извршувањето на казната затвор се обликувале модалитети кои во помала мера, на посуров или поблаг начин ја ограничувале слободата. Таа никогаш не била само просто ограничување на слободата, туку била проследена, исполнета со содржини што ја чинеле помалку или повеќе репресивна, ретрибутивна и пунитивна.[122]

Насекаде може да се сретнеме со огромен број на дефиниции кои ја објаснуваат или на некој начин ја отсликуваат намената на затворот како институција. Тргнувајќи од фактот дека последна дестинација на сите кои се огрешиле од законот е затворот, корекцијата која треба да се направи кај личноста се очекува да биде токму тука. Затворската средина сама по себе на некој начин е вештачки создадена за лицата кои доаѓаат на издржување казна затвор. Самата казна кај лицето кое е упатено на издржување на казна затвор влијае репресивно. Кај некои личности сето ова може да се чини застрашувачки затоа што се среќаваат со нова средина која е непозната за нив.[123]

Во сите современи казнени системи во светот, казната лишување од слобода го зазема централното место во системот на казнени санкции. Оваа казна и порано и денес многу често се применува во практиката на казнената политика. Имајќи ги предвид статистичките податоци, казната затвор се изрекува почесто отколку сите други казнени санкции воопшто. Имено, сè уште најголем број казнени законодавства во светот во борбата против криминалитетот се потпираат на затворските казни и веруваат дека со нивната строга примена постои најголема можност да се оствари целта на казнувањето која се состои од превоспитување и ресоцијализација на осуденото лице за негово реинтегрирање во општествената заедница по издржувањето на казната.

Затвори се наоѓаат во секоја земја во светот. Затоа, креаторите на политики и администраторите може едноставно да ги сметаат за дадени и да не се обидуваат активно да најдат алтернативи за нив. Сепак, затворот не треба да се зема здраво за

[122] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2 Август С Штип, стр. 239.

готово како природна форма на казна. Во многу земји употребата на затвор како форма на казна е релативно скорешна. Можеби е туѓо на локалните културни традиции кои со милениуми се потпираа на алтернативни начини за справување со криминалот. Понатаму, затворската казна се покажа како контрапродуктивна во рехабилитацијата и реинтеграцијата на обвинетите за помали кривични дела, како и за одредени ранливи популации.[124]

Применувајќи ги историскиот и компаративниот метод, можеме да констатираме дека на сегашната форма на извршување на казнените санкции ѝ претходела релативно долга, па дури и радикална еволуција. Низ историјата, концептот на затворот како казна значително еволуирал, одразувајќи ги променливите општествени ставови, филозофските перспективи и напредокот во теоријата и практиката на казнената правда. Започнувајќи од периодот кој се карактеризирал со примена на тортура, одмазда, па и самоволие, денес можеме да констатираме дека е постигнат детален нормализиран концепт кој инсистира на почитување на човековите слободи и права, како и на социјална рехабилитација.

Во античките цивилизации какви што биле: Месопотамија, Египет, Грција и Рим, затворањето не било вообичаена форма на казна. Наместо тоа, казните кај овие цивилизации често вклучувале парични казни, физичко мачење, ропство или смртни казни за различни престапи. Концептот на затворот како казна за извршено злосторство не играл значајна улога во овие општества.

Во текот на средниот век (временска одредница за периодот од V до XV век), европските општества започнале да користат затвор како форма на казна за должниците, политичките неистомисленици и поединците кои чекаат судење. Сепак, овие рани затвори често се користеле за притвор наместо за казнување, а условите често биле сурови и нехигиенски.

Во периодот во кој младата граѓанска (буржоаска) класа зазема доминантна позиција во општеството, доаѓа до постепена трансформација на казнената политика на средновековните сталешки (класни) општества. Во стариот систем на казнена правда во

[123] Ковилоски, А., Тодоров, Ѓ., Стоименовска, И. (2020). Скопје: Просоцијал, стр. 50.
[124] Handbook of basic principles and promising practices on Alternatives to Imprisonment. United Nations: New York / United Nations Office on Drugs and Crime: Vienna. 2007, стр. 3. Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Handbook_of_Basic_Principles_and_Promising_Practices_on_Alternatives_to_Imprisonment.pdf

кој доминирале санкциите кои го нарушувале телесниот (физичкиот) интегритет на сторителот (смртна и телесна казна),[125] се воведува казната лишување од слобода.[126]

Казната затвор (лишување од слобода) во кривично-правните системи на поразвиените земји почнува да го зазема своето место во осумдесеттите години од XVIII век. Воведувањето на казната затвор како легално средство преку кое се остварува кривично-правна репресија е резултат на длабоките промени во општествено-економските односи што ја доведоа младата буржоазија на власт по француската буржоаска револуција. Како и во сите области од животот, така и во областа на кривичното право, врз идеите на слобода, рамноправност и единство внесе хумана идеја во казнувањето, односно врз паролата за еднаквост на сите пред законот. Во контекст на овие идеи, во кривичното право се истакнува идејата за законита примена на казните со почитување на олеснителните и отежнувачките околности за личноста на деликвентот со што во кривичното право вниманието се свртува од кривичното дело кон личноста на сторителот.[127]

Со подемот на просветителството во XVI и XVII век, дошло до промена и во размислувањето за казнувањето. Некои филозофи, како што е *Чезаре Бекарија*, се залагале за реформа на казнено-правните системи и за пропорционални и хумани казни. Ова интелектуално движење ги поставило темелите за модерниот затворски систем.

Во литературата не постои консензус за тоа која од институциите во кои се сместени лицата лишени од слобода може да се смета за прва. Некои тврдат дека тоа е *казнено-поправниот дом во Гана, Белгија*, други дека тоа е институцијата *Свети Михаил во Рим*, каде што биле затворани малолетници, а можат да се најдат и податоци[128] дека првиот казнено-поправен дом е основан во 1654 година во Амстердам. Тоа е познатиот *Rasphus* („*Стругара*“ каде што затворениците обработувале дрво), другиот бил новиот *казнено-поправен дом во Хамбург* (1669), Германија, додека малку подоцна во Франција во рамките на Општата болница во Париз (француски: *Hôspitaux généraux*) беа издвоени два одделенија - машко и женско - кои почнувале да примаат само осудени

[125] Покрај нив, постојат и парична казна и конфискацијата на имот (последнава често се применувала покрај смртната казна што им била изречена на припадниците на повисоките класи како симболичен чин кој покрај лишувањето од живот, ја укинува и трагата на постоењето на нивниот имот), потоа казните за клевета (срам) и други.

[126] Ignjatović, Đ. (2018). *Kontroverze kazne zatvora i ustanova za njeno izvršenje*. Beograd: Sociolosko Udruzenje Srbije i Crne Gore, str. 750-768.

[127] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2 Август С Штип, стр. 190.

лица. Сепак, најголем број автори, меѓу кои и *Вејн Морисион (Wayne Morrision)*[129], одлучуваат дека првата казнена установа била основана во Лондон во 1557 година – *Bridewell*, која првично била еден вид на трудово (работно) поправна установа, а со текот на времето прераснала во казнено-поправна установа.[130]

Важно е да се истакне дека условите за живот во тие институции биле неподносливи. *Џон Хауард*, голем филантроп и неуморен истражувач на условите во првите казнено-поправни установи во речиси цела Европа ги прикажал во книгата „*Услови во казнено-поправните установи*“ (1777 година), каде детално ги опишал условите во кои живееле осудениците, притворениците и несолвентните должници. Неухранети и сместени во супстандардни простории, без вода, светлина и свеж воздух, овие луѓе не само што се разболеле, туку биле и опасност за јавното здравје. Проблем претставувала и *криминалната зараза* - пренесувањето на криминалните тенденции од искусни криминалци на млади и случајни сторители на криминални дејствија. Управниците на тие први казнено-поправни установи настојувале на секој начин да се збогатат на несреќата на оние што им биле доверени на чување, па со енормна заработувачка им точеле дури и алкохол во просториите на установата или изнудувале мито секогаш кога за тоа имало можност.[131]

Во многу земји затоа започнало да се зајакнува движењето за укинување на затворските казни и враќање на стариот начин на казнување. Тоа не се случило, пред сè, поради неколку вистински хуманисти кои вложиле огромни напори да се подобри состојбата во тие институции. Првиот од нив е веќе споменатиот *Хауард*, кој особено се залагал за подобрување на хигиенските услови во установите и одвојување на лица од различен пол и криминално искуство во посебни делови од установите.[132]

Појавата на казнено-поправните установи, како што е затворот *Walnut Street* во Филаделфија во 1790 година, означил значаен развој во употребата на затворот како форма на казна. Овие институции имале за цел да ги изолираат затворениците од

---

[128] Види: Spierenberg, Pieter. (1998). *"The Body and the State."* In Morris and Rothman's The Oxford History of the Prison: The Practice of Punishment in Western Society; pp. 44–70. New York: Oxford University Press.
[129] Види: Morrision, Wayne. (1996). *"Modernity, Imprisonment, and Social Solidarity"*, in R. Matthews and P. Francis (eds.). *Prisons 2000*, London: Palgrave Macmillan, pp. 94-120.
[130] Види кај: Ignjatović, Đ. (2018). *Kontroverze kazne zatvora i ustanova za njeno izvršenje*. Beograd: Sociolosko Udruzenje Srbije i Crne Gore, str. 750-768.
[131] Види кај: Howard, John. (1929). *The State of Prisons.* London: J. M. Dent & Sons; и: Ignjatović, Đ. (2018). *Kontroverze kazne zatvora i ustanova za njeno izvršenje*. Beograd: Sociolosko Udruzenje Srbije i Crne Gore, str. 750-768.
[132] Види кај: Thomas, Jim. (2005). *"Jeremy Bentham"*. Bosworth M. (ur.). *Encyclopedia of Prisons & Correctional Facilities.* Thousand Oaks: Sage Publ; и: Ignjatović, Đ. (2018). *Kontroverze kazne zatvora i ustanova za njeno izvršenje*. Beograd: Sociolosko Udruzenje Srbije i Crne Gore, str. 750-768.

општеството, обезбедувајќи им време за размислување и покајание. Воедно, се смета дека во тој период се јавил и терминот *пенитенцијарна установа.*

На крајот на XVIII и почетокот на XIX век се создаваат поволни услови на општествен, политички, економски и социокултурен план што му погодуваат на афирмирањето на казната затвор (лишување од слобода) како погодно средство за сузбивање на криминалитетот. Следењето на процесот на прифаќање на казната затвор (лишување од слобода) во кривичните законодавства дава за право да заклучиме дека ниту една казна не доживеала таква брза популаризација и афирмација како оваа, бидејќи таа се вклопува и им погодува на новите односи.[133]

Во XIX-от век било забележано широко усвојување на пенитенцијарниот систем во Европа и Северна Америка. Влијателни личности, како што бил англискиот утилитаристички филозоф *Џереми Бентам* предложил нова архитектура на казнено-поправните установи со цел да се олесни надзорот на затворениците од што произлегол концептот на *Panopticon* (*„Сè гледа“*) кој претставувал дизајн на затвор кој овозможува постојано следење на затворениците. Тој верувал дека на овој начин затворите ќе бидат побезбедни, а контролата ќе биде поефикасна и похумана; дека на овој начин ќе се обезбеди ред и дисциплина, а и дека ќе се намалат и трошоците на институцијата.[134] За оваа ера, исто така, е карактеристичен развојот на *обурниског систем* (исто така, познат и како *Њујорски систем* или како *Конгрејт систем*), нагласувајќи ја напорна работа и строгата дисциплина, за разлика од моделот на самица.

XX-от век беше сведок на различни реформи во затворските системи ширум светот. Рехабилитацијата стана клучна цел и беа направени напори да се обезбедат образовни и стручни програми во затворите. Меѓутоа, во овој век се појавија и критики против ефективноста на рехабилитацијата, што доведе до фокусирање на казнувањето и одвраќањето.

Според академик *Камбовски*, централно подрачје на казнено-правната реформа од почетокот на XX век е **реформата на системот на санкции**, во правец на зацврстување на позицијата на казната затвор како основна санкција со широк спектар на функции (генерална и специјална превенција, ресоцијализација), како и на напуштање на определбата за казната како единствена санкција (монистички систем). Покрај казната,

[133] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2 Август С Штип, стр. 195.
[134] Види: Thomas, Jim. (2005). *"Jeremy Bentham"*, u: Bosworth M. (ur.). *Encyclopedia of Prisons & Correctional Facilities.* Thousand Oaks: Sage Publ.

како посебен тип санкции се појавуваат мерките на безбедност. Еднаш напуштен со прифаќањето на концепцијата на двоен колосек, монистичкиот систем му отстапи простор на дуалистичкиот, или подобро речено **плуралистичкиот систем** на санкции. Казната е и натаму основна, но не и единствена санкција! Така, доаѓа до широко усвојување на условната осуда: по појавата на англо-саксонскиот модел на условна осуда, најпрвин во одделни американски држави (Масачусетс, 1878), а потем и во Англија (1887 година), таа набрзо е прифатена со усвојувањето на познатиот закон за условна осуда ("*Loi Bèrenger*") во Белгија 1888 година, а таков закон е усвоен и во Франција 1891 година (континентален систем на условна осуда). Во првата декада на XX век, условната осуда беше веќе општоприфатена во европските казнени законодавства.[135]

Во првата деценија на XXI-от век може да се забележи постојаното проширување и заострување на казнено-правната репресија. Она што претходно најмногу се гледало како ексцес на законодавецот, станува главна карактеристика на современото кривично право.[136]

Во текот на изминатите неколку децении, дијагностицирани се одредени промени во затворскиот систем. Овие промени беа резултат на одредена политика на построго казнување, особено во земјите од англиско говорно подрачје. Некои автори зборуваат за т.н. „пенален популизам" со кој ја опишуваат тенденцијата на актуелната политика да промовира политика на казнување заснована на очекуваната популарност, без оглед на нејзината пенолошка вредност.[137]

Контролата на криминалитетот во денешното современо општество се одликува со две генерални тенденции и тоа *заострување на казнената политика со широка примена на казната затвор*, што е во склад со т.н. пенален популизам, од една страна и со *примена на алтернативите на казната затвор*, односно на алтернативните санкции и мерки, од друга страна.

Разочарувањето во концептот на рехабилитација, сеприсутноста на масовните медиуми кои го направија криминалот секојдневие, глобализацијата и развојот на пазарната економија ја вклучија реториката на казнениот популизам во политичкиот дискурс. Политичарите зборуваат за криминалот на нов, емотивно наполнет начин.

[135] Подетално види кај: Камбовски, В. (2002). Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век. Скопје: Бато и Дивајн, стр. 23-24.
[136] Stojanović, Z. (2011). *Krivično pravo u doba krize*. Branič, br. 1-2, str. 27-49.
[137] Kovčo, I. (2001). Kazna zatvora - zašto i kuda?, *Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu,* vol. 8, br. 2, str. 117-136. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

Прашањата за кривичната правда и казнената политика повеќе не можат безбедно да им се доверат на експертите, туку стануваат клучен политички приоритет – оној кој може да издигне или да прекине политичка кариера.

Пеналниот (пунитивниот, казнениот) популизам е релативно нов феномен и претставува демагошко заживување на застарени и погрешни идеи за општествената корисност, праведност и потребата од заострување на казнените мерки против сторителите на казнени дела, најчесто една група од тие дела, во зависност од општествениот контекст.

Казнениот популизам се однесува на идејата дека јавната поддршка за построги политики на кривичната правда (поконкретно затворањето) стана примарен двигател на креирањето политики, како и на политичките изборни циклуси, како резултат на сè построги казни без оглед на нивната способност да го намалат криминалот или да ги исправат неговите познати корелации.[138]

Терминот „пунитивен“ се однесува на употребата на казнено-правните санкции за цели на казнување, а од 1980-тите години казните како што е затворањето најодлучно се зголемија во Соединетите Американски Држави, но исто така и во Обединетото Кралство, Австралија и Нов Зеланд. Терминот „популизам“, генерално се однесува на постоењето на популарни чувства, верувања или идеологии кои ги поседуваат одредени групи за разлика од оние на елитите или креаторите на политиките, особено во случаи кога сегменти од јавноста перципираат значително чувство на маргинализација или штета како резултат на политика или владеење на елитите.[139]

Популистичката поддршка за казнување не е нова, ниту пак идејата дека политичарите може да капитализираат од криминалот за да си служат на сопствените цели. Сепак, поимот казнен популизам е повеќе вкоренет во историски неодамнешните трендови во Соединетите Американски Држави и другите западни земји кои доживеаја значителен пораст на затворската популација, како и забележителни промени во креирањето политики и спроведувањето на кривичната правда. Конкретно, овие промени го вклучуваат растот на иницијативите на гласачите за контрола на криминалот, зголемувањето на учеството во донесување одлуки за законодавство поврзани со кривичните санкции и корекции, соодветното намалување на судската

[138] Wood, William R. (2014). *Punitive Populism*. *The Encyclopedia of Theoretical Criminology*, First Edition. Edited by J. Mitchell Miller. Hoboken, New Jersey: Wiley (formerly Blackwell Publishing Ltd.).
[139] Ibid.

дискреција при одмерувањето на казните и намалување или укинување на условниот отпуст.[140]

Поттикот за овие промени започна во 1960-тите години, кога САД и неколку други западни земји започнаа долготраен пораст на евидентираниот криминал, како и социјални немири кои создадоа поделени и често остри социјални и културни поделби. Ова зголемување на стапките на криминалот, острите социјалните немири и поделените општествени движења следствено имале големо влијание врз креирањето на политики во тие општества и се разбира оставиле значајни политички последици.

Но, за самиот казнен популизам не е од суштинско значење дали неговите претставници се залагаат за построго казнување затоа што самите веруваат во некаков позитивен ефект од таквото решение или едноставно го шират тоа погрешно верување, бидејќи знаат дека ќе наидат на поддршка од јавноста. Суштината е во тоа недвосмислено да се покаже чистата сурова моќ на „државата насилник“, која веројатно е неспособна, а пред сè - неволна и незаинтересирана да создаде општествен контекст во кој посоодветно би се обесхрабрувало извршувањето на кривични дела. Тоа е типична форма на конзервативна држава, која во својот антрополошки песимизам нема намера да биде заштитник, покровител на сторителите на кривични дела, ниту, пак, да им обезбеди некаква шанса или можност за ресоцијализација.

Преку казнениот популизам владејачката политичка елита се труди да ѝ прикаже на пошироката јавност дека особено се грижи за одредени вредности и добра заштитувајќи ги истите со нивна криминализација и пропишувајќи високи казни за нивните сторители. Тесно поврзана со концептот на строги казни е мизантропската идеја дека проактивно општествено дејствување од најшироки размери не може да постигне соодветна генерална и специјална превенција, па дека е нужно свртување кон казнен популизам.

Популистичкиот одговор на одредени облици на тешки кривични дела редовно повлекува подигнување на горните граници на казнените санкции за сторителите на кривични дела. Една од последиците од таквиот обид за инстант решавање на одредени форми на криминалитет често повлекува зголемување на бројот на изречените ефективни затворски казни, што, пак, резултира со зголемување на популацијата во казнено-поправните установи. Со заострување на казнената политика и инсистирајќи на одмаздничкиот карактер на казната, државата всушност генерира одмаздољубиви

[140] Ibid.

нагони, а со тоа задоволува различни емоционални состојби, пред сè агресивност, на оние кои најчесто не се директно засегнати од извршеното казнено дело. Всушност, со заострување на казнената политика се постигнува индиректно поттикнување на насилство, упатување на одмазда и воопшто се креира своевиден варварски светоглед што треба да се искорени, а не да се поттикнува или промовира.

Кон крајот на дваесеттиот век, се чинеше дека се појавува јасна шема во политиката за контрола на криминалот во современото општество. Од една страна, државата беше подготвена да одговори на загриженоста за монструозните криминалци и демонските други со сè построги казни; од друга, постоеше стратегија за „дефинирање на отстапувањето надолу“, со инкорпорирање на „криминолошка перцепција која сметаше дека криминализацијата на помалите отстапувања е непотребно стигматизирачка и контрапродуктивна.“[141]

Соодветниот одговор на овие „ситни отстапувања“ беше во форма на пренасочување, претпазливост и слично - всушност, реагирајќи на нив како вообичаен непроблематичен аспект од секојдневниот живот. Сепак, порастот на казнениот популизам доведе до реорганизација на оваа внимателно моделирана *бифуркација*[142]. За разлика од ова, политиките за контрола на криминалот под влијание на казнениот популизам се со поголема веројатност да ги одразуваат можностите и непредвидените ситуации, и се дизајнирани да имаат побарувачка со својата конституенца на „обични луѓе“ и нивните грижи и стравови.

Неопходноста од заострување на казнената политика е сложена и дебатирана тема која зависи од различни фактори, вклучувајќи ги специфичните цели на системот на кривичната правда, општествените вредности и ефективноста на постоечките политики. Накратко, неопходноста од заострување на казнената политика е прашање на тековна дебата. Многу експерти тврдат за балансиран пристап кој комбинира казнување со превенција, рехабилитација и социјална поддршка, адресирање на комплексноста на криминалот и неговите основни причини. Прилагодувањето на политиките за поединечни случаи и фокусирањето на стратегии засновани на докази може да придонесе за поефективен и праведен систем на кривичната правда.

[141] Garland, D. (2001). The Culture of Control. New York: Oxford University Press. pg. 117-118.

[142] Бифуркацијата означува поделба на нешто на две гранки или делови. Теоријата на бифуркација е математичко проучување на промените во квалитативната или тополошката структура на дадена фамилија криви, како што се интегралните криви на фамилија векторски полиња и решенијата на фамилија диференцијални равенки.

Во последниве децении, има сè поголем акцент на практиките засновани на докази, ресторативната правда и алтернативите на затворањето. Многу држави се во потрага по изнаоѓање начини за намалување на популацијата на затворите, решавање на пренатрупаноста и фокусирање на рехабилитација и санкции засновани на заедницата за ненасилните престапници.

Во општиот пристап кон извршувањето на кривичните санкции воопшто и казната затвор посебно, во современото општество секогаш треба да се имаат во предвид некои фактори што имаат детерминирачко значење во поставувањето на системот на кривичните санкции како средство на општествена реакција во сузбивањето на криминалитетот и во остварувањето на поставените цели низ извршувањето на истите. Притоа, од особено значење е достигнатиот степен на развој на современото општество и способноста на одделните земји да ги прифатат и применат тие достигнувања. Но, притоа од особено значење е фактот дека современото општество достигна таков степен на развој на производните сили што обезбедуваат висок степен на хуманизација на односите меѓу луѓето.[143]

[143] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2 Август С Штип, стр. 244.

2. КАЗНАТА ЗАТВОР ВО ДЕНЕШНО ВРЕМЕ

Казната затвор е најтешката кривична санкција што може да му се изрече на одговорен сторител на кривично дело. Со неа се ограничува слободата на движење на осуденото лице. Покрај ретрибутивната природа на казната, да се нанесе зло за стореното зло, целта е и воспитно да влијае врз сторителот на кривичното дело, истиот да биде санкциониран за своето девијантно поведение и да се изврши корекција на неговото општествено неприфатливо однесување, како истиот во иднина не би манифестирал такво поведение и не би го повторил делото.[144]

Самата идеја за ресоцијализација на сторителите на кривични дела преовладувала во текот на минатиот век и станала основа за современите реформи на казнено-правниот систем. Благодарение на ресоцијализацијата, во многу казнено-правни системи во светот се укина смртната казна, се реформира казната затвор, се воведоа алтернативи на казната затвор, се подобри третманот на осудените лица во казнено-поправните установи, се воведоа програми за постпенална помош итн.[145]

Главно оправдување на задолжителните затворски казни е дека ќе им предочи на сторителите на казнени дела дека казната е сигурна/извесна и строга и дека „криминалот не се исплати“. Со други зборови, оваа политика е заснована на претпоставката дека затворот врши специјална превенција врз сторителите на казнени дела, а истовремено и генерална превенција, т.е. ги одвраќа потенцијалните сторители на казнени дела.[146]

Теоретичари што се занимаваат со истражувања во областа на застрашувањето како цел на казнувањето истакнуваат дека кога станува збор за генералната превенција, веројатноста од откривање и осуда е она што многу повеќе ги одвраќа сторителите на казнени дела, а не толку строгоста на казната.[147]

Генералната превенција се базира на премисата дека заканата со кривична санкција ќе ги одврати потенцијалните сторители на казнени дела од криминално однесување. Истражувањата за (не)успешноста на генералната превенција главно се фокусирани на смртната казна и контрола на оружје. Така, на пример, резултатите од

---

[144] Јованов, И. (2019). Осуденото лице – пред и по издржувањето на казната затвор, во: *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: „Кон подобра иднина: демократија, ЕУ интеграција и криминална правда“*, том 2, стр. 349-355. Битола: Правен факултет – Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

[145] Ibid.

[146] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 200.

истражувањето за генерално превентивниот ефект на смртната казна покажале дека заканата од смртна казна за сторено дело убиство немала ефект на одвраќање на сторителите на казнени дела (Maltz ([1984] 2001). Но, истражувањето за ефектот на генерална превенција по донесувањето заострени мерки за дела сторени со употреба на огнено оружје, покажале дека одделни казнени дела не се случиле како резултат на застрашувачкото дејство.[148]

Специјалната превенција е намалување на криминалитетот од страна на одделни сторители како директна консеквенца на нивниот страв од затворање во пенитенцијарна установа или други санкции. Се смета дека овие лица се убедени дека ризикот од дополнителни казни не е вреден колку приносите од подоцнежно криминално однесување.[149]

Во современо време, секоја земја се обидува да го усогласи и урамнотежи исполнувањето на сите елементи на целта на казната затвор, а во зависност од политичката волја, а многу земји го нагласуваат рехабилитациониот пристап во рамките на казната затвор или во рамките на алтернативите на таа казна.[150]

Рехабилитацијата (реинтеграцијата) се гледа во тоа што сторителите на кривични дела се менуваат преку доброволно вклучување во структурирани и насочени рехабилитативни програми, на пример, преку работни ангажмани, образовни програми, програми за контрола на емоции, програми за зависници, како и преку индивидуално и групно советување. Казната мора да биде насочена и кон вклучување на сторителот на кривичното дело во заедницата преку зајакнување на позитивните врски.[151]

На широката лепеза на кривични санкции познати на современото казнено законодавство му претходеа различни спорови во теоријата и практиката, кои најмногу беа предизвикани од негативното влијание на казната затвор што како најтешка кривична санкција го има врз осуденото лице, и фактот дека на полесните облици на криминал треба да се одговори со поблаги кривични санкции, со цел да се постигне, пред се, посебна превенција. Иако во денешно време казната затвор се применува многу поретко од некои други кривични санкции, „векот кој остана зад нас ќе остане

---

[147] Подетално види кај: Bottoms, A.; Rex, S. and Robinson, G. (Eds.). (2004). Alternatives to Prison: Options for an Insecure Society, Willan, Cullompton, pp. 83-113.
[148] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 200.
[149] Ibid.
[150] Abramović, Đ. (2017). *Kažnjavanje počinitelja kaznenih djela - osnovni modeli i mogućnosti pastoralnog rada (završni specijalistički)*. Sveučilište Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Katolički bogoslovni fakultet u Đakovu, str. 66.
[151] Ibid.

запаметен и по тоа што казната затвор стана основен вид на кривично реагирање на најтешките загрозувања на основните општествени вредности извршени од полнолетни и пресметливи лица.“[152]

Во денешно време и покрај фактот што се губи довербата во казната затвор поради многубројните критики кои ѝ се упатуваат на истата, сепак таа и понатаму го зазема централното место во системот на казнени санкции.

Сепак, иако општеството бележи значителен цивилизациски развиток, казните сè уште се сметаат за најмоќно, најефикасно и најделотворно средство во борбата против криминалитетот, но не смее да се заборави дека цел на казнувањето, покрај остварување на правдата, е спречување на сторителот да врши казнени дела и негово превоспитување, како и воспитно да се влијае врз другите да не вршат казнени дела. Единствено казната затвор, низ различни форми и облици, континуирано до денес се применува низ целокупната историја на казнување од страна на државата за сторено казнено дело. Во оваа насока е и фактот што и во состојба на емпириски и научно извршена верификација и валоризација на позитивните и негативните страни на казната затвор, при објективно потврдениот факт дека нејзината примена не ги дава очекуваните резултати во врска со сузбивањето и превенирањето на криминалитетот, таа сепак останува најчесто изрекувана казна од страна на судовите.

Се поставува прашањето зошто затворот опстојува до денес? Постојат пет функции на затворот, и тоа: пургативна – прочистителна функција, оние што прават проблеми да се затворат, така ќе прават помалку штета; обезвластување на оние што се затвораат да вршат одговорни должности во општеството; симболична – стигматизација која овозможува оние што се надвор да се дистанцираат од обележаните; дивертирање – конципирана е за ниски социјални слоеви и за дела на насилство, одвраќајќи го вниманието од тешките облици на криминалитет; акција – се остава впечаток дека „нешто е сторено“.[153]

Затворот има неколку цели. Ги држи под сигурна контрола лицата за кои постои сомневање дека извршиле кривично дело пред судот да ја утврди нивната вина или невиност. Ги казнува осудените лица со лишување од слобода откако ќе бидат осудени за сторено кривично дело. Ги спречува да вршат понатамошни кривични дела додека се во затвор и, теоретски, им овозможува да бидат рехабилитирани за време на

[152] Ignjatović, Đ. (2013). Normativno uređenje izvršenja vanzavodskih krivičnih sankcija u Srbiji. *Crimen*, br. 2, str. 144-175.

издржувањето на затворска казна. Целта на рехабилитацијата е да се решат основните фактори кои довеле до криминално однесување и со тоа да се намали веројатноста за повторно извршување на кривично дело. Сепак, токму оваа цел генерално не се исполнува со затворањето. Напротив, доказите покажуваат дека затворите не само што ретко рехабилитираат, туку тие имаат тенденција дополнително да ги криминализираат поединците, што доведува до повторно сторување на кривично дело и циклус на ослободување и затворање, што не прави ништо за да се намали пренатрупаноста во затворите или да се изградат побезбедни заедници.[154]

Рехабилитацијата подразбира следново: лицата што се на издржување казна затвор имаат проблеми, проблеми што се директна причина за нивното криминално поведение; персоналот задолжен за имплементација на програмите за поправање можат прецизно да ги воочат овие проблеми и имаат соодветни третмани достапни за индивидуите; овие третмани ќе бидат соодветно применети; проблемите ќе се „поправат“ (или барем смалат) како резултат на овие третмани; и како резултат на смалувањето на проблемите, криминалното однесување на лицата ќе почне да се намалува. Во теоријата оваа цел ја нарекуваат „медицински модел“ на поправање. Но, оваа цел е соодветна за медицински третмани, каде причината е од психичка или психолошка природа и може да се открие со соодветен инструментариум. Но, ваква конструкција е тешко да се примени во третмани на корекција. Сепак, може да се примени за определен тип сторители и некои програми дизајнирани за нив. *Малц* (*Maltz*) ([1984] 2001) сосема исправно заклучува дека кога сторителите биле подвргнати на некоја програма за поправање, не може програмите или институциите што ги спроведуваат истите да се повикаат на одговорност доколку лицето и понатаму одлучи да го крши законот, особено затоа што таквото однесување се случува во средини врз кои институциите за поправање немаат контрола.[155]

Главни претпоставки за рехабилитацијата да даде успех е да се откријат проблемите што ги имало лицето, потоа дали тие проблеми се директна причина за неговото криминално однесување, дали се правилно дијагностицирани итн. Секако сите

---

[153] Камбовски, В. (2006). Казнено право - општ дел (3 изм. изд.). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.
[154] Види: Custodial and non-custodial measures, Alternatives to Incarceration, Criminal Justice Assessment Toolkit. (2006). New York: United Nations / Vienna: United Nations Office on Drugs and Crime, pg. 1.
[155] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 195-196.

проблеми не се од психолошка природа, имено, недостатокот на образование, работа и сл., се, исто така, причини кои го тераат лицето да врши криминал.[156]

Доминацијата на казната затвор во современите казнено-правни системи на државите во светот се потпира врз стојалиштето дека таа е најпогодна за остварување на двете основни функции на казната: на ресоцијализацијата и на неутрализацијата.

Затворот денес се смета за клучна казна во сите земји и има улога на кривична санкција која судот ја изрекува на кривично одговорниот сторител на кривично дело, со цел да се заштити одредена општествена вредност во една заедница.[157]

Таа е најважниот одговор на тешките кривични дела, особено на кривичните дела насилство, тероризам и организиран криминалитет, а се смета и за најефикасно средство за сузбивање на повратот.[158]

Во стручната литература се вели дека постојат добри причини да се мисли дека затворите би можеле да го спречат криминалот. Затворското искуство може да одврати некого од извршување на кривични дела за да избегне затвор во иднина. Затворот може да обезбеди можности за рехабилитација, како што се лекување од дрога и алкохол, образование или советување. И, во најмала рака, некој кој е во затвор не може да изврши казнено дело во заедницата, ефект што криминолозите го нарекуваат „онеспособување“.

Сепак, иако е јасно дека казната затвор претставува основна форма на социјална интервенција која се чини дека е неопходна, се чини дека истата не ги дава очекуваните резултати, односно не ги остварува поставените цели.

Независно од ентузијазмот во врска со казната затвор и континуираниот пораст на негова примена во многу држави, неминовно е радикално преиспитување на оваа казна, во смисла колку истата е корисна за општеството, колку ја задоволува жртвата на казненото дело, и дали таа е најдобриот начин за справување со оние кои го прекршуваат казненото право.[159]

Затворот не треба да се сфаќа како единствена природна форма на казна. Во многу земји примената на затворот како форма на казна е од релативно поново време. Во светот постојат мноштво на локални заедници со културни традиции стари милениуми кои се потпирале на алтернативни начини на казнување. Низ историјата се покажа дека

[156] Ibid., стр. 199.
[157] Knežević, M. (2008). Penologija u socijalnom radu (i socijalni rad u penologiji). Zagreb: Pravni fakultet, Studijski centar socijalnog rada, Zavod za socijalni rad, str. 53.
[158] Novoselec, P. & Bojanić, I. (2013). Opći dio kaznenog prava, četvrto izmijenjeno izdanje. Zagreb, str. 382.
[159] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 345.

затворската казна е контрапродуктивна во рехабилитацијата и реинтеграцијата на лицата осудени за полесни кривични дела, како и за одредени ранливи популации. Сепак, во практиката, низ целиот свет употребата на затворската казна бележи зголемување, додека има малку докази дека нејзината зголемена употреба ја подобрува јавната безбедност.

Сепак, постојат и добри причини да се верува дека затворите всушност може да го зголемат криминалот. Суровата затворска средина може да ги влоши проблемите со менталното здравје, да ги направи луѓето посклони кон агресија или да ги направи цинични и недоверливи кон правниот систем. Затворите би можеле да ги изолираат затворениците од пријателите и семејството кои би можеле да им помогнат на крајот да најдат работа. Или, пак, затворениците може да научат од другите затвореници како да бидат „подобри“ криминалци.

Правниците, криминолозите, социолозите и разни други научници постојано дебатираат и за успесите и за неуспесите на казната затвор. Многу научници тврдат дека затворите не ги рехабилитираат престапниците, туку дека ги прават полоши. Други научници, пак, тврдат дека затворите се навистина ефективни и тие се суштинска компонента на системот на кривичната правда заедно со општеството и помагаат во подобрување на сите оние лица кои извршиле одреден вид на казнено дело. Во секој случај, националните влади имаат должност да ја оправдаат употребата на казната затвор како неопходна за постигнување на важна општествена цел за која не постојат помалку рестриктивни средства со кои може да се постигне целта.

3.1. КРАТКИ КАЗНИ ЗАТВОР

Иако кратките казни затвор претставуваат само една форма на казната лишување од слобода и ги имаат сите карактеристики кои ги има оваа казна, за нив постои посебен интерес во науката за казненото право. Имено, уште од своето појавување во казнениот систем, казната лишување од слобода го свртела на себе вниманието на научната и стручната јавност.

Прашањето за примената на кратките казни затвор е едно од најстарите отворени прашања што ја следи самата казна затвор, а воедно и еден од најстарите проблеми од областа на казнената политика. Во врска со примената на казната затвор и можностите за остварување на целите и функциите кои биле поставени пред неа, особено се истакнале приговори кои биле упатувани на примената на оваа казна, а

особено ефикасноста на долготрајните казни затвор, но и на краткотрајните казни затвор.

Уште кон крајот на XIX век водечките професори по кривично право, како на пример, *Франц фон Лист* (*Franz von Liszt*) во Германија, *Адолф Принс* (*Adolphe Prins*) во Белгија, *Бонвил ду Марсанжи* (*Arnould Bonneville de Marsangy*) во Франција и *ван Хамел* (*van Hamel*) во Холандија, ја промовирале идејата дека кратките казни затвор имаат негативен ефект од причина што затворениците престојуваат прекратко за да биде имплементирана некоја програма на третман, а од друга страна се предолго за да „криминално се заразат“ преку контактите со другите затвореници. Оттаму идејата за примена на долги казни затвор или на алтернативи како, на пример, парична казна, условна осуда и сл., а подоцна се имплементираат „модерни“ алтернативи, алтернативни мерки и санкции во заедницата или електронски мониторинг кои со децении се применуваат во западниот свет и се многу популарни.[160]

Уште од настанувањето на позитивната школа траат расправите за оправданоста, целисходноста и ефикасноста од примената на овие видови казни.[161]

Терминот *краткки казни затвор* „најпрво е користен во практиката на службата надлежна за извршување на казните и во правната теорија, без конкретна дефиниција“.[162] Како што наведува *Д. Лазаревиќ*, обидите да се дефинира концептот на краткотрајни казни затвор останаа безуспешни, иако „нема пенолог кој не го кажал своето мислење за овој проблем“.[163] Во домашната, но и во странската литература и денес нема прецизни дефиниции и јасно терминолошко определување на краткотрајните казни затвор.

Тешкотиите при определувањето на краткотрајните казни затвор се јавуваат и поради фактот што во голем број законодавства „поимот кривично (казнено) дело не е единствен, туку, покрај кривичните дела, опфаќа и полесни деликти (прекршоци или

[160] Villettaz, P., Killias, M. and Zoder, I. (2006), The Effects of Custodial vs. Non-Custodial Sentences on Re-Offending: A Systematic Review of the State of Knowledge. Campbell Systematic Reviews, 2: 1-69. https://doi.org/10.4073/csr.2006.13

[161] Види: Jovašević, D. (1982). Primena kratkih kazni lišenja slobode, *Pravni život*. Beograd: Udruženje pravnika S.R. Srbije, god. 32, broj 4, str. 465-474.

[162] Види: Lazarević, Desanka. (1974). Kratkotrajne kazne zatvora. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, str. 11.

[163] Ibid. Види и: Васиљевић – Продановић, Д. (2012). Алтернативе краткотрајним казнама затвора (докторска дисертација). Београд: Универзитет у Београду, Факултет за специјалну едукацију и рехабилитацију – Београд, стр. 36.

престапи и прекршоци, во зависност од тоа дали во законодавството е прифатена троделна или дводелна поделба на казнените дела)“.[164]

Во повеќето јурисдикции во светот концептот на краткотрајните казни затвор не се споменува експлицитно во законските акти, туку самиот термин претставува колоквијален назив за затворски казни со одредено времетраење. Најчесто се наведува дека се работи за затворски казни во траење до 3 месеци, 6 месеци или една година, иако има случаи како, на пример, во Шкотска, каде со закон (*Prisoners and Criminal Proceedings Act*, 1993) е утврдено дека краткотрајна затворска казна претставува затворска казна во траење до 4 години.[165]

Во Англија и Велс, пак, под поимот кратка казна затвор се подразбира онаа казна кога едно лице е осудено на безусловна казна затвор во времетраење до 12 месеци.[166] Кратките затворски казни до 12 месеци може да се дефинираат како вид на затворска казна. Тие често се изрекуваат за полесни прекршоци, повторување на прекршоци или како казна за непочитување на барањата од условната осуда.[167]

Кога станува збор за појмовно определување на кратките казни затвор, во правната теорија, ставовите на различни регионални автори не се разликуваат во голема мера. Па така, во Македонија, за краткотрајни казни затвор се сметаат оние до шест месеци, а кои се изрекуваат на сторители кои првпат сториле кривично дело.[168]

Според *Лазаревиќ*[169], најчесто, под кратки казни се подразбираат временски казни до шест месеци. Според *Хорваѓиќ, Деренчиновиќ и Цвиѓановиќ*[170], како краткотрајни казни затвор се сметаат сите оние кои се во траење помеѓу три и шест месеци. На сличен став се и *Новоселац и Бојаниќ*[171] и *Млинариќ*[172], кои, исто така,

---

[164] Види: Mrvić-Petrović, N. (2007). Kriza zatvora. Beograd: Vojnoizdavački zavod, str. 98-99.
[165] Види: Васиљевиќ – Продановиќ, Д. (2012). Алтернативе краткотрајним казнама затвора (докторска дисертација). Београд: Универзитет у Београду, Факултет за специјалну едукацију и рехабилитацију – Београд, стр. 36.
[166] Види: Mutebi, Natasha and Brown, Richard. (2023). *The use of short prison sentences in England and Wales* (POSTbrief 52), pg. 4. Достапно на: https://researchbriefings.files.parliament.uk/documents/POST-PB-0052/POST-PB-0052.pdf
[167] Ibid., pg. 9.
[168] Види: Mujoska, Elena. (2014). Helping or hurting: Short-term imprisonment in macedonian system of criminal sanctions. *Iustinianus Primus Law Review*, 5 (1) pp. 1-14.
[169] Види: Lazarević, D. (1974). Kratkotrajne kazne zavora. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, str. 20.
[170] Види: Horvatić, Ž.; Derenčinović, D.; Cvitanović, L. (2017). Kazneno pravo opći dio II. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, str. 213-214.
[171] Novoselec, P.; Bojanić, I. (2013). Opći dio kaznenog prava, četvrto izmijenjeno izdanje. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, str. 389.
[172] Mlinarić, R. (1996). Tijek i uspješnost tretmana osoba osuđenih na kratke kazne zatvora (magistarski rad). Zagreb: Fakultet za defektologiju, Sveučilište u Zagrebu, str. 13.

наведуваат дека тоа се казни затвор со пократко времетраење, односно во траење до шест месеци.

Кога станува збор за појмовно определување на кратките казни затвор во Словенија, некои автори наведуваат дека тоа се казни до три месеци, повеќето автори сметаат дека тоа се казни до шест месеци, а малкумина дури наведуваат дека под поимот кратки казни се сметаат оние до една година.[173]

Во германскиот Кривичен законик (*Strafgesetzbuch – StGB*)[174], во § 47 краткотрајна казна затвор е онаа до шест месеци, но таа може да се изрече само во исклучителни случаи. Краткорочна затворска казна судот може да изрече само ако посебните околности на делото или личноста на сторителот покажуваат дека тоа е неопходно за да се влијае врз сторителот.

Во Австрија краткотрајна казна затвор е онаа до една година, иако претходно била до шест месеци.[175]

Во швајцарскиот Кривичен законик (*Schweizerisches Strafgesetzbuch*)[176], во член 41, се наведуваат пропишани услови под кои може да се изрече казна затвор до шест месеци наместо алтернативна. Казна затвор може да се изрече само доколку тоа е неопходно да се спречи сторителот во натамошно извршување на кривични дела.

Во држави како Италија и Норвешка казнениот систем го нагласува принципот на пенолошка солидарност. Кратките затворски казни имаат за цел да им дадат можност на престапниците да работат и да ги подобрат своите вештини, што се смета дека на крајот ќе придонесе за намалување на стапката на криминалитет.

Во Холандија постои максимална казна од 4 години за секое дело, без разлика на возраста на сторителот. Овој систем ја поттикнува рехабилитацијата и го намалува ризикот од рецидивизам.

Затворскиот систем на Данска има за цел да се фокусира на рехабилитација и образование на осудените лица. Истите поминуваат низ интензивна едукативна програма која е прилагодена на нивните индивидуални потреби.

---

[173] Види: Brinc, F. (1989). Izvrševanje kratkotrajnih kazni zapora v SR Sloveniji. *Revija za kriminalistiko in kriminologijo*, št. 2, str. 24-35. Ljubljana: Inštitut za kriminologijo pri Pravni fakulteti v Ljubljani.

[174] German Criminal Code (Strafgesetzbuch – StGB). Criminal Code in the version published on 13 November 1998 (Federal Law Gazette I, p. 3322), as last amended by Article 2 of the Act of 22 November 2021 (Federal Law Gazette I, p. 4906).

[175] Наведено според: Janković, R. (2020). Kratkotrajna kazna zatvora u Krivičnom zakoniku Republike Srpske, *Godišnjak Fakulteta pravnih nauka*, broj 10, str. 210-231.

[176] Schweizerisches Strafgesetzbuch vom 21. Dezember 1937. (StGB, SR 311.0).

Затворскиот систем на Шпанија, исто така, ја нагласува рехабилитацијата и реинтеграцијата во општеството. На осудените лица им се обезбедуваат програми за образование и стручна обука за да им се помогне да станат продуктивни членови на општеството.

Во Германија и Шведска постои политика на нулта толеранција кога станува збор за дрогата и насилството во затворите. На сторителите на кривични дела често им се изрекуваат краткорочни затворски казни како средство за обесхрабрување на криминалното однесување.

Во Финска, казнениот систем се фокусира на обезбедување работни вештини и образование на затворениците. Оние сторители кои успешно ги завршуваат овие програми имаат поголема веројатност да станат продуктивни членови на општеството.

Овде би нагласиле дека казнените системи на Италија, Норвешка, Холандија, Данска, Шпанија, Германија, Шведска и Финска ја нагласуваат рехабилитацијата и образованието во нивните затворски системи, што неминовно доведува и до пократки затворски казни. Дополнително, нивните казнени системи се фокусираат на спречување на рецидивизмот преку обезбедување на осудените лица со алатки и ресурси кои се неопходни за промена на нивниот живот.

Резолуцијата на Советот на Европа (73) 17 од 13 април 1973 година[177], како кратки казни затвор ги смета оние до шест месеци.

Од прегледот на наведените законодавства, евидентно е дека *не постои единствен и усогласен став во однос на појмовното определување на краткиите казни затвор*, односно можеме да заклучиме дека од предвидеността во националните казнени законодавства зависи што ќе се смета за кратка казна затвор во одредена држава.

Иако краткотрајните казни лишување од слобода, како и казната лишување од слобода воопшто, брзо ги здобиле симпатиите на судската практика, на теоретски план расположението спрема нив добило спротивен карактер. Ним првите критики им се упатени речиси истовремено кога започнале масовно да се применуваат. Во почетокот воглавно се критикувани заради лошите времиња во казнените заводи и неадекватниот начин на извршување. Претставници на позитивистичката школа, на пример, *Фери* и *Гарофалдо* ги сметале не само за неефикасни и скапи, туку за штетни и неадекватни криминално-политички мерки, нарекувајќи ги „семинари за криминал“. И

[177] Resolution (73) 17 on the Short-Term Treatment of Adult Offenders. (Adopted by the Committee of Ministers on 13 April 1973 at the 220th meeting of the Ministers' Deputies). Достапно на: https://rm.coe.int/09000016804e6250

социолошката школа била против нив. *Листˉ* истакнувал дека тие се не само бескорисни, туку и дека нанесуваат повеќе штета на правниот поредок, отколку што тоа би била во состојба да го стори потполната неказнивост на сторителот. Тој сметал дека тие ниту ги поправаат сторителите, ниту ги заплашуваат. Затворите во кои се извршувале ги нарекувал места на сите пороци и зла. Расположението на дел од казнено-правната теорија спрема нив ниту денес не е многу подобро.[178]

Против кратките казни затвор се истакнуваат следниве причини:

1) Кратките казни затвор не се соодветни за остварување на специјална, ниту на генерална превенција, бидејќи не можат ефикасно да делуваат на сторителите на кривични дела, ниту на потенцијалните сторители, со оглед на тоа што од страна на овие лица не се сфаќаат сериозно, ниту како морална опомена, ниту како средство за заплашување;
2) Поради краткото траење на овие казни не постои можност да се примени сериозен воспитен – превоспитен и педагошки третман спрема осуденикот кој би бил подобен за остварување на негова ресоцијализација и превоспитување;
3) Кратката казна затвор произведува низа штетни последици за осуденикот, бидејќи со нејзината примена се врши стигматизација, се става печат на осудуваност на сторителот на кривичното дело и неговото семејство, што штетно делува на нивниот општествен статус. Таа го прекинува семејниот живот, а може да дојде и до прекин на работниот однос. Тоа значи дека покрај кратката казна затвор за осудениот можат да настанат низа штетни последици во морална, материјална, професионална и општествена смисла;
4) Затворањето со кратко траење го стимулира повратот. Оваа казна најчесто се изрекува спрема примарни деликвенти кои во затворот стануваат изложени на штетното влијание од повратниците и професионалните деликвенти. Кратките казни затвор најчесто се нарекуваат „семинари за криминалитетот“;
5) Кратката казна затвор е особено штетна за одредени категории сторители на кривични дела: малолетници, млади полнолетни лица, психопатски или социјално пореметени личности, алхохоличари и наркомани. За краткото времетраење на овие казни не може да се организира соодветен воспитен или медицински третман спрема овие лица. Од друга страна, дури и краток престој на овие лица во затвор може да се одрази штетно на нивниот психички развој и

[178] Види: Vidović, V. (1981). Kazna lišenja slobode. Banjaluka: Glas Srpski.

6) Кратките казни затвор се крајно неекономични. Тие го чинат општеството, а не придонесуваат со никаква материјална компензација, бидејќи за време на нивното кратко траење не може да се организира, ниту да се спроведе работно-производствен процес.[179]

Без оглед на жестоките критики на кои се изложени веќе сто и педесет години во најголем број држави не дошло до значајно опаѓање на нивната примена. Тие во повеќето држави партиципираат со голем процент во однос на сите изречени казни лишување од слобода. Може да се каже дека современата криминална политика во борбата против лесниот и средниот криминалитет практично почива на овие казни. Ваквиот заклучок укажува на очигледна неусогласеност помеѓу ставовите на кривично-правната теорија и кривичните закони кои дозволуваат нивна широка примена. И покрај жестоките критики на теоретичарите, судовите во голем број држави продолжуваат и понатаму да изрекуваат краткотрајни казни лишување од слобода. Од една страна, тие сакаат тежината на казната да одговара на тежината на кривичното дело а, од друга страна, немаат многу доверба ниту во другите казни.[180]

И теоријата и практиката содржат согласен став дека овие казни може со успех да се применат спрема: примарни, случајни, ситуациони и неволни сторители на кривични дела кај кои не постојат криминогени тенденции. Во однос на овие лица кратките казни затвор делуваат психолошки како „шок-казни“, бидејќи тие најчесто ги доживуваат како морален прекор на општеството за извршено дело. Денес, негативните ефекти на кратките казни затвор се отстрануваат со примена на: условен отпуст, условна осуда, судска опомена и парапенални мерки (куќен притвор, општествено корисна работа, надомест на штета, полудневно затворање, интензивен надзор, електронско следење и други мерки).[181]

Она што треба да го нагласиме во овој дел од трудот е дека кратките казни затвор често се предмет на критика од страна на правната наука и се добива впечаток дека не постои оправдана потреба од нив, туку треба што почесто истите да се заменуваат со некоја алтернативна санкција. Најчеста критика на кратките казни затвор

[179] Види: Јовашевиќ, Д. и Костиќ, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 306-307.
[180] Janković, R. (2020). Kratkotrajna kazna zatvora u krivičnom zakoniku Republike Srpske, *Godišnjak Fakulteta pravnih nauka*, god. 10, br. 10, str. 219-240. Достапно на: https://www.gfpn-au.com/sites/default/files/GFPN-10-10/Godisnjak%2010-10-219-240.pdf
[181] Ibid., стр. 307.

е дека истите не ги постигнуваат посакуваните цели на казнувањето, а не овозможуваат ниту рехабилитација на сторителите на казненото дело.

Во оваа насока би напоменале дека *од исклучителна важност е казната да не ја изгуби карактеристиката на социјална осуда, а со тоа и способноста за дејствување во смисла на генерална и специјална превенција, односно јавноста да не ја доживее како несоодветна општествена реакција за сторено казнено дело.*

3. КРИТИЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Казната затвор може да се разгледа од две различни позиции. Имено, првата се однесува на модалитетите на извршување на казната, имено времетраењето и начинот на спроведување што може да вклучува прашања како што се намалување на казната, условно пуштање, ограничен притвор или условно ослободување под судски надзор или електронско следење. Втората позиција, пак, се однесува на физичките или психолошките услови или ефектите од казната затвор, што може да доведе до појава на прашања што се однесуваат на законитоста на самото затварање или условите на затварањето.

Оправдувањата и целите за казнување на сторителите на казнени дела можат да бидат или позитивни или негативни. Имено, тие можат да дадат морални и/или практични аргументи во корист на казната или можат да постават ограничувања за видот или степенот на казната што е дозволена да се изрече согласно позитивните законски прописи.

Во продолжение на докторскиот труд ќе извршиме детална елаборација на позитивните и негативните страни на казната затвор.

3.1. Позитивни страни на казната затвор

Затворите постојат уште од дамнешни времиња. Меѓутоа, тие тогаш не служеле како форма на казна, туку само биле користени за задржување на поединци додека не ја добијат нивната казна, која вклучувала: обезглавување, смртна казна и јавно срамење.

Древните казни биле сурови, но денес казните се користат како форма за да ги натераат сите престапници или криминалци да го почитуваат законот, вклучително и затвореници. Во современите затвори, осудените лица се лишени од слобода и мораат да ги следат сите протоколи, правила и прописи воспоставени од воспитно-поправните установи. Затворите претрпеа фундаментални промени откако за прв пат се појавија. Од денешен аспект, казната стана многу суштинска за законот што е прекршен, односно луѓето секогаш добиваат некаква казна доколку прекршат некој закон.

Казната затвор е „незаменлива казна за сторителите на тешки кривични дела кои треба да бидат спречени од понатамошни криминални активности и привремено изолирани од општеството, како и во случаи кога другите кривични санкции не дале резултат.“[182].

Успехот на затворот е таков што по 150 години наводни неуспеси тој сè уште постои и ги има истите ефекти, па не е ни чудо што предлозите за негово укинување предизвикуваат најголеми можни резерви.[183]

Неминовен е фактот дека казната затвор и денес останува основна казна во системот на казнени санкции во законодавствата на многу развиени држави. Истата е предвидена како основна казна за голем број на казнени дела пропишани во казнените законодавства на државите ширум светот.

Криминолошките и пенолошките истражувања за криминалитетот и влијанието на казната врз неговото сузбивање покажуваат дека позитивните ефекти од казната се во пропорционален однос со должината на времетраењето од сторувањето на казненото дело до примената и извршувањето на казната. Колку примената и извршувањето на казната временски се оддалечува од моментот на сторувањето на казненото дело, толку ефектите од примената и извршувањето на казната на генерално превентивен и специјално превентивен план се намалува и обратно. Оттука, и инсистирањето на нашиот Закон за извршување на санкциите за ефикасност во нивното извршување, особено на казната затвор.

Нејзината примена ја оправдуваат следниве причини:

1) Доколку целта на казнување е индивидуална превенција низ поправање, превоспитување и ресоцијализација на осуденикот, тогаш оваа цел во целост може да се оствари токму преку постапка за извршување на казната затвор. Само во заводски услови може во целост да се спознае психолошката личност на осуденикот со добрите и лошите страни, доблестите и маните и во зависност од тоа да се програмира процес на третман и мерки на ресоцијализација индивидуално спрема секое осудено лице. Само овде може да се воспостави траен однос на соработка и доверба помеѓу стручните воспитни тимови во затворот и осуденото лице.

[182] Бошковић, М. и Радоман, М. (2002). Пенологија. Нови Сад: Правни факултет у Новом Саду, Центар за издавачку делатност, стр. 85.
[183] Фуко, М. (1997). Надзирати и кажњавати – настанак затвора. Издавачка књижарница Зорана Стојановића, Сремски Карловци, Нови Сад, стр. 270.

2) Казната затвор е погодна за создавање навики за работа и стекнување на неопходно потребните стручни знаења и вештини за извршување на одредена општокорисна работа после отпуштањето на осуденикот од заводската установа. Работата во затворски услови е терапевтско средство, но на овој начин осуденикот остварува и одреден надомест, па и други права.,
3) Во затворски услови може да се обезбеди процес на основно и средношколско образование и усовршување на осуденикот, што, од една страна, претставува вид на третман и мерка на ресоцијализација, а, од друга страна, овозможува солидна основа за занимавање со општествено корисни активности по излегувањето на слобода и
4) Казната затвор е единствена санкција со која ефикасно може да се заштити општеството, односно неговите добра и вредности од сторителите кои често вршат тешки кривични дела: професионални деликвенти, деликвенти од навика, повратници и сл. Заштитата на општеството од вакви лица не може да се оствари со ниедна друга мерка која во својот состав не вклучува нивна изолација од општеството.[184]

Врз основа на истражувањата направени од многу автори, научници, криминолози, социолози, различни агенции за истражување, презентирани се одредени докази за успехот на затворите. Тие тврдат дека затворите се ефективни. Според *Гудман*[185], затворите се ефективни и им помагаат на затворениците да се променат од криминалци во граѓани кои го почитуваат законот. Јавноста може да игра голема улога во тоа да им го подобри животот. Затворите нудат многу специјални курсеви, како што се курсеви за управување со гневот за да ги рехабилитираат. Исто така, се нудат интензивни курсеви за да им се помогне на затворениците да ги надминат проблемите со дрогата.

Според економската теорија на криминално однесување, развиена од нобеловецот *Гери Бекер*[186] уште во 1968 година, сторителите на казнени дела се различни и секој од нив извршува казнено дело поради различни причини. Тој наведува дека потенцијалните криминалци се економски рационални и значително реагираат на

[184] Наведено според: Јовашевиќ, Д. и Костиќ, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 298-299.
[185] Goodman, Canon Derek. (2006). With help from outside, prison does work. *Europe Intelligence Wire*. Retrieved from Gale Cengage Learning.

застрашувачките стимулации од системот на кривичната правда. Теоријата била тестирана во различни земји и навистина дала позитивни резултати. Казната има значително влијание врз однесувањето. Економската теорија на криминално однесување е примена на неокласичната теорија на побарувачката. Бекер го предложил добро познатиот резултат со висока глоба-мала веројатност, во рамка каде што рационалните криминалци ја споредуваат користа од прекршување на законот со можниот трошок (во однос на веројатноста и тежината на казната).

Како позитивни страни, односно предности на казната затвор би ги споменале: изолацијата на деликвентите од останатите граѓани во општеството, односно тоа што затворањето ги држи потенцијално опасните поединци надвор од улиците, а со тоа го штити општеството од непосредна штета; спречувањето на деликвентите да продолжат со извршување на казнени дела во периодот додека се лишени од слобода; тоа што во некои случаи, затворот дава можности за програми за рехабилитација, образование и стручна обука, со цел да им се помогне на затворениците да се реинтегрираат во општеството по ослободувањето; ресоцијализација на затворениците со што се претпоставува дека по излегувањето од затвор нема повеќе да извршуваат казнени дела.

Воедно, како позитивни страни на казната затвор се истакнуваат можностите за дисциплинирање на недисциплинираните лица кои се осудени, можностите за нејзина примена во различни облици и модалитети, можностите за третман на осудените лица, можностите за нејзина хуманизација и либерализација, како и тоа што казната затвор е единствена замена за смртната казна.

3.2. НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Контрааргумент за потентноста на затворите е неуспехот на затворите, односно тврдењето дека затворите не функционираат. Криминолозите тврдат дека затворот не го менува криминалното однесување и постои многу голема веројатност затворениците повторно да сторат казнено дело откако ќе ја издржат казната затвор и ќе ја напуштат затворската средина. Луѓето во затворите се среќаваат со бруталност и неправедност.

[186] Повеќе за оваа теорија види кај: Gary S. Becker. (1968). Crime and Punishment: An Economic Approach. The University of Chicago Press: *Journal of Political Economy*, vol. 76, no. 2, pp. 169-217.

Од воведувањето на казните лишување од слобода во системот на мерки на реагирање на општеството против криминалитетот, тие наидувале на бројни противници кои со различна аргументација го оспорувале нивното значење и ефикасност. Така, против казната затвор се истакнуваат следниве приговори:[187]

1) Оваа казна не може да оствари генерално превентивно дејство, бидејќи не може да ги заплаши непоправливите, професионалните деликвенти или повратниците како би се воздржале од извршување на кривични дела. За време на престојот во заводските установи тие не се во целост лишени од можноста повторно да извршат кривично дело на штета на другите осуденици, вработените во заводските установи или имотот на заводската установа;
2) Затворот не е погоден инструмент за ресоцијализација на осуденикот и неговото навикнување на живот надвор од затворските услови, затоа што затворот по својата природа, карактер и содржина всушност претставува негација на општествениот живот и
3) Затворот произведува низа штетни последици во физички, психолошки, здравствен и социјален поглед за осуденикот.

Во основата на казната затвор лежи репресивност, ретрибутивност, пунитивност, а од друга страна истата се применува со цел ресоцијализација на криминалците, што се јавуваат како крајно антагонистички цели на казната затвор.[188]

Казнено-правната теорија зборува за претежно негативното дејство на казната затвор. Затворот не ги остварува очекуваните позитивни ефекти во однос на ресоцијализација и социјална адаптација. Затворот стигматизира, шири „криминална зараза“, неутрализира, го изолира осуденото лице од сите, што значи од позитивните влијанија на општествената заедница, го оддалечува од семејството, од работниот и професионалниот ангажман. Затворите се „училишта“ за осудените лица. Ова, особено се однесува на долготрајните казни затвор. Тие не само што немаат позитивно влијание

[187] Види: Radovanović, M. (1975) Krivično pravo SFRJ – opšti deo. Beograd: Savremena administracija, str. 310-312.
[188] Груевска-Дракулевски, А. (2017). Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

во правец на превоспитување и поправање на осудените лица, туку, напротив, произведуваат рецидивисти или психијатриски случаи.[189]

Заради лошите услови за живот и работа, сместување, исхрана, облекување и слично, во затворите доаѓа до сериозно нарушување и загрозување на здравјето на осуденикот или влошување на веќе постоечките заболувања. Во психолошка смисла, затворските услови создаваат негативни особини за психичката личност на осуденикот, самотијата доведува до закржлавување на чувството за друштвеност, се создава чувство за затвореност во себе, пониженост и суетност, како и сексуални извитоперености, а во случај на подолго траење на казната затвор и честата примена, оваа казна може да доведе до јавување на посебни видови душевно заболување „затворска психоза“. И конечно, во социјална смисла, затворот доведува до намалување на животниот стандард, не само на осуденикот, туку и на неговото семејство. Со заминувањето во затворска установа се прекинува работниот однос на таквото лице, доаѓа до прекинување или нарушување на семејните односи, се јавува воспитна запуштеност на децата, алкохолизам, наркоманија и слично.[190]

Имено, во последните декади државите сè повеќе прибегнуваат кон примена на супститутите на казната затвор, во прв ред кон имотните казни. Алтернативните мерки добиваат сè поголемо значење, како и санкциите во заедницата. Истите чинат многу помалку од затворот, ги растоваруваат затворите, а што е најважно се избегнуваат негативните ефекти на казната затвор, особено ова важи за сторителите на полесните казнени дела. При нивното изрекување и извршување концептот на правда воопшто не се загрозува бидејќи тие водат сметка за положбата на оштетениот, жртвата, а осудениот се подложува на третман и надзор од стручни и овластени лица во заедницата. Очекувањата се дека со оглед на фактот што казната ќе се извршува во заедницата, во целост ќе се остварат позитивните ефекти што во голема мера ќе придонесе за значително намалување на стапката на рецидивизам.[191]

Во овој дел од докторскиот труд би истакнале дека самото казнување бара јасно и убедливо оправдување од две суштински причини. Прво, кривичната санкција е непријатна и штетна за сторителот, барем на краток рок: таа намерно ја означува и стигматизира таа личност како сторител и вообичаено вклучува одредено губење на

[189] Види: Камбовски, В. (2006). Казнено право - општ дел (3 изм. изд.). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.
[190] Јовашевић, Д. и Костић, М. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета, стр. 298.
[191] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 294.

слободата и често предизвикува штета, како на сторителот, така и на неговото семејство. Второ, казнувањето троши јавни ресурси кои би можеле подобро да се наменат за други потреби и јавни добра или, пак, да се потрошат на алтернативни начини на казнување.

Според авторите *Френк*, *Беири* и *Мекензи*[192] затворите не го менуваат криминалното однесување, но тие честопати промовираат криминал. Затворите се сметаат за школи на криминал. Емоциите играат пресудна улога во фазата на затворање. Некои истражувачи[193] посочуваат дека криминалците не се справуваат добро во затворите, додека критичарите тврдат дека затворите се справуваат со криминалците. Според истражувањето, пак, спроведено од *Херд*[194], затворите воопшто не функционираат. Истражувањето покажало дека зголемувањето на казната затвор не го намалува криминалот.

Некои од критиките на казната затвор се однесуваат на тоа што затворите се скапи за одржување, а даночните обврзници го носат финансискиот товар на затворањето, вклучувајќи ги и трошоците поврзани со сместување, хранење и обезбедување медицинска нега на затворениците. Во литературата се истакнува и тоа што затворите, особено оние кои немаат програми за рехабилитација, можеби нема ефективно да се справат со основните причини за криминално однесување, што доведува до висока стапка на рецидивизам меѓу ослободените затвореници. Дополнително, многу затворски системи ширум светот страдаат од пренатрупаност, што може да доведе до нехигиенски услови, зголемено насилство и ограничен пристап до ресурси и програми за затворениците. Затворањето, исто така, може да има големо влијание врз семејствата на затворениците, предизвикувајќи емоционален и финансиски притисок, нарушување на семејната динамика и потенцијално продолжување на циклусот на криминал и сиромаштија. Воедно, кога поединците се затвораат, тие се отстрануваат од работната средина, што потенцијално ќе резултира со губење на работното место, но и со губење на продуктивноста и вештините што инаку би можеле да придонесат за развој на економијата.

Сајкс идентификувал пет затворски депривации: 1. *губење на слободата* (ограничувања, одвојување од семејството и пријателите, отфрлање од средината, загуба на граѓанство: граѓанска смрт, губење на емоционални врски, осаменост и

[192] Franke, D., Bierie, D. and Mackenzie, D. L. (2010). Legitimacy in corrections: A randomized experiment comparing a boot camp with a prison. *Criminology and Public Policy*, 9(1), 89–117.
[193] Ibid.

досада); 2. *депривација на стварии услуги* (избор, удобности и материјални ствари); 3. *фрустрација на сексуални потреби* (затворениците фигуративно се кастрирани со недоброволен целибат); 4. *депривација на автономија* (рутински режим, работа, активности, тривијални и очигледно бесмислени забрани – на пример, доставата на писма, недостаток на објаснување за одредени одлуки); 5. *депривација на сигурност* (наложено дружење со други непредвидливи затвореници, што предизвикува страв и анксиозност, затворениците мора да се борат за сигурноста на својата личност и стварите што се нивна сопственост).[195]

Како негативни страни на казната затвор би ги споменал и: настојувањето од деликвентот да се изгради лојален граѓанин кој по враќањето на слобода во општество би требало да започне нов живот, а сето ова треба да се изврши во затворена установа (во неслободна средина); потоа самите затворски установи претставуваат своевиден „*расадник за криминалци*“, бидејќи затворениците би можеле многу лесно да се усовршат во извршувањето на казнени дела од областа во која и претходно извршиле казнени дела, со што се предизвикува криминална инфекција; отсуството на затвореникот од неговото семејство може да има сериозно влијание во изградувањето на личноста кај неговите деца.

Осуденичката популација живее и работи во една специфична заедница, оградена со ѕидови и решетки, и од неа се очекува дополнително да ги прифати нормите и вредностите кои се одредени од општествената група за да може повторно да се врати и да се вклучи во животот на слобода. Меѓутоа, од оној кој е принудно доведен во затвор тешко може да се очекува да ги прифати сите форми кои се во насока на „поправање“ на личноста. Положбата на возрасниот човек, особено на возрасниот човек во затвор, е многу поразлична од положбата на децата и младите во образовниот процес. Организирањето на образованието во пеналните установи претставува проблем за разлика од организирањето на образованието во други установи кои се различни од затворите. Групите на осудени лица се составени од различни нивоа на образование и стручно знаење, различна интелигенција и способности, различни мотиви, интереси и погледи на живот.[196]

---

[194] Hurd, Douglas. (2005, May 14). Does Prison really work?. *The Spectator*, pp. 26-27.
[195] Види кај: Sykes, Gresham. (1958). The Society of Captives. Princeton: Princeton University Press.
[196] Knežić, B. (2001). Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja. Beograd: Zavod za udžbenika i nastavna sredstva, стр. 80-81.

Не се ретки случаите во кои кога осудените лица ќе излезат надвор од казнено-поправната установа во која ја издржувале казната затвор, да бидат шиканирани од страна на семејствата и околината, да не можат да се вработат, да не можат да се снајдат во општеството, па неминовно повторно се враќаат на криминалот.

Доста сериозен проблем е и пренатрупаноста на затворите која се јавува кога бројот на затвореници во затворската установа го надминува предвидениот капацитет. Ова прашање поставува значителни предизвици за системот на кривичната правда и општеството во целина. Реалноста е дека зголемениот број на затвореници доведува до сериозниот проблем со пренатрупаност во затворите, што, пак, резултира со затворски услови кои ги прекршуваат стандардите на Обединетите нации кои бараат сите затвореници да бидат третирани со почит поради нивното вродено достоинство и вредност како човечки суштества.

Пенитенцијарниот систем во Северна Македонија се соочува со сериозен проблем на пренатрупаност во казнено-поправните установи (КПУ). Се проценува дека во казнено-поправните установи има речиси двојно повеќе затвореници отколку што дозволува капацитетот на установата. Со години, речиси сите КПУ се соочуваат со проблемот на пренатрупаност, односно со години вкупниот број на затвореници е близу 3000, а вкупниот максимален капацитет (со одредени преадаптирани простории за сместување затвореници чија првична намена не е просторија за сместување) изнесува 2026. Тоа значи дека има 1,5 затвореници на едно легло. Или, на пример, во КПД Идризово каде што ситуацијата со години е најдраматична, на капацитет од 700-800 затвореници (со одредени преадаптации на простории спротивно на стандардите на Комитетот за превенција од тортура (КПТ) со вкупен капацитет од 1094 места), со години беа сместувани близу 2000 затвореници. Истото се констатира и во други казнено-поправни установи.[197]

Со пренатрупаноста грубо се крши правото на затворениците на минимум простор за живеење ($4м^2/9м^3$) што понатаму генерира други проблеми (неуспех, поради недостаток на персонал и други притисоци, да се спроведе процесот на ресоцијализација што резултира со зголемување на рецидивизмот). Проблемот на пренатрупаност го генерира порастот на затворската популација. Во РСМ е забележан

[197] Заклучоци и препораки од стручната работилница на тема „Предизвици во надминување на затворската пренатрупаност - условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица“. (2024). Скопје: Македонско пенолошко друштво, стр. 2.

тренд на континуиран пораст на затворeничката популација што дополнително го истакнува проблемот на пренатрупаност на КПУ.[198]

Еден од начините за да се намали пренатрупаноста во КПУ е употреба на алтернативните санкции и мерки. Треба да се охрабрат судиите почесто да ги применуваат алтернативните мерки предвидени со закон, но и да се убеди пошироката јавност дека со нив не се доведува во прашање системот на казнена правда, напротив бенефитите од истите е голем. Нашата држава треба да се стреми кон прифаќање на современиот концепт и да се залага за изрекување затворски казни за сериозни кривични дела и на опасни криминалци, а, од друга страна, поширока примена на алтернативните мерка и вонинституционален третман за полесните кривични дела и за примарните сторители.[199]

Исто така, некои од клучните проблеми поврзани со пренатрупаноста на затворите се: нехуманите услови, несоодветен третман на затворениците, зголеменото насилство, ограничената рехабилитација, ограниченото фокусирање на оние сторители кои се од висок ризик, финансискиот товар, како и правните и етички грижи.

Нехуманите услови се однесуваат на тоа што пренатрупаните затвори може да доведат до тесни животни простори, несоодветна хигиена, ограничен пристап до здравствена заштита и севкупни лоши услови за живеење. Затворениците може да страдаат од зголемен стрес, агресија и проблеми со менталното здравје поради недостаток на простор и ресурси.

Зголеменото насилство се должи, пред сè, на пренатрупаноста често води до тензии меѓу затворениците, што резултира со повисоки стапки на насилство, малтретирање и конфликти во затворот. Ограничените ресурси и недостатокот на надзор може да ги влошат овие прашања.

Ограничената рехабилитација се должи на преполнетоста на затворските капацитети и на недостатокот на соодветни образовни, стручни и рехабилитациони програми за затворениците. Ограниченият пристап до овие програми ја попречува способноста на затворениците да стекнат вештини и образование неопходни за успешна реинтеграција во општеството по ослободувањето.

Ограниченото фокусирање на оние сторители кои се од висок ризик е поради ограничените ресурси на казнено-поправните установи, пренатрупаноста во самите затвори, што предизвикува потешкотии, па дури и неможност надлежните да се

[198] Ibid.
[199] Ibid., стр. 3.

фокусираат на сторителите со висок ризик и неможност да обезбедат соодветен надзор и интервенција, што потенцијално ја загрозува и јавната безбедност.

Изградбата и одржувањето на дополнителни затворски капацитети за справување со пренатрупаноста предизвикува значителни финансиски трошоци за даночните обврзници. Овие средства би можеле да се распределат за поефективни програми за спречување на криминалитетот, рехабилитација на сторителите на кривични дела итн.

Пренатрупаноста може да предизвика правни и етички грижи поврзани со уставните права на затворениците, вклучувајќи пристап до здравствена заштита, заштита од насилство и разумни услови за живот. Судовите може да интервенираат доколку условите во затворите се сметаат за неуставни.

Имајќи го предвид наведеното, нужно се поставува прашањето за тоа како да се надминат и решат овие сериозни проблеми кои се поврзани со пренатрупаноста на затворските установи. Сметаме и веруваме дека еден од можните начини за да се намали затворската популација и да се реши проблемот со пренатрупаноста на затворските установи, но и за да се рационализира третманот и да се постигне похуман однос кон осудените лица, со можност за поактивно вклучување на жртвата и заедницата во процесот на реинтеграција и социјална инклузија на сторителите на казнени дела, е со поширока примена на алтернативните санкции и мерки во практиката.

Увидовме дека голем дел од критиките на затворите се однесуваат на условите за живот во затворите, но и на самиот начин на извршување на казната затвор. Затворскиот реформатор *Џон Хауард* ги сметал затворите за „*места и семинари за мрзливост и секакви пороци*“[200].

Во казнено-правната теорија ретко може да се најде некој аргумент против претежно негативното дејство на оваа казна: затворот го изолира сторителот од сите, што ќе рече и од позитивните влијанија на општествената заедница, го оддалечува од семејството, од работниот или професионалниот ангажман, го истргнува од една поздрава и понормална средина, отколку што е затворската заедница, го „стигматизира“ осудениот како бивш затвореник („робијаш“) до крајот на животот итн.

Важно е да истакнеме дека ефективноста на затворот како форма на казнување и рехабилитација може да варира врз основа на специфичните политики, практики и ресурси достапни во даден затворски систем.

[200] Наведено во: Игњатовић, Ђ. (2008). Криминологија (девето измењено издање). Београд: Правни факултет, Центар за публикације, стр. 233.

Исто така, доста сериозен проблем, особено во македонската судска практика, се често изрекуваните *краткотрајни казни затвор*. Кратките затворски казни, вообичаено се однесуваат на казни со релативно кратко траење, често измерени во месеци или неколку години, наспроти долгите затворања. Овие казни обично се изрекуваат за помалку тешки казнени дела или како средство за казнување и рехабилитација на сторителите на казнени дела без целосно отстранување од општеството на подолг период. Критиките на кратките казни затвор се однесуваат на фактот што овие казни нема да обезбедат доволно време за ефикасна и ефективна рехабилитација на осуденото лице, што потенцијално ќе доведе до повисоки стапки на рецидивизам, каде што поединците повторно извршуваат казнени дела по ослободувањето поради несоодветна поддршка и ресурси за време на нивното кратко затворање. Сепак, доколку се анализираат статистичките податоци за примената на кратките казни затвор, ќе се воочи дека постојано се проширува нивната примена. Во прашање е своевиден парадокс – од една страна, се препорачува нивна рестриктивна примена, а од друга страна, судската практика бележи нивно често изрекување.

Овде би напоменале дека некои претставници на социолошката школа, меѓу кои особено се истакнувал *Франц Лист*, ја истакнале штетноста на краткотрајните казни затвор и се залагале за применување на парична казна и условна осуда.[201]

Овие краткотрајни казни затвор, од една страна само ги преполнуваат затворските установи, а од друга страна го намалуваат или го елиминираат потполно стравот од затворот. Во прилог на ова се наведува дека казната затвор која трае до шест месеци, односно до една година, не дозволува доволно време ниту за започнување, а не пак за спроведување на третманот. Таа, така остварува цела низа на негативни ефекти (одвојување на осуденикот од семејството и од работното место, по сила на закон може да му престане работниот однос и да остане без работа, а за средината во којашто живее доживотно ќе остане етикетиран). Се смета дека казната затвор која трае до шест месеци, односно до една година претставува еден вид „*шок терапија*" и успешно води кон превоспитување на сторителот, додека пак противниците на тоа сметаат дека не е економична и не води кон ресоцијализација и може да предизвика негативно дејство врз оние кои првпат сториле казнено дело, но нема соодветни алтернативи за неа.

[201] Наведено според: Костић, М. (2005). Неки савремени облици кривичних санкција уместо казне лишења слободе (други облици затворског третмана), *Зборник радова Правног факултутета у Нишу*, XLVI, Ниш: Правни факултет, Центар за публикације, стр. 178-195.

3.3. КРИЗА НА ЗАТВОРОТ И НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Затворите ниту застрашуваат, ниту рехабилитираат, ниту, пак, казнувањето има значајно влијание врз криминалот. Затворите ги лишуваат од слобода и ги дисциплинираат сторителите на казнени дела, но само додека се наоѓаат зад решетки, а само мал дел од затворениците еден ден не се враќаат назад во општеството. Една улога што затворот целосно ја исполнува е преземањето на симбиотичка акција против социјално одредените девијанти.[202]

Што се однесува, пак, на казната затвор, мораме да истакнеме дека негативните конотации на казната затвор, особено на кратките казни затвор, кои се рефлектираат преку институционалната изложеност на криминогени фактори и постпеналната социјална интеграција на сторителите, се причина за почестото прибегнување кон нивното единствено исклучително изрекување, кога целта на казнувањето не може да се постигне на кој било друг начин.

Зголемувањето на стапката на изречени казни затвор, како и економските трошоци за институционално затворање, резултираа со стремеж кон воспоставување на прагматичен модел насочен кон изнаоѓање ефективен одговор на криминалот во смисла на препознавање на алтернативни санкции и мерки како најсоодветни казнени санкции за одредени видови на казнени дела, односно за одредени типови на сторители.

Прашање што заслужува внимание е прашањето за кризата на затворот и бројните критики што му се упатуваат. Во последните две декади од минатиот век се јавува силно аболиционистичко движење со јасно залагање за постапно намалување на неговата примена и заменување со алтернативи на затворот, мерки на вонинституционален третман и алтернативни мерки. Но, сепак затворот сè уште останува доминанта казна во казнените системи на државите за што наоѓаме потврда во анализата на казнените политики.[203]

[202] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 19.

[203] Види: Груевска-Дракулевски, А. (2017). Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Иако етикетата „криза“ може да сугерира дека она што се случува денес во нашите затвори одразува нова и невидена низа проблеми, тоа е исто така термин што доловува општо чувство на распаѓање и вознемиреност за основната функција и функционирање на затворите.[204]

Кога говориме за криза на затворот, под тој термин не ја подразбираме само кризата која произлегува од пренатрупаноста на затворите (која е само една димензија на проблемот), туку и кризата на осудените лица во затворите. Овде се мисли на здравјето на осудените лица, вклучително и менталното здравје. Имено, менталното здравје на осудените лица е долгогодишен проблем и истиот предизвикува неколку други последователни проблеми, како и сериозна загриженост за ефикасноста и соодветноста на условите во затворите во однос на значителен дел од осудените лица.

Голем број затворски системи ширум светот се во фаза на криза, чии сериозни ефекти им штетат на затворениците, на нивните семејства и на општествата во целина. Реалноста во многу затвори не само што е далеку од меѓународните стандарди, туку и ризикува да ја поткопа крајната цел на казната затвор: заштитата на општеството од криминал.[205]

Иако природата на кризата на затворот е повеќедимензионална, таа се манифестира на следниве начини[206]:

- *Континуиран раст на затворската популација и пренатрупаноста на затворите*

Се проценува дека повеќе од 10,2 милиони луѓе биле затворени во казнените институции ширум светот во 2013 година, со просечна стапка на затворање од 144 затвореници на 100.000 од светската популација. Истата година, 114 национални затворски администрации работеа врз основа на ниво на искористеност од над 100 проценти.

- *Високи затворски трошоци*

Затворот несразмерно ги погодува луѓето кои живеат во сиромаштија и затворањето на големи сегменти од општеството става значителен товар врз државните буџети.

---

[204] Prison Service Journal, Special Edition: *The prison crisis*, May 2019, No 243. Достапно на: https://www.crimeandjustice.org.uk/sites/crimeandjustice.org.uk/files/PSJ%20243%20Editorial.pdf

[205] Addressing the global prison crisis STRATEGY 2015-2017. United Nations Office on Drugs and Crime. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/UNODC_Strategy_on_Addressing_the_Global_Prison_Crisis.pdf

- *Несоодветни затворски услови*

И покрај регионалните разлики, пренатрупаноста на затворите се разви во акутен глобален предизвик и претставува голема пречка за имплементацијата на Стандардните минимални правила за постапување со затворениците.

- *Предизвици за исполнување на основните функции на казната затвор*

Кога казнените системи се прекумерно затегнати и лошо управувани, затворите се изложени на ризик да се дегенерираат во опасни места и за затворениците и за затворскиот персонал, па дури може да се претворат во „училишта за криминал“ и плодни почви за радикализација.

Извештај за Хауард Лигата за казнени реформи од д-р *Вики Купер*[207], покажал дека затворската популација вклучува многу луѓе кои биле напуштени и злоупотребени од општествените структури и институции, обвинети за нивните искуства на екстремна сиромаштија и исклученост и кои, за времето додека да стигнат до затвор, често имаат низа потреби и дефицити во однос на образованието, вработувањето и домувањето.

Голем дел од луѓето во затвор се луѓе со повеќекратни и сложени потреби, создадени, одржувани и „хранети“ во текот на многу години, често со вклученост на државата и без социјална поддршка. Оваа жестока мешавина на индивидуално и колективно влијание не може да се оправда под казнени услови со ограничена достапност на персоналот и компромитирана употреба на „наменски“ и рехабилитациони активности во затворот. Од оваа перспектива, предизвиците со кои се соочуваат затворите денес се и подолготрајни и покомплексни отколку што површно може да сугерира идејата за криза.[208]

Во продолжение на докторскиот труд ќе изнесеме неколку *фактори кои доприносуваат за кризата*[209]. Лошите затворски услови се, во голем дел, симптоматични за системски недостатоци во системот на казнената правда и/или политиките на државата, вклучувајќи:

---

[206] Ibid.

[207] Види: Cooper, V. (2013). No Fixed Abode: The implications for homeless people in the criminal justice system. London: The Howard League for Penal Reform.

[208] Prison Service Journal, Special Edition: *The prison crisis*, May 2019, No 243. Достапно на: https://www.crimeandjustice.org.uk/sites/crimeandjustice.org.uk/files/PSJ%20243%20Editorial.pdf

[209] Види: Addressing the global prison crisis STRATEGY 2015-2017. United Nations Office on Drugs and Crime. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/UNODC_Strategy_on_Addressing_the_Global_Prison_Crisis.pdf

- Недоволни мерки за спречување на криминалот, особено криминалот кај младите;
- Прекумерна употреба на притворот;
- Недостаток на пристап до правен совет и помош;
- Пунитивни политики на казнената правда и несоодветна употреба на казната затвор;
- Ретко користење на алтернативите на затворот;
- Недоволни мерки за унапредување на социјалната реинтеграција;
- Несоодветно управување со затворот и инфраструктурата;
- Притворот се користи како прво средство за децата во судир со законот;
- Специфичните потреби на жените престапници и затворенички не се задоволени.

Написот на *Хенрике Карваљо*, насловен како: „*Хранење на затворската криза преку непријателска криминализација: Случај на здружено претпријатие*“[210], го проширува прашањето кого казнуваме и како имаме врска со нив. Тој го отвора поимот за затворската криза „со критичко испитување на нејзиниот контекст од перспектива на криминализација - за тоа кој е криминализиран, како и зошто“. *Карваљо* смета дека затворската криза е првенствено „криза на непријателство“ и како резултат на постојаниот порив во последните децении да се казни повеќе, подолго и построго. Како што објаснува тој, непријателството на казнување врши исклучувачка функција, па оттука и популацијата на затвореници ја сочинуваат оние социјално најмаргинализираните.

Поимот *криза* и она што го подразбира во контекст на затворите е тема на написот на *Ричард Гарсајд*, насловен како: „*Излегување од кризата*“[211]. *Гарсајд* забележува дека затворите во моментот би можеле да ги гледаме како да се во криза, како одраз на посебните околности на притворските установи што може да го загрозат нивното ефективно функционирање во смисла на штета, нивоа на насилство и неред.

Гарсајд, исто така, забележува дека денес можеби ќе треба да признаеме дека се соочуваме со дополнителна криза на затвор. Оваа втора, поширока криза се однесува на нашата „трајна приврзаност кон затворот и затворот како социјална институција“, а со

[210] Carvalho, Henrique. (2019). Feeding the prison crisis through hostile criminalisation: the case of joint enterprise. *Prison Service Journal*, 243 . pp. 41-47.
[211] Види: Garside, Richard. (2019). Getting out of the crisis. *Prison Service Journal*, 243, pg. 48-54.

тоа и со „нашата очигледна неспособност да разгледаме други опции, различни можности, наместо монотоно правење и преработка на затворската институција“.[212]

Додека во дваесеттиот век кризата на затворите и кризата на затворањето се проширија и се случија рака под рака, продлабочувајќи се една со друга, *Гарсајд* тврди дека решенијата за секоја од овие кризи бараат различни пристапи и се водени од различни идеологии. Како што објаснува тој, иако кризата идентификувана во некои затвори може да се поправи преку реформистички напори околу подобрувањето на условите, основната, подлабока, криза на затворањето е онаа што треба да ја разгледаме преку попосветено и можеби помалку цинично вреднување на поимот укинување. Тоа ќе понуди можности да ја видиме иднината на казнувањето и казнената правда како „отворена, наместо веќе одредена“, овозможувајќи ни да ги сметаме новите решенија не само како имагинарни, туку како можни, што значи дека новите решенија за проблемите на штетата и криминалот прават не мора нужно да бидат условени од затворо-центричен пристап.[213]

[212] Ibid.
[213] Ibid.

4. ИДНИНАТА НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Живееме во ера на технолошка револуција која ги менува и обликува сите сфери од нашите животи со забрзано темпо над кое оправдано се чини дека немаме контрола и создава свет кој во голема мера е непредвидлив и неизвесен. Имајќи го предвид ова, на полето на казненото право оправдано се поставува прашањето каква е иднината на казната затвор? Во стручната литература постојат бројни пишувања за кризата на затворот како казна, но и за затворот како институција, при што се изнесени солидни аргументи и тврдења.

Криза на затворот! Затворот е нелегитимна, неправедна и бескорисна казна! Затворите не се ништо друго, освен училишта на криминал! Така, или слично на тоа, гласат денес главните приговори против затворот како основна казна. Но, сите критики и недоумици околу неговата иднина се надминати со едноставниот одговор: затворот постои, затоа што така треба да биде, затоа што, според концептот на „заслужена казна“ и „право и поредок“ тој, едноставно, претставува единствен одговор за тешките облици на криминал! Со таквиот одговор се надминати бесконечните академски дискусии за суштината и целите на оваа казна, за нејзината ретрибутивна природа итн.[214]

Од друга страна, често се сретнуваме со мислата дека историјата на казната, што долго време ја сочинуваше суштината на кривичната репресија и една од најзначајните основи врз кои се остваруваше борбата против криминалитетот и имаше најзначајно место не по осведочените резултати туку по местото што со закон ѝ беше обезбедено во неа, е историја на нејзиното укинување.[215]

Исто така, со едноставна екстраполација на минатото може да се исцрта и иднината на затворот! Исклучителната примена на краткотрајните казни затвор до шест месеци во повеќе законодавства, како и сè поголемиот пробив во казнените системи на различните облици на третман на слобода (пробација, општокорисна работа итн.), јасно ја покажуваат тенденцијата за постапно ограничување на примената на затворот, развивање на критериуми за негово задржување за потешки дела или опасни

[214] Sparks, R. (2001). Prisons, Punishment and Penality, in: E. McLaughlin, & J. Muncie (Eds.), *Controlling Crime* (2nd ed., pp. 201-56). (Crime, Order and Social Control). SAGE Publications Ltd.
[215] Milutinović, M. (1973). Kriminologija sa osnovima kriminalne politike i penologije (drugo, dopunjeno izdanje). Beograd: Savremena administracija, str. 389.

деликвенти, од една страна, и негово супституирање за полесни дела и првопрестапници со други облици на формална контрола на криминалот, од друга![216]

Основна карактеристика на современиот казнен систем и неговите перспективи претставува, според тоа, трендот на „бифуркација“, вододелница: казна завор за потешките, алтернативни мерки за полесните дела.[217]

Централно место во аргументите за промовирање на реформите во затворот е аргументот за човековите права - премисата врз која се развиени многу стандарди и норми на ОН. Сепак, овој аргумент е често недоволен за да се поттикнат програмите за реформи во затворите во земји со оскудни човечки и финансиски ресурси. Штетното влијание на затворот, не само врз поединците, туку и врз семејствата и заедниците, како и економските фактори, исто така, треба да се земат предвид кога се размислува за потребата од реформи во затворот.

Казната затвор претставува само лишување од основното право на слобода. Тоа не повлекува ограничување на другите човекови права, со исклучок на оние кои се природно ограничени со самиот факт на престојот во затвор. Затворската реформа е неопходна за да се обезбеди почитување на овој принцип, заштита на човековите права на затворениците и зголемување на нивните изгледи за социјална реинтеграција, во согласност со релевантните меѓународни стандарди и норми.

Со ориентацијата кон деинституционализација и алтернативи, отворено е, значи, прашањето дали сме на почетокот на нова голема трансформација на казнувањето што значи премин кон други облици на социјална контрола врз криминалците! Постојат и вакви толкувања на еволуцијата на идејата за затворање на луѓето што го прекршиле законот: казната затвор, имено, се појави заедно со новите економски односи и криминалот што резултираше од сиромаштијата, за кој најдобар одговор беше создавањето на систем на институции во кои може да се контролираат непродуктивните и девијантните. Но, во почетокот на XXI век економските и социјалните услови радикално се менуваат! Денес, таквиот институционален третман нема никаков друг ефект, освен што предизвикува финансиска криза што државата не може да ја поднесе.[218]

---

[216] Pease, K. (1995). The Future of Imprisonment and its Alternatives, Report for the Fifth Conference on Crime Policy, Document CDPC (95) 85, Strasbourg: Council of Europe, во: Камбовски, В. (2002). *Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век*. Скопје: Бато и Дивајн, стр. 203.

[217] Камбовски, В. (2002). Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век. Скопје: Бато и Дивајн, стр. 203.

[218] Ibid., стр. 212.

Иднината на затворањето најверојатно ќе вклучува напредок во технологијата, фокусирање на програмите за рехабилитација и истражување на алтернативни форми на казнување. Новите технологии како виртуелната реалност може да се користат за терапија и развој на вештини. Дополнително, може да има промена кон корекции засновани на заедницата и практики за ресторативна правда, со цел успешно да се реинтегрираат прекршителите во општеството. Акцентот на поддршката за менталното здравје и образованието во затворските системи, исто така, може да се зголеми, промовирајќи долгорочна општествена реинтеграција. Сепак, иднината на затворањето ќе зависи од општествените ставови, политичките одлуки и тековните напори да се балансира казната со рехабилитацијата.

Новите модалитети на затворањето може да вклучуваат иновативни пристапи за решавање на основните причини за криминално однесување и промовирање на рехабилитација. Ова може да вклучи повеќе персонализирани и насочени интервенции врз основа на индивидуалните потреби и факторите на ризик. Програмите засновани на заедницата, електронското следење и домашното затворање со строг надзор може да се користат како алтернативи на традиционалното затворање. Практиките на ресторативна правда, каде што прекршителите ги поправаат жртвите и заедницата, би можеле да станат поприсутни. Дополнително, би можело да се стави фокус на образованието, стручната обука и поддршката за менталното здравје за да се опремат затворениците со вештини за реинтеграција во општеството. Ефективноста на овие модалитети ќе зависи од внимателна имплементација, тековно истражување и сеопфатен пристап кон реформите во казненото право. Овие модалитети можат да обезбедат побезбедна, побрза и поефикасна форма на правда и достоинство што треба да го има секое човечко суштество, без разлика дали е затвореник или не.

5. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА ОСУДЕНИ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА СПОРЕД ВИДОТ НА ИЗРЕЧЕНАТА КАЗНА ЗАТВОР ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2023 ГОДИНА

Со употреба на статистичкиот метод, се добија податоци дека во временскиот период од 2017 до 2023 година, судовите во нашата држава изрекле вкупно 8.561 казни затвор. Од вкупно изречените казни затвор, 18 биле казна доживотен затвор, 38 биле казна затвор од 20 години, 101 биле казна затвор од 10 до 15 години, 393 биле казна затвор од 5 до 10 години, 703 биле казна затвор од 3 до 5 години, 694 биле казна затвор од 2 до 3 години, 1.688 биле казна затвор од 1 до 2 години, 2.346 биле казна затвор од 6 месеци до 1 година и 2.580 биле казна затвор до 6 месеци.

Во продолжение на докторскиот труд е претставен табеларен приказ на вкупниот број осудени полнолетни лица според видот на изречената казна затвор во периодот од 2017 до 2023 година.

Табела 1. Осудени полнолетни лица според видот на изречената казна затвор во временскиот период од 2017 до 2023 година

Година	**2017**	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**
Затвор – вкупно	**1255**	**1246**	**1181**	**914**	**1176**	**1372**	**1417**
Доживотен затвор	1	1	3	2	2	9	-
Затвор од 20 години	5	2	6	5	2	10	8
Затвор 10-15 години	14	14	21	5	14	17	16
Затвор 5-10 години	63	27	37	54	56	75	81
Затвор 3-5 години	119	81	70	75	111	135	112
Затвор 2-3 години	142	94	65	66	97	116	114
Затвор 1-2 години	290	231	210	138	210	303	306
Затвор од 6 месеци до 1 година	307	360	362	258	347	366	346
Затвор до 6 месеци	314	436	407	311	337	341	434

Извор: Државен завод за статистика

Анализата на статистичките податоци од примената на казната затвор во наведениот временски период, покажува дека *во судската практика* при изрекувањето на казна затвор *доминираат краткиите казни затвор*, односно казните затвор до шест месеци. Во оваа насока сметаме дека нивното изрекување треба да биде сведено на минимум со што би се отворило и можност за поголема примена на алтернативните мерки.

Она што недостасува во домашната судска практика е соодветно издржано образложение од страна на судијата кој изрекува кратка казна затвор спрема сторителот на казнено дело.

Во продолжение на докторската дисертација е претставен и графички приказ на изречените казни затвор во временскиот период од 2017 до 2023 година.

Графикон 1. Графички приказ на изречените казни затвор во временскиот период од 2017 до 2023 година



Извор: Државен завод за статистика

Од погоре наведените статистички податоци, можеме да констатираме дека во временскиот период од 2017 до 2023 година *најчесто изрекувана казна затвор од*

страна на македонските судови била казната затвор до шест месеци. Со други зборови, од вкупно изречените казни затвор кон полнолетни сторители на кривични дела, *повеќе од 30% биле казна затвор до шест месеци*. Казната затвор од 6 месеци до 1 година учествува со 27,4% во вкупниот број на изречени казни затвор. Казната затвор од 1 до 2 години учествува со 19,7% во вкупниот број на изречени казни затвор. Казната затвор од 3 до 5 години учествува со 8,2% во вкупниот број на изречени казни затвор, додека казната затвор од 2 до 3 години учествува со 8,1% во вкупниот број на изречени казни затвор. Казната затвор од 5 до 10 години учествува со речиси 4,6% во вкупниот број на изречени казни затвор, а казната затвор од 10 до 15 години учествува со 1,1% во вкупниот број на изречени казни затвор. Казната затвор од 20 години учествува со 0,4% во вкупниот број на изречени казни затвор, додека доживотниот затвор учествува со 0,2% во вкупниот број на изречени казни затвор во нашата држава во наведениот временски период.

Во продолжение на докторската дисертација е претставен табеларен приказ на вкупниот број осудени лица што издржувале казна затвор во казнено-поправна установа во временскиот период од 2019 до 2023 година.

Табела 2. Вкупен број осудени лица што издржувале казна затвор во КПУ во временскиот период од 2019 до 2023 година

	2019	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**	**Средна вредност**
КПД Идризово	1181	1009	1121	1205	1216	1146
КПД Штип	220	199	236	240	225	224
КПД Прилеп	85	106	20	31	35	95
КПД Струга	35	38	46	56	164	68
Затвор Битола	13	20	77	76	66	50
Затвор Гевгелија	34	35	42	64	123	60
Затвор Куманово	80	121	115	118	23	91
Отворено одделение во Крива Паланка	12	10	15	11	105	31
Затвор Охрид	8	4	4	4	133	31
Затвор Скопје	104	119	166	172	104	133

Затвор Струмица	92	96	/	89	67	86
Затвор Тетово	66	71	62	61	4	53
Вкупно	**1941**	**1828**	**2004**	**2227**	**2265**	**2053**

Извор: Македонско пенолошко друштво[219]

Од погоре наведените статистички податоци, можеме да констатираме дека *во временскиот период од 2019 до 2023 година, вкупниот број на осудени лица што издржувале казна затвор во казнено-поправна установа во нашата држава бележи постојан тренд на зголемување*. Имено, во 2019 година тој број изнесувал 1.941 лице, во 2020 година изнесувал 1.828 лица, во 2021 година тој број се зголемил на 2.004 лица, во 2022 година бројот се зголемил на 2.227 лица, а во 2023 година се зголемил на 2.265 лица.

Нашиот судски систем мора, во најскоро време, да ги примени сите можности за замена на кратките казни со алтернатива на затворското казнување или третман на слобода. Македонскиот законодавец мора да направи темелно ревидирање на постојните законски рамки. Во случаите кога е можно тоа треба да се извлечат посебни привилегирани и квалифицирани облици, при што ќе се предвидат потесни законски рамки кај секој од различните облици на едно дело, па дури и проширување на можностите за ублажување на казната и за ослободување од казна.[220]

Иновациите што се јавуваат на подрачјето на алтернативно казнување и нивното сè поголемо значење и актуелност претставуваат резултат на тенденцијата за изрекувањето затворска казна како *ultima ratio*. ***Казната затвор во никој случај не смее да се прифати како единствен одговор за прекршување на законската норма или за сторено казнено дело.*** Постојат законодавства што со години ја негуваат традиција на изрекување алтернативни решенија, бидејќи лишувањето од слобода се покажало како контрапродуктивно во рехабилитациониот и реинтеграциониот процес на определени категории сторители на казнени дела, особено за сторителите на полесни казнени дела.[221]

[219] Груевска Дракулевски, А. (2024). Работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица. Скопје: Македонско пенолошко друштво.
[220] Мујоска Трпевска, Е. (2017). За (не)примената на алтернативите на затворот во македонската судска пракса, во: Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 24, бр. 1, стр. 1-16. Скопје: *Здружение за кривично право и криминологија на Македонија*.
[221] Ibid.

ТРЕТ ДЕЛ

ГЛАВА IV ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Примитивното општество на криминалитетот реагирало со најостри, најсурови, примитивни средства и методи, со тешки и свирепи методи за казнување на криминалецот, но и современото цивилизирано општество, хуманистичко и демократско, не се ослободи од репресивниот карактер на казнувањето. И најстрогата и најсуровата, најбруталната репресија и ретрибуција не го спречија човекот да врши кривични дела, туку обратно. Тоа од причина што е веќе понапред наведена – овие казни не влијаат врз отстранувањето на причините што доведуваат до криминалитетот.[222]

Во казнено-правната теорија и практика борбата против криминалитетот се остварува со голема упорност, но не и со очекувани позитивни ефекти преку примената на казни/санкции чиј историски пат се движи од најсурово, најсвирепо, брутално казнување на сторителите на кривични дела до современите идеи за постепено напуштање на ретрибутивноста, репресивноста, пунитивноста. Ова, од причина што емпириски е потврдено дека ретрибутивноста, репресивноста, пунитивноста на казните/санкциите, не е во право-пропорционален однос со ефектите што се постигнуваат во спречувањето на криминалитетот. Во казнено-правната теорија и практика преовладува мислењето дека системот на казни/санкции што се потпира на репресија не е насочен, не придонесува да се отстранат причините што имаат етиолошко значење за настанување на криминалитетот, како на општ, посебен, така и на поединечен план. Од тие причини, системите на казни/санкции се постојан предмет на расправи, критики, оценки, истражувања, што треба да овозможат да се дојде до

[222] Арнаудовски, Љ., Бужаровска, Г., Целевски, Д., Нанев, Л. (2004). Стратегија за имплементација на алтернативните мерки. СППМД – Кавадарци, Скопје, стр. 9.

санкции/казни, кои ќе овозможат постигнување ефекти во спречувањето на криминалитетот.[223]

Различни типови на казни се користат за различни цели. Кривичните санкции служат за зајакнување на негуваните вредности и верувања, онеспособување и одвраќање на оние кои можеби размислуваат за криминално недолично однесување и често функционираат за одржување на односите на моќ во едно општество и за елиминирање на заканите за преовладувачкиот општествен поредок. Регулирањето и одржувањето на општествениот поредок е, исто така, важна функција на граѓанските и административните санкции. И формалните и неформалните казни може дополнително да послужат за драматизирање на злото на одредено однесување во едно општество, зајакнување на солидарноста на заедницата против надворешните закани и обезбедување средства за напорите на социјалниот инженеринг насочени кон подобрување на квалитетот на животот.[224]

Сепак, дури и површен поглед на казните открива дека тие многу варираат со текот на времето и местото. Формалните санкции од страна на државата или другите „официјални“ тела беа во голема мера непознати во претходните аграрни општества, додека општествениот поредок во современите индустриски општества е возможен во многу случаи само со елаборирана систем на формални санкции.[225]

За кривичните санкции можеме да истакнеме дека претставуваат најдинамичниот дел од целокупното казнено право. Имено, уште од самите зачетоци на казненото право, човештвото е во потрага по изнаоѓање на адекватни санкции со кои ефективно би се постигнала целта на казнувањето.

Соочени со растот на степенот на криминалитет, а со самото тоа дека се зголемува и бројот на сторители на казнени дела на кои воглавно им се изрекува казната затвор, како и со порастот на рецидивизмот, сите казнени системи во текот на 70-те и 80-те години од XX-от век биле во потрага по изнаоѓање на ефикасни и економски исплатливи вонинституционални мерки како адекватен одговор на криминалитетот.

---

[223] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 287.
[224] Miethe, T. D., & Lu, H. (2004). Introduction : The Punishment Response. In *Punishment: A Comparative Historical Perspective* (pp. 1–14). chapter, Cambridge: Cambridge University Press.
[225] Ibid.

Целите на современата општествена реакција на криминалното однесување се карактеризираат со спротивставени концепти кои ја прошируваат казнено-правната репресија, пропишуваат нови инкриминации и ги заоструваат казните, пред сè, казната лишување од слобода, но истовремено се развиваат похумани и помалку пунитивни системи на алтернативни казнени санкции и мерки кои се насочени кон сторителите на полесни казнени дела. Ваквиот судир на концепти во рамките на современото казнено право, т.н. експанзионизам на казненото право и развојот на алтернативен пристап за казнување на сторителите на казнени дела, во литературата симболично се нарекува феномен на „стратегија на бифуркација или стратегија со двоен колосек“.[226]

Една од карактеристиките на досегашниот приод кон оваа проблематика е континуираната доминација на казната затвор како најчесто изрекувана казна од страна на судовите. Ова отстранување од заедницата и семејството во одредени случаи можеби претставува најлесна опција и ја пропушта можноста да се принуди сторителот да работи на причините зошто тој или таа извршиле одредено казнено дело на еден структуриран и строг начин притоа останувајќи во рамките на заедницата и семејството. Најлесен начин е да се затвори сторителот на казнени дела, да се отстрани и на тој начин да се заштити општеството додека тој или таа се наоѓа во затвор, притоа не водејќи доволно сметка за човечкото суштество како дел од општествената заедница од којашто доаѓаат и во којашто ќе се вратат, ниту за семејството и другите врски кои што во иднина ќе продолжат да го поврзуваат него или нејзе со заедницата и кои што можат да влијаат на оддалечувањето од извршување на казнени дела во иднина.

Секогаш во центарот на вниманието е казната затвор која се применува низ различни форми и облици низ целата историја на општеството до денес и истовремено е и најчесто применувана казна. Ноторно е сознанието дека оваа казна е толку внатрешно противречна што некои автори велат дека таа повеќе нанесува штета отколку корист. Но, сепак, таа се вреднува како „императив“ без кој современото општество не може да ја оствари својата функција на откривање, спречување, сузбивање и превенирање на криминалитетот. Сосема е разбирливо што казнено-правната наука и пенологијата најупорно се занимаваат со казната затвор заради

[226] „Зголемената строгост во казнувањето на тешките и најопасните облици на криминалитет, истовремено ја следи и широката примена на вонинституционални мерки за сторителите на полесни кривични дела, односно се создава феноменот на „стратегија на бифуркација или стратегија со двоен колосек“, што доведува до истовремено зајакнување и на попустливоста и на строгоста во казнувањето и воведува поширок круг на граѓани во систем на формална социјална контрола“. Види: Soković, Snežana. (2011). Savremene globalne tendencije u kontroli kriminaliteta - karakteristike, perspektive i osvrt na domaće

нејзината најчеста, најмасовна примена, но и заради негативните последици што ги остава зад себе кај осудените лица: казна која му го одзема највредното право на човекот – слободата, се извршува на начин на кој го деградира како личност, му го одзема достоинството и угледот, му се нанесуваат психолошки и физички страдања, го етикетира за цел живот.[227]

Со цел справување со проблемот на казнување во контекст на сложеното и комплексно современо општество, јасно е дека борбата против вршењето на казнени дела не може да се потпира само и исклучиво на затворањето, односно на затворските казни. Казнено-правниот систем мора постојано да бара нови идеи и решенија преку збогатување на системот на казнени санкции и начините на коишто тие се извршуваат и посебно преку интернационалните широко прифатени алтернативни мерки коишто се развиени и спроведувани од страна на службите за пробација. Овие алтернативни мерки се доста раширени и доста важни во многу национални правни системи во државите ширум светот.

Актуелизирањето на хуманизацијата во казнувањето на сторителите на казнени дела, меѓу другото, резултирало и од критиките на казнената политика, неефикасноста на казната затвор, рецидивизмот, условите во затворите и ефектите што ги носи самиот престој во затворските установи. Казнувањето, без изолирање на сторителот на казненото дело во затворска установа, е идеја што довела до појава на алтернативните видови реагирање на општеството кон одредени криминални поведенија.

Сè до крајот на XIX-от век, целокупниот систем на кривични санкции бил заснован на *казни*, како нејзин единствен вид (т.н. *монистички систем на санкции*), коишто се сметале за најпогоден начин да се постигне една цел - спречување на криминалното однесување.

Во почетокот на XX-от век, системот на кривични санкции се реформирал и од монистички станал дуалистички систем, односно тогаш биле воведени и *мерките на безбедност*, како втор вид на кривични санкции.

Дури кон крајот на првата деценија од XXI-от век, казненото право значително се променило во споредба со периодот кога биле создадени неговите теориски основи во добата на т.н. капиталистички либерализам.

---

prilike, *Crimen – časopis za krivične nauke*, br. 2, Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu u saradnji sa Kriminološkom sekcijom Srpskog udruženja za krivično pravnu teoriju i praksu, str. 217.

[227] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 287-288.

Големите реформи на казнените законодавства го опфатиле и системот на казнени санкции, така што денес, речиси секаде во светот, се применуваат казнените санкции од т.н. четврта генерација. Станува збор за *алтернативни мерки* кои треба да ја заменат практиката на изрекување на казната затвор, а воедно и да обезбедат похуман начин на казнување на сторителите на казнени дела, се разбира во согласност со потребите за почитување на основните човекови слободи и права. Можеме слободно да кажеме дека *алтернативните мерки ја претставуваат суштината на модерното казнено право*. Воедно, тие ја претставуваат сосема новата форма на санкционирање на сторителите на казнени дела, а воедно и се засновани на потполно различен пристап на разрешување на општествените односи кои настануваат по повод извршувањето на конкретно казнено дело.

Појавата на идејата за внесување алтернативни санкции и мерки во националните законодавства, во основата, се врзува за почетокот на XX век.[228]

Идејата за алтернативен начин на реакција на државата на криминалното однесување на деликвентите е поврзана со појавата на *Новата Школа за општествена одбрана*, на која ѝ претходеа *принципите на општествената одбрана* воспоставени од страна на *Филипо Граматика* (*Filippo Gramatica*)[229], која датира од почетокот на XX век. Претставниците на *Новата Школа за општествена одбрана* се залагале за радикална реформа на казненото право, што би следело по проширувањето на постоечките кривични санкции заедно со постепеното укинување на казната која дотогаш немала вистинска алтернатива. Основачот на таа *Школа*, *Марк Ансел*[230] (*Mark Ansel*), го изразил своето противење на изрекувањето на казните затвор, особено на кратките казни затвор, притоа предлагајќи алтернативни форми на казнување, односно алтернативни санкции во форма на општествени мерки лишени од непотребни ограничувања. Неговата предложена криминална политика сугерирала методична стратегија за реагирање против криминалот или криминалните, девијантните или антисоцијалните активности.

Филозофијата на алтернативно казнување се заснова на држење на осуденото лице на слобода, притоа изрекувајќи казна која кон него ќе делува превентивно во насока на не извршување, односно не сторување на друго казнено дело.

---

[228] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: Студентски збор, стр. 341.
[229] Се мисли на делото *Principios de defensa social* од Филипо Граматика.
[230] Марк Ансел се смета за првиот научник кој го вовел концептот на *криминална политика*. Имено, тој тврдел дека криминалната политика е и наука за набљудување и уметност или техника.

За првпат, терминот *алтернатива* во науката за казненото право бил употребен за одредување на видот на казнените санкции. Самиот термин *алтернативни мерки* често подразбира поедноставени алтернативни форми на третман во предистражната фаза, потоа различни видови вонинституционални санкции, како и широк дијапазон на модалитети за извршување на самата казна затвор, преку бројни форми на условен отпуст и престој на осуденото лице на слобода во периодот на изрекување на казната. Овде би истакнале дека поимите алтернативи на казната затвор и алтернативни кривични санкции често се мешаат, иако првиот поим е многу поширок и ги вклучува, покрај алтернативните кривични санкции, и другите мерки и постапки кои на крајот доведуваат до непримена на казната лишување од слобода. Поради тоа, самиот концепт на алтернативна казнена санкција е потесен и треба да се однесува исклучиво на оние супститути на казната затвор кои се предвидени во казненото законодавство во вид на казнени санкции.

Поинаку речено: кривична санкција лишена од ретрибутивниот елемент или кривична санкција кај која ретрибутивниот елемент е сведен на чиста симболика, што треба да послужи како замена за казната во случај кога целите на казнување може да се остварат и без неа.[231]

Важно е да истакнеме дека за одредена санкцијата да може да биде алтернатива на казната затвор, потребно е да е законски предвидено дека истата може да ја замени основната казнена санкција, но и самата таа да не се состои во лишување од слобода на сторителот на казненото дело што се спроведува во институционални услови, туку да претставува некој од вонинституционалните начини на ограничување или одземање на одредени права на осуденото лице.

Историски гледано, уште италијанскиот криминолог *Чезаре Ломброзо* сметал дека треба да се избегне изрекување на казна затвор кога тоа е можно и да се замени таа казна со надомест на штета, телесно казнување, условна осуда, парична казна, гаранција или опомена. Претставници на социолошката школа, меѓу кои особено се истакнал германскиот правник и криминолог *Франц фон Лист*, ја истакнале штетноста на краткотрајните казни затвор и се залагале за применување на парична казна и условна осуда.

[231] Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 329.

Сите критики се однесуваат на условите за живот во затворите, но и на самиот начин на извршување на казната затвор. Затворскиот реформатор *Џон Хауард* ги сметал затворите за *„места и семинари за мрзливост и секакви пороци“*.[232]

За сторителите на казнени дела затворот служел како училиште за криминал, средина која емотивно ќе го ослаби лицето и другите затвореници ќе ги научи како да станат подобри криминалци. Континуираниот недостаток на мерки и активности за ресоцијализација и целокупниот третман во затворот често го онеспособува затвореникот да се промени откако ќе биде пуштен на слобода.[233]

Уште од тој период, па сè до денес, и во теоријата и во практиката очигледни се недостатоците на казната затвор. Пред сè, недостатоците се забележуваат во фактот дека казната затвор не е хумана, не е ефикасна, има сериозни последици по физичкото и психичкото здравје на осуденото лице, како и дека е рационално неисплатлива за државата. Во прилог на ова се наведува дека „казната затвор која трае до шест месеци, односно до една година не дозволува доволно време ниту за започнување, а не пак за спроведување на третманот. Таа така остварува цела низа на негативни ефекти (одвојување на осуденикот од семејството и од работното место, по сила на закон може да му престане работниот однос и да остане без работа, а за средината во којашто живее доживотно ќе остане етикетиран).“[234]

На Конгресот на ООН, кој е одржан во 1985 година, било предложено да се прошири мрежата од полуотворени и отворени установи, каде осудениците би имале поповолен и подобар третман. Решенијата со кои се заменува затворот со други мерки, какви што се условната осуда, судската опомена и паричната казна, изгледа дека се исцрпени, па се пронајдени решенија во алтернативните санкции и во третманот надвор од затворската установа. Критиките, кои се однесувале на оваа санкција, најмногу допринеле да се отвори полемика за можните видови на алтернативно казнување, со кои би се избегнале неповолните ефекти од краткотрајното лишување од слобода.[235]

Заради кризата на затворот, како санкција, се појавила тенденција за хуманизација на казнениот систем, особено во делот за видовите и начинот на извршување на казната лишување од слобода што, пак, поттикнало појава на различни

[232] Наведено во: Игњатовић, Ђ. (2008). Криминологија (девето измењено издање). Београд: Правни факултет, Центар за публикације, стр. 233.
[233] Karabec, Z. (2005). Alternative zatvorskim kaznama, во: *Alternative zatvorskim kaznama*. Beograd: Fond za otvoreno društvo, стр. 131-142.
[234] Игњатовић, Ђ. (2008). Криминологија (девето измењено издање). Београд: Правни факултет, Центар за публикације, стр. 233.

облици на алтернативни санкции (мерки на безбедност, воспитни и други мерки, кои некогаш се опишуваат и како мерки за социјална заштита), па сè до развој на санкции со кои се ограничува слободата на движење на осуденото лице без примена на казната затвор (каква што е, на пример, електронскиот надзор).

Имајќи ги предвид сите негативни ефекти кои ги носи казната затвор, но и ефектите од престојот во затворска установа, се јавил предизвикот да се пронајде алтернатива на затворањето. Па така, се појавиле алтернативните санкции, или како што уште се нарекуваат *интермедијални санкции* или *санкции од страна на заедницата*, кои успеале да станат широко распространети во речиси сите држави во светот.

Имено, интермедијалните санкции биле замислени како форма на кривично казнување што се наоѓаат помеѓу целосно затворање и пробација. Примарните форми на интермедијални санкции вклучувале кампови за подигање (моделирани по камповите за обука на воени регрути, овие програми се засновале на шокантно затворање засновано на воени техники), куќи на половина пат, програми за интензивен надзор, домашно затворање, електронско следење и парични казни (глоби и реституција). Секоја од овие санкции била дизајнирана да исполни одредена цел во казнувањето на сторителот на казненото дело.

Санкциите од страна на заедницата или санкциите во заедницата биле конципирани да вклучуваат широк спектар на програми, вклучувајќи алтернативи за затворот (како што е условната осуда) и услуги (како што е условниот отпуст, кој им помага на осудените лица да направат транзиција од затворот кон живот во заедницата по излегувањето од затворската средина).

Санкциите во заедницата имаат бројни предности во однос на казната затвор. Колку и да звучи прозаично, сепак, многупати е потврдено дека ризик фактори за рецидивирање се семејството, финансиите, работата и сл. Така, санкциите во заедницата му овозможуваат на престапникот да го одржи семејството, да ја задржи работата, социјалните врски, потоа, му се остава можност да ја поправи штетата причинета со стореното казнено дело. Санкциите во заедница, исто така, му овозможуваат на престапникот да ја одбегне стигмата на затвореник, а што е уште поважно му овозможува да ја избегне „криминалната зараза“ која неизбежно се шири

[235] Види: Радоман, М. (2003). Пенологија и систем извршења кривичних санкција. Правни факултет, Универзитета у Новом Саду, Нови Сад – Београд, стр. 57.

во контактите со криминалците во затвор. Од друга страна, станува збор за санкции кои се многу поевтини за администрирање отколку затворот.[236]

Санкциите во заедницата имаат долга традиција на широка примена во одредени држави, пред сè, англосаксонските земји, за разлика од земјите кои припаѓаат на континенталниот систем кои ги воведоа во своите казнени законодавства неодамна.[237]

Алтернативните мерки ја олицетворуваат основната идеја врз која е концентрирана современата реформа на системот на санкции: рестриктивна примена на затворот и третман на сторителите надвор од затворот. Оваа тенденција наиде на поддршка и на оправдувања како од теоретски, така и од практичен аспект: таа е, повеќе од одговор на зачестените затворски кризи, вовед во користењето нови методи и техники на социјална контрола на криминалот што се во чекор со новата технолошко-информатичка ера.[238]

Примената на традиционалните алтернативи на затворот (парична казна, условна осуда) во последните декади на минатиот век не помогна во неговата редукција. Поради тоа, денес во повеќе западни законодавства започнаа тренд на потрага по нови алтернативни мерки.[239]

Постоечките меѓународни правила и стандарди се воспоставени врз стојалиштето дека казната затвор претставува *ultima ratio* и дека државите во светот треба да ги афирмираат незатворските мерки на сметка на казната затвор.

Може слободно да се каже дека алтернативните мерки настанале со цел да се оствари неопходен баланс помеѓу потребата за казнување на сторителот на казненото дело, зачувување на општата безбедност на заедницата, соочување со проблемот за пренатрупаност на затворите и високите трошоци за издржување на казната затвор.

Уште од античко време, луѓето извршувале дејствија кои биле неприфатливи за самата заедница, а поради што биле подложени на различни казни за стореното, воглавно насочени кон изолирање на сторителот од заедницата. Постепено, преку развојот на општествената заедница, се развиле напори да се осигура дека казните не само што ќе служат како санкција за стореното дело во форма на спречување контакт на сторителот со заедницата, туку и да можат да го ресоцијализираат и да го подготват сторителот за повторно враќање во општеството.

---

[236] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 300.
[237] Ibid., стр. 296.
[238] Cavadino, M.; Dignan, J. (1997). The Penal System: An Introduction (second edition). London: SAGE Publications Ltd., pg. 204.

Во денешно време, пак, во потрагата по нови санкции и мерки или можности за алтернативно извршување на важечките казнени санкции, ограничени сме со начелата на законитост, хуманост, превоспитување и ресоцијализација, како и од начелото на индивидуализација на казната.

Во корист на афирмирањето на тезата за примена на алтернативните мерки наспроти примената на казната затвор, се истакнуваат повеќе аргументи кои, пред сè, се потпираат врз критиката на казната затвор. Во објаснувањата се истакнува дека алтернативните мерки се посоодветни за определени категории сторители на казнени дела, како што се, на пример, престапниците; дека овие мерки ја подржуваат социјалната адаптација на сторителите на казнените дела во општеството по издржувањето на соодветна казна затвор. Токму заради овие објаснувања се тврди дека алтернативните мерки се похумани од казната затвор. Покрај другото, би требало да напоменеме дека алтернативните мерки чинат помалку за разлика од затворот и дека ги растоваруваат затворските установи, а со тоа овозможуваат во затворите да се развие адекватен третман на лицата кои во нив ја издржуваат казната.

Алтернативните мерки го менуваат односот на казненото право кон жртвата на казненото дело и отвораат процес на помирување помеѓу жртвата и сторителот, а не заострување на односите помеѓу нив.[240]

Во овој дел мораме да истакнеме дека иако алтернативните мерки во суштина имаат за цел да се постигне ресоцијализација на сторителот, а елементот на репресивност кај нив не е примарно нагласен, тие сепак носат и карактеристика на репресија, бидејќи немаат за цел само превенција, туку претставуваат и ретрибутивен одговор на општеството за стореното казнено дело. Значи, тие нужно во себе содржат и карактеристика на одмазда, бидејќи доведуваат до одземање или ограничување на правата и добрата на сторителот или, од друга страна, во себе содржат закана дека тоа ќе се случи, иако ова ретрибутивна карактеристика е многу помалку изразена отколку кај другите санкции, особено во споредба со казната затвор, па дури и во споредба со паричната казна.

---

[239] Камбовски, В. (2011). Казнено право – општ дел (четврто изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 494.

[240] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 289.

Со измените во казнените системи во последните декади е несомнено започната нова голема трансформација на казната, што значи деинституционализација, напуштање на затворот и премин кон други облици на социјална контрола над криминалците. Истовремено со нив се појавуваат и предупредувања што упатуваат на рационални граници на нивната примена: современото општество со прифаќање на вакви алтернативи не смее да се претвори во разгранет систем на социјална контрола што ја вршат различни институции, инспириран од еден базичен дисциплинирачки проект. Посебно се истакнува дека нивното прифаќање мора да биде следено и со јакнење на правните гаранции за правата на осуденият, затоа што се тие, сепак, пунитивни и без сигурни критериуми за нивната примена може да резултираат со арбитрарност и со загрозување на човековите права.[241]

Во овој дел од докторскиот труд, можеме да резимираме дека *алтернативните мерки во казненото право и во пенологијата се истакнуваат како едно од најприфатливите решенија за надминување на негативните последици што ги создава примената на претераната ретрибуција и отсуството на очекуваните ефекти од ресоцијализацијата*. Со други зборови, *алтернативните мерки се јавуваат како позитивен одговор на современата криза на пенитенцијарниот систем*.

[241] Камбовски, В. (2011). Казнено право – општ дел (четврто изменето и дополнето издание). Скопје:

2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Прашањето за алтернативните мерки како начин за хуманизирање и рационализирање на системот на казнени санкции привлекува посебно внимание со децении. Потрагата по економски исплатлив и ефикасен вонинституционален модел на контрола на криминалитетот, беше наметната и од растот на криминалитетот и од сè поголемиот број на престапници на кои им е изречена казна затвор, како и од сознанието дека традиционалните казни не се соодветни за одредени престапници, и дека тие дури можат да бидат штетни и по престапниците и по општеството, односно претставуваат „скап начин она што е лошо да се направи уште полошо“, за што се чини дека ниту една држава нема доволно пари.[242]

Прво прашање што се поставува при споменувањето на алтернативите на затворот е што тие навистина претставуваат, кои сè решенија ги опфаќаат, како се дефинираат и сл. Во литературата се среќаваат повеќе термини со кои се означува системот нови казни и мерки што значат замена или ограничување на затворањето. Различните термини на преден план истакнуваат некоја карактеристика на алтернативните решенија, што застапниците на тој термин ја сметаат за основна и најважна. Значи, не постои единствен термин со кој се означува системот на алтернативни санкции и мерки.[243]

Концептот „алтернативи на казната затвор“ различно се интерпретира во последните четириесет години. Не се работи за статичен концепт, напротив истиот остава можност за иновации и креативност во иднина.[244]

Во литературата се среќаваат потесна и поширока дефиниција на поимот алтернативни кривични санкции и мерки, во зависност од тоа дали тие се поврзуваат „исклучиво за системот на кривични санкции или за функцијата која со примената на мерките на алтернативно кривично казнување се остварува во правосудниот систем“[245].

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 495.

[242] Lynch, M. J. (1999). Beating a dead horse: Is there any basic empirical evidence for the deterrent effect of imprisonment?. *Crime, Law & Social Change*, No. 31, pp. 347-362; Austin, J.; Fabelo, T. (2004). The Diminishing Returns of Increased Incarceration: A Blueprint to Improve Public Safety and Reduce Costs, The JFA Institute, Washington D.C.

[243] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: Студентски збор, стр. 44.

[244] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 296.

[245] Види: Mrvić-Petrović, N., Obradović, M., Novaković, N. (2005) Alternativne krivične sankcija (studija o prihvatljivim modalitetima izvršenja), *Alternative zatvorskim kaznama*, Beograd: Fond za otvoreno društvo, str. 35-83.

Според потесната дефиниција, под алтернативни санкции се подразбираат само санкции и мерки кои се алтернатива на казната затвор, првенствено на краткотрајните затворски казни. Оваа дефиниција ги поврзува алтернативните санкции исклучиво со системот на кривични санкции. Во поширока смисла, алтернативните санкции ги опфаќаат алтернативни санкции во потесна смисла, од една страна и различните мерки од образовен, медицински, воспитен и терапевтски карактер, како и постапки кои водат до отстапување од класичната кривична постапка, односно со кои се избегнува кривична осуда (т.н. мерки од диверзионен карактер), од друга страна.[246]

Во поглед на поимот алтернативни кривични санкции, постојат големи талкања како во теоријата, така и од страна на самите законодавци во споредбеното право. Често под овој поим се подразбираат како поедноставени алтернативни форми на постапување во фазата пред судење, потоа различни видови вонинституционално санкционирање, како и широк дијапазон на модалитети за извршување на самата казна затвор, преку бројни форми на условен отпуст и престој на осуденият на слобода во периодот на изрекување на казната. Всушност, многу често се мешаат поимите алтернативи на казната затвор и алтернативни кривични санкции, иако првиот термин е многу поширок и во себе ги вклучува, покрај алтернативните кривични санкции, и други мерки и постапки кои на крајот доведуваат до непримена на казната лишување од слобода.[247]

Затоа, самиот поим алтернативни кривични санкции е потесен и треба да се однесува исклучиво на оние замени на казната затвор што се предвидени со кривичното законодавство во вид на кривични санкции, а нивната дефиниција, која ги опфаќа сите поврзани елементи, би гласела: *Алтернативна кривична санкција е репресивна мерка предвидена со закон која се применува како замена на казната затвор, со цел сузбивање на криминалитетот, спрема сторителот на противправното дело кое во законот е предвидено како кривично дело, врз основа на судска одлука донесена по спроведување на кривичната постапка, а при чие извршување е неопходно вршење надзор од страна на надлежен орган.*[248]

[246] Ibid.
[247] Тешовиќ Д., О. (2020). Приручник за примену алтернативних санкција. Београд: Форум судија Србије, стр. 3.
[248] Ibid.

Според тоа, гледајќи ја дадената дефиниција, основните обележја на алтернативните кривични санкции се следниве:

1. тие по својата природа се репресивни мерки,
2. мора да бидат предвидени со закон,
3. се применуваат како замена за казните затвор,
4. целта им е сузбивање на криминалитетот,
5. се применуваат спрема сторител на противправно дело во законот предвидено како кривично дело,
6. ги изрекува судот,
7. се изрекуваат во кривична постапка и
8. нивното спроведување мора да биде надгледувано од страна на надлежен орган.[249]

Секое од наведените основни обележја издвојува поединечни карактеристики на алтернативните санкции во контекст на нивната положба во казненото законодавство.

Во литературата што се однесува на алтернативните санкции и мерки се инсистира на терминот „*средни мерки*“ (*intermediate sanctions*) или „*мерки во заедницата*“ (*community sanctions and measures*), наместо „*алтернативни казни*” или „*алтернативни санкции*“, од причина што употребата на зборот „*алтернативи*“ претпоставува дека овие санкции се замена за `вистинските` казни. Се тргнува од претпоставката дека норма на казната е казната затвор, врз основа на која треба да се мерат / степенуваат сите други казни/ санкции. Ова не е точно, ниту историски ниту во сегашната пракса. Повеќето кривични дела, ниту порано, ниту денес не се казнуваат со казна затвор. Казната затвор може да биде норма или императив на казнување според сфаќањата на широката јавност, но не и за оние кои се запознаени со кривично-правниот систем.[250]

[249] Ibid., стр. 4.

[250] Види: Morris, N. and Tonry, M. (1991). Between prison and probation: intermediate punishments in a rational sentencing system. Oxford University Press paperback; Груевска-Дракулевски, А. (2017). Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Македонска ревија за казнено право и криминологија.

Англиската организација *National Association for the Care and Resettlement of Offenders* (NACRO) во 1975 година објавила *извештај*[251] кој се однесувал на проблемите со затворањето, напорите да се побараат алтернативи на затворањето, а биле понудени и предлози за намалување на казнувањето со казна затвор. Оваа организација во своите извештаи инсистира на правилно користење на термините со кои се означуваат санкциите и мерките кои не се од затворска природа. Имено, во нивните извештаи се предлага алтернативните санкции да се означуваат како *казни во рамки на заедницата* (*community based penalties*; *community penalties*).

Во европската литература општо е прифатен терминот *санкции и мерки во заедницата* (*communicty sanctions and measures*). Овој термин се однесува на санкции и мерки кои му овозможуваат на престапникот да остане во општествената заедница, потоа вклучуваат некои ограничувања на неговата слобода со наметнување на услови и/или обврски кои се применуваат од тела определени со закон за таа цел.

Дефиницијата на поимот за алтернативни мерки во европскиот правен круг е мошне широка и вклучува различни санкции и постапки што може да се применат во *која и да е фаза од постапката: алтернативи на казнената постапка, алтернативни на осудата, алтернативи на затворот*.[252]

Поради различните казнени законодавства на државите во светот, не постои усогласен пристап за тоа кои мерки може да се сметаат за алтернативни, наспроти казната затвор. Но, во правната теорија преовладува мислењето дека алтернативни мерки се оние казни што му овозможуваат на осуденото лице, целата осуда или дел од осудата да ја издржува во заедницата, односно надвор од затворските установи.

Под поимот *алтернативни санкции*, некои автори[253] подразбираат различни постапки и мерки со кои се избегнува водењето на кривична постапка и/или казнување на сторителите на прекршоци и лесни кривични дела, или, со цел успешна ресоцијализација на осуденото лице, наместо казна затвор се одредува исполнување на некои обврски, вклучувајќи и социјално-педагошки и лекарски третман или делумно затворање.

[251] National Assoc for the Care and Resettlement of Offenders (NACRO) - Annual Report, 1974-75 - The quest for alternatives to prison. London: National Assoc for the Care and Resettlement of Offenders (NACRO).
[252] Камбовски, В. (2011). Казнено право – општ дел (четврто изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 495.
[253] Konstantinović Vilić, S.; Kostić, M. (2011). Penologija. - Niš: Centar za publikacije Pravnog fakulteta.

Група автори[254] во една студија со наслов: „*Алтернативни кривични санкции (студија за прифатливите модалитети на извршување)*“, наведуваат дефиниција според која под поимот алтернативи на казната затвор се подразбираат исклучиво нови санкции и мерки, воспитно-образование, медицинска или тераписка природа, кои се применуваат во рамките на заедницата со цел да се избегне непотребната стигматизација на осудените лица и за да се подобри процесот на нивна реинтеграција во општеството.

Според друг автор[255] алтернативните санкции претставуваат мерки со кои се отстранува можноста за изрекување на казна затвор со цел избегнување на лошите ефекти на затворот и затворањето, под услов тие мерки да ги изрече суд и судот да процени дека таквите мерки одговараат на природата и тежината на кривичното дело, како и на личноста на сторителот на истото.

Некои автори, пак, наведуваат доста широка дефиниција за алтернативните санкции, и под овој поим ги подведуваат „сите казни со кои осуденото лице не се упатува на издржување на казната во затвор, под претпоставка дека се изрекуваат наместо казната лишување од слобода“.[256]

Под алтернативи на казната затвор се подразбираат казни, мерки и режими на нивно извршување, со кои се овозможува потполно или делумно избегнување на затворот, односно кои го смалуваат времето поминато во затвор, при што осуденикот се подвргнува на третман и надзор на стручни и овластени лица во рамки на заедницата, истовремено водејќи сметка за положбата на оштетениот (жртвата).[257]

Смислата на самите алтернативни мерки е истите да се применуваат секогаш кога не е потребно изрекување на потешка кривична санкција, како што е лишувањето од слобода. Се смета дека со примена на алтернативните мерки ќе се постигнат целите на казнувањето за сторителите на казнени дела од полесен вид.

Алтернативните мерки „се насочени кон избегнување на затворската казна, која би била краткотрајна и контрапродуктивна, во однос на идното законско однесување на сторителот. По својата природа, алтернативните мерки овозможуваат казнување на

[254] Mrvić Petrović, N.; Obradović, M.; Novaković, N. (2005). Alternativne krivične sankcije (studija oprihvatljivim modalitetima izvršenja), str. 35-83 u: *Alternative zatvorskim kaznama*. Beograd: Fond za otvoreno društvo.
[255] Радоман, М. (2003). Пенологија и систем извршења кривичних санкција. Правни факултет, Универзитета у Новом Саду, Нови Сад – Београд, стр. 58.
[256] Žakman-Ban, V.; Mikšaj-Todorović, Lj.; Romić, P. (1994). Mogućnosti probativnog pristupa u okvirima alternativnih sankcija u Republici Hrvatskoj, *Kriminologija i socijalana integracija*, vol. 2, br. 1, str. 77-86.
[257] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: Студентски збор, стр. 47.

слобода, во социјалната средина во која сторителот живее и работи, а нивната содржина создава посебни обврски, ограничувања и забрани.“[258]

Кај алтернативните мерки на казнување станува збор за двострана одговорност, бидејќи едната страна секогаш ја сочинува подготвеноста на сторителот на казненото дело да го поправи своето однесување и да започне да ги почитува востановените правни норми кои постојат во правниот поредок на државата, а од друга страна се наоѓа општествената заедница и нејзината одговорност да ги отстрани факторите и причините што го условиле таквото криминално поведение на лицето кое сторило казнено дело.

Суштината на алтернативните мерки се состои во поправање на сторителот на казненото дело и во отстранување на пречките за негов понатамошен општествено прифатлив и продуктивен начин на однесување во средината во која живее и работи. Воедно, и казнувањето претставува составен и неизоставен дел од овие мерки, бидејќи постои вина кај лицето (неа веќе ја утврдил судот со својата правосилна пресуда) за стореното казнено дело, постои санкција (изразена во правосилната судска пресуда), постојат обврски што му се наметнуваат на лицето, но се разбира дека постојат и соодветни мерки на грижа и помош кои се насочени во правец на помагање на лицето во извршувањето на конкретно утврдените алтернативни мерки.

Оправдана е примената на алтернативните мерки секогаш кога со нивното изрекување може да се постигнат целите на казнувањето, да се обезбеди валиден одговор на противправните дејствија на сторителот, да се отстранат штетните последици од извршеното казнено дело, да се земат предвид интересите на оштетените, како и да се спречи повторно извршување на казнено дело.

Очигледно е дека алтернативните мерки се насочени кон сторителот на казненото дело, бидејќи се верува дека со тоа ќе се зголемат шансите за негово поправање и ресоцијализација, понатаму дека ќе се спречи истиот во иднина да извршува нови казнени дела, како и дека ќе се намали рецидивизмот.

[258] Бужаровска, Г. (2006). Алтернативне мере у македонском казненом праву. Београд: *Правни живот*, бр. 9, стр. 354-361.

3. ТЕРМИНОЛОШКА НЕУСОГЛАСЕНОСТ ВО КАЗНЕНО-ПРАВНАТА НАУКА ВО ВРСКА СО ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Во казнено-правната теорија, како синоними, забележлива е употребата на термините алтернативни санкции и алтернативи на казната затвор. Имено, при објаснувањето на алтернативниот начин на казнување на сторители на казнени дела и примената на алтернативи на казната затвор, во научната литература се употребуваат и термините: алтернативни мерки, алтернативни санкции, алтернативни кривични санкции, вонинституционални мерки, санкции и мерки во заедницата, интермедијални санкции, парапенални мерки и сл.

Употребата на овие термини како синоними, односно т.н. терминолошка неусогласеност, се должи, првенствено, на користењето на различни термини за алтернативите на казната затвор во меѓународните акти од оваа област, како и на преводот на термините застапени во странската (пред сè, англосаксонска) правна литература.

Во оваа насока, неминовно е да се напомене дека во сите релевантни меѓународни документи од оваа област, државите се повикуваат да воведат различни алтернативи на казната затвор во своите национални законодавства, како и да се обидат да ја намалат примената на казната затвор во судската практика, особено изрекувањето на т.н. кратки казни затвор.

Терминот *алтернативи на казната затвор* (*alternatives to imprisonment*) се однесува, пред сè, на пропишување и примена на казнени санкции кои би се изрекувале наместо казната затвор. Овој термин бил користен и на конгреси на Обединетите нации за превенција на криминалот и третманот на сторителите[259], сè до усвојувањето на *Стандардните минимални правила на ОН за вонинституционални мерки* во 1990 година, познати и како „*Правила од Токио*“.[260] Имено, кај Стандардните минимални правила на

[259] Види: Шести конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и третманот на сторителите, кој се одржал во Каракас, Венецуела, во периодот од 25 август до 5 септември 1980 година (The Sixth United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders); Седми конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и третманот на сторителите, кој се одржал во Милано, Италија, во периодот од 26 август до 6 септември 1985 година (Seventh United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders).

[260] Види: United Nations Standard Minimum Rules for Non-custodial Measures (The Tokyo Rules), Adopted by General Assembly resolution 45/110 of 14 December 1990.

ОН за вонинституционални мерки се користи терминот *вонинституционални мерки* (*non-custodial measures*).

Во *Правилата од Токио* не е содржана дефиниција за поимот на вонинституционални мерки, но наведуваат различни видови на кривични санкции и мерки чие пропишување се предлага во националните кривични законодавства и кои можат да се применат во фазата на судење, фазата на изрекување пресуда и во фазата после изрекувањето на казната затвор. Станува збор за алтернативни кривични санкции и други алтернативни мерки со кои може да се избегне можноста за изрекување на казна затвор. Значајно е да се напомене дека во Правилата од Токио се предвидуваат не само кривични санкции, туку и други мерки, поради што било одлучено заеднички да се именуваат како *вонинституционални мерки*.

И во актите на Советот на Европа бил изразен скептицизмот кон казната затвор од казнените политики на европските држави. Па така, во 1992 година, на 482-от Состанок на замениците на министрите, била усвоена *Препорака Р. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата*[261].

Во оваа Препорака на Советот на Европа се користи терминот *санкции и мерки кои се спроведуваат во заедницата* (*community sancions and measures*). Под терминот санкции и мерки кои се спроведуваат во заедницата се подразбираат „санкции и мерки кои не го исклучуваат сторителот од општествената заедница, туку применуваат одредени ограничувања на слободата со наметнување одредени услови или обврски, кои ги спроведува надлежниот орган врз основа на законот“.[262]

Друг значаен документ во кој се користи терминот санкции и мерки кои се спроведуваат во заедницата е *Препораката CM/Rec(2010)1 на Комитетот на министри до државите-членки за Пробациските правила на Советот на Европа*[263] од 2010 година.

Во *Пробациските правила на Советот на Европа*, тие се дефинираат како „санкции и мерки со чија примена сторителите на кривично дело остануваат во заедницата и кои вклучуваат одредени ограничувања на нивната слобода преку определување услови и/или обврски. Поимот се однесува на која било санкција која е

[261] Recommendation Rec(92)16 on the European rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/16804d5ec6
[262] Ibid.
[263] Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/CoE-probation-rules-recommendation.pdf

изречена од надлежен правосуден или управен орган, како и која било мерка применета пред или наместо одлука за кривична санкција, како и извршување на казна затвор надвор од воспитно-поправна установа“.

Имајќи ги предвид користените називи во наведените документи, истото неминовно довело и до користење на бројни термини кои се синоними во литературата од оваа област, а на кои погоре укажавме.

За нив и не се употребува или се избегнува да се употреби терминот алтернативни санкции (казни) за да се нагласат нивните битни карактеристики што тргнуваат од напуштањето на концептот „репресивност“ и „ретрибутивност“. Ова тежнение се доведува во непосредна врска со универзалниот концепт за правата и слободите на човекот и нивната гаранција и тогаш кога на човекот тие му се одземени или ограничени со судска одлука. На тој концепт се надоврзува и правниот статус на осуденото лице за време на издржувањето на казната, почитување на неговата личност и достоинство, забрана за примена било какви средства и методи што носат карактеристики на „тортура“ и понижување на личноста на осуденото лице.[264]

Што се однесува на македонската законодавна легислатива, значајно е да се напомене дека Кривичниот законик[265], Законот за извршување на санкциите[266], како и Законот за пробација[267] го користат поимот *алтернативни мерки*. Со други зборови, во легислативата од оваа област постои усогласеност за користењето на терминот *алтернативни мерки*.

[264] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 288-289.

[265] Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 36/2023, 188/2023).

[266] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 74/2024).

[267] Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226/2015).

4. ВИДОВИ НА АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

За казнените законодавства од особено значење е одредувањето на судските алтернативи, во чии рамки, пак, се разликуваат неколку степени, односно видови алтернативи на затворот.

Прв степен на алтернативите на затворот се имотните казни. Од нив, најстара и најчесто применувана е паричната казна. Слични мерки се компензацијата и репарацијата на штетните последици од стореното казнено дело. Во повеќето казнени законодавства во светот денес најчесто изрекувана мерка од овој вид е конфискацијата на имот (како самостојна казнена санкција).

Втор степен на алтернативите на затворот се санкциите во заедницата. Основната идеја кај овие мерки е третманот на слобода, чијашто содржина во секој конкретен случај ја определува судот. Англиското законодавство познава дури шест мерки и тоа: пробација, куќен затвор, општокорисна работа, комбинирани наредби, собирни центри и обичен надзор. Општокорисната работа, на пример, е широко прифатена во повеќето законодавства во светот.

Трет степен на алтернативите на затворот се различните модалитети на казната затвор. Со нив се избегнува примената на казната затвор или, пак, се ублажува затворскиот режим со тоа што се врши комбинирање на затворот со третман на слобода на осуденото лице. Во овие алтернативни мерки спаѓаат: условната осуда, како и различните модалитети на извршување на казната затвор, односно: полудневен затвор, издржување на затворска казна за време на викенд (т.н. викенд казни), како и условен отпуст.

5. ЦЕЛИ НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорен сторител да не се примени казна за полесни казнени дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само со предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода. Вака определената цел на алтернативните мерки во член 48 од Кривичниот законик јасно ги разграничува алтернативните мерки од казната.

За разлика од казната која е ретрибутивно-превентивна санкција, алтернативните мерки се *превентивни санкции*, кај кои ретрибутивниот елемент е потиснат и ставен во функција на закана со казна што го засилува нивното специјално-превентивно дејство. Со нивната примена за *полесни дела* се избегнува примената на казна, кога не е нужна таа, а истовремено се остварува целта на казнувањето.[268]

Алтернативните мерки имаат за цел да поттикнат чувство на одговорност што го охрабрува сторителот да ја препознае штетата што ја предизвикал со стореното казнено дело. Дополнително, клучната цел на овие мерки е обезбедување на општа сигурност, одвраќање од сторување на казнени дела во иднина, изразување неодобрување за стореното казнено дело, олеснување на рехабилитацијата на сторителите на казнени дела, како и обезбедување реституција на оштетените - жртвите и заедницата за извршеното казнено дело.

Според *Стандардни минимални правила на Обединетите нации за вонинституционални санкции*[269] од 1990 година (познати и како: *Правилата од Токио*) и *Препораката на Советот на Европа за Европските правила за санкции и мерки на заедницата*[270] од 2017 година, главните цели и задачи на алтернативите на затворот се:

- Избегнување непотребна употреба на затворањето (казната затвор);
- Избегнување на негативните ефекти од затворањето (казната затвор), како што е институционализацијата;
- Рационализација на казнено-правните политики;

[268] Камбовски, В. (2011). Казнено право - општ дел (четврто изменето и дополнето издание), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, стр. 496.
[269] Види: United Nations Standard Minimum Rules for Non-custodial Measures (the Tokyo Rules). Достапно на: http://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_Non-custodial_Measures_Tokyo_Rules.pdf
[270] Види: Recommendation CM/Rec (2017) 3 on the European Rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/168070c09b

- Обезбедување на поголема флексибилност во согласност со барањата за социјална правда, природата и тежината на делото, потребите за рехабилитација на сторителот и заштитата на општеството;
- Поттикнување и овозможување промени во животот на луѓето;
- Обезбедување на поголема вклученост на заедницата во управувањето со казнената правда;
- Развивање чувство на одговорност кон заедницата;
- Избегнување институционализација преку промовирање на предвремено ослободување и реинтеграција во општеството;
- Подобрување на изгледите за социјална инклузија;
- Намалување на рецидивизмот;
- Намалување на трошоците.

Во овие значајни меѓународни документи најдобро се претставени главните цели и задачи на алтернативните санкции и мерки.[271]

[271] Содржината и целите на овие меѓународни документи детално се образложени во Глава VII „Алтернативните санкции и мерки во меѓународните документи“ од овој труд.

6. ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ОПРАВДАНОСТА И ЦЕЛИТЕ НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

За да се објасни оправданоста и целта на алтернативните кривични санкции, неопходно е најпрво да се тргне од самото прашање за оправданоста и целта на кривичните санкции воопшто, а посебно на казната. Во кривично-правната теорија, многу филозофи се занимавале со прашањето за оправданост на казната, но со текот на времето се искристализирале две најважни групи на теории: утилитаристички и ретрибутивистички. Првата група на теории ја гледаат оправданоста на казната во нејзината неопходност и корисната функција што таа ја врши за општеството (сузбивање на криминалитетот), додека другите, пак, тргнуваат, пред сè, од моралната одговорност и оправданоста на казната ја гледаат во ретрибуцијата, која поаѓа од идејата за пропорционалност и праведност.[272]

Значи, утилитаристичките теории настојуваат казната да ја објаснат како корисна и неопходна со цел спречување на натамошно извршување на кривични дела, првенствено преку третман и ресоцијализација на сторителите, додека ретрибутивистичките теории ја објаснуваат казната како зло кое е насочено на тоа да го погоди престапникот сразмерно на мерата во која неговиот престап ги погодил другите.[273]

Меѓутоа, покрај претходно наведените спротивставени теории кои на различни начини ја оправдуваат примената на казната, постојат и теоретичари кои заземаат негативен став кон казнувањето и воопшто кон кривично-правината заштита. Во прашање се аболиционистичките теории кои се залагаат за укинување на кривичното право воопшто, истакнувајќи ја неефективноста на казната и гледајќи го кривичното право како општествено зло само по себе.[274]

Аболиционизмот е едно широко движење во современата филозофија на кривичното право што во прв план ги истакнува аспектите на несоодветноста на казнените одговори на криминалот и кој шпекулира, според сопственото признание, за можните перспективи кои отвораат алтернативи за казната: таканаречената

[272] Stojanović, Z. (2014). Krivično pravo - opšti deo (21. Izdanje). Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, str. 292.
[273] Фатић, А. (1995). Казна као метафора. Београд: НИУ „Службени лист СРЈ“, стр. 13.
[274] Stojanović, Z. (2014). Krivično pravo - opšti deo (21. Izdanje). Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, str. 72.

„конфронтација со жртвата“ со цел „посрамотување“ на престапникот, разни методи кои спаѓаат во стратегијата на „разрешување конфликти“ и многу други методи.[275]

Затоа, се настојува да се најде решение преку компензација или преку едноставно „простување“ на сторителот на кривичното дело, што според аболиционистите е доволно за да се влијае на сторителот во иднина да не ги повторува противправните дејствија, додека тие остро се спротивставуваат на казнување од страна на општеството како целина кон сторителот, истакнувајќи дека не постои некое посебно право на човечката заедница да ги казнува престапниците за сторените дела.[276]

Она што е очигледен заклучок заснован на емпириски резултати, како во однос на аболиционистичките теории, така и во однос на теориите кои ја оправдуваат казната, утилитаристички и ретрибутивистички, е дека ниту едните, ниту другите не можат самостојно да придонесат за општествената контрола на криминалитетот.[277]

На патот на промовирањето на алтернативите на казната затвор како доминантни во казнувањето на криминалците стојат неколку пречки. Пред сè, многу е тешко да се убеди јавноста, а и медиумите во корисноста и ефикасноста на овие санкции во борбата против криминалитетот и во предностите што ги имаат пред казната затвор. Сè уште на овие санкции не се гледа како на казна и секогаш кога ќе се постави прашањето за казнување на сторител на казнено дело, некако по *default* се подразбира дека на лицето треба да му се изрече казна затвор. Бидејќи во спротивно товарот на перцепцијата на јавноста за условно лесниот третман спрема криминалците во државата паѓа на органите на казнениот прогон да објаснуваат дека независно од името, алтернативи на казната затвор, сепак станува збор за казна спрема престапникот која ќе ја оствари зацртаната цел на казнувањето, од една страна, остварување на правдата, а од друга страна, специјална и генерална превенција на истите.[278]

Понатаму, следен проблем или негативност на овие санкции е прашањето за неправедно и неконзистентно казнување. Доволно е да се направи анализа на затворската популација да се заклучи дека казната затвор е пред сè резервирана за лицата кои се на маргините на општеството, а притоа честото изрекување на казната затвор на оваа група престапници нема врска со сериозноста на стореното казнено дело. Тоа, од причина што алтернативите на казната затвор се повеќе резервирани за оние

[275] Фатић, А. (1995). Казна као метафора. Београд: НИУ „Службени лист СРЈ“, стр. 87.
[276] Stojanovic, Z. (2009). Opravdanost i dometi alternativnih krivičnih sankcija i alternativnih formi postupanja, u: *Revija za kriminologiju i krivično pravo*. Beograd: Srpsko udruženje za krivičnopravnu teoriju i praksu i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja u Beogradu, str. 10.
[277] Види: Фатић, А. (1995). Казна као метафора. Београд: НИУ „Службени лист СРЈ“, стр. 91.

кои се условно речено во социјална предност, т.е. оние кои имаат средства да ја платат, на пр. паричната казна, оние кои се, на пример, вработени, со средени семејни односи и сл., па за овие лице се смета дека алтернативните санкции ќе имаат ефект, т.е. целта на казнувањето ќе се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода. Па така, на оваа група лица, често пати може да им биде изречена судска опомена, условна осуда и сл., или казна забрана на вршење професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило и сл., а многу ретко казна затвор.[279]

Третиот проблем или негативност на алтернативите на казната затвор е прашањето на т.н. „*net-widening*“ или проширување на социјалната контрола, прашање кое за прв пат се поставува во литературата во 1960-те години во рамки на развојот на теоријата на етикетирање. Според овој концепт со широката примена на овие санкции „сè повеќе луѓе се вовлекуваат во мрежата на кривично-правниот систем, а тоа може да имплицира зголемување на можноста тие евентуално да завршат во затвор“[280].

Иако некои можеби на проширувањето на социјалната контрола гледаат едноставно како соодветно зголемување на сериозноста на казната за прекршителите, ова го игнорира основното образложение за интермедијалните санкции и претставува проблем поради неколку причини. Најпрво, проширувањето на социјалната контрола ги зголемува трошоците наместо да ги намалува со ставање на прекршителите кои би добиле поевтина санкција (обично, колку е поблиску надзорот, толку се поголеми трошоците) на поскапа форма на надзор без слично пренасочување на прекршителите кои се затворени во затвор. Второ, бидејќи програмите за поблизок надзор генерално имаат повисоки стапки на отповикување за технички прекршувања[281], процентот од прекршителите кои можеби успеале според помалку рестриктивна програма најверојатно ќе завршат во затвор поради прекршување на построгите правила на интермедијалните санкции. Ова би можело да ги зголеми оперативните трошоци наместо да ги намали. Трета голема грижа е големото прашање за социјална контрола.

---

[278] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 300.
[279] Ibid., стр. 300-301.
[280] Worall, Anne, цит. Во: McLaughlin, E., Muncie, J. (2003). The Sage Dictionary of Criminology. London: Sage Publications. pg. 45. Види и: Kantorowicz-Reznichenko, E. (2013). The 'Net-Widening' Problem and its Solutions: The Road to a Cheaper Sanctioning System, pp. 1-54.
[281] Види кај: Petersilia, J.; Turner, S. (1993). Evaluating Intensive Supervision Probation/Parole: Results of a Nationwide Experiment. Washington, D.C. : U.S. Department of Justice, Office of Justice Programs, National Institute of Justice, pp. 1-11.

Со користење на нови санкции за наметнување построги казни за прекршителите наместо пренасочување на оние на кои не им е потребна затворска казна, системот на казнена правда дополнително ја проширува својата наметливост и контрола врз животите на членовите на заедницата.[282]

Понатаму, следна забелешка на алтернативите на казната затвор, а која е најизразена кај електронскиот надзор во домот на престапникот е проширување на ограничување на слободата надвор од затворските ѕидини во заедницата. Проблем кој *Cohen*[283] (1985 цит. во Worall, Anne, во McLaughlin and Muncie: 2003) го развива како концепт на „проширување на дисциплината“ („*dispersal of discipline*“).[284]

Четвртиот проблем на алтернативите на казната затвор е проблемот на нивно извршување поради фактот што тие секогаш функционираат ’во сенка’ на казната затвор. Имено, ако лицето не ја плати паричната казна или ги прекрши условите на условната осуда или не ја извршува општокорисната работа или ако ја прекрши забраната за напуштање на домот кај куќниот затвор и сл., судот има право веднаш да го испрати лицето во затвор.[285]

Да заклучиме, независно од негативностите кои им се упатуваат на алтернативите на казната затвор, сепак превагнуваат предностите за нивна имплементација и широката примена на истите треба да биде императив за органите на казнениот прогон што ќе придонесе за надминување на проблемите на казната затвор како, затворска пренатрупаност, ширење криминална зараза, одбегнување на стигмата на поранешен затвореник и сл., а сето тоа во насока на намалување на стапката на рецидивизам и на стапката на криминалитет воопшто.[286]

Но, она што мора да се направи е да се убеди стручната и поширокатa јавност во овие аргументи и во фактот дека овие санкции всушност се казна и дека со нив сторителите на казнени дела доживуваат ограничување на нивната слободата. Така, условната осуда, условната осуда со заштитен надзор, условното прекинување на

[282] Види кај: Cohen, S. (1985). Visions of Social Control. Cambridge: Polity Press; von Hirsch, Andrew. (1990). The Ethics of Community-Based Sanctions. *Crime & Delinquency*, Volume 36, Issue 1, pp. 162-173.
[283] Cohen, S. (1985). Visions of Social Control. Cambridge: Polity Press.
[284] Наведено според: Груевска-Дракулевски, А. (2017). Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија. Види подетално: Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 301.
[285] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 301.
[286] Груевска-Дракулевски, А. (2017). Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, во: *Македонска ревија за казнено*

кривичната постапка, општокорисната работа, судската опомена и куќниот затвор од репертоарот на неодамна воведените алтернативни санкции и мерки и паричната казна, забраната на вршење професија, дејност или должност, забраната на управување со моторно возило и протерувањето странец од земјата, од репертоарот казни, ќе најдат соодветна примена во казнената политика и успешно ќе ја остваруваат целта на остварување на правдата и генерална и специјална превенција, а казната затвор ќе се применува само во исклучителни случаи, тогаш кога нејзината примена е неизбежна, спрема сторители на тешки казнени дела, а кога тоа е од интерес на заштита на заедницата од овие лица.[287]

ūправо и криминолоѓија, год. 24, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[287] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 302.

7. ПРЕДНОСТИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Неспорно е дека при модернизирањето и реформирањето на казненото право во повеќе држави во светот, ретрибутивниот елемент е ставен во втор план за сметка на примената на алтернативните санкции и мерки што обезбедуваат рамнотежа помеѓу правата на сторителот на кривичното дело, правата на жртвата од кривичното дело и интересите на општествената заедница. Истовремено, придобивките од примената на алтернативните санкции и мерки се огледуваат во зголемената хуманост и економичност при нивното извршување, со перспектива за позитивното влијание на рехабилитацијата и социјална адаптација на осудените лица.[288]

7.1. НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАТВОРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА

Кога станува збор за позитивните страни на алтернативните санкции првенствено треба да се спомене ***намалувањето на затворската популација*** и тоа *особено во случаите кога се изречени краткотрајни казни затвор*. Имено, веќе долго време во научната литература се укажува на постоење на негативни ефекти првенствено од краткотрајните затворски казни и тоа во вид на нивна неефикасност на планот на ресоцијализација на сторителот и високата стапка на рецидивизам, како и на штетните последици по личноста на осуденото лице поради изолацијата од заедницата и од контакт со другите осудени лица во затворската установа.

Пренатрупаноста во казнено-поправните установи е еден од хроничните проблеми на современото време и е директна последица на репресивната криминална политика и проширувањето на казнено-правната реакција. Преполните затворски капацитети може да доведат до нехумани услови, зголемено насилство и тешкотии во ефикасното управување на менаџментот и персоналот во затворите со затворениците. Македонија, како и многу земји, се соочува со проблемот на пренатрупаност на затворите. Во теоријата честопати се истакнува и дека казната затвор е најскапа казнена санкција, со присутна стигматизација на осуденото лице, а многу често се истакнуваат и лошите услови во затворските установи, пред сè, поради пренатрупаноста во нив.

[288] Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Токму поради тоа се зголемуваат напорите, како во правната теорија, така и во законодавните реформи, да се изнајде соодветна замена за краткотрајните казни затвор, па решението најчесто се бара во алтернативните санкции. Соодветната примена на алтернативните санкции може да го ублажи притисокот врз затворскиот систем во државата, без притоа да се загрози јавната безбедност.[289]

Во повеќето јурисдикции во светот концептот на краткотрајните казни затвор не се споменува експлицитно во законските акти, туку самиот термин претставува колоквијален назив за затворски казни со одредено времетраење. Најчесто се наведува дека се работи за затворски казни во траење до 3 месеци, 6 месеци или една година, иако има случаи како, на пример, во Шкотска, каде со закон (*Prisoners and Criminal Proceedings Act*, 1993) е утврдено дека краткотрајна затворска казна претставува затворска казна во траење до 4 години.[290]

Кога станува збор за појмовно определување на кратките казни затвор, во правната теорија, ставовите на различни регионални автори не се разликуваат во голема мера. Па така, во Македонија, за краткотрајни казни затвор се сметаат оние до шест месеци, а кои се изрекуваат на сторители кои првпат сториле кривично дело.[291]

Според *Лазаревиќ*[292], најчесто, под кратки казни се подразбираат временски казни до шест месеци. Според *Хорваѓиќ, Деренчиновиќ и Цвиѓановиќ*[293], како краткотрајни казни затвор се сметаат сите оние кои се во траење помеѓу три и шест месеци. На сличен став се и *Новоселац и Бојаниќ*[294] и *Млинариќ*[295], кои, исто така, наведуваат дека тоа се казни затвор со пократко времетраење, односно во траење до шест месеци.

---

[289] Подетално за ова види кај: Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено ѓраво и криминолоѓија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[290] Види: Васиљевић – Продановић, Д. (2012). Алтернативе краткотрајним казнама затвора (докторска дисертација). Београд: Универзитет у Београду, Факултет за специјалну едукацију и рехабилитацију – Београд, стр. 36.

[291] Види: Mujoska, E. (2014). Helping or hurting: Short-term imprisonment in macedonian system of criminal sanctions, in: *Iustinianus Primus Law Review*, 5 (1), pp. 1-14.

[292] Види: Lazarević, D. (1974). Kratkotrajne kazne zavora. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, str. 20.

[293] Види: Horvatić, Ž.; Derenčinović, D. & Cvitanović, L. (2017). Kazneno pravo - opći dio II. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, str. 213-214.

[294] Novoselec, P.; Bojanić, I. (2013). Opći dio kaznenog prava (četvrto, izmijenjeno izdanje). Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, str. 389.

[295] Mlinarić, R. (1996). Tijek i uspješnost tretmana osoba osuđenih na kratke kazne zatvora (magistarski rad). Zagreb: Fakultet za defektologiju, Sveučilište u Zagrebu, str. 13.

Кога станува збор за појмовно определување на кратките казни затвор во Словенија, некои автори наведуваат дека тоа се казни до три месеци, повеќето автори сметаат дека тоа се казни до шест месеци, а малкумина дури наведуваат дека под поимот кратки казни се сметаат оние до една година.[296]

Во Австрија краткотрајна казна затвор е онаа до една година, иако претходно била до шест месеци.[297]

Во германскиот Кривичен законик (*Strafgesetzbuch – StGB*)[298], во § 47 краткотрајна казна затвор е онаа до шест месеци, но таа може да се изрече само во исклучителни случаи. Краткорочна затворска казна судот може да изрече само ако посебните околности на делото или личноста на сторителот покажуваат дека тоа е неопходно за да се влијае врз сторителот.

Резолуцијата на Советот на Европа (73) 17 од 13 април 1973 година, како кратки казни затвор ги смета оние до шест месеци.

Од компаративниот преглед на наведените законодавства, евидентно е дека не постои единствен став во однос на појмовното определување на кратките казни затвор, односно можеме да заклучиме дека од предвидеността во националните казнени законодавства зависи што ќе се смета за кратка казна затвор во одредена држава.

Краткотрајните казни затвор често се изрекуваат на европско ниво и затоа алтернативните санкции се адекватно решение за да се избегне казната затвор за полесни казнени дела, а со цел да се намали затворската популација и да се спречат други негативни последици што може да ги предизвикаат пренатрупаноста на затворите и краткотрајните казни затвор.

Она што треба да го нагласиме во овој дел е дека кратките казни затвор често се предмет на критика и се добива впечаток дека нема оправдана потреба од нив, туку треба што почесто да се заменуваат со алтернативни санкции. Најчеста критика на кратките казни затвор е дека истите не ги постигнуваат посакуваните цели на казнувањето, а не овозможуваат ниту рехабилитација на сторителите на кривичното дело. Во оваа насока би напоменале дека од исклучителна важност е казната да не ја изгуби карактеристиката на социјална осуда, а со тоа и способноста за дејствување во

[296] Види: Brinc, F. (1989). Izvrševanje kratkotrajnih kazni zapora v SR Sloveniji. *Revija za kriminalistiko in kriminologijo*, št. 2, str. 24-35. Ljubljana: Inštitut za kriminologijo pri Pravni fakulteti v Ljubljani.
[297] Наведено според: Janković, R. (2020). Kratkotrajna kazna zatvora u Krivičnom zakoniku Republike Srpske, *Godišnjak Fakulteta pravnih nauka*, br. 10, str. 210-231.
[298] German Criminal Code (Strafgesetzbuch – StGB). Criminal Code in the version published on 13 November 1998 (Federal Law Gazette I, p. 3322), as last amended by Article 2 of the Act of 22 November 2021 (Federal Law Gazette I, p. 4906).

смисла на генерална и специјална превенција, односно јавноста да не ја доживее како несоодветна општествена реакција за сторено казнено дело.

Според податоците од онлајн дата базата *World Prison Brief*[299], на лондонскиот *Институт за истражување на криминал и политика за правда*, стапката на затворска популација (на 100.000 од националното население), врз основа на проценетата национална популација од 1,83 милиони на почетокот на јануари 2023 година (според Евростат), во Македонија изнесувала 138 затвореници на 100.000 жители. Во овој дел мораме да истакнеме дека официјалниот капацитет на затворскиот систем во нашата држава е 2.573 места[300].

Во овој дел ќе го прикажеме трендот на затворска популација по години, вкупната затворска популација и стапката на затворска популација во Македонија во периодот од 2000 до 2020 година.[301]

Табела 3. Тренд на затворска популација во Македонија (во периодот од 2000 до 2020 година)

Година	Вкупна затворска популација	Стапка на затворска популација
2000	1.178	59
2002	1.336	66
2004	1.618	80
2006	2.026	99
2008	2.235	109
2010	2.516	122
2012	2.543	123
2014	3.116	151
2016	3.346	162
2018	3.029	146
2020	2.114	102

Извор: World Prison Brief data / North Macedonia

[299] Наведено според: World Prison Brief data / North Macedonia. Достапно на: https://www.prisonstudies.org/country/north-macedonia. Посетено на 19.01.2024 година.
[300] Ibid.
[301] Ibid.

Од податоците можеме да заклучиме дека во временскиот период од 2000 до 2020 година трендот на затворската популација во Македонија бележи зголемување, со исклучок на 2020 во споредба со 2018 година. Имајќи ги предвид наведените статистички податоци, можеме да констатираме дека ***во нашата држава мора сериозно, посветено и студиозно да се работи на намалување на затворската популација***.

Според податоците на Државниот завод за статистика[302], можеме да констатираме дека во временскиот период од 2017 до 2021 година, судовите во Македонија изрекле вкупно 5.772 казни затвор кон полнолетни сторители на кривични дела, од кои 1.805 биле казни затвор до 6 (шест) месеци. Ова значи дека во анализираниот петгодишен временски период *повеќе од 31% од вкупно изречените затворски казни во нашата држава биле краткотрајни казни затвор до 6 (шест) месеци*.

7.2. НАМАЛУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ ТРОШОЦИ

Дополнително, друг придружен позитивен аспект на спроведувањето на алтернативните санкции, освен намалувањето на затворската популација, е ***намалувањето на буџетските трошоци***. Имено, бидејќи затворите се институции каде што се водат и администрираат сите аспекти на животот на осудените лица, тие мора да обезбедат сè што се смета за неопходно за оние кои се затворени таму. Најголемиот дел од ентузијазмот за примената на алтернативните санкции во денешно време доаѓа од нивната претпоставена исплатливост. Со примената на алтернативните санкции се заштедуваат пари, со оглед на тоа што извршувањето на овие вонинституционални санкции е значително поевтино од извршувањето на казната затвор. Во услови на постојан раст на затворската популација во светот, вклучително и кај нас, неминовно произлегува и потребата за издвојување на повеќе финансиски средства од државниот буџет, па решението кое се бара во алтернативните санкции, чии трошоци за извршување се значително помали, се покажува како рационално и неопходно.[303]

На европско ниво, казната затвор чинела повеќе од 20 милијарди евра во 2017 година. Поточно, 42 земји кои дале податоци посочиле дека буџетот што го потрошиле нивните затворски управи во 2017 година изнесувал 20.218.965.114 евра. Четириесет

[302] Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци / Судство. Достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef.

[303] Види: Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

затворски администрации ја обезбедиле, исто така, и дневната сума потрошена за затворање на еден затвореник. На европско ниво, секој затвореник чинел 67 евра дневно. Оваа сума не ги зема предвид разликите во трошоците за живот и другите економски показатели меѓу земјите (на пример: БДП, куповна моќ, стапка на сиромаштија, евронационален девизен курс).[304]

Популацијата на затвореници во Обединетото Кралство била околу 89.520 во 2022 година. Во 2021/2022 година, просечната цена на затворско место во Англија и Велс била 46.696 британски фунти годишно, во споредба со 48.162 британски фунти во претходната година. Во 2015/2016 година, просечната цена на затворско место била околу 35.182 фунти годишно. Од 2015/2016 година, годишните трошоци за едно затворско место во Англија и Велс се зголемени за околу 11.500 британски фунти.[305]

Во Соединетите Американски Држави, пак, во 2020 година имало повеќе од 1,2 милиони луѓе во затвор. Во 2020 година, стапката на затворање изнесувала 358 на 100.000 жители, што е најниска од 1992 година. Трошоците по затвореник во голема мера варира во државите, од околу 18.000 долари по затвореник во Мисисипи до 135.978 долари по затвореник во Вајоминг во 2020 година. Државите трошеле просечно 45.771 долари по затвореник годишно.[306]

Во оваа насока мораме да истакнеме дека *вкупниот буџет потрошен од затворската управа на Македонија во 2014 година изнесувал 11.158.000 евра*.[307]

Македонските медиуми[308] во 2021 година објавија податоци дека секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра. Имено, според податоците од Управата за извршување на санкции вкупната сума што се издвојува за сите казнено-поправни установи и воспитно-поправниот дом Тетово во земјава изнесува 1.119.634.000 денари или 18,2 милиони евра. Од нив, половина се наменети за

[304] Види: Marcelo F. Aebi and Mélanie M. Tiago. (2018). Prisons and Prisoners in Europe 2018: Key Findings of the SPACE I report. Council of Europe, Strasbourg, pg. 9. Достапно на: https://wp.unil.ch/space/files/2020/02/Key-Findings-2018_190615.pdf

[305] Наведено според: Clark, D. (2023, Aug 7). Government spending on prisons in the UK 2009-2023. Достапно на: https://www.statista.com/statistics/298654/united-kingdom-uk-public-sector-expenditure-prisons/#statisticContainer

[306] Подетално види кај: Ann, Carson. (2021). Prisoners in 2020 – Statistical Tables. Достапно на: https://bjs.ojp.gov/library/publications/prisoners-2020-statistical-tables

[307] Наведено според: Aebi F. M., Berger-Kolopp L., Burkhardt C., Tiago M. M. (2019). Prisons in Europe 2005-2015 – Volume 1: Country profiles. Council of Europe, Strasbourg, pg. 237. Достапно на: https://rm.coe.int/prisons-in-europe-2005-2015-volume-1/1680990199

[308] Види: Слободен печат / slobodenpecat.mk (2021). Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra-godishno/ ; Либертас / libertas.mk (2021). Достапно на: https://libertas.mk/seko-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-a-chini-9-500-evra/ ; ТВ21 / tv21.tv (2021). Достапно на: https://mk.tv21.tv/godishno-sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-588-iljadi-denari/ ; Ипортал.мк /

затворска полиција и затворските службеници 555.675.000 денари, а околу 18 проценти или 199.500.000 денари за подобрување на условите во затворите. Во 2020 година во затворите низ земјава имало вкупно 1.901 затвореник или пополнети биле 89 проценти од вкупниот капацитет на затворите, кој што, според податоците од Управата за извршување на санкции е 2.113 лица – со тоа што за секое лице просечно да има најмалку 4 метри квадратни или девет метри кубни простор. Според тоа, ***државата годишно секој затвореник во просек ја чини 588.000 денари или 9.500 евра***.

Меѓутоа, *не треба да се мисли дека примената на алтернативните санкции во потполност е евтина и дека за нивна реализација се потребни само минимални државни издатоци.* Во таа смисла, треба да се разликуваат различни алтернативни санкции, па затоа треба да се каже дека таквата констатација е несомнена кога станува збор за одредени обврски од парична природа. Од друга страна, *извршувањето на пробацијата, а особено електронскиот надзор е скапо, бидејќи бара вклучување на голем број соодветно едуцирани кадри, т.е. постоење на професионална организација за надзор, како и користење на не толку евтини електронски уреди и услуги на стручни лица со цел инсталирање и одржување на таквата опрема*.

Овде, исто така, треба да се истакне дека, иако извршувањето на општокорисната работа се состои од бесплатна работа во корист на заедницата, неопходно е сепак државата да ги сноси трошоците за осигурување на осуденото лице во случај на несреќа на работа, па во оваа смисла неопходни се и трошоци, како и трошоци за вршење надзор над нејзината реализација. Имено, согласно член 21 став 2 од Законот за пробација[309], осуденото лице за време на извршувањето на општокорисната работа од страна на Управата се осигурува во случај на повреда при работа.

Во овој дел од трудот треба да нагласиме дека *во зависност од видот на алтернативните санкции, нивното извршување во никој случај не е евтино, туку бара одредени, понекогаш значителни финансиски средства од државата, но повторно, во споредба со извршувањето на казната затвор, тие трошоци се значително помали*.

---

iportal.mk (2021). Достапно на: https://iportal.mk/makedonija/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra/

[309] Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).

7.3. МОЖНОСТ ЗА ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈА НА КАЗНЕНАТА САНКЦИЈА

Како една од позитивните страни на алтернативните кривични санкции, неопходно е да се истакне и поголемата ***можноста за индивидуализација на санкцијата*** и нејзино подобро прилагодување кон сторителот на кривичното дело и околностите под кои е извршено делото, во споредба со традиционалната казна затвор. Алтернативните санкции по квалитет се значително пофлексибилни во однос на примената и првенствено имаат за цел рехабилитација на сторителот и негова интеграција во општеството. Токму поради тоа, при изборот на видот и мерката на кривичната санкција со која се заменува казната затвор, како и во комбинација со некоја друга алтернатива со која би се постигнал најдобар ефект во конкретниот случај, неопходно е судот да дознае подетални информации за обвинетиот и неговата семејна и социјална состојба, при што особено би помогнале извештаите од центрите за социјална работа, како и извештаите што пробациските службеници ги изготвуваат по барање на обвинителството или судот, а сè со цел полесно да се процени која санкција би била најмногу ефективна во конкретниот случај.[310]

Во казненото право, индивидуализација на казната значи дека на сторителот на казненото дело ќе му се изрече онаа казна со која, по оцена на судот, најдобро ќе се оствари целта на примената на казнената санкција. Да се индивидуализира казната значи да се конкретизира казната која е утврдена и пропишана во закон, чиј основ е апстрактна општествена опасност на пропишаното казнено дело, спрема конкретна општествена опасност од извршеното казнено дело. Од тесната поврзаност на индивидуализацијата на казната со остварувањето на целта на казнувањето, произлегува дека се работи за едно од значајните начела на политиката за сузбивање на криминалитетот. Мораме да напоменеме дека и научните сознанија и резултатите од практиката укажуваат дека основната цел на казнувањето подобро се остварува ако е изречена казна која е прилагодена на личноста на сторителот и тежината на извршеното казнено дело, односно на степенот на казнена одговорност.[311]

---

[310] Види: Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[311] Јованов, И. (2023). Индивидуализација на казната затвор и проучување на личноста на деликвентот во функција на негова правилна ресоцијализација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, бр. 1-2, год. 30, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Индивидуализација на казната е избор на казна сразмерна на сторителот на казненото дело, а се остварува низ процес на одмерување на казната. Овој принцип е основа за одмерување на казната, која подразбира запознавање на личноста на сторителот на казненото дело, а своја примена наоѓа во одмерување на казната во рамките на казната пропишана за конкретно казнено дело. Всушност, оваа постапка претставува судско одмерување на казната, односно конкретизација на пропишаната (запретената) казна, избор и изрекување казна што одговара на стореното казнено дело и на неговиот извршител, односно казна базирана врз вина, а која се одвива на релација: казна пропишана со закон – конкретно извршено казнено дело – личноста на сторителот на казненото дело.

Денес, индивидуализацијата на казната е прифатена во најголемиот број законодавства во светот како еден од основните принципи на политиката за сузбивање на криминалитетот. Во оваа насока, треба да истакнеме дека алтернативното пропишување на повеќе казни за одредено казнено дело, му овозможува на судот да ја примени индивидуализацијата при донесувањето на својата одлука. За индивидуализирање на законски пропишаните казни спрема конкретен сторител на казнено дело од особено значење се овластувањата на судот во поглед на примената на олеснителните и отежнителните околности, потоа законските можности за ублажување на казната или нејзино заострување, начинот на кој е регулирано одмерувањето на казната за казнените дела извршени во стек итн.[312]

Спротивно на тоа, пак, несразмерното изрекување на строги затворски казни би можело да доведе до антипатија кон институциите на системот. Воедно, изрекувањето на непропорционално строги затворски казни би означувало загрозување на човековите слободи и права, но и неспособност на надлежните институции со посоодветни мерки и санкции да ги заштитат општите добра. Токму поради тоа, да се индивидуализира казната значи да се најде соодветна рамнотежа помеѓу тежината на стореното казнено дело и индивидуалната личност на сторителот, а воедно и да се пронајде најсоодветната санкција која би била пропорционална на извршеното казнено дело.[313]

[312] Ibid.
[313] Ibid.

7.4. ПОХУМАН И ПОМАЛКУ РЕПРЕСИВЕН ОДНОС КОН ОСУДЕНОТО ЛИЦЕ

Она што, исто така, претставува предност на алтернативните санкции во однос на казната лишување од слобода е ***похуман, помалку репресивен однос кон осуденото лице***. Меѓутоа, тоа не значи дека алтернативните санкции во суштина не се репресивни мерки, туку степенот на казнување и одмазда кон сторителот на кривичното дело е значително помал отколку кај казната лишување од слобода која значи изолација и лишување од слобода на осуденото лице. Имено, во пенолошката теорија општо прифатено е сфаќањето дека лишувањето од слобода предизвикува длабоки психолошки последици за осудените лица, првенствено за оние кои се осудени на подолги затворски казни.[314]

Клучно е да се осигура дека системот на казнена правда е усогласен со меѓународните стандарди за човекови права. Така, на пример, *Правилата од Токио* ја поттикнуваат употребата на незатворски мерки во различни фази од процесот на казнената постапка за да се промовира рехабилитацијата и реинтеграцијата на престапниците, притоа почитувајќи ги нивните човекови права. Исто така, условната осуда и санкциите во заедницата обезбедуваат усогласеност со меѓународните стандарди за човекови права.

Казната затвор како таква подразбира таков однос кон осуденото лице што во значителна мера му предизвикува одредени страдања, па затоа и ретрибутивната компонента кај оваа санкција е значително поизразена. Од друга страна, алтернативните казнени санкции во помала мера имаат за цел репресија, но првенствено имаат за цел да му помогнат на сторителот за полесно да се интегрира во општеството по извршувањето на таа санкција. Токму поради тоа, кај овие санкции акцентот е ставен на третман и рехабилитација, а не на одмазда.

Кога станува збор за негативните последици по психичката состојба на осуденото лице кои настануваат како резултат на престој во установа за издржување на затворска казна каде што сторителот е изолиран од општеството, со примена на алтернативните санкции, тие негативни последици дефинитивно отсуствуваат.

---

[314] Врз основа на истражување кое било спроведено во Соединетите Американски Држави во средината на минатиот век, во затвор во Њу Џерси, било утврдено дека постојат пет основни облици на депривација со која се соочуваат осудените лица во затворите. Тоа се: депривација од слобода, депривација од материјални добра и услуги, депривација од хетеросексуални односи, депривација од автономија и депривација од сигурност. Види подетално кај: Sykes, G. (2009). Muke zatvorenika, во: *Teorije u kriminologiji*, Ignjatović, Đ. (ur.). Beograd: Pravni fakultet, Univerzitet u Beogradu, стр. 520-527.

Примената на алтернативните санкции е значително похумана од казната лишување од слобода, бидејќи не доведува до изолација на осуденото лице и губење на семејните и социјалните контакти, ниту пак до губење на работното место, туку напротив, тие обезбедуваат семејна поддршка, а во некои случаи може да доведат и до вработување или обука за одредена професија. Значаен елемент на алтернативните санкции е подготвеноста на осуденото лице да соработува, па доколку постои таква волја кај сторителот на кривичното дело, значително се поголеми шансите за успешност на нивното извршување и за целосен ефект, особено на планот на специјалната превенција.[315]

7.5. Учество на општествената заедница при извршувањето на алтернативните мерки

Како една од значајните позитивни карактеристики на примената на алтернативните санкции е ***поширокото учество на општествената заедница при нивното извршување***. Имено, за разлика од казната лишување од слобода, кое се реализира во затворена, изолирана установа, во извршувањето на повеќето алтернативни кривични санкции, активно учествуваат не само осудените и службата која е надлежна за спроведување надзор над извршувањето на санкцијата, туку и различни делови од општеството, како што се невладини организации, добротворни здруженија и волонтери чија улога е да помогнат во надзорот над извршувањето на алтернативните санкции. Ангажирањето на граѓаните во надзорот на извршувањето се смета за важна предност на алтернативните санкции, со што се обезбедува поголем успех во нивната реализација, а на тој начин и постапката за извршување во поголема мера се прилагодува на особеностите на конкретниот случај, личните својства на обвинетиот и неговата семејна состојба, со што се надополнуваат позитивните дејствија за подобра индивидуализација на санкцијата.[316]

[315] Види кај: Stojanovic, Z. (2009). Opravdanost i dometi alternativnih krivičnih sankcija i alternativnih formi postupanja, u: *Revija za kriminologiju i krivično pravo*, str. 3-19. Beograd: Srpsko udruženje za krivičnopravnu teoriju i praksu i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja u Beogradu.

[316] Види и: Mrvić-Petrović, N. (2010). Alternativne krivične sankcije i postupci. Beograd: Medija centar Odbrana, str. 155. Исто и: Joutsen, M.; Bishop, N. (1994). Noncustodial Sanctions in Europe: Regional Overview, in: *Alternatives to Imprisonment in Comparative Perspective,* Zvekic, Ugljesa. (ed.). Chicago, Illinois: Nelson-Hall, pg. 281.

Она што е важно кај алтернативните кривични санкции е граѓанството активно да учествува во програмите за помош и поддршка кон осуденото лице, преку различни форми на делување на граѓанските здруженија и на тој начин сторителот на кривичното дело ниту се чувствува отфрлен од општеството, ниту чувствува во таа мера, како при извршувањето на казната затвор, стигматизација заради стореното дело.[317]

За жал, постои перцепција во јавноста дека алтернативните санкции може да бидат помалку ефективни во обезбедувањето на јавната безбедност. Некои истражувања[318] покажуваат дека соодветно дизајнираните и имплементирани алтернативни санкции не ја загрозуваат јавната безбедност и, всушност, можат да доведат до подобри долгорочни резултати за јавната безбедност преку намалување на рецидивизмот.

7.6. ПРОМОЦИЈА НА ОДГОВОРНОСТ КАЈ СТОРИТЕЛИТЕ НА КАЗНЕНИ ДЕЛА

Несомнено, позитивна страна на алтернативните санкции е и ***промовирањето на одговорност кај сторителите на казнени дела***. Овој пристап се фокусира на рехабилитација на сторителите на казнени дела и нивна реинтеграција во општеството, истовремено охрабрувајќи ги да преземат одговорност за своите постапки. Имено, алтернативите на казната затвор можат да поттикнат чувство на одговорност кај сторителите на казнени дела, притоа охрабрувајќи ги истите активно да учествуваат во сопствената рехабилитација, како и да ги поправат своите постапки.

Промовирањето на одговорност меѓу сторителите на казнени дела преку алтернативи на казната затвор е во согласност со принципите на ресторативната правда и холистичка рехабилитација. Тоа не само што им користи на сторителите на казнени дела, туку придонесува и за побезбедно и покохезивно општество преку намалување на

[317] Начинот на вклучување на членовите на заедницата во извршувањето на алтернативните санкции, пред сè, зависи од потребата на пробациската служба и најчесто се одредува со соодветни договори за соработка во кои се прецизираат активностите што волонтерите ги преземаат во текот на извршувањето, нивниот однос со пробацискиот службеник, како и надоместокот на трошоците што одат во корист на организацијата чиј волонтер е член. Волонтерите кои се вклучуваат во извршувањето на алтернативните санкции мораат да имаат потребни квалификации и вештини, а потребно е да поминале стручна обука, како и да ги карактеризираат лични квалитети. Види кај: Mrvić-Petrović, N. (2010). Alternativne krivične sankcije i postupci. Beograd: Medija centar Odbrana, str. 173.

[318] Постојат студии и извештаи кои ја поддржуваат идејата дека санкциите засновани возаедницата можат да придонесат за пониски стапки на рецидивизам во споредба со традиционалното затворање на сторителите. За ова подетално види и кај: Latessa, E. J., & Smith, P. (2011). What Works (and Doesn't) in *Reducing Recidivism*. National Institute of Justice. Иако оваа специфична студија не ги споредува директно стапките на рецидивизам помеѓу санкциите засновани во заедницата и затворањето, таа дава вредни увиди за факторите кои придонесуваат за успешно реинтегрирање и намален рецидивизам.

можноста за повторно извршување на казнено дело и поттикнување чувство на одговорност кај сторителите на казнени дела.[319]

Во овој дел од докторската дисертација, можеме да констатираме дека *наведените позитивни страни на алтернативните мерки само ги истакнуваат потенцијалните придобивки од нивна адекватна примена, притоа ја нагласуваат нивната улога во промовирањето на концептот на рехабилитација, намалувањето на рецидивизмот, а истите овозможуваат и создавање на поправеден и избалансиран систем на казнена правда.*

[319] Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

ГЛАВА V АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

1. ВОВЕДУВАЊЕТО НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ПЕРИОДОТ ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО

Казненото материјално право во Република Македонија е предмет на постојани реформи, измени и дополнувања. Тоа е резултат на постојаните општествени и глобални процеси кои имаат влијание и последици врз загрозувањата на основните човекови слободи и права, врз загрозувањето на безбедноста, како и врз квалитетот и квантитетот на состојбата со криминалот во нашата земја. Таквите процеси и последици, всушност влијаат врз ефикасноста, односно неефикасноста на постојниот казнено-правен систем (и на системот на кривични санкции) да одговори и да се справи со нив.[320]

Во согласност со модерните европски трендови и во македонското казнено законодавство беа воведени алтернативните мерки во казнениот систем. Целта беше да се отстранат негативните ефекти од краткотрајните казни затвор, како и да се оствари поголема корист за општествената заедница, за жртвата и за самиот сторител на казнено дело.

Па така, *Кривичниот законик* од 1996 година[321], во системот на кривични санкции ги нормирал: казните, условната осуда и судската опомена, како и мерките на безбедност и воспитните мерки.

Со реформата на македонскиот *Кривичен законик* од 2004 година[322], системот на санкции доби нагласен плуралистички карактер, со јасно изразена тенденција за потиснување на доминантната позиција на казната затвор како главна санкција и нејзина можна замена со алтернативни мерки: условна осуда, условна осуда со

[320] Стефановска, В. (2017). Кривичните санкции и превенција на криминалот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, бр. 1, год. 24, стр. 1-16. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.
[321] Види: член 4 од Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/1996).
[322] Види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ” бр. 19/04).

заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, општокорисна работа, куќен притвор и судска опомена.[323]

Се покажа, од таа реформа до денес, дека на патот на прогресивните идеи во криминалната политика и кривичното право, а промовирањето на алтернативни санкции е токму инспирирано од идејата за ресторативна правда, превенција, ресоцијализација и реинтеграција на осудено лице, постојат добро воспоставени сили на отпор инспирирани од омраза кон сторителите на кривични дела и обвинети за постулатот на ретрибутивна правда. Тие се всушност еманација на отфрлањето од страна на општеството на сознанието дека криминалот е производ не само на индивидуални, туку (во многу случаи во поголема мера) и на општествени противречности и поттик за криминално однесување. Доволно е за нашите општества во транзиција да се напомене дека се опседнати со системска корупција и организиран криминал, кој продира и во највисоките структури на самата држава и дека таквата состојба не нуди никаков друг модел за однесување на поединецот, освен криминалот, кој „се исплаќа“ како начин на живот.[324]

Всушност, воведувањето на алтернативните мерки е резултат на имплементацијата на *Препораката R. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата*[325], усвоена од страна на Комитетот на министри[326] на 19.10.1992 година на 482-от Состанок на замениците на министрите.

Во овој дел од трудот мораме да истакнеме дека *алтернативните мерки во македонското казнено законодавство се воспоставени како посебни и самостојни казнени санкции кои, покрај тоа што во целост не се лишени од репресивни примеси, во суштина се замислени како превентивни мерки.*

[323] Kambovski, V. (2018). Alternativne mere u makedonskom krivičnom pravu i problemi njihove primene, во: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S. i Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, стр. 131-149.
[324] Ibid.
[325] Recommendation Rec(92)16 on the European rules on community sanctions and measures (Adopted by the Committee of Ministers on 19 October 1992 at the 482nd meeting of the Ministers' Deputies).
[326] Комитетот на министри е тело на Советот на Европа кое носи одлуки. Тоа е составено од министрите за надворешни работи на сите земји членки или нивните постојани дипломатски претставници во Стразбур. Претставува владино тело каде може на еднаква основа да се дискутираат националните пристапи кон проблемите со кои се соочува европското општество, но и колективен форум каде се формулираат европските реакции на тие предизвици. Во соработка со Парламентарното собрание, Комитетот на министри е главен заштитник на основните вредности на Советот на Европа и ја следи усогласеноста на земјите-членки со нивните потфати.

Целта на нивното воведување во казнено-правниот систем е ограничување на ретрибутивното дејство на казните и развивање на индивидуализацијата на казнените санкции.

Нивното настанување се должи на криминално политичкото сознание дека во борбата против криминалитетот, покрај казната и наместо казната, треба да се прифатат и други кривични санкции што во најголема мера ќе бидат лишени од ретрибутивните елементи и негативните последици што тие ги остваат врз осудените лица, особено тогаш кога се работи за исклучително кратки казни лишување од слобода. Тоа се кривични санкции конципирани врз единствена платформа да ја заменат казната, тогаш кога со оглед на околностите на делото и личните обележја на сторителот, може да се очекува дека третманот на сторителот надвор од затворот е доволен за негово поправање и за заштита на општеството од криминалитетот.[327]

Концептот „*алтернативи на казната затвор*“ различно се интерпретира во последните четириесет години. Не се работи за статичен концепт, напротив истиот остава можност за иновации и креативност во иднина.[328]

Целта на алтернативните санкции и мерки е, пред сè, превенција, кај кои ретрибутивниот елемент е потиснат и ставен во функција на закана со казна што го засилува нивното специјално-превентивно дејство.[329] Со други зборови, нивната цел е спрема кривично одговорен сторител да не се примени казна за полесни казнени дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна, само со предупредување или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода. Вака определената цел на алтернативните мерки во член 48 од Кривичниот законик јасно ги разграничува алтернативните мерки од казната затвор.

Примената на алтернативни мерки во казнено-правниот систем на Република Македонија претставува можност за намалување на сè поприсутниот пораст на осуденичка популација во казнено-поправните домови, унапредување на начелото на хуманизација на казнувањето и либерализација на казнената политика за сторителите на кривични дела од полесен вид кои со овие казни наместо од слободата се лишуваат

[327] Сулејманов, З. (2005). Кривично право - општ дел. Скопје: Графохартија, стр. 469.
[328] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 296.
[329] Камбовски, В. (2004). Казнено право - општ дел, Скопје: Култура А.Д. Скопје, стр. 943.

од слободното време, како и активна улога на заедницата во спроведувањето на санкцијата и поправање на осуденото лице.[330]

Алтернативните мерки се наметнаа и се изборија за свое место во казнениот систем на санкции поради два елемента:

- прво, современиот концепт за хуманизација на односите меѓу луѓето што го овозможува економскиот, социјалниот, политичкиот и цивилизациски развој на современото општество и
- второ, тежненијата за изградување на правни системи засновани врз начелото за владеењето на правото и законот кои овозможуваат остварување на слободите и правата на човекот врз принципите на еднаквост, рамноправност и недискриминација по било која основа.[331]

Казненото право, но и пенолошката наука, со самиот свој развиток и прилагодување на модерното време во коешто живееме, како и на условите и начините на понатамошен развиток, ја наметнува како неминовна и самата потреба од примена на алтернативните санкции во современиот правен систем. Оттука, концептот за барање нови решенија за спречување на криминалитетот се наметна како нужност.

Несомнена е потребата од збогатување на системот на санкции во македонскиот Кривичен законик со што ќе се следат позитивните и проверени примери од другите држави каде што системот на алтернативни санкции и мерки постои подолго време и наоѓа богата примена.[332]

[330] Јорданова, Е. (2008). Јавното мислење за алтернативните мерки за полнолетни и малолетни лица во Република Македонија. Скопје: Коалиција „Сите за правично судење“, стр. 7.
[331] Арнаудовски, Љ., Бужаровска, Г., Целевски, Д., Нанев, Л. (2004). Стратегија за имплементација на алтернативните мерки. СППМД – Кавадарци, Скопје, стр. 12.
[332] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: Студентски збор, стр. 301.

2. АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО (*DE LEGE LATA*)

Во Глава четврта од македонскиот *Кривичен законик*[333] се пропишани алтернативните мерки. Имено, согласно член 48 од Кривичниот законик, целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода.

Согласно член 48-а од Кривичниот законик, на сторителите на кривичните дела може да им се изречат овие алтернативни мерки: 1) условна осуда; 2) условна осуда со заштитен надзор; 3) условно прекинување на кривичната постапка; 4) општокорисна работа; 5) судска опомена и 6) куќен затвор.

2.1. УСЛОВНА ОСУДА

2.1.1. Историски развој на условната осуда

Појавата на идејата за условната осуда беше можна, со реални шанси да биде прифатена и унапредувана, само во едно кривично право длабоко проникнато со идејата на индивидуализација. Сознанието за различноста на луѓето, за различноста на нивната чувствителност, нужно водеше и кон идејата за индивидуализација на кривичните санкции според видот и мерата, па и повеќе од тоа: до идејата за тоа дека кај определени лица, пред сè првопрестапници, целите на казнувањето можеби ќе може да се остварат и без ефективно казнување, со едноставно предупредување со закана на казна.[334]

Современото правно регулирање на условната осуда во светски рамки настанало во втората половина на XIX век. Имено, во тој период, во казнените законодавства постепено се јавиле никулците на условната осуда, позната и како *пробација*, во форма

[333] Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 36/2023 и 188/2023).

[334] Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 330.

на два системи на условна осуда: *англосаксонски систем на условна осуда* и *континентален (или француско-белгиски) систем на условна осуда*.

Условната осуда во европските казнени законодавства наоѓа свое место кон крајот на XIX век, но со одредени модалитети. Претежно, во европските казнени законодавства, условната осуда подразбира условно одлагање на извршувањето на казната која е изречена на сторителот на казненото дело. Разликата која се јавува во одредени европски казни законодавства се должи на фактот дали осуденото лице се става под надзор на одредена служба или не.

Првобитната практика на условната осуда во литературата му се препишува на *Џон Августус*, чевлар од Бостон, кој во август 1841 година понудил гаранција пред бостонскиот општински суд за некој стар човек обвинет како алкохоличар, а кој ветил дека во иднина нема да продолжи да пие, доколку се ослободи од казната затвор. Па така, судот ја прифатил понудената гаранција, притоа издал наредба алкохоличарот по три недели да се појави повторно пред судот. Августус настојувал алкохоличарот да потпише ветување дека се откажува од алкохолот. Бидејќи поведението на алкохоличарот во тие три недели се покажало како добро, судот одлучил да го казни со симболична парична казна од само еден цент. Се чини дека Августус бил охрабрен од таквата судска одлука, па и во иднина продолжил да дава гаранции за вакви и слични престапници. Се смета дека до 1888 година, Августус пред судот гарантирал за дури 1152 мажи и 794 жени, од кои повеќето ги извел на прав пат.[335]

Оваа практика набрзо станува законски нормирана и тоа во форма на условна осуда, позната и како *пробација*. Оттогаш, во литературата, истата е позната и како *англосаксонски систем на условна осуда*.

На европскиот континент, кон крајот на XIX век се јави еден суштествено поинаков систем на условната осуда, познат како француско-белгиски (континентален) систем. Идејата за него потекна од францускиот сенатор *Беранже* (*Bèrenger*), кој во 1884 година го предложи нејзиното озаконување. Но, додека траела парламентарната процедура на испитување и прифаќање на законскиот предлог во Франција, белгискиот законодавец (во 1888) ја озаконил идејава во релативно брза постапка. Во Франција озаконувањето ќе стане во 1891 година. Оттаму и името француско-белгиски (или

[335] За ова види и кај: Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 330-331; Mabel A. Elliott. (1962). Zločin u savremenom društvu. Sarajevo: Veselin Masleša, str. 463.

континентален) систем, што во ваков или модифициран вид ќе се прошири по цела Европа.[336]

Кај двата система постои заканување дека ќе се примени казна ако осуденият не се придржува на одредени услови. Континенталниот систем се заканува дека ќе се примени изречената казна, а англосаксонскиот систем не се заканува со конкретна казна, туку со довршување на казнената постапка во која ќе се одмери, изрече и изврши казна. Постојат и некои мали разлики како што е одредувањето заштитен надзор (пробација) кај англосаксонскиот систем.[337]

Основната идеја на континенталниот систем е да се спречи повратот, а едновремено да се одбегне затворот во случај на порано неосудувано лице (првопрестапник). Од друга страна, институтов се јавува како погодно средство на криминалната политика, зашто во најголема можна мера го инспирира условно осуденият на поведение сообразено со барањата на законот: судот го осудува сторителот на казна затвор или парична казна, но го одлага нејзиното извршување за определено време, со тоа што, во случај ако условно осуденият во тој рок не стори ново кривично дело, осудата не само што не се извршува, туку се прогласува за *"non avenue"* (небаре воопшто и не била изречена), а таквото лице се смета за неосудувано.[338]

Ако се запостави основната разлика помеѓу пробациониот и континенталниот систем, а тоа е (не)постоењето надзор над поведението на условно осуденият, условната осуда во обата система има многу заеднички нешта: и во едниот и во другиот систем, имено, тоа е привилегија само за сторителите на полесни кривични дела, за кои судот оценил дека може да бидат подложени на ваква проба (***позитивна прогноза***), односно дека во нивниот случај целите на казнувањето може да се остварат и без извршување на казната. Во обата система сторителот е мотивиран на поведение сообразено со барањата на поредокот: во случај на не отповикување на условната осуда, не само што не доаѓа до извршување на казната, туку, згора на тоа, се засновува ***фикција на неосудуваност***.[339]

[336] Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 331.
[337] Буџакоски, С. (2008). Казнено право - општ дел. Скопје: Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, стр. 322.
[338] Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 331-332.
[339] Ibid., стр. 332.

Во овој дел сметаме за потребно да истакнеме и дека условната осуда, како алтернативна санкција, не содржи дополнителен надзор или мерки на помош спрема осуденото лице. За разлика од неа, „клучен елемент на пробацијата е *надзорот* што го врши *специјален пробациски службеник*. Позицијата на пробациската служба е различна: некаде е *дел од затворската администрација*, а некаде, пак, *јавна служба*.“[340].

2.1.2. Појмовно определување на условната осуда

Условната осуда е самостојна (автономна) кривична санкција чија основна смисла е во определени случаи да се избегне изрекување и извршување на казна спрема сторителот на кривично дело, ако со оглед на неговата личност и околностите на извршувањето на делото основано може да се очекува дека тој ќе се поправи без изрекување, а со оглед на тоа и извршување на казната. Оттаму, според КЗ, со условната осуда на сторителот на кривичното дело судот му ја утврдува казната и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осуденикот за времето што ќе го определи судот, а кое не може да биде покусо од една ниту подолго од пет години (време на проверување) не стори ново кривично дело. Во спротивно, условната осуда ќе се отповика, а изречената казна ќе се изврши.[341]

Условната осуда во суштина е простување на казната на сторителот на делото од страна на општеството кое се заснова на уверувањето дека тој во иднина ќе се однесува во согласност со правните прописи и дека нема да врши кривични дела. Тоа уверување се заснова на постоењето позитивни особини кај сторителот на кривичното дело и такви околности кои укажуваат дека целите на казнувањето ќе се постигаат и без примена на казната. Нејзина цел во прв ред е специјалната превенција која се постигнува со давање на слобода и доверба на сторителот на делото.[342]

Основната карактеристика на условната осуда е настојувањето за постигнување на максимални резултати во сузбивање на одредени видови криминалитет со минимално ангажирање на државата (со одвојување на помалку материјални средства од државната каса).[343]

---

[340] Камбовски, В. (2011). Казнено право - општ дел (четврто изменето и дополнето издание), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, стр. 497.
[341] Сулејманов, З. (2005). Кривично право - општ дел. Скопје: Графохартија, стр. 470.
[342] Ibid.
[343] Буџакоски, С. (2008). Казнено право - општ дел. Скопје: Инситут за менаџмент на знаењето – Скопје, стр. 321.

Значи, условната осуда е кривична санкција која е производ на современата криминална политика каде, пред сè, со казнувањето се настојува да се постигне специјална превенција, односно воспитување и превоспитување на деликвентот, а не одмазда и страдање.[344]

2.1.3. Нормираност на условната осуда во македонското казнено законодавство

Кога зборуваме за условната осуда како алтернативна мерка, мораме да истакнеме дека македонскиот Кривичен законик предвидува ***условно одлагање на извршување на казната*** (член 49), според кој, со условна осуда на сторителот на кривично дело судот му ја утврдува казната и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осуденият за времето што ќе го определил судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години (време за проверување) не стори ново кривично дело.

Содржината на условната осуда како алтернативна мерка, според тоа, ја сочинуваат следните елементи: утврдување на казната со судска пресуда; одлагање на нејзиното извршување за определен временски период и поставување услов сторителот за тој период да не стори ново казнено дело и да исполни евентуално други дополнителни услови.[345]

Ставот 2 од истиот член, пропишува дека судот може во условната осуда да определи дека казната ќе се изврши и ако осуденият во определениот рок не ја врати имотната корист прибавена со извршувањето на кривичното дело, не ја надомести штетата што ја предизвикал со кривичното дело или не ги исполни другите обврски предвидени во кривично-правните одредби. Рокот за исполнување на тие обврски го утврдува судот во рамките на определеното време за проверување. Според ставот 3 од истиот член, мерките на безбедност, изречени со условната осуда, се извршуваат. Од овие законски одредби произлегува дека *судот не може директно да изрече условна осуда, без претходно да ја утврди висината на казната и видот на истата*.

[344] Драгојловић, Ј. (2017). Условна осуда и новчана казна. *Култура Полиса*, год. XIV (2017), бр. 32, Нови Сад: Култура – Полис и Институт за европске студије Београд, стр. 497.
[345] Буџакоски, С. (2008). Казнено право - општ дел. Скопје: Инситут за менаџмент на знаењето – Скопје, стр. 323.

Условите за изрекување на условна осуда се објективни и субјективни. Објективните услови се врзани за кривичното дело, односно за казната и тоа за конкретна, утврдена казна или за пропишана казна. Субјективните услови, пак, се врзани за сторителот на кривичното дело.

Со утврдување на казна која нема да се изврши до израз доаѓа социјалната и етичката неприфатливост на таквото однесување. Со тоа што судот го одложува извршувањето на казната што ја утврдил, сторителот се доведува во состојба на очекување и дополнително се мотивира да се однесува општествено прифатливо и во согласност со законските прописи. Со одложувањето на извршувањето на казната и со поставувањето некои услови кои треба да ги исполни сторителот, кај него се развива чувство на лична одговорност и се обезбедува негова ресоцијализација. Токму овие наметнати обврски кои треба да ги исполни сторителот, претставуваат прв тест што се става пред деликвентот.[346]

Во членот 50 од КЗ, се определени условите за изрекување условна осуда. Имено, според ставот 1 од истиот член условна осуда може да се изрече кога на сторителот му е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна. Согласно ставот 2, условната осуда може да се изрече и кога е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна со примена на одредбите за ублажување на казната (членови 40, 41 и 42 став 2 од КЗ). Според ставот 3, при одлучувањето дали ќе изрече условна осуда, водејќи сметка за целта на условната осуда, судот посебно ќе ги земе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршеното кривично дело, степенот на кривичната одговорност и другите околности под кои е сторено делото. Согласно ставот 4, ако на сторителот му е утврдена и казна затвор и парична казна, условна осуда може да се изрече за обете казни или само за казната затвор.

При утврдување на т.н. *време на проверување*, судот тргнува од минимумот кој законодавецот го предвидел, односно една година и тоа по правосилноста на пресудата. Определувањето на рок пократок од една година во голема мера е нереален, па поради тоа законодавецот се одлучил на ваков чекор. Утврдувањето на горната граница, односно пет години по правосилноста на пресудата, е максимумот кој нашиот законодавец го предвидел. Со поставување на повисока граница од пет години, се смета

[346] Бејатовиќ, С. (1986). Условна осуда. Београд: НИО Пословна политика, стр. 47.

дека ќе се изгуби самата смисла на условната осуда, а самата таа би заземала друг облик на санкција.

Со поставувањето на минимумот и максимумот, законодавецот тргнал од постигнување на две цели: му овозможува слобода на судот во индивидуализацијата на одредувањето на казната, односно на одредување на времето на проверка на осуденото лице по изрекувањето на санкцијата и второ, се воспоставува одредено изедначување на судската пракса во оваа област, како не би се создала можност да екстремна разлика во одредувањето на рокот за проверка. Ова значи дека македонското казнено законодавство го прифаќа законското одредување на минимумот и максимумот на времето на проверување на осуденото лице при изрекувањето на алтернативната мерка - условна осуда.

Овде се работи за парапенална мерка во чија примена нема реално одземање или ограничување на правата, слободите или материјалните вредности на сторителот на кривичното дело.[347]

Од погоре наведеното јасно произлегува дека условната осуда, како алтернативна мерка, се изрекува како би се избегнала примената на казната затвор, во случаите кога станува збор за кривични дела од полесен вид и ако во личноста на сторителот на делото се спознаат својства кои ќе го убедат судот дека таа личност нема криминогени афинитети и од него не се очекува во иднина да врши кривични дела. Целта на условната осуда не е да се избегне казнувањето, туку дека со нејзината примена ќе се постигнат целите на самото казнување. Од ова можеме да заклучиме дека условната осуда има изразен специјално превентивен карактер.

Недостатокот кај нашата регулатива на условната осуда се состои во тоа што се задолжува судот непристрасно да ја утврди казната што ја заслужува сторителот на стореното дело со претпоставка дека таа ќе биде отповикана, а сепак се верува дека тоа нема да се случи бидејќи сторителот дава гаранции за тоа. Иако условната осуда е парапенална санкција има ретрибутивен карактер, карактер на зло бидејќи кај сторителот се чувствува непријатност, создавајќи страв од евентуален нов престап, закана за реализација на утврдената казна со изрекување на условна осуда.[348]

[347] Grozdanić, V.; Škorić, M. (2009). Uvod u kazneno pravo - opći dio. Zagreb: Organizator d.o.o., str. 193-194.
[348] Буџакоски, С. (2008). Казнено право - општ дел. Скопје: Инситут за менаџмент на знаењето – Скопје, стр. 323.

2.1.3.1. Отповикување на условната осуда

Со оглед дека условната осуда е самостојна кривична санкција, таа произведува одредено правно, т.е. кривично-правно дејство. Што значи, доколку осудениот ги исполни сите услови под кои оваа санкција е изречена, условната осуда се смета за извршена, во спротивно, може да дојде до нејзино отповикување и изрекување на утврдената казна.[349]

Условната осуда повлекува правни последици на осуда, што значи дека лицето кое е условно осудено се смета на осудено лице. Условната осуда се впишува во казнената евиденција, од која се брише по протокот на одредено време, кое е одредено со закон.[350]

Да се отповика условната осуда значи заканата со казна *да се претвори во ефективна казна*, односно утврдената казна да се изрече и да се изврши. Условната осуда може да се отповика во *три случаја*: поради *ново казнено дело* сторено во времето за проверување; поради *порано сторено казнено дело*, утврдено по нејзиното изрекување; и поради *неисполнување на посебните обврски* наложени со условната осуда.[351]

Во македонскиот Кривичен законик се предвидени *три основи за отповикување на алтернативната мерка условна осуда*. Во продолжение на докторскиот труд, истите детално ќе бидат анализирани.

а) Отповикување на условната осуда поради ново кривично дело

Во случај на сторување на ново кривично дело, Кривичниот законик предвидува облигаторно и факултативно отповикување на условната осуда.

Кривичниот законик во членот 51 став 1 пропишува дека ***судот ќе ја отповика*** условната осуда ако осудениот во времето на проверување стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор од две години или во подолго траење.

Согласно ставот 2, ако во времето за проверување осудениот стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор помала од две години или парична казна судот, откако ќе ги оцени сите околности што се однесуваат на сторените кривични дела и на сторителот, а посебно сродноста на сторените кривични дела,

[349] Srzentić, N.; Stajić, A.; Lazarević, Lj. (1990). Krivčno pravo SFRJ, Opšti dio, Beograd: Savremena administracija, str. 419.
[350] Stanković, N. (2016). Krivično pravo - opšti dio. Brčko: Evropski Univerzitet Brčko Distrikt, str. 242.

нивното значење и побудите од кои се сторени, ***ќе одлучи дали ќе ја отповика условната осуда***. Притоа судот е врзан со забраната на изрекување условна осуда, ако на сторителот за кривичните дела утврдени во условната осуда и за новите кривични дела треба да му изрече казна над две години затвор (член 50 став 1 од КЗ).

Во овој случај, пред судот стојат три можности. Согласно ставот 3, ако ја отповика условната осуда, со примена на одредбите од член 44 судот ќе изрече единствена казна и за порано стореното и за новото кривично дело, земајќи ја казната од отповиканата условна осуда како утврдена. Според ставот 4, ако не ја отповика условната осуда, судот може за новото сторено кривично дело да изрече условна осуда или казна. Ако судот најде дека и за новото кривично дело треба да изрече условна осуда, со примена на одредбите на член 44, ќе утврди единствена казна и за порано стореното и за новото кривично дело и ќе определи ново време за проверување кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на новата пресуда. На осудениот кому што за ново кривично дело ќе му биде изречен затвор, времето поминато на издржување на оваа казна не му се смета во времето за проверување утврдено со условната осуда за поранешното дело.

б) Отповикување на условната осуда поради порано сторено кривично дело

Кривичниот законик во членот 52 став 1 пропишува дека судот ќе ја отповика условната осуда ако по нејзиното изрекување утврди дека осудениот извршил кривично дело пред да биде условно осуден и ако оцени дека не би имало основа за изрекување на условна осуда да се знаело за тоа дело. Во тој случај ќе ја примени одредбата на член 51 став 3. Согласно ставот 2, ако судот не ја отповика условната осуда, ќе ја примени одредбата на член 51 став 4.

Доколку судот во постапката по ново стореното кривично дело, или претходно стореното кривично дело, пропушти да одлучи за отповикување на изречената условна осуда, нема законска можност во друга постапка да донесе ваква одлука, што укажува на потребата од законска регулација во овој правец.[352]

---

[351] Камбовски, В. (2011). Казнено право - општ дел (четврто изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, стр. 499.

[352] Калајџиев Гордан, Лажетиќ Гордана. Неделкова Лидија, Денковска Маја, Тромбева Мери, Витларов Тодор, Јанкуловска Павлина и Кадиев Дељо. (2018). Коментар на Законот за кривичната постапка. Скопје: ОБСЕ, стр. 1047-1048.

в) Отповикување на условната осуда поради неисполнување на определени обврски

Кривичниот законик во членот 53 пропишува дека ако со условната осуда на осуденият му е определено исполнување на некоја обврска од член 49 став 2 од КЗ, а тој не ја исполни таа обврска во рокот определен во пресудата, судот може, во рамките на времето за проверување, да го продолжи рокот за исполнување на обврската или може да ја отповика условната осуда и да ја изрече казната што е утврдена во условната осуда. Ако утврди дека осуденият од оправдани причини не може да ја исполни поставената обврска, судот ќе го ослободи од исполнување на таа обврска или ќе ја замени со друга соодветна обврска предвидена со закон.

Отповикувањето на условната одлука во сите наведени случаи е можно во текот на времето за проверување. Од тоа постојат само два исклучоци предвидени во членот 54 од Кривичниот законик.

2.1.3.2. Постапката за отповикување на условната осуда

Надлежен суд во постапката за отповикување е судот што судел во прв степен. Постапката се спроведува од страна на советот на првостепениот суд од чл. 25 ст. 5 од ЗКП, а по предлог од овластениот тужител, но судот може да ја спроведе и по службена должност. Оштетениот, ако не е овластен тужител-приватен тужител, може да го извести јавниот обвинител или судот дека обврската не е извршена, со што тие понатаму можат да ја отпочнат постапката за отповикување на условната осуда. Овластениот тужител во писмено доставениот предлог до судот, со кој се иницира постапката за отповикување на условната осуда, може да предложи само отповикување на условната осуда, а не и донесување на некоја од другите одлуки предвидени во чл. 53 од КЗ. Предлог за донесување на друга одлука освен одлуката за отповикување на условната осуда, овластениот тужител може да ја даде само усно на седницата на советот.[353]

Кривичниот законик во членот 54 став 1 пропишува дека условната осуда може да се отповика во текот на времето за проверување. Ако осуденият во тоа време стори кривично дело што повлекува отповикување на условната осуда, а тоа со пресудата е утврдено дури по истекот на времето за проверување, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот кога изминало времето за проверување. Согласно ставот 2 од истиот член, ако осуденият во определениот рок не

[353] Ibid, стр. 1048.

исполни некоја обврска од член 49 став 2, судот може, најдоцна во рок од една година од денот кога изминало времето за проверување, да определи да се изврши утврдената казна во условната осуда.

Во постапката за отповикување на условната осуда, најпрвин судијата кој ќе биде определен за тоа (советот може да определи кој било од судиите во првостепениот суд, но најчесто во практика ова дејствие го извршува претседателот на советот или судијата известител) ќе го испита осуденият ако е достапен и ќе ги спроведе потребните извиди заради утврдување на фактите и собирање на докази важни за одлуката. Ако осуденият во постапката во која му била изречена условната осуда, имал свој бранител, или му бил поставен бранител по службена должност согласно чл. 74 од ЗКП, и бранителот се повикува на рочиштето за испитување на осуденият.[354]

Дејствието има особено значење, бидејќи осуденият мора да биде известен дека е поведена постапка за отповикување на условната осуда која му е изречена, да се проверат наводите дека обврската не е исполнета, како и на осуденият да му биде дадена можност да се произнесе во однос на причините заради кои не ја извршил обврската. Определениот судија има овластување и за утврдување на факти и собирање на докази во однос на околностите кои влијаат на одлуката на судот. Доколку осуденият е недостапен, постапката ќе продолжи без одржување на рочиштето за испитување на осуденият. Во таков случај важат одредбите од чл. 365 ст. 3 од ЗКП за судење во отсуство на обвинето лице. (види: Пресуда на ВСРМ, КВП1 бр. 267/2014 од 7.7.2015 г.)[355]

По доставување на списите од страна на судијата кој бил определен за спроведување на дејствијата од став 2, претседателот на советот закажува седница на советот, на која се повикуваат тужителот, осуденият и бранителот ако го има, или поставеният бранител по службена должност, доколку постапката се спроведува во однос на недостапен осуден и оштетеният. Доволна претпоставка за одржување на седницата е потврда дека повиканите лица се уредно известени за одржување на истата, нивното недоаѓање не го спречува одржувањето на седницата на советот.[356]

[354] Ibid.
[355] Ibid, стр. 1049.
[356] Ibid.

На седницата на советот, по сослушување на предлогот на овластениот тужител, наводите на останатите присутни учесници и увид во списите, судот доколку утврди дека осуденият не ја исполнил обврската што му била определена со пресудата, може да донесе една од одлуките од чл. 53 од КЗ:

- да донесе пресуда со која ќе го продолжи рокот за исполнување на обврската, во рамките на времето на проверување;
- да донесе пресуда со која ќе го ослободи осуденият од исполнување на определената обврска, или со која определената обврска на осуденият ќе ја замени со друга соодветна обврска предвидена со закон, ако утврди дека осуденият од оправдани причини не ја исполнил обврската;
- да донесе пресуда со која ќе ја отповика условната осуда и ќе определи утврдената казна да се изврши.[357]

Одлуката на советот е во форма на пресуда, против која жалба може да се изјави во ист рок, кој важел и за пресудата со која била изречена условната осуда. Против оваа пресуда, можат да се поднесат и вонредни правни лекови.[358]

Ако на седницата на советот, судот утврди дека нема основа за донесување на која било од наведените одлуки, со решение ќе ја запре постапката за отповикување на условната осуда.[359]

Кога се работи за условна осуда со заштитен надзор, за неисполнување на таквата обврска од страна на осуденото лице, постапката се спроведува на идентичен начин, во согласност со овој член, а судот може да донесе една од одлуките наброени во чл. 58 од КЗ:

- да го опомене на исполнување на одредената обврска или неа да ја замени со друга;
- доколку осуденият и натаму не ја исполнува одредената обврска, во рамките на времето за проверување да го продолжи траењето на заштитниот надзор, или да ја отповика условната осуда, или
- доколку по правосилноста на одлуката со која е одреден заштитниот надзор помине повеќе од шест месеци, а надзорот не почнал, повторно ќе одлучи за потребата од неговото извршување.[360]

[357] Ibid.
[358] Ibid.
[359] Ibid.
[360] Ibid., стр. 1049-1050.

2.2. УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР

2.2.1. Историски развој на условната осуда со заштитен надзор во македонското казнено законодавство

Кривичниот законик на Федеративна Народна Република Југославија од 1951 година[361] и неколкуте измени и дополнувања на истиот ја предвиделе идејата за воведување на *условна казна со заштитен надзор* како специјални обврски за поединците против кои оваа санкција била изрекувана. Идејата на условната осуда била да се постигнат целите на казнувањето со *предупредување со закана од казнување*.

Според КЗ СФРЈ од 1976 година за прв пат кај нас беше воведена, а со КЗ СРМ од 1977 година и подробно регулирана посебна варијанта на условната осуда – *условна осуда со заштитен надзор*. Условната осуда со заштитен надзор е само посебен модифициран облик на условната осуда која произлезе од потребата согласно карактеристиките на личноста на сторителот да се преземат дополнителни мерки за зголемување на нејзината ефикасност. Врз основа на тоа уверување судот може да определи сторителот кому му е изречена условната осуда да се стави под заштитен надзор за определено време во текот на времето за проверување.[362]

Со воведувањето на условната осуда со заштитен надзор (чл. 55-58 од КЗ) македонскиот законодавец ја прифати основната идеја на англосаксонскиот (пробационен) систем на условна осуда за ставање на условно осуденият под надзор на квалификуван социјален работник, што ќе му укажува помош во разни животни ситуации и ќе го контролира неговото поведение (еден вид третман на слобода).[363]

Во оваа насока потребно е да напоменеме дека првенствено разликата помеѓу пробацијата и условната осуда со заштитен надзор (онака како што е нормирана во македонскиот Кривичен законик) е, пред сè, тоа што *ставањето под заштитен надзор на условно осуденото лице во нашиот систем е факултативно*. Имено, според член 55 став 1 од Кривичниот законик, судот ќе одреди заштитен надзор кога ќе најде дека условната осуда нема доволно да влијае врз сторителот повеќе да не врши кривични дела, а околностите сврзани со личноста на сторителот или средината во која живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита. Притоа, ставот 2 од истиот

[361] Кривичен законик („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 13 од 09.03.1951 година).
[362] Сулејманов, З. (2005). Кривично право - општ дел. Скопје, стр. 472.

член пропишува дека траењето на заштитниот надзор судот го одредува на определено време во текот на времето за проверување.

Условната осуда со заштитен надзор претставува модификација на условната осуда, со можност за индивидуализација на санкцијата. Заштитниот надзор, како посебна мерка на помош, односно заштита, е предвиден факултативно, а дали судот ќе ја примени во конкретниот случај зависи од сите околности под кои е извршено кривичното дело и околностите на личноста на сторителот. Заштитниот надзор, во потесна смисла на зборот, не може сам по себе да се смета за алтернативна мерка, туку за дополнителен фактор на помош и надзор спрема сторителот на казненото дело спрема кој се изрекува и применува алтернативна санкција.

2.2.2. Нормираност на условната осуда со заштитен надзор во македонското казнено законодавство

Согласно член 55 став 1 од Кривичниот законик, заштитен надзор судот ќе одреди кога ќе најде дека условната осуда нема доволно да влијае врз сторителот повеќе да не врши кривични дела, а околностите сврзани со личноста на сторителот или средината во која живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита. Траењето на заштитниот надзор судот го одредува на определено време во текот на времето за проверување, согласно член 55 став 2 од Кривичниот законик.

Заштитниот надзор претставува програма за организиран, осмислен и индивидуализиран надзор на сторителите на кривични дела.

Кај оваа алтернативна санкција се поаѓа од тоа во рамките на заштитниот надзор на осуденото лице да му се определат определени обврски чие исполнување треба да придонесе за остварување на нејзината цел.

Имено, согласно член 56 став 1 од Кривичниот законик, при изрекувањето на заштитниот надзор судот може на осудениот да му одреди една или повеќе од следниве обврски:

1) оспособување, остручување и преквалификување за да може осудениот да го задржи работното место што го зазема или да бидат создадени претпоставки за вработување;

---

[363] Марјановиќ, Ѓ. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 338.

2) прифаќање на вработување што одговара на способностите и склоноста на осудениот;
3) посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство;
4) извршување на обврските за издржување на семејството, подигање на децата и други семејни обврски;
5) овозможување увид и совети во врска со распоредувањето и трошењето на средствата од платата и другите приходи што ги остварува;
6) непосетување определени видови локали или други места каде што се точи алкохолен пијалак или се игра на среќа;
7) забрана на употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции;
8) користење на слободното време според оцена на надлежниот орган согласно закон;
9) одбегнување и не дружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот и
10) подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи.

Согласно ставот 2 од истиот член, при изборот на видот на обврската судот ќе ја земе предвид, пред сè, личноста на сторителот, неговата здравствена состојба и психичките својства, возраста, материјалните и семејните услови, околностите под кои го сторил делото, поведението на сторителот по извршувањето на делото, побудите за извршување на делото и другите околности сврзани со личноста на сторителот што се од значење при изборот на видот на обврската, водејќи сметка да не се повредува човечкото достоинство ниту да се предизвикуваат непотребни тешкотии во неговото превоспитување.

Согласно ставот 3 од истиот член, за времето додека трае условната осуда со заштитниот надзор судот може по предлог на надлежен орган согласно со закон, да ја замени определената обврска со друга, да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето за проверување или да го запре натамошното извршување на заштитниот надзор.

Во член 57 став 1 од Кривичниот законик е пропишано дека помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврската од страна на осудениот врши надлежниот орган согласно закон.

Согласно ставот 2 од истиот член, социјалниот орган и соодветното советувалиште се должни:

1) со практични совети да го поттикнува и да му помага на осуденият да ја исполни обврската што ја одредил судот, да го сфати значењето на условната осуда со заштитниот надзор за да се исполнат нејзините цели и
2) повремено да го известува судот за состојбата во исполнувањето на одредената обврска.

Согласно член 58 од Кривичниот законик, ако условно осуденият не ги исполнува одредените обврски, надлежниот орган согласно со закон писмено го опоменува за исполнување на одредената обврска. Ако осуденият и по писмената опомена не ја исполнува одредената обврска, судот врз основа на предлог од надлежниот орган согласно со закон, ја отповикува условната осуда. Ако по правосилноста на одлуката со која е одреден заштитниот надзор помине повеќе од шест месеци, а надзорот не почнал, судот повторно ќе одлучи за потребата од неговото извршување.

Согласно член 13 став 1 од Законот за пробација, правосилната и извршна одлука со која е изречена условна осуда со заштитен надзор судот во рок од 15 дена од денот кога одлуката станала извршна, ја доставува до месно надлежната пробациска канцеларија. Во ставот 2 од истиот член е предвидено дека заштитниот надзор изречен со условна осуда го извршува месно надлежната пробациска канцеларија. Согласно ставот 3 од истиот член, пробацискиот службеник е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката заедно со осуденото лице да изработи индивидуална програма и план за спроведување на заштитниот надзор на осуденото лице во кој го утврдува видот, времетраењето и спроведувањето на надзорот што треба да го остварува во однос на исполнувањето на одделни обврски од страна на осуденото лице и да го запознае со последиците од неизвршувањето на обврските.

Месно надлежната пробациска канцеларија, преку пробациските службеници, го извршува надзорот. Надзорот се извршува согласно индивидуалната програма за третман изработена од пробацискиот службеник во соработка со сторителот земајќи ги предвид обврските наметнати од судот и врз основа на извршената процена на ризиците и потребите на лицата над кои се извршуваат пробациски работи. Лицето спрема кое се извршуваат пробациски работи се запознава со содржината на индивидуалната програма за третман и со последиците од неизвршувањето на

обврските по што е обврзан да ги исполни утврдените постапки и мерки. Индивидуалната програма за третман е патоказ за извршување на условите и обврските за време на пробациискиот период. Пробациските службеници ги поддржуваат и надгледуваат осудените лица во извршувањето на обврските и условите со цел да го намалат ризикот од повторно сторување на кривично дело. Како дел од спроведувањето на индивидуалната програма и план, осуденото лице се повикува да присуствува на редовни договорени средби со пробациискиот службеник, а можно е пробациските службеници и ненајавено да го посетат во неговиот/нејзиниот дом. Во случај лицето да не се појави на договорена средба, пробациискиот службеник за ова го известува Министерството за внатрешни работи, кое го обезбедува присуството на осуденото лице.[364]

Пробациискиот службеник од месно надлежната пробациска канцеларија може на судот да му предложи изречените обврски да ги замени со други или да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамки на времето на проверка, во зависност од поведението на осуденото лице. Во случај осудениот да не ги исполнува или неуредно да ги исполнува обврските, пробациската канцеларија го опоменува и за тоа веднаш го известува надлежниот суд. Ако осуденото лица и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски, надлежната пробациска канцеларија, во рок од три дена од информацијата за неисполнување на обврските, го известува судот и поднесува предлог за отповикување на условната осуда. Во случај на отповикување на условната осуда со заштитен надзор, пробациискиот службеник доставува извештај до казнено-поправната установа каде што лицето е упатено на издржување на затворската казна.[365]

2.3. УСЛОВНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Разликата од условната осуда и условната осуда со заштитен надзор со условното прекинување на кривичната постапка е тоа што првите две се состојат во осуда со кои се суспендира казната, а оваа алтернативна мерка е судска алтернатива на водењето на казнена постапка. Заеднички елемент на сите три алтернативни мерки е природата на условот, односно во определениот рок, сторителот на делото, да не стори ново кривично дело.[366]

---

[364] Види: Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).
[365] Ibid.
[366] Систем на алтернативни мерки со посебен осврт на состојбата на имплементација во Општина Прилеп. (2014). Прилеп: Здружение Центар за стратегии и развој „Пактис“, стр. 29.

Оваа мерка претставува судска алтернатива на кривичната постапка со која се одбегнува изрекувањето на пресуда. Истата се поистоветува со условната осуда, во делот кој се однесува на времето за проверка поради што е прекината постапката т.е. сторителот да не стори кривично дело. Оваа мерка ја унапредува улогата на оштетениот во кривичната постапка, при што доаѓаат до израз елементите на ресторативната правда. Оваа постапка се надоврзува со широката примена на начело на опортунитет на јавниот обвинител во кривичната постапка.[367]

Условното прекинување на кривичната постапка е определено за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до една година. При тоа судот може да одлучи по распитот на обвинетиот и сослушувањето и согласноста на оштетениот да ја прекине постапката, под услов сторителот во рокот во кој трае прекинувањето на постапката да не стори ново кривично дело. Со судската одлука, постапката може да биде прекината најмногу во рок од една година. Рокот на прекинување на постапката не се засметува во рокот на застареност на кривичното гонење.[368]

Постапката се запира ако сторителот во рокот на проверување не стори ново дело или ако во тој рок не се открие дека некое претходно сторено кривично дело. Судот при одлучувањето за применување на оваа мерка, го зема во предвид особено изразеното каење и извинување на сторителот, отстранувањето на последиците и надоместувањето на штетата предизвикана од кривичното дело.[369]

2.4. ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

Општокорисна работа (***community service order***) - Општокорисната работа е алтернативна мерка од понов датум. Имено, таа во нејзиниот современ облик за прв пат е воведена во англиското кривично законодавство со *Criminal justice act* од 1972 година. Сепак, се смета дека нејзиниот зародиш датира од многу поодамна (уште во XVI и XVII век), кога во Англија и Саксонија се применувала како самостојна санкција

[367] Саити, Џ., Арифи, Б., Девања, Ш., Божиновски, А. (2018). I. Казнената политика на судовите во Република Македонија и практична примена на законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната; II. Примената на алтернативните мерки со акцент на пробацијата во Република Македонија (правна анализа), стр. 90.
[368] Систем на алтернативни мерки со посебен осврт на состојбата на имплементација во Општина Прилеп. (2014). Прилеп: Здружение Центар за стратегии и развој „Пактис“, стр. 29-30.
[369] Ibid., стр. 30.

спрема ситни крадци, скитници, питачи итн., или, пак, како супституит на паричната казна спрема лицата кои не сакале или не можеле да ја платат.[370]

Иако модерниот развој на оваа санкција се поврзува за нејзиното прифаќање во казненото законодавство на Англија од 1972 година, историски погледнато наметнувањето работа како казнена санкција постоело уште многу одамна. Работната казна (*Arbeitsstrafe*) била позната уште во XVII век, кога таа му се наметнувала на лицето што не можело да ја исплати паричната казна.[371]

Нешто подоцна, примерот на Англија го следат и низа други европски држави, така што општокорисната работа како самостојна односно како заменска санкција (или, пак, како дополнителен услов или во комбинација со друг вид казна) денес е предвидена во законодавствата на Данска, Ирска, Португалија, Норвешка, Луксембург, Чешка, Финска, Шпанија, Холандија, Хрватска, Словенија итн.[372]

Општокорисната работа во Соединетите Американски Држави датира од крајот на шеесеттите години на XX век, кога во пресрет на растечката стапка на криминалитет, биле воспоставени голем број на програми за општествено корисна работа за да служат како алтернатива на казната затвор во случаите кога станувало збор за ненасилен криминалитет.

Казната може да се изрече како главна и како споредна (како обврска покрај условна осуда или пробација), а понекаде и како одговор на молбата за помилување по изречена осуда (Луксембург).[373]

Во Швајцарија обврската за вршење некаква работа успешно се применува во голем обем од 1974 година. Покрај тоа, од мај 1990 година во одделни кантони постои можност, краткотрајните казни лишување од слобода до 30 дена да се извршуваат во вид на општокорисна работа.[374]

Денес општокорисната работа е нормирана во голем број од законодавствата во светски рамки, што доволно говори за нејзината оправданост, примена и цели кои ги постигнува.

---

[370] Kalmthout – Tak, Sanction – Sistems in The Member States of Council of Europe, I & II (Deprivation of Liberty, Community Service and Others Substitutes) Deventer etc., 1988, 1992, p. 11, според: Каневчев, М. Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација. (2017). во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 3. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[371] Наведено според: Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 129.

[372] Подетално за решенијата во овие и во други држави види кај: Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 135-140.

[373] Šeparović, Zvonimir. (1981). Kriminologija i socijalna patologija. Zagreb: Pravni fakultet u Zagrebu, str. 701.

[374] Кајзер, Г. (1996). Криминологија. Скопје: Александрија, стр. 489.

2.4.1. Поим и правна природа на општокорисната работа

Општокорисната работа (*community service*, работи во корист на заедницата) е *алтернативна мерка* што се состои во *задолжителна неплатена работа определен број часови во слободното време на сторителот во корист на заедницата*.[375]

Оваа алтернативна мерка е форма на казнување која е наменета да биде од корист на општествената заедница што е оштетена од стореното казнено дело на сторителот.

Општокорисната работа можеме да ја дефинираме како *алтернативна мерка наменета за сторители на казнени дела од помалолетен вид и чии персонални карактеристики дозволуваат истите да останат во заедницата по стореното казнено дело, каде со нивна согласност би ја извршувале општокорисната работа, при што им се утврдува извршување на неплатена работа кај непрофитни организации, органи на државната управа или претпријатија и јавни установи кои вршат дејност од јавен интерес*.[376]

Самиот факт дека е потребна согласност на осуденото лице за работен третман на слобода, говори за доброволно учество на тоа лице во извршувањето на општокорисната работа. Со тоа се нагласува превентивната, односно ресоцијализирачката природа на оваа алтернативна мерка, како и вклученоста на заедницата во мерките на помош и надзор над осуденото лице. Сето ова создава реални претпоставки за одбегнување на кратките казни затвор доколку правилно се применува општокорисната работа.

Алтернативната мерка општокорисна работа се изрекува кога постојат точно детерминирани услови и околности со цел да се овозможи нејзино правилно извршување, како и да се добијат очекуваните резултати.

Меѓу потребните услови се тежината на кривичното дело, бројот на работните часови што го претставуваат нејзиното минимално односно максимално траење, околностите врзани за личноста и состојбата на сторителот, како и неговата согласност.[377]

---

[375] Камбовски, В. (2011). Казнено право : општ дел – четврто, изменето и дополнето издание. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 504.

[376] Jovanov, I. (2024). The application of the alternative measure community service order as an alternative to short prison sentences in the suppression of less serious crimes. *Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World"*, Vol. 11, No. 11, pp. 82-91. Shtip: Faculty of Law, Goce Delchev University. https://doi.org/10.46763/SCGW241082j

[377] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 131.

Тежината на кривичното дело е одлучувачкиот фактот од кој зависи дали може да се изрече општокорисна работа, но нејзината содржина и траењето мора да се определуваат според личноста на сторителот на кривичното дело, неговата семејна состојба, фактот дали сторителот е вработен или не, како и неговата согласност за вршење на општокорисна работа.

Во однос на бројот на работните часови што го претставуваат нејзиното минимално, односно максимално траење, мораме да истакнеме дека е потребно да се обезбеди сразмерност помеѓу казната затвор што му се заканувала на сторителот за извршеното казнено дело и бројот на работни часови што го претставуваат траењето на општокорисната работа. Целта е да се обезбеди поголема праведност при казнувањето на различни сторители на казнени дела, имајќи ги предвид околностите под кои е извршено самото казнено дело, како и индивидуалните карактеристики на сторителот.

Согласноста од сторителот на казненото дело е еден од суштинските елементи на општокорисната работа без чие постоење не може да се изрече ни да се примени оваа мерка спрема сторител на казнено дело. Ова поради самата суштина на оваа алтернативна мерка од која произлегува дека истата може да има успех само ако сторителот е свесен за предностите и е согласен да се придржува кон поставените услови и наметнатите ограничувања при извршувањето на мерката. За да може од сторителот да се добие недвосмислена согласност, неопходно е претходно истиот да се запознае со смислата, ефектите и последиците од дадената согласност.

Како проблем се јавува прашањето за тоа кој ќе се грижи за нејзиното спроведување, кој ќе врши контрола и надзор[378] и ќе биде одговорен за правилното исполнување на работните задачи. Најчесто овластувањата во однос на општокорисната работа се во рацете на пробациската служба чии вработени се остручуваат за имплементација на општокорисната работа.[379]

Важен е и ставот на јавноста во однос на оваа санкција. Ова можеби повеќе е проблем за креаторите на казнената политика кои мора првин да создадат погодно милје врз кое ќе се заснова примената на општокорисната работа. Јавноста мора постојано да се информира за новините во казнената политика, предностите што тие ги имаат и кон какви ефекти водат. Меѓутоа, недоволно информираната јавност обично

[378] Дилеми предизвикува прашањето дали надзорот да го вршат лица од пробациската служба или лица од органот, односно службата каде што се извршува работата, Resolution (76) 10, 36, наведено според: Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 198.
[379] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 132.

покажува отпор кон примената на оваа санкција што го отежнува нејзиното правилно извршување.[380]

2.4.2. Местото на општокорисната работа во казнениот систем

Интересно е местото за кое општокорисната работа се изборила во одделни законодавства. Таа во најголемиот дел од нив е законски регулирана како самостојна и независна казна, со честа примена и богата практика. Во некои случаи забележуваме нејзино регулирање само како заменска казна за казната затвор, при што првин се одмерува и изрекува казна затвор, а потоа, доколку се исполнети определени услови и доколку постои согласност од осуденото лице, затворот може да се претвори во општокорисна работа. Значи, се работи за казна што нема самостоен карактер и најчесто самите одредби што ја регулираат носат назив замена за казната затвор и се поместени помеѓу одредбите за затвор и парична казна.[381]

Имено, местото на оваа мерка, во голема мера, зависи од националната јурисдикција.

Од патот по кој минала општокорисната работа кон своето осамостојување се забележува дека во голем број држави првин се започнало со експериментирање кое во некои случаи било долгогодишно и дури потоа нашла свое место во законодавството.[382]

Мораме да истакнеме дека иако постојат многубројни форми на општокорисна работа кои можат да бидат од корист за заедницата, сепак мора да постои директна врска помеѓу општокорисната работа и казненото дело. Така, на пример, напуштени се оние форми на општокорисна работа во кои се инволвирани јавни организации кои немаат никаква поврзаност со сторителот или со казненото дело.

2.4.3. Општокорисната работа во македонското казнено законодавство

Општокорисната работа во македонското казнено законодавство е воведена со реформата на македонскиот Кривичен законик од 2004 година[383].

Суштината на оваа алтернативна мерка е да се одбегне казнувањето и призонацијата на сторителот, така што ќе се обврзе во слободното време и со негова согласност бесплатно да одработи определен број часови во полза на заедницата. На тој начин тој се подложува на специфичен работен третман на слобода, без притоа да се

[380] Ibid., стр. 132-133.
[381] Ibid., стр. 134.
[382] Ibid.

прекинат врските со социјалната средина (семејството, пријателите, роднините, колегите од работа итн.), со што едновремено се избегнуваат бројните негативни консеквенции од неговата изолација во затворска установа.[384]

По својата суштина алтернативната мерка општокорисна работа се смета за алтернатива, пред сѐ, на кратките казни затвор, бидејќи тие се надоврзуваат на полесните казнени дела.

Општокорисната работа се изрекува како казна откако ќе се утврди дека се исполнети потребните услови во однос на тежината на кривичното дело, затворската казна што се заканувала, се добила согласност од сторителот, се утврдило соодветното место каде што ќе се врши неплатената[385] работа и притоа се пристапува кон нејзино конкретно спроведување[386].

Македонскиот Кривичен законик пропишува дека мерката општокорисна работа може да се примени како самостојна или како заменска санкција.

Имено, согласно член 58-б став 1 од Кривичниот законик, за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години судот може, со согласност на сторителот, да му изрече мерка на општокорисна работа на слобода, ако делото е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано не бил осудуван.

Согласно став 2 од истиот член, мерката се изрекува во траење од 40 до 240 часа, што осудениот е обврзан да ги одработи без надоместок во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, и не пократко од пет часа неделно, во период најмногу до 12 месеца. Кога постојат здравствени или оправдани лични и семејни причини судот може да го продолжи извршувањето на мерката најмногу уште за шест месеци.

Со овие законски услови е определен *основниот облик* на оваа алтернативна мерка, за која се битни: тежината на стореното казнено дело, поранешната неосудуваност на сторителот, согласноста на сторителот и извршувањето на неплатена

---

[383] Види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр. 19/04).

[384] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2016). Македонско кривично право : општ дел – осмо, изменето и дополнето издание. Скопје: Стоби Трејд – Кочани, стр. 399.

[385] Посебно се инсистира врз неможноста општокорисната работа да значи остварување профит за организацијата каде што таа се врши, бидејќи тоа би ја загрозило суштината на алтернативната казнена политика, види кај: Jung, H. General Report of the Conference, Privatisation of Crime Control, 18th Criminological Research, Vol. XXVII, Strasbourg, 1990, pg. 111-124, наведено според: Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 133.

[386] Види детално кај: Vass, A. (1992). Alternatives to Prison – Punishment, Custody and the Community, SAGE Publication, London, pg. 117, наведено според: Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 133.

работа во слободното време на сторителот, чиешто времетраење го определува судот во законски пропишаните граници.

По примерот на кривичните законодавства во низа европски држави (Финска, Шпанија, Холандија, Словенија, Хрватска итн.), нашиот КЗ ја предвидува можноста општокорисната работа да се примени и како заменска санкција за изречена парична казна или казна затвор.[387]

Имено, покрај основниот облик на оваа алтернативна мерка, Кривичниот законик пропишува дека општокорисната работа може да се примени како *заменска мерка* за изречена парична казна или казна затвор (член 58-б став 3). Согласно одредбата од овој став, кога судот ќе изрече парична казна до 90 дневни глоби или 1.800 евра во денарска противвредност или казна затвор до три месеца, може истовремено да одлучи, по барање на осудениот, за замена на казната со општокорисна работа, при што еден ден затвор, дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност се заменуваат со три часа општокорисна работа со тоа што вкупниот збир на часови не може да надмине 240 часа. При одлучувањето за замена на казната со мерката на општокорисна работа судот ќе ја земе предвид тежината на делото, степенот на кривичната одговорност, поранешната неосудуваност на сторителот и извршеното надоместување на штетата или отстранување на другите штетни последици на делото.

Функција на заменската мерка е одбегнување на извршување на казната, нејзино одработување со работен третман на слобода, со тоа што заменетата казна лебди како постојано застрашување врз сторителот дека може да биде извршена ако не ги исполнува наложените работни обврски.[388]

Смислата на оваа мерка, како *санкција во заедницата*, е државните органи, јавни претпријатија и други институции во кои осудениот треба да работи, да ја преземат сета грижа, помош и надзор над него во периодот на работниот третман.[389]

Со оглед на тоа што општокорисната работа претставува судска алтернативна, следува дека надзорот над исполнувањето на обврските од страна на осуденото лице е во надлежност на судот. Па така, согласно член 58-б став 4 од КЗ, надзор над исполнувањето на обврските на осудениот врши надлежен орган согласно закон.

---

[387] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2016). Македонско кривично право : општ дел – осмо, изменето и дополнето издание. Скопје: Стоби Трејд – Кочани, стр. 400.
[388] Камбовски, В. (2011). Казнено право : општ дел – четврто, изменето и дополнето издание. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 505.
[389] Ibid.

Надзорот се однесува на исполнувањето на работните обврски на осуденото лице, а кои се определени со оваа алтернативна мерка и во вршењето на надзорот судот може да донесе два вида одлуки: за *модифицирање на мерката* и за *замена на општокорисната работа со парична казна или со казна затвор*. Имено, во член 58-б став 5 од КЗ е предвидено ако осуденият не ги исполнува или неуредно ги исполнува своите работни обврски, надлежниот орган согласно со закон писмено го опоменува, а ако тој продолжи со таквото однесување судот по предлог на надлежниот орган согласно со закон ќе го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што, за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. При одлучувањето за замената со парична казна или казна затвор судот ќе се раководи од тежината на делото, степенот на кривичната одговорност и односот на осуденият кон изречената мерка на општокорисна работа.

Согласно член 58-б став 6 од КЗ, ако осуденият не ја извршува општокорисната работа, изречена како замена за паричната казна или казната затвор (од ставот 3), судот донесува одлука за извршување на изречената казна. Работната обврска што сторителот ја исполнил се засметува во казната, при што за секои три часа општокорисна работа се засметува еден ден затвор или една дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност.

Согласно одредбите од член 17 од Законот за пробација, правосилната и извршна одлука со која е изречена општокорисна работа, судот во рок од 15 дена од денот кога одлуката станала извршна ја доставува до месно надлежната пробациска канцеларија и организационата единица во Управата која ги врши пробациските работи. За одлуката со која е изречена општокорисна работа, месно надлежната пробациска канцеларија ги известува Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, Министерството за внатрешни работи и работодавачот кај кој осуденото лице е во работен однос.

КЗ таксативно ги набројува органите и организациите во кои може да се организира општокорисна работа: државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, а Законот за пробација (чл. 19 ст. 1) предвидува можност таа да се извршува и во единици на локалната самоуправа, како и во други правни субјекти кои вршат дејност во која може да се оствари нејзината цел. Бидејќи

станува збор за извршување на санкција, овде е вклучено и Министерството за правда, преку Управата за извршување на санкции.[390]

Во член 22 став 1 од Законот за пробација (во понатамошниот текст: ЗП) е пропишано дека осуденото лице до надлежниот судија за извршување на санкции може да поднесе молба со соодветни докази привремено да му се прекине извршувањето на општокорисната работа во случај на: акутна болест; ненадејна тешка болест или смрт на член на потесното семејство, согласно со одредбите со кои се регулираат прашањата од областа на семејното право; бременост или родителство до навршување една година старост на детето, како и во случај на извршување на итни работи предизвикани од елементарни непогоди со што би се спречило настанување на значителна материјална штета.

Во член 22 став 2 од ЗП е пропишано дека по молбата за прекин, поднесена од осуденото лице, судијата за извршување на санкции одлучува во рок од осум дена од приемот на молбата, по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител.

Согласно член 22 став 3 од ЗП, осуденото лице на кое му е одобрен прекин на извршувањето на општокорисната работа од причини наведени во ставот 1 алинеја 1 е должно секој месец да доставува потврда за неговата здравствена состојба до судијата за извршување на санкциите. Надлежниот судија за извршување на санкциите ќе ја отповика одлуката за прекин за извршување на општокорисна работа доколку се утврди дека причините поради кои е одобрен прекинот престанале да постојат или осуденото лице го користи спротивно на целта заради која е определен.

Во одредбите од член 22 ставови 4, 5, 6 и 7 од ЗП е пропишано дека предлог за отповикување на решението може да поднесе и надлежниот јавен обвинител. Решението од член 22 став 2 од ЗП се доставува до осуденото лице, надлежниот јавен обвинител, месно надлежната пробациска канцеларија и правниот субјект кај кој осуденото лице ја извршува општокорисната работа. Против решението на судијата за извршување на санкции, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата во рок од три дена од приемот на решението. Во случај на прекин на извршувањето на општокорисната работа, времето на прекин не се засметува во вкупното време определено за извршувањето на општокорисната работа.

[390] Каневчев, М. (2017). Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 5. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Законот за пробација во член 23 предвидува дека ако осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски, правниот субјект е должен најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските или грубото занемарување на работните обврски, да ја извести месно надлежната пробациска канцеларија. Ако месно надлежната пробациска канцеларија утврди дека осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски го повикува осуденото лице на разговор и го опоменува, а за тоа веднаш ќе го извести судот кој ја донел одлуката во прв степен. Ако осудениот и по писмената опомена продолжи со таквото однесување, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. Ако осудениот не ја извршува општокорисната работа изречена како замена за паричната казна или казната затвор, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да донесе одлука за извршување на изречената казна.

Согласно член 24 од ЗП, за време на извршувањето на општокорисната работа месно надлежната пробациска канцеларија поднесува извештај до судот кој ја донел одлуката во прв степен два пати, од кои еден извештај на половина од извршувањето на општокорисната работа и вториот извештај најдоцна во рок од 15 дена од денот на извршувањето на општокорисната работа. Месно надлежната пробациска канцеларија го поднесува извештајот и по барање на судот.

2.4.4. Предности и недостатоци на општокорисната работа

Теоретски, има придобивки од примената на општокорисната работа во контекст на казнената правда: таа ги задоволува двојните барања да биде и ресторативна (бара од поединецот да ѝ надомести на јавноста за предизвиканата штета) и ефикасна (намалување на финансиските трошоци поврзани со традиционалните казни, како што е затворот). Практиката, исто така, има потенцијал да биде помалку оптоварувачка за обвинетите отколку повеќе традиционалните резолуции на случаи, со намалување на долгот за казнена правда поврзан со казни и такси или замена на затворањето со алтернатива заснована на заедницата. Во исто време, малку е познато за санкциите за општокорисна работа, вклучувајќи го и степенот до кој општокорисната работа во моментов се користи како алтернатива на затворањето или паричните санкции, како и дали казните за општокорисна работа доведуваат до подобри резултати за осудените

(на пример, намален рецидивизам, опаѓачки колатерални последици, подобрени перцепции за правда) или за заедниците (на пример, реставрација на јавни простори).[391]

Останувањето на слобода, задржувањето на работниот однос, можноста да се прилагоди видот на работата според тежината на делото и психофизичките својства на личност се неспорни предности на оваа алтернативна казна. Кон тоа се истакнува дека со нејзина примена се остварува обештетување на заедницата, се смалува затворската популација и проблемите што оттаму произлегуваат, како и тоа дека не создава материјални тешкотии кај оние за кои паричната казна претставува голем товар.[392]

Казнената политика на многу судови бележи зголемување на изречените парични казни, без оглед на способноста на осуденото лице истата да ја плати, па практиката забележува акумулација на парични казни, но и судски такси, кои се непропорционални со тежината на стореното казнено дело. Воедно, за неплаќање на паричните казни, законодавецот предвидел можност истите да се заменат со ефективна казна затвор, што е контрадикторно и од аспект на тежината на извршеното казнено дело. Имено, доколку судот сметал дека за стореното казнено дело на сторителот треба да му се изрече ефективна казна затвор, таква казна и ќе била изречена. Со евентуалната замена на неплатените парични казни со ефективна казна затвор, се остава простор за зголемување на бројот на краткотрајни казни затвор. Како одговор на зачестеното изрекување на парични казни, општокорисната работа се чини дека е логична алтернативна мерка, особено за поединци кои би можеле да ја „одработат“ својата санкција за стореното казнено дело.

Освен трошочните аспекти, во прилог на општокорисната работа како алтернативна главна казна зборува и можноста од комбинирање на различните цели на казнувањето, што на овој начин може да бидат остварени: казненото зло за сторителот се состои во одземање на слободното време, што во денешното општество сè повеќе се цени; обесштетувањето се врши преку социјална работа за општеството; ресоцијализацијата на сторителот се олеснува со тоа што зафатов не ги нарушува неговите социјални контакти, а се унапредува со тоа што тој преку работата се учи на константно трудово поведение, го развива чувството на социјална одговорност и сè повеќе се здобива со самодоверба.[393]

[391] Picard, S.; Tallon, J. A.; Lowry, M.; Kralstein, D. (2019). Court-Ordered Community Service: A National Perspective. New York: Center for Court Innovation, pg. 1-2.
[392] Сулејманов, З. (2001). Криминална политика. Скопје: Графохартија, стр. 342-343.
[393] Според: Кајзер, Г. (1996). Криминологија. Скопје: Александрија, стр. 488.

Во теоријата, некои автори[394] наведуваат дека „оваа казна има еклатантни недостатоци“. Меѓу нив секако дека на прво место треба да се истакне дека кај оваа санкција во основа се работи за присилна работа што е во спротивност со меѓународните конвенции за правата на човекот кои забрануваат каква и да е присилна работа.[395]

Не е безначаен и приговорот дека тешко може да се најдат и успешно да се организираат јавни работи каде што може да дојде до вистински израз суштината на оваа мерка (казна). Меѓутоа, и тогаш кога овој проблем би бил успешно решен се поставува прашањето дали е правично во услови на голема невработеност да се организираат јавни работи за оние што се огрешиле спрема општеството наместо за армијата на оние кои и покрај сите проблеми останале чесни спрема заедницата.[396]

Не би можеле да се согласиме со таквото сфаќање, од причина што кај општокорисната работа во никој случај не станува збор за присилна работа. Имено, за извршување на општокорисната работа е неопходна согласност од сторителот на казненото дело. Неговата согласност е неопходна затоа што се смета дека работата заснована врз принуда, односно работата што осуденото лице ја одбива, би немала ниту смисла, ниту ефект. Воедно, увидовме дека работата во корист на заедницата се извршува во слободното време на сторителот. Дополнително, постојат бројни дејности во кои може да се извршуваат работи од јавен интерес, што во ниту еден случај не би им попречиле на оние лица кои се во потрага по работа.

Сметаме дека со соодветна и широка примена на општокорисната работа како алтернатива на казната затвор би се влијаело позитивно на самиот пенитенцијарен систем.

Можеме да констатираме дека предностите на општокорисната работа преовладуваат врз недостатоците, односно врз критиките на истата. Воедно, општокорисната работа има очигледни предности и големо значење во казнено-правниот систем на државата од причини што е поевтина за разлика од казната затвор, не предизвикува депривации кај осуденото лице во споредба со кратките казни затвор, а истовремено овозможува општествената заедница активно да се вклучи при извршувањето на самата мерка.

[394] Види: Сулејманов, З. (2001). Криминална политика. Скопје: Графохартија, стр. 343.
[395] Ibid.
[396] Ibid.

2.5. СУДСКА ОПОМЕНА

Во нашето кривично законодавство судската опомена е кривична санкција од релативно понов датум. За прв пат беше воведена со Новелата од 1959 година. И таа стои на линијата на хуманизација на кривичното право и на неговото прилагодување кон вистинските потреби на општеството во борбата против престапот. Замислена е како вид на реакција врз полесни кривични дела на (главно) неосудувани лица, кои делото го сториле под посебни околности што го прават посебно лесно.[397]

За разлика од условната осуда и условната осуда со заштитен надзор, каде е присутна заканата од казна кон сторителот доколку во времето на проверка изврши нови кривично дело, кај судската опомена предупредувањето треба да изврши улога на ставање на знаење на сторителот, што ќе го очекува ако продолжи со криминални активности, односно се состои во обично предупредување. Мнозинското го брани ставот дека судската опомена е современ, хуманизиран облик на реакција, погодна за одбегнување на особено проблематичните краткотрајни казни затвор, со доволен социјално-превентивен и генерално-превентивен капацитет[398], изразен низ очекувањето дека е доволно ефикасна за да влијае врз сторителот кој држи до сопствената чест и углед, како и за јакнење на општите морални вредности и почитувањето на правните норми.[399]

Судската опомена е посебна автономна алтернативна мерка, што значи може да се изрекува самостојно како и секоја друга кривична санкција. Нејзина цел е спрема кривично одговорен сторител да не се примени казна за полесни кривични дела кога тоа не е нужно и кога може да се очекува дека самото предупредување доволно ќе влијае врз сторителот веќе да не врши кривични дела. Иако се исцрпува со вербално упатување прекор, опомената јавно го декларира социјално-етничкиот негативен суд за делото, вршејќи на тој начин функција на мерка која на јасен начин го предупредува сторителот дека ако продолжи да врши кривични дела спрема него ќе се реагира со построги мерки. Предупредувањето не губи ништо поради тоа што е лишено од заканата со казна, својствена за условната осуда, според кој елемент тие меѓусебно битно се разликуваат иако ги поврзува иста идејна основа.[400]

---

[397] Марјановиќ, Ѓорѓи. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 341.
[398] Камбовски, Владо. (2006). Казнено право - општ дел (3 изм. изд.). Скопје, стр. 742.
[399] Види: Систем на алтернативни мерки со посебен осврт на состојбата на имплементација во Општина Прилеп. (2014). Прилеп: Здружение Центар за стратегии и развој „Пактис“, стр. 32.
[400] Види: Проевски, Ванчо. (1986). Кривично право – општ дел. Скопје: Студентски збор, стр. 461.

Одлуката во која е изречена судска опомена го потенцира превентивниот карактер и содржи латентен ретрибутивен елемент кој се состои во навестување казна во случај на повторно извршување на делото и фактички елемент во смисла на јавна осуда на сторителот насочена кон негово омаловажување. Всушност се работи за посебна специјално-превентивна мерка што го остварува своето дејство преку морален прекор и јавно неодобрување за стореното дело.[401]

Нејзина цел е, како и кај условната осуда, спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека самото предупредување доволно ќе влијае врз сторителот веќе да не врши кривични дела.[402]

Судската опомена како вид на специфична алтернативна мерка на предупредување се одредува на одговорен полнолетен сторител за полесен вид на казнено дело. Таа е опомена од општеството упатена кон сторителот на казненото дело заради извршеното дело, но истовремено е и предупредување за сторителот во иднина да не врши казнени дела бидејќи ќе биде потешко казнет. Судската опомена се изрекува на сторител (кој нема криминогена склоност) на лесно казнено дело, дело од мало значење, но сепак на дела кои немаат карактер на незначителна општествена опасност. Оваа мерка не може да се изрече на малолетен сторител на казнено дело.

Сторителот на казненото дело на кого му се изрекува судска опомена се смета за осудено лице, се внесува во казнената евиденција, а при извршување на ново казнено дело (додека се избрише по протекот на една година од денот на правосилноста на судската одлука) истото се смета за повrат.

Судската опомена е најблага санкција која се применува за полнолетни сторители на казнени дела, не ги ограничува правата и слободите на сторителот и претставува облик на реагирање кај најлесните видови казнени дела. Тоа значи дека е социјално-етички прекор за стореното дело, а истовремено ги предупредува сторителите на казнените дела дека ако извршат ново казнено дело можат да очекуваат построга казнена санкција. Судската опомена има нагласен специјално-превентивен карактер, насочен кон сторители на полесни казнени дела.[403]

---

[401] Види: Систем на алтернативни мерки со посебен осврт на состојбата на имплементација во Општина Прилеп. (2014). Прилеп: Здружение Центар за стратегии и развој „Пактис“, стр. 32.
[402] Марјановиќ, Ѓорѓи. (2003). Македонско кривично право – општ дел (шесто, изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје, стр. 341.
[403] Буџакоски, С. (2008). Казнено право – општ дел. Скопје: Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, стр. 331-332.

Согласно одредбата од член 59 став 1 од Кривичниот законик, судската опомена може да се изрече за кривични дела за кои е пропишан затвор до една година или парична казна, а се сторени под такви олеснувачки околности кои ги прават особено лесни. Согласно ставот 2 од истиот член, за определени кривични дела и под услови предвидени со закон, судска опомена може да се изрече и кога е пропишан затвор до три години. Ставот 3 од истиот член пропишува дека судот може да изрече судска опомена за повеќе кривични дела сторени во стек, ако за секое од тие дела постојат услови од ставовите 1 и 2. Согласно одредбата од ставот 4 на истиот член, при одлучувањето дали ќе изрече судска опомена судот, водејќи сметка за целта на судската опомена, посебно ќе ги земе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршеното кривично дело, степенот на кривичната одговорност и другите околности под кои е сторено делото.

Согласно одредбите од процесното казнено законодавство, судска опомена се изрекува со решение.[404]

Алтернативната мерка судска опомена се изрекува со одлука во форма на решение со кое обвинетиот се огласува за виновен и ги содржи елементите на осудителна пресуда (чл. 404 од ЗКП), но со исклучоците пропишани во чл. 502 од ЗКП. Причината зошто оваа алтернативна мерка се изрекува со решение треба да се бара во нејзината природа на алтернативна мерка која судот ја определува кога ќе оцени дека целта на казнувањето може да се оствари и со мерка која содржи само предупредување, но и поради фактот дека таа се изрекува за најлесните кривични дела (по правило за кривични дела за коишто е пропишана парична казна или затвор до една година, а по исклучок и за дела за кои е пропишана казна затвор до три години (чл. 59 од КЗ) кои се сторени под особено олеснувачки околности.[405]

[404] Согласно член 501 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018).

2.6. КУЌЕН ЗАТВОР

Куќниот затвор е алтернатива на затворот од понов датум. Сепак, некои автори тврдат дека првите негови (рудиментарни) облици датираат уште од XIX век, кога за политичките деликвенти започна да се применува третман различен од оној за обичните деликвенти: т.н. *custodia honesta*, забрана за напуштање на домот и сл.[406] Денес го познаваат поголем број европски, но и други држави, како што се: Англија, Шведска, Холандија, Италија, Шпанија, Турција, Русија, САД итн.

При самите зачетоци на воведувањето на куќниот затвор во казнено-правните системи, истиот бил претставуван како ефикасно средство за намалување на пренатрупаноста во затворските установи. Во насока на афирмирање на куќниот затвор било истакнувано дека придобивките од неговото изрекување вклучуваат зачувување на врските на осуденото лице со семејството и заедницата, но и помали финансиски трошоци за државата.

Идејата на куќниот затвор е на осуденото лице да му се одземе или ограничи слободата на движење, односно лицето спрема кое се извршува куќниот затвор не смее да ја напушти просторијата во која ја издржува оваа санкција.

Куќниот затвор има двојна природа. Имено, од една страна, претставува специфичен начин на извршување на казната затвор, а од друга страна, претставува алтернативна кривична санкција, односно замена за казната лишување од слобода. Куќниот затвор се смета за „поевтина“ кривична санкција во однос на „класична казна затвор“, а со нејзината примена се придонесува за значителни заштеди на општествените ресурси, како и на државниот буџет. Со примената на куќниот затвор се избегнува и прекумерното оптоварување на казнено-поправните установи кои се надлежни за извршување на казните затвор. Несомнено е големото општествено значење на куќниот затвор, бидејќи означува промена во хуманизацијата на извршувањето на казната затвор, особено кога станува збор за полесни форми на криминалитет.

По својата правна природа меркава претставува модификација на начинот на извршување на ефективната казна затвор, затоа што осудениот наместо во затворска установа казната ја издржува во домашни услови. На тој начин се одбегнуваат бројни

---

[405] Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т., Јанкуловска, П. и Кадиев, Д. (2018). Коментар на Законот за кривичната постапка. Скопје: ОБСЕ, стр. 996.
[406] Камбовски, В. (2004). Казнено право (општ дел). Скопје: Култура, стр. 959.

штетни последици од затворањето: т.н. криминална инфекција, затворските депривации, стигматизацијата на осуденият по издржувањето на казната, одделувањето од неговата дотогашна социјална средина (потесното и поширокото семејство, пријателите, колегите на работното место итн.). Едновремено, нејзината поширока примена (заедно со другите алтернативни мерки) може да придонесе за ублажување на проблемот со пренатрупаноста на затворите како и за растоварување на државниот буџет.[407]

Таа главно е резервирана за полесните кривични дела за кои може да се изрече затвор до една или до три години, а поретко и до четири години (Италија), како и за посебна категорија сторители односно осудени (стари, болни, изнемоштени, бремени жени, малолетници и сл.). Исто така, за нејзина примена, по правило, треба да бидат исполнети и некои други претпоставки: согласност на осуденият, тој да има свој дом или други простории во кои живее, да има предуслови во семејството за издржување на казната во домашни услови итн.[408]

Алтернативната мерка куќен затвор има за цел да го заштити осуденото лице од негативните последици од престојот во казнено-поправната установа. Нејзината примена, КЗМ ја врзува за казненото дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор од една година (релативно лесно казнено дело) и за одредени категории сторители на казнени дела (стари, изнемоштени лица, тешко болни лица и бремени жени). Исто така, се бара согласност од осуденото лице казната да ја издржува во куќен затвор.[409]

Имено, ако сторителот на кривичното дело за кое е пропишана казна затвор до три години, а е стар и изнемоштен, тешко болен или е бремена жена, судот може да му изрече казна затвор и истовремено да одлучи, со негова согласност казната да ја издржува во куќен затвор. Судот може да ја замени казната затвор со куќен затвор ако постојат услови за користење на современи електронски или телекомуникациски средства да се контролира извршувањето на куќниот затвор што се состои во забрана за напуштање на домот од страна на осуденото лице.

---

[407] Каневчев, М. (2017). Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 6-7. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[408] Ibid., стр. 7.

[409] Арнаудовски, Љ.; Груевска – Дракулевски, А. (2013). Пенологија – наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (втор дел), Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, стр. 303.

Првиот законски услов, значи, е да се работи за кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор до пет години, со тоа што изречената казна е лимитирана на затвор до три години. Со ваквото комбинирано решение (пропишана и изречена казна од определена тежина), воведено со Новелата на КЗ од декември 2015 година (СВ 226/15-4), нашиот законодавец го напушти првичното решение, според кое куќниот затвор беше резервиран само за лесните кривични дела, за кои е пропишана парична казна или затвор до една година. Имено, тој се определи да ги уважи сугестиите на кривично-правната теорија и да го следи примерот на европските и други законодавства во кои кругот на делата врз кои може да се применува оваа алтернативна мерка е поширок, така што таа доаѓа предвид не само кај лесните, туку и кај среднотешките кривични дела.[410]

Вториот услов е сврзан со категоријата на осудени лица спрема кои може да се примени меркава. КЗ таксативно го определува кругот на тие лица: стари и изнемоштени лица, тешко болни или бремени жени. Се чини дека овој услов не требаше да се постави толку круто и изречно да се лимитира, туку со една генерална клаузула да се допушти можност таа да им се изрекува и на некои други категории осудени лица (на пример: жени-доилки, родители на многудетни семејства или на семејства во кои има едно или повеќе деца со посебни потреби, лица кои имаат обврска да се грижат за тешко болни, стари, изнемоштени или хендикепирани членови на нивното семејство итн.). Што се однесува до старосната граница пак, можеби ќе беше подобро таа изречно да се определи, на пример, на 60 или 65 години, како што е тоа случај во некои европски законодавства (Шпанија, Турција), за да се одбегне можноста од екстензивно толкување, како од евентуални злоупотреби.[411]

Натамошен (облигаторен) услов е согласноста на сторителот изречената казна затвор да се замени со куќен затвор. Заради обезбедување на ваквата согласност судот ќе мора претходно подробно да му ја објасни на сторителот суштината на оваа мерка, да му укаже на неговите обврски, кога и како треба да ги исполнува и да го предупреди на консеквенциите од нивното неисполнување. Но, пред тоа судот мора да се осведочи дека е исполнета основната претпоставка за успешна примена на оваа мерка: дали сторителот има свој дом или други простории во кои живее или престојува.[412]

---

[410] Каневчев, М. (2017). Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 7. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.
[411] Ibid., стр. 8.
[412] Ibid.

Со примена на куќниот затвор, на осуденото лице му се овозможува да остане во својата општествена средина, а му се ограничува неговото право на слободно движење. На осуденото лице му е ограничено излегувањето од својот дом, а судот е законски задолжен да извршува надзор над извршувањето на оваа алтернативна мерка. Прекршувањето на забраната за излегување од својот дом е причина судот да донесе одлука за извршување на казната во казнено-поправна установа.

КЗ пропишува дека надзорот над извршувањето на куќниот затвор го врши судот (а по дополнувањата извршени со Новелата на КЗ од декември 2015 година) и надлежниот орган согласно закон (чл. 59-а ст. 3). Тоа практично значи дека оваа задача е во компетенција на првостепениот судечки суд (односно на судијата за извршување на санкциите во судот што ја заменил ефективната казна затвор со куќен затвор), како и на Управата за извршување на санкциите, односно на Секторот за пробација, како нејзина организациона единица (чл. 3 и 25 ЗП), до кој во рок од 15 дена се доставува правосилната и извршна судска одлука со која е изречен куќен затвор со електронски надзор. Меѓутоа, КЗ допушта можност (по овластување на судот) определени мерки на надзор да врши и полицијата во местото во кое се наоѓа домот на осудениот, со обврска за редовно известување на судот (чл. 59 - а, ст. 3), а Законот за пробација пак, предвидува дека при вршењето на електронскиот надзор пробациските службеници соработуваат со Министерството за внатрешни работи или друго надлежни органи (чл. 25 ст. 5). Инаку, опремата со која се следи движењето на осудениот и неговата местоположба во просторот, ја поставува пробациски службеник, кој ги дава потребните упатства за нејзино користење, а целокупното спроведување на електронски контролираниот куќен затвор, како и управувањето со опремата го врши Управата за извршување на санкциите (чл. 25. ст. 3 и 4 ЗП).[413]

Во случаите кога осудениот ќе ја прекрши забраната за напуштање на домот, судот *може* да одлучи заменетата казна затвор да се изврши во целост во установа за извршување на казна затвор (член 59 - а став 4 КЗ). Тоа значи дека замената на куќниот затвор со класичен затвор е предвидена факултативно. Се чини дека законодавецот тоа требаше да го статуира облигаторно, бидејќи не гледаме како поинаку може да се постапи во случаите кога осудениот упорно ја прекршува забраната за напуштање на домот. Од друга страна, КЗ не содржи одредби за постапката според која куќниот затвор ќе се заменува со класичен затвор, за роковите во која таа треба да се спроведе,

[413] Ibid., стр. 10-11.

за тежината на прекршувањето на забраната за напуштање на домот (што за консеквенција ќе има упатување на осуденият во затворска институција), за субјектите што ќе ја иницираат итн. Сите овие прашања требаше да се уредат со КЗ или пак со Законот за пробација. За жал, во нив е уредено само последното. Имено, според дополнувањето на ст. 4 на чл. 59-а КЗ (извршено со споменатa Новела од декември 2015 година), како и според чл. 32 ст. 2 и 3 ЗП, во случаите кога осуденият не се придржува кон забраната за напуштање на домот, пробациските службеници од месно надлежната пробациска канцеларија усно го опоменуваат и за тоа веднаш (а најдоцна до три дена) го известуваат судот. Ако осуденият продолжи со такво однесување, тие ќе му предложат на судот заменетата казна затвор целосно да се изврши во казнено - правна установа.[414]

Можеби би било добро (*de lege ferenda*) да се размислува оваа алтернатива да се комбинира со условниот отпуст, така што условно отпуштениот определен дел од остатокот на казната затвор наместо на слобода да го доиздржува дома. Тоа би била некаква варијанта на сегашниот условен отпуст, која би се применувала кога судот нема да му определи на осуденият заштитен надзор или пак кога ќе процени дека сепак постои ризик тој веднаш да се остави на целосна слобода (особено во случаите кога не е докрај убеден дека нема да стори ново кривично дело). Во такви случаи можеби е подобро осуденият извесно време да престојува во својот дом, а потоа да продолжи да го доиздржува остатокот од казната во услови на целосна слобода (со или без заштитен надзор). Куќниот затвор би можел да се применува и во обратна ситуација - во случаите на отповикување на условниот отпуст. Наместо условно отпуштениот веднаш да се врати во затворот, би можело дел од единствената казна (за претходното и за новото дело) да ја издржува во домашни услови. Патем, постоењето на ваков комбиниран пристап веројатно би ги охрабрило судовите пошироко да го применуваат условниот отпуст. Имено, познато е дека во досегашната практика тие беа мошне воздржани кога овој институт требаше да се примени кај потешките дела, а особено кај повратниците. Од друга страна, ваквото решение би било на линија на настојувањето на државата да го ублажи акутниот проблем сврзан со пренатрупаноста на затворите.[415]

[414] Ibid., стр. 11.
[415] Ibid., стр. 7-8.

3. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА ОСУДЕНИ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА СПОРЕД ВИДОТ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2023 ГОДИНА

Подготвеноста за практична примена на алтернативните мерки е условена од одговорот на прашањето за нормирањето на алтернативните мерки, пропишувањето на условите и постапката за нивно определување и пропишувањето на постапката за извршување на алтернативните мерки, сето ова доведено со практичната подготвеност на судиите за изрекување на алтернативните мерки, како и материјално-техничките предуслови и соодветните човечки ресурси.[416]

Со употреба на статистичкиот метод, се добија податоци дека во временскиот период од 2017 до 2023 година, судовите во нашата држава изрекле вкупно 22.199 алтернативни мерки кон полнолетни лица сторители на кривични дела. Од нив 20.708 алтернативни мерки биле условна осуда со која се заменува казна затвор, 1.012 алтернативни мерки биле условна осуда со која се заменува парична казна, 124 алтернативни мерки биле условна осуда со заштитен надзор, 142 алтернативни мерки биле општокорисна работа, додека 313 алтернативни мерки биле судска опомена. Значајно е да напоменеме дека во наведениот временски период домашните судови не изрекле ниту една алтернативна мерка условно прекинување на кривичната постапка, како и ниту една алтернативна мерка куќен затвор.

Анализата на статистичките податоци од примената на алтернативните мерки во наведениот временски период, покажува дека од законски пропишаните алтернативни мерки, најголема примена наоѓаат условната осуда со која се заменува казна затвор и со која се заменува парична казна, како и судската опомена. Прегледот на овие статистички податоци доведуваат до заклучок дека причината за малата примена на алтернативните мерки се должи, пред сè, на: непостоење на институционални капацитети за извршување на одделни видови на санкции; непостоење на соодветна подзаконска регулатива; неподготвеност на судиите за нивно изрекување, како и на недоволната јавна промоција на алтернативните мерки.

[416] Саити, Џ., Арифи, Б., Девања, Ш., Божиновски, А. (2018). Правна анализа. I. Казнената политика на судовите во Република Македонија и практична примена на законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната. II. Примената на алтернативните мерки со акцент на пробацијата во Република Македонија. Проект: Зајакнување на улогата и независноста на судиите во РМ. Скопје: Здружение на судиите на Република Македонија, стр. 112.

Во продолжение на докторската дисертација е претставен табеларен приказ на вкупниот број осудени полнолетни лица според видот на изречените алтернативни мерки, во временскиот период од 2017 до 2023 година.

Табела 4. Осудени полнолетни лица според видот на изречените алтернативни мерки во периодот од 2017 до 2023 година

Година	**2017**	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**
Алтернативни мерки – вкупно	**3534**	**3454**	**2526**	**2927**	**3323**	**3383**	**3152**
Условна осуда затвор	3350	3307	2412	2676	2990	3050	2923
Условна осуда парична казна	138	108	72	215	218	146	115
Условна осуда со заштитен надзор	-	-	-	4	14	46	60
Условно прекинување на кривичната постапка	-	-	-	-	-	-	-
Општо корисна работа	-	-	-	2	42	91	7
Судска опомена	46	9	2	0	9	0	7
Куќен затвор	-	-	-	-	-	-	-

Извор: Државен завод за статистика

Од анализата на статистичките податоци можеме да констатираме дека алтернативната мерка условна осуда со која се заменува казна затвор бележи периодични осцилации во временскиот период од 2017 до 2023 година. Имено, во 2017 година оваа мерка била изречена спрема 3.350 осудени полнолетни лица, во 2018 година била изречена спрема 3.307 осудени полнолетни лица, во 2019 година била изречена спрема 2.412 осудени полнолетни лица, во 2020 година оваа мерка била изречена спрема 2.676 осудени полнолетни лица, во 2021 година била изречена спрема 2.990 осудени полнолетни лица, во 2022 година била изречена спрема 3.050 осудени полнолетни лица, а во 2023 година била изречена спрема 2.923 осудени полнолетни лица.

Алтернативната мерка условна осуда со која се заменува парична казна, исто така, бележи периодични осцилации во наведениот временски период. Во 2017 година оваа мерка била изречена спрема 138 осудени полнолетни лица, во 2018 година била

изречена спрема 108 осудени полнолетни лица, во 2019 година била изречена спрема 72 осудени полнолетни лица, во 2020 година била изречена спрема 215 осудени полнолетни лица, во 2021 година оваа мерка била изречена спрема 218 осудени полнолетни лица, во 2022 година била изречена спрема 146 осудени полнолетни лица, додека во 2023 година оваа алтернативна мерка била изречена спрема 115 осудени полнолетни лица.

Алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор бележи тренд на зголемување во периодот од 2020 до 2023 година, односно во 2020 година оваа мерка била изречена спрема 4 осудени полнолетни лица, во 2021 година била изречена спрема 14 осудени полнолетни лица, во 2022 година оваа мерка била изречена спрема 46 осудени полнолетни лица, додека во 2023 година била изречена спрема 60 осудени полнолетни лица.

Општокорисната работа во временскиот период од 2020 до 2022 година бележи зголемување, додека во 2023 година бележи значително опаѓање. Имено, во 2020 година, оваа алтернативна мерка била изречена спрема 2 осудени полнолетни лица, во 2021 година била изречена спрема 42 осудени полнолетни лица, во 2022 година била изречена спрема 91 осудено полнолетно лице, додека во 2023 година била изречена спрема 7 осудени полнолетни лица.

Алтернативната мерка судска опомена бележи осцилација, односно периодично менување на состојбата во наведениот временски период. Па така, во 2017 година оваа мерка била изречена спрема 46 осудени полнолетни лица, во 2018 година била изречена спрема 39 осудени полнолетни лица, во 2019 година била изречена спрема 42 осудени полнолетни лица, во 2020 година била изречена спрема 30 осудени полнолетни лица, во 2021 година била изречена спрема 59 осудени полнолетни лица, во 2022 година била изречена спрема 50 осудени полнолетни лица, додека во 2023 година оваа алтернативна мерка била изречена спрема 47 осудени полнолетни лица.

Во анализираниот временски период, алтернативните мерки условно прекинување на кривичната постапка и куќен затвор не биле изречени во ниту еден случај, односно спрема ниту едно полнолетно лице.

Во продолжение на докторската дисертација е претставен и графички приказ на изречените алтернативни мерки во временскиот период од 2017 до 2023 година.

Графикон 2. Графички приказ на изречените алтернативни мерки во периодот од 2017 до 2023 година



Извор: Државен завод за статистика

Од погоре наведените статистички податоци, можеме да констатираме дека во временскиот период од 2017 до 2023 година најчесто изрекувана алтернативна мерка од страна на македонските судови била условната осуда со која со која се заменува казна затвор. Со други зборови, од вкупно изречените алтернативни мерки кон полнолетни сторители на кривични дела, повеќе од 93% биле условна осуда со која со која се заменува казна затвор. Алтернативната мерка условна осуда со која се заменува парична казна, изразено во проценти, учествува со 4.55% во вкупниот број на изречени алтернативни мерки. Условната осуда со заштитен надзор учествува со 0.55% во вкупниот број на изречени алтернативни мерки. Општокорисната работа учествува со 0.63% во вкупниот број на изречени алтернативни мерки, додека судската опомена учествува со 1.40% во вкупниот број на изречени алтернативни мерки во нашата држава во наведениот временски период.

4. ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Она што на алтернативите на казната затвор може да им се истакне како негативност е проблемот на „имиџ“. Имено, широката јавност, а некогаш дури и стручната јавност повеќе внимание посветува на казната затвор како доминантна казна притоа занемарувајќи ги алтернативите на казната затвор.[417]

Можеме да истакнеме дека и покрај бројните бенефити од примената на алтернативите на казната затвор, сепак им се забележуваат и одредени критики кои, пред сè, се однесуваат на неефикасноста, несоодветната примена во практиката и во однос на одредени проблеми поврзани со нивната имплементација.

Имено, кога станува збор за неефикасноста, се мисли на нивното оценување како попустливи санкции, имајќи го предвид нивниот превентивен, а не репресивен карактер.

Во однос на нивната несоодветна примена во практиката им се забележува за непостоењето на универзална и општоприфатена дефиниција за поимот и суштината на алтернативните санкции, на можноста за проширување на социјалната контрола врз престапниците, за проширување на мрежата на системот на казнената правда, како и за дополнителните административни и финансиски трошоци кои се однесуваат на имплементацијата на самите алтернативни санкции.

Кога станува збор за проблемите со имплементацијата на алтернативните санкции, тие во прв ред се однесуваат на концептуалните, техничките и фискалните предизвици со кои се соочуваат државите и системите за казнена правда при практичната примена на различните алтернативни решенија.

4.1. НЕЕФИКАСНОСТ

Имајќи предвид дека алтернативните санкции претставуваат релативно нов систем на казнено-правен одговор на криминалитетот, постојат одредени потешкотии околу реалната процена на нивната ефикасност. Секако дека не е иста оцената за ефикасноста кај различни видови на алтернативни санкции. Во оваа насока, би истакнале дека е неопходно да се анализираат и оценат оние алтернативни решенија кои ги постигнуваат целите на казнувањето и ги задоволуваат очекуваните резултати.

Можеби незадоволувањето на низата амбициозни цели што се очекуваа од примената на алтернативните санкции доведе до одреден генерализиран впечаток за нивна неефикасност. Меѓутоа, таква генерализација и обопштеност не се дозволени кога станува збор за ефектите од примената на санкциите и казнувањето.

Разочарувањето од ефектите можеби беше посебно нагласено бидејќи на самиот почеток од нивното воведување и применување се очекуваше премногу, се поставуваа барања што едноставно не можеа да се остварат низ практичната примена.[418]

Поаѓајќи од *рецидивизмот*, како параметар за успехот на алтернативните санкции и мерки, општото зголемување на криминалитетот наведе некои автори категорично да тврдат дека третманските програми не се особено успешни и да изведат заклучок дека казнувањето не функционира (*nothing works*), нема ефекти од него. Сепак, поаѓајќи од фактот дека рецидивизмот не треба да се смета за основен и пресуден параметар за одмерување на успехот на целиот систем на алтернативни санкции и мерки, во теоријата се истакнува дека ваквото согледување едноставно не се потврди, односно беше демантирано низ практиката, бидејќи некои програми за третман во заедницата покажаа позитивни резултати.[419]

Во таа смисла се истакнува дека рецидивизмот сам по себе е бескорисен ако не се доведе во корелација со некои други сознанија, како што се: природата на санкцијата, типот на сторители вклучени во конкретната програма за спроведување алтернативна мерка, кои биле очекуваните резултати, а какви се реално остварените.[420]

Во теоријата, одредени автори[421] сметаат дека алтернативните санкции не се лишени од предизвикување на *стигматизирачки ефект*, од причина што истите наметнуваат конкретни ограничувања и исполнување на определени обврски. Овој негативен ефект е особено изразен кај оние алтернативни санкции што вклучуваат засилен надзор врз сторителот.

Во судската практика постојат и случаи кога поради неисполнување на определени обврски, алтернативната санкција се заменува со казна затвор. Ваквото решение е нелогично од едноставна причина што судот при изрекувањето на пресудата оценил дека целите на казнувањето ќе се постигнат со изрекување на алтернативна

---

[417] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 300.
[418] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП „Студентски збор“, стр. 63.
[419] Ibid.
[420] Ibid., стр. 64.
[421] Види: Vincenzo Ruggiero, Mick Ryan, Joe Sim. (Eds.) (1995). Western European Penal Systems: A Critical Anatomy. SAGE Publications Ltd.

санкција, а нејзината подоцнежна замена со построгата казна затвор ја негира основната цел на самата алтернативна санкција. Дополнително, кога судот во редовна казнена постапка веќе одредил дека не постојат основи за изрекување на казна затвор, како најстрога казна, спрема казнено одговорен сторител на казнено дело, нелогично е подоцна да ја промени својата првична одлука и тогаш да утврди дека постојат основи за изрекување на затворска казна.

4.2. НЕСООДВЕТНА ПРИМЕНА ВО ПРАКТИКАТА

Непостоењето на универзална и општоприфатена дефиниција за поимот и суштината на алтернативните санкции остава простор за нивна несоодветна примена во практиката. Имено, се остава можност алтернативни санкции да се изрекуваат и кон лица кон кои би била изречена некоја полесна санкција, односно санкција која воопшто не би вклучувала надзор над лицето кому му се изрекува.

Иако алтернативните санкции и мерки по својата суштина и карактеристики имаат за цел редуцирано изрекување казна затвор, практиката покажува дека често алтернативно решение се применува во случај кога воопшто нема основа за изрекување затворска казна. На овој начин алтернативните решенија се заменуваат меѓусебно и нема никаков позитивен краен ефект во смисла на редуцирано затворање, туку, напротив, откако нема да се покаже успешно заменувањето алтернативна со друга алтернатива, се изрекува подолга затворска казна од онаа што првично би се одмерила и изрекла. Ваквата состојба може да се објасни со фактот што правосудството тешко прифаќа новини во казнената политика, дека за секое ново казнено решение постои воздржаност, скепса, недоволно познавање на можностите што тоа ги нуди, па оттука ретко применување во практиката онака како што е обмислено и регулирано.[422]

Неконтролираната социјална контрола секако дека има негативно влијание, лицето се доведува во неправедна состојба да биде под надзор, а тоа објективно е неосновано. Ваквиот негативен ефект за првпат го образложил *Stanley Cohen*[423], кој под проширување на мрежата подразбира експанзија на контролата во заедницата и користење на можностите што определени санкции ги нудат и во случаи кога тоа не е

[422] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП „Студентски збор“, стр. 62.
[423] Во своето дело: „Visions of Social Control - Crime, Punishment and Classification“ од 1985 година.

неопходно, а особено загрижува кога тие се применуваат врз лица што воопшто не сториле кривично дело.[424]

Токму поради тоа, во теоријата се смета дека проблемот со проширување на социјалната контрола врз престапниците е тесно поврзан со рестриктивното, односно екстензивното толкување на алтернативните санкции и нивната улога во санкционирањето на сторителите на казнени дела.

Погрешни се и мислењата за проширување на мрежата на системот на казнената правда при примената на алтернативните санкции во практиката. Имено, погрешни се мислењата дека сторители на тешки и сериозни казнени дела би се казнувале на слобода во заедницата, односно надвор од казнено-поправна установа, како што се погрешни и мислењата дека со примената на алтернативните санкции не се казнува сторителот на казненото дело, односно дека се избегнува казнувањето.

Во однос на дополнителните административни и финансиски трошоци кои се однесуваат на имплементацијата на алтернативните санкции, факт е дека за нивно извршување се потребни финансиски средства, меѓутоа непореклив е фактот дека нивната имплементација ја чини државата многу помалку за разлика од извршувањето на казната затвор.

Ваквите проблеми со примената се резултат од нивната недоразработеност, неконзистентност, стравување од неуспешно казнување. Се чини дека ваквите опасности може да се надминат со детално легислативно регулирање и изградување стандарди за нивно изрекување и извршување, методи за практична имплементација и сл.[425]

4.3. ПРОБЛЕМИ СО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ

Имплементацијата на алтернативните санкции се одликува со своја специфичност, поради што потребно е постоење на определени предуслови за таа правилно да се спроведува во практиката. Токму поради тоа, неопходно е да се обмислат и обезбедат сите потребни услови за нивно правилно извршување, па дури потоа да се пристапи кон нивна соодветна имплементација.

[424] Види: Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: НИП „Студентски збор“, стр. 61.
[425] Ibid., стр. 62.

Погоре споменавме дека проблемите со имплементацијата на алтернативните санкции, првенствено се однесуваат на концептуалните, техничките и фискалните предизвици со кои се соочуваат државите и системите за казнена правда при практичната имплементација на различните алтернативни решенија.

Имено, концептуалните предизвици се однесуваат на прифаќањето или неприфаќањето на алтернативните санкции. Се разбира, практиката забележува одредени предизвици пред кои се исправени санкциите во заедницата, но најважно е истите да бидат надминати како би се овозможила адекватна имплементација. Техничките предизвици, пак, се однесуваат на недостигот на добро обучен професионален персонал кој ќе се грижи за правилно извршување на алтернативните санкции, обезбедување на соодветни просторни услови и капацитети, како и за обезбедување на адекватни информациско-комуникациски средства кои се од голема важност при следењето на имплементацијата на алтернативните санкции. Фискалните предизвици се можеби најважни за обезбедување на потребите за функционирање на службата за извршување на алтернативните санкции. Но, сепак треба да се има предвид дека фискалните импликации варираат во зависност од природата на алтернативната санкција.

Со право се забележува дека на воведувањето определени алтернативни решенија не претходи разработка на конкретната затворска негативност што со нив треба да се надмине и бидејќи самото законско регулирање не е гаранција за примена, несериозноста при внесување новини во законодавството доведува до тоа некои нови решенија да добијат карактер на мртва буква на хартија. Тешкотии предизвикува несигурноста за местото на конкретна алтернатива во системот на санкции, правилната селекција на сторителите погодни за определено алтернативно решение. Изрекувањето алтернативни санкции може да биде демотивирано поради некои околности меѓу кои: немање доволно информации за сторителот, огромна работна норма на службите овластени за спроведување на овие санкции, немање практични предуслови за спроведување на определена алтернативна санкција или мерка, кога се нејасни и законски недефинирани природата и целите на санкциите или мерките.[426]

Сепак, независно од негативностите кои им се упатуваат на алтернативите на казната затвор, сепак превагнуваат предностите за нивна имплементација и широката примена на истите треба да биде императив за органите на казнениот прогон што ќе

[426] Ibid., стр. 66.

придонесе за надминување на проблемите на казната затвор, како: затворска пренатрупаност, ширење криминална зараза, одбегнување на стигмата на поранешен затвореник и сл., а сето тоа во насока на намалување на стапката на рецидивизам и на стапката на криминалитет воопшто.[427]

Имено, погоре истакнатите проблеми и предизвици во примената на алтернативните мерки треба да се разберат во насока на подобрување на системот за нивно изрекување и извршување, а не во насока на нивно едноставно отфрлање, односно неприменување.

Меѓутоа, она што мора да се направи е да се убеди стручната и пошироката јавност во овие аргументи и во фактот дека овие санкции всушност се казна и дека со нив сторителите на казнени дела доживуваат ограничување на нивната слобода. Така, условната осуда, условната осуда со заштитен надзор, условното прекинување на кривичната постапка, општокорисната работа, судската опомена и куќниот затвор од репертоарот на неодамна воведените алтернативни санкции и мерки и паричната казна, забраната на вршење професија, дејност или должност, забраната на управување со моторно возило и протерувањето странец од земјата, од репертоарот казни, ќе најдат соодветна примена во казнената политика и успешно ќе ја остваруваат целта на остварување на правдата и генерална и специјална превенција, а казната затвор ќе се применува само во исклучителни случаи, тогаш кога нејзината примена е неизбежна, спрема сторители на тешки казнени дела, а кога тоа е од интерес на заштита на заедницата од овие лица.[428]

[427] Груевска-Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 301.
[428] Ibid., стр. 302.

5. ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Иднината на алтернативите на казната затвор можеме да ја согледаме во глобалните трендови за примена на алтернативни начини на казнување на сторители на казнени дела кои не вклучуваат затворање и изолација на сторителот и каде целта е да се намали пренатрупаноста на пенитенцијарните установи, да се намали стапката на рецидивизам, а фокусот да биде ставен на рехабилитација на сторителот.

Секоја алтернатива санкција или мерка има определени специфичности што, во зависност од конкретната ситуација, можат да се сметаат за погодна мерка за остварување на целите на криминалната политика во државата. Во трудот е направена анализа на алтернативите на казнувањето, и од суштински аспект и од аспект на застапеност во судската практика, што ја зацврстува нивната улога во позитивното законодавство. Ако сторителот не претставува опасност за општеството и со сигурност може да се утврди дека процесот на ресоцијализација и реинтеграција ќе се оствари без негово изолирање и упатување во пенитенцијарна установа за краток временски период, ***се поттикнува примената на некоја од алтернативите на казната затвор***.[429]

Одредени алтернативни санкции, како што се општествено корисната работа и условната осуда можат да доведат до подобра реинтеграција на сторителите во општеството, притоа намалувајќи го ризикот од рецидивизам. Сепак, можеме да констатираме дека и покрај бројните бенефити од примената на алтернативите на казната затвор, сепак им се забележуваат и одредени критики кои, пред сè, се однесуваат на неефикасноста, несоодветната примена во практиката и во однос на одредени проблеми поврзани со нивната имплементација.

Како што покажуваат наодите од некои неодамнешни истражувања[430], причините за недоволната примена на алтернативни санкции се недостатокот на системски решенија и механизми за примена на одредени прописи, недоволен број и обученост на стручни лица кои треба да ги применуваат постојните решенија во пракса, бавно и неефикасно следење на примената на алтернативните санкции и мерки,

[429] Мујоска Трпевска, Е. (2017). За (не)примената на алтернативите на затворот во македонската судска пракса, во: Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 24, бр. 1, стр. 1-16. Скопје: *Здружение за кривично право и криминологија на Македонија*.

[430] Види: Nikolić-Ristanović, V., Vučković, N. (ur.). (2015). Stavovi građana i stručnjaka o alternativnim sankcijama i restorativnoj pravdi. Beograd: Fondacija Centar za demokratiju; Спасојевић, А., Арсенијевић, С. (2017). Ефекти алтернативних санкција и мера из угла повереничке службе. Ваљево: Одбор за људска права Ваљево.

недоволни материјални и технички средства неопходни за извршување на одредени алтернативни санкции и мерки, недоволна информираност на јавноста и носителите на одлуки за примената на алтернативни санкции и мерки.

Во продолжение на овој дел од трудот би истакнале неколку предлози за надминување на проблемите и предизвиците во примената на алтернативите на казната затвор. Имено, сметаме дека во иднина и правната наука и правната практика би требало да посветат сериозно внимание на:

5.1. Декриминализација

Вреди да се размислува за декриминализација на одредени ненасилни казнени дела од полесна природа и да се посвети должно внимание на подобрување на превенцијата, наместо на казнувањето. Сметаме дека овој пристап може да го ублажи проблемот со пренатрупаноста на пенитенцијарните установи.

5.2. Реформа на системот на казни

Неопходно е да се преземат сериозни чекори кон намалување на практиката на зачестено изрекување на т.н. кратки казни затвор. Во оваа насока, суштествено е да се усвои пофлексибилен и индивидуализиран пристап кон изрекувањето на затворските казни. Судиите се тие кои мораат да ги земат предвид уникатните околности на секој поединечен случај и секој сторител на казнено дело како засебно човеково битие, притоа промовирајќи фер, правична и пропорционална санкција за стореното неправо.

5.3. Усовршување на санкциите засновани во заедницата

Системот на извршување на алтернативи на казната затвор би требало да се развива во насока на изнаоѓање на соодветни модалитети за алтернативни санкции засновани во заедницата, како што се: „куќи на половина пат“, електронско следење и интензивен надзор на условната осуда. Овие алтернативи на казната затвор можат да се прилагодат на поединечни сторители на казнени дела, притоа овозможувајќи им на истите да останат во заедницата додека ја добиваат потребната поддршка и надзор.

5.4. РАЗВИВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА РЕСТОРАТИВНА ПРАВДА

Сметаме дека е потребно да се прошират програмите за ресторативна правда, фокусирајќи се на поправање на штетата причинета со стореното казнено дело, притоа вклучувајќи ги и жртвите на самото казнено дело, како и сторителите и општествената заедница во самиот процесот на ресторативна правда. Оправдано сметаме дека овие програми за ресторативна правда можат да го промовираат концептот на рехабилитација, како и да го намалат рецидивизмот.

5.5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОДДРШКА ЗА ЖРТВИТЕ НА КАЗНЕНИ ДЕЛА

Од суштествена важност е да се зајакне поддршката за жртвите на казнени дела, притоа вклучувајќи советување, обезбедување на соодветна правна, но и финансиска помош. Имено, потребно е жртвите да бидат информирани за нивните права, како и да бидат вклучени во процесот на казнената правда.

5.6. УПОТРЕБА НА ТЕХНОЛОГИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Традиционалните казнено-правни системи во голема мера се потпираат на затворањето како основно средство за казнување. Казнено-правниот систем и во минатото и денес се соочува со бројни предизвици, но се верува дека современата технологија со иновативните технолошки решенија кои ги нуди ќе го олесни работењето на практичарите на секое поле во системот на казнената правда (од откривање на сторител на казнено дело, преку анализа на прибраните докази, до извршување на соодветна казнена санкција за стореното дело). Сепак, постои сè поголемо признавање на потребата од алтернативни форми на казнени санкции кои се ефективни, економични и рехабилитативни. Технологијата игра клучна улога во зајакнувањето на овие алтернативни мерки, нудејќи иновативни начини за следење, рехабилитација и интегрирање на сторителите назад во општеството.

Во денешно време, сегашниот систем на казнена правда се заснова на напредокот на технологиите кои ги подобруваат криминалната превенција, апсењето на криминалци, обезбедувањето на правични судења и поддржуваат рехабилитација. Казнениот судски систем има голема промена во однос на тоа што содржи модерна технологија. Конкретно, техничките резултати даваат практични решенија за различни

делови од казнено-правниот систем. Важно е да се нагласи дека вештачката интелигенција има значително влијание врз спроведувањето на законот преку автоматизација на многу задачи. Всушност, вештачката интелигенција има многу голема примена, во препознавање на лица, надзор, видео аналитика и биометриска автентикација.[431]

Технолошкиот напредок игра круцијална улога во современиот казнено-правен систем во трансформацијата на техниките што ги користат правните практичари додека ги извршуваат нивните работни задачи за спречување на криминалот, откривање на сторителите на казнените дела, водењето на казнено-правните постапки и рехабилитацијата на сторителите на казнени дела. Современата технологија го трансформира казнено-правниот систем како целина.

Имено, современите технолошки решенија нудат можности и решенија за справување со предизвиците на секое поле, вклучувајќи го и казнено-правниот систем во државата. Следствено, како што казнено-правниот систем во иднина сè повеќе ќе се потпира на високотехнолошки решенија, од правните практичари на сите нивоа ќе се очекува да бидат умешни со користењето на најсовремените алатки и техники.

Како најзначајни иновативни технолошки решенија во системот на казнена правда при извршувањето на алтернативните мерки и санкции би можеле да ги издвоиме: електронскиот мониторинг и ГПС следењето, автоматизираните системи за известување, виртуелните програми за рехабилитација, како и предикативните анализи и алатките за проценка на ризик. Имено, сите овие иновативни технолошки решенија можат да бидат од голема важност при обезбедувањето на програми за рехабилитација и (до)образование на осудените лица, како и за далечинско советување, за одржување на тераписки сесии и стручна обука, притоа помагајќи им на осудените лица да развијат соодветни вештини за реинтеграција во општеството.

[431] Подетално види кај: Jovanov, I. (2024). Use of innovative technological solutions in the criminal justice system as an opportunity to implement certain alternative measures. Conference Proceedings of the International Scientific Conference "Towards a Better Future: Gender Equality, Cyberspace, and Law" [editors Svetlana Veljanovska, Angelina Stanojoska], pp. 195-205. Kicevo: University “St. Kliment Ohridski” – Bitola, Faculty of Law – Kicevo.

5.7. Имплементирање на политики засновани на податоци и докази

Имплементирањето на политики засновани на податоци и докази е од голема важност при донесувањето на одлуките во системот на казнена правда во целина. Имено, неопходно е да се спроведуваат адекватни истражувања и анализи на податоци за да може успешно да се идентификуваат ефективни интервенции, да се процени влијанието на политиките, како и ефикасно да се распределат ресурсите при самото водење на сложените предистражни, истражни и судски постапки.

5.8. Развивање на програми за подобрување на менталното здравје

Од голема важност е да се развиваат соодветни специјализирани програми за постапување со оние сторители на казнени дела кои имаат одредени проблеми со менталното здравје, притоа осигурувајќи дека истите тие лица добиваат соодветен третман и поддршка, наместо затворање во казнено-поправна установа. Воедно, сметаме дека е неопходно да постојат овие програми за подобрување на менталното здравје во рамките на системот на казнена правда, како би можело успешно да се решат основните причини за девијантно и криминално однесување.

5.9. Развивање на меѓународна соработка

Живееме во динамичен свет во кој настаните, промените и новостите се случуваат со неверојатна брзина. Токму поради тоа неопходно е поттикнување на зајакната меѓународна соработка во сите области, вклучувајќи го тука и справувањето со транснационалниот криминал, како што се: компјутерскиот криминал, трговијата со луѓе, трговијата со наркотици и оружје, но и модерните облици на тероризам. Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека е неопходно зајакнување на соработката и партнерствата меѓу државите, а во насока за ефикасна борба против споменатите, но и други облици и форми на криминални активности кои не познаваат државни граници.

Повеќе од јасно е дека секоја санкција има своја посебна вредност и за нејзината примена треба да се решава во секој случај *in concreto*. Небулозно е да се практикува *a priori* издвојувањето одредени алтернативи, етикетирајќи ги како најефикасна и најпогодна алтернатива на кратките казни лишување од слобода![432]

Во овој дел можеме да констатираме дека покрај придобивките од примената на алтернативите на казната затвор, сепак системските, социјалните и институционалните бариери го попречуваат нивното успешно применување во практиката. Меѓутоа, сметаме дека погоре наведените предлози за идниот развој на казнената политика, но и на казненото право воопшто, ги одразуваат напорите за создавање на поправеден, поефикасен и похуман систем на казнена правда, притоа нагласувајќи ги концептите на правда и правичност, соодветно санкционирање на криминалите поведенија, рехабилитацијата, но и ангажманот на општествената заедница во целина. Од есенцијална важност е креаторите на државните политики и правните експерти постојано да ги проценуваат и усовршуваат овие предлози врз основа на еволутивните потреби на општеството и наодите од практичното живеење.

Имајќи го сето ова предвид, *потребно е да се работи на поширока примена на „реални“ алтернативни санкции*, односно работа во јавен интерес и условна осуда со заштитен надзор, кои подразбираат многу поголема вклученост на самото осудено лице, но и на заедницата во извршувањето на санкцијата, рехабилитација, реинтеграција и социјалната инклузија на осудениот, како и можност за поактивно вклучување на жртвата во овој процес и надоместување или поправање на штетата која е настаната со кривичното дело, како за жртва, така и за заедницата. Токму тоа претставува суштина на кривичните санкции и мерките во заедницата, кои можат да бидат делотворни, да доведат до промена на однесувањето на осудениот и да спречат повратот. За поширока примена на алтернативните санкции и мерки, потребно е: тие да бидат прифатени од страна на осуденото лице, што подразбира и негово валидно информирање за содржината и целите на алтернативните санкции; да се поттикне нивно изрекување од страна на правосудните органи и да се обезбеди воедначување на судската практика; да постои јасно дефиниран систем на следење и контрола на извршувањето; да се прошират можностите за примена на казната работа во јавен интерес во смисла на зголемување на бројот на места на кои осудените би можеле да ја

[432] Мујоска Трпевска, Е. (2017). За (не)примената на алтернативите на затворот во македонската судска пракса, во: Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 24, бр. 1, стр. 1-16. Скопје: *Здружение за кривично право и криминологија на Македонија*.

извршуваат санкцијата; да се унапреди соработката на управните служби со другите надлежни органи и институции, како и со организациите на граѓанското општество; да се зајакнат капацитетите на управните служби во смисла на постоење на соодветен број квалификувани лица (повереници) кои би работеле само на извршување на вонинституционални санкции и мерки.[433]

Дополнително, *важно е постојано да се работи на подигање на свеста на општата, но и на стручната јавност за значењето од примената на алтернативните санкции*, како би се добила поширока поддршка за нивната примена. Конечно, *неопходно е редовно следење и истражување на примената на алтернативни санкции и мерки*, со што би се обезбедило на емпириски докази засновано залагање за понатамошно унапредување на контролата на криминалитетот со примена на санкции и мерки кои се извршуваат под покровителство на заедницата.[434]

[433] Види: Nikolić-Ristanović, V., Vučković, N. (ur.). (2015). Stavovi građana i stručnjaka o alternativnim sankcijama i restorativnoj pravdi. Beograd: Fondacija Centar za demokratiju; Спасојевић, А., Арсенијевић, С. (2017). Ефекти алтернативних санкција и мера из угла повереничке службе. Ваљево: Одбор за људска права Ваљево; Stevanović, I., Međedović, J., Petrović, B., Vujičić, N. (2018). Ekspertsko istraživanje i analiza povrata u Republici Srbiji. Beograd: Organizacijom za evropsku bezbednost i saradnju - Misija Oebs u Srbiji I Institut za kriminološka i sociološka istraživanja.

[434] Види: Ćopić, S. (2018). Alternativne krivične sankcije i mere za punoletne učinioce krivičnih dela u Srbiji, u: S. Bejatović (ur.) Organizacija pravosuđa i efikasnosti sudske zaštite (Evropski standardi i stanje u Srbiji) – Krivičnopravni aspekt, Beograd: Srpsko udruženje za krivičnopravnu teoriju i praksu i INTERMEX-Beograd, str. 211-230.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

ГЛАВА VI ПРОБАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Терминот *пробација* своите корени ги влече од латинскиот глагол *probare*, што означува *испитува / тест / проба / докажува / покажува*.[435] Според официјалниот ***речник на Кембриџ***[436], терминот *пробација* се толкува како период кога сторителот мора добро да се однесува и да не врши кривични дела, со цел да избегне да не биде вратен во затвор. Во ***толковниот речник на македонскиот јазик***[437], терминот *пробација* се толкува како „пуштање на престапник на слобода под услов да не изврши (сличен) престап во даден временски период".

Организацијата на Обединетите нации пробацијата ја дефинира како метод на работа со специјално избрани сторители која содржи условна суспензија на казната, додека сторителот е ставен под надзор, а на сторителот му се дадени индивидуални насоки или одреден третман.[438]

Според дефиницијата на *Советот на Европа*, пробацијата се дефинира како широк ранг на активности и интервенции кои вклучуваат надзор, давање насоки и помош, со цел постигнување социјална инклузија на еден сторител, како и учество во обезбедување на безбедно општество.[439]

Компаративно гледано, различни законодавства различно ја дефинираат пробацијата. Следствено на тоа, во стручната литература се среќаваат различни дефиниции за пробацијата.[440]

---

[435] Наведено според: Glare, P. G. W. (1983). Oxford Latin Dictionary. Oxford University Press.
[436] Наведено според: Cambridge Dictionary. (Probation). Достапно на: https://dictionary.cambridge.org/
[437] Мургоски З. Речник на македонскиот јазик (електронски извор). Преработено и проширено електронско издание на Толковниот речник на современиот македонски јазик. Достапно на: https://zoze.mk/tolkoven/
[438] Види: Probation and Related Measures (1951) United Nations Department of Social1Affairs: New York.
[439] Види: Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules.
[440] Подетално види кај: Лажетиќ Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи на затворот. Скопје: Студентски збор, стр. 142-143.

Пробацијата можеме да ја дефинираме како *постапка за условна и надгледувана слобода на сторителот на казнено дело по изрекувањето на санкција за сторената дело или по излегување од казнено-поправна установа, а за чие времетраење пробациските службеници спроведуваат постапки насочени кон ресоцијализација на осуденото лице, намалување на ризикот од извршување на ново казнено дело, како и заштита на општествената заедница.*

Од своето појавување до денеска, пробацијата бележи значаен напредок, но воопшто не смееме да го заборавиме фактот што истата ги надминува границите на првичните надлежности и се проширува во сферата на различни активности дефинирани под името пробација. Имено, првично пробацијата се појавува како алтернативна санкција за незначителни кривични дела кои се извршуваат во општеството под контрола на посебни пробациски службеници, дефинирана како условна казна со заштитен надзор. Подоцнежниот развој ја проширува надлежноста на пробацијата со активности на контрола и надзор на извршувањето и на други алтернативни санкции. Денеска, современите држави ја имаат издигнато пробацијата на ниво на систем за индивидуална криминална превенција реализиран како модел за управување со сторители на кривични дела, а извршуван од посебно формиран државен орган надлежен за спроведување на политики за превенција и/или со оперативни надлежности за спроведување на управување со сторители или интегрирано управување со предмети за сторители на кривични дела.[441]

Во теоријата може да се сретнат становишта според кои пробацијата не е применлива за примарните престапници и дека истата треба да се изрекува на рецидивистите. Истражување спроведено во Велика Британија (во траење не помалку од шест години), покажало дека кога пробацијата се применувала врз првопрестапници, стапката на рецидивизам била многу поголема од тоа што би можело да се очекува. Од друга страна, во случај на повеќекратен рецидивист не е важно која санкција е применета барем што се однесува за подоцнежните казнувања. Кога судот има работа со престапници кои рецидивирале неколку пати, пробацијата резултира со намален степен на рецидивизам.[442]

---

[441] Панчев, З. (2022). Теоретско-методолошки пристап и имплементација на модел на индивидуална криминална превенција „со посебен осврт на примена на аналитички постапки и техники и управување со ризикот“ (докторска дисертација). Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 125.

[442] Žakman-Ban, V., Romić, P. i Poldrugač, Z. (1997). Povezanost povrata počinitelja kaznenih djela razbojništva i razbojničke krađe i procjene učinkovitosti njihova institucionalnoga penološkog tretmana, u *Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu*, vol. 4, br. 2, str. 111-128.

За да се согледа суштината на оваа санкција потребно е да се постават следните критериуми: *точно определена организација* – пробацискиот систем и надлежните органи за спроведување на тој систем мора да бидат одделно поставени во секое казнено законодавство; *судска функција* – пробацијата мора да биде дел од судската функција на правниот систем во државата и изрекувањето пробација мора да биде судска одлука; *правен мандат* – пробацијата мора да биде базирана врз правен мандат; *задолжителен надзор* – лицето на кое му е изречена пробација мора да биде под постојана супервизија[443] и *пробацијата е мерка во заедницата* – пробацијата има двојна улога, да ги контролира осудените лица, но и да овозможи нивна адаптација во општеството.[444]

Кај пробацијата, сторителот на кого му е изречена оваа мерка е под постојан надзор и контрола на специјален пробациски службеник кој го следи секој негов чекор за определениот временски период на проверување. Притоа, пробацискиот службеник е должен да му пружи секаква потребна помош на осуденото лице и да го олесни неговиот пат кон целосна рехабилитација. Претходно, судот, исто така, го утврдува постоењето на кривично дело, ја утврдува кривичната одговорност на сторителот, но го одложува изрекувањето на кривичната санкција. Доколку осуденото лице ги прекрши правилата на пробацијата, тој повторно се појавува пред судот, кој му изрекува кривична санкција. *Дали ќе биде изречена пробација или не, зависи, пред сè, од согласноста на сторителот на казненото дело*![445]

Пробацијата претставува критична компонента на казнено-правниот систем, која функционира како форма на надзор од страна на заедницата што им овозможува на сторителите на казнени дела да ја отслужуваат својата казна надвор од затворска институција.

Пробацијата служи како важна алтернатива на казната затвор, нудејќи поддршка за осудените лица полесно да се реинтегрираат во општеството, истовремено обезбедувајќи одговорност за нивните постапки. Таа има значајна улога во напорите на казнено-правниот систем за балансирање на казнувањето, рехабилитацијата и јавната

[443] Види кај: Hamai Koichi, Ville Renaud, Harris Robert, Hough Mike and Zvekic Ugljesa, edts. (1995). Probation Round the World: A Comparative Study. UNICRI, British Home Office and Robert Harris, pg. 18.
[444] За мислењето на заедницата за пробација, види кај: Maruna, Shadd and King, Anna. (2004). Public Opinion and Community Penalties (From Alternatives to Prison: Options for an Insecure Society). Willan Publishing, pp. 83-112.
[445] Види и: Мујоска Трпевска, Е. (2018). Реформи во извршувањето на санкциите: ќе заживее ли пробацискиот систем во Република Македонија?, во: *Македонска ревија за казнено право и*

безбедност. Пробацијата служи како ефикасна и хумана алтернатива на казната затвор, промовирајќи рехабилитација и одржување на врските во заедницата. Истата придонесува за намалување на рецидивизмот, како и унапредување на јавната безбедност.[446]

Сепак, иако пробацијата нуди многу предности, не изостануваат ниту нејзините критики кои се однесуваат на тековни подобрувања во системите за пробација, вклучувајќи соодветно финансирање, стандардизирани практики на надзор, програми за рехабилитација засновани на докази и фокус на балансирање на рехабилитацијата на престапниците со јавната безбедност и правата на жртвите.[447]

криминологија, год. 25, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[446] За придобивките од пробацијата, види и: Bosker, J., Tigges, L. and Henskens, R. (2022). Probation. Why and how?. Netherlands Helsinki Committee. Достапно на: https://www.nhc.nl/assets/uploads/2022/01/Brochure-Probation.-Why-and-how.pdf

[447] За пробацијата заснована на докази и нејзините критики, види и: Raynor, P. (2003). Evidence-Based Probation and its Critics. *Probation Journal*, 50(4), 334-345.

2. ОСВРТ ВРЗ ЕВРОПСКИТЕ ПРОБАЦИСКИ ПРАВИЛА

Значаен документ кој се однесува на пробацијата во европски рамки е *Препораката CM/Rec(2010)1 на Комитетот на министри до земјите-членки на Советот на Европа за Европските пробациски правила*[448], кои се усвоени од страна на Комитетот на министри на 20.01.2010 година.

Во текстот на Препораката за Европските пробациски правила е дефинирана и самата пробација. Имено, според овој документ, пробацијата се однесува на имплементацијата на санкциите и мерките применувани во заедницата, дефинирани со закон и наметнати на сторителот. Таа вклучува низа активности и интервенции, кои вклучуваат надзор, насоки и помош со цел социјално вклучување на сторителот, како и придонесување за безбедноста на заедницата.

Целта на Европските пробациски правила е да се влијае врз соодветната организација и функционирањето на пробациските служби на европска територија. Овие пробациски правила се однесуваат на сите организации кои учествуваат во вршењето на пробациската работа, односно на пробациски служби, но и на други државни организации, како и на невладини и комерцијални организации.

Во самиот текст на Препораката за Европските пробациски правила се напоменува дека овие правила треба да се читаат заедно со *Препораката R. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата*[449] усвоена од страна на Комитетот на министри на 19.10.1992 година.

Во рамките на Европските пробациски правила, се нагласува дека пробациските служби треба да се стремат кон намалување на криминалниот повратност (рецидив) преку воспоставување на позитивни односи со сторителите на казнени дела, насочување и помагање, вклучително и контрола кога тоа е потребно, а со цел успешна социјална интеграција на сторителите на казнени дела. Посебно се нагласува дека пробациските надзор не може да значи само контрола, туку и советување, помагање и мотивирање на сторителите на казнени дела.

---

[448] Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/CoE-probation-rules-recommendation.pdf

[449] Recommendation Rec(92)16 on the European rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/16804d5ec6

Пробациският надзор, кога тоа е потребно, секогаш треба да вклучува интервенции како што се: програми за лекување, образование, развој на вештини и можности за вработување, а кои можат да се обезбедат од страна на пробациските служби, но и од други органи. Во оваа насока се истакнува важноста на партнерствата со други јавни и невладини организации и локални заедници со цел социјална интеграција на сторителите на казнени дела, како и неопходноста од координирана и меѓусебно комплементарна меѓуинституционална соработка, со цел да се одговори на сложените потреби на сторителите, но и да се зголеми безбедноста на заедницата.

Во Препораката за Европските пробациски правила се нагласува дека пробациската политика и практика треба, колку што тоа е можно, да се засноваат на докази, т.е. на резултати од истражувања. Затоа, ревизијата на постојните закони, политики и практики треба да се заснова на општоприфатени научни сознанија и истражувања кои одговараат на меѓународно признатите стандарди.

3. ОСВРТ ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ ПРОБАЦИСКИ СИСТЕМ

Заради добивање на целосна слика за развојот на македонскиот пробациски систем, мораме да се навратиме на самите негови зачетоци.

Основите на развојот на пробацијата во македонското општество можат да се најдат во развојот на кривично-правниот систем на поранешна Југославија. Кривичниот законик на Федеративна Народна Република Југославија од 1951 година[450] и неколкуте измени и дополнувања ја предвидоа идејата за условна казна со заштитен надзор како специјални обврски за поединците против кои оваа санкција беше изречена. Понатамошното разграничување на условната казна и судската опомена како посебни, автономни кривични санкции беше постигнато со новиот Кривичен законик кој што стапи на сила во 1977 година. Идејата на условната казна беше да се постигнат целите на казнувањето со „предупредување со закана од казнување“.[451]

Во согласност со модерните европски трендови и во македонското казнено законодавство беа воведени алтернативните мерки во постојниот казнен систем. Целта беше да се отстранат негативните ефекти од краткотрајните казни затвор, како и да се оствари поголема корист за општествената заедница, за жртвата и за самиот сторител на казнено дело.

Кривичниот законик од 1996 година[452], во системот на кривични санкции ги нормирал: казните, условната осуда и судската опомена, како и мерките на безбедност и воспитните мерки. Во 2004 година со усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик[453], беа воведени нови санкции и тоа: условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, општокорисна работа и куќен затвор.

Меѓутоа, системот на извршување на алтернативните мерки, како што беше поставен со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2004 година и со Законот за извршување на санкциите од 2006 година, беше многу комплициран од причини што во извршувањето на овие мерки беше предвидено инволвирање на повеќе органи и многу сложена процедура, поради што не се постигнаа посакуваните резултати.

[450] Кривичен законик („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 13 од 09.03.1951 година).
[451] Стратегија за развој на пробациска служба во Република Македонија (2013-2016 година). Скопје: Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите, стр. 4.
[452] Види: член 4 од Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/1996).
[453] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ” бр. 19/04).

Поради ова се јави неопходна потреба од воспоставување на посебна пробациска служба, со што се сметаше дека ќе се овозможи практична имплементација на алтернативните мерки.

Имајќи ја предвид потребата за воспоставување на државен орган надлежен за извршување на алтернативните мерки, Владата на Република Македонија во 2013 година ја усвои Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Македонија со Акциски план за реализација. Согласно Стратегијата и Акцискиот план, се пристапи кон изготвување на посебен Закон за пробација.

Под притисок на повеќегодишните забелешки за системот на санкции и непримена на меѓународните и европските стандарди за алтернативни мерки, на ЕУ (извештаи на Европската комисија за напредокот на евроинтеграцискиот процес на Република Македонија), после донесувањето на Законот за пробација од 2015 година[454] конечно започна имплементацијата на идејата започната пред речиси петнаесет години, за почеток на подготовките за формирање на пробациска служба која ќе биде надлежна за спроведување на алтернативните мерки.[455]

Пробациската служба беше воспоставена со *Законот за пробација*[456] од 2015 година, кој стапи на сила на 01.11.2016 година, на ниво на сектор во Управата за извршување на санкциите. Секторот за пробација е задолжен да спроведува надзор над извршувањето на алтернативните мерки: условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор, како и над извршувањето на условниот отпуст.

За Пробациската служба можеме да кажеме дека претставува есенцијален дел од системот на современата казнена правда и која има за цел да придонесе за намалување на затворската пренатрупаност, истовремено овозможувајќи сторителите на казнени дела кон кои истата се изрекува да го променат својот дотогашен начин на живот и во иднина да ги почитуваат правните норми.

Во месец ноември 2017 година беше отворена првата пробациска канцеларија за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 во Скопје. Во 2018 година беа воспоставени и пробациските канцеларии во судовите со проширена надлежност во: Велес, Куманово, Тетово, Битола, Прилеп, Охрид, Штип и Струмица, беше ангажиран пробациски персонал и дури во ноември 2019 година се започна со работа на првите пробациски

[454] Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).
[455] Kambovski, V. (2018). Alternativne mere u makedonskom krivičnom pravu i problemi njihove primene, str. 131-149, u: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S. i Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji.
[456] Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).

предмети. Со измените на Законот за судови, пробациски канцеларии се отвораат и за подрачјата на останатите судови со проширена надлежност, поточно во: Гостивар, Кочани, Кавадарци, Струга и Гевгелија.[457]

Во ноември 2018 година во пробациската служба со договор на дело се ангажирани 22 пробациски службеници. Во 2019 година се вработени вкупно 26 пробациски службеници од кои 14 пробациски службеници се вработени на неопределено време и 12 пробациски службеници се вработени на определено време до 31.12.2020 година. Најголемиот дел од нововработените пробациски службеници претходно беа ангажирани со договор на дело и се обучени за извршување на пробациски работи.[458]

Денес, во рамки на Управата за извршување на санкции е формирана функционална пробациска служба со вкупно 11 (единаесет) функционални пробациски канцеларии на целата територија на државата, односно за областите на основните судови со проширена надлежност во: Скопје, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Велес, Струмица, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Гевгелија, во чии рамки се ангажирани 33 (триесет и три) пробациски службеници во Секторот за пробација, вклучувајќи ги и одделенијата за пробација во наведените градови.[459]

Денес во нашата држава имаме воспоставена и функционална пробациска служба. Но, имајќи го во предвид фактот дека пробациската служба е релативно нова, постои неопходна потреба од нејзино понатамошно развивање и подобрување.

Пробациската служба согласно Законот за пробација е надлежна да постапува само со возрасни сторители на кривични дека. Исто така, во Управата нема изработена анализа за можностите за постапување со малолетници ниту пак целно-ориентирани работни процедури и планови за третман на малолетници. Анализата на потребите ќе покаже, дали кога и како пробациската служба треба да биде надлежна да работи и со малолетници и да елаборира и воспостави специфични процедури за работа со малолетници. Исто така е важно да се има стратегија на пробациската служба ориентирана кон малолетници во случаите на условно отпуштени лица кои биле казнети како малолетници. Од друга страна, новата пробациска служба и обучените пробациски службеници се нов партнер во правосудниот систем. Анализата ќе покаже

[457] Види: Веб страна на Управа за извршување на санкции. Достапно на: https://uis.gov.mk/probacija/. Посетено на ден 10.11.2023 година.
[458] Види: Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025).
[459] Види: Организациска структура на Сектор за пробација во рамки на Управата за извршување на санкции. Достапно на: https://uis.gov.mk/probacija/. Посетено на ден 10.11.2023 година.

дали и како би можеле да придонесат кон постапките кои се водат против малолетниците. Соработката меѓу пробациската служба, социјалните центри, воспитно поправните и казнено поправните институции на полето на малолетнички криминал треба одново да се проценат. Општокорисната работа и другите алтернативни мерки се инструменти кои се на располагање при водењето на предметите од пробациската служба. Овие компетенции исто така би биле корисни за малолетничките процедури.[460]

Во 2019 година се наметна и потребата од донесување на нов *Закон за извршување на санкциите*[461] (во натамошниот текст: ЗИС).

Донесувањето на нов Закон за извршување на санкциите е во согласност со определбата прифатена во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019) и Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година. Неговото донесување се должи на напорот за обезбедување ефикасен пенитенцијарен систем со професионален пристап во организирање и надзор над работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, а со цел подобрување на клучните области на функционирање на пенитенцијарниот систем и исполнување и почитување на највисоките европски и меѓународни стандарди во оваа област.[462]

Новиот закон е израз на настојувањето за постојано надградување и унапредување на националниот пенитенцијарен систем, негово модернизирање и хуманизирање со цел остварување на целите на казнување и одвраќање на осудените лица од рецидивизам.[463]

Донесувањето на ЗИС се наметна како потреба и со цел за доближување на пенитенцијарниот систем со новелираните европски и меѓународни стандарди и начела, заради заштита и остварувањето на загарантираните слободи и права на осуденото лице и на детето во судир со законот, и тоа како во однос на извршување санкции за сторени кривични дела, така и во однос на изречени прекршочни санкции. ЗИС направи чекор поблиску до Европските затворски правила, и со Стандардните минимални правила на ООН за третман на осудените лица *(United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Mandela Rules)* кои се прифатени како добри принципи и практики во третманот на осудените лица и управувањето со затворите. Согласно овие

[460] Види: Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025).
[461] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ“ бр. 99/2019, 220/2019 и 236/2022).
[462] Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021–2025). Достапно на: https://shorturl.at/jzIyZ
[463] Ibid.

Правила, целите на казната затвор или слични мерки што се состојат во лишување од слобода се насочени кон заштита на општеството од криминал и намалување на рецидивизмот.[464]

Во ист контекст е и залагањето изразено во *Резолуцијата на Европскиот парламент од 2017 година*[465], каде што се укажува дека покрај пунитивниот аспект на казната затвор, внимание треба да се посвети и на развој на практични вештини/занимања и рехабилитација на осудените лица, со цел да се овозможи успех во социјалната реинтеграција и намалување на рецидивизмот.[466]

Во 2021 година беше изработена *Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025)*[467], која предвидува широк спектар на резултати што треба да се постигнат од страна на повеќе надлежни институции. Визијата која се истакнува во оваа Национална стратегија е „унапредување на пенитенцијарниот систем согласно највисоките европски стандарди за извршување санкции и алтернативни мерки“, а мисијата е „современ пенитенцијарен систем каде што со лицата лишени од слобода се постапува во безбедна средина, со почит и достоинство, истовремено им се обезбедува образование и стручна обука, имаат поддршка за личен развој, конструктивно го користат слободното време и имаат поддршка за пост-пенален прифат во општеството“.

Основната стратешка цел на пробацијата е да придонесе кон општо реформирање на казнено правниот систем како целина. Овој систем ќе се стави во функција на социјалните регулаторни механизми преку воспоставување на рамка за ефикасен систем на санкции и заштитни механизми, кои ќе бидат прифатени од заедницата и кои ќе создадат краткорочни и долгорочни придобивки во однос на намалување на криминалот, јавна заштита и безбедност на заедницата и ресоцијализација и реинтеграција на сторителите на кривични дела со почитување на човековите права и основните слободи на сите релевантни учесници во истиот. Структурата на стратешката цел е комплементарна со процесот на Европската унија и Советот на Европа која е поврзана со воспоставувањето на пробација (со повеќе од 36 земји кои ја спроведуваат идејата) и со регионалните програми за воспоставување на

[464] Ibid.
[465] European Parliament resolution of 5 October 2017 on prison systems and conditions (2015/2062(INI)).
[466] Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021–2025). Достапно на: https://shorturl.at/jzIyZ
[467] Ibid.

пробациски служби на национално ниво во Хрватска, Албанија, Бугарија, Словенија, Србија, Романија, Црна Гора и Молдавија.[468]

[468] Види: Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025).

4. ДЕЈНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРОБАЦИЈА

Секторот за пробација врши надзор над осудените лица и им нуди поддршка, а целта е да се одржи безбедноста во заедницата со подобрување на ресоцијализацијата и рехабилитацијата на лицата над кои се извршуваат пробациски работи, како и да се намали затворската популација.

Дејноста на Секторот за пробација, како посебна организациска единица на ниво на сектор во Управата за извршување на санкции, опфаќа: проценка на ризик на обвинет, условна осуда со заштитен надзор, условен отпуст и општокорисна работа.

Законот за пробација дава солидна основа за воспоставување на потребните институционални претпоставки за примена на алтернативните мерки. Во продолжение на докторскиот труд е објаснета суштината и целта на овие дејности.

4.1. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК НА ОБВИНЕТ

Пробациските службеници, согласно член 11 став 1 од Законот за пробација, изработуваат извештаи за извршена процена на ризик на обвинети лица, во текот на судска постапка, во согласност со закон. Членот 12 од истиот пропишува дека по барање на судот, во текот на судската постапка, месно надлежната пробациска канцеларија врши процена на ризик на обвинетиот преку употреба на механизам за процена на ризик.

Извештајот на пробациското службеник до судот за извршената процена на ризик за обвинетиот со предлог за видот на кривичната санкција претставува збир од релевантни податоци и информации за лицето за кое се води судска постапка кои што се собрани и анализирани во извештајот од страна на пробациското службеник и врз основа на кои судијата може да определи соодветна санкција, вклучително и можноста да се замени казната затвор со алтернативна мерка која што треба да биде извршена во рамките на заедницата.[469]

За да ја извршат проценатa, пробациските службеници користат збир од стандардизирани инструменти за секој сторител одделно, за да се процени потенцијалот за насилно однесување, нанесување на штета и/или нивото на ризик од повторување на кривичните дела. Исто така, се врши процена на индивидуалните

[469] Види: Веб страна на Управа за извршување на санкции. Достапно на: https://uis.gov.mk/probacija/. Посетено на ден 10.11.2023 година.

потреби на лицето спрема кое се води судската постапка, а кои се поврзани со извршувањето на кривични дела и потенцијали што можат да бидат надградени за да се намали ризикот во иднина. По извршената процена, пробациската канцеларија доставува Извештај за извршена проценка на ризик со предлог за видот на кривичната санкција за обвинетиот до судот.[470]

Покрај стандардизираните инструменти за процена на нивото на ризик, пробацискиот службеник прибира информации и податоци за обвинетото лице за да формира професионално мислење. За таа цел се организираат едно или повеќе интервјуа со обвинетото лице, неговите/нејзините роднини и други релевантни лица што може да понудат важни информации за извршување на проценатa. Пробацискиот службеник врши проверка на различни документи или бази на податоци како што се казнената евиденција и различни фискални, медицински и социјални информации со цел да добие целосна слика за случајот.[471]

Извештајот за процена на ризик може да му помогне на судот да ги има предвид сите околности што влијаат врз одмерување на казната (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, степенот на загрозувањето или повредата на лица или предмети, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста и општите околности поврзани со сторителот.[472]

4.2. УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР

Условната осуда со заштитен надзор претставува модификација на условната осуда, со можност за индивидуализација на санкцијата. Заштитниот надзор, како посебна мерка на помош, односно заштита, е предвиден факултативно, а дали судот ќе ја примени во конкретниот случај зависи од сите околности под кои е извршено кривичното дело и околностите на личноста на сторителот.

Согласно член 55 став 1 од Кривичниот законик, заштитен надзор судот ќе одреди кога ќе најде дека условната осуда нема доволно да влијае врз сторителот

[470] Ibid.
[471] Ibid.
[472] Ibid.

повеќе да не врши кривични дела, а околностите сврзани со личноста на сторителот или средината во која живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита. Траењето на заштитниот надзор судот го одредува на определено време во текот на времето за проверување, согласно член 55 став 2 од Кривичниот законик.

Со донесувањето на Законот за пробација во 2015 година, надлежноста за надзорот на условно осуденото лице е префрлена од социјалниот кај пробациски орган.

Имено, согласно член 13 став 1 од Законот за пробација, правосилната и извршна одлука со која е изречена условна осуда со заштитен надзор судот во рок од 15 дена од денот кога одлуката станала извршна, ја доставува до месно надлежната пробациска канцеларија. Во ставот 2 од истиот член е предвидено дека заштитниот надзор изречен со условна осуда го извршува месно надлежната пробациска канцеларија. Согласно ставот 3 од истиот член, пробациски службеник е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката заедно со осуденото лице да изработи индивидуална програма и план за спроведување на заштитниот надзор на осуденото лице во кој го утврдува видот, времетраењето и спроведувањето на надзорот што треба да го остварува во однос на исполнувањето на одделни обврски од страна на осуденото лице и да го запознае со последиците од неизвршувањето на обврските.

Месно надлежната пробациска канцеларија, преку пробациските службеници, го извршува надзорот. Надзорот се извршува согласно индивидуалната програма за третман изработена од пробациски службеник во соработка со сторителот земајќи ги предвид обврските наметнати од судот и врз основа на извршената процена на ризиците и потребите на лицата над кои се извршуваат пробациски работи. Лицето спрема кое се извршуваат пробациски работи се запознава со содржината на индивидуалната програма за третман и со последиците од неизвршувањето на обврските по што е обврзан да ги исполни утврдените постапки и мерки. Индивидуалната програма за третман е патоказ за извршување на условите и обврските за време на пробациски период. Пробациските службеници ги поддржуваат и надгледуваат осудените лица во извршувањето на обврските и условите со цел да го намалат ризикот од повторно сторување на кривично дело. Како дел од спроведувањето на индивидуалната програма и план, осуденото лице се повикува да присуствува на редовни договорени средби со пробациски службеник, а можно е пробациските службеници и ненајавено да го посетат во неговиот/нејзиниот дом. Во случај лицето да

не се појави на договорена средба, пробацискиот службеник за ова го известува Министерството за внатрешни работи, кое го обезбедува присуството на осуденото лице.[473]

Пробацискиот службеник од месно надлежната пробациска канцеларија може на судот да му предложи изречените обврски да ги замени со други или да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамки на времето на проверка, во зависност од поведението на осуденото лице. Во случај осудениот да не ги исполнува или неуредно да ги исполнува обврските, пробациската канцеларија го опоменува и за тоа веднаш го известува надлежниот суд. Ако осуденото лица и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски, надлежната пробациска канцеларија, во рок од три дена од информацијата за неисполнување на обврските, го известува судот и поднесува предлог за отповикување на условната осуда. Во случај на отповикување на условната осуда со заштитен надзор, пробацискиот службеник доставува извештај до казнено-поправната установа каде што лицето е упатено на издржување на затворската казна.[474]

4.3. УСЛОВЕН ОТПУСТ

Условниот отпуст претставува предвремено ослободување на осуденото лице од издржувањето на казната затвор врз основа на судска одлука што наметнува одредени услови за ослободеното лице. Условниот отпуст е уреден во членовите 36 и 37 од Кривичниот законик.

Имено, согласно член 36 од Кривичниот законик, осуденото лице може да биде ослободено условно откако ќе издржи половина од казната затвор, со одлука од суд. Судот го зема предвид неговото поведение за време на издржување на казната, извршувањето на работните задачи и работното ангажирање, како и други околности што покажуваат дека целта на казнувањето е веќе постигната. По исклучок, условно може да се отпушти и осуден кој издржал само една третина од казната затвор под одредени услови и посебни околности, што се однесуваат на личноста на осудениот и очигледно покажуваат дека е постигната целта на казнувањето. Осудениот на казна доживотен затвор условно не може да се отпушти пред да издржи најмалку 25 години казна затвор.

[473] Види: Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).
[474] Ibid.

Постапката за условен отпуст се спроведува согласно Законот за пробација. Барање за отпуштање по основ на условен отпуст, под услови определени со закон, може да поднесе осуденото лице или неговиот брачен/вонбрачен другар, адвокат, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител. Предлог за отпуштање на осуденото лице по основ на условен отпуст поднесува и директорот на установата, врз основа на постапка предвидена согласно Законот за пробација.[475]

Пробациският службеник е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката заедно со осуденото лице да изработи индивидуална програма и план за спроведување на заштитниот надзор на осуденото лице во кој го утврдува видот, времетраењето и спроведувањето на надзорот што треба да го остварува во однос на исполнувањето на одделни обврски од страна на осуденото лице и да го запознае со последиците од неизвршувањето на обврските.[476]

Согласно член 15 став 1 од Законот за пробација, во случај кога условно осуденото лице нема да се јави во определените термини од членот 14 став 1 алинеи 1 и 2 од овој закон, месно надлежната пробациска канцеларија, во рок од 24 часа од терминот во кој осуденото лице не се јавило, ќе го извести Министерството за внатрешни работи заради обезбедување на присуство на условно осуденото лице. Согласно став 2 од истиот член, во случај Министерството за внатрешни работи да не може да го пронајде условно осуденото лице, е должно да ја извести месно надлежната пробациска канцеларија, која во рок од 24 часа од приемот на Известувањето од Министерството за внатрешни работи, ги известува судот кој ја донел одлуката во прв степен и секторот за пробација во Управата.

Месно надлежната пробациска канцеларија при извршувањето на заштитниот надзор, може на судот да му предложи изречените обврски да ги замени со други или да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето на проверување. Ако месно надлежната пробациска канцеларија оцени дека целта на оваа мерка е постигната ќе го извести за тоа судот што ја изрекол мерката и може да му предложи да го запре натамошното извршување на заштитниот надзор. Ако осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските, месно надлежната пробациска канцеларија го опоменува и за тоа веднаш ќе го извести надлежниот суд. Ако условно

[475] Види и: член 251 од Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ“ бр. 99/2019, 220/2019 и 236/2022).
[476] Види: член 13 став 3 од Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).

осуденото лице и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски и не учествува во спроведувањето на индивидуалната програма која му е определена, месно надлежната пробациска канцеларија за тоа најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските и не учествувањето во спроведувањето на индивидуалната програма за третман го известува судот кој ја донел одлуката во прв степен со предлог да ја отповика условната осуда.[477]

Решението за условен отпуст надлежниот суд го доставува до месно надлежната пробациска канцеларија спрема местото на живеалиште, односно престојувалиште на осуденото лице, односно местото на отпуст на осуденото лице, во рок од три дена од денот на донесување на истото. За решението за условен отпуст, месно надлежната пробациска канцеларија во рок од осум дена од приемот на Решението, ги известува Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, работодавецот кај кои осуденото лице работи, односно било вработено и соодветна здравствена установа, Министерството за внатрешни работи и други правни субјекти во зависност од обврските утврдени во решението за условен отпуст. Судот во решението ќе определи дали над условно отпуштеното лице ќе се применат мерки за примена на електронски надзор.[478]

Судот во решението за условен отпуст може на условно отпуштениот да му одреди заштитен надзор, што се состои во посебни мерки на помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува надлежен орган согласно со закон. Во решението за условен отпуст, судот може да определи дали над условно отпуштеното лице ќе се примени мерка-електронски надзор.[479]

Согласно член 14 од Законот за пробација, при извршувањето на условната осуда со заштитен надзор месно надлежната пробациска канцеларија, меѓу другото, составува извештаи за извршувањето на условната осуда со заштитен надзор и истите ги доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен и тоа на секои четири месеци ако заштитниот надзор е определен до една година и на секои шест месеци ако заштитниот надзор е определен над една година.

[477] Види: член 16 од Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).
[478] Види: член 34 од Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226 од 25.12.2015 година).

4.4. ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

Општокорисната работа можеме да ја дефинираме како *алтернативна мерка наменета за сторители на казнени дела од полесен вид и чии персонални карактеристики дозволуваат истите да останат во заедницата по стореното казнено дело, каде со нивна согласност би ја извршувале општокорисната работа, при што им се утврдува извршување на неплатена работа кај непрофитни организации, органи на државната управа или претпријатија и јавни установи кои вршат дејност од јавен интерес*.[480]

Во Република Северна Македонија, согласно член 58-б став 1 од Кривичниот законик, за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години судот може, со согласност на сторителот, да му изрече мерка на општокорисна работа на слобода, ако делото е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано не бил осудуван.

Согласно член 58-б став 2 од Кривичниот законик, мерката се изрекува во траење од 40 до 240 часа, што осудениот е обврзан да ги одработи без надоместок во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, и не пократко од пет часа неделно, во период најмногу до 12 месеца. Кога постојат здравствени или оправдани лични и семејни причини судот може да го продолжи извршувањето на мерката најмногу уште за шест месеци.

Согласно член 58-б став 3 од Кривичниот законик, кога судот ќе изрече парична казна до 90 дневни глоби или 1.800 евра во денарска противвредност или казна затвор до три месеца, може истовремено да одлучи, по барање на осудениот, за замена на казната со општокорисна работа, при што еден ден затвор, дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност се заменуваат со три часа општокорисна работа со тоа што вкупниот збир на часови не може да надмине 240 часа. При одлучувањето за замена на казната со мерката на општокорисна работа судот ќе ја земе предвид тежината на делото, степенот на кривичната одговорност, поранешната неосудуваност на сторителот и извршеното надоместување на штетата или отстранување на другите штетни последици на делото.

---

[479] Види: член 255 од Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ“ бр. 99/2019, 220/2019 и 236/2022).

[480] Јованов, И. (2024). Примената на алтернативната мерка општокорисна работа како алтернатива за кратките казни затвор во сузбивањето на полесните облици на криминалитет. 11 Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ [електронски извор], Штип: Универзитет

Член 58-б од Кривичниот законик го ограничува изрекувањето на општокорисната работа како мерка за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до три години и „ако делото е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано не бил осудуван“. Со ова, опсегот на применливост е многу тесен. Дури и во случај на кражба, може да се примени само во помалку сериозни случаи. Опсегот на применливост треба да се прошири за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години. Повторниците на овој начин се автоматски исклучени од алтернативните санкции. Ќе се дискутира, дали оваа алтернативна казна може да биде поотворена во зависност од индивидуалното одмерување на санкцијата.[481]

Со донесувањето на Законот за пробација во 2015 година, активностите на извршување и контрола на алтернативната мерка општокорисна работа се определени како надлежност на пробациското орган.

Согласно одредбите од член 17 од Законот за пробација, правосилната и извршна одлука со која е изречена општокорисна работа, судот во рок од 15 дена од денот кога одлуката станала извршна ја доставува до месно надлежната пробациска канцеларија и организационата единица во Управата која ги врши пробациските работи. За одлуката со која е изречена општокорисна работа, месно надлежната пробациска канцеларија ги известува Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, Министерството за внатрешни работи и работодавачот кај кој осуденото лице е во работен однос.

КЗ таксативно ги набројува органите и организациите во кои може да се организира општокорисна работа: државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, а Законот за пробација (чл. 19 ст. 1) предвидува можност таа да се извршува и во единици на локалната самоуправа, како и во други правни субјекти кои вршат дејност во која може да се оствари нејзината цел. Бидејќи станува збор за извршување на санкција, овде е вклучено и Министерството за правда, преку Управата за извршување на санкции.[482]

„Гоце Делчев“ во Штип, Правен факултет, Зборник на трудови, стр. 82-83. Достапно на: https://js.ugd.edu.mk/

[481] Види: Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025).

[482] Каневчев, М. (2017). Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 5. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Во член 22 став 1 од Законот за пробација е пропишано дека осуденото лице до надлежниот судија за извршување на санкции може да поднесе молба со соодветни докази привремено да му се прекине извршувањето на општокорисната работа во случај на: акутна болест; ненадејна тешка болест или смрт на член на потесното семејство, согласно со одредбите со кои се регулираат прашањата од областа на семејното право; бременост или родителство до навршување една година старост на детето, како и во случај на извршување на итни работи предизвикани од елементарни непогоди со што би се спречило настанување на значителна материјална штета.

Ставот 2 од истиот член пропишува дека по молбата за прекин, поднесена од осуденото лице, судијата за извршување на санкции одлучува во рок од осум дена од приемот на молбата, по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител.

Согласно став 3 од истиот член, осуденото лице на кое му е одобрен прекин на извршувањето на општокорисната работа од причини наведени во ставот 1 алинеја 1 е должно секој месец да доставува потврда за неговата здравствена состојба до судијата за извршување на санкциите. Надлежниот судија за извршување на санкциите ќе ја отповика одлуката за прекин за извршување на општокорисна работа доколку се утврди дека причините поради кои е одобрен прекинот престанале да постојат или осуденото лице го користи спротивно на целта заради која е определен.

Во одредбите од ставовите 4, 5, 6 и 7 од истиот член е пропишано дека предлог за отповикување на решението може да поднесе и надлежниот јавен обвинител. Решението од ставот 2 на овој член се доставува до осуденото лице, надлежниот јавен обвинител, месно надлежната пробациска канцеларија и правниот субјект кај кој осуденото лице ја извршува општокорисната работа. Против решението на судијата за извршување на санкции, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата во рок од три дена од приемот на решението. Во случај на прекин на извршувањето на општокорисната работа, времето на прекин не се засметува во вкупното време определено за извршувањето на општокорисната работа.

Законот за пробација во член 23 предвидува дека ако осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски, правниот субјект е должен најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските или грубото занемарување на работните обврски, да ја извести месно надлежната пробациска канцеларија. Ако месно надлежната пробациска канцеларија утврди дека осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски го

повикува осуденото лице на разговор и го опоменува, а за тоа веднаш ќе го извести судот кој ја донел одлуката во прв степен. Ако осудениот и по писмената опомена продолжи со таквото однесување, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. Ако осудениот не ја извршува општокорисната работа изречена како замена за паричната казна или казната затвор, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да донесе одлука за извршување на изречената казна.

Согласно член 24 од Законот за пробација, за време на извршувањето на општокорисната работа месно надлежната пробациска канцеларија поднесува извештај до судот кој ја донел одлуката во прв степен два пати, од кои еден извештај на половина од извршувањето на општокорисната работа и вториот извештај најдоцна во рок од 15 дена од денот на извршувањето на општокорисната работа. Месно надлежната пробациска канцеларија го поднесува извештајот и по барање на судот.

5. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОБАЦИЈАТА

Во нашата држава предвидено е да функционираат вкупно 15 пробациски канцеларии, преку кои треба да се покриваат подрачјата на сите судови. Методологијата за вработување предвидува дека во периодот од 2021 до 2025 година треба да бидат ангажирани вкупно 90 (деведесет) пробациски службеници. Досега, податоците[483] покажуваат дека вработени се 33 (триесет и три) пробациски службеници во Секторот за пробација, вклучувајќи ги овде и одделенијата за пробација во наведените градови, а во функција се само 11 пробациски канцеларии, односно за областите на основните судови со проширена надлежност во: Скопје, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Велес, Струмица, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Гевгелија. Пробациски канцеларии недостасуваат во судовите во Гостивар, Кочани, Кичево и Струга.

Податоците на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда покажуваат дека бројот на пробациски предмети во нашата држава, во временскиот период од 2017 до 2024 година, се зголемувал. Имено, во 2017 година имало 2 пробациски предмети, во 2018 година имало 4 пробациски предмети, во 2019 година бројот на пробациски предмети бил 165, во 2020 година тој број изнесувал 276, бројот на пробациски предмети во 2021 година изнесувал 451, во 2022 година бројот на пробациски предмети изнесувал 475, во 2023 година тој број изнесувал 483 и во 2024 година бројот на пробациски предмети изнесувал 793.[484]

Во продолжение на докторската дисертација е прикажан бројот на пробациски предмети во нашата држава во временскиот период од 2017 до 2024 година.

[483] Преземени мерки и активности на Управата за извршување на санкциите во насока на воспоставување, развој и унапредување на пробациската служба. Достапно на: https://shorturl.at/lsWMg
[484] Наведено според: Решение УП1 бр. 08-396 од 25.06.2025 година на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда.

Графикон 3. Графички приказ на бројот на пробациски предмети во државата во временскиот период од 2017 до 2024 година



	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Број на пробациски предмети	2	4	165	276	451	475	483	793

Извор: Министерство за правда / Управа за извршување на санкциите[485]

Наведените статистички податоци на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда јасно говорат дека *бројот на пробациски предмети во нашата држава во анализираниот временски период константно бележел пораст.*

Во продолжение на трудот е прикажана табела со бројот на пробациски предмети во државата по одделенија за подрачјата на судовите со проширена надлежност во временскиот период од 2017 до 2024 година.

[485] Решение УП1 бр. 08-396 од 25.06.2025 година на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда.

Табела 5. Број на пробациски предмети во државата по одделенија за подрачјата на судовите со проширена надлежност во временскиот период од 2017 до 2024 година

	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен кривичен суд Скопје	2	4	86	154	254	306	310	479
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Битола	0	0	23	30	26	17	28	33
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Тетово	0	0	19	13	44	47	39	83
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Штип	0	0	9	18	14	12	19	20
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Велес	0	0	9	15	16	17	17	41
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Куманово	0	0	11	17	17	18	15	25
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Прилеп	0	0	7	9	17	13	9	26
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Охрид	0	0	1	4	19	11	5	11
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Струмица	0	0	0	16	25	15	25	46
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Гевгелија	0	0	0	0	8	7	5	9
Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Кавадарци	0	0	0	0	11	12	11	20

Забелешка: Пробациски канцеларии во судовите во Гостивар, Кичево, Кочани и Струга сè уште не се отворени.

Извор: Министерство за правда / Управа за извршување на санкциите[486]

[486] Решение УП1 бр. 08-396 од 25.06.2025 година на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда.

Наведените статистички податоци јасно покажуваат дека најголем број на пробациски предмети има во Одделението за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје.

Во продолжение на докторската дисертација се прикажани бројот на пробациски предмети во државата според видот на изречената пробациска мерка во периодот од 2017 до 2024 година.

Табела 6. Број на пробациски предмети во државата според видот на изречената пробациска мерка во периодот од 2017 до 2024 година

	2017	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**	**2024**
Процена на ризик на обвинет	0	0	10	22	52	59	90	166
Условна осуда со заштитен надзор	0	0	43	48	53	99	157	331
Општокорисна работа	0	0	1	28	103	125	14	6
Куќен затвор	0	0	0	0	0	0	0	0
Условен отпуст со заштитен надзор	2	4	111	178	243	192	222	290

Извор: Министерство за правда / Управа за извршување на санкциите[487]

Податоците на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда покажуваат дека во нашата држава во 2017 година имало само два пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор не биле евидентирани за таа година. Во 2018 година биле евидентирани четири пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Во однос на пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор не биле евидентирани за таа година. Во 2019 година имало десет пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, четириесет и три пробациски предмети кои се однесувале

на условна осуда со заштитен надзор, еден пробациски предмет кој се донесувал на општокорисна работа и сто и единаесет пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмет кој се однесувал на куќен затвор таа година не бил евидентиран. Во 2020 година биле евидентирани дваесет и два пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, четириесет и осум пробациски предмети кои се однесувале на условна осуда со заштитен надзор, дваесет и осум пробациски предмети кои се однесувале на општокорисна работа и сто седумдесет и осум пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмет кој се однесувал на куќен затвор таа година не бил евидентиран. Во 2021 година биле нотирани педесет и два пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, педесет и три пробациски предмети кои се однесувале на условна осуда со заштитен надзор, сто и три пробациски предмети кои се однесувале на општокорисна работа, двесте четириесет и три пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмет кој се однесувал на куќен затвор таа година не бил нотиран. Во 2022 година имало педесет и девет пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, деведесет и девет пробациски предмети кои се однесувале на условна осуда со заштитен надзор, сто дваесет и пет пробациски предмети кои се однесувале на општокорисна работа, сто деведесет и два пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмет кој се однесувал на куќен затвор таа година не бил евидентиран. Во 2023 година биле нотирани деведесет пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, сто педесет и седум пробациски предмети кои се однесувале на условна осуда со заштитен надзор, четиринаесет пробациски предмети кои се однесувале на општокорисна работа, двесте дваесет и два пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмет кој се однесувал на куќен затвор таа година не бил нотиран. Во 2024 година биле евидентирани сто шеесет и шест пробациски предмети кои се однесувале на процена на ризик на обвинет, триста триесет и еден пробациски предмети кои се однесувале на условна осуда со заштитен надзор, шест пробациски предмети кои се однесувале на општокорисна работа и двесте и деведесет пробациски предмети кои се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор. Пробациски предмет кој се однесувал на куќен затвор таа година не бил евидентиран.

[487] Решение УП1 бр. 08-396 од 25.06.2025 година на Управата за извршување на санкциите како орган во

Сумирано, според видот на изречената пробациска мерка, најголем број на пробациски предмети во нашата држава, во анализираниот временски период од 2017 до 2024 година, се однесувале на условен отпуст со заштитен надзор, односно 1.242 предмети. Пробациската мерка условна осуда со заштитен надзор била евидентирана во вкупно 731 пробациски предмет во наведениот временски период. Пробациската мерка процена на ризик на обвинет била нотирана во 399 пробациски предмети, додека пробациската мерка општокорисна работа била нотирана во 277 пробациски предмети. Во анализираниот временски период не биле евидентирани пробациски предмети во однос на мерката куќен затвор.

состав на Министерството за правда.

6. ЗАКЛУЧОК

Од наведеното во овој дел, можеме да констатираме дека *извршувањето на алтернативните мерки е директно условено од воспоставување на системски решенија за нивна адекватна имплементација*. Констатиравме дека пробацијата е санкција со тенденција за поправање на осуденото лице истовремено произведувајќи позитивни ефекти и спрема заедницата, бидејќи преку индивидуализирана програма за третман и надзор спрема осуденото лице, а без негово лишување од слобода, се настојува да се надминат проблемите што довеле до криминално однесување, истовремено очекувајќи од него во иднина да не врши казнени дела.

Во оваа насока мораме да истакнеме дека покрај остварувањето на целите на казнувањето, со примената на пробацијата како мерка што се извршува во општествената заедница, во преден план се стават ресоцијализацијата и социјалната адаптација на сторителите на казнени дела.

Сознанијата од искуствата од развиените држави покажуваат дека добро воспоставен и функционален пробациски систем на долг рок помага во редуцирање на затворската популација, овозможува полесна реинтеграцијата на престапниците во општеството, ѝ овозможува на локалната заедница да има бенефит од применувањето на алтернативните мерки, но и помага во зајакнување на довербата на јавноста во казнено-поправниот систем.

Сметаме дека за постигнување на оптимални позитивни резултати би било најцелисходно пробацијата да се користи како средство за редуцирање на бројот на лицата што се лишени од слобода, па затоа, таа треба да се изрекува како *замена за институционалните мерки*, а не како замена за изречена парична казна или некоја друга мерка на слобода.

Од погоре изнесеното во овој дел од докторската дисертација, можеме да констатираме дека ***пробацијата на долг рок дава успешни резултати во однос на сузбивање на криминалитетот, но и во однос на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на осудените лица во заедницата***.

ПЕТТИ ДЕЛ

ГЛАВА VII АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Иако затворот е неопходен во многу случаи кои вклучуваат насилни сторители на казнени дела, тој не претставува лек ниту во однос на спречувањето на криминалот ниту во однос на социјалната реинтеграција на сторителите на казнени дела. Покрај тоа, во многу земји пенитенцијарниот систем се соочува со големи предизвици поради пренатрупаните и застарени објекти, што резултира со тоа затворениците често да се наоѓаат во непристојни услови што, пак, може да има негативни ефекти врз нивното физичко и ментално здравје, како и да го попречи нивното образовно и стручно оспособување, а со тоа влијае и на нивните шанси за идно приспособување на обичниот живот во заедницата. Влијанието на долгите казни затвор врз семејниот и работниот живот на една личност претставува, исто така, значителен проблем.

Бројни меѓународни и европски документи ја поставуваат правната основа за примена на алтернативните на казната затвор и промовираат употреба на алтернативни санкции со цел да се намали рецидивизмот и затворската популација. Имено, меѓународните и европските правила кои се однесуваат на алтернативни санкции се јасни дека истите треба да дадат приоритет на рехабилитацијата, социјалната инклузија и реинтеграцијата на осудените лица, да се усогласат со човековите права и да не дискриминираат или стигматизираат во нивната примена.

Централно место во аргументите за промовирање на реформите во затворот е аргументот за човековите права - премисата врз која се развиени многу стандарди и норми на Организацијата на обединетите нации (ООН). Сепак, овој аргумент е често недоволен за да се поттикнат програмите за реформи во затворите во земји со оскудни човечки и финансиски ресурси. Штетното влијание на затворската казна, не само врз поединците, туку и врз семејствата и заедниците, како и економските фактори, исто така, треба да се земат предвид кога се размислува за потребата од реформи во затворот.

Имајќи ги предвид сите овие предизвици кои ги донесува казната затвор, се јавила потребата за изнаоѓање на нови облици на казнено-правна репресија на криминалитетот, особено за полесните казнени дела и тоа на начин пропорционален на извршеното дело.

Развојот на алтернативните казнени санкции и концептот на ресторативна правда е поврзан со седумдесеттите и осумдесеттите години на минатиот век, кога „немоќта“ на класичните казни и неуспехот на идејата за ресоцијализација ја поттикнаа потребата за пронаоѓање на нови (алтернативни) облици на реагирање на криминалитетот, кои би биле похумани, поефикасни и лишени од ретрибутивните својства[488], а со кои, истовремено, би се дејствувало во насока на превенција на криминалитетот и поголема вклученост на жртвите и заедницата во реагирањето на криминалното однесување и реинтеграцијата на сторителите.

Во последната деценија на минатиот век, алтернативните санкции и мерки се појавуваат и во европските казнени законодавства, а со тек на време се појавуваат и нови решенија во делот на алтернативното казнено-правното постапување што означува поинаков и справедлив третман на жртвата на казненото дело од аспект на реституција, компензација или надомест на штета, односно преку принципот на ресторативна правда.

Во меѓународните документи, за алтернативните казнени санкции воглавно се користат термините *незатворски санкции* (*non-custodial sanctions*) и *санкции и мерки кои се извршуваат во заедницата* (*community sanctions and measures*), со кои се овозможува сторителот да остане на слобода, односно во заедницата и кои вклучуваат одредени ограничувања на слободата на сторителот преку поставување на одредени услови, односно обврски кои истиот е должен да исполни. Значајно е да се напомене дека кај овие санкции акцентот е ставен на промовирање на поголема улога на општеството во функционирањето на казнено-правниот систем и посебно вклучувањето во третманот и реинтеграцијата на сторителите на казнени дела.

[488] Mrvić-Petrović, N., Đorđević, Đ. (1998). Moć i nemoć kazne. Beograd: Vojnoizdavački zavod i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, str. 89-90.

2. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО СТАНДАРДИТЕ И НОРМИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Организацијата на обединетите нации (во понатамошниот текст: ООН или ОН) имаат усвоено неколку правни инструменти и упатства кои се залагаат за употреба на вонинституционални санкции и мерки како алтернативи на затворот.

Во продолжение на докторскиот труд ќе бидат прикажани некои од нив.

- ***Стандардни минимални правила на Обединетите нации за вонинституционални санкции (т.н. Правила од Токио)***[489]

Во прв ред несомнено се *Стандардните минимални правила на Обединетите нации за вонинституционални санкции*, познати и како *Правилата од Токио*, усвоени од страна на Генералното собрание на ОН во 1990 година во Токио, Јапонија. Примарниот фокус на Правилата од Токио е на незатворските мерки и санкции како алтернативи на затворањето. Овие Правила обезбедуваат сеопфатни насоки за незатворските мерки, нагласувајќи ја важноста на индивидуализацијата, човековите права и вклученоста на заедницата. Во нив се втемелени основни принципи и начела за примена на незатворските мерки, а се обезбедени и минимални гаранции наменети за лицата на кои им се изрекуваат овие мерки. Истите имаат за цел да придонесат за развој на правични и ефективни системи за казнена правда ширум светот, со акцент на рехабилитацијата и спречувањето на рецидивизмот.

- ***Основни принципи за третманот на затворениците***[490]

Основните принципи за третманот на затворениците се усвоени од страна на Генералното собрание на ОН на 14.12.1990 година. Иако не се исклучиво фокусирани на незатворските мерки, овие принципи ги прикажуваат стандардите за хуман третман на притворените лица и ја нагласуваат потребата од алтернативи за затворањето кога тоа е соодветно. Во оваа Резолуција се истакнува дека сите затвореници ќе бидат

[489] United Nations Standard Minimum Rules for Non-custodial Measures (the Tokyo Rules). Достапно на: http://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_Non-custodial_Measures_Tokyo_Rules.pdf

[490] Basic Principles for the Treatment of Prisoners : resolution / adopted by the General Assembly. Достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/105348?ln=en

третирани со почит поради нивното вродено достоинство и вредност како човечки суштества. Нема да има дискриминација врз основа на раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус.

- ***Основни принципи за употреба на програмите за реституативна правда во кривичната материја***[491]

Основните принципи за употреба на програмите за реституативна правда во кривичната материја, усвоени во 2002 година од страна на Економско-социјалниот совет на Обединетите нации, имаат за цел да ги информираат и охрабрат државите-членки да усвојат и стандардизираат мерки за ресторативна правда во контекст на нивните правни системи, но немаат намера да ги направат задолжителни или да ги наметнуваат.

Основниот дел од *Основните принципи* се занимава со воспоставување на параметрите за употреба на ресторативната правда и мерките што треба да ги усвојат државите-членки за да се осигура дека учесниците во ресторативните процеси се заштитени со соодветни правни заштитни мерки. Конкретно, деловите II и III од документот се занимаваат соодветно со обидот да се дефинира соодветната употреба на ресторативната правда (на пример: кога има доволно докази против сторителот за да се оправда интервенцијата и кога сторителот и жртвата се согласуваат) и природата на правните заштитни мерки што треба да се воспостават.

Основните принципи се однесуваат на следните основни заштитни мерки:

- Право на консултација со правен советник: Жртвата и сторителот треба да имаат право да се консултираат со правен советник во врска со ресторативниот процес и каде што е потребно за превод и/или толкување.
- Право на малолетници на помош од родител или старател: Малолетниците треба, дополнително, да имаат право на помош од родител или старател.
- Право да се биде целосно информиран: Пред да се согласат да учествуваат во ресторативните процеси, страните треба да бидат целосно информирани за нивните права, природата на процесот и можните последици од нивната одлука.

[491] Basic principles on the use of restorative justice programmes in criminal matters. Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Basic_Principles_on_the_use_of_Restorative_Justice_Programs_in_Criminal_Matters.pdf

- Право да не учествуваат: Ниту жртвата, ниту сторителот не треба да бидат принудени или поттикнати со нефер средства да учествуваат во ресторативните процеси или да ги прифатат ресторативните резултати. Потребна е нивна согласност. На децата можеби ќе им треба посебен совет и помош пред да можат да формираат валидна и информирана согласност.

Основните принципи не претпоставуваат дека законодавството секогаш ќе биде неопходно за да се осигури дека постојат фундаментални правни заштитни мерки за адекватна заштита на учесниците во процесот на ресторативна правда и обезбедување на целокупната правичност на процесот.

Основните принципи препорачуваат државите-членки да размислат за воспоставување насоки и стандарди, со законодавно овластување кога е потребно, за да се регулира употребата на програмите за ресторативна правда. Секогаш има прашања за тоа дали законодавството е неопходно за да се воведат програми за ресторативна правда. Во повеќето случаи, прашањето бара локален одговор кој ги зема предвид актуелниот систем и законодавство и природата на иницијативите за ресторативна правда што треба да се спроведат. *Основните принципи* јасно кажуваат дека, во некои случаи, може да биде доволно да се усвојат политики и јасни насоки за да се воведат нови програми и да се воспостави потребната нормативна рамка.

- ***Правила на Обединетите нации за третман на жени затворенички и незатворски мерки за жени престапнички (т.н. Правила од Бангкок)***[492]

Правилата на Обединетите нации за третман на жени затворенички и незатворски мерки за жени престапнички, кои се познати и како *Правила од Бангкок*, се усвоени од страна на Генералното собрание на ОН на 21.12.2010 година.

Уште во воведниот дел е нагласено дека овие *Правила* во никој случај не ги заменуваат *Стандардните минимални правила на Обединетите нации за вонинституционални санкции*. Имено, овие Правила ги истакнуваат специфичните потреби и права на жените во системот на кривичната правда, промовирајќи алтернативи на затворањето за жени, особено за оние кои имаат обврски за грижа. Овие

[492] United Nations Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders (the Bangkok Rules). Достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/united-nations-rules-treatment-women-prisoners-and-non-custodial

Правила се инспирирани од принципите содржани во различни конвенции и декларации на Обединетите нации и затоа се во согласност со одредбите на постојното меѓународно право. Тие се упатени до затворските власти и агенциите за кривичната правда (вклучувајќи ги креаторите на политиките, законодавците, обвинителството, судството и пробациската служба) вклучени во администрирањето на вонинституционалните санкции и мерки во заедницата.

Правилата од Бангкок, предвидуваат распоредување на женските затворенички во установи што се блиски до нивните домови, истакнувајќи ги придобивките од сместувањето на осудената жена во близина на нејзиното живеалиште, фамилија и деца, притоа не занемарувајќи го фактот дека е неопходно да се внимава и на минатото на осудената жена, односно дали таа била жртва на семејно насилство. Во тој случај, мора да се почитува желбата на осудената жена да не биде сместена во близина на нејзиното претходно живеалиште, бидејќи на тој начин ќе биде постигната физичка дистанца од мажот, партнерот или лицето кое вршело семејно насилство пред нејзиното упатување на издржување на затворска казна.[493]

- ***Стандардни минимални правила на Обединетите нации за администрирање на малолетничка правда (т.н. Правила од Пекинг)***[494]

Стандардните минимални правила на Обединетите нации за администрирање на малолетничка правда, познати и како *Правила од Пекинг*, иако првенствено се однесуваат на малолетничката правда, истите ја поттикнуваат употребата на вонинституционалните мерки за младите престапници и ја промовираат нивната реинтеграција во општеството. Овие широки фундаментални перспективи се однесуваат на сеопфатната социјална политика воопшто и имаат за цел да ја промовираат благосостојбата на малолетниците во најголема можна мера, што ќе ја минимизира потребата од интервенција од страна на системот за малолетничка правда, а за возврат ќе ја намали штетата што може да ја предизвика интервенција.

[493] Правило бр. 4 од Правилата од Бангкок. Достапни на: https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Bangkok_Rules_ENG_22032015.pdf

[494] United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (The Beijing Rules). Достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/united-nations-standard-minimum-rules-administration-juvenile

Во овој дел од докторскиот труд можеме да резимираме дека сите погоре споменати документи на Обединетите нации се од огромно значење и истите колективно ја одразуваат *глобалната заложба за промовирање алтернативи на казната затвор*, притоа признавајќи ја важноста на пропорционалноста, рехабилитацијата и заштитата на човековите права во системите на казнена правда во светски рамки.

3. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО АКТИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Државите од европскиот континент споделуваат заедничко историско, културно и правно наследство кое се рефлектира и на нивните современи државно-правни уредувања и казнено-правни системи. Заедничко за целокупното ова наследство се корените од римското право, од етичкото учење на христијанската религија, од филозофијата на просветителството, како и од постојната размена на информации, податоци и искуства во областа на казненото право и на криминалната политика уште од крајот на XIX век.

И покрај ова заедничко европско наследство, поредоците на кривичното право на државите на Европа се различно обликувани. Моментално сме многу оддалечени од европска правна зона, во која националните системи за кривично право ќе бидат унифицирани, односно во која ќе функционира супранационална кривична власт со сопствени судски органи врз основа на вистинско европско кривично и кривично-процесно право.[495]

Политиката на пролиферација на алтернативи на казната затвор беше одобрена од Советот на Европа во последните 50 години преку усвојување на неколку препораки и резолуции кои обезбедуваат наднационална нормативна рамка.[496]

Системите за кривично право на европските држави, пред сè, на земјите-членки на ЕУ, моментално се наоѓаат во еден таканаречен прописен „вител на европеизацијата“. Европското кривично право не се сфаќа како статичка правна состојба, туку сè повеќе како динамичен тековен процес на европеизација на кривичното право и на кривичното правосудство. Развојот на кривичното право во Европа е карактеризиран со многубројни и многувидски фактори на европеизација од општа и специфирана природа, кои во никој случај не се опишуваат со феноменот на „замена од страна на правото на Заедницата“ (се мисли на улогата на Европската конвенција за човекови права или на мерките во рамките на третиот столб на ЕУ).[497]

Во рамки на Европската унија (во понатамошниот текст: ЕУ) постои општоприфатен консензус дека затворот не е единствениот начин за балансирање на безбедносните потреби и социјалната правда и дека секоја држава-членка потребно е да

[495] Хекер, Б. (2010). Европско кривично право. Скопје: Датапонс, стр. 5.
[496] Види: Junger-Tas, J. (1994). Alternatives to Prison Sentences: Experiences and Developments. Amsterdam: Kugler Publications, p. 10.

има имплементирано соодветни алтернативи на казната затвор. Истовремено, примената на алтернативните санкции и мерки добива на значење со оглед на изразената потреба од хармонизација на казнените санкции во земјите членки на ЕУ.

Ефикасноста на правдата го расчисти патот за ефикасноста на извршувањето на санкциите, истовремено почитувајќи ги основните права. Изнаоѓањето вистинска рамнотежа помеѓу санкцијата, третманот, реинтеграцијата, заштитата на жртвите и општеството е задача со која постојано се соочуваат властите на нашите земји.[498]

Националните кривично-правни системи се поврзани во еден динамичен процес на европеизација, кој се отсликува најмногу на активностите на Европскиот совет, на меѓувладината соработка на земјите-членки, како и на влијанието на Правото на заедницата. Како централни фактори на европеизацијата влијаат, пред сè, гаранциите на Европската конвенција за човекови права, обликувани од Европскиот суд за човекови права, Конвенциите за правна помош на Европскиот совет, мерките на хармонизација на првиот и третиот столб на ЕУ, како и принципите на Правото на заедницата, конкретизирани од Европскиот суд за човекови права (на пр. принципот на асимилација, принципот на предност, наредбата за интерпретација во соодветност со правото на Заедницата) на националното кривично и кривично-процесно право.[499]

Кога станува збор за алтернативите на затворот, мораме да истакнеме дека во Европската унија постојат законски одредби и директиви кои ја нагласуваат употребата на незатворски санкции и мерки како алтернативи на затворот. Овие санкции и мерки имаат за цел да промовираат рехабилитативен и индивидуализиран пристап кон правдата.

Во продолжение на докторскиот труд ќе бидат прикажани некои од нив.

- ***Европска Конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица***[500]

Кога станува збор за значајни Конвенции донесени од страна на државите членки на Советот на Европа, во прв ред, мора да ја споменеме *Европската Конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица* од 30.11.1964 година.

---

[497] Хекер, Б. (2010). Европско кривично право. Скопје: Датапонс, стр. 3.
[498] Зборник на конвенции, препораки и резолуции во врска со пенитенцијарните прашања. (2007). Стразбур: Совет на Европа, стр. 9.
[499] Хекер, Б. (2010). Европско кривично право. Скопје: Датапонс, стр. 24.
[500] European Convention on the Supervision of Conditionally Sentenced or Conditionally Released Offenders. Достапно на: https://rm.coe.int/168006ff4d

Конвенцијата има за цел да им дозволи на сторителите да ја напуштат територијата на Страната каде што е изречена казна, или каде што извршувањето на казната е условно суспендирано, да воспостават свое вообичаено живеалиште во друга Страна под надзор на нејзините органи.

Во Преамбулата на оваа Конвенција, се истакнува дека државите членки на Советот на Европа, потписнички на оваа Конвенција, тргнувајќи од целта на Советот на Европа да се постигне поголемо единство меѓу неговите членки, решени да преземат конкретни активности во борбата против криминалот, сметаат дека за остварување на оваа цел, должни се да осигурат ресоцијализација на сторителите на кои им изречена условна осуда или им е одобрен условен отпуст од страна на нивните судови на територијата на другите договорни страни, како и да обезбедат извршување на утврдената казна кога нема да се исполнат поставените услови.

Во завршните одредби се истакнува дека оваа Конвенција не задира во обврските што произлегуваат од постоечките или идните меѓународни договори, било тоа да се билатерални или мултилатерални, склучени помеѓу две или повеќе држави договорни страни, а кои се однесуваат на екстрадицијата или на други видови взаемна правна помош во кривичните предмети. Државите договорни страни не смеат меѓусебно да склучуваат билатерални или мултилатерални договори за прашања кои се уредени со оваа Конвенција, освен со цел да ги дополнат одредбите или да ја олеснат примената на принципите кои се вградени во Конвенцијата. Меѓутоа, доколку две или повеќе држави договорни страни веќе воспоставиле взаемни односи по однос на овие прашања, врз основа на унифицирано законодавство, или меѓусебно вовеле посебен систем или планираат тоа да го сторат во иднина, тие имаат право соодветно да ги уредат тие односи, независно од одредбите на оваа Конвенција. Државите договорни страни, кои престанеле да ги применуваат одредбите од оваа Конвенција за овие прашања во нивните меѓусебни односи, ќе го известат за тоа Генералниот секретар на Советот на Европа.

- ***Препорака бр. R (79) 14 на Комитетот на министри до државите членки во врска со примената на Европската конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица***[501]

Друг значаен документ кој мораме да го споменеме е *Препораката бр. R (79) 14 на Комитетот на министри до државите членки во врска со примената на Европската конвенција за надзор над условно осудени и условно отпуштени лица*, усвоена од Комитетот на министри на 14.06.1979 година на 306-от состанокот на замениците министри.

Со овој документ, им се препорачува на владите на државите членки:

1. Доколку сè уште не се договорни страни на Конвенцијата, истата да ја ратификуваат, што е можно поскоро, со цел да се прошири системот на взаемна помош;
2. Доколку се договорни страни на Конвенцијата, дека:

- Државата молител е надлежна за помилување, амнестија или преиспитување на казната и за тоа треба да ја информира замолената државата (член 15, став 1);
- Во примената на своите закони и при одлучувањето за начинот на извршување на казната, замолената држава ќе ја земе во предвид, колку што е можно, личната состојба на осуденото лице пред неговото затворање (член 17);
- Државата молител ќе се воздржи од преземање на било која од бараните мерки за извршување, освен ако го повлече своето барање и тоа пред замолената држава да ја извести дека има намера да постапи по барањето или во случај кога замолената држава и државата молител, врз основа на меѓусебен договор, ќе се согласат казната да не се извршува во замолената држава (член 20);
- Правото да одобри амнестија може да го остварува било државата молител било замолената држава, меѓутоа исклучиво државата молител ќе одлучува за барањето за преиспитување на казната; Државата молител, без одлагање, ќе ја извести замолената држава за секоја одлука која води кон престанок на правото на извршување на казната, и обратно (член 21);
- Правото на извршување треба да & се врати на државата молител, доколку замолената држава експлицитно се откаже од тоа право, што е можно само ако и

[501] Recommendation No. R (79) 14 of the Committee of Ministers to member states concerning the application of the European Convention on the supervision of conditionally sentenced or conditionally released offenders. Достапно на: https://rm.coe.int/16804ca914

двете засегнати држави се согласат или ако извршувањето повеќе не може да се спроведе во замолената држава (член 25).

- ***Препорака Р. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата***[502]

Советот на Европа, изразувајќи го скептицизмот кон казната затвор од казнените политики на европските држави, на 19.10.1992 година, на 482-от Состанок на замениците на министрите, усвои *Препорака Р. (92) 16 на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата.*

Во оваа Препорака за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата се определуваат најзначајните елементи на правната рамка на нивното дефинирање, изрекување, судска гаранција, жалбена постапка, постоење согласност од страна на сторителот, учество на заедницата и слично.

Во Преамбулата на оваа Препорака е наведено дека овие правила имаат за цел:

а) да востановат збир на стандарди кои ќе им овозможат на националните законодавни тела и на практичарите (органи што донесуваат одлуки и органи надлежни за нивно извршување) да обезбедат правична и ефикасна примена на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата. Преку нивна примена треба да се настојува да се воспостави и одржи потребната и посакуваната рамнотежа меѓу, од една страна, барањата за заштита на општеството од аспект на одржување на правниот поредок и примена на нормите за надоместување на штетата причинета на жртвите и, од друга страна, неопходноста од признавање на потребите на сторителот за негова општествена реинтеграција;

б) на државите членки да им се дадат основни критериуми за утврдување на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, заедно со гаранции за да се избегнат ризиците од задирање во основните човекови права на сторителите спрема кои се применуваат. Исто така, битно е примената на овие санкции и мерки да не доведе до било каква злоупотреба, на пример да се наштети на одредени општествени групи. Исто така, внимателно треба да се разгледаат

предностите и неповолностите, како и потенцијалните ризици што произлегуваат од овие санкции и мерки. Едноставното следење на целта, а тоа е да се изнајде замена за затворската казна, само по себе, нема да биде доволно оправдување за да се пристапи кон изрекување на ваква санкција и мерка или начин на извршување;

в) да им предложат на лицата задолжени за спроведување на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата и на сите кои се вклучени во оваа област, јасни правила на однесување за да се осигури дека нивното извршување ќе биде во согласност со поставените услови и обврски и на тој начин, да се обезбеди целосен кредибилитет на овие санкции и мерки. Ова не значи дека извршувањето треба да се спроведува на строг и формалистички начин. Напротив, тоа треба да се спроведува, водејќи постојано сметка за индивидуализација на санкциите и мерките, односно да се постигне сразмерност меѓу стореното кривично дело, реакцијата на системот за кривично-правна заштита, личноста и способностите на сторителот. Дотолку повеќе, фактот што овие лица ќе можат да се повикуваат на збир на правила, утврдени на меѓународно ниво, би требало да ја олесни размената на искуства, особено во врска со методите на работа.

Не би требало многу да се нагласува фактот дека санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, предвидени во рамки на овие правила, претставуваат реална потреба како за сторителот, така и за заедницата, бидејќи сторителот е во можност да продолжи да врши избор и да ги извршува своите општествени обврски. Примената односно извршувањето на кривичните санкции во самата заедница, наспроти процесот на изолација од неа, долгорочно гледано, може да овозможи подобра заштита на општеството, вклучувајќи и гаранции за заштита на интересите на жртвата или жртвите.

Оттаму, изрекувањето и извршувањето на санкции и мерки кои се применуваат во заедницата мора да се раководи од овие размислувања, како и од суштинската цел, а тоа е со сторителот да се постапува со почит како кон одговорно човечко суштество.

---

[502] Recommendation Rec(92)16 on the European rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/16804d5ec6

Овие правила, кои се изготвени како пандан на Европските затворски правила, не треба да се сметаат за системски модел. Всушност, тие претставуваат корпус од барања кои се погодни да бидат општо-прифатени. Без почитување на овие барања не може да постои делотворна примена на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата.

- ***Препорака R. (2000) 22 на Комитетот на министри до државите членки за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата***[503]

Со цел да се преиспита улогата на овие мерки во земјите членки, односно да се согледа нивната примена и ефикасност, Советот на Европа во 2000 година усвои *Препорака R. (2000) 22 на Комитетот на министри до државите членки за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата*, која содржи препораки за надминување на тешкотиите со кои се соочиле државите членки при примена на Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата од 1992 година.

Со оваа Препорака им се препорачува на владите на државите членки:

- во своето законодавство и практика во врска со санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата да се раководат од ревидираниот текст на правилото 5 на Препораката бр. R (92) 16 за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, содржан во прилог I кон оваа препорака;
- при преиспитување на своето законодавство, политики и практика поврзани со создавањето, определувањето и спроведувањето на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, да се раководат од принципите утврдени во прилог II кон оваа препорака, со цел постигнување поделотворна употреба на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата;
- да обезбедат што е можно поширока дистрибуција на оваа препорака и на извештајот за постигнување поделотворна употреба на санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата изготвен од страна на Европскиот комитет за проблемите поврзани со криминалот, посветувајќи особено внимание на

[503] Recommendation Rec(2000)22 on improving the implementation of the European Rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/16804e8c38

дополнителните толкувања и појаснувања на одредени Европски правила, како што е предвидено во став 129-168 од гореспоменатиот извештај.[504]

- ***Препорака Р. (99) 19 на Комитетот на министри до државите членки во врска со медијацијата во кривичните предмети***[505]

Комитетот на министри на 15.09.1999 година, на 679-от состанок на замениците на министрите, усвои *Препорака Р. (99) 19 на Комитетот на министри до државите членки во врска со медијацијата во кривичните предмети*, која опфаќа дефиниција за медијација во кривичните работи, некои општи принципи и правна основа на таквата медијација.

Со оваа Препорака се признава дека медијацијата може да ја зголеми свеста за важната улога што ја имаат и поединецот и заедницата во спречувањето и борбата против криминалот и во справувањето со други сродни конфликти, поттикнувајќи на тој начин поконструктивен и помалку репресивен исход на кривично-правната заштита.

Во самата Препорака јасно е нагласено дека медијацијата во кривичните предмети треба да се применува само доколку странки слободно се согласат со тоа. Странките можат да ја повлечат дадената согласност во било кое време во текот на медијацијата. Воедно, разговорите во текот на медијацијата имаат доверлив карактер и не можат подоцна да се искористат, освен во договор со странките.

Согласно оваа Препорака, медијацијата во кривичните предмети треба, општо земено, да биде достапна за сите. Медијацијата во кривичните предмети треба да биде достапна во сите стадиуми од постапката за кривично-правна заштита. Дополнително, во самата Препорака е нагласено дека Службата за медијација треба да ужива соодветна автономија во рамки на системот за кривично-правна заштита.

Препораката пропишува дека донесувањето одлука за упатување на определен кривичен предмет на медијацијата, како и оценувањето на исходот од постапката за медијација, треба да биде резервирано за органите на системот за кривично-правна заштита. Воедно, во Препораката јасно се наведува дека пред да се согласат со медијацијата, странките треба во целост да бидат известени за нивните права, за природата на процесот на медијацијата и за можните последици од нивната одлука.

[504] Види и: Зборник на конвенции, препораки и резолуции во врска со пенитенцијарните прашања. (2007). Стразбур: Совет на Европа, стр. 107.

Согласно оваа Препорака, ниту жртвата ниту сторителот не смеат да се наведат, со неправедни средства, да се согласат со медијацијата. Основните факти во предметот, вообичаено, треба да бидат признати од двете странки како основа за медијацијата. Учеството во медијацијата не треба да се смета како доказ за признавање на вината во подоцнежната кривична постапка.

Во Препораката се наведува дека повлекувањето на обвинението, врз основа на спогодбата постигната со медијација, треба да има исто правно дејство како и судските одлуки и треба да исклучува кривичен прогон за истата фактичка состојба (*ne bis in idem*). Дополнително, се истакнува дека кога предметот им се враќа на надлежните органи во системот на кривично-правна заштита, без при тоа да се постигне спогодба меѓу странките или поради неуспехот да се изврши постигнатата спогодба, одлуката за тоа како понатаму ќе се постапува треба да се донесе без одлагање.

Понатаму, оваа Препорака се занимава со функционирањето на системот на кривичната правда и оној на службите за медијација. Во оваа насока, нагласени се правните заштитни мерки на странките во казнената постапка, како што е утврдено во Европската конвенција за човекови права.

- ***Препорака бр. R (99) 22 на Комитетот на министри до државите членки во врска со пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација***[506]

Друг значаен документ е *Препораката бр. R (99) 22 на Комитетот на министри до државите членки во врска со пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација*, усвоена од страна на Комитетот на министри на 30.09.1999 година на 681-от состанокот на замениците министри.

Комитетот на министри, сметајќи дека пренатрупаноста во затворите и порастот на затворската популација претставуваат голем предизвик за затворската управа и за системот на кривично-правна заштита, како од аспект на човековите права, така и од аспект на ефикасното раководење со казнено-поправните установи; сметајќи дека ефикасното постапување со затворската популација зависи од збир на прашања, како

[505] Recommendation No. R (99) 19 of the Committee of Ministers to member States concerning mediation in penal matters. Достапно на: https://rm.coe.int/0900001680910dbb

[506] Recommendation N° R (99) 22 of the Committee of Ministers to member States concerning Prison Overcrowding and Prison Population Inflation. Достапно на: https://rm.coe.int/168070c8ad

што се општата состојба со криминалот, приоритетите во контролата на криминалот, спектарот на казни предвидени со законските прописи, тежината односно строгоста на изречената казна, зачестеноста со која се определуваат санкции и мерки кои се применуваат во заедницата, примената на мерката притвор, делотворноста и ефикасноста на органите надлежни за кривично-правна заштита и, не помалку значајни, ставовите на јавноста кон криминалот и казнувањето; потврдувајќи дека мерките, чија цел е справување со пренатрупаноста во затворите и намалување на затворската популација, треба да бидат вградени во една доследна и рационална казнена политика насочена кон спречување на криминалот и криминалното однесување, ефикасно спроведување на законот, заштита на јавниот ред, индивидуализација на санкциите и мерките и општествена реинтеграција на сторителите; сметајќи дека тие мерки треба да бидат во согласност со основните принципи на демократските држави кои се раководат од начелата на владеење на правото, како и дека тие мерки треба да бидат во функција на суштествената цел за гарантирање на човековите права согласно со Европската конвенција за човекови права и прецедентното право на органите на кои им е доверена нејзината примена; признавајќи дека тие мерки уште повеќе налагаат поддршка од лидерите на политичката и извршната власт, од судиите, јавните обвинители и воопшто од поширокота јавност, како и признавајќи ја потребата од обезбедување избалансирани информации за целите на казнувањето и за релативната ефикасност на затворската казна и другите видови санкции и мерки, како и за реалноста во затворите; имајќи ја предвид Европската конвенција за спречување на тортура односно мачење, нечовечно и понижувачко постапување или казнување; признавајќи го значењето на Препораката бр. R (80) 11 во врска со притворот, Препораката бр. R (87) 3 за Европските затворски правила, Препораката бр. R (87) 18 за поедноставување на системот на кривично-правна заштита, Препораката бр. R (92) 16 за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата и Препораката бр. R (92) 17 во врска со конзистентноста во изрекувањето казни, им препорачува на владите на државите членки:

- при преиспитување на нивното законодавство и практика во врска со пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација, да преземат соодветни мерки, при што ќе ги применуваат принципите утврдени во прилогот кон оваа препорака;
- да поттикнат што е можно поширока дисеминација на оваа препорака и на извештајот за пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската

популација изготвен од страна на Европскиот комитет за проблемите поврзани со криминалот.

Во основните принципи на оваа Препорака, се истакнува дека лишувањето од слобода треба да се смета за крајна мерка и затоа, таа треба да се применува исклучиво во оние случаи кога изрекувањето на други санкции или мерки би било очигледно несоодветно поради тежината на стореното кривично дело. Проширувањето на објектите на затворите треба, претежно, да биде исклучителна мерка, бидејќи во суштина е невозможно таа мерка да понуди трајно решение за проблемот на пренатрупаноста. Земјите во кои затворските капацитети, општо земено, можеби се доволни, но не се прилагодени на локалните потреби, треба да се обидат да направат рационална распределба на затворските капацитети. Треба да се обезбеди соодветен спектар на санкции и мерки кои се применуваат во заедницата, доколку е можно со градација од аспект на нивната тежина, а обвинителите и судиите треба да ги применуваат што е можно повеќе. Државите членки треба да ја разгледаат можноста од декриминализација на одредени видови кривични дела или повторно да извршат класификација на делата, така што за некои од нив нема да се предвидат казни кои водат кон лишување од слобода. Со цел да се осмисли една кохерентна, односно доследна и сеопфатна стратегија против пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација, треба да се спроведе детална анализа на главните фактори кои допринесуваат за овие состојби, особено опфаќајќи ги прашањата за видовите кривични дела за кои се предвидени долги затворски казни, приоритетите во контролата на криминалот, ставовите и загриженоста на јавноста и постоечката практика во изрекувањето на казни.

Во однос на справувањето со недостатокот на места во затворите, во Препораката се истакнува дека со цел да се избегне прекумерен степен на пренатрупаност, треба да се утврди максималниот капацитет на казнено-поправните установи. Кога ќе појави состојба на пренатрупаност, треба особено да се нагласи потребата од почитување на човековото достоинство, обврската на затворска управа хумано и позитивно да постапува со затворениците, целосно да признае улогата на вработените и да има современ пристап во раководењето. Во согласност со Европските затворски правила, треба да се посвети посебно внимание на просторот кој им е на располагање на затворениците, на хигиената и санитариите, на обезбедувањето доволна и соодветна исхрана, на здравствената заштита и на можноста за физички активности и

вежби на отворен простор за затворениците. Со цел да се спречат определени негативни последици од пренатрупаноста во затворите, треба да се олеснат контактите на затворениците со нивните семејства до мера која е можна и треба максимално да се искористи поддршката од заедницата. Треба да се користат што е можно повеќе посебни модалитети и начини на извршување на затворската казна, како што се полуслободен и отворен режим, одобрување отсуство од затворот или сместување надвор од затворот, со цел да се олесни третманот и ресоцијализацијата на затворениците, како и да се обезбеди одржување на врски со нивните семејства и заедницата и намалување на тензијата во казнено-поправните установи.

Во Препораката се истакнуваат: мерки кои се поврзани со предистражната фаза на постапката; мерки поврзани со фазата на главен претрес и мерки во фазата по донесување на пресудата.

Во однос на мерките кои се поврзани со предистражната фаза на постапката, се истакнува дека треба да се преземат соодветни мерки заради целосна примена на принципите предвидени во Препораката бр. R (87) 18 за поедноставување на системот на кривично-правна заштита; ова посебно налага државите членки, тргнувајќи од сопствените уставни принципи и правна традиција, да го применуваат начелото на дискрециono гонење (или мери коишто имаат иста цел) и да користат едноставни постапки и вонсудски спогодби како алтернатива на кривичниот прогон во случаите кога тоа е можно, а со цел да се избегне спроведување на кривични постапки.

Примената на мерката притвор и нејзиното траење треба да се сведе на минимум, во согласност со интересите на кривично-правната заштита. За таа цел, државите членки треба да го усогласат нивното законодавство и практика со релевантните одредби од Европската конвенција за човекови права и прецедентното право на нејзините контролни органи, како и да се раководат од принципите предвидени во Препораката бр. R (80) 11 во врска со притворот пред судењето, особено во поглед на основите за определување на мерката притвор.

Треба да се користат што е можно повеќе алтернативи на притворот, какви што се обврска на осомниченото лице да престојува на точно определена адреса, ограничување да напушти или да посетува определени места без претходно овластување, полагање гаранција и надзор или помош од орган којшто ќе го определи судот. Во оваа смисла, треба да се посвети внимание на можноста од вршење заштитен надзор над исполнување на условот или обврската осомниченият да не напушти определеното место, со употреба на средства за електронско следење.

Со цел да се помогне во насока на ефикасно и хумано спроведување на мерката притворот, треба да се обезбедат соодветни финансиски и човечки ресурси и доколку е потребно, да се воведат соодветни процедурални мерки и техники на раководење. Во однос, пак, на мерките кои се поврзани со фазата на главен претрес, се истакнува дека треба да се вложат напори за да се намали изрекувањето на строги односно високи затворски казни, со кои во голема мера се оптоварува затворскиот систем, како и да се заменат ниските затворски казни со санкции и мерки кои се применуваат во заедницата.

При определувањето санкции или мерки кои се применуваат во заедницата, со кои може да се заменат казните на лишување од слобода, треба да се земат предвид следниве работи:

- одлагање на извршувањето на казната затвор под определени услови,
- изрекување на условна осуда, како независна и единствена казна независно од утврдената затворска казна,
- висок степен на надзор,
- општокорисна работа (односно неплатена работа во интерес на заедницата),
- лекување/лекување по основ на договор за специфични категории сторители,
- медијација меѓу жртвата и сторителот/обесштетување на жртвата,
- ограничувања на слободата на движење, на пример, со наредби за ограничување на времето на излегување или електронско следење.

Санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата треба да се определуваат само во согласност со гаранциите и условите предвидени во Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата.

Во рамки на националното законодавство и практика треба да се воведат различни комбинации на затворски и вонзатворски санкции и мерки, како што се безусловни казни затвор заедно со општокорисна работа, (интензивен) заштитен надзор во заедницата, електронско следење на куќен затвор или во соодветни случаи, со наредба за неопходно лекување.

Во примена на законот, обвинителите и судиите треба постојано да настојуваат да ги имаат предвид расположливите можности, а посебно оние во поглед на затворските капацитети. Во оваа смисла, треба постојано да се обрнува внимание врз проценатa за тоа како постоечките казнени структури и казнени политики влијаат врз развојот на затворската популација.

Обвинителите и судиите треба да се вклучат во креирањето на казнената политика во врска со пренатрупаноста во затворите и зголемување на затворската популација, со цел да се придобие нивната поддршка и да се избегне практиката на изрекување контрапродуктивни казни.

Основите за одмерување на казната треба да бидат предвидени од законодавецот или од други надлежни органи, на начин кој ќе овозможи, меѓу другото, изрекување на затворска казна во помала мера, проширување на употребата на санкции и мерки кои се применуваат во заедницата и користење на мерки на помирување како медијација или обесштетување на жртвата.

Посебно внимание траба да се посвети на улогата на олеснителните и отежнувачките околности и претходните осуди на сторителот при определување на соодветниот квантум на казната.

Во однос на мерките во фазата по донесување на пресудата, се истакнува со цел санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата да бидат сигурни алтернативи на ниските затворски казни, треба да се обезбеди нивно делотворно и ефикасно спроведување, особено преку:

- обезбедување инфраструктура за извршување и следење на овие санкции и мерки, во најмала мера од причина судиите и обвинителите да стекнат доверба во нивната делотворност; и
- развивање и користење на техники за предвидување и оценување на ризиците, како и стратегии за надзор, со цел да се утврди ризикот од повтрат кај сторителот и да се осигури заштита на јавната безбедност.

Треба да се унапредуваат мерките со кои се намалува реалното времетраење на казната што се издржува, со давање предимство на индивидуализираните мерки, како што е раниот условен отпуст, над колективните мерки за справување со пренатрупаноста во затворите (амнестии, колективни помилувања).

Условниот отпуст треба да се смета за една од најделотворните и конструктивни мерки, со која не само што се намалува времето на затворската казна, туку исто така значително се придонесува за планирано враќање на осудениот во заедницата.

Со цел да се прошири и унапреди примената на условниот отпуст, треба да се создадат најдобри услови за поддршка, помош и надзор над осудениот во заедницата, но не само од причина да се поттикнат надлежните судски и управни органи да ја ценат оваа мерка како вредна и разумна опција.

Треба да се изготват и да се спроведуваат делотворни програми за третман за време на издржувањето на казната затвор, како и програми за вршење надзор по отпуштањето на слобода, со што ќе се овозможи ресоцијализација на осудените лица, ќе се намали повратот, ќе се осигури безбедноста и заштита на јавноста и ќе се овозможи судиите и обвинителите да стекнат доверба во мерките насочени кон намалување на реалното времетраење на затворската казна што се издржува и во санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата и дека тие претставуваат конструктивни и разумни опции.

- ***Препорака Rec (2003) 22 на Комитетот на министри до државите членки за условниот отпуст***[507]

Значајна да се спомене е и *Препораката Rec (2003) 22 на Комитетот на министри до државите членки за условниот отпуст*, усвоена од страна на Комитетот на министри на 24.09.2003 година на 853-от состанок на замениците министри.

Со оваа Препорака, јасно им препорачува на владите на државите членки:

1. да воведат условен отпуст во своето национално законодавство, доколку ваква мерка не постои;
2. во законодавството, политиките и практиката во врска со условниот отпуст да се раководат од принципите содржани во прилогот кон оваа препорака;
3. да обезбедат што е можна поширока дистрибуција на оваа препорака за условниот отпуст и на нејзиниот појаснувачки меморандум.

Во Препораката е дадена и дефиниција на условниот отпуст. Имено, во смисла на оваа Препорака, *условниот отпуст означува порано отпуштање на осудени лица или затвореници, под определени услови што тие треба да ги исполнат по пуштањето од затвор*. Оваа дефиниција не ги опфаќа помилувањето и амнестијата. Условниот отпуст е мерка која се применува во заедницата. Воедно, во Препораката се наведува дека законското воведување и примената на оваа мерка во одделни случаи се уредени со *Препораката бр. R (92) 16 за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата*, како и со *Препораката Rec (2000) 22 за унапредување на*

[507] Recommendation Rec(2003)22 of the Committee of Ministers to member states on conditional release (parole). Достапно на: https://rm.coe.int/16800ccb5d

примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата.

Условниот отпуст треба да има за цел да им помогне на затворениците при преминот од живот во затворот, во живот во кој ќе се почитува законот во заедницата, преку поставување на определени услови што треба да се исполнат по отпуштањето и преку вршење надзор, со што се придонесува за остварување на оваа цел, а воедно се придонесува и за сигурноста на јавноста и за намалување на криминалот во заедницата.

Со цел да се намали штетното дејство на затворската казна и да се подобри ресоцијализацијата на затворениците, под услови со кои се настојува да се обезбеди сигурноста на заедницата надвор од затворот, со закон треба да се дозволи условен отпуст на сите затвореници, вклучително и на оние кои се осудени на казна доживотен затвор.

Доколку затворските казни се толку мали што не дозволуваат условен отпуст, треба да се изнајдат други начини за остварување на овие цели.

На почетокот од издржувањето на затворската казна, затворениците треба да бидат информирани за тоа дали тие се стекнуваат со право на условен отпуст поради фактот што издржале минимален дел од изречената казна (овој дел треба да се определи во апсолутна смисла или со упатување на определен процент од казната) и со исполнување на критериумите коишто се применуваат при одлучувањето за условен отпуст („систем на дискреционен отпуст“), или пак тие се стекнуваат со право на условен отпуст само по основ на тоа што издржале точно определен дел од казната, изразен во апсолутна смисла или со упатување на определен процент од казната („систем на задолжителен отпуст“).

Минималниот или определениот дел што треба да се издржи од казната не треба да биде долг, со што би се попречило остварувањето на целата на условниот отпуст.

Треба да се разгледаат факторите на економичност на системот за задолжителен отпуст во врска со казните, во случаите кога негативната поединечна оценка за отпуст на затвореникот би довела до мала разлика во поглед на денот на отпуштање од затвор.

Со цел да се намали ризикот од повратот на затворениците кои се на условен отпуст, треба да им се определат индивидуализирани услови, како што се: плаќање на надомест или соодветно обесштетување на жртвите; лекување од злоупотреба на дроги или алкохол или други состојби, кои бараат лекување и кои видно се поврзани со извршувањето на кривични дела; работно ангажирање или вклучување во други

соодветни активности, на пример, образование или стручно оспособување; учество во програми за личен развој; забрана за престој или посета на одредени места.

Во принцип, условниот отпуст треба да биде придружен со надзор, којшто се состои од помош и мерки на контрола Видот, траењето и интензитетот на надзорот треба да се прилагоди на секој поединечен случај. Прилагодувања треба да се дозволат и во текот на целото време за проверување.

Условите или мерките за надзор треба да се спроведуваат во одреден временски период, којшто треба да биде пропорционален на преостанатиот дел од казна. Условите или мерките за надзор треба да се спроведуваат само доколку се апсолутно неопходни за заштита на општеството и треба да се во согласност со гаранциите предвидени во правилото 5 на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата.

Во Препораката се наведени и подготовки за условниот отпуст. Имено, подготовките за условниот отпуст треба да се организираат во тесна соработка со сите кадри вработени во затворот, како и со лицата задолжени за вршење надзор по отпуштањето, а тие подготовки треба да завршат пред истекот на минималниот или определениот дел од казната што треба да се издржи.

Затворските служби треба да обезбедат учество на затворениците во соодветни подготвителни програми пред нивното отпуштање, како и да ги охрабруваат да посетуваат образовни и едукативни курсеви со што се подготвуваат за живот во заедницата. Посебните модалитети или начини на извршувањето на затворските казни, како полуслободен и отворен режим или сместување надвор од затворот, треба да се користат што е можно повеќе, со цел подготвување на затворениците за враќање и ресоцијализација во заедницата.

Подготовките за условен отпуст треба, исто така, да вклучуваат можност за воспоставување, обновување и одржување врски и блиски односи на затворениците со нивните семејства, како и сериозно залагање во контактите со службите, организациите и волонтерските организации кои можат да им помогнат на условно отпуштените затвореници во прилагодувањето на животот во заедницата. За оваа цел, треба да се дозволат различни видови отсуства од затворот.

Треба да се поттикнува рано разгледување и определување на услови и мерки на надзор. На затворениците треба внимателно да им се објаснат и заеднички да се продискутира за поставените улови, за помошта која им се обезбедува, за

проверувањето и контролата и за евентуалните последици од неисполнување на условите и обврските.

Кога станува збор за одобрување на условен отпуст, мораме да истакнеме дека во Препораката се наведени: систем на дискреционен отпуст и систем на задолжителен отпуст.

Имено, кога станува збор за системот на дискреционен отпуст, се наведува дека минималниот временски период односно дел од казната што затворениците треба да го издржат за да се квалификуваат за условен отпуст треба точно да се определи со закон. Надлежните органи треба да покренат соодветна постапка за донесување одлука за условен отпуст, што е можно поскоро, откако затворникот го издржал минималниот дел од казната. Критериумите што се бара да ги исполнат затворениците за да бидат условно отпуштени треба да бидат јасни и експлицитни. Исто така, тие треба да бидат реални, во смисла што ќе се води сметка за личноста на затворениците, за општествените и економските околности и за достапноста на програмите за ресоцијализација. Непостоењето на можност за работа за време на условниот отпуст не треба да претставува основа за одбивање или одлагање на условниот отпуст. Треба да се вложат напори за да се изнајдат други видови занимање. Недостатокот од редовно сметување не треба да претставува основ за одбивање или одлагање на условниот отпуст и во такви случи треба да се обезбеди привремено сместување. Критериумите за одобрување условен отпуст треба да се применуваат на начин што ќе се дозволи условен отпуст на сите оние затвореници, за кои се смета дека го задоволуваат минималниот степен на гаранција дека ќе станат граѓани коишто го почитуваат законот. Товарот на докажување дека одреден затвореник не ги исполнува овие критериумите треба да биде на страна на надлежните органи. Доколку надлежниот орган одлучи да не одобри условен отпуст на затвореник, треба да определи датум за повторно разгледување на тоа прашање. Во секој случај, затворениците треба да имаат право повторно да поднесат барања до органот надлежен за одлучување, веднаш штом настапи значителна промена на состојбата во нивна полза.

Кога станува збор за системот на задолжителен отпуст, во Препораката се истакнува дека временскиот период односно делот од казната што затворениците мора да го издржат треба да се определи со закон. Условниот отпуст може, само во исклучителни ситуации определени со закон, да се одложи. Со одлуката за одлагање на условниот отпуст треба да се определи нов датум за отпуштање.

Кога се разгледува прашања за условите коишто ќе се наметнат и дали е потребен надзор, органот што одлучува треба да располага со извештаи, вклучително и усни изјави на кадрите вработени во затворот, кои се запознаени со затворениците и нивните лични прилики. Стручни лица вклучени во заштитниот надзор по отпуштањето и други лица кои имаат познавања за социјалните околности на затворениците, треба исто така да достават соодветни информации. Органот надлежен за одлучување треба да биде сигурен дека затворениците ги разбираат поставените услови, помошта која им се дава, барањата во поглед на вршењето контрола и можните последици од неисполнување на поставените услови.

Кога станува збор за спроведување на условниот отпуст, се истакнува дека доколку спроведувањето на условниот отпуст треба се одложи, затворениците кои очекуваат одлука за нивно отпуштање ќе се чуваат во услови коишто, што е можно повеќе, треба да наликуваат на условите што веројатно ќе ги уживаат во заедницата. Спроведувањето на условниот отпуст и мерките за вршење надзор треба да бидат во надлежност на орган задолжен за нивна примена согласно со правилата 7, 8 и 11 од Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата. Спроведувањето на условниот отпуст треба да се организира на начин кој е во согласност со правилата од 37 до 75 на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, како и согласно со основните барања за делотворност кои се предвидени во релевантните одредби на принципите од 9 до 13 на Препораката Rec (2000) 22 за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата.

Во Препораката се пропишани и процедурални гаранции. Имено, одлуките за одобрување, одлагање или отповикување на условниот отпуст, како и одлуките за определување или менување на условите и придружните мерки, треба да се донесуваат од органи воспоставени со закон, во постапка во која ќе се обезбедат следниве гаранции:

а) осудените лица треба да имаат право лично да се изјаснат и да им се помогне согласно со законот;

б) органот надлежен за донесување на одлуката треба внимателно да ги разгледа сите елементи, вклучувајќи ги и изјавите дадени од страна на осудените лица во поткрепа на нивните наводи;

в) осудените лица треба да имаат соодветен пристап до списите на предметот;

г) во одлуката треба да се посочи на одлучувачките причини и треба да биде изготвена во писмена форма.

Осудените лица треба да имаат право да вложат жалба до повисок, независен и непристрасен орган на одлучување воспоставен со закон и тоа како против суштината на одлуката, така и заради повреди на процедуралните гаранции. Исто така, треба да се обезбеди постапка за жалба против одлуките за спроведување на условниот отпуст. Сите постапки за жалба треба да бидат усогласени со гаранциите предвидени со правилата 13 до 19 од Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата. Не треба да се смета дека одредбите содржани во ставовите 32 до 35, на кој било начин, ги ограничуваат или дерогираат правата кои во оваа смисла се гарантираат со Европската конвенција за човекови права.

Значајно да се напомене е дека во самата Препорака постои дел насловен како „Информации и консултации за условниот отпуст“. Во овој дел се истакнува дека политичарите, судската власт, органите надлежни за донесување одлуки, органите задолжени за спроведување на условниот отпуст, лидерите во задницата, здруженијата кои пружаат помош на жртвите и на затворениците, како и универзитетските професори и истражувачите кои се заинтересирани за оваа проблематика траба да добиваат информации и да се консултираат за функционирањето на условниот отпуст и за воведувањето нови законски решенија или практики во оваа област. Органите надлежни за донесување одлуки треба да добиваат информации за бројот на затвореници спрема кои условниот отпуст бил успешен, како и за оние каде тој се покажал за неуспешен и за причините за таквиот успех или неуспех. Треба да се организираат медиумски и други кампањи, со цел информирање на јавноста за функционирањето и новите развојни тенденции во примената на условниот отпуст и неговата улога во рамки на системот за кривично-правна заштита. Овие информации треба брзо да се доставуваат во случај на драматични пропусти кои привлекуваат медиумско внимание, а коишто настапиле за време кога затворникот бил на условен отпуст. Бидејќи ваквите настани го привлекуваат вниманието на медиумите, исто така треба да се нагласува и целта и позитивното дејство на условниот отпуст.

- ***Препорака CM/Rec (2018) 8 на Комитетот на министри до државите-членки во врска со реституативна правда во кривичната материја***[508]

Советот на Европа на 03.10.2018 година усвои ревидирана *Препорака CM/Rec (2018) 8 на Комитетот на министри до државите-членки во врска со реституативна правда во кривичната материја*. Овој документ се фокусира на ресторативната правда наместо на медијацијата и посочува дека ресторативната правда треба да биде општо достапна услуга. Видот, сериозноста или географската локација на делото не треба, сами по себе, и во отсуство на други размислувања, да оневозможат ресторативна правда да им се нуди на жртвите и сторителите.

Оваа Препорака ја дефинира ресторативната правда како секој процес кој им овозможува на оние кои се оштетени од криминал и оние кои се одговорни за таа штета, доколку слободно се согласат, активно да учествуваат во решавањето на прашањата кои произлегуваат од прекршокот, преку помош на обучена и непристрасна трета страна. Се забележува дека ова обично има форма на дијалог помеѓу жртвата, сторителот и други лица кои можеби биле погодени од кривично дело.

Исто така, Препораката обезбедува и елаборира подетални основни принципи и стандарди за практиките на ресторативната правда, притоа предлагајќи да се имплементираат не само во кривичните случаи, туку и во секојдневната работа на агенциите и професионалците од кривичната правда.

На овој начин, *Препораката од 2018 година* оди подалеку од *Препораката од 1999 година* во повикувањето за поширока примена на ресторативната правда во казнено-правните системи ширум Европа.

[508] Recommendation CM/Rec(2018)8 of the Committee of Ministers to member States concerning restorative justice in criminal matters. Достапно на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016808e35f3

- ***Препорака CM/Rec (2010) 1 на Комитетот на министри до државите-членки за Пробациските правила на Советот на Европа***[509]

Значаен документ е и *Препораката CM/Rec (2010) 1 на Комитетот на министри до државите-членки за Пробациските правила на Советот на Европа* од 20.01.2010 година.

Во оваа Препорака се содржани дефиниции за термините: пробација, пробациска агенција, санкции и мерки во заедницата, понатамошна нега.

Согласно дефиницијата содржана во Препораката, пробацијата се однесува на спроведување во заедницата на санкции и мерки, утврдени со закон и изречени на сторител. Таа вклучува низа активности и интервенции, кои вклучуваат надзор, насоки и помош со цел социјална инклузија на сторителот, како и придонесување за безбедноста на заедницата.

Агенција за пробација, согласно дефиницијата од оваа Препорака, значи секое тело назначено со закон за спроведување на горенаведените задачи и одговорности. Во зависност од националниот систем, работата на агенцијата за пробација може да вклучува и обезбедување информации и совети на судските и другите органи кои одлучуваат за да им помогнат да донесат информирани и праведни одлуки; обезбедување насоки и поддршка на сторителите додека се во притвор со цел да се подготви нивното ослободување и преселување; мониторинг и помош на лица кои се предмет на предвремено ослободување; интервенции за ресторативна правда; и нудење помош на жртвите на кривични дела.

Согласно оваа Препорака, терминот санкции и мерки на заедницата означува санкции и мерки кои ги задржуваат сторителите во заедницата и вклучуваат одредени ограничувања на нивната слобода преку наметнување услови и/или обврски. Терминот означува каква било санкција изречена од страна на судски или административен орган и каква било мерка преземена пред или наместо одлука за санкција, како и начините на извршување на казната затвор надвор од затворската установа.

Терминот „понатамошна грижа“, според оваа Препорака, значи процес на реинтеграција на сторителот, на доброволна основа и по конечното ослободување од притвор, назад во заедницата на конструктивен, планиран и надгледуван начин. Во

[509] Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/CoE-probation-rules-recommendation.pdf

овие правила, терминот „понатамошна грижа“ се разликува од терминот „преселување“ кој се однесува на законска вклученост по ослободувањето од притвор.

Воедно, во овој документ се даваат препораки за развој и функционирање на пробациски услуги низ државите-членки на ЕУ, промовирајќи ја употребата на незатворските мерки.

- ***Препорака CM/Rec (2014) 4 на Комитетот на министри до државите-членки за електронски мониторинг***[510]

Советот на Европа на 19.02.2014 година, на 1192 состанок на замениците на министрите, усвои *Препорака CM/Rec (2014) 4 на Комитетот на министри до државите-членки за електронски мониторинг*.

Целта на оваа Препорака е да се дефинира збир на основни принципи поврзани со етичките прашања и професионалните стандарди кои ќе им овозможат на националните власти да обезбедат правична, пропорционална и ефективна употреба на различни форми на електронско следење во рамките на процесот на кривичната правда со целосно почитување на правата на засегнатите лица.

Препораката, исто така, има за цел да им укаже на националните власти дека треба да се води посебна грижа при користењето на електронскиот мониторинг да не се поткопува или замени градењето на конструктивни професионални односи со осомничените и обвинетите лица од страна на компетентен персонал кој работи со нив во заедницата.

Во Препораката, се нагласува дека наметнувањето на технолошка контрола може да биде корисен додаток на постоечките социјално и психолошки позитивни начини за постапување со кој било осомничен или обвинет, како што е дефинирано со препораките на релевантниот Комитет на министри, а особено со: Препораката Rec(92)16 за Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата; Препорака Rec(97)12 за кадрите задолжени за спроведување на санкции и мерки; Препорака Rec(2006)2 за Европските затворски правила; Препорака CM/Rec(2010)1 на Комитетот на министри до државите-членки за Пробациските

[510] Recommendation CM/Rec(2014)4 of the Committee of Ministers to member States on electronic monitoring. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/Recommendation-CM-Rec-2014-of-the-Committee-of-Ministers-to-member-States-on-electronic-monitoring.pdf

правила на Советот на Европа и Препорака CM/Rec(2012)5 за Препорака CM/Rec(2012)5 за Европскиот етички кодекс за затворскиот персонал.

Воедно, во оваа Препорака се содржани и дефиниции за термините: електронски мониторинг, осомничен, обвинет, Агенција која обезбедува електронска опрема за следење, Агенција надлежна за надзор на лица под електронски мониторинг, Агенција за пробација.

„*Електронски мониторинг*“ е општ термин кој се однесува на форми на надзор со кои се следи локацијата, движењето и специфичното однесување на лицата во рамките на процесот на кривичната правда. Сегашните форми на електронски мониторинг се засноваат на радио бранови, биометриска или сателитска технологија за следење. Тие обично се состојат од уред прикачен на лице и се надгледуваат од далечина. Во зависност од националното законодавство, електронскиот мониторинг може да се користи на еден или повеќе од следниве начини:

- за време на предистражната фаза на кривичната постапка;
- како услов за суспендирање или извршување на затворска казна;
- како самостојно средство за надзор над извршувањето на кривичната санкција или мерка во заедницата;
- во комбинација со други пробациски интервенции;
- како мерка пред ослободување за оние кои се во затвор;
- во рамките на условно ослободување од затвор;
- како интензивна мерка за насочување и надзор за одредени видови сторители по ослободување од затвор;
- како средство за следење на внатрешните движења на сторителите во затвор и/или во периметарот на отворените затвори;
- како средство за заштита на конкретни жртви на криминал од поединечни осомничени лица или сторители.

Во некои законодавства, каде што електронскиот мониторинг се користи како начин на извршување на казната затвор, оние лица кои се под електронски мониторинг се сметаат од страна на властите за затвореници.

Во некои законодавства, со електронскиот мониторинг директно управуваат затворот, агенциите за пробација, полициските служби или друга надлежна јавна агенција, додека во други законодавства тоа го спроведуваат приватни компании според договор за обезбедување услуги со државна агенција.

Во некои законодавства, од осомничениот или од обвинетиот што го носи уредот се бара да придонесе за трошоците за неговата употреба, додека во други законодавства државата сама ги покрива трошоците за електронски мониторинг.

Во некои законодавства, електронскиот мониторинг може да се користи во случај на малолетни осомничени и сторители, додека во други законодавства електронскиот мониторинг не се применува за малолетници.

„*Осомничен*“ значи секое лице за кое се тврди дека сторило или кое е обвинето за сторено кривично дело, но кое не е осудено за истото.

„*Сторител*“ значи секое лице кое е осудено за кривично дело.

„*Агенција која обезбедува електронска опрема за следење*“: обично приватна компанија која произведува, пласира, продава, изнајмува и одржува таква опрема.

„*Агенција надлежна за надзор на лица под електронски мониторинг*“: јавна агенција или приватна компанија на која ѝ е доверено од страна на надлежните органи да врши надзор над локацијата, движењето или специфичното однесување на осомничениот или сторителот за одреден временски период.

„*Агенција за пробација*“: орган одговорен за извршување на санкции и мерки во заедницата утврдени со закон и изречени на сторител. Нејзините задачи вклучуваат низа активности и интервенции, кои вклучуваат надзор, насоки и помош со цел социјална инклузија на сторителите, како и придонесување за безбедноста на заедницата. Исто така, во зависност од националниот правен систем, може да спроведе една или повеќе од следниве функции: давање информации и совети на судските и другите органи кои одлучуваат за да им помогнат да донесат информирани и правични одлуки; обезбедување насоки и поддршка на сторителите додека се во притвор со цел да се подготви нивното ослободување и преселување; следење и помош на лица кои се предмет на предвремено ослободување; интервенции за ресторативна правда; и нудење помош на жртвите на кривични дела. Агенција за пробација, исто така, може да биде, во зависност од националниот правен систем, „агенција одговорна за надзор на лицата под електронски мониторинг“.

- ***Препорака на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкции и мерки во заедницата***[511]

Советот на Европа на 22.03.2017 година усвои *Препорака на Комитетот на министри до државите-членки за Европските правила за санкции и мерки во заедницата*.

Во предметната Препорака се предвидува дека овие правила се наменети да:

- Воспостават збир на стандарди за да им помогне на националните законодавци, органите кои одлучуваат и спроведуваат и практичарите да обезбедат правична и ефективна употреба на санкциите и мерките во заедницата. Оваа апликација мора да ја земе предвид потребата да се заштити општеството и да се одржи правниот поредок и во исто време да се поддржи социјалната рехабилитација, истовремено овозможувајќи им на прекршителите да направат репарација за штетата што ја предизвикале;
- Обезбедат на државите-членки насоки за воведување и употреба на санкции и мерки во заедницата за целосно искористување на нивните придобивки и заштита на основните права на сите засегнати. Слично на тоа, важно е да се заштитиме од секаков вид на злоупотреба како што може, на пример, да биде резултат од нивната употреба на штета на одредени општествени групи. Затоа, треба целосно да се разгледаат социјалните предности и недостатоци, како и потенцијалните ризици кои произлегуваат од, или веројатно ќе произлезат од, таквите санкции и мерки. Санкциите и мерките во заедницата треба да се применуваат само онаму каде што се соодветни;
- Предложат јасни правила на однесување на персоналот одговорен за спроведување на санкциите и мерките во заедницата и на сите оние во заедницата кои се вклучени во ова поле со цел да се осигура дека оваа имплементација е во согласност со сите наметнати услови и обврски, со што се дава легитимитет на санкциите или мерките. Имплементацијата не смее да се размислува на ригиден или формалистички начин, туку треба да се презема со постојано внимание за индивидуализација, така што санкциите и мерките во заедницата да одговараат со прекршокот и со карактеристиките на

[511] Recommendation of the Committee of Ministers to member States on the European Rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/CoE-

осомниченият или обвинетиот. Понатаму, фактот дека може да се упатува на збир на правила кои се воспоставени на меѓународно ниво треба да ја олесни размената на искуства, особено во однос на работните методи.

Во Препораката се пропишува дека овие правила се однесуваат на лица кои се предмет на санкции и мерки во заедницата. На осудените престапници може да им се наметнат санкции или мерки во заедницата.

- ***Препорака Rec(2006)2-rev на Комитетот на министри до државите-членки за Европските затворски правила***[512]

Значаен документ е и *Препораката Rec(2006)2-rev на Комитетот на министри до државите-членки за Европските затворски правила*, усвоена од страна на Комитетот на министри на 11.01.2006 година на 952-от состанок на заменици министри, а ревидирана и изменета од страна на Комитетот на министри на 01.07.2020 година.

Европските затворски правила се применуваат на лица кои се притворени со одлука на суд или кои се лишени од слобода со осудителна пресуда. Во принцип, лицата кои се притворени со судска одлука или кои се лишени од слобода со осудителна пресуда треба да бидат сместени во затвори односно институции наменети за затвореници од овие две категории.

Овие затворски правила се применуваат и спрема лица:

- кои поради каква било друга причина се во затвор или
- кои се притворени од страна на суд или кои се лишени од слобода по основ на осудителна пресуда и кои поради каква било причина се затворени на друго место.

Лицата помлади од 18 години не треба да се сместуваат во затвори за возрасни, туку во установи кои се посебно наменети за таа цел. Во исклучителни ситуации, доколку малолетни лица се сместени во затвор за возрасни, треба да постојат посебни правила што ги земаат предвид нивниот статус и потреби. Лица кои се душевно болни

Recommendation-of-the-Committee-of-Ministers-to-member-States-on-the-European-Rules-on-community-sanctions-and-measures.pdf

[512] Recommendation Rec(2006)2-rev of the Committee of Ministers to member States on the European Prison Rules. Достапно на: https://rm.coe.int/09000016809ee581

и чијашто душевна состојба не дозволува да бидат во затвор се сместуваат во специјална установа наменета за таа цел. Во исклучителни ситуации, доколку такви лица се сместени во затвор, треба да постојат посебни правила што ги земаат предвид нивниот статус и потреби.

Во Препораката се пропишува дека овие правила се применуваат непристрасно, без дискриминација по било кој основ како пол, раса, боја на кожа, јазик, вероисповест, политичко или друго убедување, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, имотна состојба, раѓање или друг статус.

- ***Резолуција (70) 1 за Практична организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените и условно отпуштените лица***

Значаен документ кој треба да се спомене е и *Резолуцијата (70) 1 за Практична организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените и условно отпуштените лица*, усвоена од замениците министри на 26.01.1970 година.

Комитетот на министри, потсетувајќи се на Резолуцијата (65) 1 за одложената казна, условната осуда или други алтернативни мерки на казната затвор; сметајќи дека основна цел на казнената политика на сите држави членки претставува делотворноста на мерките за третман на осудените лица; тргнувајќи од тоа дека е пожелно да се избегнува затворската казна, секогаш кога ќе се покаже за возможно; имајќи предвид дека во повеќето држави членки се воведени и развиени мерки како што се условната осуда, условниот отпуст и слични мерки, со кои се обезбедува третман на слобода; сметајќи дека е корисно да се развие најсоодветна правна рамка и најефикасни служби и методи за третман во однос на овие мерки; сметајќи дека е пожелно да се воспостават заеднички принципи за примена на условните мерки, што ќе придонесе за натамошен позитивен развој на овие мерки и дека на овој начин ќе се помогне во примената на Европската конвенција за надзор над условно осудените и условно отпуштените лица, им препорачува на владите на државите членки:

1. (а) Да го разгледаат сопственото законодавство со цел:

- да се испита можноста од воведување, развивање и подобрување на различни видови условни или одложени казни и слични мерки, како и можноста од прилагодување на методите за спроведување на овие мерки;

- да се испита можноста од напуштање или намалување на ограничувањата за примена на условните мерки (спрема одредени категории сторители или за одредени категории дела), кои ограничувања ја попречуваат индивидуализацијата на казната;

(б) Да се предвидат, доколку е можно, спроведување на посебна истрага односно испитување, пред изрекување на казната, со цел да се добијат корисни податоци за карактерот на сторителот и за општествените прилики, секогаш кога се размислува да се изрече условна осуда или слична мерка која имплицира потреба од надзор;

(в) Во таа истрага односно испитување да се ангажираат лица обучени да прибаваат и да презентираат објективни податоци за потребите на сторителот и за потенцијалите на третманот;

(г) Да се обезбедат гаранции против неоснованото нарушување на приватноста во текот на ова посебно испитување, како и гаранции против несоодветната употреба на прибраните податоци;

2. (а) Да се разгледаат, а доколку е потребно и да се изменат, законските одредби кои се однесуваат на условниот отпуст, како што се одредбите поврзани со висината на изречената казна, минималното време или дел од казната што мора да се издржи пред да може да одобри условен отпуст, како и ограничувањата на условниот отпуст во однос на определени категории сторители, на пример повратници;

(б) Да се обезбеди можност за лицата кои издржуваат казна доживотен затвор, по пат на периодични испитувања, да се разгледа и да им одобри условен отпуст или, во најмала рака, да им се ублажи казната, а по целосно испитување на нивната личност и потребата од заштита на општеството;

(в) Да се наметне обврска на службите задолжени за спроведување на условната осуда или на други служби надлежни за оваа проблематика, покрај згрижувањето предвидено со закон по отпуштањето, да понудат и последователно згрижување на лицата кои се безусловно отпуштени;

(г) Да се обезбеди дека во постапката за одобрување на условен отпуст за кој било сторител ќе се овозможи целосно разгледување на неговиот случај и ќе му се даде можност да го изнесе своето гледиште, дека ќе се овозможи брзо донесување на одлуката и дека при одлучување за третманот ќе се земат во предвид потребите на сторителот и потребите за заштита на општеството;

(д) Да се разгледаат и да се воведат, особено во светло на актуелните новини, средства наменети за олеснување на преминот од институционален живот во живот на слобода по отпуштањето. Особено, во соодветно време во текот на издржувањето на казната, треба да започнат да се спроведуваат конкретни и детални планови за отпуштање;

3. (а) Да се осигури развој на методи за надзор, кои водат кон создавање и искористување на односите помеѓу службеното лице задолжено за спроведување на условната осуда и неговата странка - сторителот во дадениот социјален контекст, со што може да се понуди помош во решавање на личните проблеми;

(б) Да се разгледа, а доколку е потребно и да покрене, усвојување на ново законодавство, со цел сите услови или обврски поврзани со условната осуда, условниот отпуст и слични мерки да овозможуваат поделотворна индивидуализација на третманот, истовремено осигурувајќи целосно почитување на човековите права и достоинството на личноста;

(в) Да се испитаат постоечките одредби за третман на сторителите кои претставуваат посебен проблем (како на пример, во случаите на зависност од дроги или алкохол) и доколку е потребно да се прошират тие одредби;

(г) Да се испитаат, а доколку е потребно и да се воведат, резиденцијални одредби за условно осудените и условно отпуштените лица;

(д) Да се обезбеди измена на поставените услови или обврски, со цел да се овозможи условната осуда и условниот отпуст да соодветствуваат на променетите потреби или околности;

4. (а) Да се осигури, независно од управната рамка со којашто се опфатени условната осуда, условниот отпуст и затворските служби, целосна интеграција на нивните методи за постапување со сторителите;

(б) Да се обезбеди вработување на стручни и квалификувани кадри, што претставува суштинска основа за ефикасност и делотворност на службата надлежна за спроведување на условната осуда и условниот отпуст;

(в) Да се разгледа вредноста од користење волонтери, кои ќе дејствуваат во соработка со професионално вработените кадри;

(г) Да се посвети внимание, онаму каде што е потребно, на унапредувањето на условите за работа на службените лица задолжени за условната осуда, во светло на посебни потешкотии својствени за нивната работа;

(д) Да се организира почетна обука на професионално вработените лица, кои треба да завршат претходна обука пред да се вработат во службата, како и да се обезбеди нивно постојано стручно усовршување со цел унапредување на нивното теоретско знаење и практична работа;

(ѓ) Да се обезбедат делотворни постапки за избор и обучување на волонтери, како и надоместување на нивните трошоци;

(е) Да се разгледа оптоварувањето со работа и предмети на професионално вработените лица и на волонтерите, со цел да се постигне најделотворен третман на сторителите и најсоодветно искористување на човечките и материјалните ресурси;

5. (а) Да се обезбеди општа управна инспекција над службите надлежни за спроведување на условната осуда и условниот отпуст;

(б) Да се осигури надзор, со цел да се обезбеди контрола над извршувањето на одлуките за условна осуда и условен отпуст;

(в) Да се обезбеди надзор над предметната работа на одделни службени лица, со што ќе се одржуваат и развиваат нивните професионални стандарди;

(г) Да се обезбеди ефикасно евидентирање на предметите;

6. (а) Да се обезбеди придржување кон условите или обврските поставени со одлуките за условна осуда или условен отпуст преку користење на соодветни санкции за таа цел;

(б) Да се разгледа националното законодавство и практика во смисла дека при определувањето на одредена санкција, во случај кога условно осуденото лице или лицето пуштено на условен отпуст не се впуштило во криминал, но го нарушува надзорот или не ги почитува поставените услови или обврски, може да се земе во предвид не само непочитувањето на поставените услови, туку и целокупното поведение на сторителот и потребите за негов третман;

(в) Да се разгледа националното законодавство и практика со цел да се обезбеди дека кога лицето ќе се изврши ново кривично дело, ќе постои следниот избор:

- изрекување на безусловна казна за двете кривични дела, односно и за новото дело и за делото кое претходно резултирало со условна осуда;
- задржување на првичната условна осуда, веројатно со одредени измени на поставените услови или обврски и изрекување на втора казна, но овој пат безусловна за новото кривично дело;

- изрекување на втора условна осуда, со која ќе бидат опфатени и претходното и новото кривично дело;

7. Да се поттикнуваат истражувања во поглед на изборот на сторителите спрема кои се изрекува условна осуда, како и истражувања за функционирањето на системите за условна осуда и условен отпуст;
8. Да се обезбеди широка дистрибуција на извештајот на Советот на Европа за практичната организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените и условно отпуштените лица, особено до надлежните служби.

- ***Резолуција за посебната состојба на жените во затвор и влијанието на затворањето на родители врз социјалниот и семејниот живот***[513]

Важна да се спомене е и *Резолуцијата за посебната состојба на жените во затвор и влијанието на затворањето на родители врз социјалниот и семејниот живот*, која „препорачува да се претпочитаат алтернативни мерки за казнување наспроти затвор (...)“ со цел да се намалат „сериозни нарушувања во семејниот живот“ (став 19). Оваа препорака е упатена до судските органи.

Властите треба да ги земат предвид децата и семејството при донесување на кривични казни за жени. Важно е дека оваа препорака не е ограничена само на мајки, туку се однесува и на „машки затвореници со старателство над деца или кои имаат други семејни обврски“. Децата мора да бидат земени предвид при изрекувањето на казната (став 21). Земјите-членки треба да ги олеснат контактот помеѓу затворените родители и нивните деца (став 24) и овој контакт треба да се воспостави во добри услови.

[513] European Parliament resolution of 13 March 2008 on the particular situation of women in prison and the impact of the imprisonment of parents on social and family life (2007/2116(INI)). Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-6-2008-0102_EN.html

- ***Насоки за регрутирање, селекција, образование, обука и професионален развој на затворскиот и пробациски персонал***[514]

Во овој дел од трудот, значајни да се споменат се и *Насоките за регрутирање, селекција, образование, обука и професионален развој на затворскиот и пробациски персонал*, усвоени од страна на Европскиот комитет за криминални проблеми (*European Committee on Crime Problems - CDPC*) на својот 76 пленарен состанок одржан на 25.04.2019 година. Имено, во рамките на казнено-правниот процес на затворските служби и на пробациските агенции им е доверено извршување на казнените санкции и мерки. Мисијата на персоналот на затворските служби и агенциите за пробација е значително да придонесе за јавната безбедност преку безбедно, сигурно и хумано управување со осомничените и обвинетите лица и да обезбеди можности за рехабилитација и реинтеграција. Нивната улога и функции треба да се дефинираат со закон.

- ***Рамковна одлука на Советот 2009/829/ЈХА***[515]

Во рамки на ЕУ се усвоени и други значајни документи. Таква е, на пример, *Рамковната одлука на Советот 2009/829/ЈХА* од 23.10.2009 година за примена, меѓу земјите-членки на ЕУ, на принципот на взаемно признавање на одлуките за надзорни мерки како алтернатива на привремениот притвор. Оваа Рамковна одлука се фокусира на надзорните мерки како што се: пробацијата и алтернативни санкции, притоа охрабрувајќи ги државите-членки да ги користат овие мерки како алтернативи на затворската казна.

[514] Guidelines regarding recruitment, selection, education, training and professional development of prison and probation staff. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/Guidelines-regarding-recruitment-selection-education-training-and-professional-development-of-prison-and-probation-staff.pdf

[515] Council Framework Decision 2009/829/JHA of 23 October 2009 on the application, between Member States of the European Union, of the principle of mutual recognition to decisions on supervision measures as an alternative to provisional detention. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=celex%3A32009F0829

- ***Директива 2016/800 на Европскиот Парламент и на Советот од 11.05.2016 година за процедурални заштитни мерки за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривична постапка***[516]

Значаен документ е и *Директивата 2016/800 на Европскиот Парламент и на Советот од 11.05.2016 година за процедурални заштитни мерки за деца кои се осомничени или обвинети лица во кривична постапка*, која иако првенствено се однесува на правата на правично судење, исто така, ја нагласува употребата на алтернативни мерки и санкции, особено за малолетниците вклучени во кривичната постапка.

[516] Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council of 11 May 2016 on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32016L0800#:~:text=(1)%20The%20purpose%20of%20this,and%20to%20prevent%20children%20from

4. ЗАКЛУЧОК

Во овој дел од докторскиот труд можеме да заклучиме дека иако ***наведените документи*** не се единствени, сепак ***претставуваат најзначајни документи на ниво на Советот на Европа и ги поставуваат минималните стандардни начела и водечките принципи за градење ефикасни системи на алтернативно санкционирање***.

Воедно, додека ЕУ обезбедува општа правна рамка за наведените документи, специфичната имплементација може да варира меѓу државите-членки, како одраз на нивните правни системи и традиции. Основната цел е да се поттикне поефективен, хуман и избалансиран пристап на казнената правда низ ЕУ. Глобалниот тренд, особено во Европа, вклучува интегрирање на повеќе ресторативни и рехабилитативни пристапи кон казнената правда, особено кога станува збор за ненасилни казнени дела и млади престапници.

ГЛАВА VIII КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Да се опишат алтернативите на казната затвор во различни национални законодавства, најпрво значи да се разјасни што се подразбира под самиот термин *алтернативи на казната затвор* и, второ, да се објасни како се претпоставува дека овој опис треба да биде структуриран.

Имено, кога зборуваме за алтернативи на казната затвор, подразбираме одредено *ограничување на човековите слободи и права* поради обвинение за сторено казнено дело. Дополнително, кога станува збор за казнените санкции, утврдувањето на вина и ретрибутивна цел на казната не треба да бидат одлучувачки фактори. Како пример можеме да ги истакнеме германските *мерки за подобрување и безбедност*[517] (*Maßregeln der Besserung und Sicherung*) коишто претставуваат казнени санкции иако истите тие се применуваат и во случаи на криминална неспособност, а исполнуваат исклучиво превентивни цели и не содржат ретрибутивна компонента.

Во продолжение на докторската дисертација ќе бидат детално образложени алтернативните санкции и мерки кои постојат во: француското, италијанското, германското, словенечкото, хрватското и српското законодавство.

[517] Според член 61 од германскиот Кривичен законик, мерките за подобрување и безбедност вклучуваат сместување во психијатриска болница, сместување во установа за рехабилитација, сместување во превентивен притвор, надзор над однесувањето, одземање на возачка дозвола и професионална забрана.

2. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ФРАНЦУСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Видот на казната судијата го определува врз основа на природата и сериозноста на стореното дело, личноста на сторителот, како и неговата материјална, семејна и социјална положба.

Во француското право *главни казни* се: *парична казна (глоба)* и *казна затвор*. Парична казна (глоба) може да изрече судијата за сите прекршоци, првенствено или дополнително. Судијата ги зема предвид ресурсите и трошоците на сторителот на прекршокот.

- Прекршоците се казнуваат со парична казна од 38 до 1.500 евра, што може да се зголеми до 3.000 евра во случај на повторување на прекршокот.
- Деликтите и кривичните дела се казнуваат со парична казна, чија висина ја одредува судијата.

Казна затвор судијата може да изрече во случај на сторен деликт или сторено кривично дело. Не може да изрече казна затвор помала или еднаква на еден месец. Времетраењето на казната затвор е предвидено со членовите од Кривичниот законик за секое кривично дело. Истата за сторен деликт е најмногу 10 години. Таа може да оди до доживотен затвор за сторено кривично дело.

Казнената установа во која затвореникот ја отслужува казната затвор варира во зависност од сериозноста на стореното кривично дело.

Имајќи предвид дека примарен фокус на интерес на овој труд се алтернативните санкции, односно предностите и недостатоците од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на криминалитет, во продолжение ќе ја објасниме улогата на алтернативните санкции, како и видовите на алтернативни санкции во француското законодавство.

Во Франција алтернативните санкции забележаа значителен раст како дел од поширокиот европски тренд чија цел е да се намали пречестото изрекување на казната затвор.

Развојот на условните казни често се појавувал како прво средство за одложување, па дури и избегнување на казната затвор. Токму поради тоа, покрај казната затвор и нејзините различни методи на извршување, неопходно било да се создадат, да се креираат, вистински нови санкции, односно конкретни алтернативи на

затворот. Поттикнати исто толку од современите размислувања за казнувањето, како и од економските потреби кои произлегуваат од постојаното зголемување на пренатрупаноста на затворите, јавните власти насекаде во светот се обидоа да креираат нови алтернативни санкции и на тој начин да го прошират опсегот на казни достапни за судиите.

Алтернативните санкции се во суштина сите казнени мерки што овозможуваат избегнување или скратување на затворањето. Тие имаат за цел да ја резервираат затворската казна за неопходни случаи, а овие алтернативни санкции да се користат во сите други случаи. Тие овозможуваат ограничување на десоцијализирачкото влијание на затворањето и се придружени со контролни мерки, помош и обврски наменети за борба против десоцијализирачките ефекти од кратките казни затвор.

Друга предност на алтернативните санкции е ограничувањето на пренатрупаноста на затворите. Во врска со истражните мерки спроведувани во фаза пред изрекување на казната, алтернативните санкции може да се изречат благодарение на мерката социо-образовна судска контрола или засилена социјална истрага. Овие истраги им овозможуваат на судиите да ја изречат најсоодветната казна, врз основа на веродостојни информации кои се однесуваат на потеклото на осуденото лице. Сепак, судиите се соочуваат со неколку потешкотии при изрекувањето на оваа мерка, вклучително и недостатокот на време за разбирање на личноста на осуденото лице, особено поради непосредното појавување, брзата судска постапка.

Главна предност на алтернативните санкции во однос на казната затвор е можноста за нивно подобро прилагодување на казнената санкција и истите се фокусирани на спречување на повторно извршување на казнени дела.

Во француското законодавство се нормирани неколку *алтернативи санкции* и тоа: *условна осуда*; *условна осуда со пробација* и *работа во јавен интерес*.

Во продолжение на докторската дисертација, истите ќе бидат елаборирани.

а) Условна осуда

Условната осуда е алтернативна санкција придружена со контролни мерки, помош и обврски наменети за борба против десоцијализирачките ефекти од кратките затворски казни. Станува збор за затворска казна на која целата или дел од оваа казна е условно придружена со период на пробација. Условната осуда се применува на затворски казни изречени за период до пет години (до десет години за лица кои се повторни сторители) за кривично дело или прекршок.

б) Условна осуда со пробација

Условна осуда со пробација е алтернативна санкција на затворањето придружена со контролни мерки, помош и обврски наменети за борба против десоцијализирачките ефекти од кратките затворски казни. Условна осуда со пробација спроведувана од здружение има за цел да го промовира континуитетот на поддршката обезбедена пред изрекувањето на казната во рамките на мерката социо-образовна судска контрола.

в) Работа во јавен интерес

Работата во јавен интерес е алтернативна казна на затворањето. Се состои од неплатена работа, извршена во корист на заедница или јавна установа, приватно правно лице одговорно за јавна служба или овластено здружение. Извршувањето на работата во јавен интерес се заснова на активно учество на осуденото лице во општествено-професионално полезно работење. Како таква, оваа санкција има многу интересна едукативна вредност. Оваа опсервација е дотолку повеќе вистинита бидејќи има и казнен и едукативен карактер, оваа санкција може да послужи како поддршка за започнување на интегративните процеси, без разлика дали со тоа ќе му се овозможи на осуденото лице за прв пат да се сретне со светот на работата, повторно да ги научат правилата и ограничувањата поврзани со извршувањето на активностите, да стекнуваат или повторно да иницираат вештини и ставови притоа давајќи значење на болката.

Во француското законодавство се предвидени и т.н. ***дополнителни казни***. Станува збор за случаи кога на главната казна се додаваат дополнителни казни. Тие можат да се изречат за сите прекршоци се додека тоа го предвидува законот. Дополнителни казни се забраните или обврските кои осуденото лице мора да ги почитува: забрана за одење на одредени места, суспендирање на возачка дозвола, обврска за грижа и сл.

Воедно, дополнителни казни се и *мерките за поддршка*. Имено, лицето кон кого се изрекуваат се следи. Станува збор за случај со општествено-судски мониторинг, кој овозможува долгогодишно следење на осуденото лице по излегувањето од затвор: 10 години за сторен деликт и 20 години за сторено кривично дело.

Во француското законодавство се предвидени и т.н. ***прилагодувања на казната затвор***. Имено, во контекст на измена на казната, должината на затворската казна не се менува, туку се прилагодуваат роковите на извршување на казната. За прилагодување на казната може да одлучува судот што ја изрекува казната или судијата на извршување на санкциите.

Исто така, во француското законодавство постојат неколку ***режими за прилагодување на казната затвор*** и тоа: *домашен притвор под електронски надзор*; *надворешно поставување* и *полуслобода*.

- *Домашен притвор под електронски надзор*, како алтернатива на затворот, може да се изрече како дел од прилагодувањето на казната затвор.
- *Надворешно поставување* му овозможува на затвореникот преку ден да врши активност во центар, а навечер да се реинтегрира во казнено-поправната установа или во асоцијативна структура. Затвореникот се обврзува да ги почитува условите поставени од судијата кој ја изрекол казната: распоред и следење на активности, забрана за дружење со одредени лица итн.
- *Полуслобода* претставува постапката за полу-отпуштање, што е иста како онаа за надворешно поставување. Од друга страна, осуденото лице преку ден не е пречекувано од структура. Тоа е слободно да ги извршува своите активности и може, на пример, да работи или да се лекува. Осуденото лице се враќа во структурата навечер. Лицето мора да почитува одредени обврски поставени од судијата: распореди, активности (работа, обука), грижа, забрана за средби со одредени луѓе итн. Судијата кој ја изрекол казната може да го прилагоди времето на ослободување и враќање во казнено-поправната установа според видот на извршената работа. На пример, ако лицето работи во угостителство, може да му биде дозволено да излегува навечер.

Во француското законодавство е предвиден и ***условен отпуст*** кој се однесува на должината на казната. Имено, лицето е предвремено ослободено, пред да му заврши затворската казна. Условниот отпуст се дава под одредени услови: ако траењето на издржаната казна затвор е најмалку еднакво на времетраењето на преостанатата казна или кога осуденото лице има над 70 години или е одговорно за семејство под одредени услови итн.

Судијата за извршување на санкциите е тој што дава условен отпуст. Судијата ги зема предвид сериозните напори на затвореникот за реинтеграција и неговата здравствена состојба кога ја донесува својата одлука. Доколку се одобри условен отпуст, засегнатото лице останува подложно на период на условна казна за чие времетраење мора да почитува одредени обврски и забрани. На крајот на овој период лицето е трајно ослободено. За лицата осудени на доживотен затвор и најтешките кривични дела, барање за условен отпуст можно е да се поднесе само по истекот на одреден рок. Овој период се нарекува *безбедносен период*.

Според *истражување на Советот на Европа за 2022 година*[518], Франција објавила стапка на пробација од 235 лица на 100.000 жители во 2022 година. Имено, значајна е примената на алтернативните санкции во правосудната практика со цел да се реинтегрираат сторителите во општеството, а истовремено и за да се намали затворската популација.

Во овој дел од докторскиот труд можеме да сумираме дека *алтернативните санкции заземаат значителен дел од вкупно изречените санкции во практиката на францускоото правосудство како дел од поширокиот европски тренд чија цел е да се намали честото изрекување на казната затвор*, како и да констатираме дека *Франција е посветена на примената на алтернативни санкции и намалување на затворската популација како значаен дел од нејзината реформа на казненото правосудство*.

[518] Aebi, M. F., & Hashimoto, Y. Z. (2022). SPACE II – 2022 – Council of Europe Annual Penal Statistics: Persons under the supervision of probation agencies. Council of Europe. Достапно на: https://wp.unil.ch/space/space-ii/annual-reports/

3. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ИТАЛИЈАНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Казнувањето во Италија, како и во другите правни системи, има повеќе функции и има за цел да ги постигне следните цели: одвраќање, рехабилитација или онеспособување на сторителот.

Според член 27(3) од Уставот на Италија, *главната цел на казнувањето е рехабилитација на осуденото лице*. Казната треба да има за цел рехабилитација на осуденото лице. Ова е главната цел на казнувањето; цел што мора да ги надмине сите други. Од една страна, потребите за одвраќање не можат да ги надминат оние за рехабилитација; од друга страна, неспособноста е екстремна цел на казнувањето, што подразбира неможност за рехабилитација, бидејќи сторителот нема намера да се рехабилитира. Ова е, на пример, случајот со некои мафијаши или терористи.

Одвраќањето е општа цел на казнувањето затоа што со закануање со казнување државата очекува дека луѓето нема да вршат кривични дела или да се вратат на нивно извршување. Неспособноста, од друга страна, треба да се сфати како исклучителна функција, постигната преку одземање на личната слобода на сторителот на кривичното дело.

Можеме да истакнеме дека вообичаена и главна цел на казнувањето, во италијанскиот правен систем, е рехабилитацијата на осуденото лице. Рехабилитацијата се подразбира во лаичка смисла, а не во етичко-морална смисла. Во интерес на општеството е осуденото лице, на крајот на неговата или нејзината казна, да не се врати на извршување на казнени дела и повторно да влезе во општеството како граѓанин кој го почитува законот. Според тоа, рехабилитацијата не е само во интерес на осуденото лице, туку таа е и од јавен интерес. Имено, казната треба да послужи за намалување на рецидивизмот, со што ќе се бранат јавните и приватните интереси.

Овде би истакнале дека отсекогаш било проблематично да се успее во рехабилитација преку затвор. Тоа е затоа што затворот, само преку затворањето, остварува онеспособеност, спречувајќи го осуденото лице да извршува понатамошни кривични дела. Само затворањето не ги подобрува луѓето кои влегуваат во затвор. За да се рехабилитира осуденото лице, затворот мора да ги почитува човековите права и да обезбеди активности кои се корисни за реинтеграција во општеството, како што се: образование, културни активности, работа и контакт со членовите на семејството. Со

други зборови, затворањето мора да се комбинира со други активности кои се корисни за самата рехабилитација.

Со цел да се мотивираат затворениците да учествуваат во активности за рехабилитација, италијанското законодавство предвидува дека судијата кој е одговорен за фазата на извршување на казната може да го ослободи осуденото лице, по одреден број години од издржување на казната затвор, доколку нема опасност од рецидив, да го напушти затворот на кратки периоди или да работи надвор од затворската установа во текот на денот. Италијанскиот законодавец сметал дека на овој начин ќе се награди осуденото лице за постигнатиот напредок на патот кон рехабилитацијата, но и дека ќе се реализира постепено враќање во општеството како што се приближува крајот на осудата.

Оваа можност за издржување на дел од казната надвор од затворот, за време на извршувањето, е предвидена за сите осудени сторители, вклучително и за оние на доживотен затвор, по одреден број години од почетокот на извршувањето на казната. Ограничувања се предвидени само за сторителите на особено тешки кривични дела, како што се оние на мафијата и тероризмот.

Затворот и паричната казна се главните казни во италијанското законодавство. Смртната казна во Италија била укината во времето на Втората светска војна, поточно во 1944 година. Забраната на смртната казна е изречно предвидена во член 27(4) од Уставот на Италија.

Затворот може да биде доживотен или привремен. Доживотен затвор е предвиден само за најтешките облици на кривични дела. Вообичаено, затворот е привремен. Времетраењето на казната затвор зависи од сериозноста на кривичните дела. За најсериозните кривични дела предвидена е казна затвор од 30 години.

Покрај главните казни, законот во некои случаи предвидува и *дополнителни кривични санкции*. Станува збор за дополнителни казни, кои го спречуваат осуденото лице да врши одредена работа или да извршува јавна функција. Имотните казни, како што е конфискацијата, исто така, играат важна улога, особено во борбата против финансискиот криминал, корупцијата и кривичните дела од организираниот криминал.

Во пракса, паричните казни сочинуваат само 23% (во 2021 година); а најпременувана казна е казната затвор. Се работи за привремени казни затвор: всушност, доживотните казни затвор сочинуваат само 5% од кривичните пресуди (во 2021 година).

Токму поради тоа, денес, *казната затвор е централна казна во италијанскиот правосуден систем*. Се разбира, казната затвор е главна казна за најчестите кривични дека, како што се: убиство, сексуален напад, поткуп, измама, перење пари, кражба, грабеж, неовластено влегување во земјата итн.

Само неколку помали престапи, доделени во јурисдикција на почесни судии, се казнуваат со други санкции, освен со казна затвор или со парична казна: општокорисна работа или домашен притвор. Ова е, на пример, т.н. „случај на батерија“ (кривично дело или деликт кое вклучува незаконски физички контакт со друго лице, различен од нападот, дури и кога тој контакт не е насилен, туку само заканувачки или навредлив) или мала повреда.

Токму поради тоа, алтернативите на казната затвор, во фазата на извршување, служат за да му се овозможи на осуденото лице, по одреден број години поминати во затвор, да се врати слободен во дел од денот (*полуслобода*) или дури и за цел ден: или во неговиот дом (*домашен притвор*) или под надзор на социјалните служби. Одлуката ја донесува судија, различен од судијата што ја изрекол казната, кој е одговорен само за извршувањето на санкцијата. Мораме да истакнеме дека, според италијанското законодавство, никој не влегува и излегува од затвор, освен со судска одлука. Доколку осуденото лице не ги почитува поставените услови, истиот се враќа во затвор.

Алтернативните мерки се изрекуваат доколку се исполнети следниве услови:

- судијата смета дека осуденото лице покажало добро однесување во затвор со учество во активности за рехабилитација;
- судијата смета дека осуденото лице, откако ќе се ослободи, нема да изврши нови казнени дела.

Ваквите проценки судијата ги дава со помош на директорот на затворот, воспитувачите и експертите од социјалната служба.

Праксата во Италија покажала дека стапките на рецидивизам се намалуваат во однос на сторителите на кои им се изречени алтернативни мерки. Значајно е да споменеме дека фокусот на алтернативните санкции во италијанскиот правосуден систем е ставен на намалување на пренатрупаноста во затворите, што е значајно прашање поради казнените политики и високите стапки на затворање, особено за казнени дела поврзани со имиграција и дрога.

Изразено со броеви, во 2023 година, Италија имаше пробациска популација од 210 лица на 100.000 жители, што го одразува поширокиот европски тренд на проширување на санкциите засновани на заедницата. Со текот на годините, постои зголемено потпирање на овие алтернативни санкции, со намера да се промовира социјалната реинтеграција, додека сторителите се држат надвор од затворски установи, освен при сторување на потешки казнени дела. Воедно, треба да споменеме и дека Италија доживеа флуктуации во затворската популација, особено кога се применети повеќе казнени санкции, како што се оние насочени кон повторените престапници.

Рехабилитацијата во затвор е полесна кога казната што треба да се издржи е со средно или долго времетраење. Од друга страна, кога се работи за краткотрајна казна затвор, тешко е да се спроведат корисни активности за социјална реинтеграција во затворот. Имено, затворот може да биде повеќе штетен, отколку корисен. Позната е изреката дека затворот е како „училиште на криминалот“. Секогаш постои ризик од контакт со други затвореници, сторители на посериозни кривични дела. Затоа, традиционално, италијанскиот законодавец се обидува да ги „избегне“ кратки казни затвор.

Во оваа држава, за кратка казна затвор се сметаше онаа казна која не е подолга од две години. Со реформите на италијанското законодавство, се продолжува од две на четири години должината на казната изречена од судија која може да се изврши од почеток преку алтернативна мерка на затворот. Механизмот е следниов: кога судијата ќе осуди лице на затворска казна до четири години, тој може да ја замени затворската казна со поинаква казна: полуотпуст, домашен притвор, општокорисна работа или парична казна.

Со парична казна може да се замени затвор до една година. Општествено корисна работа може да замени затвор до три години. Полуотпуст и домашен притвор може да го заменат затворот кој не надминува четири години.

Судијата ја избира најкорисната казна за социјална реинтеграција на осуденото лице и за обезбедување на заштита на општеството од опасност од извршување други кривични дела. Изборот за замена на затворот со една од горенаведените алтернативни санкции е дискреционен и никогаш не е задолжителен. Всушност, казните со кои се заменува затворот, во италијанското законодавство постојат уште од 1981 година.

Италија се соочува со проблемот со пренатрупаност на затворите долги години. Од декември 2021 година, секој трет затвореник во италијанските затвори издржувал кратка казна затвор, односно казна затвор не подолга од четири години. Станува збор за повеќе од 11.000 луѓе од вкупно 37.000 осуденици кои се наоѓаат во затворите.

Полу-отпуштање или ***полу-слобода*** значи дека од сторителот се бара да помине најмалку осум часа во затвор (обично ноќе). Во преостанатиот дел од денот, сторителот може да замине за да оди на работа, да студира итн.

Домашниот притвор повлекува обврска осуденото лице да поминува најмалку 12 часа дневно во неговиот дом или во згрижувачко место. Осуденото лице може во преостанатиот дел од денот да излезе и да се занимава со учење, работа и сл.

Општествено корисна работа вклучува обврска да се работи, без плата, за државата или за јавни или приватни социјални или доброволни организации, не помалку од шест и не повеќе од петнаесет часа неделно.

Овие заменски казни се со исто времетраење како и заменетата казна затвор. Тие можат да бидат укинати, а во тој случај се заменуваат со казна затвор или друга посериозна алтернативна казна.

Доколку казната затвор не е подолга од една година, таа може да се замени со парична казна. Трансформацијата се врши со множење на деновите на затвор со вредноста на дневната квота на паричната казна што треба да се плати. Вредноста се пресметува врз основа на економската состојба на осуденото лице.

Замената се случува на крајот од судењето, на рочиштето за изрекување казна. На ова рочиште присуствува и социјалната служба која изготвува програма за рехабилитација и го следи патот на осуденото лице, за време на извршувањето на казната.

Заменските казни му даваат на сторителот гаранција дека ќе избегне затворска казна. Ова е, исто така, причината зошто тие може да се побараат во спогодување за вина. Тие се корисни за намалување на стапките на рецидивизам, намалување на бројот на затвореници и подобрување на условите за живот на оние кои остануваат во затвор за да одлежат подолги казни. Тие се казни поврзани со програма за рехабилитација и работата на социјалните служби кои работат во заедницата.

Извршувањето на казна надвор од затвор, односно во заедницата, со години е растечка реалност во Италија. Во Министерството за правда на Италија постои оддел кој се занимава со извршување на казните надвор од затворот.

Според италијанското искуство, алтернативните санкции функционираат, како ефективни алтернативи на затворот, доколку ефикасно функционира јавен или приватен систем за поддршка. Централната улога кај алтернативните санкции е на едукаторите и социјалните работници. Она што е важно е тие да бидат во пропорционалност со бројот на осудените лица за да можат истите да бидат следени и надгледувани. Исто така, важно е да се развие мрежа на територијата со субјекти, јавни или приватни, кои можат да им дадат работа или социјална или здравствена заштита на осудените лица. Италијанската влада со години сè повеќе се занимава со склучување договори со субјекти за извршување на работи од јавен интерес.

Од горенаведеното во овој дел од трудот, можеме да констатираме дека алтернативните санкции во Италија се реални казни, вклучени во Кривичниот законик. Во оваа европска држава затворот не е единствениот одговор на криминалот: *алтернативните санкции постојат и се применуваат повеќе од казната затвор*. Стапките на отповикување на алтернативните санкции се ниски, а стапките на рецидивизам се намалуваат.

Индивидуализацијата на казните според сериозноста на кривичното дело и личноста на сторителот обезбедува усогласеност со принципот на пропорционалност на казната со сериозноста на кривичното дело, што италијанскиот Уставен суд го препознава како уставен принцип.

Дополнително, не смееме да ја заборавиме и меѓународната соработка. Имено, истата е од голема важност не само при извршувањето на казната затвор, туку и кога треба да се изврши поинаква казна од казната затвор. Токму поради тоа, развојот на алтернативните санкции и мерки мора да ја земе предвид и меѓународната соработка во оваа област. Кога се работи за Италија, важен пример е Рамковната одлука на Европската унија од 2008 година (бр. 909) за заемно признавање на алтернативните казни[519].

Казната затвор е екстремна санкција од која можеме да се откажеме, во интерес на заедницата, во случаите кога нема опасност за заедницата и кога поинаква казна ветува дека ќе биде посоодветна за социјалната реинтеграција на сторителот.

[519] Види: Council Framework Decision 2008/909/JHA of 27 November 2008 on the application of the principle of mutual recognition to judgments in criminal matters imposing custodial sentences or measures involving

Италијанскиот систем на санкции се движи од „сигурност на затвор“ кон „сигурност на казна“, надминувајќи ја идејата за затвор како единствен ефикасен одговор за сторено кривично дело; јасно е дека го напушта стариот пристап фокусиран на затворањето, свртувајќи се кон алтернативните санкции и пробацијата.

Италијанскиот правосуден систем продолжува да истражува различни методи за справување со криминалот, истовремено справувајќи се со пренатрупаноста на затворите, при што употребата на алтернативни санкции игра клучна улога во таа рамнотежа.

Во овој дел од докторскиот труд можеме да сумираме дека ***Италија со убедување тргна по патот на алтернативите на затворот, што е централна точка на најновата реформа на казненото право***. Истиот пат го поминаа и го поминуваат и други држави ширум светот. Можеме да истакнеме дека патот не е секогаш лесен, потребна е и културна промена, која не е лесна, за да се ограничи употребата на казната затвор само за најсериозните казнени дела, како и да се прошири улогата на различните казни. Имено, идејата и концептот на казната еволуира во долги временски периоди. Културната посветеност за зајакнување на алтернативното казнување е важна за понатамошниот развој на човековите слободи и права, како и за заштита на општеството во целина.

deprivation of liberty for the purpose of their enforcement in the European Union. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32008F0909

4. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ГЕРМАНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Во пресрет на големите промени во светскиот поредок: поразот на комунизмот во 1989 година, падот на Берлинскиот ѕид во 1990 година и рушењето на социјалистичките надежи за иднината - стапката на криминалитет во Германија, стабилна цела деценија, почнала да се зголемува. Осиромашените млади луѓе (на возраст од 18 до 25 години) и новодојдените политички бегалци, во конкуренција за оскудни работни места и ресурси, одговорија на овие околности со бран кражби, грабежи и провали. Во текот на 1994 година, овие злосторства малку се намалија по донесувањето на строгите закони за имиграција, кои го забранија влезот на имигрантската пониска класа и на тој начин ги намалија невработеноста и сиромаштијата.

Во годините што доведоа до повторното обединување, Германија доживеа бенефиции предизвикани од постепеното судско усвојување на алтернативни санкции. Од околу средината на минатиот век, акцентот на затворањето, или, во случај на млади престапници, *jungendarrest* (краткорочно затворање кое трае од 2 дена до 4 недели), отстапи место за алтернативни мерки: задржување, условна осуда, општествено корисна работа и систем на дневни казни воведен во 1970-тите години. Помеѓу 1982 и 1990 година, затворањето на малолетниците се намалило за повеќе од 50 проценти - од 9.500 на 4.500 случаи; во истиот период, затворската казна за возрасни се намалила од 39.000 на 33.000.

Главните казни според општото (т.е. за возрасни) кривично право се во форма на парични и затворски казни (со или без казната да биде условена). Во одредени случаи, законот дозволува и дополнителни казни, како што е забрана за возење како споредна казна и/или забрана за вршење јавна функција. Најстрога, но ретко изрекувана мерка на воениот криминален систем е притворот.[520]

Ако обвинетиот е осуден на затворска казна до две години, извршувањето на казната може да се прекине, а осуденото лице да се стави на пробација. Во период на пробација што ќе го одреди судот, осуденото лице треба да покаже дека изречената казна само по себе е доволно предупредување и дека нема да изврши натамошни кривични дела. Во исто време, како што казната е суспендирана, се избегнуваат

[520] Jehle, Jörg-Martin. (2023). Criminal Justice in Germany, Eighth Edition. Berlin: Federal Ministry of Justice. pg. 36.

негативните ефекти од затворањето, на пример, дека поединецот е оттргнат од неговиот претходен живот, работа и социјални контакти. Во комбинација со одложување на казната и изрекување на пробација, судот може да му определи услови на осуденото лице (на пример, исплата на пари на добротворна организација или на државата), или издава инструкции кои влијаат на неговото однесување, на пример, тој може да биде ставен под надзор на пробациски службеник за периодот на пробацијата.[521]

Доколку осуденото лице повторно стори кривично дело за време на пробацискиот период или ако не ги исполни условите или не ги следи упатствата, суспензијата на казната може да се укине, што значи дека сега мора да ја одлежи затворската казна.[522]

Колку е подолга затворската казна, толку се построги предусловите за одложување на казната и доделување условна осуда. Затворските казни под шест месеци судот ги суспендира и поединецот се става на условна осуда доколку е веројатно дека нема да изврши натамошни кривични дела без да оди во затвор. Затворските казни од шест месеци до една година се условуваат на ист начин, освен ако не е неопходно лицето да ја издржува казната заради зачувување на правниот поредок. Затворските казни од една до две години можат на сличен начин да бидат суспендирани доколку, дополнително, целокупната проценка на делото и личноста на осудениот укажуваат на посебни околности.[523]

Ако казната не може да се суспендира и поединецот да се стави на условна осуда или ако суспензијата се укине, на пример, поради тоа што лицето извршило повторно кривично дело, лицето мора да ја издржува казната во казнена установа. Откако ќе се отслужат најмалку две третини од затворската казна, преостанатиот период се прекинува и се изрекува условна осуда - сè додека лицето се согласи и тоа може легитимно да се направи во интерес на јавната безбедност. Во исклучителни случаи, остатокот од казната може да биде условен, а условната осуда да се изрече во порана фаза, односно откако ќе се одлежи половина од затворската казна. Слично на тоа, остатокот од казната до доживотен затвор може да биде условен и условно да се изрече откако ќе се отслужат 15 години, ако посебната тежина на вината на осудениот

[521] Ibid.
[522] Ibid.
[523] Ibid.

сторител не го налага неговото останување во затвор и доколку прогнозата е поволна и затвореникот се согласи.[524]

Покрај санкциите елаборирани погоре, можно е да се изречат и други мерки, освен казнување, со цел да се превоспита сторителот или да се заштити јавноста (наредба за душевна болница или наредба за третман на зависност од притвор, наредба за онеспособување, надзор на однесувањето, повлекување на дозволата за возење, забрана за вршење одредени професии). Дури и ако лицето е ослободено поради немање кривична одговорност, можно е да се изречат такви мерки, на пример, може под одредени услови да биде сместен во психијатриска болница или во установа за лекување на зависности. Овие мерки можат да бидат суспендирани на пробација доколку постојат посебни околности што укажуваат дека нивната цел сè уште може да се постигне.[525]

Во продолжение на докторската дисертација, ќе бидат анализирани: паричните казни (глоби), пробацијата и надзор од Службата за пробација, општествено корисна работа / затвор за неплаќачи на парична казна, предупредувањето со одложување на казната, предвременото ослободување и електронскиот мониторинг.

а) Парични казни (глоби)

Една од најважните и најуспешните реформи на германскиот систем за кривични санкции беше проширувањето на паричните казни и последователно намалување на кратки затворски казни (казни до 6 месеци). Од почетокот на водење на статистиката на кривичниот суд (*Strafverfolgungsstatistik*), во 1882 година, паричните казни се развиле во најважната алтернатива на затворот. Уделот на паричните казни меѓу сите судски пресуди се зголеми од 22% во 1882 година на 84% во 2015 година.[526]

Со воведувањето на системот за дневна парична казна (глоба), која се заснова на дневниот личен приход на сторителот, казните станаа прилично избалансирани и пропорционални со приходот на осудениот сторител. Оваа казна во германското законодавство била воведена уште во 1969 година. Таа е наменета како казна

[524] Ibid.
[525] Ibid., стр. 36-37.
[526] Види: Heinz, Wolfgang: Kriminalität und Kriminalitätskontrolle in Deutschland – Überblick 2015 Internet-Publikation: Konstanzer Inventar Sanktionsforschung <www.ki.uni-konstanz.de/kis/> Version 1/2017, стр. 101, 112.

финансиски еквивалентна на затворање во траење од еден ден без плата, сведена на еднакви влијанија и врз сторителите со високи и со ниски приходи.[527]

Во 2009 година, законодавецот го зголемил максималниот износ на дневната парична казна (глоба) од 5.000 на 30.000 евра како одговор на реалноста на многу богатите осуденици (на пример, фудбалери или банкарски менаџери или други такви претпријатија). Ова има за цел да се осигура дека тие имаат исто влијание врз сторителите кои извршиле подеднакво сериозни кривични дела, но живеат во различни економски околности. Вкупната глоба произлегува од бројот на дневни единици и нивото на тие единици, на пример, ако некој биде осуден на 30 дневни единици по 30 евра казната ќе изнесува вкупно 900 евра. Додека нивото на дневните единици е ориентирано кон способноста за плаќање, генерално кон нето приходот на лицето, бројот на наметнати дневни единици го одразува степенот на вина. Бидејќи личната и финансиската состојба на многу поединци не им дозволува веднаш да ја платат целата казна, може да им се даде краен рок за плаќање или да им се дозволи да ја платат казната на рати. Доколку лицето не ја плати казната, истата ќе биде заменета со затвор. При пресметување на казната затвор за замена на парична казна, една дневна единица е еднаква на еден ден затвор. Меѓутоа, онаму каде што дозволува законот, органите за спроведување на законот можат да му дозволат на лицето да врши општествено корисна работа наместо да оди во затвор.

Паричните казни не се суспендираат. Меѓутоа, во случај на казни до 180 дневни единици, може да се изрече претпазливост: судот го прогласува лицето за виновно, го опоменува, одредува парична казна и го задржува правото да ја изрече казната за време на периодот на пробација. Меѓутоа, овој пристап ретко се применува во практиката.

Како критичка забелешка во овој дел можеме да истакнеме дека извршувањето на глобите и системот за постапување со паричните казни имаат сериозна потреба од реформи, особено во однос на намалување на затворањето за неплаќање на паричната казна.

б) Други мерки и дополнителни санкции

Главните дополнителни санкции се состојат од забрана за возење и конфискација. Забрана за возење од еден до шест месеци може да се изрече ако делото

[527] Дневните парични казни се користат за пресуди според кривичниот законик (*Geldstrafe*), додека административните казни (*Geldbuße*), како на пример оние за помали сообраќајни прекршоци, обично користат фиксни износи.

за кое лицето е осудено е поврзано со управување на возило. Од 2017 година, забраната за возење како споредна казна (покрај парична казна или затворска казна) може да се изрече и во однос на други прекршоци кои не се поврзани со сообраќајот, доколку изрекувањето е потребно од општа превенција или ако го прави незаменливо изрекувањето или извршувањето на казната затвор. Во случај на конфискација, сторителот е принуден да се откаже од имотот или другите предности што ги добил со кривичното дело и од предметите користени за извршување на кривичното дело. Некои од мерките освен казнување за реформирање на сторителот или заштита на јавноста може да се изречат посебно (т.е. независно од главната казна). Ако кривичната одговорност на сторителот е барем намалена, можна е комбинација од такви мерки и парична или затворска казна.[528]

в) Пробација и надзор од Службата за пробација

Опсегот на пробацијата и опсегот на надзорот од страна на Службата за пробација во германското законодавство биле значително проширени во 1970-тите и 1980-тите на минатиот век. Службата за пробација успешно работи со посериозни сторители на кривични дела, како и со рецидивисти. Ова беше препознаено од страна на судовите и како резултат на тоа се забележува зголемување на стапката на условни затворски казни кои вклучуваат пробација од 30% во 1954 година на 70% од сите затворски казни во 2015 година.[529] Во 2015 година, 77% од сите затворски казни до две години беа условни. Законските измени за олеснување на законските предуслови за изрекување на условни затворски казни од една до две години беа голем успех: односот на условните затворски казни за термини со таа должина се зголеми од 10% во 1975 година на 74% во 2015 година.[530]

Статистика за практиката на давање предвремено ослободување по отслужување на половина или две третини од казната се помалку јасни, но, од поединечни студии, можеме да претпоставиме дека практиката се применува со поголема неволност во последните години. Процентот на предвремено ослободени затвореници прикажан во Федералната статистика на затворите (*Strafvollzugsstatistik*) е нејасен, бидејќи вкупниот број ослободени вклучува многу затвореници кои отслужуваат заменска парична казна

[528] Jehle, Jörg-Martin. (2023). Criminal Justice in Germany, Eighth Edition. Berlin: Federal Ministry of Justice. стр. 40-41.
[529] Види: Heinz, Wolfgang: Kriminalität und Kriminalitätskontrolle in Deutschland – Überblick 2015 Internet-Publikation: Konstanzer Inventar Sanktionsforschung <www.ki.uni-konstanz.de/kis/> Version 1/2017, стр. 118.
[530] Ibid., стр. 120.

затвор, каде што, според преовладувачката доктрина за кривично право и јуриспруденција, предвременото ослободување е исклучено. Сепак, поединечните студии откриј дека, во однос на подолгите затворски казни, оние од повеќе од две години, правило е предвремено условно ослободување (повторно со големи регионални разлики).[531] Помал процент на предвремено ослободување може да се пресмета од федералната статистика за рецидив, но овие статистички податоци ги вклучуваат сите понекогаш прилично кратки затворски казни што повлекуваат мали шанси да се добие позитивна одлука за условно ослободување во догледно време.

„Природниот експеримент“ за зголемување на стапката на пробација е еден од најуспешните реформски проекти за германскиот систем на санкции. Иако сè посериозни и повторливи престапници се ставаат под надзор на Службата за пробација, стапката на повторно осудување или отповикување на условната осуда е намалена. Зачудувачки, стапките на отповикување на условната осуда за лицата кон кои е изречена пробацијата со историја на претходни осуди и пробационен надзор откриваат најголемо зголемување во успешното завршување на пробациониот рок.[532]

Затоа, разбирливо е подалекусежните предлози за реформи во Германија да ја надминат границата од две години – всушност, барајќи да се прошири опсегот на условните осуди до три години. Меѓутоа, постои опасност судиите да изречат подолги казни само за последователно да ги суспендираат. Од друга страна, ваквата реформа ќе им овозможи на судовите да ги одложат казните кои – поради високите минимални казни што ги бара законот (на пример, за одредени насилни и сексуални злосторства) – моментално може да се суспендира само со примена на сомнителни конструкции за прогласување на случаи за „мало значење“ (*minderschwerer Fall*). Потенцијалната опасност повеќе престапници со долги казни да влезат во затворскиот систем како последица на отповикувања се чини дека е многу ограничена, бидејќи стапките на отповикување за подолгите казни во сегашната практика (т.е. за казни од повеќе од една година до две години) се особено ниски.

[531] Види: Dünkel, in *Nomos-Kommentar-StGB*, Nomos, 5th ed., 2017, §57, note 104.
[532] Види: Dünkel/Spieß, Perspektiven der Strafaussetzung zur Bewährung und Bewährungshilfe im zukünftigen deutschen Strafrecht, in Bewährungshilfe, 1992, 118 ff.; Dünkel, Rechtliche, rechtspolitische und programmatische Entwicklungen einer Sozialen Strafrechtspflege in Deutschland, in DBH-Fachverband für Soziale Arbeit, Strafrecht und Kriminalpolitik/Justizministerium Mecklenburg-Vorpommern, Eds., Kriminalpolitische Herausforderungen. Bewährungs- und Straffälligenhilfe auf neuen Wegen. Zinnowitz 2008, 2009, 20 ff.; Heinz, Das strafrechtliche Sanktionensystem, 2014, 85 f.

Друго прашање што вреди да се размислува за реформите е улогата што ја игра одвраќањето во проценатa дали постои подобност за пробација во одреден случај. Ограничувања за одложување на казната што се засноваат на интереси за заштита на јавната безбедност и ред треба да се укинат, бидејќи не се оправдуваат со емпириски аргументи.[533]

ѓ) Општествено корисна работа / затвор за неплаќачи на парична казна

Германскиот Кривичен законик не предвидува општокорисна работа како првична, основна или главна казна, односно таа треба да биде само замена за неплаќачите на паричната казна. Традиционалниот аргумент е заснован на уставни грижи за забраната на принудната работа, која е дозволена само во контекст на извршувањето на затворските казни. Од гледна точка на криминалната политика, веројатно е дека општокорисната работа како примарна или главна санкција, наместо како заменска санкција, ќе ги замени не (краткорочните) затворски казни, туку паричните и другите санкции поврзани со заедницата. Затоа, германскиот законодавец ја вовел општокорисната работа само како замена за неплаќачите на паричната казна со цел да се избегне затворска казна за неплаќање на парична казна.

Големиот успех на германскиот систем за парични казни се оспорува со фактот дека Германија, во споредба со Европа, има најголем дел од затвореници кои отслужуваат затворска казна поради неплаќање парични казни. Така, на 1 септември 2015 година, 7,0% од вкупната затворска популација биле неплаќачи на парична казна, наспроти 4,4% во Швајцарија, 3,6% во Холандија и под 2% во сите преостанати земји во Европа. Финска, со споредлив висок процент на казни, достигнува процент на неплаќачи на парична казна во затвор од само 1,5%, а Англија и Велс имаат 0,1%.

Сите германски сојузни покраини воведоа шеми за општествено корисна работа за да се избегне затворање за паричните пари, но очигледно тие не се спроведуваат доволно (во однос на персоналот, организациската структура, административните бариери итн.). Предлогот - како што веќе беше направен во коалицијата на Социјалдемократската и зелената партија во раните 2000-ти (со нацртите од 2002-2004) - е да се обезбеди општествено корисна работа како примарна замена (или сурогат) санкција за парична казна што не може да се плати. Сегашниот систем само предвидува

[533] Види: Dünkel/Spieß, Perspektiven der Strafaussetzung zur Bewährung und Bewährungshilfe im zukünftigen deutschen Strafrecht,in Bewährungshilfe, 1992, 133; in agreement, Horn, in Systematischer Kommentar-StGB, 9th ed., 2016, §56, note 24; Jescheck/Weigend, Lehrbuch des Strafrechts, AT, 1996, 839.

општокорисна работа како заменска санкција откако ќе му биде изречена затворска казна на лице, што претставува прилично бирократски и комплициран начин на извршување на паричните казни.[534] Ова би значело промена во организацискатa структура на извршувањето на глобите, што веројатно ќе резултира со голем пад на употребата на заменските затворски казни.[535]

Воведувањето општокорисна работа како примарна замена за глобите треба да доведе до скратување на постапката за извршување. Добро основан предлог за реформи во овој контекст е дека единицата за една дневна глоба треба да биде еднаква на 2-3 часа работа во заедницата (наместо 6-те што моментално се посведочени во практиката на германските сојузни покраини).[536] Предлогот за конверзија од 2-3 часа за еднодневна казна се однесува и на фактот дека општокорисната работа подразбира многу посилно ограничување на слободата од плаќањето на казната.

Во Германија, во моментов, една дневна парична казна одговара на еден ден затвор. Во иднина, еден ден затвор треба да одговара на најмалку две дневни казни, како што е случајот во Австрија, Лихтенштајн, Полска, Словенија и Шпанија. Во Финска и Естонија еден ден затвор се брои дури и за три дена парична казна.[537] Австрискиот модел веднаш би ја намалил популацијата на парични неплаќачи во затвор (4.700 на 31 август 2017 година) за половина, а финскиот за две третини. Стапката на конверзија од 2 или 3 спрема 1 е во согласност со размислувањата на правдата дека еден ден во затвор е многу потежок товар од губењето на нето приходот на еден ден.[538]

g) Предупредување со одложување на казната

Предупредувањето со одложување на казната воведено во 1975 година има функција на условна парична казна со најмногу 180 единици дневна парична казна. Без оглед на некои козметички реформи за зголемување на нејзината применливост во

[534] Види: член 293 од Кривичниот законик и декрети на сојузните држави за организирање општествено корисна работа како замена за санкција.
[535] Види: Bundesratsdrucksache 15/2725, 18 f., 21 f.
[536] Овој предлог се навраќа на доминантното мислење меѓу експертите за казнено право, кои се повикуваат на т.н. принцип на нето-готовина што го карактеризира германскиот систем за дневни парични казни: износот на дневната казна треба да одговара на нето приходот. откако ќе се одземат даноците, обврските за одржување итн. Овој дел од приходот се остварува со 3-4 работни часа дневно. Затоа, замената општокорисна работа не треба да трае повеќе од околу 3 часа. Види: Schöch, Gutachten C zum 59. Deutschen Juristentag, 1992, C 86 ff., 98.
[537] Види: Drápal, European Journal of Criminology, 2018, 470 ff.
[538] Во согласност со нацрт-законот од 2004 година, општокорисната работа треба - освен замена за парични казни - да служи како замена за затворски казни до 6 месеци.

судската практика, оваа санкција сè уште постои во сенка, сочинувајќи само 1% од сите пресуди во 2015 година што претставува незначајна практика.[539]

Предупредувањето со одложување на казната беше воведено како казна во исклучителни случаи, односно при посебни околности на личноста на сторителот или кривичното дело, меѓутоа и покрај законодавните напори да се зајакне нејзината важност истата никогаш не доби статистичко значење. Причината може да биде тоа што во 1975 година, исто така, се воведе отфрлање на случаи во комбинација со помали неформални санкции.

Меѓутоа, во раните 1990-ти се увиде шанса да се прошири употребата на предупредувањето со одложување на казната со еден вид условна осуда, вклучувајќи ја и можноста за надзор од страна на Службата за пробација. Одлучувачки мотив за овој предлог беше тоа што во општиот Кривичен законик поддршката на Службата за пробација се обезбедува само за сторителите осудени на условна затворска казна и дека потребата за поддршка од социјална работа честопати беше очигледна и дека потребата за поддршка од социјална работа честопати била очигледна и во случаите кои не го достигнале прагот за затворска казна.[540]

Може да се заменат многу условни затворски казни до една година со таква условна казна, која во случај на отповикување би резултирала со најмногу 60 дневни парични единици или 240 часа општокорисна работа. Предлогот, исто така, ќе резултира со олеснување на дел од работата на Службата за пробација бидејќи, наместо од две до пет години надзор како во сегашниот систем на условни казни, новата условна казна ќе биде комбинирана со максимум една година надзор.[541]

ѓ) Предвремено ослободување

Значителен реформски дефицит може да се забележи во регулативата за предвремено ослободување од затвор. Од претпазливото проширување во 1986 година, се чини дека законодавецот не размислува за понатамошни активности во овој правец. Меѓународното компаративно истражување и емпириските докази го откриваат позитивното влијание што предвремената ослободување може да го има врз сторителите. Затоа, дури и ослободувањето на сторителите откако ќе отслужат

[539] Види: Albrecht, in Nomos-Kommentar-StGB, 5th ed., 2017, §59, note 1 .
[540] Види: Dünkel/Spieß, Perspektiven der Strafaussetzung zur Bewährung und Bewährungshilfe im zukünftigen deutschen Strafrecht, in Bewährungshilfe, 1992, 125.
[541] За жал, овие предлози за реформи сè уште не го достигнале нивото на владин предлог-закон, но остануваат на дневен ред барем во академскиот свет.

половина од казната се чини дека е реална опција. Ниту една друга земја која обезбедува предвремено ослободување по издржана половина од казната, не го ограничува ова на оние кои првпат ќе го прекршат законот со казни од две години или помалку, како што е случајот во Германија.[542]

Друга желба се однесува на прогностичките барања во т.н. среден опсег, во кој предвидувањата се неверодостојни или неутрални. Ова се однесува на фактот дека поголемиот дел од сторителите, во фазата кога се прават предвидувања за нивното идно однесување, спаѓаат во опсег каде што веројатноста за повторување на делото е околу 50%, точно колкава би била веројатноста ако едноставно се остави на случајноста.[543]

Оттука, одговорот на прашањето дали ослободувањето може да се оправда, не може да се даде со емпириски аргументи, туку мора да се заснова на нормативни прописи. Дали со несигурните прогнози треба да се постапува конзервативно на сметка на сторителот или принципот треба да биде *in dubio pro libertate*? Сегашното решение во германското законодавство бара позитивна прогноза, т.е. случаите на неизвесност да се решаваат не во корист на сторителот. Судската практика на Врховниот суд го намали ова барање со одобрување, доколку може да се „оправда“: мора да има реални надежи за живот без криминал по ослободувањето, а ризикот од помали рецидиви во криминалот не може да доведе до негативна одлука за предвремено ослободување. Меѓутоа, во светлината на споредбеното истражување, се чини дека ова не е доволно.[544]

Соодветно на тоа, во случаите на сторителите кои издржуваат казна за тешки насилни или сексуални кривични дела, треба да се изврши посебно испитување на ризиците од извршување слични тешки кривични дела. Во сите други случаи, би се применувало правилото за предвремено ослободување без индивидуално специфична дијагностика. Таквото прилично автоматско предвремено ослободување во поголем дел од случаите може да се оправда врз основа на позитивни искуства во други европски земји - на пример, во Белгија, во Финска (откако поединецот веќе отслужил половина од казната) или во Шведска. Во Финска, 99% од затворениците се ослободуваат

[542] Види: Dünkel, in Nomos-Kommentar-StGB, 5th ed., 2017, §57, notes 90 ff., 92.

[543] За криминолошките основни истражувања на прогностички одлуки, види: Dünkel, in Nomos-Kommentar-StGB, 5th ed., 2017, §57 Rn. 107 ff., 113 f.; Streng, Strafrechtliche Sanktionen, 3rd ed., 2012, notes 770 ff., 823 ff.

[544] Во согласност со предлогот направен во 1966 година (т.н. *Алтернативен нацрт-закон*, AE-StGB), предвременото ослободување треба да биде правило, а неговото негирање да биде исклучок, а вториот да се заснова на факти кои покажуваат конкретен ризик од сторување на сериозни кривични дела по таквото ослободување.

предвреме (обично по отслужување половина или две третини од затворската казна; слична практика може да се најде во другите скандинавски земји и во Белгија.[545]

Реформата на регулативите за предвремено ослободување во Германија треба да ја преземе идејата за промена на местата на правило и исклучоци со тоа што ќе го направи правило предвременото ослободување и исклучок од целосно издржување на казната. Ова ја одразува неможноста за веродостојни прогнози во таканаречените среден опсег и го следи принципот *in dubio pro libertate*. Некој треба да добие предвремено ослободување откако ќе отслужи половина (за првпат затворени сторители) или две третини од казната, освен ако поради конкретни факти, постои висок ризик од понатамошни сериозни злосторствата стануваат очигледни.[546]

е) Електронски мониторинг

Електронскиот мониторинг се практикува во Европа во две различни форми. Првиот е обликот на уредите засновани на радиофреквенции (електронски мониториран куќен притвор), а поновата е употребата на техниката за следење ГПС (GPS), која овозможува да се идентификува каде се наоѓа надгледуваното лице во секој момент од времето. Последната техника овозможува да се дефинираат зони во кои на насилникот не му е дозволено да влезе (на пример, просторот на градинката во случај на сторители педофили). Во Германија, за разлика од повеќето други европски земји, употребата на електронскиот мониторинг беше дочекана со силни резерви, па дури и критики. Само сојузната покраина Хесен разви пилот проект, во 2000 година, па дури и тој доби само маргинален број случаи (главно во форма на куќни притвори контролирани од радиофреквенции).[547]

Формата на електронски мониторинг базирана на ГПС беше воведена на национално ниво во 2011 година во контекст на надзорот на наредбите за однесување (*Führungsaufsicht*) мерка надзор по ослободување на сторителите од психијатриски болници, по ослободување од мерката превентивен притвор или врз лицето кое ја издржало целосно затворската казна. Тој се применува само во случаи кога сторителот

[545] Види: Dünkel, in Nomos-Kommentar-StGB, 5th ed., 2017, §57, note 105.
[546] Подетално види кај: Dünkel, in Nomos-Kommentar-StGB, 5th ed., 2017, §57, note 136.
[547] Види: Mayer, Markus. (2004). Modellprojekt elektronische Fußfessel. Freiburg im Breisgau: Schriftenreihe des Max-Planck-Instituts für ausländisches und internationales Strafrecht. Достапно на: https://static.mpicc.de/shared/data/pdf/gesamt212.pdf

се смета за високо ризичен за идни сериозни насилни или сексуални кривични дела и ако другите форми на надзор се чини дека не се доволни.[548]

Оттука, електронскиот мониторинг во Германија е исклучителна форма на надзор за високоризичните („опасни“) сторители и покрива околу 100 случаи во моментот, кој број е квантитативно занемарлив во однос на приближно 35.000 сторители под надзор на наредба за однесување. Оваа многу неволна употреба на електронскиот мониторинг во Германија ја одразува наметливата природа на електронскиот мониторинг и уставниот принцип на пропорционалност како што се толкува во Германија.

Во другите европски земји, се случи неверојатно динамичен пораст на електронскиот мониторинг, особено во Англија и Велс, Шкотска, Белгија и Холандија. Ова може да се објасни со комерцијални интереси кои се очигледни од гледањето на активностите на приватните компании кои продаваат техника и технологија, доколку се појави нов квалитет во казненото право (слично на подемот на американската затворска индустрија од приватизацијата на затворот таму) , со што се загрозува улогата на државата. Движечките сили во криминалната политика – освен фасцинацијата со новите техники[549] – беа проблемите на пренатрупаноста на затворите, кризата на традиционалните пробациски служби (во Англија и Велс) и наивното верување во технички наместо решенија засновани на човечка интеракција за спречување на натамошни кривични дела.

Ова резултирало со тоа што земји, како: Белгија, Англија/Велс или Шкотска, го вовеле електронскиот мониторинг како самостојна мерка за контрола без класичната поддршка што ја нудеше пробациската служба. Целните групи се ниско ризичните сторители, а периодот на надзор во повеќето случаи не надминува шест месеци.

Употребата на електронскиот мониторинг во случаи на притвор како што се практикува во неколку земји (кој го вклучува и пилот проектот во Хесен) треба да се соочи со сериозни критики. Доколку постои ризик од бегство и неприсуство на судење (што е причина за налог во 90% од случаите во Германија[550]), електронскиот мониторинг не може да спречи бегство. Ако постои само низок ризик за неприсуство на

[548] За правниот развој и практика и за проценка на криминалната политика фокусирана на Германија, види: Dünkel/Thiele/Treig, Bestandsaufnahme der elektronischen Überwachung in Deutschland, in Dünkel/Thiele/Treig, Eds., Elektronische Überwachung von Straffälligen im europäischen Vergleich, 2017, 11 ff.

[549] Види, особено на овој аспект, кај: Nellis, Die elektronische Überwachung von Straftätern: Standards, ethische Grundlagen und Kriminalpolitik im digitalen Zeitalter, in Dünkel/Thiele/Treig, Eds., Elektronische Überwachung, 2017, 275 ff.

судење, тогаш нема оправдување за налог за притвор во претходна постапка. Затоа, бројот на соодветни случаи по дефиниција мора да се стреми кон нула.

Начинот на кој некои европски земји го имплементираа електронскиот мониторинг како замена за кратките казни затвор или да се примени електронскиот мониторинг како дополнителна форма на контрола на затворениците на отсуство од затвор итн. мора – со само неколку исклучоци (на пример, Финска, Австрија и во делови во Холандија) – да се гледа како на неуспех.[551]

Севкупно, германската криминална политика беше добро советувана да го ограничи електронскиот мониторинг на многу сериозни случаи на сторители со висок ризик и остатокот да се потпре на традиционалните форми на пробна контрола, кои, без да навлегуваат во детали, може да се окарактеризираат како соодветни на доказите од емпириско истражување за третман на сторителите и од истражување на откажување - т.е. докази за тоа како и под кои услови сторителите го напуштаат својот криминален начин на живот.

Генерално, системот на кривични санкции во Германија се покажа како вреден. Казните и условните затворски казни претставуваат извонредни успешни приказни на германското казнено право и придонесоа затворот навистина да стане последно средство. Германија со стапката на затворска популација од 76 жители на 100.000 жители припаѓа на земјите на ниско ниво на затвор и се приклучи на т.н. „скандинавска исклучителност“. Недостатоците може да се забележат во некои гранични области на извршувањето на казните, со премногу затворски казни како заменски санкции кои се применуваат на паричните казни. Понатаму, условните казни и предвременото ослободување заслужуваат поширока и – во случај на предвремено ослободување – претходна примена. Понатамошното намалување на стапките на затворската популација зависи од практиката на казнување и структурата на затворениците во една земја.

Додека во Германија преовладуваат краткотрајните затворски казни (на 1 септември 2014 година, 45% отслужувале казна затвор до една година; споредено со Естонија каде 11% отслужувале казна затвор до една година), во други земји, како Естонија, долгорочните затворски казни, од 5 години или повеќе, се проблемот (на пример во Естонија во 2014 година 40% биле долгорочни затворски казни; во

[550] Види: Jehle, Strafrechtspflege in Deutschland, 6th ed., 2015, 22 (2013: 92.7%).

Германија истата година 12% биле долгорочни затворски казни). Според тоа, во Германија, ветувачките стратегии за намалување на затворската популација подразбираат проширување на алтернативите за затворските казни; во Естонија, би било подобро да се фокусира на намалување на должината на изречените затворски казни или престојот во затвор со проширување на предвременото ослободување.[552]

Зборувајќи за проблематичните области, прво треба да се разјасни дека во Германија (сè уште) немаме реални дефицити во смисла на замки или отстапувања во строга смисла. Проширувањето на алтернативните санкции е успешно спроведено на извонреден начин. Сепак, се чини дека постои одреден потенцијал за реформи за дополнително намалување на затворската казна.

Во однос на идните предлози за законодавни реформи се истакнуваат: декриминализација на одредени помали кривични дела, како што се: кражби во продавници или користење на систем за јавен превоз без билет, од една страна, и намалување или укинување на продолжените минимални казни (на пример, за сериозни грабежи или злосторства за дрога), од друга страна, каде што наоѓаме силни несогласувања и недоследности во однос на пропорционалните казни. Дополнително, декриминализацијата на производите од канабис се чини дека е реална цел, во светло на нивната легализација во многу држави во светот. Таквата реформа би можела да послужи за да се спротивстави на казнените хипертрофии и да се намали употребата на казненото право преку одразување на неговата *ultima ratio* функција во регулирањето на општествените конфликти поврзани со усогласеноста со нормите.

Умереният Казнен законик, кој дополнително го намалува изрекувањето на затворските казни, не треба да се гледа како на добробит за сторителите, кои треба – според популистичкото размислување – да бидат третирани со строга казна, туку како рационална стратегија заснована на докази, која на исто време служи за спречување на криминалот и заштита на (идните) жртви. Особено во време на популистички политички струи во општеството и криминалната политика, треба да се предупреди на хипертрофија на казненото право.

---

[551] За неветувачките резултати за ефектите врз одвраќањето и сличните репресивни цели на електронскиот мониторинг: Dünkel, Electronic Monitoring – Some Critical Issues, in Bijleveld/van der Laan, In Liber Amicorum for Gerben Bruinsma, 2017, 108 ff.

[552] Види: Dünkel, Frieder. Reforms of the Criminal Sanctions System in Germany – Achievements and Unresolved Problems. University of Tartu: Juridica international. Law review, 28/2019, pp. 37-48.

5. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО СЛОВЕНЕЧКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Казнените санкции претставуваат најдинамичен дел од казненото право. Уште од првите зачетоци на казненото право, се барале начини и мерки со кои ефикасно би се постигнала целта на казнувањето. Казнениот законик предвидува многу детални правила за санкции од областа на материјалното казнено право.

Како што е наведено во словенечкиот *Казнен законик*[553], целта на казнувањето е:

(1) Да ѝ се овозможи на државата да ги заштити основните вредности и принципи на правниот поредок;
(2) Да се зголеми свеста за предизвиканата штета, на поединци и заедници, од криминалното однесување и
(3) Да се наметне соодветна казна што ќе им овозможи на сторителите да се реинтегрираат во нивните заедници и поширокото општество, овозможувајќи им индивидуални потреби и човечко достоинство.

Системот на казнени санкции во словенечкиот Казнен законик (2021) вклучува:

- *Опомени*;
- *Затворски казни* и
- *Мерки на безбедност*.

Во рамките на опомените (адмонитивните санкции), судот може да ја одложи казната кога сторителот е казнет со казна затвор до две години или со парична казна. Условна казна не може да се изрече кога со закон е пропишана казна затвор поголема од три години.

Словенечкиот Казнен законик пропишува дека казната затвор може да се изрече само како главна казна. Казната затвор може да се изрече за период не пократок од 1 месец и не подолг од 30 години. Казната затвор ќе се определи во полни години и месеци, освен ако нејзиниот рок не е подолг од шест месеци и во тој случај може да се определи во цели денови. Казната доживотен затвор во словенечкото законодавство е воведена во 2008 година. Казната доживотен затвор може да се изрече за кривични

[553] Kazenski zakonik KZ-1: Uradni list RS, št. 50/12 – uradno prečiščeno besedilo, 54/15, 6/16 – popr., 38/16, 27/17, 23/20, 91/20, 95/21, 186/21, 105/22 – ZZNŠPP in 16/23.

дела: геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и агресија, две или повеќе убиства или две или повеќе убиства во случаи на тероризам.

Мотив за воведување алтернативни начини на извршување на казната е и пренатрупаноста во затворите. Во денешно време, во потрагата по нови санкции или можности за алтернативно извршување на постоечките санкции, сме ограничени од начелата на законитост, хуманост, превоспитување и ресоцијализација, но исто така и од начелата на индивидуализација.[554]

Словенија припаѓа меѓу државите кои веќе според традицијата на Кривичниот законик ги уредуваат основните прашања за извршување на кривичните санкции. Основните наредби за извршување на кривичните санкции се вклучени во КЗ-1, а самото извршување на кривичните санкции е детално уредено со *Законот за извршување на кривичните санкции*[555] (во натамошниот текст ЗИКС-1).[556]

Во врска со алтернативните санкции постојат две можности. Првата можност е алтернативните санкции да се регулираат како *самостојни санкции*. Тоа значи судот да ги изрекува непосредно. Втората можност предвидува *алтернативни начини на извршување на казната место казна затвор и парична казна* до одредена висина. Тоа значи дека судот прво изрекува казна затвор или парична казна, а потоа одлучува дали казната ќе се изврши на алтернативен начин.[557]

Словенија ја прифатила втората можност. До новелата на КЗ-1Б, судовите одлучуваа за алтернативниот облик на извршување на казната по правосилноста на пресуда. Со новелата КЗ-1Б тоа е променето. Новелата овозможи судовите да одлучуваат за алтернативниот облик на казна веќе во моментот на донесување на пресудата. Тоа би требало да придонесе за економичност на постапката, бидејќи судот веќе во време на изрекување на пресудата ги има сите податоци кои се потребни за одлучување за алтернативниот начин на извршување на казната.[558]

---

[554] Ова се водечките начела за извршување на кривичните санкции во важечкото кривично право на Република Словенија. За повеќе детали, види: Bavcon, Lj. et al. (2013). Kazensko pravo splošni del, 6. izd., 1. Natis. Ljubljana: Uradni list Republike Slovenije, s. 456-459.

[555] Zakon o izvrševanju kazenskih sankcij (ZIKS-1), Uradni list RS, št. 110/06 – uradno prečiščeno besedilo, 76/08, 40/09, 9/11 – ZP-1G, 96/12 – ZPIZ-2, 109/12, 54/15, 11/18, 200/20 – ZOOMTVI, 141/22 in 83/24.

[556] Jakulin, V. (2018). Alternativne krivične sankcije i krivično zakonodavstvo Slovenije (osnovna zakonska obeležja i iskustva primene), str. 95-108, *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji.

[557] Ibid.

[558] Ambrož, M.; Jenull, H.; Keršmanc, C. (2012). Kazenski zakonik (KZ-1) : z novelama KZ-1A in KZ-1B. Ljubljana: GV Založba, s. 92-93.

Во Република Словенија за првпат е предвидена можност за алтернативно извршување на казната затвор со *Кривичниот законик на Република Словенија*[559], кој стапи во сила во јануари 1995 година. Тој Законик, во членот 107 став 4, предвидувал дека казната затвор до три месеци може да се изврши и на тој начин што осуденият наместо затворска казна, да врши доброволна работа во корист на хуманитарните организации или на локалната заедница за период од најмногу шест месеци во обем од најмалку осумдесет, а најмногу до двесте и четириесет часа. Во образложението[560] на предлогот на Кривичниот законик на Република Словенија пишува дека новата мерка е предвидена како замена за краткотрајните казни затвор.[561]

Новиот *Кривичен законик* КЗ-1[562], кој стапил на сила на 1 ноември 2008 година, покрај *работа во корист на општествената заедница*, предвидувал, исто така, и *куќен затвор* како замена за казната затвор до девет месеци.

Новелата на Кривичниот законик КЗ-1Б од 2011 година[563], која стапила на сила на 15.05.2012 година, предвидувала уште еден облик на алтернативно извршување на казната затвор - *затворање на крајот на работната недела*, односно т.н. *викенд затвор*, кој пред тоа бил регулиран само со ЗИКС-1. Оваа новела на Кривичниот законик предвидувала и *алтернатива за паричната казна*. Имено, со новелата било предвидено дека парична казна до 360 дневни глоби може да се изврши и на начин што осуденото лице во период од најмногу една година, наместо да ја плати паричната казна, да врши *работа во јавен интерес без паричен надоместок*.

Со новелата на Кривичниот законик сите три облици на извршување на казната биле предвидени како можност, кои во рамки на преговарањето за вината, би требало да го мотивираат обвинетиот да ја признае својата вина веќе на првата изјава за обвинението до кое се поднесува начинот на извршување на казната за таков случај, или да ја признае вината во спогодба со јавниот обвинител.[564]

---

[559] Kazenski zakonik Republike Slovenije (Uradni list RS, št. 63/94 z dne 13.10.1994) in Popravek kazenskega zakonika Republike Slovenije (Uradni list RS, št. 70/94 z dne 11.11.1994).
[560] Poročevalec Državnega zbora Republike Slovenije br. 8, letnik XX/1994, s. 51.
[561] Jakulin, V. (2018). Alternativne krivične sankcije i krivično zakonodavstvo Slovenije (osnovna zakonska obeležja i iskustva primene), str. 95-108, *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji.
[562] Kazenski zakonik – KZ-1 (Uradni list RS, št. 55/08 z dne 4. 6. 2008) in Popravek Kazenskega zakonika – KZ-1 (Uradni list RS, št. 66/08 z dne 1.7.2008).
[563] Zakon o spremembah in dopolnitvah Kazenskega zakonika – KZ-1B (Uradni list RS, št. 91/11 z dne 14.11.2011).
[564] Подетално види кај: Ambrož, M.; Jenull, H.; Keršmanc, C. (2012). Kazenski zakonik (KZ-1) : z novelama KZ-1A in KZ-1B. Ljubljana: GV Založba, s. 94.

Одредени автори[565] сметаат дека изјавата за признавање на вината, по правило, делува така што обвинетото лице со тоа ќе постигне да му се изрече поповолна санкција отколку ако не се смета за виновен. Договарањето за начинот на извршување на казната е далеку од законските критериуми за разгледување дали е оправдан алтернативен начин на извршување на казната. Доколку сакаме ваквото уредување да биде во согласност со принципот на индивидуализација на кривичните санкции, би требало да провериме дали со таквото уредување се постигнува целта на казнувањето.

Важечкиот *Кривичен законик*[566] предвидува три облици на алтернативно извршување на казната затвор: 1. *затвор на крајот на неделата* (т.н. *викенд затвор*), 2. *куќен затвор* и 3. *работа за општо добро.*

Овие санкции се дизајнирани со цел да ја намалат пренатрупаноста на затворскиот систем, како и да обезбедат пофлексибилни казни кои можат подобро да се прилагодат на специфичните околности на конкретен случај и потребата за рехабилитација и реинтеграција на сторителите на кривични дела.

Во продолжение на трудот, ќе ги претставиме ***три облици на алтернативно извршување на казната затвор*** кои постојат во словенечкото законодавство.

а) Затворање на крајот на неделата (т.н. викенд затвор)

Овој облик на алтернативно извршување на казната затвор е уреден со одредбите во Кривичниот законик на Република Словенија и со одредбите од Законот за извршување на кривичните санкции.

Имено, во член 86 став 4 од Кривичниот законик на Република Словенија, е предвидено дека затворска казна до три години, освен за кривично дело против половиот интегритет, за осудено лице кое ги исполнува условите предвидени во законот со кој се уредува извршувањето на кривичните санкции, може да издржи и осуденото лице кое продолжува да работи или студира, додека ја издржува затворската казна и живее дома, освен во слободните денови, најчесто викендот, кога треба да биде во установата. Попрецизни услови за извршување утврдува заводот.

[565] Види: Gorkič, P. (2011). Pravni vidiki pogajanj in sporazumov o krivdi v kazenskem postopku, *Zbornik 4. konference kazenskega prava in kriminologije*, Ljubljana: GV Založba, s. 14.
[566] Kazenski zakonik (KZ-1): Uradni list RS, št. 50/12 – uradno prečiščeno besedilo, 54/15, 6/16 – popr., 38/16, 27/17, 23/20, 91/20, 95/21, 186/21, 105/22 – ZZNŠPP in 16/2.

Викенд затвор може да им се дозволи само на оние осудени лица кои лично се толку средени што може да им се верува дека нема да го злоупотребуваат овој начин на извршување на казната и на оние кои во моментот на одлучување за начинот на извршување на затворската казна:

- вработени на територијата на Република Словенија во согласност со прописите за работни односи или за државни службеници или на некоја друга правна основа, самовработени или самостојно ангажирани во земјоделска дејност или
- има статус на ученик во Република Словенија и редовно се школува, односно има статус на студент и редовно ги исполнува своите студиски обврски.

За замена на казната затвор со казна викенд затвор одлучува судот врз основа на предлог. Овде треба да се напомене на неусогласеноста помеѓу одредби од Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка[567] (во натамошниот текст: ЗКП).

Согласно член 86 став 12 од Кривичниот законик за дозволеноста за извршување казна затвор на начин одреден со тој член одлучува судот на предлог на обвинетиот со пресуда со која изрекува казна затвор или на предлог на осудениот со посебно решение. Според ЗКП, кругот на предлагачи е значително поширок.

Согласно член 129а став 2 од ЗКП во врска со член 367 став 2 од ЗКП, предлог може да поднесат: обвинетото лице, неговиот бранител, брачниот другар на обвинетиот или лице со кое обвинетиот живее во вонбрачна заедница, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра или хранител. Ако судот одлучува пред отпочнување со извршување на казната затвор, може да одлучи по предлогот со пресуда или со посебно решение после правосилноста на пресудата. Судот може да дозволи извршување на казната затвор со викенд затвор (затворање на крајот на неделата) и на предлог на осудено лице кое веќе издржува казна затвор по претходно добиено мислење од директорот на затворот.

Според одредени автори[568], одредбата со која однапред се исклучува можноста за алтернативно извршување на казната затвор и која се однесува на сторителите на кривични дела против половата слобода е дискриминаторска и поради тоа е потенцијално уставно спорна.

[567] Zakon o kazenskem postopku (Uradni list RS, št. 176/21 – uradno prečiščeno besedilo, 96/22 – odl. US, 2/23 – odl. US in 89/23 – odl. US).

б) Куќен затвор

Куќниот затвор се регулира со петтиот, шестиот и седмиот став од член 86 од Кривичниот законик на Република Словенија, како и со членовите 12.а и 20.а од Законот за извршување на кривичните санкции (пречистен текст).

Судот може со пресуда или со посебно решение да дозволи издржување на казна затвор до девет месеци во куќен затвор доколку, со оглед на опасноста на осуденото лице, можноста за повторување на делото, како и со оглед на личните , семејните и работните односи на осуденото лице во време на извршување на казната, нема потреба за издржување на казната во установа, или доколку е потребно заради болест, инвалидност или старост, осуденото лице казната да ја издржува во соодветна државна институција.

Пресудата, односно посебното решение за начинот на извршување на куќниот затвор и решението за измена на начинот на негово извршување, судот ги испраќа на осуденото лице, институцијата за издржување на казната затвор во која би се упатило осуденото лице, како и на полициската станица на подрачјето каде се спроведува куќниот затвор.

Контрола на спроведувањето на куќниот затвор врши самиот суд или тоа го прави преку полицијата. Полицијата смее во секое време, без барање на судот, да го провери спроведувањето на казната куќен затвор, а за евентуални прекршувања на куќниот затвор мора без одлагање да го извести судот и институцијата во која што била спроведена постапката за настапување на казната куќен затвор.[569]

Судот во барањето за куќен затвор му одредува на осуденото лице на денот кој е одреден како почеток на куќниот затвор да се јави во институцијата во која инаку би бил упатен на издржување на казната, а при тоа како должина на изречената казна се подразбира должината на траењето на куќниот затвор. Осуденото лице мора да се јави во работно време на денот кој е определен за почеток на издржување на куќниот затвор во институцијата која е наведена во поканата за издржување на казната куќен затвор.[570]

---

[568] Ambrož, M.; Jenull, H.; Keršmanc, C. (2012). Kazenski zakonik (KZ-1) : z novelama KZ-1A in KZ-1B. Ljubljana: GV Založba, s. 95.

[569] Jakulin, V. (2018). Alternativne krivične sankcije i krivično zakonodavstvo Slovenije (osnovna zakonska obeležja i iskustva primene), str. 95-108, *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji.

[570] 20.a član Zakon o izvrševanju kazenskih sankcij (ZIKS-1).

Некои автори[571] го отвораат прашањето дали и во случај на болест, инвалидност или длабока старост на осуденото лице важи формалното ограничување дека алтернативно извршување во соодветната државна институција е можно само во случај кога на осуденото лице му е изречена казна затвор до девет месеци. Иако јазичното објаснување тоа го потврдува, наведениот автор смета дека е тешко да се одбрани ставот да не се земаат предвид посебните потреби на болните, инвалидите или постарите осуденици во тој облик и во случај кога изречената казна изнесува повеќе од девет месеци. Тој се прашува дали должината на казната е соодветен критериум за разграничување со кој на осудениците со посебни потреби ќе им биде овозможен похуман облик на издржување на казната затвор.

в) Работа за општо добро

Работата за општо добро како санкција во казненото законодавство на Словенија е алтернатива на казната затвор за полесни кривични дела. Оваа санкција им овозможува на сторителите да вршат неплатена работа во корист на заедницата, што придонесува за нивна ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Истата е уредена во Кривичниот законик и во Законот за извршувањето на кривичните санкции.

Казната затвор до две години, со исклучок кога е сторено кривично дело против половата слобода, може да се изврши на начин што осуденото лице, наместо казна затвор ќе извршува најмногу две години од извршноста на пресудата работа за општо добро.

Обемот на работа се определува така што еден ден затвор се заменува со два часа работа. Органот кој е надлежен за извршување на оваа казна го определува видот на работата според професијата и способностите на осуденото лице и го распределува тоа лице така што нема да му се попречуваат неговите обврски кон семејството и да се во согласност со неговото образование. Општествено корисна работа не се плаќа. При одлучувањето за замена на казната затвор со алтернативна казна за работа за општо добро, судот особено го зема предвид однесувањето на осуденото лице во моментот на одлучувањето, опасноста од можноста за повторување на кривичното дело додека тој е на слобода, неговите можности и способности за вршење на соодветната работа, како и

[571] Ambrož, M.; Jenull, H.; Keršmanc, C. (2012). Kazenski zakonik (KZ-1) : z novelama KZ-1A in KZ-1B. Ljubljana: GV Založba, s. 96.

личните и семејните околности на осуденото лице во времето кое е предвидено за извршување на таа казна.[572]

Надлежниот центар за социјални работи води и врши надзор над вршењето на работите за општо добро, кои судот ги заменил со казна затвор до две години. Договорот за почеток на извршување на задачите кој го склучуваат осудениот, организацијата во која таа работа ќе се извршува и надлежниот центар важи како покана за извршување на казната.[573]

Кога станува збор за условите и извршувањето на работата за општо добро, мора да се истакне дека потребна е согласност на сторителот, односно сторителот мора доброволно да се согласи со оваа санкција. Доколку сторителот не даде таква согласност, тогаш судот може да изрече друга соодветна казна.

Исто така, паричната казна до одреден износ можно е да се замени со работа за општо добро. Парична казна во износ до 360 дневни глоби може да се изврши така што осуденото лице наместо да ја плати паричната казна, врши општокорисна работа без паричен надоместок за период до една година. Обемот на работа се одредува така што дневниот паричен износ се заменува со еден час работа.

Во однос на траењето на оваа казна, пропишано е дека сторителот може да биде обврзан да изврши помеѓу 80 и 480 часа работа за општо добро во период до две години. Работата за општо добро се работи во корист на општествено корисни организации, како што се: невладини организации, јавни установи, комунални служби или други организации кои вршат дејност од јавен интерес.

Пробациската служба е одговорна за организацијата, надзорот и спроведувањето на работата за општо добро. Оваа служба се грижи дека работата што ја извршува сторителот е во согласност со законот и дека придонесува за рехабилитација на сторителот. Пробациската служба го следи и извршувањето на санкцијата и го известува судот за напредокот и евентуалните проблеми во текот на извршувањето на казната.

Како предност на работата за општо добро се истакнува тоа што истата им овозможува на сторителите подобро да се реинтегрираат во општеството, да развијат работни вештини и да изградат позитивни социјални односи. Дополнително, со оваа санкција се намалува бројот на затвореници во преполните затвори, а со тоа се

[572] Jakulin, V. (2018). Alternativne krivične sankcije i krivično zakonodavstvo Slovenije (osnovna zakonska obeležja i iskustva primene), str. 95-108, *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji.

намалуваат трошоците за државата. Воедно, преку нивната работа, сторителите директно придонесуваат за општествената заедница, што може да ја подобри перцепцијата на сторителите и да поттикне позитивни промени.

Се разбира постојат и предизвици со кои се соочува работата за општо добро. Имено, неопходно е да се обезбедат доволно соодветни работни места кои ги исполнуваат критериумите за работа за општо добро. Исто така, следењето на мотивацијата и работата на сторителите може да биде предизвик, а успехот на оваа санкција зависи од ефикасниот надзор од страна на пробациската служба.

Следствено, можеме да констатираме дека работата за општо добро во Словенија претставува ефикасна алтернативна казна која помага во рехабилитацијата на сторителите и придонесува за општо добро на заедницата. Правилната имплементација и следењето на извршувањето на оваа казна се клучни за нејзиниот успех, а истата се покажала како корисно средство за намалување на рецидивизмот и растеретување на затворскиот систем.

Што се однесува на проблемите на алтернативното извршување на казната затвор, постојат автори[574] кои истакнуваат дека клучен проблем е што според законодавното разбирање, куќниот затвор и работата за општо добро се алтернативни начини на извршување на казната затвор, а не алтернативни кривични санкции. Токму поради тоа постои став дека *овие мерки треба да бидат алтернативни кривични санкции, а не само алтернативен облик на извршување на казната затвор*.

Имајќи го предвид горенаведеното, можеме да констатираме дека *во Словенија алтернативните санкции добија на значење како дел од поширокаta стратегија за намалување на стапките на затворање и преферирање на казните засновани на заедницата*. Овие мерки имаат за цел да промовираат рехабилитација додека ги држат сторителите интегрирани во заедницата. *Целта на алтернативните санкции во словенечкиот правен систем е да придонесат за намалување на стапката на рецидивизам, намалување на притисокот врз затворскиот систем и промовирање на рехабилитација и ресоцијализација на сторителите на кривични дела, давајќи им притоа можност на истите да се реинтегрираат во општеството на конструктивен начин*. Во тоа клучна улога има Пробациската служба која ги администрира алтернативните санкции.

---

[573] Ibid.

6. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО ХРВАТСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

6.1. Воведни напомени

Во Република Хрватска, казнените санкции пропишани со *Казнениот закон*[575] кои можат да се изречат на сторители на казнени дела се: казни и мерки на безбедност.

Согласно член 40 од Казнениот закон, постојат *три вида на казни*: *парична казна*, *затвор* и *долготраен затвор*. Паричната казна може да се изрече како главна и како споредна казна. Затворот и долготрајниот затвор можат да се изречат само како главни казни. Кога законот за одредено казнено дело пропишува казна затвор до три години, судот може да изрече парична казна како главна казна. За казнени дела сторени од користољубие, парична казна како споредна казна може да се изрече и кога не е пропишана со закон или кога е со закон пропишано дека сторителот ќе се казни со казна затвор или парична казна, а судот како главна казна ќе изрече казна затвор. Работа за општо добро (општокорисна работа) се изрекува како замена за казна затвор или парична казна.

Поимот *алтернативни санкции* не е посебно дефиниран во хрватското казнено законодавство, меѓутоа хрватскиот Казнен закон содржи одредба чија цел е да се поттикне почеста примена на алтернативни санкции.

Во Република Хрватска алтернативните санкции добија на значење во поново време, со цел да се реши проблемот со криминалното однесување со примена на повеќе рехабилитациони мерки. Некои од клучните алтернативни санкции вклучуваат работа за општо добро (општокорисна работа), пробација и условна осуда. Работата за општо добро, односно општокорисната работа е една од најчесто изрекуваните алтернативни санкции, особено за сторителите на полесни казнени дела.

Значајно е да се напомене дека некои алтернативи, како што се: работата за општо добро (општокорисната работа), условната осуда и делумната условна осуда, се сметаат за *модификација на казната*, односно не се сметаат за самостојни санкции, иако може да се сметаат за санкции во поширока смисла на зборот. Воедно, можеме да

---

[574] Види: Dežman, Z. (2009). Alternativna izvršitev kazni zapora v sodni praksi in predlog za zakonsko spremembo, *Pravna praksa*, št. 13/2009.

[575] Kazneni zakon (Službeni list Republike Hrvatske Narodne novine br. 125/2011, 144/2012, 56/2015, 61/2015, 101/2017, 118/2018, 126/2019, 84/2021, 114/2022, 114/2023, 36/2024).

истакнеме дека алтернативните санкции се претпочитаат во судската практика, бидејќи тие ја нагласуваат реинтеграцијата и ресоцијализацијата на сторителите кои не се наоѓаат во затворска установа, притоа помагајќи да се намали рецидивизмот. Во оваа насока би споменале и дека условните осуди остануваат една од најчесто изрекуваните алтернативи на казната затвор.

Во член 45 став 1 од Казнениот закон се предвидува дека судот може да изрече казна затвор од шест месеци само ако може да се очекува дека паричната казна или санкцијата во заедницата не може да се изврши или ако паричната казна, санкцијата во заедницата или пробацијата не можат да ја постигнат целта на казната. Со други зборови, дури и во овие случаи судијата при донесувањето на одлуката би бил должен да даде образложение за изрекувањето на кратка казна затвор, наместо алтернативна санкција.[576]

Дополнително, хрватскиот Казнен закон пропишува дека покрај санкцијата во заедницата, на сторителот на казнено дело може да му се изречат една или повеќе обврски предвидени за примената на институтот *условен отпуст*[577] или *заштитен надзор*[578].

Согласно член 41 од Казнениот закон, целта на казнувањето е да се изрази општествена осуда за стореното казнено дело, да се зајакне довербата на граѓаните во правниот поредок втемелен на владеење на правото, да се влијае врз сторителот и сите други да не вршат казнени дела преку зајакнување на свеста за опасноста од вршењето на казнени дела и за праведноста на казнувањето да овозможи на сторителот повторно вклучување во општеството.

Согласно член 44 од Казнениот закон, казната затвор не може да биде пократка од три месеци, ниту подолга од дваесет години. Казната затвор во траење до шест месеци се изрекува на полни месеци и денови. Казната затвор во траење подолго од шест месеци се изрекува на полни години и месеци, освен кај примената на одредбите за стек, кога може да се изрече и на полни денови. Кај замената на парична казна со казна затвор, казната затвор се изрекува на полни денови, а може да биде и пократка од

[576] Законодавството во Република Србија, пак, има спротивен пристап според кој судиите треба да дадат образложение за изрекување на алтернативна санкција, наместо казна затвор.
[577] Условниот отпуст е регулиран со член 59 од Казнениот закон, обврски на осудениот и заштитниот надзор за времето на проверување се регулирани со член 60 од Казнениот закон, отповикувањето на условниот отпуст е регулирано со член 61 од Казнениот закон, видовите на посебни обврски се регулирани со член 62 од Казнениот закон, изрекувањето на посебните обврски е регулирано со член 63 од Казнениот закон.
[578] Заштитниот надзор е регулиран со член 64 од Казнениот закон.

три месеци. Казната затвор до една година може да се извршува во дом согласно одредбите на посебен закон.

Во член 45 став 1 од Казнениот закон е пропишано дека казната затвор во траење до шест месеци, судот може да ја изрече само ако може да се очекува дека паричната казна или работата за општо добро (општокорисната работа) нема да може да се изврши или ако со парична казна, работа за општо добро (општокорисната работа) или условна осуда не би можела да се постигне целта на казнувањето.[579]

Согласно член 46 од Казнениот закон, казната долготраен затвор не може да биде пократка од дваесет и една ниту подолга од четириесет години. По исклучок, за кaзнени дела сторени во стек под условите пропишани со овој закон, може да се изрече единствена казна долготраен затвор во траење од педесет години. Казната долготраен затвор се изрекува на полни години. Казна долготраен затвор не може да се изрече на сторител кој сторил кaзнено дело во време кога немал наполнето осумнаесет години. Одредбите за казните затвор се применуваат и на казната долготраен затвор, доколку со овој закон поинаку не е пропишано.

Според хрватското законодавство, одмерувањето на казната се врши согласно одредбите од Казнениот закон. Имено, член 47 став 1 од Казнениот закон пропишува дека при изборот на видот и мерката на казната, судот, поаѓајќи од степенот на вина и целта на казнувањето, ќе оцени дека сите околности кои влијаат казната по вид и мерка да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнувачки околности), а особено јачината на загрозување или повредата на заштитеното добро, побудите од кои е извршено кaзненото дело, степенот на повреда на должностите на сторителот, начинот на сторување и скриените ефекти од кaзненото дело, претходниот живот на сторителот, неговите лични и имотни прилики и неговото однесување по стореното кaзнено дело, односот спрема жртвата и напорот да ја надомести штетата. Согласно ставот 2 од истиот член, висината на казната не смее да го надмине степенот на вина.

Концептот на алтернативни санкции не е конкретно дефиниран во хрватското кaзнено законодавство. Исто така, денес во хрватското кaзнено законодавство не постои ниту дефиниција за кaзнено-правни санкции, додека таква одредба постоела во претходниот Казнен закон од 1997 година[580].

[579] Одредбата од став 1 на овој член не се однесува на казна затвор како замена за неплатена парична казна (член 43 став 3) или за неизвршена работа за општо добро (член 55 став 7) или за отповикана условна осуда (член 58).
[580] Kazneni zakon (Službeni list Republike Hrvatske Narodne novine 110/97, 27/98, 50/00, 129/00, 51/01, 111/03, 90/03, 105/04, 84/05, 71/06, 110/07, 152/08, 57/11, 77/11).

Во овој контекст, потребно е да се напомене дека некои алтернативи (како општокорисна работа, условна осуда и делумна условна казна) се сметаат за модификации на казните, т.е. тие не се самостојни санкции, но секако дека можат и се сметаат за санкции во поширока смисла.

Како што споменавме и погоре, концептот на алтернативни, односно незатворски санкции не е конкретно дефиниран во хрватскиот Казнен закон, но *поимот алтернативни санкции ги подразбира сите санкции што можат да се изречат наместо казната затвор.*

Во тој контекст, алтернативните санкции би можеле да се поделат на алтернативни санкции во потесна и поширока смисла. Во *потесна смисла*, тоа би биле: *општокорисна работа*, *условна осуда* и *делумна условна осуда*, како модификација на казните и *парична казни*; а во *поширока смисла*, покрај горенаведените, тоа би биле и двата начина на извршување на казната затвор - *условен отпуст* (член 59 од Казнениот закон), *куќен затвор* (член 44 став 4 од Казнениот закон) и други облици на алтернативи, како што е *надзорот над извршувањето на обврските според решението на државниот обвинител кога тој одлучува за казнен прогон според начелото на целисходност*.[581]

Незатворски санкции се предвидени за полесни облици на казнени дела, па затоа истите тие не можат да се применат при изрекување на казната долготраен затвор. Максималната казна затвор што може да се замени со незатворска санкција, поточно парична казна, изнесува три години. Следствено, кога за одредено казнено дело е предвидена казна затвор до три години, судот може наместо тоа да изрече парична казна како главна казна (член 40 став 4 од Казнениот закон). Незатворски санкции, по правило, се применуваат кога на сторителот му е изречена казна затвор до една година (општокорисна работа на слобода и условна осуда).

Во хрватскиот казнено-правен систем, не постои обврска за изрекување незатворски санкции, освен во случај на општокорисна работа кога судот ќе изрече казна затвор до шест месеци, во кој случај таа мора да се замени со општокорисна работа, освен ако тоа би ја попречило целта на казнувањето. Во други случаи, судот мора да ги утврди сите решавачки факти дека сторителот во иднина нема да извршува

[581] Подетално види кај: Kurtović Mišić, A.; Krstulović Dragičević, A. (2014). Pravno uređenje i primjena rada za opće dobro nakon reforme materijalnog i izvršnog prava alternativnih sankcija, *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu*, vol. 64, br. 5-6, str. 859-894.

казнени дела и без извршување на казната. При изрекувањето на видот и степенот на казната, судот секогаш е должен да ја образложи својата одлука.

Кога во казнена постапка се изрекуваат незатворски санкции, сторителот на казненото дело секогаш најпрво се осудува на казна затвор или на парична казна, под услов паричната казна во тој случај да биде изречена како основна казна, придружена со изјава дека изречената казна затвор или парична казна ќе се замени со една на незатворските санкции, односно со општокорисна работа или со условна осуда.

Во хрватскиот казнено-правен систем се пропишани следниве ***незатворски санкции***: *парична казна*, *општокорисна работа*, *условна осуда* и *делумна условна осуда*.

Во овој дел од докторскиот труд истите ќе бидат подетално елаборирани.

а) Парична казна

Речиси во сите јурисдикции паричната казна е предвидена како главна казна. Исто така, паричната казна е предвидена да може да ја замени казната затвор (на пример, во Италија, Португалија). Во некои земји, паричната казна е предвидена и како дополнителна казна (на пример, во: Белгија, Хрватска, Естонија, Франција, Латвија).

Во хрватскиот казнено-правен систем, како и во хрватскиот Казнен закон, е прифатен т.н. систем за дневна парична казна (*the day-fine system*), односно системот на дневен приход.[582] Овој модел се применува како во случаите кога паричната казна се изрекува како главна казна, така во случаите кога паричната казна се изрекува како споредна казна. Во овој случај, законот предвидува и минимален и максимален број денови и минимален и максимален износ за ден (на пример, во: (Хрватска, Чешка, Естонија, Финска, Германија, Грција, Унгарија, Полска, Португалија, Романија).

Паричната казна во хрватското законодавство претставува збир на бројот на дневни износи и висината на дневниот износ, па во пресудата се наведува и бројот на дневни износи и висината на дневниот износ, како и збирот кој претставува одмерена парична казна во апсолутен износ.

Согласно член 42 од Казнениот закон, паричната казна се изрекува во дневни износи. Таа не може да биде помала од триесет, ниту поголема од триста и шеесет дневни износи, освен за казнени дела сторени од користољубие, кога може да се изречат до петстотини дневни износи или кога парична казна од петстотини дневни

[582] Таков пример може да се најде и во финското, шведското, како и во германското законодавство.

износи изречно е пропишана со овој закон. Во пресудата се назначува бројот на дневните износи и висината на дневниот износ и нивниот збир. Бројот на дневните износи се определува врз основа на околностите наведени во член 47 од Казнениот закон, освен оние кои се однесуваат на имотната состојба на сторителот. Висината на дневниот износ се определува земајќи ги предвид приходите и имотот на сторителот и просечните трошоци неопходни за издржување на сторителот и неговото семејство. Дневниот износ не може да биде помал од дваесет куни, ниту поголем од десет илјади куни. Приходите на сторителот, имотот и другите податоци потребни за утврдување на висината на дневниот износ може да се утврдат врз основа на слободна процена доколку нивното утврдување би било поврзано со несразмерни потешкотии или доколку се предложи изрекување на парична казна во постапка за издавање на казнен налог. Сторителот е должен паричната казна да ја плати во рок што ќе го определи судот, а кој не може да биде пократок од триесет дена ниту подолг од шест месеци, а може да му се наложи да ја плати на рати во рок до една година. Судот може да утврди дека исплатата на рата ќе се укине доколку сторителот не ја плати ратата уредно. Ако осуденото лице не може целосно или делумно да ја плати паричната казна во рокот кој е определен со пресудата поради значително влошување на неговата имотна состојба што настанало не по негова вина по донесувањето на пресудата, судот може на негово барање, да го продолжи рокот на плаќање до дваесет и четири месеци или да определи отплата на рати во тој рок.

Со член 43 од Казнениот закон се регулирани случаите на замена на ненаплатена парична казна. Кога паричната казна не е целосно или делумно платена во рокот кој е определен со пресудата, а не се исполнети условите од член 42 став 7 на Казнениот закон, таа ќе се наплати присилно преку Даночната управа на Министерството за финансии. Доколку паричната казна не може ниту присилно да се наплати во рок од три месеци, судот со согласност на осудениот ќе донесе одлука за замена на паричната казна со општокорисна работа, на начин што еден дневен износ ќе се замени со четири часа работа, при што општокорисната работа не смее да надмине илјада четиристотини и четириесет часа. Доколку осудениот не се согласи на општокорисна работа или не ја изврши, паричната казна, односно општокорисната работа ќе се замени со казна затвор. Кога паричната казна ќе се замени со казна затвор, судот еден дневен износ ќе го замени со еден ден затвор, а општокорисната работа ќе се замени согласно одредбата од член 55 од Казнениот закон, при што казната затвор не може да биде подолга од дванаесет месеци. Доколку осуденото лице ја плати паричната казна по правосилноста

на одлуката за замена, извршувањето на казната затвор или општокорисната работа ќе се запре. Во случај на делумна исплата, ќе се изврши само преостанатиот дел од наведените казни. Доколку осуденото лице кое нема постојано живеалиште или престојувалиште во Република Хрватска не ја плати паричната казна во рокот определен со пресудата, судот ќе ја замени со казна затвор.

б) Општокорисна работа

Општокорисната работа е една од алтернативите на казната затвор која постои во многу законодавства и за која е пишувано претежно во меѓународната научна и стручна литература.

Општокорисната работа во законодавствата на некои држави (на пример, во: Белгија, Литванија, Малта, Холандија) е предвидена како главна санкција, во други држави (на пример, во: Хрватска, Естонија, Финска, Португалија) е предвидена како заменска санкција, во некои држави (на пример, во: Бугарија, Кипар, Малта, Романија) е предвидена како дел од санкцијата пробација, додека во некои држави е предвидена дури како споредна санкција (на пример, во Латвија, каде што може да биде и главна санкција или споредна санкција).

Во хрватското казнено право, општокорисната работа е регулирана со член 55 од Казнениот закон и последен пат е изменета во 2017 година.

Согласно член 55 од хрватскиот Казнен закон, судот може изречената парична казна во износ до триста и шеесет дневни износи или казна затвор во траење до една година, да ја замени со општокорисна работа. Кога ќе изрече казна затвор во траење до шест месеци, судот ќе ја замени со општокорисна работа, освен ако со тоа не може да се оствари целта на казнувањето. Кога судот ќе ја замени паричната казна со општокорисна работа, еден дневен износ ќе го замени со четири часа работа, а кога казната затвор ќе ја замени со општокорисна работа, еден ден затвор ќе го замени со четири часа работа. Судот може на сторителот, покрај општокорисна работа, да му одреди една или повеќе посебни обврски од членот 62 на Казнениот закон и/или заштитен надзор од членот 64 на Казнениот закон, чие времетраење не може да биде подолго од времето во кое сторителот мора да врши општокорисна работа. Општокорисната работа ќе се изврши само со согласност на осудениот. Осудениот, откако надлежното тело за пробација ќе даде согласност, ќе ја изврши општокорисната работа во рокот определен од тоа тело, водејќи сметка за неговите можности со оглед на неговите лични прилики и вработувањето. Овој рок не може да биде пократок од

еден месец, ниту подолг од две години, сметајќи од извршноста на пресудата. Содржината на општокорисната работа ја одредува надлежното тело за пробација во договор со осудениот, водејќи сметка за неговите способности и стручност. Доколку осудениот во рок од осум дена од приемот на правосилната пресуда не се јави кај надлежното тело за пробација или не даде согласност, тоа тело ќе достави налог за извршување на казна затвор до надлежниот судија за извршување, а налог за извршување на паричната казна до првостепениот суд што ја донел пресудата. Доколку осудениот по своја вина во целост или делумно не изврши општокорисна работа во рокот од ставот 5 на членот 55 од Казнениот закон, судот ќе донесе одлука со која ќе го определи извршувањето на изречената казна во целост или во неизвршениот дел. Доколку осудениот не изврши општокорисна работа без своја вина, надлежното тело за пробација ќе го продолжи рокот од ставот 5 на членот 55 од Казнениот закон. Доколку осудениот не ги изврши во целост или во поголема мера обврските од ставот 3 на членот 55 од Казнениот закон, или сериозно или упорно ги прекршува, или упорно избегнува спроведување на заштитен надзор од членот 64 од Казнениот закон, или без оправдана причина ја прекршува обврската која му е одредена со мерка на безбедност, судот ќе донесе одлука со која ќе го определи извршувањето на првично изречената казна. Доколку се утврди дека сторителот не ги извршил обврските од оправдани причини или дека од оправдани причини избегнувал заштитен надзор, судот може да ги замени обврските со други или да му изрече заштитен надзор доколку дотогаш го немало или може да го ослободи од обврските, односно заштитниот надзор или може да му го продолжи рокот за извршување на наложените обврски или заштитниот надзор. Општокорисната работа се извршува без надомест.

в) Условна осуда

Условната осуда во хрватското казнено законодавство е уредена со член 56 од Казнениот закон.

Условната осуда предвидува дека казната на која е осуден сторителот нема да се изврши доколку сторителот во текот на времето на проверување не стори ново казнено дело и ги исполни одредените обврски. Судот може на сторител кој е осуден на казна затвор во траење до една година или на парична казна да му изрече условна осуда кога ќе оцени дека сторителот и без извршување на казната во иднина нема да сторува казнени дела. Притоа ќе се води сметка за личноста на сторителот, неговиот претходен живот, особено дали е претходно осудуван, семејните прилики, околностите на

извршување на самото казнено дело и однесувањето после извршувањето на казненото дело, особено односот на сторителот спрема жртвата и настојувањето да ја поправи штетата на жртвата. Времето на проверување не може да биде пократко од една, ниту подолго од пет години, се одмерува на полни години и започнува да тече од денот на правосилноста на пресудата. Судот може времето на проверување дополнително да го скрати, односно пред неговиот истек да го продолжи до максималното траење по постапка пропишана со посебен закон. Судот може на сторителот, покрај условната осуда, самостојно да му одреди една или повеќе посебни обврски, согласно одредбите од членовите 62 и 63 од Казнениот закон или со заштитен надзор согласно со одредбите од членот 64 од Казнениот закон. Времетраењето на посебните обврски и заштитниот надзор не смее да биде подолго од времето на проверување. Кога судот ќе изрече казна затвор и парична казна, може да одлучи под условите од член 56 од Казнениот закон, да не се изврши само казната затвор.

ѓ) Делумна условна осуда

Во некои држави, како што се: Хрватска, Грција, Ирска, Франција, Литванија, Холандија, постои и можност за „делумно условена“ или „делумно суспендирана“ осуда, каде што дел од казната затвор се заменува со условна осуда уште на почетокот, а сторителот на казнено дело треба само да го издржи неусловениот дел од казната затвор.

Во хрватското казнено законодавство, делумната условна осуда е регулирана со член 57 од Казнениот закон.

Имено, согласно овој член, судот може на сторител кој е осуден на парична казна или на казна затвор во траење подолго од една и помалку од три години, да му изрече условна осуда само за дел од казната доколку оцени дека постои висок степен на веројатност дека и без извршување на целата казна во иднина нема да врши казнени дела. Неусловениот дел на казната затвор мора да биде најмалку шест месеци, а најмногу една половина од изречената казна. Неусловениот дел на паричната казна не може да биде помал од една петтина или повеќе од една половина од казна. На неусловениот дел од казната затвор не можат да се применат одредбите за условен отпуст. На условниот дел од казната соодветно се применуваат одредбите од член 56, член 58, член 62, член 63 и член 64 од Казнениот закон.

6.2. Споредни казни во хрватското законодавство

Хрватскиот Казнен закон предвидува и можност за изрекување *споредни казни*, покрај казната, со цел зајакнување на превентивните ефекти на казната. Тоа се првенствено *мерки на безбедност* чија цел е да ги елиминираат околностите кои овозможуваат или поттикнуваат извршување на ново казнено дело, а кои сочинуваат посебна група на санкции.

Во овој дел од трудот само ќе ги наброиме мерките на безбедност во хрватското казнено законодавство, согласно член 65 од Казниот закон. Имено, согласно истиот овој член, *мерки на безбедност* се: *задолжително психијатриско лекување*, *задолжително лекување од зависности*, *задолжителен психосоцијален третман*, *забрана за вршење одредени должности или дејности*, *забрана за управување со моторно возило*, *забрана за приближување*, *отстранување од заедничкото домаќинство*, *забрана за пристап до интернет* и *заштитен надзор по целосно извршување на казната затвор*.

Целта на мерките на безбедност, согласно член 66 од Казниот закон, е да се отстранат околностите кои овозможуваат или поттикнуваат извршување на ново казнено дело.

6.3. Статистички податоци за структурата на изречени осуди спрема полнолетни сторители на казнени дела во периодот од 2021 до 2023 година во Република Хрватска

Со употреба на статистичкиот метод, се добија податоци дека во временскиот период од 2021 до 2023 година, судовите во Република Хрватска изрекле вкупно 35.895 осуди. Од нив, 5.883 се безусловна казна затвор, 206 се безусловна парична казна, 29.112 се условна казна затвор, 394 се условна парична казна, а 300 се останати санкции.

Во продолжение на докторската дисертација е претставен табеларен приказ на структурата на изречени осуди спрема полнолетни сторители на казнени дела во Република Хрватска, во периодот од 2021 до 2023 година.

Табела 7. Структура на изречени осуди спрема полнолетни сторители на казнени дела во периодот од 2021 до 2023 година во Република Хрватска

Година	2021	2022	2023
Осуди - вкупно	12.286	12.355	11.254
Затвор – безусловна	2.047	2.096	1.740
Парична казна - безусловна	96	62	48
Условна казна затвор	9.893	9.980	9.239
Условна парична казна	145	115	134
Останати санкции	105	102	93

Извор: Државен завод за статистика на Република Хрватска[583]

Од анализата на статистичките податоци можеме да констатираме дека најчесто изрекувана била условната казна затвор која учествува со 81% од вкупниот број на осуди, потоа следува безусловната казна затвор со 16% од вкупниот број на осуди, условната парична казна со 1% од вкупниот број на осуди, безусловната парична казна со 0.57% од вкупниот број на осуди, додека останатите санкции учествуваат со 0.83% од вкупниот број на осуди изречени во наведениот временски период.

Во овој дел од докторскиот труд можеме да сумираме дека *правосудството во Република Хрватска го препознава значењето на алтернативните санкции*, особено на доминантната примена на условната осуда со одмерена казна затвор. Воедно, можеме да констатираме дека *реформите во хрватското казнено законодавство се во насока кон похуман и порехабилитативен пристап во рамките на правосудниот систем*, притоа намалувајќи го честото изрекување на краткотрајни казни затвор.

[583] Statističke informacije 2024. (2024). Zagreb: Državni zavod za statistiku Republike Hrvatske.

7. АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО СРПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Српскиот законодавец предвидува алтернативни санкции и мерки кои ги сугерираат релевантни меѓународни документи. Со општите прописи се овозможува нивна прилично широка примена во случаите на полесни кривични дела (гледано според запретената казна), па во тој контекст тие можат да се гледаат како алтернатива на краткотрајните затворски казни. Притоа, законодавецот, сосема со право, не ја врзува примената на алтернативни санкции и мерки за одредени кривични дела. Со предвидување на општите услови за примена на анализираните алтернативни санкции и мерки, воспоставен е правен основ за нивна примена без дискриминација по кој било основ. Исто така, со поблиску уредување на начинот на извршување на алтернативните санкции и мерки, законодавецот во позитивните прописи ги вградил основните принципи и стандарди за примена на санкциите кои се извршуваат под покровителство на заедницата, а кои се предвидени со релевантни меѓународни и европски документи.[584]

Деновиве целите на санкциите во голема мера можат да се постигнат во услови кои се помалку рестриктивни од затворот. Концептот на санкции се применува под покровителство на заедницата и има стремеж кон превентивна, а не ретрибутивна компонента на казнувањето, бидејќи затворот има повеќе негативни отколку позитивни ефекти врз сторителот, неговото семејство и целата заедница. Затворот влијае на општата превенција - да се предупредат потенцијалните сторители дека доколку сторат кривично дело ќе завршат во затвор и дека степенот на корекција на однесувањето на затворениците за време на издржување на затворската казна, нивното подобрување и нивната ресоцијализација даваат многу ниски резултати.[585]

Токму поради тоа, се јавила потребата да се изнајдат алтернативи на казната затвор, со цел да се избегнат овие негативни аспекти на затворот, особено кратките казни затвор до една година, бидејќи искуството покажало дека истите причинуваат повеќе штета отколку корист. Воведувањето на алтернативните санкции во кривичниот

[584] Ćopić, S. (2018). Alternativne krivične sankcije i mere za punoletne učinioce krivičnih dela u Srbiji, u: S. Bejatović (ur.) Organizacija pravosuđa i efikasnosti sudske zaštite (Evropski standardi i stanje u Srbiji) – Krivičnopravni aspekt, Beograd: Srpsko udruženje za krivičnopravnu teoriju i praksu i INTERMEX-Beograd, str. 211-230.

[585] Стевановић, З.; Играчки, Ј. (2013). Систем пробације у Европи-искуства која треба користити, у: Стојановић, З. (ур.) *Нова решења у казненом законодавству Србије и њихова практична примена*, Златибор,

систем на Србија е извршено во согласност со современите европски трендови во областа на казнената политика и потребата од воспоставување на заеднички принципи во казнената политика помеѓу државите членки на Советот на ЕУ. Алтернативните санкции имаат за цел да обезбедат соодветен социјален одговор на криминалот, пред сè, да овозможат индивидуализирање на самата казна.

Со *Кривичниот законик* од 2005 година, предвидени се како алтернативни санкции, според критериумите кои се применуваат во земјите во кои постојат развиени пробациски служби, мерка на предупредување - *условна осуда со заштитен надзор*, која постоела во кривично-правниот систем и како нова казна - *работа во јавен интерес*. Ефективната примена на алтернативните санкции во судската практика бара соодветни организациски предуслови за нивно извршување. Во Република Србија не постоела соодветна служба која би била задолжена за извршување на условната осуда со заштитен надзор. Токму поради тоа оваа санкција не е изрекувана во поголема мера во судската практика. Извршувањето на условната осуда со заштитен надзор било доверено на органот за старателство, кој поради организациски, кадровски и материјални проблеми не можел да одговори на оваа задача.

Иако законодавецот имал лошо искуство со примената на условната осуда со заштитен надзор, оваа кривична санкција е задржана во српскиот казнено-правен систем и пропишана е нова алтернативна санкција - казна работа во јавен интерес, со оглед на тоа што во други земји овие санкции се покажале како многу успешни во однос на одредени категории сторители на кривични дела.[586]

Согласно член 43 од Кривичниот законик на Република Србија[587], на сторител на кривично дело може да му се изречат следниве казни:

1. *доживотен затвор*;
2. *казна затвор*;
3. *парична казна*;
4. *работа во јавен интерес*;

Београд: Српско удружење за кривичноправну теорију и праксу. Редовно годишње саветовање, стр. 524-534.

[586] Види: Garić, D.; Stepanović, A. (2018). Alternativne krivične sankcije (stanje u Srbiji i mere unapređenja praktične primene), во: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 229-240.

[587] Кривични законик („Службени гласник Републике Србије“, бр. 85 од 6. октобра 2005, 88 од 14. октобра 2005 - исправка, 107 од 2. децембра 2005 - исправка, 72 од 3. септембра 2009, 111 од 29. децембра 2009, 121 од 24. децембра 2012, 104 од 27. новембра 2013, 108 од 10. октобра 2014, 94 од 24. новембра 2016, 35 од 21. маја 2019.).

5. *одземање на возачка дозвола*.[588]

Во член 44 од Кривичниот законик на Република Србија се предвидени ***главни и споредни казни***. Доживотен затвор и казна затвор можат да се изречат само како главни казни.[589] Парична казна, работа во јавен интерес[590] и одземање на возачка дозвола може да се изречат и како главна и како споредна казна. Ако за едно кривично дело се пропишани повеќе казни, само една може да се изрече како главна казна.

Во овој дел од докторската дисертација ќе бидат анализирани правната основа за примена на алтернативни санкции и мерки во однос на полнолетни сторители на кривични дела, и тоа: работа во јавен интерес (општокорисна работа); условна осуда; условна осуда со заштитен надзор и извршување на казна затвор во просториите во кои живее осуденото лице, со или без електронски надзор.

1) Работата во јавен интерес (општокорисна работа)

Работата во јавен интерес (***општокорисна работа***) се заснова на „комбинација на целите на казнување, рехабилитација и репарација на причинетата штета“.[591]

Работата во јавен интерес е регулирана со одредбите од член 52 од Кривичниот законик на Република Србија. Имено, согласно став 1 од истиот член, работата во јавен интерес може да се изрече за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до три години или парична казна. Во ставот 2 од истиот член, законодавецот под работата во јавен интерес ја подразбира секоја општествено корисна работа која не го навредува човечкото достоинство и која не се извршува со цел остварување на добивка. Согласно ставот 3 од истиот член, работата во јавен интерес не може да биде пократка од шеесет часа, ниту подолга од триста и шеесет часа. Работата во јавен интерес трае шеесет часа во текот на еден месец и се определува да биде извршена за време кое не може да биде пократко од еден месец, ниту подолго од шест месеци. При изрекувањето на оваа казна, судот, имајќи ја предвид целта на казната, ќе го земе предвид видот на стореното кривично дело, личноста на сторителот, како и неговата подготвеност да извршува работа во јавен интерес. Работа во јавен интерес не може да се изрече без согласност на

[588] „Службени гласник Републике Србије“, број 35/2019.
[589] „Службени гласник Републике Србије“, број 35/2019.
[590] „Службени гласник Републике Србије“, број 72/2009.
[591] Mrvić-Petrović, N.; Obradović, M.; Novaković, N. (2005). Alternativne krivične sankcije (studija o prihvatljivim modalitetima izvršenja), u: *Alternative zatvorskim kaznama*. Beograd: Fond za otvoreno društvo, str. 35-83.

сторителот. Доколку осуденото лице не изврши дел или сите часови од изречената работа во јавен интерес, судот оваа казна ќе ја замени со казна затвор така што за секои започнати осум часови работа во јавен интерес ќе одреди еден ден затвор. Доколку сторителот ги исполни сите свои обврски поврзани со работата во јавен интерес, судот може да ја намали должината на работата во јавен интерес за една четвртина.

Глава петта од Кривичниот законик на Република Србија се однесува на ***мерките за предупредување***. Согласно член 64 од Кривичниот законик, мерки за предупредување се: условна осуда и судска опомена. Во рамките на општата цел на кривичните санкции (член 4 став 2), целта на условната осуда и судската опомена е спрема сторител на полесно кривично дело да не се примени казна кога може да се очекува дека предупредување со закана од казна (*условна осуда*) или само предупредување (*судска опомена*) доволно влијае на сторителот повеќе да не врши кривични дела.

2) Условна осуда

Условната осуда е пропишана во член 65 од Кривичниот законик на Република Србија. Со условна осуда судот ја утврдува казната на сторителот на кривичното дело и истовремено утврдува дека таа нема да се изврши, ако осудениот за времето кое ќе го одреди судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години (време за проверување), не стори ново кривично дело.

Судот може со условна осуда да определи дека казната ќе се изврши и ако осудениот во одредениот рок не ја врати имотната корист прибавена со извршување на кривичното дело, не ја надомести штетата која ја предизвикал со кривичното дело или не ги исполни другите обврски предвидени во казнено-правните одредби во определен рок. Рокот за исполнување на тие обврски го определува судот во рамките на одредено време за проверување.

Мерките на безбедност, изречени со условната осуда, се извршуваат.

Во член 66 од Кривичниот законик се пропишани *условите за изрекување на условна осуда*. Условна осуда може да се изрече кога на сторителот му е утврдена казна затвор во траење помалку од две години. За кривични дела за кои може да се изрече казна затвор во траење од осум години или потешка казна не може да се изрече условна осуда.

Условна осуда не може да се изрече ако не поминале повеќе од пет години од правосилноста на пресудата со која на сторителот му е изречена казна затвор или условна осуда за умислено кривично дело.

При одлучувањето дали ќе изрече условна осуда, судот, водејќи сметка за целта на условната осуда, посебно ќе ја земе предвид личноста на сторителот, неговиот претходен живот, неговото однесување после извршеното кривично дело, степенот на вина и други околности под кои е сторено делото.

Ако на сторителот му е утврдена и казна затвор и парична казна, условна осуда може да се изрече само за казната затвор.

Кривичниот законик на Република Србија предвидува и *отповикување на условната осуда* и тоа во три случаи: отповикување на условна осуда поради ново кривично дело (член 67); отповикување на условна осуда поради порано сторено кривично дело (член 68) и отповикување на условна осуда поради неисполнување на одредени обврски (член 69).

Во член 67 од Кривичниот законик е пропишано *отповикување на условна осуда поради ново кривично дело.* Судот ќе ја отповика условната осуда ако осуденият за времето на проверување стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор од две години или подолго.

Ако осуденият за времето на проверување стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор помала од две години или парична казна, судот, по оцена на сите околности кои се однесуваат на стореното кривично дело и сторителот, а особено сродноста на извршените кривични дела, нивното значење и побудите од кои се извршени, ќе одлучи дали ќе ја отповика условната осуда. Притоа, судот е обврзан со забраната за изрекување условна осуда, доколку на сторителот за кривичните дела утврдени во условната осуда и за нови кривични дела треба да му се изрече казна затвор од две години или подолго (член 66 став 1).

Ако ја отповика условната осуда, судот, со примена на одредбите од член 60 од Кривичниот законик, ќе изрече единствена казна затвор и за претходно стореното и за новото кривично дело, земајќи ја казната од отповиканата условна осуда како утврдена.

Ако не ја отповика условната осуда, судот може за новото извршено кривично дело да изрече условна осуда или казна. Осуденият на кој за ново кривично дело ќе му биде изречена казна затвор, времето поминато на издржување на оваа казна не се вклучува во времето за проверување утврдено со условната осуда за претходното дело.

Ако судот утврди дека и за новото кривично дело треба да се изрече условна осуда, со примена на одредбите од членот 60 од Кривичниот законик, ќе утврди единствена казна и за претходно стореното и за новото кривично дело и ќе определи ново време за проверување кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на новата пресуда. Доколку осуденият во текот на новото време за проверување повторно стори кривично дело, судот ќе ја отповика условната осуда и ќе му изрече казна затвор, применувајќи ги одредбите од ставот 3 на член 67 од Кривичниот законик.

Во член 68 од Кривичниот законик е пропишано *отповикување на условна осуда поради порано сторено кривично дело.* Судот ќе ја отповика условната осуда доколку после нејзиното изрекување утврди дека осуденият извршил кривично дело пред да му биде изречена условна осуда и ако оцени дека не би постоел основ за изрекување условна осуда доколку се знаело за тоа дело. Во тој случај ќе се применуваат одредбите од член 67 став 3 од Кривичниот законик.

Доколку судот не ја отповика условната осуда ќе ги примени одредбите од член 67 став 4 од Кривичниот законик.

Во член 69 од Кривичниот законик е пропишано *отповикување на условна осуда поради неисполнување на одредени обврски*. Ако со условната осуда на осуденото лице му е одредено исполнување на некои обврски од член 65 став 2 од Кривичниот законик, а тој таа обврска не ја исполни во рокот определен во пресудата, судот може во времето за проверување да го продолжи рокот за исполнување на обврската или може да ја отповика условната осуда и да ја изрече казната што е утврдена во условната осуда. Ако утврди дека осуденото лице, од оправдани причини, не може да ја исполни поставената обврска, судот ќе го ослободи од исполнувањето на таа обврска или ќе ја замени со друга соодветна обврска предвидена со закон.

Во член 70 од Кривичниот законик се определени *роковите за отповикување на условна осуда*. Условна осуда може да се отповика во текот на времето за проверување. Ако осуденият во тоа време стори кривично дело кое повлекува отповикување на условната осуда, а тоа е утврдено со пресудата дури после истекот на времето за проверување, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот кога поминало времето за проверување.

Ако осуденият во определен рок не исполни некоја обврска од член 65 став 2 од Кривичниот законик, судот може најдоцна во рок од една година од денот на истекувањето на времето за проверување, да определи да се изврши утврдената казна во условната осуда.

Ако после изрекувањето на условната осуда се утврди дека осуденият сторил кривично дело пред да му биде изречена условната осуда, поради што не би постоел основ за изрекување на условна осуда, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот кога поминало времето за проверување.

3) Условна осуда со заштитен надзор

Условната осуда со заштитен надзор е пропишана во член 71 од Кривичниот законик на Република Србија. Имено, согласно член 71 од Кривичниот законик, судот може да определи сторителот кому му е изречена условна осуда да се стави под заштитен надзор за одредено време во текот на времето за проверување. Заштитниот надзор опфаќа мерки на помош, грижа, надзор и заштита предвидени со закон. Ако за време на траењето на заштитниот надзор судот утврди дека е исполнета целта на оваа мерка, може да го укине заштитниот надзор пред истекот на определеното време. Ако осуденият кому му е изречен заштитен надзор не ги исполнува обврските кои му ги определил судот, судот може да го опомене или може да ги замени претходните обврски со други или да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето за проверување или да ја отповика условната осуда.

Во член 72 од Кривичниот законик се пропишани *условите за определување на заштитен надзор*. При изрекувањето на условната осуда, судот може да нареди сторителот да се стави под заштитен надзор, ако имајќи ја предвид неговата личност, неговиот претходен живот, неговото однесување после извршувањето на кривичното дело, а особено неговиот однос спрема жртвата на кривичното дело и околностите на извршувањето на кривично дело, може да се очекува дека заштитниот надзор поцелосно ќе ја постигне целта на условната осуда. Заштитен надзор одредува судот во пресудата со која изрекува условна осуда и ги определува мерките на заштитен надзор, нивното времетраење и начинот на нивното исполнување.

Содржината на заштитниот надзор е пропишана во член 73 од Кривичниот законик. Имено, заштитниот надзор може да вклучува една или повеќе од следниве обврски:

1) јавување на органот надлежен за извршување на заштитен надзор во роковите кои ќе ги определи тој орган;
2) оспособување на сторителот за одредена професија;
3) прифаќање на вработување што одговара на способностите на сторителот;
4) исполнување на обврските за издржување на семејството, чување и воспитување деца и други семејни обврски;
5) воздржување од посетување на одредени места, локали или приредби, доколку тоа може да биде можност или поттик за повторно извршување на кривични дела;
6) навремено известување за промена на живеалиште, адреса или работно место;
7) воздржување од употреба на дрога или алкохолни пијалаци;
8) лекување во соодветна здравствена установа;
9) посетување на одредени професионални и други советувалишта или установи и постапување според нивните упатства;
10) отстранување или ублажување на штетата предизвикана со кривично дело, а особено спогодување со жртвата на стореното кривично дело.

Во член 74 од Кривичниот законик е пропишан изборот на мерките за заштитен надзор. Имено, при изборот на обврските од членот 73 од Кривичниот законик и определувањето на нивното времетраење, судот особено ќе ги земе предвид годините на животот на сторителот, неговата здравствена состојба, склоностите и навиките, мотивите од кои го сторил кривичното дело, однесувањето после извршувањето на кривичното дело, претходниот живот, личните и семејните прилики, условите за исполнување на наложените обврски, како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот, а кои се важни за изборот на мерките за заштитен надзор и нивното времетраење.

Траењето на заштитниот надзор е пропишано со член 75 од Кривичниот законик. Имено, времето на траење на мерките на заштитен надзор се определува во рамките на времето за проверување утврдено во условната осуда. Заштитниот надзор престанува со отповикување на условната осуда. Во текот на траењето на заштитниот надзор, судот може со оглед на постигнатите резултати, да укине одредени обврски или да ги замени со други. Ако за време на траењето на заштитниот надзор судот утврди дека е исполнета целта на оваа мерка, може да го укине заштитниот надзор и пред истекот на определеното време.

Во член 76 од Кривичниот законик се пропишани *последици од неисполнувањето на обврските од заштитниот надзор*. Имено, согласно овој член, ако осуденото лице кому му е изречен заштитен надзор не ги исполнува обврските кои му се утврдени од судот, судот може да го опомене или да ги замени претходните обврски со други или да го продолжи времетраењето на заштитниот надзор во рамките на времето за проверување или да ја отповика условната осуда.

4) Извршување на казна затвор во просториите во кои живее осуденото лице, со или без електронски надзор

Со *Законот за извршување на кривичните санкции*[592], кој се применувал од 1 јануари 2006 година, се уредува извршувањето на казната работа во јавен интерес и условна осуда со заштитен надзор. Со *Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2009 година*[593], воведена е можност лицето кое е осудено на казна затвор до една година, судот да одреди дека оваа санкција ќе се изврши на тој начин што осуденото лице не смее да ја напушта просторијата во која живее, освен во случаи пропишани со законот со кој се уредува извршувањето на кривичните санкции. Од ова произлегува дека куќниот затвор не е пропишан како посебна санкција, туку како начин на извршување на казната затвор. Пропишани се и причините поради кои судот ќе утврди дека осудениот остатокот од казната ќе го издржува во установа за извршување на кривични санкции (доколку осудениот еднаш во траење до дванаесет часа или два пати во траење до шест часа самоволно ја напушти просторијата во која престојува).

Со *измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2012 година*[594], одредбата од член 45 став 5 дополнета е со критериуми кои судот треба да ги земе предвид при определувањето на извршувањето на казната затвор во просториите каде што живее осуденото лице, а тоа се: личноста на сторителот, претходниот начин на живот, однесувањето после извршеното кривично дело, степен на вина и други околности под кои е сторено кривичното дело, а врз основа на кои може да се очекува дека на тој начин ќе се постигне целта на казнувањето.

---

[592] Види: Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 85 од 6. октобра 2005. године).
[593] Види: Закон о изменама и допунама Кривичног законика („Службени гласник Републике Србије“, бр. 72 од 3. септембра 2009. године).
[594] Види: Закон о изменама и допунама Кривичног законика („Службени гласник Републике Србије“, бр. 121 од 24. децембра 2012. године).

Измените на Кривичниот законик ги следеле *измените и дополнувањата на Законот за извршување на кривичните санкции од 2009*[595] *и 2011 година*[596], со кои е регулирано извршувањето на казната затвор без напуштање на просторијата во која живее осуденото лице, со и без примена на електронски надзор. Со измените и дополнувањата на Законот за извршување на кривичните санкции од 2011 година[597] детално е утврден начинот на извршување на казната затвор до една година во просториите во кои живее осуденото лице, што судот може да го одреди врз основа на член 45 став 5 од Кривичниот законик, но воведена е и можност за донесување одлука од страна на претседателот на судот за промена на начинот на извршување на казната затвор до една година, после правосилноста на пресудата или во текот на извршувањето на казната затвор на предлогот на осуденото лице, директорот на Управата или јавниот обвинител. Овие модификации на казната затвор не се преземени во новиот Закон за извршување на кривични санкции од 2014 година[598].

Извршувањето на санкциите, изречени како алтернатива на казната затвор во Србија, го врши ***Служба за пробација*** (доверителска служба), која работи во рамките на Одделението за третман и алтернативни санкции при Управата за извршување на институционални санкции на Министерството за правда. Првата канцеларија беше отворена во Белград на 14 ноември 2008 година, а по првичната наредните канцеларии беа отворени во: Нови Сад, Суботица, Сомбор, Ваљево, Ниш, Крагуевац и Лесковац.[599]

Формирањето на Службата за пробација обезбеди организациски услови за професионално и доследно спроведување на алтернативните санкции. Постапувањето на повереницте е детално уредено со Правилникот за заштитен надзор и казни за работа во јавен интерес. Обемот на овластувањата обезбедува воспоставување и одржување контакти со осудениот, почитувајќи го принципот чија суштина е ограничување на правата на осудениот само до степен што е неопходен за постигнување на целта на казната. Соработува со надлежниот суд, органот за внатрешни работи, работодавачот и други институции и има право да бара податоци и

[595] Закон о изменама и допунама Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 72 од 03. маја 2009. године).
[596] Закон о изменама и допунама Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 31 од 09. маја 2011. године).
[597] Ibid.
[598] Види: Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 55/2014).
[599] Igrački, J. i Brašovan Delić, M. (2022). Alternative criminal sanctions in the Republic of Serbia, во: *Security Horizons*, Vol. III, No. 7, pp. 65-76. Conference Proceedings from International Scientific Conference “45 YEARS HIGHER EDUCATION IN THE AREA OF SECURITY – EDUCATIONAL CHALLENGES AND

да врши увид во службената евиденција и други документи релевантни за извршување на условната осуда. Постои обврска по извршувањето на казната да го достави досието на казната до Одделението за третман и алтернативни санкции, кое го доставува до судот.[600]

Значајно е да напоменеме дека, покрај кривичните санкции (затвор, парични казни, казни за работа во јавен интерес, одземање на возачка дозвола), кои имаат свое место во посебни членови од Кривичниот законик на Република Србија, па дури и во посебни поглавја кои се однесуваат на мерките за предупредување, законодавецот во оваа држава не предвидел ***куќен затвор*** како посебна казна.

Според некои автори[601] постои објаснување дека тоа е направено не поради убедување дека оваа казна не се разликува значително од казната затвор, туку поради законодавната техника. Објаснувањето е дека за да не се интервенира со бројни одредби во текстот на Кривичниот законик, имајќи предвид дека во голем број поединечни одредби, покрај затворот, би подразбирал и куќен затвор, бил направен обид да се избегне овој проблем.

За српскиот правосуден систем, за жал, не можеме да кажеме дека тој применува алтернативни санкции исклучиво за замена на кратките казни затвор, како што покажува бројот на тековни лица кои во претходните години издржале казна затвор до една година. Практиката на судските органи на Република Србија е крајно ретрибутивна, бидејќи се заснова на изрекување на кратки казни затвор (до една година 67% и 82% до две години), наспроти алтернативните санкции кои се посоодветни за постигнување на специјална превенција.[602]

Заради добивање на поцелосна слика за примената на кривичните санкции во Република Србија, во продолжение на трудот се прикажани статистички податоци за бројот на осудени полнолетни лица и видот на кривичните санкции, во временскиот период од 2013 до 2022 година.

SECURITY PERSPECTIVES", Skopje: University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Faculty of Security - Skopje.

[600] Ibid.

[601] Подетално за ова, види кај: Стојановић, З. (2018). Коментар Кривичног законика. Београд: ЈП „Службени гласник", стр. 237.

[602] Igrački, J.; Brašovan Delić, M. (2022). Alternative criminal sanctions in the Republic of Serbia, in: *Security Horizons*, Vol. III, No. 7, pp. 65-76. Conference Proceedings from International Scientific Conference "45 YEARS HIGHER EDUCATION IN THE AREA OF SECURITY – EDUCATIONAL CHALLENGES AND SECURITY PERSPECTIVES", Skopje: University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Faculty of Security - Skopje.

Табела 8. Осудени полнолетни лица спрема изречените кривични санкции, во периодот од 2013 до 2022 година во Република Србија

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**
Вкупно	32241	35376	33189	32525	31759	29750	28112	25487	27508	26200
Затвор	11204	13026	8820	9419	8220	7408	6772	6150	6368	7212
Доживотен затвор	-	-	-	-	-	-	-	-	2	1
Од 40 години	1	2	4	5	2	3	4	0	2	-
Од 30 до 40 години	9	11	13	9	11	7	4	8	6	1
Преку 15–20 години	14	23	3	22	18	12	13	14	14	9
10–15 години	48	59	34	49	38	29	36	50	35	41
5–10 години	260	191	171	191	156	125	150	138	198	214
3–5 години	665	677	550	707	628	616	589	480	592	653
2–3 години	993	947	875	930	770	753	798	631	628	646
1 до 2 години	1536	1631	1438	1520	1448	1256	1293	1137	1159	1289
Преку 6 до 12 месеци	2728	3184	2422	2424	2199	1860	1664	1562	1618	1791
3–6 месеци	3003	3772	2116	2269	2000	1835	1498	1481	1456	1719
2–3 месеци	1355	1899	864	965	757	687	586	511	483	685
1–2 месеци	592	630	330	328	193	225	137	138	175	163
Парична казна	3141	3119	2722	2581	2731	2628	2581	2683	3432	3727
Условна осуда - затвор	17152	18307	19290	17541	17948	16880	16093	14179	14488	11913
Во куќен затвор	-	-	1134	1858	2122	2205	2092	2113	2757	2934
Судска опомена	190	341	694	676	302	252	250	136	157	135
Воспитни мерки	96	91	68	47	38	56	49	46	68	57
Прогласен виновен, а ослободен од казна	101	103	102	72	46	46	62	53	76	53
Работа во јавен интерес	348	371	353	329	348	275	209	123	159	167
Одземање на возачка дозвола	9	18	6	2	4	-	4	4	3	2

Извор: Републички Завод за статистика на Република Србија[603]

[603] Види: Билтен - Пунолетни учиниоци кривичних дела у Републици Србији, 2022, бр. 702. (2023). Београд: Републички завод за статистику. Достапно на: https://publikacije.stat.gov.rs/G2023/Pdf/G20235702.pdf

Праксата покажа потреба од донесување на попрецизни одредби кои подобро ќе го регулираат спроведувањето на алтернативните санкции, со цел нивното извршување да биде поефикасно, пошироко применливо и во целост да се изразат сите предности на овој вид казнување. Поширокатa примена на алтернативните санкции дава бројни позитивни ефекти во однос на сторителите на полесни кривични дела.[604]

За таа цел, во 2014 година беше донесен посебен *Закон за извршување на вонзаводски санкции и мерки*[605], со кој одредени задачи на извршувањето пробација, кои ги опфаќаат следниве области на работа: следење на исполнувањето на обврските спрема одлуката на јавниот обвинител, кога во однос на осомничениот кривичното гонење се одлага, како и кога таквите обврски се спроведуваат во врска со склучениот договор за признавање на кривичното дело; следење на извршувањето на мерката забрана за напуштање на станот, со или без електронски надзор и мерката забрана за приближување, средба или комуникација со одредено лице; организација, спроведување и следење на извршувањето на казната работа во јавен интерес и заштитен надзор во случај на условна осуда; организација, спроведување и следење на извршувањето на казната затвор во просториите во кои живее осудениот; поблиску се регулирани и постапките во постпенален прием, како и пружањето помош на лице по издржување на казната затвор, што ќе ја олесни реинтеграцијата на осудените во социјалната средина и ќе го намали ризикот од повторно извршување на кривично дело. Попрецизно се уредени одредбите за надзор над извршувањето на обврските утврдени со условниот отпуст, со цел условниот отпуст на осудените лица во целост да ја исполни својата цел, односно да придонесе на правилен начин за ефективна реинтеграција на осудените лица. Ефектот на условниот отпуст со надзор од страна на Службата за пробација сè уште не е постигнат, со оглед на многу малиот број на одлуки од овој тип. Со овој закон се уредуваат и начините на реализација на посебни мерки за спречување на извршување на кривични дела против полова слобода спрема малолетни лица.[606]

---

[604] Garić, D.; Stepanović, A. (2018). Alternativne krivične sankcije (stanje u Srbiji i mere unapređenja praktične primene), во: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 229-240.

[605] Закон о извршењу ванзаводских санкција и мера („Службени гласник Републике Србије“, бр. 55 од 23. маја 2014. године).

[606] Види и: Garić, D.; Stepanović, A. (2018). Alternativne krivične sankcije (stanje u Srbiji i mere unapređenja praktične primene), во: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S.; Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 229-240.

Примената на алтернативните санкции во Србија заживеа и бројот на изречени вонзаводски санкции и мерки од година во година се зголемува. Евидентна е диспропорција во застапеноста на одредени видови санкции, во однос на казната „куќен затвор“, другите видови санкции се многу помалку застапени. Особено е забележлива недоволната застапеност на условната осуда со заштитен надзор, а оваа санкција овозможува најголемо влијание врз сторителот, во смисла на потрајна корекција на однесувањето, промена на животните ставови и целокупното социјално функционирање. Преку оваа санкција, покрај контрола, се обезбедува и поддршка и совет на сторителот, но и на членовите на неговото семејство, односно нему блиски и влијателни авторитети од опкружувањето, што влијае на трајноста на постигнатите позитивни промени во однесувањето. Исто така, институтот условен отпуст со надзор не се користи во доволна мера, а законските одредби овозможуваат на осуденият да му се услови дел од затворската казна, да му се одредат потребните третмански мерки, чие исполнување во социјалната средина на сторителот го контролира службеник за пробација, што дава трајност и стабилност во воспоставените позитивни промени во однесувањето на секоја личност. Исто така, службеникот за пробација има можност преку советодавна работа да ги коригира ставовите на членовите на семејството, кои неретко се директна причина за девијантното однесување на сторителот на кривичното дело.[607]

Споредбените правни решенија укажуваат дека е важно да постои можност и по правосилноста на пресудата да се делува на изречената казна затвор, токму со промена на начинот на нејзиното извршување - куќен затвор за казна затвор до една или две години, како и со воведување на различни режими на полуслобода. Управата за извршување на кривични санкции, како дел од подготовката на планот за проширување на надлежноста на судијата за извршување, која како активност е предвидена во Акцискиот план за Поглавје 23, предложи да се измени и дополни Законот за извршување на кривични санкции и Законот за извршување на вонзаводските санкции и мерки за пропишување на можност за модификација на казната затвор по правосилноста на пресудата. Новостите се однесуваат на можноста да се донесе одлука за замена на изречената казна затвор во траење до една година, забрана за напуштање на просторијата во која осуденият живее (куќен затвор) и донесување одлука дека осуденото лице кое е сместено во полуотворено или отворено одделение на установата

[607] Ibid.

може да биде испратено на работа надвор од институцијата кај работодавач со полно работно време, а во преостанатото време да се наоѓа во установата, што ќе придонесе за ефикасно остварување на програмата за постапување и полесна интеграција во општеството по издржување на казната, како во иднина не би вршел кривични дела. За донесување на наведените одлуки предложена е надлежност на судијата за извршување на кривични санкции, како специјализиран судија за оваа област, кој е воведен во српскиот правен систем со Законот за извршување на кривичните санкции од 2014 година и неговите надлежности во најголема мера се однесуваат на заштитата на правата на лицата лишени од слобода. Судијата за извршување на санкции е воведен во развиените европски системи со цел од административен надзор да се премине на судска контрола на извршувањето на кривичните санкции, со оглед на тоа што улогата на судот не завршува со изрекувањето на санкцијата, туку и со следењето на нејзиното извршување. Проширувањето на надлежноста на судијата за извршување на санкции и донесувањето на наведените одлуки по правосилноста на пресудата би придонело, од една страна за растеретување на затворските капацитети, а од друга страна за намалување на повратот.[608]

Во овој дел од докторскиот труд можеме да сумираме дека *примената на алтернативните санкции има значајно место во законодавната и казнената рамка на Република Србија, но неопходни се понатамошни перманентни залагања за популаризација и развој на оваа област.*

Воедно, мораме да напоменеме дека Србија се соочи со предизвици во проширувањето на овие санкции поради одредени организациски и финансиски пречки и предизвици, меѓутоа системот сè уште се развива за целосно усогласување со европските стандарди во оваа област. Имено, популаризацијата и подоброто спроведување на алтернативните санкции, како и развојот на пробациската службата неминовно ќе даде резултати во насока на подобро функционирање на целокупниот систем на извршување на казнените санкции, за зголемување на неговата ефикасност, но и ќе влијае на избегнувањето на изрекување на кратки казни затвор од страна на судовите за сторителите на казнени дела од полесен вид.

[608] Ibid.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на претставениот текст на оваа докторска дисертација под наслов: „ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ ВО СУЗБИВАЊЕТО НА ПОЛЕСНИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛИТЕТ“, може да се изнесат следниве сумирани заклучни согледувања:

I.

ПРВАТА ГЛАВА од трудот која носи наслов „СУЗБИВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ“ на самиот почеток дава приказ на историскиот развиток на борбата против криминалитетот и општествената реакција кон истиот, како и казнената политика на државите со цел негово сузбивање. Веднаш потоа следува анализа на научното определување на целта на казнувањето и теориите за целта на казнувањето, а во последната точка од оваа глава е опишана заштитната функција на казненото право низ историска ретроспектива при што е истакнато нејзиното значење.

Во оваа глава од докторскиот труд се констатира дека промените во општеството се појава која е инхерентна за сите времиња во историскиот развој на човештвото, односно појава која е неминовна и која ги погодува сите сегменти од животот на човекот во организирана општествена заедница. Општествените промени се рефлектираат и на полето на криминалитетот, кој, исто така, се менува со појавата на нови облици на криминално однесување и дејствување. Оваа појава бара изнаоѓање на поинаков начин на реагирање и пристап во сузбивањето на криминалитетот, бидејќи традиционалниот начин на реагирање очигледно не се покажа ефикасен во доволна мера. Од неколкуте можни начини на кои државата може да реагира на овој проблем, кога станува збор за полесни облици на казнени дела, како најдобро решение се издвојува оној што овозможува примена на алтернативни санкции и мерки изречени со спроведување на соодветна казнена постапка во поедноставена форма и со исполнување на определени законски нормирани услови.

II.

Во ВТОРАТА ГЛАВА од трудот која носи наслов „ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ“ е прикажана превенцијата на криминалитетот. Најпрво се обработуваат поимот и развојот на сфаќањата за превенцијата на криминалитетот,

започнувајќи од антиката, па до првите декади на XXI век, при што на самиот почеток од оваа глава се истакнува дека превенцијата на криминалитетот претставува комплексен механизам насочен кон отстранување на причините, условите и факторите кои го предизвикуваат криминалот и кон изнаоѓање на соодветни начини и механизми за спречување на нивното настанување во иднина. Воедно, во оваа глава се потенцира дека превенцијата на криминалитетот е основен облик и една од најсериозните активности на полето на спротивставување на криминалитетот. Имајќи предвид дека криминалитетот е сложен општествен феномен на кој може да се влијае предикативно, превентивно и реактивно преку комбинација на проактивни, целно насочени и општествено базирани пристапи, оправдано се поставува прашањето за тоа што може да се преземе за истиот да се превенира и сузбие.

Во наредниот дел од оваа глава се претставени и објаснети основните модели (типологија) на превенцијата на криминалитетот, кои можат да се класифицираат како: примарната, секундарната и терциерната превенција. Примарната превенција се заснова на премисата дека криминалот може да се превенира со намалување на факторите кои поттикнуваат средина погодна за негово настанување. Целта на овој тип превенција е да се создадат услови кои ја намалуваат мотивацијата или потребата за вклучување во криминални активности преку промовирање на позитивен развој и намалување на разликите кои можат да доведат до криминално однесување. Секундарната превенција има за цел да идентификува и интервенира на поединци или групи кои се изложени на поголем ризик да бидат вклучени во каков било облик на криминални активности. Терциерната превенција, пак, се занимава со рехабилитација на сторителите на казнени дела, како и со намалување на рецидивизмот. Дополнително, во овој дел се истакнува дека во литературата од оваа област се среќава и т.н. ситуациска превенција на криминалитетот, која се однесува на намалување на можностите за криминал. Имено, ситуациската превенција на криминалитетот се занимава со намалување на можностите за криминал преку менување на непосредната средина во која криминалитетот е веројатно да се случи. Овој пристап се заснова на теоријата за рационален избор, која сугерира дека криминалците ги мерат потенцијалните ризици и награди пред да извршат казнено дело. Преку зголемување на согледаните ризици и намалување на потенцијалните награди, ситуациската превенција на криминалитетот има за цел да ги одврати криминалните активности.

Во последната точка од оваа глава е анализирана улогата на казнено-правниот систем во превенција на криминалитетот. Казненото право, олицетворено во казнените закони(ци), на посебен начин го одредува функционирањето на системот на казненото правосудство, како специфичен општествен систем, кој има задача да се ангажира во борбата против криминалитетот и во тој процес да оствари ефикасно превентивно влијание на припадниците на општествената заедница во целина. Во тој систем се важни два елементи. Првиот се однесува на одредување инкриминирачки однесувања и пропишување казни и други санкции, како и на нивното изрекување и извршување, додека вториот се однесува на воспоставување на механизми на општествена и правна контрола за спроведување во практиката на казнено-правните норми. Со други зборови, овие два елементи заеднички ја одредуваат содржината на превенцијата во сферата на казнено-правната дејност.

Кон крајот од оваа глава се истакнува дека тежиштето на казнено-правната превенција потребно е да биде ставено на идејата на превоспитување и ресоцијализација на сторителите на полесни казни дела, а не на нивно отстранување од општеството преку изрекување на казни затвор и сместување во затворски установи.

III.

ТРЕТАТА ГЛАВА од трудот која носи наслов „КАЗНА ЗАТВОР (ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА)“ го прикажува историскиот развој на казната затвор (лишување од слобода) од античките цивилизации до современото општество. Имено, во оваа глава е прикажана реформата на системот на казнени санкции, како и местото и улогата на казната затвор во истиот тој систем. Во овој дел од трудот, посветено е внимание и на пеналниот (пунитивниот, казнениот) популизам кој како релативно нов феномен претставува демагошко заживување на застарени и погрешни идеи за општествената корисност, праведност и потребата од заострување на казнените мерки против сторителите на казнени дела.

Во наредната точка од оваа глава детално е анализирана казната затвор во денешно време. Во овој дел се анализира значењето и улогата на казната во системот на казнени санкции, со акцент на казната затвор. Меѓутоа, се истакнува дека казната затвор низ долгата историја на нејзината примена покажала одредени недостатоци поради што е критикувана нејзината ефикасност. Воедно, во овој дел од трудот, должно внимание е посветено на анализата на кратките казни затвор, нивните зачетоци, а изнесени се и аргументи *pro* и *contra* истите.

Во следната точка од оваа глава се изнесени и образложени критички забелешки на казната затвор, преку анализирање на нејзините позитивни и негативни страни. Воедно, во овој дел се разгледуваат кризата на затворот, како и на казната затвор кои стануваат сè поактуелни во денешно време. Кога станува збор за сторители на полесни облици на криминалитет, негативните ефекти од кратките казни затвор можат да ги надминат предностите на оваа санкција, а со тоа казната затвор се покажува како неефикасна и несоодветна. Имено, наместо да ја постигне својата цел, казната затвор може негативно да се одрази на животот и личноста на осуденото лице, па дури и на членовите на неговото семејство, што придонесува да се постигне спротивен ефект. Се разбира, не е во интерес на државата, ниту на самата општествена заедница да се изрече несоодветна казнена санкција на определен сторител на казнено дело, бидејќи истото може да резултира дури и со повторништво (рецидив).

Во последната точка од оваа глава се разгледува иднината на казната затвор. Имајќи ги предвид сите негативни ефекти кои ги носи казната затвор, но и ефектите од престојот во затворска установа, се појавил предизвикот да се пронајде алтернатива на затворот и затворањето. Па така, се појавиле алтернативните санкции кои биле замислени како форма на кривично казнување што се наоѓаат помеѓу целосно затворање на сторител на казнено дело и пробација, при што се сметало дека со нивната примена ќе се превенира и сузбие криминалитетот.

IV.

ЧЕТВРТАТА ГЛАВА од трудот која носи наслов „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ АЛТЕРНАТИВИ НА КАЗНАТА ЗАТВОР“ се однесува на појмовното определување на терминот алтернативи на казната затвор. На почетокот од оваа глава е прикажан историскиот развој на алтернативите на казната затвор, почнувајќи од примитивното општество, па сè до првата деценија од XXI век. Во овој дел од трудот се истакнува дека алтернативите на казната затвор ја олицетворуваат основната идеја врз која е концентрирана современата реформа на системот на санкции: рестриктивна примена на затворот и третман на сторителите надвор од затворот.

Во наредната точка од оваа глава се изнесени многубројни дефиниции и теоретско-правни сфаќања со цел определување на поимот алтернативи на казната затвор. Во овој дел се истакнува дека концептот *алтернативи на казната затвор* различно се интерпретирал во различни временски периоди, што укажува на фактот дека не се работи за статичен концепт, туку за концепт кој остава можност за иновации

и креативност во иднина. Во литературата се среќаваат потесна и поширока дефиниција на поимот алтернативи на казната затвор, во зависност од тоа дали тие се поврзуваат исклучиво за системот на казнени санкции или за функцијата која со примената на мерките на алтернативно казнување се остварува во правосудниот систем. Често под овој поим се подразбираат како поедноставени алтернативни форми на постапување во фазата пред судење, потоа различни видови на вонинституционално санкционирање, како и широк дијапазон на модалитети за извршување на самата казна затвор, преку бројни форми на условен отпуст и престој на осуденото лице на слобода во периодот на изрекување на казната. Всушност, многу често се прави конфузија помеѓу поимите алтернативи на казната затвор и алтернативни кривични санкции, иако првиот термин е многу поширок и во себе ги вклучува, покрај алтернативните кривични санкции, и други мерки и постапки кои на крајот доведуваат до непримена на казната лишување од слобода. Од тие причини преовладува ставот дека самиот поим алтернативни кривични санкции е потесен и треба да се однесува исклучиво на оние замени на казната затвор што се предвидени со казненото законодавство во вид на кривични санкции. Очигледно е дека алтернативните мерки се насочени кон сторителот на казненото дело, бидејќи се верува дека со тоа ќе се зголемат шансите за негово поправање и ресоцијализација, понатаму дека ќе се спречи истиот во иднина да извршува нови казнени дела, како и дека ќе се намали рецидивизмот.

Во следната точка од оваа глава е посветено внимание на терминолошката неусогласеност во казнено-правната наука во врска со поимот алтернативи на казната затвор. Имено, во казнено-правната теорија, како синоними, забележлива е употребата на термините *алтернативни санкции* и *алтернативи на казната затвор*. Употребата на овие термини како синоними, односно т.н. терминолошка неусогласеност, се должи, првенствено, на користењето на различни термини за алтернативите на казната затвор во меѓународните акти од оваа област, како и на преводот на термините застапени во странската (пред сè, англосаксонска) правна литература. Што се однесува на македонското законодавство, значајно е да се напомене дека Кривичниот законик, Законот за извршување на санкциите, како и Законот за пробација го користат поимот *алтернативни мерки*. Со други зборови, во македонското законодавство од оваа област постои усогласеност за користењето на терминот алтернативни мерки.

Во наредната точка од оваа глава се анализираат видовите на алтернативи на казната затвор, при што се истакнува дека за казнените законодавства од особено значење е одредувањето на судските алтернативи, во чии рамки се разликуваат неколку

степени, односно видови алтернативи на затворот. Прв степен на алтернативите на затворот се имотните казни. Втор степен на алтернативите на затворот се санкциите во заедницата. Трет степен на алтернативите на затворот се различните модалитети на казната затвор. Истите во овој дел од трудот се образложени.

Во следната точка од оваа глава се прикажани и образложени целите на алтернативите на казната затвор. Во овој дел се истакнува дека алтернативните мерки имаат за цел да поттикнат чувство на одговорност што го охрабрува сторителот да ја препознае штетата што ја предизвикал со стореното казнено дело. Дополнително, клучната цел на овие мерки е обезбедување на општа сигурност, одвраќање од сторување на казнени дела во иднина, изразување неодобрување за стореното казнено дело, олеснување на рехабилитацијата на сторителите на казнени дела, како и обезбедување реституција на оштетените - жртвите и заедницата за извршеното казнено дело.

Во наредната точка од оваа глава се изнесени и елаборирани забелешки за оправданоста и целите на алтернативите на казната затвор, при што се извлекува заклучок дека независно од забелешките кои им се упатуваат, сепак преовладуваат предностите за имплементација и широката примена на алтернативите на казната затвор кои треба да бидат императив за органите на казнениот прогон што ќе придонесе за надминување на проблемите на казната затвор, а во насока на намалување на стапката на рецидивизам и на стапката на криминалитет воопшто.

Последната точка од оваа глава ги обработува предностите од примената на алтернативите на казната затвор, односно намалувањето на затворската популација, намалувањето на буџетските трошоци, можноста за индивидуализација на казнената санкција, похуманиот и помалку репресивен однос кон осуденото лице, учеството на општествената заедница при извршувањето на алтернативните мерки, како и промоцијата на одговорност кај сторителите на казнени дела. Кон крајот на оваа точка, се истакнува заклучокот дека наведените позитивни страни на алтернативните мерки само ги истакнуваат потенцијалните придобивки од нивна адекватна примена, притоа ја нагласуваат нивната улога во промовирањето на рехабилитацијата, намалувањето на рецидивизмот, а истите овозможуваат и создавање на поправеден и избалансиран систем на казнена правда.

V.

ПЕТТАТА ГЛАВА од трудот носи наслов „АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО“ и во истата детално се обработуваат алтернативните мерки во македонското казнено законодавство. На самиот почеток од оваа глава е даден осврт на воведувањето на алтернативните мерки во македонското казнено законодавство во периодот по осамостојувањето на државата.

Во наредната точка детално и систематизирано се обработуваат алтернативните мерки во македонското казнено законодавство (*de lege lata*), односно се анализираат: условната осуда; условната осуда со заштитен надзор; условното прекинување на кривичната постапка; општокорисната работа; судската опомена и куќниот затвор.

Во следната точка од оваа глава се анализираат проблемите и предизвиците во примената на алтернативите на казната затвор, односно: неефикасноста, несоодветната примена во практиката, проблемите со имплементацијата на алтернативните санкции и сл. Следствено на тоа, во последната точка од оваа глава се изнесени предлози за надминување на проблемите и предизвиците во примената на алтернативите на казната затвор. Овде се истакнува дека овие предлози ги одразуваат напорите за создавање на поправеден, поефикасен и похуман систем на казнена правда, притоа нагласувајќи ги концептите на правда и правичност, соодветно санкционирање на криминалите поведенија, рехабилитацијата, но и ангажманот на општествената заедница во целина. Сметаме дека е потребно да се работи на поширока примена на „реални“ алтернативни санкции, односно работа во јавен интерес и условна осуда со заштитен надзор, кои подразбираат многу поголема вклученост на самото осудено лице, но и на општествената заедница во извршувањето на санкцијата, рехабилитација, реинтеграција и социјалната инклузија на осудено лице, како и можност за поактивно вклучување на жртвата во овој процес и надоместување или поправање на штетата која е настаната со казненото дело, како за жртва, така и за општествената заедница. Исто така, се истакнува дека важно е постојано да се работи на подигање на свеста на општата, но и на стручната јавност за значењето од примената на алтернативните санкции, како би се добила поширока поддршка за нивната примена.

VI.

ШЕСТАТА ГЛАВА од трудот носи наслов „ПРОБАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО“ и ја обработува пробацијата во македонското законодавство. На самиот почеток од оваа глава се дадени воведни напомени за

пробацијата, односно се изнесени различни дефиниции за поимно определување на истата.

Во следната точка од оваа глава е даден осврт врз Европските пробациски правила (Препораката CM/Rec(2010)1 на Комитетот на министри до земјите-членки на Советот на Европа за Европските пробациски правила).

Во наредната точка е даден осврт врз македонскиот пробациски систем од неговите зачетоци до денес. Во оваа точка се обработуваат и дејностите на Секторот за пробација, односно проценка на ризик на обвинет, условна осуда со заштитен надзор, условен отпуст и општокорисна работа. Исто така, во оваа точка се изнесени и статистички податоци за пробацијата во нашата држава. Кон крајот на оваа глава се констатира дека извршувањето на алтернативните мерки е директно условено од воспоставување на системски решенија за нивна адекватна имплементација. Од изнесеното во оваа глава произлегува дека пробацијата е санкција со тенденција за поправање на осуденото лице која истовремено произведува позитивни ефекти и спрема заедницата, бидејќи преку индивидуализирана програма за третман и надзор спрема осуденото лице, а без негово лишување од слобода, се настојува да се надминат проблемите што довеле до криминално однесување, истовремено очекувајќи од него во иднина да не врши казнени дела. Се истакнува дека за постигнување на оптимални позитивни резултати би било најцелисходно пробацијата да се користи како средство за редуцирање на бројот на лицата што се лишени од слобода, па затоа, таа треба да се изрекува како замена за институционалните мерки, а не како замена за изречена парична казна или некоја друга мерка на слобода.

VII.

Во СЕДМАТА ГЛАВА од трудот која носи наслов „АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ“ се анализирани алтернативните санкции и мерки во многубројни меѓународни документи кои се од големо значење за темата на истражување. Имено, бројни меѓународни и европски документи ја поставуваат правната основа за примена на алтернативните на казната затвор. Меѓународните и европските правила кои се однесуваат на алтернативни санкции се јасни дека истите треба да дадат приоритет на рехабилитацијата, социјалната инклузија и реинтеграцијата на осудените лица, да се усогласат со човековите права и да не дискриминираат или стигматизираат во нивната примена. На самиот почеток од оваа глава се дадени воведни напомени за алтернативните на казната

затвор во меѓународните документи. Во оваа глава од трудот се обработени алтернативните на казната затвор во најважните акти на Организацијата на обединетите нации (ООН) кои се однесуваат на оваа тематика, а во наредниот дел се прикажани и анализирани активностите и најважните акти на Советот на Европа (СЕ).

Кон крајот на оваа глава се изнесени и заклучни согледувања во кои се истакнува дека иако наведените документи не се единствени, сепак претставуваат најзначајни меѓународни документи кои се од непроценливо значење и кои и ги поставуваат минималните стандардни начела и водечките принципи за градење ефикасни системи на алтернативно санкционирање.

VIII.

ОСМАТА ГЛАВА од трудот која носи наслов „КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ И МЕРКИ“ опфаќа компаративен преглед на алтернативните санкции и мерки во споредбеното право. На самиот почеток од оваа глава се истакнува дека да се опишат алтернативите на казната затвор во различни национални законодавства, најпрво значи да се разјасни што се подразбира под самиот термин алтернативи на казната затвор и, второ, да се објасни како се претпоставува дека овој опис треба да биде структуриран. Имено, кога зборуваме за алтернативи на затворот, подразбираме одредено ограничување на човековите слободи и права поради обвинение за сторено кривично дело. Дополнително, кога станува збор за санкции, утврдувањето на вината и соодветната ретрибутивна цел на казната не треба да бидат одлучувачки фактори.

Во оваа глава од докторскиот труд се прикажани и анализирани алтернативните санкции и мерки во француското, италијанското, германското, словенечкото, хрватското и српското законодавство. Од направената компаративна анализа на странските правни системи констатиравме дека во француското законодавство постојат неколку алтернативи санкции и тоа: условна осуда; условна осуда со пробација и работа во јавен интерес. Во италијанското законодавство алтернативите на казната затвор, во фазата на извршување, служат за да му се овозможи на осуденото лице, по одреден број години поминати во затвор, да се врати слободен во дел од денот (полуслобода) или дури и за цел ден: или во неговиот дом (домашен притвор) или под надзор на социјалните служби. Одлуката ја донесува судија, различен од судијата што ја изрекол казната, кој е одговорен само за извршувањето на санкцијата. Во германското законодавство постојат неколку алтернативи на казната затвор и тоа:

парични казни (глоби), пробација и надзор од Служба за пробација, општествено корисна работа / затвор за неплаќачи на парична казна, предупредување со одложување на казната, предвремено ослободување и електронски мониторинг. Во словенечкото законодавство се предвидени три облици на алтернативно извршување на казната затвор и тоа: затвор на крајот на неделата (т.н. викенд затвор), куќен затвор и работа за општо добро. Овие санкции се дизајнирани со цел да ја намалат пренатрупаноста на затворскиот систем, како и да обезбедат пофлексибилни казни кои можат подобро да се прилагодат на специфичните околности на конкретен случај и потребата за рехабилитација и реинтеграција на сторителите на казнени дела. Во хрватското законодавство постои одредба чија цел е да се поттикне почеста примена на алтернативни санкции. Согласно хрватскиот Казнен закон, поимот алтернативни санкции ги подразбира сите санкции што можат да се изречат наместо казната затвор. Во тој контекст, алтернативните санкции би можеле да се поделат на алтернативни санкции во потесна и поширока смисла. Во потесна смисла, тоа би биле: општокорисна работа, условна осуда и делумна условна осуда, како модификација на казните и парична казни; а во поширока смисла, покрај горенаведените, тоа би биле и двата начина на извршување на казната затвор - условен отпуст (член 59 од Казнениот закон), куќен затвор (член 44 став 4 од Казнениот закон) и други облици на алтернативи, како што е надзорот над извршувањето на обврските според решението на државниот обвинител кога тој одлучува за казнен прогон според начелото на целисходност. Следствено на тоа, хрватскиот казнено-правен систем ги познава следниве незатворски санкции: парична казна, општокорисна работа, условна осуда и делумна условна осуда. Во српското законодавство на полнолетни сторители на кривични дела можат да им бидат изречени следниве алтернативни санкции и мерки: работа во јавен интерес (општокорисна работа); условна осуда; условна осуда со заштитен надзор и извршување на казна затвор во просториите во кои живее осуденото лице, со или без електронски надзор. Во српското казнено законодавство не е пропишан куќен затвор како посебна казна. Постои објаснување дека тоа е направено не поради убедување дека оваа казна не се разликува значително од казната затвор, туку поради законодавната техника. Објаснувањето е дека за да не се интервенира со бројни одредби во текстот на Кривичниот законик, имајќи предвид дека во голем број поединечни одредби, покрај затворот, би подразбирал и куќен затвор, бил направен обид да се избегне овој проблем. За српскиот правосуден систем, за жал, не можеме да кажеме дека тој применува алтернативни санкции исклучиво за замена на кратките

казни затвор. Практиката на судските органи на Република Србија е крајно ретрибутивна, бидејќи се заснова на изрекување на кратки казни затвор, наспроти алтернативните санкции кои се посоодветни за постигнување на специјална превенција.

* * *

Врз основа на сето погоре изнесено во докторската дисертација и заклучните согледувања од истата, можеме да констатираме дека ***алтернативите на казната затвор претставуваат мерки со кои се отстранува можноста за изрекување на казна затвор со цел избегнување на лошите ефекти од затворот и затворањето, под услов тие мерки да ги изрече надлежен суд и судот да процени дека таквите мерки одговараат на природата и тежината на стореното казнено дело, како и на личноста на сторителот на истото***.

Алтернативите на казната затвор претставуваат суштински дел од современите напори за хуманизирање на казненото право и казнената правда генерално. Нивната поголема употреба при правораздавањето не само што овозможува поголема правичност и ефикасност, туку претставува и инструмент за постигнување на долгорочна безбедност преку ресоцијализација и реинтеграција на сторителите на казнени дела во општеството.

Меѓутоа и покрај позитивните трендови од примената на алтернативните мерки, казната затвор и натаму останува доминантна казна за тешки и насилни форми на казнени дела. Сепак, очекувањата се дека во иднина ќе се интензивира селективната и рационализирана примена на казната затвор, при што алтернативните мерки ќе заземат сè поголем простор, особено во рамките на системите што тежнеат кон ресторативна правда и ресоцијализација наместо исклучиво казнување на сторителите на казнени дела.

Можеме да заклучиме дека пенитенцијарниот систем во нашата земја *de jure* има карактеристики на модерен систем, но *de facto* се соочува со сериозни слабости. Оттука, се јавува потреба од итни реформи на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија. Сепак, за истите се потребни системски решенија, во насока и на менување на судската казнена политика и почесто изрекување на алтернативните мерки за полесни кривични дела, како и поширока употреба на условниот отпуст. Ова ќе придонесе за намалување на затворската пренатрупаност, избегнување на негативното

влијание на институционалните казни, за сметка на позитивните ефекти на вонинституционалните санкции, а сè во насока на ефикасно остварување на процесот на ресоцијализација на осудените лица и во крајна линија намалување на високите стапки на рецидивизам.[609]

Алтернативите на казната затвор имаат за цел да поттикнат чувство на одговорност што го охрабрува сторителот на казненото дело да ја препознае штетата што ја предизвикал со сторувањето на делото. Нивната клучна цел е да обезбедат општа сигурност, одвраќање од сторување на казнени дела во иднина, изразување неодобрување за стореното казнено дело, олеснување на рехабилитацијата на сторителите на казнени дела, како и обезбедување реституција на оштетените, односно жртвите и заедницата за извршеното казнено дело. Несомнено дека со примената на алтернативите на казната затвор се избегнуваат негативните и штетни последици, како што се: стигматизација, депривација и призонизација, наместо рехабилитација на сторителот. Суштината на алтернативите на казната затвор се состои во поправање на сторителот на казненото дело и во отстранување на пречките за негов понатамошен општествено прифатлив и продуктивен начин на однесување во средината во која живее и работи. Во овој контекст потребно е следење на компаративните искуства од примената на алтернативните санкции, со што би се овозможило осудените лица спрема кои се применуваат овие санкции да го задржат работниот однос и со тоа да им се олесни рехабилитацијата. На тој начин и осуденото лице и општествената заедница би имале корист од соодветната и правилна примена на алтернативите на казната затвор.

Од целокупната анализа спроведена за потребите на оваа докторска дисертација можеме да констатираме дека ***со адекватна примена на алтернативите на казната затвор, особено во сузбивањето на полесните облици на криминалитет, би се овозможило намалување на пренатрупаноста на затворите, би се избегнале негативните ефекти на казната затвор, општеството би било побезбедно, а правосудниот систем би бил поефикасен***.

[609] Заклучоци и препораки од стручната работилница на тема „Предизвици во надминување на затворската пренатрупаност - условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна

ПРЕДЛОЗИ И ПРЕПОРАКИ

Современите трендови во казнената политика сè повеќе се насочуваат кон примена на алтернативни санкции и мерки, како поефикасен и похуман одговор на одредени облици на девијантно и криминално однесување. Воглавно придобивките од нивната примена се поврзани со намалување на затворската пренатрупаност, намалување на финансиските трошоци, како и зголемена можност за ефективна ресоцијализација на сторителите на казнени дела.

Реформите во казненото законодавство треба да бидат добро осмислени од страна на креаторите на политиките од причина што се однесуваат на многу реална и чувствителна сфера на општественото живеење. Имено, доколку реформите во казненото законодавство се водат од едноставна причина – реформи заради реформи, без притоа да се имаат предвид општествениот момент во кој живееме, околностите и состојбите кои нè опкружуваат, како и евалуацијата на постојните законски решенија, тогаш ќе добиеме правен поредок сочинет од правни норми кои ќе имаат само форма без содржина.

Во продолжение на докторската дисертација се изнесени серија предлози и препораки кои сметаме дека е неопходно да бидат имплементирани со цел постигнување на темелни и содржајни реформи на целокупното казнено законодавство во нашата држава, а во насока на негова хуманизација и модернизација.

1) РЕФОРМИ ВО МАТЕРИЈАЛНОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

Неспорен е фактот дека казненото законодавство има одлучувачка улога во криминализација (поставување на казнено-правни забрани), декриминализација (бришење на казнено-правни забрани) на одделни поведенија, како и во пенализација (пропишување на казни и други санкции) за одделни деликти. Криминализацијата се согледува во законското дефинирање на конкретни однесувања кои ќе се сметаат за казнени дела согласно казненото законодавство на државата. Со декриминализација на одредени однесувања може директно да се влијае на бројот на деликти за кои може да се изрече соодветна санкција.

ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица“. (2024). Скопје: Македонско пенолошко друштво, стр. 5.

Со стипулирањето на конкретни казни дела за кои може да се изрече алтернативна санкција, наместо казна лишување од слобода, законодавецот во голема мера придонесува за зголемување на употребата на алтернативните санкции во правосудната практика. Сметаме дека е потребно да се размислува за проширување на применливоста на алтернативната мерка општокорисна работа во насока оваа алтернативна мерка да може да се применува и спрема повратниците.

Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025)[610] предвидува измени во Кривичниот законик, со кои ќе биде предвиден подолг период на поддршка и надзор на пробациската служба, за да се намали ризикот од рецидивизам и да се спроведе ефикасна поддршка заради успешна ресоцијализација на осудените лица.

Она што треба да се нагласи во овој дел е дека потребно е да престане практиката на предлагање и/или усвојување на нови законски решенија по итна постапка и без суштинска и широка дебата, како и декриминализација на одделни поведенија со интенција за избегнување казнено-правна одговорност, без претходно одржување на сериозни дебати поткрепени со научни аргументи и согледување на компаративните искуства од поразвиените држави. Неопходно е законодавецот да ги следи најновите меѓународни стандарди во оваа област, со што ќе се придонесе за осовременување на материјалното казнено законодавство.

2) РЕФОРМИ ВО ПРОЦЕСНОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

И Законот за кривична постапка ќе се усогласи и измени за да се поддржи употребата на алтернативните санкции. Алтернативите како општокорисна работа, условите за спроведување на одделни обуки или терапии ќе бидат спроведени во пракса во сите судски и обвинителски постапки, како одлагање на кривичното гонење, скратена постапка, спогодбено завршување на постапката, казнен налог и други. Пример за измени што се потребни во Законот за кривична постапка се одредбите од член 43 и 44. Овие алтернативни постапки треба да се применуваат во случај на дела за кои е пропишана затворска казна до 5 години. Исто така, треба да се појасни дека

[610] Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025). Достапно на: https://uis.gov.mk/zakoni/

пробациската служба врши надзор на барање на обвинителството и го известува за истото.[611]

Измените и усогласувањата на Законот за кривична постапка со Кривичниот законик се дел од резултатите предвидени со Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025), со цел двата закона да се усогласат во делот на употребата на алтернативните санкции и мерки.

3) РЕФОРМИ ВО ИЗВРШНОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во Европската унија (ЕУ), се соочува со бројни предизвици во ефикасното спроведување сериозни реформи во правниот, политичкиот и економскиот систем. Во овој контекст, значаен сегмент е и пенитенцијарниот систем.[612]

Пенитенцијарниот систем во нашава земја *de jure* има карактеристики на модерен систем, но *de facto* се соочува со сериозни слабости.[613]

Сведоци сме и на измените во извршното казнено законодавство, односно на измени и дополнувања во делот на извршување на казнено-правните санкции. Имено, извршувањето на казнените санкции претставува постојан предизвик како од аспект на нивната практичност и очекувани резултати, така и од аспект на поставеноста на пенитенцијарниот и пробацискиот систем во државата.

Анализирајќи ги начелата на извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци, особено начелата на извршувањето на казната затвор, може да се заклучи дека системот на извршување на санкциите, особено пенитенцијарниот систем во нашава земја има карактеристики на модерен систем. Тој е еден од пенитенцијарните системи кои целосно ги содржат Нелсон Мандела – Правилата, ревидираните Стандардни минимални правила за постапување со затворениците и Европските затворски правила во Законот за извршување на санкциите. Низ сите елементи на својата организација, функционирање и остварување на образовниот процес, тој треба да обезбеди хумано постапување со осудените лица, заштита на нивните интереси и интегритет, приближување на условите за живот во казнено-поправните установи со

[611] Ibid.
[612] Груевска-Дракулевски, А. (2019). Пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија низ призмата на извештајот на Комитетот за превенција од тортура: Потреба од итни реформи, во: SOCIETAS ET SCIENTIA Зборник на Охридската школа на природното право 2018 година. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите – МАНУ, стр. 113-144.

условите за живот на слобода, со единствена цел – да се постигне нивна ресоцијализација. Ова е всушност начелото на модерната пенологија.[614]

Истакнувајќи ги општите и посебните начела врз кои се базира системот на извршување на санкциите, јасно произлегува дека се работи за еден динамичен систем кој постојано се развива, менува и промовира во согласност со ефектите во ресоцијализацијата на осудените. Системот покажува слабости, особено таму каде што не се создадени објективни услови за извршување на санкциите во согласност со овие начела. Затоа, системот за извршување на санкциите е под постојан надзор на надлежните органи за извршување на санкции, како и на научната теорија и практика, кои преку директно ангажирање се стремат нивното работење да биде што е можно повеќе во согласност со основните начела на кои се поставени.[615]

Неспорен е фактот дека пенитенцијарниот систем се соочува со бројни проблеми и предизвици, како што се: пристапот до здравствена заштита на осуденичката популација, образованието на осудените лица, корупцијата во самите установи, пренатрупаноста на затворите, како и создавањето подобри материјални услови за живеење во таков тип на установи.

Недостатокот од програми за третман на осудени лица во нашата држава придонесе Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда да обезбеди услови за создавање на сеопфатна програма која ќе се фокусира на криминогените потреби на лицата кои издржуваат затворска казна.[616]

Проблемите и состојбите во пенитенцијарниот систем не се новонастанати, туку се тековни и постојано се менаџираат, во насока на изнаоѓање правилни решенија за решавање на проблемите на осудените, притворените лица и децата во КПУ и ВПУ, како и вработените во овие установи. Земајќи ги во предвид одредбите со кои се регулира националниот пенитенцијарен систем, може да се заклучи дека законот по својата природа ги содржи сите елементи на модерен систем на извршување на санкциите. Меѓутоа, со оглед на тоа што системот на извршување на санкциите претставува комплексна и чувствителна материја која ги регулира правата на осудените

---

[613] Ibid.

[614] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2011). Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози. Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

[615] Груевска-Дракулевски, А. (2019). Пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија низ призмата на извештајот на Комитетот за превенција од тортура: Потреба од итни реформи, во: SOCIETAS ET SCIENTIA Зборник на Охридската школа на природното право 2018 година. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите – МАНУ, стр. 113-144.

лица и децата, неопходно е негово постојано надградување и усовршување, како и усогласување со меѓународните стандарди и најдобрите практики од областа на извршување на санкциите.[617]

Што се однесува на пробацијата, практиката покажува дека во најголем број случаи временската рамка од три месеци е недоволна за да може службата за пробација да даде ефикасна поддршка и надзор над лицата спрема кои се применува условен отпуст со заштитен надзор. Сметаме дека е потребно да се зајакне положбата на пробациските службеници и да се прошири нивниот делокруг на работа во кривичните постапки, како и при извршувањето на санкциите.

4) Продолжување на периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба

Сегашниот систем на условно ослободување не се заснова на одложување на остатокот од затворската казна, туку се заснова на англо-американскиот систем на добивање условен отпуст. Извршувањето на казната не се одложува, туку се извршува во заедницата. Согласно член 36, судот може да изрече заштитен надзор. Во најголемиот број, условниот отпуст се одобрува само 3 месеци пред крајот на издржување на казната. Временската рамка од 3 месеци е премногу куса за пробациската служба за да може да се даде ефикасна поддршка и надзор. Покрај тоа, на овој начин се намалува и мотивираноста да се соработува со пробациската служба до крај на казната. Подолг период на поддршка и надзор од пробациската служба би бил корисен за да се намали ризикот од повторништво и спроведе ефикасна поддршка со цел ресоцијализација. Ова би можело да се усогласи со постојниот концепт за условно одлагање на извршување на казната во член 49 став 1 од КЗ (определува дека оваа казна нема да се изврши ако осудениот за времето што го определил судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години „време за проверка“ не стори ново кривично дело). По издржана 1/2 или 2/3 казна, судот може да одлучи да го одложи извршувањето на остатокот од казната и да се одлучи да изрече надзор од пробациската служба како и одредени обврски што треба да се извршат, како последователен

---

[616] Ковилоски, А., Тодоров, Ѓ., Стоименовска, И. (2020). Скопје: Просоцијал, стр. 108.

[617] Види: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите. (2023). Скопје: Министерство за правда. Достапно на: https://ener.gov.mk/files/propisi_files/ria1/1_13314786892311 2023%20PREDLOG%20ZAKON%20ZIS%20KONECNO.doc

третман, општо корисна работа, задолжителни средби со пробацискиот службеник, итн. Овие обврски не се фиксни за сите, и има доволно простор за околностите и потребите на поединците.[618]

Сметаме дека почестото изрекување на алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор би претставувало поефективно решение за намалување на притисокот врз пенитенцијарните капацитети. Имено, целта на оваа алтернативна мерка е ресоцијализација на сторителот на казнено дело со примена на соодветни мерки на надзор, грижа, помош и заштита. Дополнително, нејзината содржина се состои од определување на конкретни обврски што треба да ги исполни лицето кое е условно осудено во време на проверка кое ќе го определи судот.

Комитетот на министри на Советот на Европа укажува дека „Условниот отпуст е еден од најефикасните и најконструктивните начини за спречување на повратот и унапредување на ресоцијализацијата со што на затвореникот му се обезбедува планирана помош и контролирана реинтеграција во заедницата". Условниот отпуст е особено значаен во остварувањето на процесот на ресоцијализација. Но, од податоците за примена на условниот отпуст во нашата држава, може да се заклучи дека истиот многу ретко се изрекува, а и во случаите кога ќе биде уважена молбата за отпуштање по основ на условен отпуст, најчесто се одобрува на затвореници осудени на кратки казни, а се одобрува во времетраење до 3 месеци. Оттука, произлегува дека не е исполнета основна цел на институтот условен отпуст, а тоа е истиот да ги мотивира затворениците активно да се вклучат во процесот на сопствената ресоцијализација, да ги стимулира на примерно поведение и активно да учествуваат во работното ангажирање во установата. Податоците покажуваат дека условниот отпуст треба и натаму да се следи и изучува од аспект на неговата примена за посебни категории осудени лица и видови кривични дела. Изучувањата треба да овозможат поставување на критериуми што ќе имаат за цел да обезбедат услови за поширока примена на овој институт. Ова, дотолку повеќе што практиката покажува дека е занемарлив бројот на отпуштените на условен отпуст кај кои дошло до негово отповикување. Во оваа насока од особено значење е да се следи и изучува пенолошката практика кај одделни категории осудени лица и одделни видови кривични дела.[619]

[618] Види: Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025). Достапно на: https://uis.gov.mk/zakoni/

[619] Види: Заклучоци и препораки од стручната работилница на тема „Предизвици во надминување на затворската пренатрупаност - условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна

Пенолошката теорија и практика се согласни дека стапките на рецидивизам се во корелација со постигнатиот степен на ресоцијализација на осудените лица, притоа посебно истакнувајќи го значењето на работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица.

Како препораки што се истакнуваат до Владата се: алоцирање ресурси за ефективен работен ангажман на осудените лица, како и предвидување одредени даночни олеснувања со цел стимулација на правни лица работно да ангажираат осудени лица за време на издржување на казната затвор и по отпуштањето од КПУ. За Управата за извршување санкции (УИС) и КПУ се препорачува: да се изготви статистички прашалник со цел унифицирана методологија на следење на работниот ангажман на осудените лица; да се направи проценка на тековната состојба и можностите за работно ангажирање на осудените лица во и надвор од КПУ; да се обезбедат можности за работа за сите осудени лица согласно нивните квалификации; да се обезбедат опрема и материјали кои се неопходни за функционирање на работилниците во затворите, како и кадровско екипирање; да се унапреди соработката со јавни претпријатија и правни лица со цел работно ангажирање на осудени лица; соработка со релевантни институции и компании со цел да се обезбеди стручно образование за осудените лица и нивно стекнување со диплома (сертификат) за различни занимања; да се зголеми надоместокот што го добиваат осудените лица за нивниот работен ангажман; поттикнување, охрабрување и давање совети на осуденото лице за прифаќање на работата како облик на третман. Центрите за социјална работа треба да пружат помош и поддршка на осудените лица по отпуштањето од издржувањето казна затвор преку: пронаоѓање вработување и довршување на стручното оспособување и соработка со Агенцијата за вработување. Пробациските службеници треба да се залагаат за укажување соодветна помош на лицата по отпуштањето од казнено-поправната установа и соработка со Агенцијата за вработување, а Агенцијата за вработување да укажува помош при вработување на лицата по отпуштањето од казнено-поправната установа, бидејќи процесот на ресоцијализација продолжува и по издржана казна затвор. Јавните претпријатија и правните лица треба да се сензибилизираат за потребата од работен ангажман на осудени лица и да се ослободат од предрасудите

ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица“. (2024). Скопје: Македонско пенолошко друштво, стр. 3-4.

спрема осудените лица со цел помасовно нивно вработување по издржана казна затвор.[620]

5) Зголемување на бројот на алтернативни санкции и намалување на бројот на обжалени алтернативните санкции

Затворот е последно решение. Судиите и обвинителите ќе бидат поттикнати прво да користат други алтернативи, согласно слободното судиско убедување. Ова треба да се направи со законски измени кои ќе ја нагласат важноста на промена на менталитетот која би довела до поголемо изрекување на алтернативни наместо затворски казни. Бројот на обжалени решенија за алтернативни казни е голема пречка за зголемувањето на бројот на предмети во кои се изречени алтернативни казни но исто така му наштетуваат и на начелото на експедитивно водење на постапки и без непотребни одлагања. Доколку обвинителите кои се на раководни позиции дадат упатства за доследно спроведување на овие начела, ќе се стави акцент на нивната важност а менталитетот ќе се менува во насока на одобрување на мерки кои се алтернатива на затворските казни. На овој начин би се избегнале несоодветните и несразмерните жалби, и нивниот вкупен број би се намалил. Користењето на алтернативните постапки и казнување би се промовирало преку соодветни упатства дадени од Републичкиот јавен обвинител и со препораки од Министерството за правда и Судскиот совет.[621]

Во таа насока, како активности во Стратегијата е предвидено донесување на препораки од Судскиот совет на РСМ со кои ќе се поттикнува и промовира изрекување на повеќе алтернативни казни со цел намалување на пренатрупаноста во затворите, како и одржување на тркалезни маси со кривични судии и обвинители за да се промовира изрекувањето на алтернативните казни, посебно општокорисната работа. Стратегијата, исто така, предвидува и донесување на Упатства од страна на Јавниот обвинител на РСМ за да се избегнат непотребните и непродуктивните жалби, со што ќе се искористат алтернативните мерки и процедури и ќе се промовираат алтернативните казни. Од страна на ССРСМ во периодот на следење на Стратегијата не се издадени препораки со кои би се промовирале алтернативните казни и санкции, а исто така и од

[620] Ibid., стр. 4-5.
[621] Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025). Достапно на: https://uis.gov.mk/zakoni/

страна на ЈОРСМ не се издадени предвидените Упатства. Од податоците и информациите добиени од одржаните состаноци со судии во Кривичен суд Скопје, можеме да кажеме дека во пракса од страна на ЈО се поднесуваат жалби на пресуди со изречени алтернативни мерки кои во дел од предметите од страна на Апелациониот суд се усвојуваат и се преиначуваат во ефективна казна затвор и покрај доброто образложение на судиите зошто е изречена некоја од алтернативните мерки. Дополнително, пак, од страна на УИС во 2021 година биле организирани тркалезни маси со сите апелациони подрачја за промоција на алтернативните мерки како иднина на затворскиот систем.[622]

6) Почитување на меѓународните препораки поврзани со алтернативите на казната затвор

Треба да се посвети внимание на: Препораката број R (99) 22 на Комитетот на министри до земјите-членки за пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација и Препораката Rec (92) 17 во врска конзистентност во изрекувањето на казната. Понатаму, посебно внимание треба да се посвети на алтернативните санкции и мерки веќе воведени во нашето законодавство со измената на Кривичниот законик во 2004 година. Затоа, внимание треба да се посвети на: Европската конвенција за надзор на условно осудени или условно отпуштени лица (1964) - ETS бр. 51, CM / Rec (2010) 1 за пробациските правила, Rec (2003) 22 за условниот отпуст, Rec (2000) 22 за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, R (99) 19 во врска со медијацијата во кривичните предмети, Rec (92) 16 за Европските правила за санкции и мерки кои се применуваат во заедницата, R (79) 14 во врска со примената на Европската конвенција за надзор над условно осудени или условно отпуштени лица, Резолуцијата (70) 1 за практичната организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените или условно отпуштените лица, Препораката CM/Rec(2014)4 за електронско следење, Препораката CM/Rec(2017)3 за Европските

[622] Поширок цитат: Трајановска, А. (2023). Мониторинг на спроведувањето на стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија [електронски извор] : (2021-2025) : период на следење 2021 и 2022. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права, стр. 23.

правила за санкции и мерки на заедницата, Препораката CM/Rec(2018)8 во врска со реституративната правда во кривичната материја.[623]

[623] Заклучоци и препораки од стручната работилница на тема „Предизвици во надминување на затворската пренатрупаност - условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица“. (2024). Скопје: Македонско пенолошко друштво, стр. 3.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (БИБЛИОГРАФИЈА)

Домашна литература (на македонски јазик)

- Учебници, монографии, статии -

1. Ангелески, Методија. (1994). Заложби за научен и стручен пристап во борбата против криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 1, бр. 1, стр. 192-194. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
2. Ангелески, Методија. (2007). Вовед во криминалистика. Скопје;
3. Арнаудовски, Љупчо. (1979). Вонзаводските воспитни мерки во југословенското кривично право. Скопје: Култура;
4. Арнаудовски, Љупчо. (1981). Малолетничко престапништво - предавања одржани на постдипломските студии во учебната 1979/80 и 1980/81. Скопје: НИО Студентски збор;
5. Арнаудовски, Љупчо; Бужаровска, Гордана; Целевски, Драги; Нанев, Лазар. (2004). Стратегија за имплементација на алтернативните мерки. СППМД – Кавадарци, Скопје;
6. Арнаудовски, Љупчо. (2007). Криминологија. Скопје: 2 Август С-Штип;
7. Арнаудовски, Љупчо и Груевска-Дракулевски, Александра. (2011). Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози. Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка;
8. Арнаудовски, Љупчо; Груевска-Дракулевски, Александра. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв и втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2 Август С Штип;
9. Арнаудовски, Љупчо. (2017). За системот на кривично-правните (казнено-правните) науки, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 2, стр. 369-380. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
10. Буџакоски, Стефан. (2008). Казнено право – општ дел. Скопје: Институт за менаџмент на знаењето – Скопје;

11. Веселс, Јоханес; Бојкле, Вернер. (2009). Кривично право – општ дел (кривичното дело и неговата структура). Скопје: Табернакул;
12. Вуковиќ, Славиша. (2014). Превенција криминала, друго измењено и допуњено издање. Београд: Криминалистичко-полицијска академија;
13. Груевска Дракулевски, Александра. (2012). Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011, во: *Македонска ревија за кривично право и криминологија*, год. 18 и 19, бр. 1-2, стр. 157-198. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
14. Груевска Дракулевски, Александра. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум;
15. Груевска Дракулевски, Александра. (2017). Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
16. Груевска Дракулевски, Александра. (2019). Пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија низ призмата на извештајот на Комитетот за превенција од тортура: Потреба од итни реформи, во: SOCIETAS ET SCIENTIA Зборник на Охридската школа на природното право 2018 година. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите – МАНУ, стр. 113-144;
17. Груевска Дракулевски, Александра. (2024). Работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица. Скопје: Македонско пенолошко друштво;
18. Јованов, Илија. (2019). Влијанието на казната затвор во санкционирање на сторителите на кривични дела, во: *Списание на научни трудови од Десетта Меѓународна научна конференција*, год. VI, бр. 2, стр. 1-6. Свети Николе: Меѓународен Центар за Славјанска Просвета;
19. Јованов, Илија. (2019). Осуденото лице – пред и по издржувањето на казната затвор, во: *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: „Кон подобра иднина: демократија, ЕУ интеграција и криминална правда“*, том 2, стр. 349-355. Битола: Правен факултет – Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола;

20. Јованов, Илија. (2023). Индивидуализација на казната затвор и проучување на личноста на деликвентот во функција на негова правилна ресоцијализација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, бр. 1-2, год. 30, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
21. Јованов, Илија. (2024). Примената на алтернативната мерка општокорисна работа како алтернатива за кратките казни затвор во сузбивањето на полесните облици на криминалитет. 11 Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ [електронски извор], Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Правен факултет, Зборник на трудови, стр. 81-90. Достапно на: https://js.ugd.edu.mk/;
22. Јованов, Илија. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1-15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
23. Јовашевиќ, Драган; Костиќ, Миомира. (2012). Политика сузбијања криминалитета. Ниш: Центар за публикације Правног факултета;
24. Јорданова, Емилија. (2008). Јавното мислење за алтернативните мерки за полнолетни и малолетни лица во Република Македонија. Скопје: Коалиција „Сите за правично судење“;
25. Калајџиев, Гордан; Лажетиќ, Гордана; Неделкова, Лидија; Денковска, Маја; Тромбева, Мери; Витларов, Тодор; Јанкуловска, Павлина; Кадиев, Дељо. (2018). Коментар на Законот за кривичната постапка. Скопје: ОБСЕ;
26. Камбовски, Владо. (1994). Основи и правци на реформата на македонското казнено право, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 1, бр. 1, стр. 19-41. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
27. Камбовски, Владо. (2002). Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век. Скопје: Бато и Дивајн;
28. Камбовски, Владо. (2004). Казнено право – општ дел, Скопје: Култура А.Д. Скопје;
29. Камбовски, Владо. (2006). Казнено право – општ дел (3 изм. изд.). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

30. Камбовски, Владо. (2010). Филозофија на правото. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите;
31. Камбовски, Владо. (2011). Казнено право – општ дел (четврто изменето и дополнето издание). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
32. Kambovski, Vlado. (2018). Alternativne mere u makedonskom krivičnom pravu i problemi njihove primene, u: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, S. i Jovanović, I.). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 131-149;
33. Кајзер, Гинтер. (1996). Криминологија. Скопје: Александрија;
34. Каневчев, Методија. (2017). Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-13. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
35. Ковилоски, Александар; Тодоров, Ѓорге; Стоименовска, Ивана. (2020). Скопје: Просоцијал;
36. Лажетиќ-Бужаровска, Гордана. (2003). Алтернативи за затворот. Скопје: Студентски збор;
37. Лажетиќ-Бужаровска, Гордана. (2006). Алтернативне мере у македонском казненом праву. Београд: *Правни живот*, број 9, стр. 354-361;
38. Марјановиќ, Ѓорѓи. (2003). Македонско кривично право – општ дел (6. изменето и дополнето издание). Скопје: Просветно дело А.Д. Скопје;
39. Марјановиќ, Ѓорѓи; Каневчев, Методија. (2016). Македонско кривично право : општ дел – осмо, изменето и дополнето издание. Скопје: Стоби Трејд – Кочани;
40. Мујоска Трпевска, Елена. (2017). За (не)примената на алтернативите на затворот во македонската судска пракса, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-16. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
41. Мујоска Трпевска, Елена. (2018). Реформи во извршувањето на санкциите: ќе заживее ли пробациското систем во Република Македонија?, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 25, бр. 1, стр. 1-18. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;

42. Мургоски Зозе. Речник на македонскиот јазик (електронски извор). Преработено и проширено електронско издание на Толковниот речник на современиот македонски јазик. Достапно на: https://zoze.mk/tolkoven/;
43. Панчев Зафирчо. (2022). Теоретско-методолошки пристап и имплементација на модел на индивидуална криминална превенција „со посебен осврт на примена на аналитички постапки и техники и управување со ризикот“ (докторска дисертација). Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје;
44. Проевски, Ванчо. (1986). Кривично право – општ дел. Скопје: Студентски збор;
45. Саити, Џемали; Арифи, Беса; Деваја, Шпенд; Божиновски, Андреј. (2018). Правна анализа. I. Казнената политика на судовите во Република Македонија и практична примена на законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната. II. Примената на алтернативните мерки со акцент на пробацијата во Република Македонија. Проект: Зајакнување на улогата и независноста на судиите во РМ. Скопје: Здружение на судиите на Република Македонија;
46. Сулејманов, Зоран. (2001). Криминална политика. Скопје: Графохартија;
47. Сулејманов, Зоран. (2005). Кривично право – општ дел. Скопје: Графохартија;
48. Стефановска, Весна. (2017). Кривичните санкции и превенција на криминалот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 24, бр. 1, стр. 1-16. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
49. Трајановска, Александра. (2023). Мониторинг на спроведување на Стратегијата на развој на пробациска служба во Република Северна Македонија (2021-2025) Период на следење: 2023 година. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права;
50. Хекер, Бернд. (2010). Европско кривично право. Скопје: Датапонс;

Странска литература

- Учебници, монографии, статии -

51. Abramović, Đuro. (2017). Kažnjavanje počinitelja kaznenih djela - osnovni modeli i mogućnosti pastoralnog rada (završni specijalistički). Sveučilište Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Katolički bogoslovni fakultet u Đakovu;

52. Aebi F. Marcelo; Berger-Kolopp, Léa; Burkhardt Christine; Tiago M. Mélanie. (2019). Prisons in Europe 2005-2015 – Volume 1: Country profiles. Council of Europe, Strasbourg. Достапно на: https://rm.coe.int/prisons-in-europe-2005-2015-volume-1/1680990199;
53. Aebi F. Marcelo & Hashimoto, Yuji Z. (2022). SPACE II – 2022 – Council of Europe Annual Penal Statistics: Persons under the supervision of probation agencies. Council of Europe. Достапно на: https://wp.unil.ch/space/space-ii/annual-reports/;
54. Ambrož, Matjaž; Jenull, Hinko; Keršmanc, Ciril. (2012). Kazenski zakonik (KZ-1) : z novelama KZ-1A in KZ-1B. Ljubljana: GV Založba;
55. Andrews, Donald Arthur, & Bonta, James. (2010). The Psychology of Criminal Conduct (5th ed.). New York: Routledge;
56. Austin, James; Fabelo, Tony. (2004). The Diminishing Returns of Increased Incarceration: A Blueprint to Improve Public Safety and Reduce Costs, The JFA Institute, Washington D.C.;
57. Bavcon, Ljubo; Šelih, Alenka; Korošec, Damjan; Ambrož, Matjaž; Filipčič, Katja; Jakulin, Vid; Zgaga, Sabina; Kregar, Darja. (2013). Kazensko pravo - splošni del, 6. izd., 1. natis. Ljubljana: Uradni list Republike Slovenije;
58. Bales, William D., & Piquero, Alex R. (2012). Assessing the Impact of Electronic Monitoring on Offender Recidivism. *Crime & Delinquency, 58*(1), 21-46;
59. Бејатовић, Станко. (1986). Условна осуда. Београд: НИО Пословна политика;
60. Bejatović, Stanko. (2018). Alternativne krivične sankcije i regionalna krivična zakonodavstva (osnovna zakonska obeležja i iskustva u primeni - sličnosti i razlike), u: *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)*. Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 9-29;
61. Berk, Richard. (2012). Criminal Justice Forecasts of Risk: A Machine Learning Approach. New York: Springer;
62. Бошковић, Мило; Радоман, Миленко. (2002). Пенологија. Нови Сад: Правни факултет у Новом Саду, Центар за издавачку делатност;
63. Braithwaite, John. (1989). Crime, shame and reintegration. Cambridge University Press;
64. Brinc, Franc. (1989). Izvrševanje kratkotrajnih kazni zapora v SR Sloveniji. *Revija za kriminalistiko in kriminologijo*, št. 2, str. 24-35. Ljubljana: Inštitut za kriminologijo pri Pravni fakulteti v Ljubljani;

65. Bonta, James & Andrews, D. A. (2017). The Psychology of Criminal Conduct. Routledge;
66. Bosker, Jacqueline; Tigges, Leo; Henskens, Renée. (2022). Probation. Why and how?. Netherlands Helsinki Committee. Достапно на: https://www.nhc.nl/assets/uploads/2022/01/Brochure-Probation.-Why-and-how.pdf
67. Bottoms, Anthony; Rex, Sue and Robinson, Gwen. (Eds.). (2004). Alternatives to Prison: Options for an Insecure Society, Willan, Cullompton, pp. 83-113;
68. Brantingham, Paul J., & Faust, Frederic L. (1976). A Conceptual Model of Crime Prevention. *Crime & Delinquency*, 22(3), 284-296;
69. Cavadino, Michael; Dignan, James. (1997). The Penal System: An Introduction (second edition). London: SAGE Publications Ltd.;
70. Caplan, Joel M., & Kennedy, Leslie W. (2016). Risk Terrain Modeling: Crime Prediction and Risk Reduction. Oakland: University of California Press;
71. Carvalho, Henrique. (2019). Feeding the prison crisis through hostile criminalisation: the case of joint enterprise. *Prison Service Journal*, 243, pp. 41-47;
72. Carson, Ann. (2021). Prisoners in 2020 – Statistical Tables. Достапно на: https://bjs.ojp.gov/library/publications/prisoners-2020-statistical-tables
73. Clarke, Ronald V., & Felson, Marcus. (Eds.). (1993). Routine Activity and Rational Choice: Advances in Criminological Theory (Vol. 5). New Brunswick (U.S.A) and London (U.K.): Transaction Publishers;
74. Clarke, Ronald V. (Ed.). (1997). Situational Crime Prevention: Successful Case Studies (2nd ed.). New York: Harrow and Heston Publishers;
75. Clark, D. (2023, Aug 7). Government spending on prisons in the UK 2009-2023. Достапно на: https://www.statista.com/statistics/298654/united-kingdom-uk-public-sector-expenditure-prisons/#statisticContainer
76. Cooper, Vickie. (2013). No Fixed Abode: The implications for homeless people in the criminal justice system. London: The Howard League for Penal Reform;
77. Cohen, Stanley. (1985). Visions of Social Control. Cambridge: Polity Press;
78. Cornish, Derek B., & Clarke, Ronald V. (1986). The Reasoning Criminal: Rational Choice Perspectives on Offending. Hague: Springer-Verlag;
79. Cullen, Francis T., & Jonson, Cheryl Lero. (2016). Correctional Theory: Context and Consequences (2nd ed.). SAGE Publications;

80. Cirkveni, Neven. (2010). Zastrašivanje u kaznenoj politici Republike Hrvatske. *Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci*, vol. 31, br. 1, str. 559-598;
81. Ćopić, Sanja; Nikolić-Ristanović, Vesna. (2016). Priručnik o najboljim praksama primene restorativnih pristupa u interkulturalnom kontekstu. Beograd: Viktimološko društvo Srbije : Prometej;
82. Ćopić, Sanja. (2018). Alternativne krivične sankcije i mere za punoletne učinioce krivičnih dela u Srbiji, u: S. Bejatović (ur.) Organizacija pravosuđa i efikasnosti sudske zaštite (Evropski standardi i stanje u Srbiji) – Krivičnopravni aspekt, Beograd: Srpsko udruženje za krivičnopravnu teoriju i praksu i INTERMEX-Beograd, str. 211-230;
83. Dembo, Richard; Wareham, Jennifer; & Schmeidler, James. (2005). Evaluation of the Impact of a Policy Change on a Diversion Program. *Journal of Offender Rehabilitation*, *41*(3), 1–27.
84. Dežman, Zlatko. (2009). Alternativna izvršitev kazni zapora v sodni praksi in predlog za zakonsko spremembo, *Pravna praksa*, št. 13/2009;
85. DeMichele, Matthew; Payne, Brian. (2009). Offender Supervision with Electronic Technology: Community Corrections Resource. Lexington: American Probation and Parole Association;
86. DeMichele, Matthew; Payne, Brian. (2010). Electronic Supervision and the Importance of Evidence-Based Practices. *Federal Probation, 74*(2), 6-18;
87. Драгојловић, Јоко. (2017). Условна осуда и новчана казна. *Култ̄ура Полиса*, год. XIV, бр. 32, Нови Сад: Култура – Полис и Институт за европске студије Београд;
88. Dünkel, Frieder; Spieß. Gerhard. (1992). Perspektiven der Strafaussetzung zur Bewährung und Bewährungshilfe im zukünftigen deutschen Strafrecht, in Bewährungshilfe. *Bewährungshilfe* 39, 117-138;
89. Dünkel, Frieder. (2009). Rechtliche, rechtspolitische und programmatische Entwicklungen einer Sozialen Strafrechtspflege in Deutschland. In: DBH-Fachverband für Soziale Arbeit, Strafrecht und Kriminalpolitik/Justizministerium Mecklenburg-Vorpommern (Eds.): Kriminalpolitische Herausforderungen. Bewährungs - und Straffälligenhilfe auf neuen Wegen. Zinnowitz 2008. Norderstedt: Books on Demand, 20-60;

90. Dünkel, Frieder. (2017). Kommentierung von § 57 StGB. In: Kindhäuser, U., Neumann, U., Paeffgen, H.-U. (Eds.): *Nomos-Kommentar Strafgesetzbuch*. 5th ed., Baden-Baden: Nomos Verlag, 2230-2300;
91. Dünkel, Frieder; Thiele, Christoph; Treig, Judith. (2017). (Eds.). Elektronische Überwachung von Straffälligen im europäischen Vergleich – Bestandsaufnahme und Perspektiven. Mönchengladbach: Forum Verlag Godesberg;
92. Dünkel, Frieder. (2017). Electronic monitoring – Some critical issues. In: Bijleveld, C., van der Laan, P. (Eds.): *Liber Amicorum Gerben Bruinsma*. Den Haag: Nederlands Studiecentrum Criminaliteit en Rechtshandhaving (NSCR), 108-117;
93. Dünkel, Frieder. (2019). Reforms of the Criminal Sanctions System in Germany – Achievements and Unresolved Problems. University of Tartu: *Juridica international*. Law review, 28, 37-48. https://doi.org/10.12697/JI.2019.28.05
94. Dzur, Albert W.; Susan M. Olson. (2004). Revisiting Informal Justice: Restorative Justice And Democratic Professionalism. *Law & Society Review*, Vol. 38, No. 1, pp. 139-176;
95. Фатић, Александар. (1995). Казна као метафора. Београд: НИУ „Службени лист СРЈ“;
96. Фуко, Мишел. (1997). Надзирати и кажњавати – настанак затвора. Издавачка књижарница Зорана Стојановића, Сремски Карловци, Нови Сад;
97. Farrington, David P., & Welsh, Brandon C. (2007). Saving Children From a Life of Crime: Early Risk Factors and Effective Interventions. Oxford, UK: Oxford University Press;
98. Flanders, Chad. (2014). Can Retributivism Be Saved?, in: *Brigham Young University Law Review*, Vol. 2014, Issue 2, pp. 309-362;
99. Franke, Derrick; Bierie, David; MacKenzie, Doris Layton. (2010). Legitimacy in corrections: A randomized experiment comparing a boot camp with a prison. *Criminology and Public Policy*, 9(1), 89–117;
100. Garić, Dušanka; Stepanović, Aleksandra. (2018). Alternativne krivične sankcije (stanje u Srbiji i mere unapređenja praktične primene), str. 229-240, u: Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja) (ur. Bejatović, Stanko; Jovanović, Ivan). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji;
101. Grozdanić, Velinka; Škorić, Marissabell. (2009). Uvod u kazneno pravo - opći dio. Zagreb: Organizator d.o.o.;

102. Gary S. Becker. (1968). Crime and Punishment: An Economic Approach. The University of Chicago Press: *Journal of Political Economy*, vol. 76, no. 2, pp. 169-217;
103. Garland, David. (2001). The Culture of Control. New York: Oxford University Press;
104. Garside, Richard. (2019). Getting out of the crisis. *Prison Service Journal*, No. 243, pg. 48-54;
105. Glare, P. G. W. (Ed.). (1983). Oxford Latin Dictionary. Oxford University Press;
106. Gorkič, Primož. (2011). Pravni vidiki pogajanj in sporazumov o krivdi v kazenskem postopku, *Zbornik 4. konference kazenskega prava in kriminologije*, Ljubljana: GV Založba;
107. Gilling, Daniel. (1997). Crime Prevention: Theory, Policy And Practice (1st Edition). London: Routledge Taylor & Francis Group;
108. Goodman, Canon Derek. (2006). With help from outside, prison does work. *Europe Intelligence Wire*. Retrieved from Gale Cengage Learning;
109. Hamai, Koichi; Ville, Renaud; Harris, Robert; Hough, Mike; Zvekic, Ugljesa. (eds.). 1st Edition. (1995). Probation Round the World: A Comparative Study. UNICRI, British Home Office and Robert Harris;
110. Heinz, Wolfgang. (2017). Kriminalität und Kriminalitätskontrolle in Deutschland – Berichtsstand 2015 im Überblick (Internet-Publikation: Konstanzer Inventar Sanktionsforschung). Достапно на: http://www.ki.uni-konstanz.de/kis/
111. Horvatić, Željko; Novoselec, Petar. (1999). Kazneno pravo: opći dio. Zagreb: Ministarstvo unutarnjih poslova Republike Hrvatske;
112. Horvatić, Željko; Derenčinović, Davor; Cvitanović, Leo. (2017). Kazneno pravo opći dio II. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu;
113. Hoskins, Zachary. (2017) Punishment. *Analysis*, 77(3), 619-632. Red de Servicios Profesionales. https://doi. org/10.1093/analys/anw022
114. Howard, John. (1929). The State of Prisons. London: J. M. Dent & Sons;
115. Hurd, Douglas. (2005, May 14). Does Prison really work?. *The Spectator*;
116. Igrački, Jasmina; Brašovan Delić, Marina. (2022). Alternative criminal sanctions in the Republic of Serbia, in: *Security Horizons*, Vol. III, No. 7, pp. 65-76. Conference Proceedings from International Scientific Conference "45 YEARS HIGHER EDUCATION IN THE AREA OF SECURITY – EDUCATIONAL

CHALLENGES AND SECURITY PERSPECTIVES", Skopje: University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Faculty of Security – Skopje;

117. Игњатовић, Ђорђе. (2008). Криминологија (девето измењено издање). Београд: Правни факултет, Центар за публикације;
118. Ignjatović, Đorđe. (2013). Normativno uređenje izvršenja vanzavodskih krivičnih sankcija u Srbiji. *Crimen*, br. 2, str. 144-175;
119. Ignjatović, Đorđe. (2018). Kontroverze kazne zatvora i ustanova za njeno izvršenje. Beograd: Sociolosko Udruzenje Srbije i Crne Gore;
120. Ilić, Dragan. (2000). Smrtna kazna i prevencija. Достапно на: https://sirius.rs/clanci/dragan_ilic/smrtna.html#_ftn2;
121. Jakulin, Vid. (2018). Alternativne krivične sankcije i krivično zakonodavstvo Slovenije (osnovna zakonska obeležja i iskustva primene), *Alternativne krivične sankcije (regionalna krivična zakonodavstva, iskustva u primeni i mere unapređenja)* (ur. Bejatović, Stanko; Jovanović, Ivan). Beograd: Misija OEBS-a u Srbiji, str. 95-108;
122. Janković, Radenko. (2020). Kratkotrajna kazna zatvora u krivičnom zakoniku Republike Srpske, *Godišnjak Fakulteta pravnih nauka*, god. 10, br. 10, str. 219-240. Достапно на: https://www.gfpn-au.com/sites/default/files/GFPN-10-10/Godisnjak%2010-10-219-240.pdf
123. Jehle, Jörg-Martin. (2023). Criminal Justice in Germany, Eighth Edition. Berlin: Federal Ministry of Justice;
124. Jovanov, Ilija. (2024). The application of the alternative measure community service order as an alternative to short prison sentences in the suppression of less serious crimes. *Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World"*, Vol. 11, No. 11, pp. 82-91. Shtip: Faculty of Law, Goce Delchev University. https://doi.org/10.46763/SCGW241082j;
125. Jovanov, Ilija. (2024). Use of innovative technological solutions in the criminal justice system as an opportunity to implement certain alternative measures. Conference Proceedings of the International Scientific Conference "Towards a Better Future: Gender Equality, Cyberspace, and Law" [editors Svetlana Veljanovska, Angelina Stanojoska], pp. 195-205. Kicevo: University "St. Kliment Ohridski" – Bitola, Faculty of Law – Kicevo;
126. Jovašević, Dragan. (1982). Primena kratkih kazni lišenja slobode, Pravni život. Beograd: Udruženje pravnika S.R. Srbije, god. 32, broj 4, str. 465-474;

127. Joutsen, Matti; Bishop, Norman. (1994). Noncustodial Sanctions in Europe: Regional Overview, in: *Alternatives to Imprisonment in Comparative Perspective*, Zvekic, Ugljesa. (ed.). Chicago, Illinois: Nelson-Hall;
128. Jung, Heike. (1990). General Report of the Conference, Privatisation of Crime Control, 18th Criminological Research, Vol. XXVII, Strasbourg: Council of Europe, pp. 111-124;
129. Junger-Tas Josine. (1994). Alternatives to Prison Sentences: Experiences and Developments. Amsterdam: Kugler Publications;
130. Kalmthout, Anton M. van; Tak, Peter J. P. (Eds). (1988). Sanctions-Systems in the Member-States of the Council of Europe: Deprivation of Liberty, Community Service and Other Substitutes, Pt. I and II. Deventer etc: Kluwer Law International;
131. Kantorowicz-Reznichenko, Elena. (2013). The 'Net-Widening' Problem and its Solutions: The Road to a Cheaper Sanctioning System, pp. 1-54. Достапно на: SSRN: https://ssrn.com/abstract=2387493 или http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.2387493
132. Karabec, Zdeněk. (2005). Alternative zatvorskim kaznama, u: *Alternative zatvorskim kaznama*. Beograd: Fond za otvoreno društvo, str. 131-142;
133. Kovčo, Irma. (2001). Kazna zatvora - zašto i kuda?. *Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu*, vol. 8, br. 2, str. 117-136. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu;
134. Константиновић Вилић, С., Николић Ристановић, В., Костић, М. (2009). Криминологија. Ниш: Пеликан принт;
135. Konstantinović Vilić, Slobodanka; Kostić, Miomira. (2011). Penologija. Niš: Centar za publikacije Pravnog fakulteta;
136. Костић, Миомира. (2005). Неки савремени облици кривичних санкција уместо казне лишења слободе (други облици затворског третмана), *Зборник радова Правног факултета у Нишу*, XLVI, Ниш: Правни факултет, Центар за публикације, стр. 178-195;
137. Костић, Миомира. (2010). Превенција криминалитета – појам и историјски развој, во: *Зборник радова Правног факултета у Ниш*, Ниш: Правни факултет, стр. 89-110;

138. Knežević, Mladen. (2008). Penologija u socijalnom radu (i socijalni rad u penologiji). Zagreb: Pravni fakultet, Studijski centar socijalnog rada, Zavod za socijalni rad;
139. Knežić, Branislava. (2001). Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja. Beograd: Zavod za udžbenika i nastavna sredstva;
140. Kurtović Mišić, Anita; Krstulović Dragičević, Antonija. (2014). Pravno uređenje i primjena rada za opće dobro nakon reforme materijalnog i izvršnog prava alternativnih sankcija, *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu*, vol. 64, br. 5-6, str. 859-894;
141. Latessa, Edward J., & Lowenkamp, Christopher T. (2006). What Works in Reducing Recidivism?. *University of St. Thomas Law Journal, 3*(3), 521-535;
142. Latessa, Edward J.; & Lovins, Brian. (2010). The Role of Offender Risk Assessment: A Policy Maker Guide. *Victims & Offenders, 5*(3), 203-219;
143. Lazarević, Desanka. (1974). Kratkotrajne kazne zatvora. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja;
144. Luketić, Ivica. (2023). *Kratkotrajne kazne zatvora u suvremenom hrvatskom kaznenom pravu (doktorski rad)*. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet;
145. Lofton, Bonnie Price. (2004). Does Restorative Justice Challenge Systemic Injustices?, in *Critical Issues in Restorative Justice*, edited by Howard Zehr and Barb Toews;
146. Lombroso, Cesare. (1968). Crime Its Causes and Remedies. Montclair, New Jersey: Patterson Smith;
147. Lynch, Michael J. (1999). Beating a dead horse: Is there any basic empirical evidence for the deterrent effect of imprisonment?. *Crime, Law & Social Change*, No. 31, pp. 347-362;
148. Maruna, Shadd; King, Anna. (2004). Public Opinion and Community Penalties (From Alternatives to Prison: Options for an Insecure Society). Willan Publishing, pp. 83-112;
149. Mabel A. Elliott. (1962). Zločin u savremenom društvu. Sarajevo: Veselin Masleša;
150. Macanović, Nebojša. (2016). Alternativne krivične sankcije - za i protiv, u: *Probacija i alternativne krivične sankcije – mogućnosti i perspective*, Zbornik radova, tom I. Banja Luka: Centar modernih znanja, str. 24-35;

151. Marcelo F. Aebi; Mélanie M. Tiago. (2018). Prisons and Prisoners in Europe 2018: Key Findings of the SPACE I report. Council of Europe, Strasbourg. Достапно на: https://wp.unil.ch/space/files/2020/02/Key-Findings-2018_190615.pdf
152. Mayer, Markus. (2004). Modellprojekt elektronische Fußfessel. Freiburg im Breisgau: Schriftenreihe des Max-Planck-Instituts für ausländisches und internationales Strafrecht. Достапно на: https://static.mpicc.de/shared/data/pdf/gesamt212.pdf
153. Mears, Daniel P., & Cochran, Joshua C. (2014). Prisoner Reentry in the Era of Mass Incarceration (1st ed.). SAGE Publications;
154. Međedović, Enver. (2013). Izvršenje kazne zatvora prema ZIKS-u. *Pravne teme* (Časopis Departmana za pravne nauke Univerziteta u Novom Pazaru), god. 1, br. 2, str. 148-161;
155. McLaughlin, Eugene; Muncie, John. (2003). The Sage Dictionary of Criminology. London: Sage Publications;
156. Mlinarić, Rajko. (1996). Tijek i uspješnost tretmana osoba osuđenih na kratke kazne zatvora (magistarski rad). Zagreb: Fakultet za defektologiju, Sveučilište u Zagrebu;
157. Monahan, John; & Skeem, Jennifer L. (2016). Risk Assessment in Criminal Sentencing. *Annual Review of Clinical Psychology, 12*, 489-513;
158. Morris, Allison. (2002). Critiquing the Critics: A Brief Response to Critics of Restorative Justice. Oxford University Press: *The British Journal of Criminology*. Vol. 42, No. 3: pp. 596-615;
159. Morris, Norval; Tonry, Michael. (1991). Between prison and probation: intermediate punishments in a rational sentencing system. Oxford University Press paperback;
160. Morrision, Wayne. (1996). Modernity, Imprisonment, and Social Solidarity, in R. Matthews and P. Francis (eds.). *Prisons 2000*. London: Palgrave Macmillan, pp. 94-120;
161. Mrvić-Petrović, Nataša; Obradović, Marijana; Novaković, Nataša. (2005). Alternativne krivične sankcija (studija o prihvatljivim modalitetima izvršenja), u: *Alternative zatvorskim kaznama*, Beograd: Fond za otvoreno društvo: 35-83;

162. Miethe, Terance D.; Lu, Hong. (2004). Punishment Philosophies and Types of Sanctions. In *Punishment: A Comparative Historical Perspective* (pp. 15–49). chapter, Cambridge: Cambridge University Press;
163. Milutinović, Milan. (1973). Kriminologija sa osnovima kriminalne politike i penologije (drugo, dopunjeno izdanje). Beograd: Savremena administracija;
164. Milutinović, Milan. (1984). Kriminalna politika. Beograd: Savremena administracija;
165. Mrvić-Petrović, Nataša; Đorđević, Đorđe. (1998). Moć i nemoć kazne. Beograd: Vojnoizdavački zavod i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja;
166. Mrvić-Petrović, Nataša; Obradović, Marijana; Novaković, Nataša. (2005). Alternativne krivične sankcije (studija o prihvatljivim modalitetima izvršenja), u: *Alternative zatvorskim kaznama*. Beograd: Fond za otvoreno društvo, str. 35-83;
167. Mrvić-Petrović, Nataša. (2007). Kriza zatvora. Beograd: Vojnoizdavački zavod;
168. Mrvić-Petrović, Nataša. (2010). Alternativne krivične sankcije i postupci. Beograd: Medija centar Odbrana;
169. Mutebi, Natasha; Brown, Richard. (2023). The use of short prison sentences in England and Wales (POSTbrief 52). Доступно на: https://researchbriefings.files.parliament.uk/documents/POST-PB-0052/POST-PB-0052.pdf
170. Mujoska, Elena. (2014). Helping or hurting: Short-term imprisonment in macedonian system of criminal sanctions. *Iustinianus Primus Law Review*, 5 (1) 1-14;
171. Nellis, Mike. (2014). Understanding the Electronic Monitoring of Offenders in Europe: Expansion, Regulation and Prospects. *Crime, Law and Social Change, 62*(4), 489-510;
172. Nikolić-Ristanović, Vesna; Vučković, Nataša. (ur.). (2015). Stavovi građana i stručnjaka o alternativnim sankcijama i restorativnoj pravdi. Beograd: Fondacija Centar za demokratiju;
173. Novoselec, Petar; Bojanić, Igor. (2013). Opći dio kaznenog prava, četvrto izmijenjeno izdanje. Zagreb: Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu;
174. Pavićević, Olivera; Ilijić, Ljeposava; Batrićević, Ana. (2024). Moralna i socijalna klima u zatvorima. Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja;

175. Padgett, Kathy G.; Bales, William D.; & Blomberg, Thomas G. (2006). Under Surveillance: An Empirical Test of the Effectiveness and Consequences of Electronic Monitoring. *Criminology & Public Policy, 5*(1), 61-91;
176. Pease, Ken. (1995). 'The Future of Imprisonment and its Alternatives', Report for the Fifth Conference on Crime Policy, Document CDPC (95) 85, Strasbourg: Council of Europe;
177. Petersilia, Joan; Turner, Susan. (1993). Evaluating Intensive Supervision Probation/Parole: Results of a Nationwide Experiment. Washington, D.C. : U.S. Department of Justice, Office of Justice Programs, National Institute of Justice, pp. 1-11;
178. Picard, Sarah; Tallon, A. Jennifer; Lowry, Michela; Kralstein, Dana. (2019). Court-Ordered Community Service: A National Perspective. New York: Center for Court Innovation;
179. Radovanović, Miloš. (1975) Krivično pravo SFRJ – opšti deo. Beograd: Savremena administracija;
180. Радоман, Миленко. (2003). Пенологија и систем извршења кривичних санкција. Правни факултет, Универзитета у Новом Саду, Нови Сад – Београд;
181. Raynor, Peter. (2003). Evidence-Based Probation and its Critics. *Probation Journal*, 50(4), 334-345. https://doi.org/10.1177/0264550503504002
182. Robbins, Brian. (2014). A study of the implementation of restorative justice at a public high school in southern California. Claremont College;
183. Singer, Mladen; Kovčo Vukadin, Irma; Cajner Mraović, Irena. (2002). Kriminologija, treće, izmenjeno i dopunjeno izdanje. Zagreb: Nakladni zavod Globus;
184. Soković, Snežana. (2011). Savremene globalne tendencije u kontroli kriminaliteta - karakteristike, perspektive i osvrt na domaće prilike, *Crimen – časopis za krivične nauke*, br. 2. Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu u saradnji sa Kriminološkom sekcijom Srpskog udruženja za krivično pravnu teoriju i praksu;
185. Spierenberg, Pieter. (1998). *"The Body and the State."* In Morris and Rothman's The Oxford History of the Prison: The Practice of Punishment in Western Society; pp. 44–70. New York: Oxford University Press;

186. Sparks, Richard. (2001). Prisons, Punishment and Penality, in: E. McLaughlin and J. Muncie (Eds.), *Controlling Crime* (2nd ed., pp. 201-56). (*Crime, Order and Social Control*). SAGE Publications Ltd.;
187. Спасојевић, Александра; Арсенијевић, Слободан. (2017). Ефекти алтернативних санкција и мера из угла Повереничке службе. Ваљево: Одбор за људска права Ваљево;
188. Srzentić, Nikola; Stajić, Aleksandar; Lazarević, Ljubiša. (1990). Krivčno pravo SFRJ, Opšti dio, Beograd: Savremena administracija;
189. Stanković, Nedeljko. (2016). Krivično pravo - opšti dio. Brčko: Evropski Univerzitet Brčko Distrikt;
190. Stevanović, Ivana; Međedović, Janko; Petrović, Boban; Vujičić, Nikola. (2018). Ekspertsko istraživanje i analiza povrata u Republici Srbiji. Beograd: Organizacijom za evropsku bezbednost i saradnju - Misija Oebs u Srbiji i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja;
191. Stevanović, Zoran. (2003). Penitercijalni sistem u funkciji državne reakcije protiv kriminaliteta, Strategija državnog reagovanja protiv kriminaliteta, Beograd: Institut za kriminološka i sosiološka istraživanja;
192. Стевановић, Зоран; Играчки, Јасмина. (2013). Систем пробације у Европи-искуства која треба користити, у: Стојановић, Зоран. (ур.) *Нова решења у казненом законодавсшву Србије и њихова йракшична йримена*. Златибор, Београд: Српско удружење за кривичноправну теорију и праксу. Редовно годишње саветовање, стр. 524-534;
193. Stojanovic, Zoran. (2009). Opravdanost i dometi alternativnih krivičnih sankcija i alternativnih formi postupanja, u: *Revija za kriminologiju i krivično pravo*, str. 3-19. Beograd: Srpsko udruženje za krivičnopravnu teoriju i praksu i Institut za kriminološka i sociološka istraživanja u Beogradu;
194. Стојановић, Зоран. (2010). Кривично право - општи део. Београд;
195. Stojanović, Zoran. (2011). Krivično pravo u doba krize. *Branič*, br. 1-2, str. 27-49;
196. Stojanović, Zoran. (2014). Krivično pravo - opšti deo (21. Izdanje). Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu;
197. Stojanović, Zoran. (2016) Komentar Krivičnog zakonika. Beograd: JP „Službeni glasnik“;
198. Стојановић, Зоран. (2018). Коментар Кривичног законика. Београд: ЈП „Службени гласник“;

199. Stojanović, Zoran. (2023). Politika suzbijanja kriminaliteta (treće izmenjeno izdanje). Beograd: Univerzitet u Beogradu – Pravni fakultet u saradnji sa Kriminološkom
200. sekcijom Srpskog udruženja za krivičnopravnu teoriju i praksu;
201. Šeparović, Zvonimir. (1981). Kriminologija i socijalna patologija. Zagreb: Pravni fakultet u Zagrebu;
202. Sykes, Gresham. (1958). The Society of Captives. Princeton: Princeton University Press;
203. Sykes, Gresham. (2009). Muke zatvorenika, u: *Teorije u kriminologiji*, Ignjatović, Đorđe. (ur.). Beograd: Pravni fakultet, Univerzitet u Beogradu, str. 520-527;
204. Shank, Gregory; Paul Takagi. (2004). Critique of Restorative Justice. *Social Justice*, Vol. 31, No. 3, pp. 147-163;
205. Taxman, Faye S. & Pattavina, April. (Eds.) (2013). Simulation Strategies to Reduce Recidivism: Risk Need Responsivity (RNR) Modeling for the Criminal Justice System. Springer;
206. Тешовић Д., Олга. (2020). Приручник за примену алтернативних санкција. Београд: Форум судија Србије;
207. Tonry, Michae, & Farrington, David P. (Eds.) (1995). Building a Safer Society – Strategic Approaches to Crime Prevention, vol. 19, pp. 1-20. Chicago, IL: University of Chicago Press;
208. Tonry, Michael. (ed.). (2011). Retributivism Has a Past: Has It a Future?, *Studies in Penal Theory and Philosophy*. Oxford: Oxford University Press;
209. Tonry, Michael. (ed.). (2011). Why Punish? How Much? A Reader on Punishment. Oxford: Oxford University Press;
210. Tonry, Michael. (2013). "Less Imprisonment Is No Doubt a Good Thing, More Policing Is Not." *Criminology & Public Policy, 12*(3), 535-547;
211. Thomas, Jim. (2005). "Jeremy Bentham". Bosworth M. (ur.). *Encyclopedia of Prisons & Correctional Facilities*. Thousand Oaks: Sage Publ;
212. Tilley, Nick. (2009). Crime Prevention. London: Willan Publishing;
213. VanNostrand, Marie; & Lowenkamp, Christopher T. (2013). Assessing Pretrial Risk without a Defendant Interview. Houston: Laura and John Arnold Foundation;
214. Vasiljević-Prodanović, Danica. (2011). Teorije kažnjavanja i njihove penološke implikacije. *Specijalna edukacija i rehabilitacija*, vol. 10, br. 3, str. 509-525. Beograd: Univerzitet u Beogradu - Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju.

215. Vass, Anthony A. (1992). Alternatives to Prison – Punishment, Custody and the Community, SAGE Publication, London;
216. Vasiljević-Prodanović, Danica. (2011). Teorije kažnjavanja i njihove penološke implikacije, u: *Specijalna edukacija i rehabilitacija*, Vol. 10, No. 3, str. 509-525;
217. Васиљевић – Продановић, Даница. (2012). Алтернативе краткотрајним казнама затвора (докторска дисертација). Београд: Универзитет у Београду, Факултет за специјалну едукацију и рехабилитацију – Београд;
218. Vujaklija, Milan. (1992). Leksikon stranih reči i izraza. Beograd: Prosveta;
219. von Hirsch, Andrew. (1990). The Ethics of Community-Based Sanctions. *Crime & Delinquency*, Volume 36 Issue 1, pp. 162-173;
220. Vidović, Vjekoslav. (1981). Kazna lišenja slobode. Banjaluka: Glas;
221. Viglione, Jill; Rudes, Danielle S.; & Taxman, Faye S. (2015). "Misalignment in Supervision: Implementing Risk/Need Assessment Instruments in Probation." *Criminal Justice and Behavior, 42*(3), 263-285;
222. Vincenzo Ruggiero, Mick Ryan, Joe Sim. (Eds.). (1995). Western European Penal Systems: A Critical Anatomy. SAGE Publications Ltd.;
223. Villettaz, P., Killias, M. and Zoder, I. (2006), The Effects of Custodial vs. Non-Custodial Sentences on Re-Offending: A Systematic Review of the State of Knowledge. Campbell Systematic Reviews, 2: 1-69. https://doi.org/10.4073/csr.2006.13
224. White, Mark D. (ed.). (2011). Retributivism: Essays on Theory and Policy (1st edition). Oxford: Oxford University Press;
225. Wood, R. William. (2014). Punitive Populism. The Encyclopedia of Theoretical Criminology, First Edition. (Edited by J. Mitchell Miller). Hoboken, New Jersey: Wiley (formerly Blackwell Publishing Ltd.);
226. Wortley, Richard, & Mazerolle, Lorraine. (Eds.) (2008). Environmental Criminology and Crime Analysis. London: Willan Publishing;
227. Žakman-Ban, Vladimira; Mikšaj-Todorović, Ljiljana; Romić, Paško. (1994). Mogućnosti probativnog pristupa u okvirima alternativnih sankcija u Republici Hrvatskoj, *Kriminologija i socijalana integracija*, vol. 2, br. 1, str. 77-86;
228. Žakman-Ban, Vladimira; Romić, Paško i Poldrugač, Zdravka. (1997). Povezanost povrata počinitelja kaznenih djela razbojništva i razbojničke krađe i procjene učinkovitosti njihova institucionalnoga penološkog tretmana, u *Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu*, vol. 4, br. 2, str. 111-128;

Прирачници и тематски изданија
(домашни и странски)

229. Систем на алтернативни мерки со посебен осврт на состојбата на имплементација во Општина Прилеп. (2014). Прилеп: Здружение Центар за стратегии и развој „Пактис“;
230. Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025). Достапно на: https://uis.gov.mk/zakoni/;
231. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите. (2023). Скопје: Министерство за правда. Достапно на: https://ener.gov.mk/files/propisi_files/ria1/1_133147868923112023%20PREDLOG%20ZAKON%20ZIS%20KONECNO.doc;
232. Addressing the global prison crisis STRATEGY 2015-2017. United Nations Office on Drugs and Crime. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/UNODC_Strategy_on_Addressing_the_Global_Prison_Crisis.pdf;
233. Custodial and non-custodial measures, Alternatives to Incarceration, Criminal Justice Assessment Toolkit. (2006). New York: United Nations / Vienna: United Nations Office on Drugs and Crime;
234. Prison Service Journal, Special Edition: *The prison crisis*, May 2019, No 243. Достапно на: https://www.crimeandjustice.org.uk/sites/crimeandjustice.org.uk/files/PSJ%20243%20Editorial.pdf;
235. The Oxford Handbook of Criminology. (2007). (Eds. Mike Maguire, Rod Morgan and Robert Reiner), Oxford University Press;
236. National Assoc for the Care and Resettlement of Offenders (NACRO) - Annual Report, 1974-75 - The quest for alternatives to prison. London: National Assoc for the Care and Resettlement of Offenders (NACRO);
237. Handbook of basic principles and promising practices on Alternatives to Imprisonment. United Nations: New York / United Nations Office on Drugs and Crime: Vienna. 2007. Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Handbook_of_Basic_Principles_and_Promising_Practices_on_Alternatives_to_Imprisonment.pdf;

Меѓународни документи (конвенции, препораки и резолуции)

238. Зборник на конвенции, препораки и резолуции во врска со пенитенцијарните прашања. (2007). Стразбур: Совет на Европа;
239. German Criminal Code (Strafgesetzbuch – StGB). Criminal Code in the version published on 13 November 1998 (Federal Law Gazette I, p. 3322), as last amended by Article 2 of the Act of 22 November 2021 (Federal Law Gazette I, p. 4906);
240. Schweizerisches Strafgesetzbuch vom 21. Dezember 1937. (StGB, SR 311.0);
241. Шести конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и третманот на сторителите, кој се одржал во Каракас, Венецуела, во периодот од 25 август до 5 септември 1980 година (The Sixth United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders);
242. Седми конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и третманот на сторителите, кој се одржал во Милано, Италија, во периодот од 26 август до 6 септември 1985 година (Seventh United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders);
243. United Nations Standard Minimum Rules for Non-custodial Measures (The Basic Principles Rules), Adopted by General Assembly resolution 45/110 of 14 December 1990. Достапно на: http://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_Non-custodial_Measures_Tokyo_Rules.pdf;
244. Basic Principles for the Treatment of Prisoners : resolution / adopted by the General Assembly. Достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/105348?ln=en
245. Basic principles on the use of restorative justice programmes in criminal matters. Достапно на: https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/Basic_Principles_on_the_use_of_Restorative_Justice_Programs_in_Criminal_Matters.pdf;
246. United Nations Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders (the Bangkok Rules). Достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/united-nations-rules-treatment-women-prisoners-and-non-custodial;
247. United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (The Beijing Rules). Достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-

mechanisms/instruments/united-nations-standard-minimum-rules-administration-juvenile;

248. Recommendation Rec(2000)22 on improving the implementation of the European Rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/16804e8c38;

249. Recommendation Rec(2006)2-rev of the Committee of Ministers to member States on the European Prison Rules. Достапно на: https://rm.coe.int/09000016809ee581;

250. Council Framework Decision 2009/829/JHA of 23 October 2009 on the application, between Member States of the European Union, of the principle of mutual recognition to decisions on supervision measures as an alternative to provisional detention. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=celex%3A32009F0829;

251. Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/CoE-probation-rules-recommendation.pdf;

252. Recommendation CM/Rec(2014)4 of the Committee of Ministers to member States on electronic monitoring. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/Recommendation-CM-Rec-2014-of-the-Committee-of-Ministers-to-member-States-on-electronic-monitoring.pdf;

253. Recommendation Rec(92)16 on the European rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/16804d5ec6;

254. Recommendation CM/Rec (2017) 3 on the European Rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://rm.coe.int/168070c09b;

255. Recommendation CM/Rec(2018)8 of the Committee of Ministers to member States concerning restorative justice in criminal matters. Достапно на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016808e35f3;

256. Recommendation No. R (99) 19 of the Committee of Ministers to member States concerning mediation in penal matters. Достапно на: https://rm.coe.int/0900001680910dbb;

257. Recommendation of the Committee of Ministers to member States on the European Rules on community sanctions and measures. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/CoE-

Recommendation-of-the-Committee-of-Ministers-to-member-States-on-the-European-Rules-on-community-sanctions-and-measures.pdf;

258. Guidelines regarding recruitment, selection, education, training and professional development of prison and probation staff. Достапно на: https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/Guidelines-regarding-recruitment-selection-education-training-and-professional-development-of-prison-and-probation-staff.pdf;

259. Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council of 11 May 2016 on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32016L0800#:~:text=(1)%20The%20purpose%20of%20this,and%20to%20prevent%20children%20from;

260. Council Framework Decision 2008/909/JHA of 27 November 2008 on the application of the principle of mutual recognition to judgments in criminal matters imposing custodial sentences or measures involving deprivation of liberty for the purpose of their enforcement in the European Union. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32008F0909;

261. Resolution (73) 17 on the Short-Term Treatment of Adult Offenders. (Adopted by the Committee of Ministers on 13 April 1973 at the 220th meeting of the Ministers' Deputies). Достапно на: https://rm.coe.int/09000016804e6250;

Правни прописи
(домашни и странски)

262. Кривичен законик („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 13 од 09.03.1951 година);

263. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996);

264. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/04);

265. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/2023 и 188/2023);

266. Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018);
267. Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015);
268. Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 74/2024);
269. Kazenski zakonik Republike Slovenije (Uradni list RS, št. 63/94 z dne 13.10.1994) in Popravek kazenskega zakonika Republike Slovenije (Uradni list RS, št. 70/94 z dne 11.11.1994);
270. Kazenski zakonik – KZ-1 (Uradni list RS, št. 55/08 z dne 4. 6. 2008) in Popravek Kazenskega zakonika – KZ-1 (Uradni list RS, št. 66/08 z dne 1.7.2008);
271. Zakon o spremembah in dopolnitvah Kazenskega zakonika – KZ-1B (Uradni list RS, št. 91/11 z dne 14.11.2011);
272. Kazenski zakonik (KZ-1): Uradni list RS, št. 50/12 – uradno prečiščeno besedilo, 54/15, 6/16 – popr., 38/16, 27/17, 23/20, 91/20, 95/21, 186/21, 105/22 – ZZNŠPP in 16/23;
273. Zakon o izvrševanju kazenskih sankcij (ZIKS-1), Uradni list RS, št. 110/06 – uradno prečiščeno besedilo, 76/08, 40/09, 9/11 – ZP-1G, 96/12 – ZPIZ-2, 109/12, 54/15, 11/18, 200/20 – ZOOMTVI, 141/22 in 83/24;
274. Zakon o kazenskem postopku (Uradni list RS, št. 176/21 – uradno prečiščeno besedilo, 96/22 – odl. US, 2/23 – odl. US in 89/23 – odl. US);
275. Kazneni zakon (Službeni list Republike Hrvatske Narodne novine 110/97, 27/98, 50/00, 129/00, 51/01, 111/03, 90/03, 105/04, 84/05, 71/06, 110/07, 152/08, 57/11, 77/11);
276. Kazneni zakon (Službeni list Republike Hrvatske Narodne novine br. 125/2011, 144/2012, 56/2015, 61/2015, 101/2017, 118/2018, 126/2019, 84/2021, 114/2022, 114/2023, 36/2024);
277. Кривични законик („Службени гласник Републике Србије“, бр. 85 од 6. октобра 2005, 88 од 14. октобра 2005 - исправка, 107 од 2. децембра 2005 - исправка, 72 од 3. септембра 2009, 111 од 29. децембра 2009, 121 од 24. децембра 2012, 104 од 27. новембра 2013, 108 од 10. октобра 2014, 94 од 24. новембра 2016, 35 од 21. маја 2019.);
278. Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 85 од 6. октобра 2005. године);

279. Закон о изменама и допунама Кривичног законика („Службени гласник Републике Србије“, бр. 72 од 3. септембра 2009. године);
280. Закон о изменама и допунама Кривичног законика („Службени гласник Републике Србије“, бр. 121 од 24. децембра 2012. године);
281. Закон о изменама и допунама Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 72 од 03. маја 2009. године);
282. Закон о изменама и допунама Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 31 од 09. маја 2011. године);
283. Закон о извршењу кривичних санкција („Службени гласник Републике Србије“, бр. 55/2014);
284. Закон о извршењу ванзаводских санкција и мера („Службени гласник Републике Србије“, бр. 55 од 23. маја 2014. године);
285. Решение УП1 бр. 08-396 од 25.06.2025 година на Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда;

Интернет извори

286. Дигитален речник на македонскиот јазик. Достапно на: http://drmj.eu/
287. Веб страна на Управа за извршување на санкции. Достапно на: https://uis.gov.mk/probacija/
288. Слободен печат / slobodenpecat.mk (2021). Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra-godishno/
289. Либертас / libertas.mk (2021). Достапно на: https://libertas.mk/seko-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-a-chini-9-500-evra/
290. ТВ21 / tv21.tv (2021). Достапно на: https://mk.tv21.tv/godishno-sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-588-iljadi-denari/
291. Ипортал.мк / iportal.mk (2021). Достапно на: https://iportal.mk/makedonija/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra/
292. World Prison Brief data / North Macedonia. Достапно на: https://www.prisonstudies.org/country/north-macedonia
293. Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци / Судство. Достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

294. Републички Завод за статистика на Република Србија, Билтен - Пунолетни учиниоци кривичних дела у Републици Србији, 2022, бр. 702. (2023). Београд: Републички завод за статистику. Достапен на: https://publikacije.stat.gov.rs/G2023/Pdf/G20235702.pdf

inprotected.com